FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

Рената Тренеска Дескоска
Јелена Трајковска-Христовска
Марко Кртолица

ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ

ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ

Проф. д-р Рената Тренеска Дескоска
Проф. д-р Јелена Трајковска-Христовска
Доц. д-р Марко Кртолица

2023

ЗА ИЗДАВАЧОТ

Фондација „Фридрих Еберт“
Канцеларија Скопје
Бул. „Осми Септември“ 2/2-5
1000 Скопје, Северна Македонија

Одговорно лице:
René Schlee | Директор
Тел.: +389 2 3093-181 / -182
www.fes-skopje.org
Контакт:
contact@fes-skopje.org

Ставовите изразени во оваа публикација нужно не ги отсликуваат ставовите на Фондацијата „Фридрих Еберт“. Се забранува комерцијално користење на сите изданија на Фондацијата „Фридрих Еберт“ (ФЕС) без претходна писмена согласност од ФЕС.

Политички систем

Автори:
Проф. д-р Рената Тренеска Дескоска
Проф. д-р Јелена Трајковска-Христовска
Доц. д-р Марко Кртолица

Уредник:
Рене Шлее
Директор на канцеларијата на Фондација „Фридрих Еберт“ - Скопје

Рецезенти:
Проф. д-р Марика Ристовска
Проф. д-р Урош Пинтерић

Лектура: Инда Костова Савиќ

Корица: Контура

Компјутерска обработка и печатење:

КОНТУРА
фабрика за дизајн, графички проекти и печатење

Тираж: 50

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, број 02-744/6 од 03.07.2023 година, се одобрува користењето на оваа книга како учебник по предметот Политички систем.

Сите права се заштитени. Ниту еден дел од овој учебник не може да биде репродуциран или користен во било која форма за умножување, фотокопирање или чување во информатички системи, без претходна согласност на авторите.

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР 1

ГЛАВА 1

ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ КАКО НАУЧНА ДИСЦИПЛИНА (Рената Тренеска Дескоска) . . . 5

1. ПОИМОТ ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ 7
2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ТЕОРИИ ЗА ПОИМОТ ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ 10
3. СИСТЕМСКИ ТЕОРИИ ЗА ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ 15
4. ДЕТЕРМИНИСТИЧКИ И ИНДЕТЕРМИНИСТИЧКИ СФАЌАЊА ЗА ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ 22
5. КЛАСИФИКАЦИИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СИСТЕМИ 30

ГЛАВА 2

ПОЛИТИКА И ПОЛИТИЧКИ ПРОЦЕС (Јелена Трајковска-Христовска) 39

1. ПОИМОТ ПОЛИТИКА 41
   - 1.1. ПОЛИТИКАТА КАКО УМЕТНОСТ НА ВЛАДЕЕЊЕ (GOVERNMENT) 45
   - 1.2. ПОЛИТИКАТА КАКО ЈАВЕН ЖИВОТ И ЈАВНИ РАБОТИ 48
   - 1.3. ПОЛИТИКАТА КАКО ПОСТИГНУВАЊЕ СОГЛАСНОСТ И КОМПРОМИС 51
   - 1.4. ПОЛИТИКАТА КАКО МОЌ. 52
2. СОВРЕМЕНА УПОТРЕБА НА ТЕРМИНОТ ПОЛИТИКА 55
3. ПРОЦЕС НА ПОЛИТИЧКО ОДЛУЧУВАЊЕ. 57
   - 3.1. ЈАВНИ ПОЛИТИКИ: ПРИРОДА И ЗНАЧЕЊЕ 57
   - 3.2. ФАЗИ НА ПОЛИТИЧКИОТ ЦИКЛУС 60
4. ТЕОРИИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИ ОДЛУКИ 65
   - 4.1. МОДЕЛ НА РАЦИОНАЛНИ АКТЕРИ 65
   - 4.2. ИНКРЕМЕНТАЛИСТИЧКИ МОДЕЛ. 68
   - 4.3. МОДЕЛ НА „ГАСНЕЊЕ ПОЖАРИ“ 70

ГЛАВА 3

ЛЕГАЛИТЕТ, ПОЛИТИЧКИ ЛЕГИТИМИТЕТ,
МОЌ И АВТОРИТЕТ (Јелена Трајковска-Христовска) 73

1. НАЧЕЛО НА ЛЕГАЛИТЕТ 75

2. НАЧЕЛО НА ЛЕГИТИМИТЕТ 80
2.1. ПОИМ И СУШТИНА НА ПОЛИТИЧКИОТ ЛЕГИТИМИТЕТ 80
2.2. ТЕОРИИ ЗА ЛЕГИТИМИТЕТОТ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ. 84
2.3. КРИЗА НА ЛЕГИТИМИТЕТОТ. 91
3. ПОИМОТ МОЌ И ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ 95
4. ПОИМОТ АВТОРИТЕТ И ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ. 101

ГЛАВА 4
ДЕМОКРАТИЈА (Рената Тренеска Дескоска) 107
1. ПОИМОТ ДЕМОКРАТИЈА 109
2. МОДЕЛИ НА ДЕМОКРАТИЈАТА 122
3. МНОЗИНСКА ДЕМОКРАТИЈА И ПРИНЦИПОТ НА МНОЗИНСТВО 125
4. КОНСОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА 130
4.1. ПРИНЦИПОТ НА КОНСЕНЗУС И ПОИМОТ НА КОНСОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА. 130
4.2. ЕЛЕМЕНТИ НА КОНСОЦИЈАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА. 132
4.3. ПОВОЛНИ ФАКТОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА КОНСОЦИЈАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА 139
4.4. ДИЛЕМИ НА КОНСОЦИЈАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА 142

ГЛАВА 5
НЕДЕМОКРАТСКИ СИСТЕМИ (Марко Кртолица) 147
1. ПОИМНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НЕДЕМОКРАТСКИ СИСТЕМИ 149
2. ТОТАЛИТАРНИ РЕЖИМИ. 151
3. АВТОРИТАРНИ РЕЖИМИ. 157
3.1. АВТОРИТАРНИ МОНАРХИИ 162
3.2. ПЕРСОНАЛИЗИРАНИ РЕЖИМИ 164
3.3. ВОЕНИ РЕЖИМИ 168
4. ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА И ПОДЕМ НА ХИБРИДНИ РЕЖИМИ 172

ГЛАВА 6
ИДЕОЛОГИЈА (Марко Кртолица) 183
1. ПРЕДМЕТНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ ИДЕОЛОГИЈА 185
2. ЛИБЕРАЛНА ИДЕОЛОГИЈА 190
3. КОНЗЕРВАТИВНА ИДЕОЛОГИЈА 201
4. СОЦИЈАЛИСТИЧКА ИДЕОЛОГИЈА 208
5. КОМУНИСТИЧКА ИДЕОЛОГИЈА. 215

6. СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ИДЕОЛОГИЈА 218
7. АНАРХИСТИЧКА ИДЕОЛОГИЈА 222
8. ФАШИСТИЧКА ИДЕОЛОГИЈА 229
9. РАДИКАЛНО-ДЕСНИЧАРСКА ИДЕОЛОГИЈА. 237
10. ФЕМИНИЗАМ. 241
11. ЗЕЛЕНА ИДЕОЛОГИЈА 247
12. ВЕРСКИ ФУНДАМЕНТАЛИЗАМ 252
13. ПОЛИТИЧКИ СПЕКТАР (ИДЕОЛОШКА ОСКА) 256

ГЛАВА 7
НАЦИЈА И НАЦИОНАЛИЗАМ (Јелена Трајковска-Христовска). 263
1. ЗА ПОИМОТ НАЦИЈА 265
2. НАЦИЈАТА КАКО КУЛТУРНА ЗАЕДНИЦА 267
2.1. НАЦИЈА-ДРЖАВА 268
2.2. НАЦИЈА-РАСА 271
2.3. НАЦИЈА-ЈАЗИК 272
2.4. ЗАЕДНИЧКИ ИСТОРИСКИ И КУЛТУРНИ ВРСКИ 273
3. НАЦИЈАТА КАКО ПОЛИТИЧКА ЗАЕДНИЦА. 275
4. НАЦИОНАЛИЗАМ 278
4.1. ЛИБЕРАЛЕН НАЦИОНАЛИЗАМ 281
4.2. КОНЗЕРВАТИВЕН НАЦИОНАЛИЗАМ 282
4.3. ЕКСПАНЗИОНИСТИЧКИ НАЦИОНАЛИЗАМ. 284
4.4. АНТИКОЛОНИЈАЛЕН НАЦИОНАЛИЗАМ 286

ГЛАВА 8
ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И ПРАВНА ДРЖАВА (Јелена Трајковска-Христовска) 289
1. ЗНАЧЕЊЕ НА ПРИНЦИПОТ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО 292
2. ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО КАКО МЕТА-ПРАВНА ДОКТРИНА 301
3. ПРАВНА ДРЖАВА 303

ГЛАВА 9
ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВЛАСТА (Рената Тренеска Дескоска) 307
1. ЗНАЧЕЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ВЛАСТА ЗА ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ. 309
2. ПАРЛАМЕНТАРЕН СИСТЕМ 313
2.1. ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА ТЕРМИНОТ ПАРЛАМЕНТАРИЗАМ 313

2.2. ОБЕЛЕЖЈА НА ПАРЛАМЕНТАРНИОТ СИСТЕМ 315
2.3. УЛОГАТА НА КАБИНЕТОТ ВО ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО 318
2.4. УЛОГАТА НА ШЕФОТ НА ДРЖАВАТА ВО ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО 323
3. ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ СИСТЕМ 326
3.1. ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИОТ СИСТЕМ 326
3.2. ОБЕЛЕЖЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИОТ СИСТЕМ. 328
3.3. УЛОГАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ВО СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ 336
4. МЕШОВИТ СИСТЕМ 338
4.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕШОВИТИОТ СИСТЕМ 338
4.2. ПОЛОЖБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ФРАНЦИЈА. 342
4.3. ПОЛОЖБАТА НА ВЛАДАТА ВО ФРАНЦИЈА. 344
5. СОБРАНИСКИ СИСТЕМ 346
5.1. ОБЕЛЕЖЈА НА СОБРАНИСКИОТ СИСТЕМ 346
5.2. ОДНОСИ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ ВО ШВАЈЦАРИЈА 349

ГЛАВА 10
ИЗБОРИ И ИЗБОРНИ СИСТЕМИ (Марко Кртолица) 353
1. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ ИЗБОРИ 355
1.1. ИЗБИРАЧКО ПРАВО. 356
1.2. ФУНКЦИИ НА ИЗБОРИТЕ. 359
2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ ИЗБОРЕН СИСТЕМ 363
3. МНОЗИНСКИ ИЗБОРНИ МОДЕЛИ. 366
3.1. МНОЗИНСКИ ИЗБОРЕН МОДЕЛ СО ЕДЕН КРУГ/ПЛУРАЛЕН МОДЕЛ (FIRST PAST THE POST) 367
3.2. МНОЗИНСКИ ИЗБОРЕН МОДЕЛ СО ДВА КРУГА (TWO-ROUND SYSTEM) 369
3.3. МНОЗИНСКИ ИЗБОРЕН МОДЕЛ СО АЛТЕРНАТИВЕН ГЛАС (ALTERNATIVE VOTE). 376
3.4. ПРЕДНОСТИ НА МНОЗИНСКИТЕ ИЗБОРНИ МОДЕЛИ 380
3.5. СЛАБОСТИ НА МНОЗИНСКИТЕ ИЗБОРНИ МОДЕЛИ 384
4. ПРОПОРЦИОНАЛНИ ИЗБОРНИ МОДЕЛИ 390
4.1. ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ГЛАСОВИТЕ ВО МАНДАТИ 393
4.1.1. ПРОПОРЦИОНАЛЕН ИЗБОРЕН МОДЕЛ СО НАЈВИСОК ПРОСЕК 393
4.1.2. ПРОПОРЦИОНАЛЕН ИЗБОРЕН МОДЕЛ СО НАЈГОЛЕМ ОСТАТОК 396
4.2. ПРЕДНОСТИ НА ПРОПОРЦИОНАЛНИТЕ ИЗБОРНИ МОДЕЛИ 401
4.3. СЛАБОСТИ НА ПРОПОРЦИОНАЛНИТЕ ИЗБОРНИ МОДЕЛИ 405
4.4. ИЗБОРЕН МОДЕЛ НА ПОЕДИНЕЧЕН ПРЕНОСЛИВ ГЛАС (SINGLE TRANSFERABLE VOTE – STV) 409
5. ИЗБОРНИ ЕДИНИЦИ 413

6. ИЗБОРЕН ПРАГ 415
7. МЕШОВИТИ ИЗБОРНИ МОДЕЛИ 417
7.1. МОДЕЛ СО ПЕРСОНАЛИЗИРАНА ПРОПОРЦИОНАЛНОСТ (MIXED MEMBER PROPORTIONAL – MMP) 418
7.2. ПАРАЛЕЛЕН ИЗБОРЕН МОДЕЛ 422

ГЛАВА 11
ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ПАРТИСКИ СИСТЕМИ (Марко Кртолица) 427
1. ПОИМОТ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ 429
2. ФУНКЦИИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ. 438
3. ТИПОВИ НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ 444
3.1. КАДРОВСКИ, МАСОВНИ И СЕОПФАТНИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ 444
3.2. БУРЖОАСКИ И РАБОТНИЧКИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ. 448
3.3. ЛЕВИЧАРСКИ, ДЕСНИЧАРСКИ И ЦЕНТРИСТИЧКИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ 448
3.4. УСТАВНИ И РЕВОЛУЦИОНЕРНИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ 449
3.5. ТРАДИЦИОНАЛНИ/УМЕРЕНИ (МЕЈНСТРИМ) И ПОПУЛИСТИЧКИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ 450
3.6. ПРЕТСТАВНИЧКИ И ИНТЕГРАТИВНИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ 451
4. ПАРТИСКИ СИСТЕМИ. 453
4.1. ЕДНОПАРТИСКИ СИСТЕМИ. 454
4.2. ДВОПАРТИСКИ СИСТЕМИ 456
4.3. ПОВЕЌЕПАРТИСКИ СИСТЕМИ 458
4.3.1. ПОВЕЌЕПАРТИСКИ СИСТЕМИ СО ДОМИНАНТНА ПАРТИЈА 458
4.3.2. ПОВЕЌЕПАРТИСКИ СИСТЕМИ БЕЗ ДОМИНАНТНА ПАРТИЈА 459
5. КРИЗА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ. 461

ГЛАВА 12
ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО И ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ(Јелена Трајковска-Христовска) . 465
1. ПОИМ ЗА ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО 467
2. ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО И ИНТЕРЕСОВНИТЕ ГРУПИ 470
3. ВИДОВИ ИНТЕРЕСОВНИ ГРУПИ 475
4. ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДВИЖЕЊА ВО ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ 477
5. ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО И НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ. 484
6. АСОЦИЈАЦИИТЕ НА РАБОТНИЦИ И РАБОТОДАВАЧИ ВО ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ 488

ГЛАВА 13

ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА (Рената Тренеска Дескоска) 493
1. ПОИМ ЗА ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА 495
2. ТЕОРИИ ЗА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА. 499
3. ТИПОЛОГИИ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА 503
4. ФОРМАТИВНИ ФАКТОРИ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА 510
5. ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА И ДЕМОКРАТИЈАТА 516

ГЛАВА 14

ЈАВНО МИСЛЕЊЕ (Рената Тренеска Дескоска) 519
1. ПОИМ ЗА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ 521
2. ОДНОС НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ СО ИДЕОЛОГИЈАТА, ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА И ПАРТИСКАТА ИДЕНТИФИКАЦИЈА. 527
3. НАЧИНИ НА ФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ 530
4. ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО ТОТАЛИТАРНИ И ДЕМОКРАТСКИ СИСТЕМИ 536

СЕЛЕКТИРАНА БИБЛИОГРАФИЈА 545

ЗА АВТОРИТЕ 557

ПРЕДГОВОР

Во време кога доминира пејоративното значење на терминот политика и антиполитиката сè повеќе зазема простор, кога демократијата како концепт различно се сфаќа и толкува, а значењето на концептите: владеење на правото, легитимитет, слободни и фер избори, се преиспитува, во оваа книга се зафаќаме со овие и други сложени прашања поврзани со политичкиот систем. Политичкиот систем настанува од потребата општеството да има организиран и координиран начин за справување со прашањата околу кои постои несогласување во рамките на заедницата. Всушност, целта на политичкиот систем е прашањата и проблемите да се решаваат на јасен и предвидлив начин, а токму политиката е средство за решавање на судири и за постигнување согласност по мирен пат, а не преку: насилство, застрашување и употреба на гола сила.

Но, денес, кога е актуелно сфаќањето на политиката како „уметност на можното“, како да се занемарува дека можното треба да се бара во „границите на дозволеното“. Оваа книга потсетува на ова, прифаќајќи ја реалноста дека политиката бара балансирање и малку наликува на одржување на рамнотежа при качување на брод, но потенцира дека политиката мора да биде во границите на правото.

Целта на оваа книга е да едуцира, да поттикнува активно граѓанство, но и да укаже на значењето на политичката одговорност на институциите за преземените политики. Во тој контекст, потсетуваме и на ставот на Сартори дека „политичката измама“ останува правно неказнета: „Трговецот кој продава лажни бисери како вистински, оди во затвор, а политичарот кој ‘продава магла’, често успева навистина да ја продаде, и во никој случај не оди во затвор“.

Свое место при проучувањето на политичкиот систем добива и поимот на идеологија – поим кој одбива да изумре во рамките на општествените науки, бидејќи човештвото секогаш ќе има потреба од проучување на политичките идеи кои го обликуваат неговиот свет. Но, денес, идеологијата не се набљудува како затворен систем на: идеи, ставови, вредности и верувања, туку многу повеќе, како флуиден збир на политички идеи кои понекогаш може да се сретнат и кај повеќе различни идеологии. Воедно, таквата флуидност е одговорот зошто политичките идеологии поседуваат капацитет за прилагодување на нивните: идеи, ставови и вредности на новонастаната политичка реалност.

Во време кога се говори за што е можно посоодветно претставување на граѓаните, не е помалку значајно и прашањето за изборите, кои се нужност на современата демократија бидејќи претставуваат мост меѓу оние кои владеат и граѓаните и круна на демократијата. Науката нуди палета на различни изборни модели, кои имаат свои предности и слабости. Секоја земја при определувањето за конкретен изборен модел, треба да балансира меѓу соодветното претставување на граѓаните и обезбедување на стабилност во парламентот.

Во современиот свет на масовни медиуми, социјални мрежи и дезинформации, сведочиме за обиди за влијание врз изборните резултати и во земји со подолга демократска традиција. Тоа го отвора прашањето за „ранливоста" на изборниот процес, а со тоа и демократскиот легитимитет на власта и потребата од јакнење на капацитетите на граѓаните да ги препознаат манипулациите со јавното мислење и лажните вести. Затоа, целта на оваа книга е да помогне за полесно разбирање на улогата на поединците во ограничувањето на власта, но и за начините за остварување на граѓанските барања, било непосредно, било преку „посредници" – политичките партии или граѓанските организации.

Токвил, пишувајќи за демократијата во XIX век, нагласил дека ја пишува книгата „само со една основна намера: да научиме од што треба да се плашиме и на што да се надеваме во демократскиот прогрес". Денес, во XXI век, секојдневно откриваме нови причини за страв и ни се раѓаат нови надежи за демократски прогрес. Секако, и концептот на демократијата доживеа различни сфаќања и толкувања со текот на времето. Во практиката гледаме и различни модели на демократија – модели засновани врз „игра на нулта сума", но и модели засновани врз консензуално одлучување, кое често дава слика на: „на-ти-го-дај-ми-го". Од друга страна, популизмот, со својот клиентелизам, губењето на границите меѓу извршната власт и независните органи, и слично, е посебен предизвик во современите демократии и уште повеќе го актуализира прашањето за утврдување на нужните карактеристики на демократските системи, но и нивната отпорност кон внатрешните притисоци и девијации.

Оваа книга е наменета, пред сè, за студентите на правните, политичките и новинарските студии за изучување на предметот политички систем. Но, со темите кои ги обработува, може да послужи како алатка за „граѓански тренинг" која ќе им помогне на читателите да бидат информирани за политичкиот систем во кој живеат и за

својата улога во него. Притоа, целта ни е да придонесеме за остварување на советот на Жан Жак Русо: „Да се создаде владеење за народот, секако, е корисна работа, но знам за една уште покорисна – да се создаде народ за владеење.“ Затоа, се надеваме дека оваа книга ќе биде инспирација за поширокатa јавност која е желна за промовирање на честа и „витештвото“ во политиката.

Скопје, 3 мај 2023 година *Авторите*

ГЛАВА 1

ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ КАКО НАУЧНА ДИСЦИПЛИНА

ПРАШАЊА ЗА ДЕБАТА

1. Кој треба да одлучува во едно општество?
2. Зошто е потребен организиран систем на одлучување?
3. Како луѓето влијаат врз носењето на одлуките во еден политички систем?
4. Кога се носат одлуки, дали целите (интересите) на индивидуите треба да имаат предност пред заедничките цели на општеството?
5. Кои проблеми можат да произлезат доколку процесот на одлучување се води лошо?
6. Дали се води политика надвор од државата и нејзините органи?
7. Размислете за вашата улога во носењето одлуки во семејството или на факултет.
8. Дали некогаш сте требале да донесете тешки одлуки?
9. Кои чекори ги преземате пред да ја донесете одлуката?
10. Кои можности мислите дека ви биле достапни?
11. Како ја оценивте вредноста на тие можности?

1. ПОИМОТ ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ

Во секое општество луѓето имаат различни: интереси, мислења, верувања. На пример, често пати не се согласуваат: за што треба да се трошат буџетските средства; каков треба да биде односот на државата спрема религијата; треба ли да се дозволи абортус; кои услови треба да бидат исполнети за да се добие социјална помош; дали средното образование треба да биде задолжително; што треба да се направи за да се спречи загадувањето; како да се организира одбраната на земјата, итн. Затоа, треба да постои утврден механизам за носење одлуки, односно да биде утврдено: кој е овластен да носи одлуки; како индивидуите ќе можат да влијаат врз одлучувањето; до кој степен одлуките треба да бидат засновани врз општите цели на заедницата, а до кој степен ќе се земаат предвид индивидуалните цели. Значи, за да може едно општество ефикасно да ги решава прашањата за коишто постојат различни ставови и интереси, треба да има јасно организиран начин на одлучување.

Политичкиот систем настанува од потребата општеството да има организиран и координиран начин за справување со прашањата околу кои постои несогласување во рамките на заедницата. Целта на политичкиот систем е прашањата и проблемите да се решаваат на јасен и предвидлив начин. Од таму произлегува и најопштото определување на **политичкиот систем како „емпириски“ систем** кој постои на одредена територија, во одреден историски момент и претставува заокружена целина на: *политичките институции, процеси и односи* преку кои се создаваат политиките, односно преку кои се управува во општеството. Политичкиот систем е „систем“ бидејќи постојат меѓусебни односи на неговите елементи кои сочинуваат комплексна целина, а е „политички“ бидејќи овие меѓусебни односи се поврзани со распределба на: власта, богатството и ресурсите во општеството.[1] Политичкиот систем е поширок поим од поимот држава и власт, бидејќи политичкиот систем опфаќа и други елементи кои не се дел од државата или од државната власт, како, на пример: политичките партии, невладините организации, лоби-групите, други формални и неформални групи, поединците, политичката култура, религијата, јавното мислење, итн. Политичкиот систем е „систем на управување“ кој продолжува да постои и покрај тоа што владите се менуваат.[2] Во однос на прашањето за односот на политичкиот систем со општествениот систем постојат

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Политички систем е заокружена целина на: *политичките институции, процеси и односи* преку кои се создаваат политиките, односно преку кои се управува во општеството.

[1] Andrew Heywood „Politics“, Macmillan, 1997, стр. 24.
[2] Andrew Heywood „Politics“, Macmillan, 1997, стр. 24.

различни сфаќања. Според едни автори политичкиот систем е дел од општествениот систем. Но, во теоријата се присутни и сфаќања дека на политичкиот систем не треба да се гледа како на потсистем на општествениот систем, бидејќи тој понекогаш е поширок од општествениот систем, а во супранационалните сојузи политичкиот систем опфаќа и повеќе општествени системи.[3]

Слика 1. Елементи на политичкиот систем.

Терминот политички систем е релативно нов термин кој се создава под влијание на системските теории во општествените науки. Прво дело, со наслов „Политички систем“ е објавено во средината на XX век, од Дејвид Истон. Паралелно со терминот политички систем се употребуваат и термините: „политички режим“, „политички поредок“, „политичко општество“, „владеење“[4], и сл. Западната, особено англосаксонската политичка наука по Втората светска војна, му дава предност на терминот политички систем затоа што тој овозможува поширока рамка за анализа на политичките процеси, за разлика од терминот држава.[5] Имено, кога ќе се употреби терми-

[3] Klaus von Beume, „Suvremene političke teorije“, Zagreb, 1974, стр. 170.
[4] „Enciklopedija političke kulture“, Beograd, 1993, стр. 865.
[5] Vucina Vasović, „Savremene demokratije“, I, Beograd, 2006, стр. 70.

нот политички систем, се мисли не само на државата и власта како учесници во процесот на политичко одлучување, туку и на различни формални и неформални групи, но и поединци кои учествуваат или влијаат врз процесот на одлучување. Всушност, политичкиот систем овозможува во анализата на политичките процеси да се земат предвид бројни субјекти и фактори, односно политичкиот процес да се анализира како резултат на интеракцијата на различни субјекти, а не само како резултат на одлуките на државните органи, односно на власта.

Покрај тоа што терминот политички систем се користи за означување на конкретен систем кој постои на одредена територија во конкретен временски период (политички систем како „емпириски" систем), тој се користи и за означување на **научна дисциплина** која го проучува политичкиот систем и неговите елементи: политичките институции, политичките процеси и политичките односи, факторите кои учествуваат и влијаат врз процесот на донесување на одлуките и на нивната содржина, како што се: политичките партии, невладините организации, политичката култура, јавното мислење, но и прашања кои ги објаснуваат односите кои постојат во еден политички систем, како што се: моќта, власта, авторитетот, легалитетот, легитимитетот, и сл. Политичкиот систем како научна дисциплина е релативно нова научна дисциплина. Таа ги поврзува знаењата од уставното право, од една страна, со знаењата на политичките науки, од друга страна, објаснувајќи ја „позадината" на функционирањето на уставните институции, односно: причините за поставеноста на уставниот систем, процесот на носење одлуки во истиот, поволните и неповолните фактори за спроведување на уставните и законските норми и креираните политики. Политичкиот систем како наука го проучува: политичкиот натпревар, распределбата на моќта, улогата на субјектите и факторите кои влијаат врз процесот на креирање политики.

Во општествените науки секогаш постојат проблеми во однос на нивното разграничување. Тој проблем не само што не го заобиколува политичкиот систем, туку е и нагласен. Ова од причина што: политичкиот систем е позициониран меѓу уставното право и политичките науки, има допирни точки со нив и со други научни дисциплини, а воедно, има широк спектар на прашања кои се предмет на изучување, а кои сами по себе се „интелектуални бојни полиња". Но, на почетокот, институционалните теории го сфаќале многу тесно предметот на науката за политичкиот систем и го сведувале само на државата или власта.

2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ТЕОРИИ ЗА ПОИМОТ ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Сенката на државата паѓа врз, речиси, секоја човечка активност.

Државата, како основен и најширок облик на политичка организација која ги регулира и влијае врз општествените процеси и односи, претставува значаен елемент на политичкиот систем. Сенката на државата паѓа врз, речиси, секоја човекова активност – образование, одбрана, дури и оние области кои се лични или приватни (брак, абортус, религија и сл.) се предмет на регулирање на државата.[6] Ако размислите како, денес, сте дошле во допир со државата, ќе заклучите дека таа е „сеприсутна“ околу вас. Станавте и погледнавте во часовникот – одлуката во која временска зона припаѓаме, дали часовникот е поместен заради летно или зимско сметање на времето, ја носи Владата. Имате можност да пуштите радио кога ќе станете, ако тоа веќе добило национална концесија. Подготвувате појадок од храна која е одобрена од соодветна агенција за храна и ветеринарство и при чие купување сте платиле данок на додадена вредност (ДДВ). Ако во појадокот користите и увезени производи, за нивниот увоз е платена и царина. На опаковката од производите ќе најдете информации за неговиот состав и калориска вредност, бидејќи таква обврска е пропишана со закон. Кога ќе дојдете на факултет, како студент на државен универзитет, стекнувате образование што е финансирано од страна на државата. Ако добивате студентска стипендија, корисник сте на државната политика во областа на студентскиот стандард, итн. Како продолжува денот, продолжува вашата интеракција со државата.

Токму заради ваквата доминантна улога на државата како најзначаен облик на политичко организирање на општеството, таа долго време била средишен поим на политичките теории. Традиционалните политички теории дури и го изедначуваа политичкиот систем со поимот држава. Ваквите **институционални** сфаќања за политичкиот систем поаѓаа од аргументот дека **државата** е политичка институција, а политиката е наука за управување со државата, односно познавање на сè што се однесува на вештината на управување во една држава и на вештината за регулирање на односите со другите држави.[7]

Ваквите сфаќања се претесни заради тоа што државата не може да ги опфати сите политички облици и односи кои постојат во политичкиот систем, односно и покрај тоа што е најширок облик на

[6] Andrew Heywood „Politics“, Macmillan, 1997, стр. 83.
[7] Јован Ѓорѓевиќ, „Политички систем“, Скопје, 1981, стр. 53.

политичка организација, државата не е единствен облик на политичко организирање на општеството. Во рамките на политичкиот систем постојат и други облици на политичко организирање на општеството, што значи дека државата е само дел, но значаен дел на политичкиот систем. Всушност, изучувањето на односот меѓу државата и политичкиот систем е значајно прашање на науката за политички систем, бидејќи државата била, и е клучно прашање на уредување на политиката и политичкиот систем. Денес, со процесот на глобализацијата во политиката, прашањето за односот меѓу државата и политичкиот систем е уште посложено, но и поактуелно.

Во рамките на традиционалните сфаќања за политичкиот систем, има и сфаќања кои истиот го изедначуваат со власта, при што постои разлика меѓу нив во зависност од тоа дали зборуваат за власт воопшто или само за политичка власт, како и во зависност од тоа како ги дефинираат овие термини. Најшироко од овие сфаќања е сфаќањето кое ја дефинира **власта** *како институционализиран облик на моќ*. Ваквото дефинирање на власта бара претходно определување на поимот **моќ**. Моќта претставува основен поим во општествените науки. Постојат различни дефиниции на поимот моќ, но најчесто е употребувана онаа според која моќта е можност да се наметне нечија волја врз однесувањето на други лица.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Власта е *институционализиран облик на моќ.*

Таква е дефиницијата на Роберт Дал, според кој моќта е однос меѓу определени субјекти (индивидуи, групи, асоцијации, организации, држави) во кои еден субјект наведува друг субјект да се однесува на начин на кој, инаку, не би се однесувал.[8] На пример, Вие не сакате да доаѓате на предавање по некој предмет, но професорот утврдил одреден процент на присуство на часови за да може да го полагате испитот. Доколку немаше таков услов, Вие немаше да одите на предавања. Заради воведениот услов, Вие го менувате Вашето однесување и присуствувате на часовите. Тоа може да се илустрира на следниов начин:

8 Robert A. Dahl, „Modern Political Analysis“, New Jersey, 1970, стр. 17.



Слика 2. Промена на однесување заради влијание на туѓа моќ.

Доколку се постави прашањето на кој начин еден субјект врши влијание врз друг субјект, Џон Галбрајт разликува: изнудена, надоместувачка и условена моќ.

Изнудената моќ стекнува покорност од некој човек или група преку способноста да им се наметне непријатност или болка доколку останат на поведението што тие го посакуваат. Оваа моќ се остварува преку казна. Изнудената моќ го заплашува човекот со нешто што му е физички или емотивно доволно болно за да ја насочи неговата волја или намера кон избегнување на таквата последица. На пример, ако студент не сака да доаѓа на предавања кои се задолжителни, доколку нема доволен број присуства, нема да може да го полага испитот. Значи, студентот и покрај тоа што, можеби, сака да шета во парк, доаѓа на предавање затоа што казната за недоаѓање е неможност да го полага испитот. Студентот без заканата да изгуби право на полагање испит би шетал во парк (ќе се однесува на начин Х), но бидејќи постои такво правило за студирање, оди на предавања (се однесува на начин У). Или, на пример, некое дете не сака да учи и неговите родители му велат дека ако не добие петка на тестот, ќе добие една недела забрана за играње на компјутер и на мобилен телефон. Детето, и покрај тоа што сака тогаш да игра со другарите, седнува да учи за да не се соочи со казната (забрана за играње на компјутер и на мобилен телефон). Казненото право е начин преку кој државата ја спроведува изнудената моќ над луѓето на нејзина територија. На пример, можеби некој сака физички да нападне некое друго лице кое го нервира, ама таквото однесување е забрането со закон. Ако некој физички нападне некој друг, за тоа е предвидена казна. Со цел да не се соочи со казната, изнервираниот човек го

напушта желбата физички да го нападне тој што го изнервирал и се однесува на начин што е пропишан како дозволен.

Надоместувачката моќ стекнува покорност нудејќи награда, односно на оној кој се покорува му се дава некаква награда. Надоместувачката моќ му нуди на човекот награда или надомест кој е доволно корисен или прифатлив за тој да се однесува на начин за кој следи понудената награда. На пример, родителот му ветува на неговиот син студент дека ќе му даде пари за летен одмор доколку ги положи сите испити заклучно со јунската испитна сесија. Синот, и покрај тоа што не му е многу по волја, учи напорно за да го исполни барањето на родителот, со цел да добие можност да оди на летен одмор. Значи, тој го менува своето однесување (учи, наместо да шета), за да добие награда (пари за летен одмор).

Условената моќ делува преку: образованието, воспитувањето, убедувањето, со што се врши промена на уверувањето за тоа што е природно, добро и правично, во согласност со што човекот се покорува на туѓата волја. На пример, луѓето од мали се учат дека треба да му отстапат место на постариот и немоќниот човек во градскиот автобус, доколку нема слободни места за седење. Човекот кој преку воспитувањето е уверен дека отстапувањето место на постари немоќни луѓе е: природно, добро, исправно однесување, кога ќе се најде во таква ситуација ќе постапи на тој начин, дури и ако во тој момент баш не му се станува.

Додека изнудената и надоместувачката моќ се објективни и човекот е свесен за своето покорување, условената моќ е субјективна – ниту оние коишто ја спроведуваат, ниту оние коишто се нејзина цел, не мора секогаш да се свесни дека таа дејствува.[9]

Секогаш кога се разгледува дејствувањето на моќта, треба да се бара комбинација на составните делови. А, составните делови, во секој поединечен случај, имаат различен интензитет. Така, дејството на моќта во тоталитарните режими претставува комбинација на исклучително интензивна употреба на условената моќ – преку училиштата, медиумите, говорите – и голема надоместувачка награда на оние коишто се потчинуваат и изнудена казна за оние коишто нема да се потчинат.

На пример, во првата половина на XX век, масовната пропаганда на Јозеф Паул Гебелс била една од главните карактеристики на националсоцијализмот во Германија и негов главен извор на условена моќ. Но, таа дејствувала во комбинација со моќната привлечност на вработувањата и договорите за производство на оружје кои ги добивале

9 Џон Гајбрајт, „Анатомија на моќта“, Скопје, 1995, стр. 18-39.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ
Авторитарната моќ – исклучиво се потпира врз изнудената моќ.

послушните. Тука била и изнудената моќ која се постигнувала со заканата за испраќање во концентрационен логор на оние кои не сакале да се покорат. Слично било и во сталинистичка Русија.

Оттаму е разликата меѓу тоталитарната моќ (заедничка употреба на изнудена, надоместувачка и условена моќ) и авторитарната моќ која се потпира исклучително врз изнудената моќ. Авторитарна моќ имале јужноамериканските диктатори кои имале репутација на свирепост, бидејќи немале умешност во користење на условената моќ, од една страна, а од друга страна немале доволно извори за користење на надоместувачка моќ, па морале, речиси целосно, да се потпрат врз изнудената моќ.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ
Тоталитарната моќ – заедничка употреба на: изнудена, надоместувачка и условена моќ.

Ниту демократските влади не се лишуваат од користење на било кој тип на моќ. И тие ги користат сите три вида на моќ, но разликата е во степенот во кој ги користат инструментите на награда и принуда, како и обемот во кој државата ја задржува за себеси ексклузивната употреба на условената моќ.[10] Во демократските држави, владата не смее да се потпира доминантно врз принуда, ниту да спроведува пропаганда, во желба да биде ексклузивен носител на „вистината“ и „воспитувач“ на луѓето. Во демократијата мора да постои слобода на медиуми, како и почитување на академската слобода за да се избегне „перењето мозоци“ на луѓето преку сеопфатна пропаганда од страна на медиумите и образованието.

Од сето тоа произлегува дека односот меѓу власта и моќта е двонасочен. Власта е средство за остварување на моќта, но и моќта е компонента на власта. Оттаму доаѓа и најширокото определување на власта како институционализирана моќ. Ваквото сфаќање на власта ја содржи не само политичката власт, туку и власта на: црквата, фирмите, универзитетите. Тоа значи дека секоја општествена моќ не е и политичка власт, иако тежнее тоа да стане.

Потесно сфаќање е она коешто предметот на политичкиот систем го сведува на **политичката власт**, при што политичката власт е таков облик на власт којашто во организирањето на политичкиот живот на одредена територија или организација, преку употреба на различни средства, ѝ овозможува на поединечната или групната волја да се наметне и да влијае врз однесувањето на другите.

Уште потесно сфаќање е она коешто го сведува политичкиот систем на **државна власт**. Разликувањето на државната и политичката власт доаѓа од таму што постои политичка власт и надвор од државната власт, како што има политика надвор од државата. Државната власт ја опфаќа целината на: државните органи, раководењето со сите државни работи,

[10] Џон Гајбрајт, „Анатомија на моќта“, Скопје, 1995, стр. 51-52.

АВТОРИ

Дејвид Истон /David Easton/ (1917-2014) е роден во Канада, а работел на Универзитетот во Чикаго. Тој е познат по примената на системската теорија во политичките науки. Автор е на книгите: „Политички системи“ (1953), „Рамка на политичката анализа“ (1965), „Системска анализа на политичкиот живот“ (1965). Бил претседател на Американското здружение за политички науки и се смета дека е еден од највлијателните автори во политичките науки во втората половина на XX век.

начинот на делување на законодавната, извршната и судската власт. Државната власт е најмоќна и најобемна политичка власт. Оние кои ја изедначуваат политичката и државната власт се водени од тоа дека секоја политичка власт е ориентирана кон државата, односно политичката борба, во својата суштина, секогаш е борба за државна власт.

Без оглед на тоа дали се зборува за: власт, политичка власт или државна власт, сведувањето на предметот на политичкиот систем на било кој од овие поими значи стеснување на неговата содржина. Моќта и власта се само еден дел од целината на политичкиот систем.

3. СИСТЕМСКИ ТЕОРИИ ЗА ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Највлијателна теорија за политичкиот систем е системската теорија на Дејвид Истон.

Највлијателна теорија за политичкиот систем е системската теорија на Дејвид Истон.[11] Таа се обидува да го објасни целиот политички процес, како и улогата на главните политички актери, преку примена на системската анализа. Целта на системските теории е објаснување на појавите преку нивно претставување како систем. Систем е организирана и комплексна целина, сет на меѓусебно поврзани и меѓу себе зависни делови кои формираат колективен ентитет.[12]

Дејвид Истон се занимавал со прашањето како се донесуваат и извршуваат одлуките во општеството. Според него, тоа се случува во една меѓузависна активност, која е аналитички издвоена од општествениот систем и околината. Шематски го прикажува политичкиот систем на следниот начин:

[11] D. Easton, „Political System, A Framework for Political Analysis“, New York, 1965; D. Easton, „A System Analysis of Political System“, New York, 1965.
[12] Andrew Heywood, „Politics“, Macmillan, 1997, стр. 19.



Слика 3. Политички систем според Дејвид Истон.

Основни единици на анализата на политичкиот систем кај Дејвид Истон се: политичкиот систем, околината, влезните елементи (input) и излезните елементи (output).

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Политичкиот систем е систем на одлучување преку кој се врши авторитативна распределба на добрата (авторитативна алокација на вредности).

Политичкиот систем е систем на одлучување преку кој се врши авторитативна распределба на добрата (авторитативна алокација на вредности). Таа распределба на вредности може да се јави во повеќе облици: а) едно лице може да биде лишено од вредностите што ги поседува; б) на едно лице може да му се овозможи пристап кон одредени вредности, а на други може да им се оспори тој пристап. Оваа распределба на вредности мора да се почитува бидејќи системот има на располагање санкции во случај на несоодветно однесување (затоа се вели дека распределбата е авторитативна). Постојат теоретичари кои му забележуваат на Истон дека со ваквата дефиниција на политичкиот систем не извршил негово соодветно разграничување од некои негови потсистеми, како, на пример, црквата или големите претпријатија, кои, исто така, се карактеризираат со авторитативна алокација на вредности.[13]

Друга основна категорија на анализа претставува **околината на политичкиот систем** која ги опфаќа другите системи во рамките на општествениот систем: економија, култура, демографија, итн. Кризата во економијата, промените во културните вредности и аспирации во културата, можат да влијаат врз политичкиот систем. Односот меѓу политичкиот систем и околината се врши преку input и output елементите.

Влезните елементи (input) се: процесите, односите и институциите со помош на кои се пренесуваат влијанијата од околината врз политичкиот систем. Тие можат да бидат **барања и поддршка**. Барањата се информациски input на политичкиот систем и тие

[13] Klaus von Beume, „Suvremene političke teorije“, Zagreb, 1974, стр. 171.

ги опфаќаат политизираните: желби, преференции и интереси на припадниците на општеството. На пример, барањата можат да бидат како притисок за: повисок животен стандард; подобри услови за вработувања; поголема заштита на индивидуални или малцински права, итн. Поддршката е „енергијата" која системот ја добива во форма на активности, но и ориентации (состојба на умот) кои ги поддржуваат или се спротивставуваат на политичкиот систем, на барањата или на одлуките кои се потребни за системот да функционира. Поддршката е начин на кој јавноста придонесува на политичкиот систем преку: плаќање даноци, учество во политичкиот живот, учество на избори, почитување на законите, итн.

Излезните елементи (output) претставуваат донесените одлуки или политиката. Значи output се одлуките и активностите на власта кои вклучуваат: креирање политики, донесување закони, наметнување даноци, распределба на јавни фондови, итн. Од своја страна тие влијаат врз влезните елементи, односно генерираат фидбек, кој се обликува во нови барања или поддршка. Ако излезните елементи ги задоволуваат барањата, се создава поддршка како input. Излезните елементи треба да се такви да одговараат на барањата и со тоа да доведат до прифаќање на системот од неговите припадници. Но, заради „преоптоварување" со различни политички барања, може да дојде до „колапс" на системот, при што сниженият капацитет на системот да одговори на овие барања предизвикува слабеење на поддршката и криза на легитимитетот. Во таков случај „системот мора нужно оваа поддршка да ја обнови или деновите му се одброени".[14]

Дејвид Истон бил меѓу првите застапници за примена на input-output системската анализа на политичкиот систем, којашто подоцна била прифатена и доразвиена од други автори. Моделот на Дејвид Истон се смета за значаен и иновативен затоа што нагласува дека политиката е интерактивен процес.[15] Заедничко за сите системски теории за политичкиот систем е тоа што средиштето на нивната анализа е проблемот како да се обезбеди стабилност и нормална репродукција на политичкиот систем и сфаќањето на политичкиот систем во рамките и во релација со општествениот систем, како мрежа на интеракции релевантни за донесување на политичките одлуки. Всушност, клучниот заклучок кој произлегува од моделот на политичкиот систем на Дејвид Истон е дека

[14] M. Matić, M. Podunavac, „Politički sistem – teorije i principi", Beograd, 1994, стр. 151.
[15] B. Axford, G.K. Browning, R. Huggins, B. Rosamond, J. Tirner, „Uvod u politologiju", Zagreb, 2002, стр. 394.

целта на политичкиот систем е долгорочна политичка стабилност, бидејќи неговото преживување зависи од тоа излезните елементи (одлуките) да се доведат во линија со влезните елементи (барањата и поддршката).[16]

Сепак, треба да се има предвид дека концептуалните модели, како моделот на Дејвид Истон, всушност, се најдобар начин да се поедностави сложената реалност која сакаат да ја објаснат. На пример, Дејвид Истон шематски го претставува и процесот на влез на поддршката и барањата во политичкиот систем на следниот начин:[17]



Слика 4. „Филтрирање“ на влезните елементи низ политичките партии и интересовните групи.

Од оваа шема се гледа дека барањата на луѓето не стигнуваат директно до власта, туку се селектираат кај, т.н., чувари на портата, а тоа кај Истон се политичките партии и интересовните групи, чија централна улога е да го регулираат влезот на input-от во политичкиот систем. Иако селектирањето на барањата може да биде една од нивните значајни функции, партиите и интересовните групи, исто така, влијаат, па дури и ги креираат јавните перцепции и со тоа ја обликуваат природата на јавните барања. Накратко, во реалноста политичките партии и интересовните групи се поинтересни и покомплексни отколку што системскиот модел сугерира. Во исто време, моделот на Истон е поефикасен во објаснувањето како и зошто политичкиот систем одговара на барањата од јавноста, за разлика

[16] Andrew Heywood, „Politics“, Macmillan, 1997, стр. 19.
[17] Andrew Heywood, „Politics“, Macmillan, 1997, стр. 19.

од објаснувањето зошто политичкиот систем користи репресија и принуда, што до одредена мерка сите системи ги користат.

Влезните елементи на политичкиот систем – барањата и поддршката, најефикасно можат да го придвижат политичкиот систем доколку се координирани и колективно изразени. Но, секогаш кога треба да се организира колективна активност, се јавуваат предизвици коишто треба да бидат надминати. Прво, треба различните интереси да се обединат во заеднички став што се сака да се постигне и да се донесе одлука како тоа ќе се постигне. Обединувањето на различните интереси не е лесно, но исто така, не е лесна и заедничката работа на остварување на заедничката цел. Притоа, посебен проблем е остварувањето координација за поставување на заедничката цел и во нејзиното остварување.

Кога луѓето се координираат при донесување на заедничка одлука, меѓу себе треба да ги споделат информациите за нивните интереси, а потоа треба да се координираат секој да даде свој придонес за остварување на заедничката цел. Начинот на координирање зависи од големината на групата. При помала група – секој води сметка за својата и за туѓата активност. Тоа е како на концерт на квартет, во кој членовите на оркестарот водат сметка за туѓото и за своето свирење. Кај поголемите групи, потребно е да има лидер (диригент) кого групата ќе го следи.[18]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Кога се координираат луѓето при донесување на заедничка одлука, треба меѓу себе да споделат информации за нивните интереси, а потоа треба да се координираат секој да даде свој придонес за остварување на заедничката цел.

Координацијата и колективната акција може да бидат блокирани доколку во групата се јави „дилемата на затворениците“. Оваа дилема се јавува секогаш кога поединците кои на крајот би имале корист од меѓусебната соработка, имаат неодолив поттик да го прекршат договорот за соработка и да го искористат оној со кој имале договор за соработка. Всушност, „дилемата на затвореникот“ е парадокс во кој две индивидуи работејќи во свој личен интерес, не постигнуваат оптимален резултат. Ако луѓето кои се координирале претходно се сигурни дека другиот ќе го исполни договорот, тогаш дилемата ќе биде надмината и луѓето ќе работат во заедничка корист. Пример на „дилемата на затвореникот“ е доколку две лица –Бојан и Милан, се уапсени за кривично дело што го сториле заедно (грабеж на банка), а за што нема докази и можат да бидат осудени само ако некој од нив признае. Двајцата ги испрашуваат во две посебни соби и секој од нив е соочен со изборот да се држи до договорот и да молчи или да соработува со обвинителството и да признае. Доколку двајцата се држат до меѓусебниот договор и молчат, тогаш можат да бидат обвинети само за полесно дело (нелегално поседување оружје) и да одлежат

[18] Kernell, Samuel, et al. The Logic of American Politics. Available from: VitalSource Bookshelf, (11th Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.

казна затвор од по 1 година (Бојан 1 година + Милан 1 година = 2 години вкупно за двајцата). Доколку едниот признае, а другиот не, тогаш тој што ќе признае ќе биде ослободен, а другиот ќе добие 5 години (0 години за тој што ќе признае, 5 години за тој што нема да признае = 5 години вкупно). Доколку двајцата признаат, секој од нив ќе добие по 3 години (3 години за Бојан, 3 години за Милан = 6 години).

Можно однесување	Милан соработува со Бојан	Милан признава
Бојан соработува со Милан	(1, 1)	(5, 0)
Бојан признава	(0, 5)	(3, 3)

Слика 5. „Дилема на затвореникот“ - Во заградата се наведени казните за (Бојан и Милан).

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

„Дилемата на затвореникот“ е парадокс кога две индивидуи работејќи за свој личен интерес не постигнуваат оптимален резултат.

Всушност, во секој политички систем треба да се реши „дилемата на затвореникот“. Како при упатувањата на барањата на политичкиот систем, така и при носењето на одлуките, секој треба да биде свесен дека ќе се постигне подобар резултат со заедничка активност, за разлика ако се дејствува сам. Во заедничкото дејствување, сите страни мора да се откажат од нешто, но и да веруваат дека сите ќе се придржуваат до своите обврски.[19]

Моделот на Дејвид Истон е позајмен од природните науки, а политиката и политичкиот процес се анализираат како технички систем. И, затоа се упатуваат критички забелешки на Истоновиот input-output модел, кои ја истакнуваат неговата едноставност и неговото заговарање на рационалност на политичкиот процес. На пример, политичките барања не настануваат надвор од политичките партии и интересовните групи. Политичарите и клучните носители на одлуки, исто така, имаат свои барања кои произлегуваат од нивната идеологија и од изборните стратегии. Често се обидуваат да поттикнат барања од страна на граѓаните и со тоа да ја утврдат агендата на прашања кои ќе бидат предмет на политичко одлучување.[20]

Исто така, кога се разгледува моделот на Дејвид Истон треба да се има предвид и дека политичките актери секогаш не делуваат на

[19] Повеќе за предизвиците на колективната акција видете во: Kernell, Samuel, et al., The Logic of American Politics. Available from: VitalSource Bookshelf, (11th Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.

[20] B. Axford, G.K. Browning, R. Huggins, B. Rosamond, J. Tirner, „Uvod u politologiju“, Zagreb, 2002, стр. 394.

Слика 6. Дилема на затвореникот.
Парадокс при одлучувањето кога две лица тргнувајќи од својот себичен интерес, не постигнуваат оптимален резултат.

рационален начин при претворањето на барањата во одлуки. Често пати влијанието врз креирањето политики е скриено од јавноста и вклучува противречни стојалишта. Истоновиот модел претпоставува дека постојат јасно дефинирани цели, што ретко се случува. На пример, министрите во владата можат да имаат спротивставени цели, заради исполнување на барања на својата партија, или заради разлики во нивната перцепција на потребите на јавното мислење, итн.[21]

За вистински да се согледа процесот на носење одлуки во еден политички систем, не треба да се фокусира само на формалниот процес кој се одвива во државните институции. Многу битно за разбирање на овој процес е откривањето кој има најголема моќ и влијание во креирањето на политиките, односно дали некои групи имаат повластен пристап до креирањето на политиките.

Кај Дејвид Истон се забележува дека посветува внимание и на анализа на политичката култура, бидејќи сметал дека „ниту едно општество не може да преживее и да обезбеди соодветни процеси на авторитарна алокација доколку постојат големи разлики кои се однесуваат на системот на вредности.“[22]

[21] B. Axford, G.K. Browning, R. Huggins, B. Rosamond, J. Tirner, „Uvod u politologiju“, Zagreb, 2002, стр. 395.
[22] „Enciklopedija političke kulture“, Beograd, 1993, стр. 869.

„Политичката култура е клучна детерминанта која влијае врз процесот на преобразување на интересите во различни политички барања. Функцијата на политичката култура во овој процес е да ги определи барањата кои можат да бидат предмет на политичко одлучување. Тоа што може да биде предмет на одлучување во еден политички систем, може да биде целосно исклучено во друг политички систем. Има бројни примери кога листата на барања кои се културни табуа во еден политички систем, се сосема прифатливи во друг политички систем.“[23]

И покрај сите забелешки што се упатуваат на моделот на политички систем креиран од Дејвид Истон, може да се заклучи дека станува збор за пионерски труд кој ја нагласи динамичката природа на политичкиот процес и неговата интеракција со околината.

4. ДЕТЕРМИНИСТИЧКИ И ИНДЕТЕРМИНИСТИЧКИ СФАЌАЊА ЗА ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Детерминистички сфаќања – постои зависност на политиката и политичкиот систем од различни надворешни фактори и околности, како што се: климата, географската положба, други природни сили, економијата, и сл.

Во однос на прашањето на влијанието на околината, односно надворешните околности врз политичкиот систем, постојат **детерминистички** и **индетерминистички сфаќања**. Детерминистичките сфаќања се на позиција дека постои зависност на политиката и политичкиот систем од различни надворешни фактори и околности, како што се: климата, географската положба, други природни сили, економијата, и сл. Индетерминистичките сфаќања сметаат дека политичкиот систем е независен од другите надворешни појави.

Главни типови на детерминистички сфаќања, со оглед на видот на факторите за кои се врзува политичкиот систем, се **географскиот детерминизам** и **економскиот детерминизам**. Поаѓајќи од интензитетот, односно од пресудноста на влијанието што надворешниот фактор го врши врз политичкиот систем, постојат различни варијанти на детерминистички сфаќања,[24] и тоа, од груб праволиниски детерминизам и вулгарен материјализам (кои зборуваат дека политичкиот систем е целосно зависен и определен од географските, односно економските услови), до нијансирани теории за меѓусебното влијание на политичкиот систем и географските, односно економските услови.

Приврзаниците на географскиот детерминизам во своите сфаќања за политичкиот систем и политиката истакнуваат дека различните

[23] „Enciklopedija političke kulture“, Beograd, 1993, стр. 869.
[24] Јован Ѓорѓевиќ, „Политички систем“, Скопје, 1981, стр. 72.

АВТОРИ

Жан Боден /Jean Bodin/ (1530-1596) бил роден во Франција. Работел како професор по право во Тулуз. Покрај со правото се занимавал и со политичка филозофија. Тој е познат по неговата теорија на суверенитет. Негова најпозната книга е: „Шест книги за Републиката“ (1576).

географски фактори, како што се: климата, топографијата, природните богатства, и сл., влијаат врз однесувањето и карактерот на населението и со тоа на карактерот на политичкиот систем. Како аргумент во прилог на тврдењата на географскиот детерминизам се дава примерот на централистички организираната држава во стариот Египет, која настанала како резултат на потребата да се совлада реката Нил. Имено, долината на реката Нил претставувала природна целина со плодното земјиште кое таа го поплавувала во редовни временски периоди. За да се искористи овој природен феномен, било потребно на реката да се градат брани и канали, за што било потребно цврста државна организација. За разлика од Нил, реките Тигар и Еуфрат редовно не надоаѓале и тоа во комбинација со климата давало можност за развој на цивилизацијата, без потреба од централистичко уредување.

Во контекст на географскиот детерминизам е познат и ставот на Наполеон Бонапарта дека политиката на државите лежи во нивната географија, која изразува стара идеја чии зачетоци се наоѓаат уште во почетоците на политичката мисла кај: Аристотел, Жан Боден, Монтескје, и др. Кај нив постојат ставови дека климата влијае врз слободата и начинот на владеење. На пример, **Боден** сметал дека со народите од северот (кои живеат во студени краишта, климата ги прави да се храбри и да обилуваат со физички вештини и воена способност) може да се управува со сила, додека со народите кои живеат на југ (кои се карактеризираат со вештина и духовна сила, филозофска и уметничка дарба) треба да се управува со религија, итн. Но, Боден не ги подигнува овие особини на народите на ниво на апсолутни принципи, туку признава и повратно влијание што државната организација го има врз луѓето. Така, на пример, бездушна тиранија може да ги направи плашливи, инаку, храбрите, а демократијата може да ја развие политичката вештина и кај народите кои по својата природа ја немаат.[25]

[25] Р. Лукић, „Историја политичких и правних теорија“, I књига, Београд, 1982, стр. 322.

АВТОРИ

Шарл Монтескје /Charles Louis de Secondat, Baron de La Brède et de Montesquieu/ (1689-1755) е француски политички филозоф кој работел и како судија. Познат е по теоријата за поделба на власта која изврши влијание врз уставотворците во многу земји при пишувањето на уставите. Негова најпозната книга е: „Духот на законите“ (1748).

За **Монтескје**, пресуден фактор за политичкиот систем е климата. Според него, народите од север се: енергични, воинствени и слободољубиви, за разлика од народите од југот кои се мрзливи и склони кон пороци. Климата на југот го родила ропството, бидејќи физичката и менталната тромост, условена од топлината, може да се придвижи само ако постои страв од казна. Заради тоа, во Азија преовладувало деспотско владеење. За англиската клима, Монтескје вели дека ја растројува душата и дека луѓето што живеат таму чувствуваат одвратност кон сè и дека за нив најдобро е она владеење во кое причините за овие несреќи нема да може да му се припишат на еден човек, односно во таа земја попрво ќе владеат законите, отколку луѓето. Врз законите и врз политичкото уредување силно влијание има и плодноста на земјиштето, односно тоа создава зависност на луѓето, а неплодното создава борбени луѓе кои се борат за својата слобода. Големината на територијата влијае врз државното уредување во смисла што: на пространите територии најмногу им

Слика 7. Боден и Монтескје сметале дека народите од север се воинствени.

одговара деспотизам; на помалку пространите им одговара монархија; а на најмалите – демократија.[26]

Кон крајот на XIX век се јавува и **геополитичката теорија** (gea – земја, politiki – политика). Англискиот географ Меккиндер се смета за основач на геополитичката теорија и покрај тоа што тој никогаш не го употребил тој термин. Меккиндер во 1919 година ја формулирал **теоријата „за срцето на светот“** (Mackinder Heartland theory). Европа, Азија и Африка ги сфатил како единствен блок, како центар на политичкиот живот на земјата и го нарекол „остров на светот“. Во оваа огромна континентална маса, една зона зазема основна положба и од неа може да се доминира над целината. Неа Меккиндер ја нарекол „срцето на светот“ и ја сместил во Украина. Врз основа на ова, тој ја изнел својата теорија, сублимирана во една реченица: „Тој што владее со Источна Европа – управува со срцето на земјата (Heartland); тој што владее со срцето на земјата – управува со островот на светот (World-Island); тој што го држи островот на светот – управува со светот.“[27]

Слика 8. Мапата на светот според теоријата на „срцето на светот.“[28]

На оваа теорија се надоврзува, но и спротивставува, теоријата на Спајкмен (Nicholas Spykman) во 1942 година, која го содржи геополитичкиот концепт на „појас околу срцето на светот“ („Rimland“). Според Спајкмен, главната моќ е во појасот околу „срцето на светот“. Всушност,

[26] Ch. Montesqueieu, „De l'esprit des lois“, Paris, 1827, стр. 179. J. Kolaković, „Historija novovjekovnih političkih teorija“, I knjiga, Zagreb, 1981, стр. 109.
[27] Mackinder, „Democratic Ideals and Reality“, Washington DC, 1942, p.xviii.
[28] https://iges.ba/en/geopolitics/mackinder-who-rules-eastern-europe-rules-the-world/

со цел да се неутрализира моќта на „срцето на светот“ се создава појас околу него, со што тоа се „отсекува“ од останатиот дел од светот. Во негово време значаен дел од „срцето на светот“ го поседувал Советскиот Сојуз (СССР), а САД контролирал значаен дел од „појасот околу срцето на светот“, кој ги вклучува територииte на: Западна и Медитеранска Европа, Средниот Исток (Арапско-турскиот-персиски свет) и Јужна и Источна Азија. Според него, контролата на морскиот брег дава поголема моќ од контролата на копнената територија.

На почетокот на XXI век, со започнувањето на војната во Украина, која предизвика голема економска криза во светот, и политиките за превласт во Азија (Иран, Сирија), теориите за „срцето на светот“, повторно се актуализираа.

Во современите политички анализи постојано се бараат врските меѓу одредени политички случувања со некои теории. Додека за најголем дел од теориите се претпоставува дали извршиле влијание врз настаните, или не, за **геополитичката теорија во Германија** најчест заклучок е дека извршила силно влијание со катастрофални последици во практиката. Геополитиката во Германија се сфаќала како

Слика 9. Геополитичката теорија извршила силно влијание врз надворешната политика на Германија.

„наука за зависноста на политичките настани од земјишното тло“ и средство „за обнова на германската држава со помош на географијата“.[29] Основата на сфаќањето на геополитичарите во Германија е теоријата на „животен простор“, која беше прифатена од Хитлер. Според неа, надворешната политика на Германија треба да обезбеди егзистенција на народот, создавајќи природен однос меѓу бројот и прирастот на населението, од една страна, и големината и квалитетот на земјиштето и тлото, од друга страна. Со тоа и се оправдувала експанзионистичката политика на Германија на почетокот на XX век. Според геополитичарите, успешна политика е онаа која води сметка за барањата на просторот од кој произлегува и од кој ја црпи својата моќ.

За разлика од географскиот детерминизам, во основата на **економскиот детерминизам** лежи сфаќањето за пресудното влијание на економските фактори врз политиката и политичкиот систем. Според овие сфаќања (кои се означуваат и како економски материјализам), политиката и политичкиот систем немаат самостојност и целосно се определени од односите во економската сфера. Така, политиката се сведува на „концентрирана економија“ или на прикриен економски интерес на управувачите.

Влијанието на стопанството врз политичките институции го согледал уште **Ибн Калдун**, кој сметал дека оние народи кои се занимаваат со сточарство создаваат автократско уредување, а на оние кои се занимаваат со земјоделство својствена им е демократијата.

Во САД, во првите децении на XX век, **Чарлс Биард** во своето дело: „Економско толкување на уставот“, го изнел тврдењето дека Уставот на САД од 1787 година е дело на неколку десетици економски моќници и нивните адвокати.

Економскиот детерминизам бил дел и од марксистичката теорија. **Маркс и Енгелс** сметале дека правно-политичката надградба (во која го сместувале политичкиот систем), во *крајна инстанца* е детерминирана од економската основа, односно правниот и политичкиот систем во крајна инстанца се определени од економскиот систем.

[29] „Enciklopedija političke kulture“, Beograd, 1993, стр. 341-345.



Слика 10. Марксистичко гледање на односот на економијата и политиката.

Прашањето за влијанието на економијата и ресурсите врз политиката е сложено прашање. Не може да се заклучи дека сите политички одлуки или особини на политичкиот систем зависат од материјалните услови, но исто така, не може и да се игнорираат. Политичката мобилизација, што се врши преку политичките партии, во голема мера зависи од ресурсите што им стојат на располагање на партиите. Степенот на развој и типот на политичка култура зависат од економскиот развој. Економскиот напредок на една земја не е гаранција за постоење на демократија во неа, но секако, сиромаштијата и нискиот економски развој ги поткопуваат обидите за воспоставување или зацврстување на демократијата. Во општества во кои луѓето се борат за преживување, во земји со низок процент на образовано население, тешко дека функционираат механизмите на демократска контрола на власта.

Преценувањето на било кој фактор како клучен за карактерот на политиката и политичкиот систем доведува до едностранi, искривени сфаќања. Политичкиот систем не е прост одраз на природните сили или економските фактори. Напротив, практиката покажа дека голем број луѓе во различни земји кои живеат во слична географска околина или на ист степен од економскиот развој, создале сосема различни политички и општествени институции. Секој конкретен политички систем и политиката во секоја држава во конкретен историски момент е резултат на голем број објективни, но и субјективни фактори и околности кои меѓусебно се преплетени.

Индетерминистичките сфаќања поаѓаат од ставот дека политиката и политичкиот систем се независни од другите надворешни и општествени појави. На позициите на индетерминизмот стојат: идеалистичките теории, романтичарските филозофи и либералната доктрина.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Индетерминистички сфаќања – политичкиот систем е независен од другите надворешни појави.

Идеалистичките политички теории не само што го сфаќаат политичкиот систем како независен од надворешните, објективни фактори, туку на државата ѝ даваат значење на единствена творечка сила во историјата и со тоа исклучително од неа зависи политичкиот систем.

Романтичарските филозофи, пак, ја нагласуваат улогата на човекот во креирањето на политичкиот систем и сметаат дека политичките институции не се објективно нужни, туку се креација на човекот, односно според нив, политиката не е ништо друго, туку „дијалог на хероите и историјата".

Некои **либерални филозофи**[30] веруваат дека човекот поседува „слободна волја" која му овозможува да се определува сосема различно, дури и во исти услови и околности. Волјата е најзначајната моќ на човековата душа и одлуките и постапките на човекот не се зависни од никакви надворешни или внатрешни фактори, туку човекот одлучува и делува спонтано и сосема слободно. Исто така, според нив, во политичкиот систем владее спонтаност и слобода и политичките настани не се условени од одредени законитости, ниту се причинско-последично зависни едни од други. Слабоста на ова сфаќање е што, од една страна, се истакнува „слободната волја" на човекот, а од друга, спонтаноста на настаните во политичкиот систем. Доколку настаните се случуваат спонтано и непредизвикано, тогаш ниту човекот со неговата слободна волја не би можел да влијае врз нив, како што не може да влијае врз оние кои се детерминистички неизбежни.

При разгледувањето на индетерминистичките сфаќања може да се заклучи дека, сепак, апсолутен индетерминизам не постои, исто како што не постои ни апсолутен детерминизам. Во одредени временски периоди, неспорна е улогата на одредени поединци во утврдувањето на политиката и градењето на институциите. На пример, неспорна е улогата на Шарл де Гол во креирањето на Петтата Француска Република, односно вообличувањето на системот на

[30] Дејвид Хјум е еден од застапниците на ова сфаќање сметајќи дека способноста за донесување независни политички одлуки му припаѓа на поединецот заради неговите/нејзините неотуѓиви права на: живот, слобода и сопственост, дадени од Бога.

организација на власта во Уставот на Франција од 1958 година. Исто така, ако се анализира македонската политика во периодот на осамостојувањето, се забележува личниот печат кој го остави претседателот Киро Глигоров. Може да се претпостави каква ќе била политиката и политичкиот систем во Германија доколку Хитлер никогаш не дошол на власт. Но, исто така, многу лидери кои оставиле печат врз политиката и политичките системи во своите земји, не би можеле истото да го сторат во други економски услови или историски околности. Значи, потврда на индивидуален придонес на одредени лица во градење на политичкиот систем не е тешко да се најде. Проучувањето на политиката не може без проучување на улогата на поединецот, но поединецот често мора да се набљудува во контекст на пошироките: општествени, политички и културни структури, кои неговото делување го овозможуваат или го ограничуваат. Со други зборови, за проучување на политичкиот систем е нужен повеќедимензионален пристап кој води сметка за местото на поединецот во политичкиот живот, но е свесен и за важноста на пошироките: општествени, културни и политички структури.[31] Накусо, при разгледувањето на политичкиот систем, неговиот карактер и политички институции и односи во него, треба да се согледа не само улогата на квалитетот на човекот во политиката, туку и влијанието на определени објективни околности.

5. КЛАСИФИКАЦИИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СИСТЕМИ

Класификациите на политичките системи се прават преку идентификување и издвојување на најважните елементи на политичките системи, околу кои системите се групираат и меѓусебно се споредуваат. Целта на класификацијата е да се овозможи споредување на системите заради нивно подобро разбирање. Но, кога се во прашање политичките системи, нивното разбирање е тесно поврзано со прашањето за нивно оценување и обид за нивно „подобрување".

[31] B. Axford, G.K. Browning, R. Huggins, B. Rosamond, J. Tirner, „Uvod u politologiju", Zagreb, 2002, стр. 46.

АВТОРИ

Аристотел /Αριστοτέλης/ (Aristotle), (384-322 пр. н.е.) е филозоф од Грција, од кого се зачувани записи за: политиката, етиката, логиката, физиката, метафизиката, астрономијата, метеорологијата, биологијата и етиката. Негови најпознати дела во областа на политиката и етиката се: „Политика“ и „Нихомакова етика“.



Во крајна линија, овој процес може да вклучи и потрага по „идеален“ систем на владеење, каков што се среќава кај Платон.[32]

Класификациите на политичките системи се стари колку и изучувањето на политиката. Почнувајќи од IV век пред нашата ера, направени се повеќе обиди за класифицирање на политичките системи, заради нивно полесно разбирање. За време на Античка Грција, основата за класификација на политичките системи била многу ограничена и се засновала врз бројот на лицата кои владеат и начинот на кој владеат.

Највлијателна класификација од тоа време е класификацијата на **Аристотел** која ја засновал врз анализата на 158 градови-држави кои тогаш постоеле. Аристотел сметал дека системите на владеење може да се класифицираат врз основа на две прашања: а) Кој владее? и б) Кој има корист од владеењето?

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Аристотел ги класифицира системите на владеење врз основа на прашањата: „Кој владее?“ и „Кој има корист од владеењето?“

На прашањето кој владее, Аристотел го барал одговорот во бројот на луѓето кои се на власт. Според овој критериум, облиците на владеење ги поделил на: оние во кои власта е во рацете на поединец, оние во кои владеат неколкумина и системи во кои владеат многумина.

Второто прашање, кое се однесува на тоа кој има корист од владеењето, е прашање за квалитетот на владеењето – добро или лошо. Ова прашање, всушност, се однесува на тоа дали управувачите владеат во личен интерес или во интерес на општото добро.

[32] Andrew Heywood, „Politics“, Macmillan, 1997, стр. 24.

Врз основа на овие две прашања, тој идентификувал шест форми на владеење: три добри и три лоши.

Добри форми на владеење се:

- Монархија – во која владее едно лице, но владее во интерес на општото добро;
- Аристократија – во која владеат неколкумина во интерес на општото добро;
- Политеја – во која владеат многумина во интерес на општото добро.

Лошите форми се искривен облик од добрите форми на владеење и во нив не се владее во општ интерес, туку во интерес на оние кои управуваат. Лоши форми се: тиранија, олигархија и демократија.

Број на управувачи	Добар облик	Лош (искривен) облик
Еден	Монархија	Тиранија
Неколкумина	Аристократија	Олигархија
Многумина	Политеја	Демократија

Слика 11. Класификацијата на Аристотел.

Значајна карактеристика на класификацијата на Аристотел е што тој смета дека формите на владеење не се статични, туку минуваат низ еден циклус, низ кој секоја форма се дегенерира и преоѓа во друга форма. Државите почнуваат како монархии, па стануваат тирании. Тиранинот еден ден се соочува со мала опозиција која ќе ја преземе власта и владеењето се претвора во аристократија. Повторно духот на аристократијата дегенерира и настапува олигархија. Тоа потоа води кон политеја, која лесно станува анархија од чија „темнина се раѓа“ еден доблестен водач со кој настанува монархија и циклусот почнува од почеток.

За Аристотел најлоша форма на владеење е тиранијата, а најдобра форма на владеење е политејата – владеење на многумина во интерес на сите.[33] За него најдобро е власта да е во рацете на „средната класа“ – оние кои не се ниту богати, ниту сиромашни.

Врз основа на класификацијата на Аристотел, подоцна создале свои класификации: Жан Боден, Шарл Монтескје и Жан Жак Русо.

По создавањето на националните држави, се внесуваат нови основи за класификација на политичките системи, а старите класификации ја изгубија релевантноста. Новите класификации се засноваат врз: територијалната распределба на власта; организацијата на власта; почитувањето на човековите права; степенот на политичкото учество; улогата на идеологијата, и сл.

Врз основа на територијалната распределба на државната власт, системите се делат на:

- Унитарни политички системи – кога државната власт е концентрирана во еден центар;
- Федерален политички систем – кога власта е поделена меѓу сојузната држава и федералните единици.

Врз основа на организацијата на власта, политичките системи се делат на:

- Претседателски;
- Парламентарни;
- Мешовити или полупретседателски;
- Собранискиси систем.

Врз основа на ограниченоста на власта, почитувањето на човековите права и политичкиот плурализам постојат поделби на политичките системи на:

- Демократски;
- Тоталитарни;
- Автократски.

[33] Andrew Heywood, „Politics“, Macmillan, 1997, стр. 26.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Студената војна е период на ривалство и геополитичка тензија меѓу Соединетите Американски Држави (САД) и Советскиот Сојуз (СССР) и нивните сојузници – Западниот и Источниот блок. Ривалството почнува по поразот на нацистичка Германија во 1945 година. Потоа се претвора во непријателство во: идеолошка, економска, научна, воена и други сфери во кои двете супер сили се натпреварувале, со што конфликтот претставува геополитичка борба за нивно глобално влијание. Секоја суперсила поддржувала различни страни во регионалните конфликти. Се нарекува Студена војна бидејќи немало директна војна меѓу двете суперсили. Терминот Студена војна потекнува од Џорџ Орвел, во 1945 година, кој предвидел историски период кој го карактеризира ривалство на државите кои биле „одеднаш неосвоиви и во трајна состојба на студена војна со своите соседи". Неговото предвидување се остварило: САД и СССР биле неосвоиви бидејќи имале големи залихи нуклеарно оружје и, во исто време, биле заробени во постојан конфликт. Студената војна траела речиси 50 години, сè до распадот на СССР во 1991 година.

По Втората светска војна, за време на Студената војна (период на геополитички тензии меѓу САД и СССР и нивните сојузници – Западниот и Источниот Блок, кој траел од 1947-1991 година) станува популарна поделбата на „три света":

- Капиталистички „прв свет";
- Комунистички „втор свет";
- „Трет свет" во развој.[34]

Поделбата на „три света" има: економска, идеолошка, политичка и стратешка димензија. „Првиот" и „вториот" свет биле разделени со идеолошко ривалство. „Првиот свет" ги промовирал капиталистичките вредности: приватна сопственост, слободен пазар и претприемништво и практикувал либерално-демократска политика заснована врз избори. „Вториот свет" ги промовирал комунистичките вредности, како: социјална еднаквост, колективна сопственост и државно планирање во стопанството и во него постоеле еднопартиски држави доминирани од комунистичките партии. Земјите од „третиот свет" биле авторитарни и управувани од: монарси, диктатори или од армијата. Од 1970-тите оваа класификација веќе не е одржлива, бидејќи некои од земјите од „третиот свет" во развој кои се лоцирани на Средниот Исток се богати со нафта и веќе напредуваат економски, а други лоцирани во Африка значително осиромашуваат. А, по

34 Andrew Heywood, „Politics", Macmillan, 1997, стр. 27.

распадот на социјализмот во Источна Европа, отпадна и идеолошката основа за поделба меѓу „првиот“ и „вториот“ свет.[35]

Како резултат на новите промени, британскиот автор Ендру Хејвуд прави нова поделба на политичките системи на:

- Западни либерални демократии;
- Нелиберални демократии;
- Источно-азиски системи;
- Исламски режими;
- Воени режими.[36]

Западните либерални демократии (кои се опишуваат како „полиархии“ – „владеење на многумина“), всушност, се демократските системи од: Западна Европа, Северна Америка и Австралија. Се карактеризираат со: претставничка демократија, компетитивен изборен систем, гарантирани човекови права, здраво цивилно општество, и сл. Во нив власта е ограничена, постои висок степен на владеење на правото, а на власт се избрани претставници по пат на фер и демократски избори. Сето тоа има за цел да доведе до гарантирање и заштита на човековите слободи и права. Затоа, во овие општества може да се забележи и најширок спектар на човекови права и слободи. Таквата состојба доведува до развој на: силно цивилно општество, партиципативна политичка култура и плурализам во кој опозицијата и различните мислења се почитуваат и толерираат. Дополнително, станува збор за системи кои се поврзуваат со капиталистичката економија и висок степен на економски развој. Практично, во рамките на овие системи може да се забележат системите кои во најголема мера биле обликувани под влијание на идеите на либералната идеологија (индивидуалност, слобода, толеранција, конституционализам, итн.). Но, сите од овие системи не се исти – некои се карактеризираат со мнозинска демократија, други со консоцијална (за што ќе стане збор понатаму во оваа книга).

Од друга страна, земјите во Источна Европа, по распадот на социјализмот, почнаа да градат либерална демократија од западен тип, но заради тоа што наследството од комунистичкото минато не може да биде отфрлено преку ноќ, се соочуваат со проблеми, како што се, на пример: цензура, слаб партиски систем со ограничувања на опозицијата, итн. Тие се нарекуваат „новите“ демократии или „земјите во транзиција“. Дел од нив кои успеваат да ги надминат предизвиците

35 Andrew Heywood, „Politics“, Macmillan, 1997, стр. 27-28.
36 Andrew Heywood, „Politics“, Macmillan, 2019, стр. 116.

можат да се класифицираат во западноевропските демократии, но другите, токму заради проблемите со човековите права и ограничувањата на власта, спаѓаат во нелибералните демократии.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Нелибералните демократии се „хибридни режими" кои имаат елементи од демократија и авторитаризам: персонализирано лидерство, силна држава, слаба опозиција, ограничени медиумски слободи и нефункционален систем на ограничување на власта.

Нелибералните демократии се „хибридни режими", кои имаат елементи од демократија и авторитаризам. Тие спаѓаат во „сивата зона", меѓу диктатура и демократија. Во нив демократски избраната власт ги игнорира уставните ограничувања и ги лишува граѓаните од некои основни права и слободи. Овие нови авторитарни режими се разликуваат од традиционалните диктатури и тоталитарни режими, а се карактеризираат со систем на редовни избори кои се доволно слободни и фер за да се одржи легитимитетот на власта. За нив е карактеристично: персонализирано лидерство, силна држава, слаба опозиција и нефункционален систем на ограничување на власта. Медиумските слободи се ограничени и постои нетолеранција кон плурализмот.[37]

Не постои еден модел на нелиберални демократии, туку цел спектар на вакви системи зависно од комбинацијата на елементи од демократија и автократија. Како нелиберални демократии Хејвуд ги класифицира: Венецуела, Сингапур, Хондурас, Бангладеш, Пакистан, Унгарија, Полска, Чешка, Словачка, Србија, Русија, Турција, итн.[38]

Источноазиските режими се карактеристични за земјите од Источна Азија кои кон крајот на XX век јакнат економски и се ориентирани повеќе кон економски напредок, отколку кон гарантирање или унапредување на човековите права. Па, така, Кина и земјите познати како „Азиски тигри", се многу повеќе препознатливи по високите стапки на БДП, отколку по заштита и гарантирање на човековите права и слободи. За нив е карактеристично давањето приоритет на: дисциплината, лојалноста и должноста кон заедницата, како последица на влијанието на конфучијанизмот, кој говори за почит кон авторитети, а со тоа покрај ставање на заедницата пред индивидуата, исто така, придонесува во општеството да е прифатливо постоење и толерирање на силни влади и владејачки политички партии. Постоењето на ваквата состојба за голем број западни теоретичари претставува прикриен, а понекогаш и отворен тип на авторитаризам, имајќи предвид дека во определени општества, кои припаѓаат на оваа група, не постои плурализам (Кина) или, пак, со години, дури и децении, на власт е една иста политичка партија.

Исламските режими се присутни во Северна Африка и во Азија, каде системот е прилагоден на религиозните правила кои го дефинираат:

[37] Andrew Heywood, „Politics", Macmillan, 2019, стр. 116.
[38] Andrew Heywood, „Politics", Macmillan, 2019, стр. 116.

моралното, економското и политичкото однесување на индивидуите и нациите. Во овие системи, исламот повеќе е од религија. Всушност, во ваквите системи се нарушува принципот на секуларност и правилата на религијата стануваат правила на државата. Преку тоа, во исламските режими доаѓа до формирање на теократии во кои владее шеријатското право. Сепак, треба да се има предвид дека меѓу земјите со исламски режими постојат разлики во степенот на доминација на верските лидери и присуството на политички плурализам.

Воените режими спаѓаат во групата на авторитарни режими. Се среќавале, главно, во: Јужна Америка, Африка, Блискиот Исток и Југоисточна Азија, но исто така, биле присутни и во повоениот период во: Шпанија (1939-1975), Португалија (1933-1974) и Грција (1967-1974). Карактеристично за овие режими е што власта е во рацете на војската, најчесто по спроведен воен удар, а редовното функционирање на институциите, изборите и слободата на говор, обично се суспендирани. Воените режими може да се јават во класичен облик, хунта (колективна воена власт), или, пак, во облик на диктатура на еден човек (најчесто генерал) кој ужива доверба и е поддржан од страна на војската. Без разлика на обликот, имајќи предвид дека власта не е во рацете на избрани цивилни лица, туку во рацете на војската, односно институција која се поврзува со дисциплина и хиерархија, очекувано е тоа што ваквите режими се репресивни и брутални кон своите политички неистомисленици.

Како што може да се види, сите класификации страдаат од преголемо генерализирање, што, често пати, доведува до формално групирање на многу различни системи во една група, врз основа на некоја формална карактеристика. Така, ако се земе за пример групата на посткомунистички системи, во таа група се и Словенија и Албанија. Или, ако се земат за пример источноазиските системи, таму се групирани и политичкиот систем на Јапонија и политичкиот систем на Кина.

Или, ако се разгледуваат политичките системи класифицирани врз основа на организацијата на власта, во групата на мешовити системи ќе се најдат и Франција и многу други постсоцијалистички земји, вклучувајќи ја и нашата.

Исто така, класификациите на политичките системи се соочуваат и со проблемот на дефинирање на концептите и поимите што се користат, како, на пример, поимите демократија и слобода, кои се предмет на длабоки идеолошки контроверзии. На некои од овие поими и класификации ќе се задржиме подетално понатаму.

ПРАШАЊА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

1. Што е политички систем?
2. Каков е односот на политичкиот систем со општествениот систем?
3. Што е недостаток на институционалните сфаќања за политичкиот систем?
4. Што е моќ и какви видови моќ постојат?
5. Која е суштината на системската теорија на Дејвид Истон?
6. Која е суштината на „дилемата на затвореникот“?
7. Какви забелешки се упатуваат на системската теорија на Дејвид Истон?
8. Која е суштината на детерминистичките сфаќања?
9. Која е суштината на индетерминистичките сфаќања?
10. Што е слабост на детерминистичките, а што на индетерминистичките сфаќања?
11. Врз кои критериуми Аристотел ги идентификувал формите на владеење?
12. Според Аристотел, кои се добри, а кои лоши форми на владеење?
13. Врз кои критериуми се класифицираат политичките системи?
14. Дали поимот „трет свет“ сè уште има некакво значење?
15. Кои се карактеристиките на западните либерални демократии?
16. Зошто западните либерални демократии се опишуваат како „полиархии“?
17. Кои се карактеристиките на нелибералните демократии?
18. Кои се карактеристиките на источно-азиските системи?
19. Кои се карактеристиките на исламските режими?
20. Кои се карактеристиките на воените режими?
21. Дали воените режими се неизбежно краткотрајни?

ГЛАВА 2

ПОЛИТИКА И ПОЛИТИЧКИ ПРОЦЕС

ПРАШАЊА ЗА ДЕБАТА

1. Дали политиката би ја поврзале единствено со државната власт или сметате дека истата се одвива и на некое друго ниво и средина?
2. Наведете примери за политичка активност!
3. Дали сметате дека политиката која во реалноста се случува може да ја загрози „политиката на општото добро“? Објаснете преку примери!
4. На што Ве асоцира терминот антиполитика?
5. Што помислувате кога ќе се употреби терминот неформална политика?
6. Наведете пример за одлука која сте ја донеле и објаснете од кои: фактори, услови, околности или ограничувања зависело нејзиното донесување?
7. Доколку сакате да го поминете семестарот на странски универзитет користејќи ја програмата Еразмус, што мислите, кои би биле одделните фази кои би требало да ги поминете за да дојдете до решение?
8. Доколку ја посетите општината во која живеете кои би биле десетте основни проблеми за решавање на Вашата агенда? Што мислите кои интересовни групи би биле вклучени во презентирањето на првите три проблеми за решавање од Вашата агенда? За кои интересовни групи сметате дека не би можеле да ги покренат своите прашања за решавање, и зошто?

1. ПОИМОТ ПОЛИТИКА

Во обидот да го дефинираме поимот политика се соочуваме со голем предизвик. Се чини дека е многу поедноставно да се посочат примери за соодветни политички активности, отколку да се дефинира самиот поим. На пример, остварувањето на правото на вето на претседателот, на веќе усвоениот закон од страна на парламентот, како инструмент преку кој тој го изразува несогласувањето со законот или некои законски решенија, може да се согледа како политичко инволвирање на претседателот во уредувањето на определена законска материја. Протестот на група граѓани во врска со соодветна одлука на органите на општината, претставува партиципирање на граѓаните во политиката на локално ниво. Остварувањето на избирачкото право, исто така, претставува чин на учество на граѓаните, преку избраните претставници, во креирањето на политиката на државата за временскиот период што претстои.

Примери за политичка активност има многу, иако секогаш границите на ваквата политичка активност не се јасни и прецизни. Така, кога Врховниот суд на САД одлучува за правото на абортус, се поставува прашањето дали неговата одлука е политичка или судска. Кога нашиот Уставен суд одлучуваше за уставноста на уредбите со законска сила, се постави прашањето дали целосно спротивставените тези за природата на овие акти, врз кои се темелеа неговите одлуки, го трансформираа овој орган од „чувар на уставноста“, во орган кој политички маневрира во соодветен уставен контекст.[1]

Во контекст на споменатото, се поставува прашањето дали политиката се врзува единствено за државната власт, за органите и институциите во рамките на воспоставениот политички систем или политиката се остварува и во: семејствата, универзитетите, здруженијата на граѓаните, интересновните групи и синдикатите. Одлуките што се носат како резултат на различни интереси и потреби, и оние

[1] Друг пример од нашата уставна историја за пинг-понг ефектот од активноста на Собранието и Уставниот суд е постапувањето на овие органи врзано за: Законот за основното образование и Законот за правната положба на црквата, верска заедница или религиозна група. За споменатите закони евидентна беше развојната линија на усвојување на законите од Собранието по кое следуваше укинување на некои нивни одредби од страна на Уставниот суд, кој процес продолжуваше со повторно усвојување на истите законски решенија од страна на Собранието или нивно вметнување во други закони, за потоа тие повторно да бидат укинати. Наведената „shuttle“ процедура со очигледен „jo-jo“ ефект, реализирана меѓу овие органи, ги постави прашањата дали Уставниот суд започнува да ги практикува инструментите на судскиот активизам и „води политика“ и дали Собранието скриено зад превезот на волјата на мнозинството, одбива да ги почитува одлуките на Уставниот суд, врзани за уставноста на актите кои тоа ги донело. Види: У.бр.202/2008 и У.бр 104/2009.

што се последица на судир и несогласување, спротивставени мислења, различни идеи, се нераскинливо поврзани со политиката. Примери за тоа се и одлуките дали едно семејство ќе замине на годишен одмор, и каде, дали приоритет на некој универзитет ќе биде образовната или истражувачката дејност, или обете подеднакво, дали државата ќе се втурне во определен воен судир, или не.

Во секојдневниот живот, терминот политика често има пејоративно значење. Неговата употреба не ретко асоцира на: манипулација, лага, невистина, насилство или злоупотреба. И тоа е така затоа што идејата за политиката кај човекот многу повеќе е резултат на тоа што е слушнато, доживеано, видено, отколку на тоа што е прифатено, презентирано и докажано во науката. Впрочем, првата асоцијација за политиката се стереотипните конструкции за политичарот и политиката.

> „Политиката е уметност на барање на неволја, нејзино изнаоѓање насекаде, неправилно дијагностицирање на проблемот и негово лекување со погрешни лекови“ (Groucho Marx).

> „Јазикот што се користи во политиката е дизајниран лагите да звучат како вистина“ (George Orwell).

> „Во политиката ништо не се случува случајно. Доколку се случи, можете да се обложите дека било така планирано“ (Franklin D. Roosevelt).

> „Политиката претставува системско организирање на омраза“ (Henry Adams).

Слика 1. Пејоративното значење на политиката често се поврзува со лагите, манипулациите и корупцијата. Деветти декември – Меѓународен ден за борба против корупцијата.[2]

За објаснување на овој феномен, се употребува и терминот **антиполитика**. **Антиполитика** *е термин кој упатува на разочарување од формалните и востановени политички процеси, што се манифестира со неучество во политичкиот живот или поддршка на радикалните партии.* Во популаризација на антиполитиката удел има: откривањето на корупција, судирот на интереси, злоупотребата на надлежности, итн. Затоа, една од основните причини да се дефинира поимот политика е потребата тој да се ослободи од вака лошата репутација што го следи. Имено, наведените сфаќања иако се очекувани, сепак не се оправдани.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Антиполитика – се манифестира со неучество во политичкиот живот или поддршка на радикалните партии заради разочарување од формалните и востановени политички процеси.

Напротив, политиката е нужна за разрешување на судирите. Политиката постои бидејќи луѓето не се согласуваат по многу прашања. *Нејзината суштина се состои во остварувањето на процесот на меѓусебно усогласување на различните погледи и спротивставени интереси.* Политиката е „усогласено делување“,[3] односно активност преку која луѓето ги создаваат, одржуваат и менуваат правилата според кои живеат во заедницата.

Од друга страна, поврзаноста на поимот политика со поимите: власт, моќ, авторитет, легитимитет, легалитет, конфликт, согласност, соработка, политички систем, итн., се чини дополнително го

[2] Слика од freepik на Freepik
[3] Endru Hejvud, Politika. Clio. Beograd. 2004 стр. 12.

обременува настојувањето да се дефинира овој поим, а со тоа и прецизно да се разграничи од претходно споменатите категории.

Сето споменато упатува на заклучокот дека поимот политика е повеќезначен и слоевит. Во науката не постои едно усвоено становиште за тоа што се крие зад поимот политика. Впрочем, ако во природните науки постои едно усвоено значење за поимите: атом, молекул, логаритам, хемиска реакција, итн., вакво единствено општоприфатено сфаќање за поимот политика, не постои. Имено, дефиницијата за поимот политика се менувала од еден до друг временски период низ историјата, за конечно, со право да се заклучи дека поимот политика претставува „суштински спорен поим, во смисла дека истиот има голем број прифатливи и оправдани значења“.[4]

Поимот политика е толку универзален поим, што се чини дека секој знае што се крие зад неговата употреба. Направени се многу обиди да се дефинира поимот политика, поаѓајќи од различни пристапи, кои политиката ја објаснуваат од различни аспекти и на нејзината природа „фрлаат различно светло“.

Така, во мноштвото дефиниции за поимот политика се среќаваат оние коишто ја дефинираат политиката како:

- Колективна активност која се остварува меѓу групите;
- Процес во кој групите постигнуваат и извршуваат обврзувачки одлуки кои се однесуваат на општеството како целина;[5]
- Дејствување преку кое се овозможува усогласување на различните: ставови, погледи, становишта, потреби и преференции;[6]
- Моќ, способност да се постигне определена цел со било кои средства;[7]
- Најконцентриран облик на економија[8], итн.

Хејвуд, гледиштата за политиката ги класифицира во четири категории:

---

4 Endru Hejvud, Politika. Clio. Beograd. 2004 стр. 14.
5 Haue, R and Harrop, M. Comparative Government and politics. Pagrave McMillan. New York.2010. стр. 4.
6 Bernard Crick, Defense of Politics. Преземено од Endru Hejvud, Politika. Clio. Beograd. 2004. стр. 24.
7 Machiavelli Niccollo.
8 Ленин.

- **Политиката како уметност на владеење (government);**
- **Политиката како севкупност на јавните работи;**
- **Политиката како постигнување согласност и компромис;**
- **Политиката како моќ и распределба на ресурси.**[9]

1.1. ПОЛИТИКАТА КАКО УМЕТНОСТ НА ВЛАДЕЕЊЕ (GOVERNMENT)

Поимот политика се развива од оригинерниот поим ***polis***, со кој во Античка Грција биле означувани градовите-држави. Политиката во Античка Атина била универзален поим со кој се опфаќале сите работи кои се однесуваат на полисот (политички активности, граѓански дејствија, сè што се однесува на државата: устав, политички режим, република, суверенитет)[10]. Во тој историски период не се правело разлика меѓу: држава, власт и општество.

Потребата од политика е последица на човековата општествена природа. Луѓето се општествени битија. Тие живеат во организирана заедница. Човекот не може да живее изолиран од останатите луѓе и неговиот природен инстинкт го упатува на живот во заедница. За Аристотел човекот по природа е ***„zoon politikon“***, општествено (политичко) битие, а животот во заедница наметнува потреба од воспоставување на систем на соодветни правила и механизми за нивно почитување и остварување. Впрочем, со цел да опстанат, луѓето се упатени заедно да живеат, соработуваат и работат. Имено, животот во заедница ја наметнува потребата луѓето да носат најразлични заеднички одлуки врзани за: распределбата на ресурсите, одржувањето и градењето на меѓусебните односи, планирањето на заедничката иднина, итн. Самата природа на политиката произлегува од политичката социјализација на луѓето, што наведува дека политиката е директно поврзана со владеењето во една држава.[11]

Сфаќањата од Античка Грција за политиката претставувале појдовна точка за традиционалното (формално) становиште кое ја сведува политиката на **сето она што се однесува на државата**. Терминот владеење (government) ги опфаќа институциите, но и процесите што

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Според традиционалното (формално) становиште, политиката е *сето она што се однесува на државата*.

[9] Endru Hejvud, Politika. Clio. Beograd. 2004, стр. 14.
[10] Климовски Саво, Каракамишева Тања, Дескоска Рената. Политички систем. Просветно дело АД. Скопје. 2009. стр. 43.
[11] Munroe, T. An introduction to politics-Lectures for first year students. Third edition. Canoe Press. 2002, стр. 31.

се одвиваат во институциите. Сепак, постојат различни варијанти на ова сфаќање, во зависност од тоа кои актери се прифаќаат како учесници во креирањето на политиката, односно: дали како креатори на политиката се само државните органи; дали се вклучуваат и процесите кои се одвиваат во политичките партии и лоби-групите; дали се исклучуваат државните службеници како креатори на политиката во државата, и сл.

Ова теоретско становиште е многу блиско со дефиницијата на Ото фон Бизмарк, според кого: „политиката не е наука, туку уметност на владеењето", уметноста на контролирање во рамките на општеството, донесување на одлуки и извршување на колективно донесените одлуки.[12] Во тој дух е и дефинирањето на политиката како: „генерален концепт, уметност и наука на владеењето со државата и останатите политички единици".[13] Сепак, ова теоретско становиште за политиката, како уметност и наука за владеењето, и покрај неговиот крајно рестриктивен пристап во дефинирањето на поимот, долго време ќе се задржи како доминантно сфаќање.

Потесна варијанта на ова становиште е сфаќањето кое *политиката ја сведува на управување со државата*. Според ова сфаќање, политиката се одвива во државните институции, а не и надвор од нив. Ваквото сфаќање е сосема несоодветно и неприфатливо, прво, заради крајно ограничувачкиот пристап и „сведувањето" на политиката на владеењето и државата, и второ, заради развитокот и промените на односите во политичкиот живот кои неминовно се случуваат, како што се јакнењето на политичките партии, зголемување на бројот на интересовните групи, итн.[14] Како резултат на

---

[12] Endru Hejvud, Politika. Clio. Beograd. 2004. стр. 14.

[13] Concise Oxford Dictionary of politics and International Relations. 4-th Edition. Published online 2018.

[14] Во овие незапирливи промени се наведуваат:

1) Ширење на избирачкото право во изминатите повеќе од 100 години;
2) Јакнењето на политичките партии како доминантен механизам преку кој се организира избирачкото тело;
3) Зголемување на структурата и проширувањето на обемот на надлежности на владите во секторите на: јавното здравје, образованието, транспортот, информатичките технологии и комуникации, што резултира со обемна администрација;
4) Зголемување на бројот на интересовните групи, а особено лоби групите, чија основна задача е влијание врз центрите на одлучување во процесот на донесување одлуки;
5) Поголемо влијание на државата во сферата на комуникациите, управувањето со водните и останатите ресурси, електричната енергија, итн.
6) Зголемување на бројот на независни држави и унапредувањето на меѓународните односи.

Подетално во: Munroe, T. An introduction to politics-Lectures for first year students. Third edition. Canoe Press. 2002, стр. 30-38.

новите промени, почнува да се вклучуваат и политичките партии и лоби-групите кои влијаат врз донесувањето одлуки во државните органи. Но, ова сфаќање сè уште ја исклучува политиката надвор од државните органи. На пример, процесот на одлучување во семејството, образовните институции, претпријатијата, во неформалните групи, итн., бидејќи тие не се вклучени во управувањето со државата.

Од ова становиште има уште потесно сфаќање кое *ја сведува политиката само на активноста на членовите на политичките партии во управувањето со државата.* Според ова сфаќање, од политиката како процес на управување со државата се изземаат државните службеници, судиите, јавните обвинители и други кои треба да работат „неполитички" и неутрално.

Сфаќањето за политиката како уметност на владеењето (government) се оценува како премногу формално сфаќање и, оттука, како неприфатливо. Имено, задржувајќи се единствено на структурата на воспоставениот политички систем, се чини во целост се занемарува суштината и битот на владеењето, кој стои зад оваа структура. Така, наведеното сфаќање за политиката не акцентира дека во позадината на било кој политички систем и било која владејачка композиција, секогаш стои процесот на донесување одлуки (decision making process) кој се обидува да усогласи различни, често сосема спротивни ставови, мислења, барања, желби, настојувања, преференции и интереси. Затоа, ако политиката се сфати како процес на донесување одлуки, тогаш истиот не може да се ограничи единствено на државата. Значи, наведеното сфаќање е неприфатливо и затоа што ја исклучува ***неформалната политика,*** онаа која се случува во: семејствата, синдикатите, верските заедници, невладините организации, и сл., каде се донесуваат одлуки без учество државата.

Неформалната политика *се карактеризира со присуство на судир на интереси, желби и преференции, конфликт на барања во процесот на одлучување (decision making process), но отсуство на носителите на власта во процесот на донесување на одлуките. Таа се реализира во: семејствата, синдикатите, верските заедници, здруженијата на граѓани, итн.*

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Неформална политика се реализира во: семејствата, синдикатите, верските заедници, здруженијата на граѓани заради постоење на судир на: интереси, желби, преференции и барања во процесот на одлучување.

1.2. ПОЛИТИКАТА КАКО ЈАВЕН ЖИВОТ И ЈАВНИ РАБОТИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Прашањето „каде се води политиката“ се поврзува со *сфаќањето за политиката како јавен живот и јавни работи.*

Едно пошироко становиште за политиката, од сфаќањето дека политиката претставува уметност на владеењето, е становиштето според кое *политиката се идентификува со* ***јавниот живот и јавните работи***. Овој концепт на политиката поаѓа од поделбата на политичка и приватна сфера на животот и фокусот го задржува на прашањето ***каде се води политиката***.

Слика 2. Од бројните функции на медиумите од особено значење е улогата на информирање и едукација на јавноста и креирањето на јавното мислење.[15]

Проблемот на ваквото дефинирање на политиката претставува *неможноста јасно да се разграничи „јавното“ од „приватното“*. Традиционалното разграничување на јавната од приватната сфера се сведува на поделба и разграничување меѓу „државата“ и „цивилното општество“. „Државните институции (владата, судовите,

[15] Слика од Rochak Shukla на Freepik

полицијата, војската, системот на социјална сигурност, итн.) може да се сметаат за јавни, бидејќи се одговорни за колективната организација на животот во заедницата, а се финансираат од даноците што ги плаќаат граѓаните. Наспроти ова, цивилното општество се состои од институции, како семејни и роднински групи, синдикати, клубови, локални групи, кои се приватни, затоа што ги создаваат и финансираат граѓаните, заради задоволување на своите интереси, а не интересите на општеството во целина".[16] Политичките партии се наоѓаат некаде меѓу цивилното општество и државата,[17] што создава проблем во дефинирањето на политиката на овој начин.

Традиционалната либерална теорија инсистира на ваква строга поделба на јавната од приватната сфера, потенцирајќи ја забраната за влијание и мешање на државата во приватната сфера и забраната за политиката да задира во личните работи на индивидуата. „Политиката треба да застане пред прагот на секоја куќа".

Наспроти овие традиционални гледања, чести се сфаќањата дека наведената строга поделба на „јавното" од „приватното" е премногу ригидна, па разграничувањето на политичките од неполитичките форми не е едноставен процес. Некои автори истакнуваат дека кога државата ќе манифестира интерес кон определено прашање или уредување на определени односи, тогаш тие стануваат политички. Во различни држави, во различни историски периоди, интересот за овие „политички" прашања се менувал. Така, некои прашања, како: абортусот, сексуалната ориентација, консумирањето алкохол, легализацијата на марихуана, претставувале, и сè уште претставуваат, предмет на законска материја, за чие уредување државата покажала интерес. Од друга страна, некои држави за некои од овие прашања воопшто не покажале особен интерес, законски детално да ги регулираат. Затоа, „сферата на политичкото може да се прошири во зависност од тоа дали државата ќе се инволвира во уредувањето на различните аспекти од социјалниот живот на луѓето".[18]

---

16 Endru Hejvud, Politika. Clio. Beograd. 2004. стр. 20.

17 Slaviša Orlović, „Politička sociologija", Beograd, 2019, стр. 35.

18 Подетално за ова погледнете во: Harrison Kevin and Boyd Toni. Understanding political ideas and movements. Machester University Press. 2003, стр. 4.

Од друга страна, сосема спротивни на наведените, се становиштата кои целосно ја отфрлаат ригидната поделба и неповрзаност на политичката и приватната сфера. На пример, приврзаниците на *феминистичките теории* се спротивставуваат на строгата дистинкција меѓу јавното и приватното. Тие ги застапуваат сфаќањата дека политиката се води заради стекнување моќ, а најизразените конфликти за моќ се остваруваат во релациите меѓу мажот и жената. За да се надмине нерамноправноста меѓу половите, потребни се реформи во „јавната" сфера, односно преку унапредување на правната и политичката положба на жената, но според некои теории и преобликување на личниот и семејниот живот. Оттука и слоганот на одредени застапници на феминизмот: *„личното е политичко"*.

Тоталитарните режими ја отфрлаат идејата за приватен, личен живот на индивидуата. За нив државата и воспоставениот систем се примарни, првостепени и најважни. Нивно мото е: „сè за државата, ништо против државата, ништо надвор од државата"[19].

Слика 3. Гледиште за поставеноста на јавната и приватната сфера.

[19] Giovani Gentile, еден од најистакнатите италијански фашистички мислители ја отфрла идејата за приватен и личен живот на индивидуата, а на државата ѝ дава примарно и првостепено место.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Првата светска војна или како тогашните современици ја нарекувале Големата војна официјално завршува на 11.11.1918 година во 11 часот. Декретот за завршување на Војната е потпишан по преговори кои ги воделе францускиот маршал Фердинанд Фош и претставник на Сојузниците и претставници на германските сили предвовени од Матиас Ерзбергер. Преговорите и потпишувањето на Декретот се одвивале во железнички вагон сместен во шума, во непосредна близина на француското гратче Компјењ (Comiégneu).

1.3. ПОЛИТИКАТА КАКО ПОСТИГНУВАЊЕ СОГЛАСНОСТ И КОМПРОМИС

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Концептот за политиката како компромис и согласност се поврзува со начинот на кој политиката се остварува.

Едно сосема друго становиште на политиката гледа како на **севкупност од процеси, средства и инструменти за постигнување спогодба, согласност и разрешување на конфликти по мирен пат**. Имено, во фокусот на овој концепт за политиката не е местото каде што таа се води, туку ***начинот на кој таа се остварува.***

Хејвуд, во контекст на ваквото сфаќање, за политиката ќе го „позајми“ изразот ***„уметност на можното“***,[20] па на политиката гледа како на посебно средство за решавање на судири, и тоа преку постигнување согласност, преговори, арбитража и други форми на надминување спорови, отвореност за надминување спротивставени мислења и конфликти по мирен пат, а не преку: насилство, застрашување и употреба на гола сила.[21]

Политиката како средство за надминување на конфликтите по мирен пат е нужна бидејќи луѓето имаат различни мислења, негуваат различни вредности и имаат различни интереси. Затоа, политиката треба да го негува овој основен факт на човековото постоење и, притоа, да изнаоѓа начини да ги надмине овие разлики на рационален начин и по мирен пат. За да се оствари тоа, неопходна е толеранција кон тоа што е различно и поинакво, подготвеност за компромис, следење на рационален дискурс, однапред познати процедури кои ќе се почитуваат од демократски и одговорни институции и, конечно, почитување и исполнување на постигнатата согласност.

[20] Во разговор со Mayer Von Waldeck od 11 август 1867, Otto von Bizmark ќе изјави: „Политиката е уметност на можното“.
[21] Endru Hejvud, Politika. Clio. Beograd. 2004, стр. 24.

Ваквото сфаќање за политиката се темели врз цврстата верба во целисходноста на разговорот, расправата и дебатата.[22]

> „Политиката е начин на владеење во поделени општества без непотребно насилство... политиката не е само нужно зло; тоа е реално добро".

> „Вистина е дека тоа што ја овозможува слободната држава не е ниту општата волја, ниту заедничкиот интерес, туку, едноставно, самата политика".
> **Bernard Crick** (1929-2008), британски теоретичар, политиколог. Автор на делото: „Во одбрана на политиката".

Всушност, секојдневната употреба на зборот политика, најчесто се поклопува со ова сфаќање на политиката – **процес во кој се носат одлуки преку усогласување, договарање, компромиси.** Ова сфаќање дава предност на дијалогот во решавањето на разликите, наспроти насилството. Значајна димензија на ова сфаќање е делотворноста на дијалогот, односно дијалог што дава резултати. Како такво, ова сфаќање на политиката е својствено за еден либерално демократски контекст и со тоа во целост ги исклучува автократските режими. Тоа, воедно, е најголемиот недостаток на ваквото сфаќање за политиката.

1.4. ПОЛИТИКАТА КАКО МОЌ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Идентификувањето на политиката во сите активности на луѓето и во секоја сфера на човековото постоење се поврзува со *сфаќањето за политиката како моќ.*

Сфаќањето за политиката како моќ е поинаков концепт од претходните, бидејќи политиката не ја сместува во определена сфера на дејствување, **туку истата ја идентификува во сите активности на луѓето и во секоја сфера на човековото постоење**. Политиката претставува универзална карактеристика на општеството, во минатото и сегашноста. Политичкиот процес кој се реализира во најразлични форми и последиците од неговото остварување го моделираат општеството, особено општествено-економската средина, притоа поставувајќи ја распределбата и рамнотежата на моќта во определени рамки.[23]

[22] Bernard Crick (Бернард Крик) се смета за најистакнат претставник на сфаќањето за политиката како постигнување компромис и согласност.

[23] Leftwich Adrian, Developmental states, Effective states, and Poverty reduction. Geneva. 2008, стр. 5-10.

За да опстане и за да се развива, секоја човекова заедница (без оглед дали е семејство, сојузна држава или наднационален сојуз) мора да поседува modus, начин преку кој ќе се усвојуваат заедничките обврзувачки одлуки. Овие одлуки се однесуваат на:

- Начинот на кој ќе се употребуваат ресурсите;
- Начинот на кој се продуцираат ресурсите;
- Начинот на кој тие ќе се распределат.

Воедно, под *ресурси се подразбираат сите вредности кои човекот може да ги искористи или алоцира (распредели) со цел да ги задоволи своите интереси и желби.* Притоа, овие вредности можат да бидат *материјални* (недвижност, капитал) или *нематеријални* (можности, слобода, еднаквост).

Слика 4. Политиката неминовно се поврзува со политичката партиципација и активизмот".[24]

Така, политиката најсоодветно може да се дефинира како **севкупност на разновидни активности кои вклучуваат преговори, соработка и конфликти, насочени кон донесување на одлуки за употребата, производството и дистрибуцијата на ресурси, независно од тоа дали овие активности се формални или неформални, јавни или приватни или ги опфаќаат сите наведени**. На овој начин конципирана, на политиката се гледа како неопходна активност која се остварува секаде каде двајца или повеќе луѓе се занимаваат со донесување одлуки за ресурсите.

[24] Слика од Kroshka _Nastya на Freepik

Политиката на развој ги опфаќа:

севкупните активности на соработка, преговори и конфликти во донесувањето, спроведувањето и одржувањето на одлуките насочени кон **промена** на востановениот начин на создавањето, употребата и алокацијата на ресурси.

Сфатена на тој начин, политиката е политички процес, односно „синџир" на преплетени процеси, кои не се врзуваат за определена надлежност или локација (парламент, егзекутива), определена личност (политичар, јавен службеник) или за конкретна постапка (законодавна постапка, избори). Политиката е универзален и неопходен процес кој е својствен за секое колективно човеково одлучување и чие остварување не претпоставува формални институции, процедури или систем на владеење. Оттука, иако формалниот процес на одлучување кој се остварува во јавните институции претставува најзначаен „израз" на политиката, таа, сепак, не е ограничена само на ова, туку се остварува и во групите и организациите поставени на пониско ниво од државата (семејствата, црквите, организациите, трговските друштва, синдикатите, итн.). Имено, **политиката е присутна секаде каде што се донесуваат колективни обврзувачки одлуки**.

Затоа, двете основни нивоа на кои се реализира политиката се:

- **Ниво на правила на игра (Rules of game)** – ниво на кое е постигната согласност за основните правила (и нивното менување) според кои ќе се остварува секоја политичка активност. Овие правила се однесуваат на: начинот на владеење, контролата на власта, одговорноста, постапките на одлучување, дисперзијата и контролата на моќта. Наведените правила во современите држави треба да бидат прецизно предвидени во пишаниот устав на земјата.
- **Ниво на Игра во рамките на правилата (Games within the rules)** – е второ ниво на кое се остварува политиката. Тоа е ниво на кое се остварува „нормалната" политика. Притоа, под нормална политика не треба да се подразбира донесување морално-етички (не)исправни одлуки, туку одлуки чии последици се предвидливи и не доведуваат до значајни и тектонски поместувања во структурата на моќта и ресурсите.[25]

[25] Подетално во: Leftwich Adrian. Developmental states, Effective states, and Poverty reduction. Geneva. 2008, стр. 5-10.

АВТОРИ

Харолд Ласвел/ Harold Dwight Lasswell/ (1902-1978) бил водечки американски политиколог. Бил професор по право на Универзитетот Јејл и се смета за еден од неколкуминатa креативни иноватори во општествените науки во минатиот век. Дал особен придонес во развојот на антропологијата, псхихологијата, правото, економијата и социологијата. Негови најпознати дела се: „Политика: кој, што, кога и како добива?“, „Психопатологија и политика“, „Гарисон држава“ итн.

Слика 5. Две основни нивоа на кои се реализира политиката.

Наведеното сфаќање за политиката го застапува и Харолд Ласвел, за кого политиката претставува натпревар околу тоа: кој, што, кога и како добива. Според него интересите, барањата и желбите на луѓето се неограничени, за разлика од ресурсите со кои тие се задоволуваат, кои се ограничени. Затоа, на политиката може да се гледа како на борба за ограничени ресурси, а власта е средство со кое оваа борба се води.[26]

2. СОВРЕМЕНА УПОТРЕБА НА ТЕРМИНОТ ПОЛИТИКА

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Термините: „polity“, „policy“ и „politics“ означуваат три димензии на политиката.

Polity – институционална страна на политиката;
Policy – содржинска димензија на политиката;
Politics – процесна димензија на политиката.

Во македонскиот јазик со терминот „политика“ се преведуваат три англиски зборови: „polity“, „policy“ и „politics“. Овие три англиски термини означуваат, всушност, три димензии на политиката.

Кога ќе се употреби зборот **„polity“** со него се означуваат институциите, односно политичките структури. Овој збор ја означува

[26] Lasswell Harold, Who Gets What, When, How? New York Mc Graw Hill. 1936, преземено од: Hague, R and Harrop, M. Comparative Government and politics. Palgrave McMillan. New York. 2010, стр. 4.

институционалната страна на политиката, нормативната структура, регулирањето на постапките и политичките институции.

На пример, во следните реченици е употребен зборот политика во значење на polity: „Конгресот во Виена не успеа да воспостави нов систем на обезбедување на стабилност на европската политика“. (Thus the congress of Vienna failed to institute any new system for securing the stability of the European **polity**.) „Токму заради внатрешната поделеност и безмилосниот натпревар за ресурси, пакистанското општество и политика е засновано на преговори“. (Precisely because of its internal diversity and the remorseless competition for resources, Pakistan is a society and a **polity** based on negotiation.)

Кога ќе се употреби зборот **„policy“** со него се означува **содржинската димензија** на политиката, односно се означуваат целите, барањата, предметот и резултатот од политиката.

На пример, во следните реченици е употребен зборот политика со значење на policy: „Новиот министер ја продолжи политиката на неговиот претходник“. (The new minister continued in most respects the **policy** of his predecessor.) „Во Мексико националната власт спроведува конзистентна политика за развој на железничкиот сообраќај“. (In Mexico the national government is carrying out a consistent **policy** of developing its railway lines.)

Зборот **„politics“** ја означува **процесната димензија** на политиката, односно политичките актери, процеси и подрачјето на делување на различните актери.

На пример, во следните реченици е употребен зборот политика со значење на politics: „Во моментот, таа не сакаше политика“. (Right now, she didn't want the **politics**.) „Тој сојуз беше доминантен фактор во политиката“. (This alliance was a dominant factor in **politics**.)

Слика 6. Современа употреба на терминот политика.

3. ПРОЦЕС НА ПОЛИТИЧКО ОДЛУЧУВАЊЕ

3.1. ЈАВНИ ПОЛИТИКИ: ПРИРОДА И ЗНАЧЕЊЕ

Политичкиот процес претставува механизам со кој се креира јавната политика.[27] Тоа е процес на формулирање и остварување на јавните политики кој настанува како последица на интеракцијата меѓу различни општествени групи и политичките институции или меѓу политичките елити и јавното мислење.[28]

Јавните политики се дизајнирани да постигнат определени цели, да надминат определени проблеми или да унапредат определени решенија. Тие претставуваат конкретен излезен елемент (output) на политичкиот систем и активност која е преземена врз основа на претходно упатени барања, желби и преференции. За тоа колкаво е значењето на јавните политики зборува фактот што секој сегмент на општественото живеење е детерминиран од јавните политики кои се спроведуваат.

[27] Endru Hejvud, Politika. Clio. Beograd. 2004, стр. 736.
[28] Merriam Webster Collegiate Dictionary. 11 ed.

Примери: Јавните политики се насочени кон уредување на најразлични прашања, од прашања кои се однесуваат на тоа дали е задолжително носење документ за идентификација кога излегувате од дома, до определувањето на висината на даноците кои треба да се плаќаат и кога тоа треба да се стори, од тоа дали здравствената заштита е бесплатна и дали имате можност на бесплатно факултетско образование, до прашањата за тоа дали системот ја предвидува можноста од изрекување смртна казна, итн.

Од друга страна, заради фактот дека јавните политики задираат во севкупноста на општественото живеење, нивното креирање и спроведување е постојано предмет на политичка борба. Која јавна политика ќе биде усвоена конечно зависи од постојаниот натпревар и судир меѓу: законодавната власт, извршната власт, судството, јавната администрација, државите или меѓународните организации, партиите и интересовните групи, јавното мислење, медиумите, итн. Конечно, усвоената јавна политика се смета за финален производ од судирот меѓу сите наведени политички сили.[29] Креирањето на јавните политики подразбира поврзаност на низа акции и настани кои започнуваат од: изнесување идеја, давање предлог, расправа, анализа, оценка и завршуваат со донесување на формални одлуки и нивно спроведување на однапред утврден начин. Притоа, фокусот е поставен на начинот на кој се креира политиката, а не на нејзината содржина. Иако креирањето на јавните политики опфаќа поголем број фази, донесувањето на одлуката претставува најзначајниот дел од политичкиот процес.[30]

Слика 7. Протестот како начин граѓаните да изразат став, да учествуваат во донесувањето одлуки и креирањето јавни политики.

[29] Види подетално: Kenneth and Newton, Jan W. Van Deth. Foundations of comparative politics. Cambridge University Press. 2010, стр. 313-318.
[30] Endru Hejvud, Politika. Clio. Beograd. 2004, стр. 736-737.

Донесувањето одлуки се случува секојдневно. На пример, можете да донесете одлука да останете дома за да учите, наместо да заминете надвор од градот за викенд. За донесувањето на оваа одлука не сте комплетно слободни, во смисла дека сте врзани со определени ограничувања (испит кој претстои, немањето доволно средства или немањето соодветно друштво). Од друга страна, може да се смета дека Вашата одлука претставува резултат на одлуките и акциите на други лица (закажаниот термин за полагање, одлуките на Вашите пријатели, сè уште неисплатената стипендија). Односно, Вашата одлука е врзана и со нечии туѓи одлуки. И, конечно, Вашата одлука зависи и од импликациите кои таа ќе ги предизвика во иднина (/не/положување на испитот, /не/продолжување на стипендијата, итн.) Имено, само една одлука е врзана со цел низ претходно донесени одлуки во минатото и импликации кои ги имаат во иднината.

Доколку одлучувањето на ова најниско (микро) ниво е сложен процес, донесувањето одлуки при креирањето на јавните политики е многу покомплексен и посложен процес, чии карактеристики се:

- **Ограничувања** – Креирањето и усвојувањето на јавните политики е неизбежно поврзано со бесконечна листа на ограничувања. Такви ограничувања се: усогласеноста на јавната политика со веќе постојниот правен систем и праксата на судовите, недостатокот на време и ресурси, влијанието и притисокот на економските сили, барањата на јавноста, притисокот на интересовните групи или опозициските партии, фракциите во самата владејачка структура кои го поместуваат тежиштето на одлучувањето кон своите интереси, итн.
- **Мноштво на одлуки кои се меѓу себе преплетени и условени** – Оваа појава е разбирлива ако се има предвид дека владата која ги креира и усвојува јавните политики не е монолитна (колку и да настојува тоа да биде), туку е компонирана од одреден број министерства, заводи, центри, бројни работни тела, оддели, итн. Дури и во рамките на едно министерство не може да се очекува само една концепција за конкретна јавна политика, туку конструкција која е одраз на различните ставови и влијанија на разни фактори (јавно мислење, групи за притисок, итн.). Во праксата, може да се видат бројни примери на различни ставови за градење на одредена политика, кои се искажуваат и од претставници од иста коалициона влада.
- **Бесконечен политички циклус** – Политичкото одлучување подразбира донесување одлуки кои не се изолирани, туку меѓу себе поврзани, условени и преплетени. Тоа е очекувано,

ако се има предвид дека определена одлука е предизвикана и условена од некоја претходна, а воедно, предизвикува и детерминира следен циклус на политичкото одлучување во иднина. На пример, одлука за субвенционирање на определена земјоделска гранка, неминовно доведува до усвојување на нов циклус политичко одлучување за одделни мерки кои треба да се реализираат, или инструменти да се имплементираат за да се обезбеди таквото субвенционирање. Имено, секое политичко одлучување предизвикува определени спорадични ефекти кои често бараат нова акција. Затоа, наведениот бесконечен политички циклус има за цел да ги уредува и надминува овие спорадични ефекти, како и да усвојува нови начини за уредување на односите во иднина.

3.2. ФАЗИ НА ПОЛИТИЧКИОТ ЦИКЛУС

Анализата на политичкиот циклус упатува на потребата да се диференцираат шест одделни фази кои истиот го сочинуваат. Овие фази се повеќе аналитички, отколку хронолошки, бидејќи во реалноста често доаѓа до нивно преклопување.

1) Секој политички циклус започнува со изборот на најважните и најнеопходните проблеми за решавање. Оваа фаза се означува како **поставување на агенда** (*agenda setting*). Општеството секојдневно се соочува со огромен број проблеми за кои е разбирливо дека не може да се најде решение и не може да бидат надминати во исто време. Од друга страна, сите проблеми кои се резултат на заедничкото (организирано) живеење немаат исто значење и, согласно тоа, нема да имаат еднаков приоритет во надминувањето. Затоа, успешноста на политичкиот циклус и, воопшто, политичкото одлучување зависи од поставување на агенда, распоред на чиј врв ќе бидат поставени најургентните, најитните проблеми кои треба да се надминат и оние на кои е потребно да им се посвети најголемо внимание. Еден од основните проблеми кои се јавуваат во оваа фаза од политичкиот циклус е изборот на прашања за кои треба да се оствари политичкото одлучување. Ова особено затоа што различни интересни групи дејствуваат во насока своето прашање и материја за кое настојуваат да се уреди, да го постават што повисоко на оваа листа. Ваквото влијание и притисок се очекувани, со оглед на тоа што распоредот на проблемот на поставената агенда е претпоставка дека прашањето ќе биде разгледано

или за него воопшто нема да се расправа. Некои автори истакнуваат дека наведените барања и влијанија за поставување на конкретна материја на агендата, всушност, „испливуваат одоздола“, од самиот систем, како барање да се надминат проблемите и несаканите ефекти од некои претходно донесени одлуки. Затоа, можноста да се контролира или да се влијае врз агендата е значаен извор на политичка моќ.[31] Конечно, неопходно е да се потенцира дека оние кои ја креираат оваа агенда, повеќе дејствуваат во насока да одговорат на барањата, влијанијата и притисоците, отколку истата да ја обликуваат во вистинска смисла на зборот.[32]

Слика 8. Барање прашањето за поквалитетен и безбеден живот на лицата со дијабет да се стави на политичката агенда – Протест пред Министерството за здравство одржан на 21.07.2023

2) Следната фаза во политичкиот циклус е **донесувањето одлука** (*decision making stage*). Оваа фаза се остварува врз основа на претходно утврдените приоритети од поставената агенда. Се смета дека оваа фаза од политичкиот циклус е најзначајната фаза не само за практичната политика, туку и заради тоа што открива како се групираат различните политички сили, со цел да креираат политичка одлука. Основната одлука, всушност,

[31] Kenneth and Newton, Jan W. Van Deth. Foundations of comparative politics. Cambridge University Press. 2010, стр. 319.
[32] Hague, R and Harrop, M. Comparative Government and politics. Palgrave McMillan. New York. 2010, стр. 371.

претставува последица на серија поединечни одлуки кои доведуваат до неа. Донесувањето одлука може да се поистовети со крајната пируета која ја изведуваат двајца лизгачи на мраз. Имено, постапувањето на оние кои ја формираат одлуката е условено од претходно поставените барањата за решавање на проблемот. Вообичаено, оние кои ја носат одлуката имаат тесен простор за маневар меѓу – генералниот став на јавноста за определено прашање, претходно усвоените политики во конкретниот сектор и можностите кои се на располагање.



Слика 9. „Донесувањето на одлука е една од фазите на политичкиот циклус. Неодлучувањето за определено прашање исто така претставува своевиден начин на одлучување."[33]

Недонесувањето одлука, исто така, претставува своевиден начин на одлучување. Неодлучувањето (**non decision**) вообичаено е резултат на:

- Прашање кое е „врел костен" и чие уредување предизвикува голем емотивен набој;
- Прашање за кое власта се соочува со моќни опоненти и опасност од вето;
- Прашање кое не е од интерес за власта да го уредува.

33 Слика од Sentavio на Freepik

3) **Изборот на средства, начини и механизми за спроведување на политиката** е следната етапа од политичкиот циклус. Такви достапни инструменти се:
   - Донесување закони;
   - Поттикнување на саморегулација на определени сфери (медиуми);
   - Директна интервенција на државата во определени сфери (образование, здравство, транспорт);
   - Поттикнување на граѓаните на определена акција (кампања против пушење, кампања против абортус, реклами за заштита на животната средина, препораки за заштедување на електрична енергија);
   - Оданочување на определени производи или услуги (цигари, алкохол, бензин, итн.).
4) Следна фаза од политичкиот циклус е **имплементацијата на усвоената политика**.[34] Имплементацијата на јавните политики зависи од: организацијата на системот кој е задолжен за нивно спроведување; усогласеноста на правните правила кои се применуваат; доволното време за мобилизација на севкупните ресурси, и сл.
5) Претпоследната фаза од политичкиот циклус претставува **утврдувањето на исходите и последиците од спроведената јавна политика**. Теоретичарите инсистираат на разликувањето на исходите (outputs) и последиците (outcomes) од спроведените решенија.

   Така, под терминот **output** се подразбира политичката одлука која е донесена, законите и останатите акти кои се донесени како инструмент за нејзина имплементација и средствата кои за тоа се потрошени. На пример, ако се донела одлука за изградба на водоводна мрежа со цел да се олесни снабдувањето со вода и да се отстрани загадувањето на водата од постојната инсталација, *исходот* од таквата одлука би била изградената водоводна мрежа.

   Од друга страна, под терминот **outcome** се подразбираат резултатите и последиците од решенијата (output-от). Имено, основната разлика се состои во спроведувањето на одлуката и тоа што е со неа постигнато. Во претходниот пример, последица од донесената одлука е олеснетото снабдување со вода

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Политички исход (**output**) – политичка одлука која е донесена, законите и останатите акти кои се донесени, инструменти за нејзина имплементација и средствата кои за тоа се потрошени. Политичките исходи (*policy outputs*) се она што власта го презема.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Политички резултат (**outcome**) – резултати и последици од решенијата (output-от). Политичките резултати (*policy outcomes*) е она што власта го постигнува.

34 Види: Endru Hejvud, Politika. Clio. Beograd. 2004, стр. 753.

на повеќе домаќинства, отстранување на загадувањето на водата и подобрувањето на нејзиниот квалитет.

6) Последната фаза од политичкиот циклус е **евалуација, односно оценување на спроведената јавна политика**. Значењето на оваа етапа се состои во фактот што таа овозможува информации за следната јавна политика, односно нејзиното иницирање, формулирање и поставување на агендата. Во оваа фаза од процесот се оценува не само колку јавната политика била соодветна и делотворна, туку и колку „таа фрла светло и на процедуралните проблеми, како: начинот на кој таа е формулирана, кој е консултиран, како и начинот на кој е контролирана нејзината имплементација“.[35] Без остварување на евалуацијата, владејачката елита останува без многу значајни „лекции“ од искуството што го имала од спроведената политика. Затоа, на пример, американскиот претседател Џими Картер инсистирал 1 % од вкупните фондови наменети за проекти врзани за спроведување на јавни политики, да бидат алоцирани за нивната оценка.[36] Важноста на евалуацијата како посебна фаза од политичкиот циклус е особено видлива кај оние држави кои имаат за цел долгорочно да планираат.

35 Endru Hejvud, Politika. Clio. Beograd. 2004, стр. 755.
36 Hague, R and Harrop, M. Comparative Government and politics. Palgrave McMillan. New York. 2010, стр. 373.

Слика 10. Фази на политичкиот циклус.

4. ТЕОРИИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИ ОДЛУКИ

Донесувањето на политичките одлуки претставува една од најзначајните фази на политичкиот циклус. Во теоријата постојат различни сфаќања кои се однесуваат на донесувањето на политичките одлуки. Најзначајните од нив, групирани во модели, се:

- Модел на рационални актери;
- Инкременталистички модел;
- Модел на „гаснење пожари".

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Донесувањето на политичките одлуки претставува една од најзначајните фази на политичкиот циклус. Основни сфаќања кои се однесуваат на донесувањето на политичките одлуки се:

а) *моделот на рационални актери*;

б) *инкременталистичкиот модел* и

в) *моделот на „гаснење пожари".*

4.1. МОДЕЛ НА РАЦИОНАЛНИ АКТЕРИ

Моделот на рационални актери поаѓа од претпоставката дека креаторите на политиката имаат јасно дефинирани цели и низа на средства за нивно постигнување. Во овој модел фокусот е поставен на рационалниот човек кој при донесувањето одлуки бара решенија за добро дефинирани проблеми и употребува соодветни средства за



Слика 11. Модел на рационални актери – Се бараат решенија за дефинирани проблеми.

постигнување на јасно дефинирани цели. Претпоставката од која поаѓа овој модел е дека постојат јасно одделени фази во процесот на донесување одлуки.

Развојната линија која овој модел ја следи, за да се донесе одлуката е:



Слика 12. Развојна линија на моделот на рационални актери.

Имено, согласно овој модел одлуките се однесуваат со реализирање на следните чекори:

1) Утврдување на природата на проблемот;
2) Одредување цел која треба да се постигне, водејќи се од хиерархијата на личните приоритети;

3) Оценка на расположливите средства за постигнување на поставената цел – пресметување на последиците од определените дејствија и споредба на вложеното vs. добивката од секоја стратегија што би се применила;
4) Донесување на одлука за избор на овие средства, односно избор на алтернатива, за која постои најголема веројатност дека ќе доведе до остварување на саканата цел.

Conditio sine qua non за остварување на овој модел е:

А) Поставување на јасни цели;
Б) Човекот да е способен да тежнее кон нивното остварување на рационален и доследен начин.[37]

Тоа значи дека овој модел претпоставува дека човекот секогаш може да донесе одлука, може да ги одреди приоритетите меѓу дадените опции, може да избере најдобра одлука, итн.

Медиумите и избирачите често се склони да ги толкуваат донесените одлуки низ призмата на рационалноста. Тие претпоставуваат дека политичарите „знаат што прават", односно носат одлуки втемелени врз најцелосни информации и најширок избор на опции во најдобар интерес на заедницата. Меѓутоа, во политиката одлуките ретко се донесуваат така самостојно и на изолиран начин. Многу почесто одлуките се резултат на компромиси, преговори и договори.[38]

Затоа, некои автори истакнуваат дека примената на овој модел при креирањето на јавните политики бара постоење на единствено, централизирано и координирано тело кое ќе ја донесе одлуката од една страна, и ефикасна егзекутива која истата ќе ја примени.[39]

Недостатоци на овој модел на донесување политички одлуки се:

1) Овој модел е попримењлив од страна на поединецот, кој има јасна цел и хиерархиски поставени приоритети, отколку од групите во кои се преплетени *разни интереси* и цели;
2) Одлуките кои се донесуваат често се темелат врз *нецелосни или неточни информации* со кои располагаат оние кои ги донесуваат тие одлуки;

37 Endru Hejvud, Politika. Clio. Beograd. 2004, стр. 738.
38 B. Axford, G.K. Browning, R. Huggins, B. Rosamond, J. Tirner „Uvod u politologiju", Zagreb, 2002, стр. 401.
39 Kenneth and Newton, Jan W. Van Deth. Foundations of comparative politics. Cambridge University Press. 2010, стр. 331.

3) Во услови на *криза,* донесувањето на одлуките бара добро обмислување, но уште поважно, вештина на *итно* постапување, која не е специфична за овој модел;
4) *Субјективен елемент* – Субјектите кои ги донесуваат одлуките имаат свои идеолошки преференции, предрасуди и „слепи точки“, итн.[40]

4.2. ИНКРЕМЕНТАЛИСТИЧКИ МОДЕЛ

Инкрементализам е теорија согласно која одлуките не се донесуваат врз основа на однапред дефинирани јасни цели, туку се последица на прилагодувања кои се наметнати од променетите услови, односно мали инкрементални промени. Согласно овој модел, одлуките се донесуваат преку **напредување во фази**.

Слика 13. „Инкременталистичкиот модел на донесување одлуки претставува непрекинат процес на истражување.“[41]

[40] Ibid.
[41] Слика од @federcap на Freepik

Инкременталистичкиот модел на донесување одлуки, кој уште се нарекува и **„наука на снаоѓањето“**[42] претставува своевиден одговор и реакција на моделот на рационални актери.

За разлика од моделот на рационални актери, каде донесувањето на политичката одлука е последица на систематизиран избор на средства од сите понудени алтернативи за да се постигне целта, инкременталистичкиот модел смета дека е потребно донесување на мали одлуки, одење чекор по чекор, при што е неопходно да се вршат одредени прилагодувања. Имено, инкременталистичкиот модел посочува дека донесената одлука, всушност, не е последица на однапред утврден, единствен и јасен план и затоа политичкиот процес не се движи по однапред утврдени фази, туку одредени фази се одвиваат и во исто време.

Донесувањето на одлуката согласно овој модел претставува непрекинат процес на истражување. Имено, носителите на политичките одлуки немаат приоритетни и јасни цели, дејствуваат во рамки на веќе воспоставени обрасци и своите ставови ги прилагодуваат врз основа на реакциите од претходно донесените одлуки. Затоа, креаторите на политиката ги избегнуваат иновативните политички иницијативи, бидејќи премногу се ризични и потенцијално скапи, особено ако се покажат како погрешни.[43] Тоа значи дека инкременталистичкиот модел се соочува со недостатокот, во процесот на маневрирање, фокусот да биде поставен на избегнување на проблемот, а не на неговото решавање.

Иако инкременталистичкиот модел е погоден за креирање на политиката во плуралните демократии и истиот ги опфаќа консултациите, компромисот и отвореноста, негови *недостатоци* се:

1) Инкременталистичкиот модел е повеќе насочен кон избегнувањето да се направи голема грешка, отколку кон постигнувањето на некоја голема очекувана цел, односно решение на проблемот;
2) Оправдува избегнување на иновативни, радикални или револуционерни решенија, во корист на постапување по инерција;
3) Доносителите на одлуки кои го прифаќаат овој модел, повеќе се насочени кон секојдневните проблеми, отколку кон визионерско размислување.[44]

---

[42] Овој модел е развиен од страна на Charls Lindblom (Чарлс Линдблом) во 1959 година.
[43] B. Axford, G.K. Browning, R. Huggins, B. Rosamond, J. Tirner „Uvod u politologiju“, Zagreb, 2002, стр. 404.
[44] Endru Hejvud, Politika. Clio. Beograd. 2004, стр. 741.

Овие недостатоци го поттикнале креирањето на моделот на „комбинирано разгледување“ чија цел е надминување на недостатоците на претходно споменатите модели.[45] Овој модел ги комбинира елементите на рационалниот и инкременталистичкиот модел и смета дека во донесувањето одлуки постојат постепени чекори и „снаоѓање“, но постојат, исто така, и проценка и евалуација на опциите и целите. Според овој мешовит модел, темелните одлуки се важни затоа што се контекст за фазните мали чекори. Креаторите на политиките настојуваат да стекнат сеопфатен преглед на проблемот, врз основа на кој секојдневно можат да донесуваат ad hoc одлуки.[46]

4.3. МОДЕЛ НА „ГАСНЕЊЕ ПОЖАРИ“

Моделот на „гаснење пожари“ презентира една загрижувачка слика за тоа како се донесуваат политичките одлуки. Доколку во претходните модели може да се следи некаква последователност во дејствувањето, кај овој модел таа во целост изостанува. Според овој модел донесувањето на одлуката е „парцијално, хаотично, нецелосно и флуидно“.[47] Субјектите кои ги донесуваат одлуките се оценуваат како безидејни, без јасен фокус на тоа што сакаат да го постигнат, ниту, пак, имаат јасна информација за средствата што им се достапни за тоа. Најголемата активност кај овие субјекти е презентирање на слика за некаква преференција, но не и достигнување на истата. Од друга страна, преземањето на некаква акција од страна на оние кои ја донесуваат одлуката, повеќе наликува на неопходност од итно постапување за решавање на некој проблем (симптом на „гаснење пожари“), отколку настојување да се постигне некоја планирана и обмислена цел со спроведената јавна политика.

[45] Подетално види: Petkovic Krešimir. Kako shvatiti inkrementalizam? Politika teorije Charlesa Lindbloma. Anali Hrvatsog politikoloshkog drushtva. 2007, стр. 360-363.
[46] B. Axford, G.K. Browning, R. Huggins, B. Rosamond, J. Tirner „Uvod u politologiju“, Zagreb. 2002, стр. 405.
[47] He, R and Harrop, M. Comparative Government and politics. Pagrave McMillan. New York. 2010, стр. 370.

	МОДЕЛ НА РАЦИОНАЛНИ АКТЕРИ	ИНКРЕМЕНТАЛИСТИЧКИ МОДЕЛ	МОДЕЛ НА „ГАСНЕЊЕ ПОЖАРИ“
Цели	Целите се поставени пред да се разгледуваат средствата за нивно постигнување.	Поставените цели и средствата за нивно остварување се разгледуваат во исто време.	Целите не се однапред познати и поставени, туку се утврдуваат како резултат на претходно преземени дејства.
Квалитет на политиката	Добра јавна политика е онаа со чие остварување ќе се постигнат јасно зацртаните и однапред поставените цели.	Добра јавна политика е онаа за која главните политички актери ќе постигнат согласност.	Политичкиот процес не ги разрешува проблемите, но понекогаш ќе биде направен некаков избор во таа насока.
Анализа	Сеопфатна и темелна анализа е карактеристична за овој модел. Ефектите на сите понудени алтернативи се предмет на анализа.	Селективна анализа е карактеристична за овој модел. Целта е постигнување на прифатлива, а не најдобра јавна политика.	Ретко се пристапува кон анализа на проблемот и алтернативите за негово решавање.
Со што се оправдуваат политиките	Најчесто се користи теоријата за поддршка на постапувањето и одлучувањето.	Најчесто се користи споредба со слични проблеми, за поддршка на постапувањето и одлучувањето.	Методот на обиди и грешки, како и некое претходно искуство најчесто се користат за поддршка на постапувањето и одлучувањето.

Слика 14. Приказ на трите модели на политичко одлучување

ПРАШАЊА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

1. Што се подразбира под поимите *политика, неформална политика и антиполитика?*
2. Објаснете го сфаќањето за политиката како уметност на владеењето!
3. Прашањето „каде се води политиката“ се поврзува *со сфаќањето за политиката како јавен живот и јавни работи.* Објаснете го ова сфаќање за политиката!
4. Начинот на кој се остварува политиката се поврзува со *сфаќањето за политиката како постигнување на согласност и компромис.* Објаснете го ова сфаќање за политиката!
5. Идентификувањето на политиката во сите активности на луѓето и во секоја сфера на човековото постоење се поврзува со *сфаќањето за политиката како моќ.* Објаснете го ова сфаќање за политиката!
6. Објаснете ја разликата во значењето на поимите: policy, polity и politics!
7. Наведете по еден пример во кој ќе биде употребен секој од овие поими!
8. Кои теории го објаснуваат процесот на донесување одлуки?
9. Кои се одделните фази на политичкиот циклус?
10. Дали термините политички исход (policy output) и политички резултат (policy outcome) се синоними? Објаснете ги!
11. Во што се состои суштината на моделот на рационални актери?
12. Кои се двата основни услови за остварувањето на моделот на рационални актери?
13. Дали моделот на рационални актери на донесување на политички одлуки има свои недостатоци?
14. Објаснете ја развојната линија на моделот на рационални актери! Наведете пример на одлука донесена по моделот на рационални актери!
15. Во што се состои суштината на инкременталистичкиот модел на донесување одлуки?
16. Наведете ги недостатоците на инкременталистичкиот модел на донесување на одлуки!
17. Во што се состои суштината на моделот на „гаснење пожари“? Наведете пример на одлука донесена по моделот на „гаснење пожари“!
18. Објаснете ја разликата меѓу моделот на рационални актери и моделот на „гаснење пожари“?

ГЛАВА 3

ЛЕГАЛИТЕТ, ПОЛИТИЧКИ ЛЕГИТИМИТЕТ, МОќ И АВТОРИТЕТ

ПРАШАЊА ЗА ДЕБАТА

1. Според Вас, дали легалитетот и легитимитетот се синоними? Образложете или објаснете преку примери!
2. Дали сметате дека казнувањето заради пречекорена брзина на возилото на автопат е легитимно?
3. Дали секој закон е легитимен? Дали е прифатливо да се избегне почитувањето на законот?
4. Дали сегрегацијата на населението во Јужна Африка за време на апартхејдот беше легална и дали таа е легитимна?
5. Според Вас, дали легалитетот сам по себе го гарантира и осигурува легитимитетот?
6. Дали поседувањето „пиратирано“ ДВД или фотокопија од учебник е легално?
7. Наведете пример за активност којашто е легална и легитимна.
8. Дали тестирањето на нови лекови врз животни е легитимно?
9. Можете ли да посочите показател за степенот на поддршка којашто системот ја добива од граѓаните? Наведете преку примери!
10. За која државна власт во современите политички системи може да се каже дека е легитимна? Што сметате дека претставува основен показател дека граѓаните ѝ даваат поддршка на државната власт?
11. Наведете примери за харизматски лидери низ историјата!
12. Објаснете на што помислувате кога ќе се употреби терминот „криза на легитимитетот“ или „ерозија на легитимитетот“.

1. НАЧЕЛО НА ЛЕГАЛИТЕТ

Начелото на легалитет е едно од основните начела врз кои се темели правниот и политичкиот систем. Се смета дека неговата појава, втемелување и почитување претставуваат цивилизациска вредност.

Потребата од легалитет историски е поврзана со појавата на државната власт. Имено, државната власт е највисоката власт која го поседува апаратот за физичка принуда. Кај неа секогаш постои објективна опасност истиот да го злоупотреби. Државната власт има големи овластувања во однос на граѓаните, а монополот врз апаратот за физичка принуда ја поставува во надредена позиција. Преминувањето на границата на „дозволеното со закон“ од страна на органите на државната власт, секогаш се рефлектира со повреда на правата и слободите на граѓаните. Затоа, постои неопходност од почитување и остварување на начелото на легалитет. Доколку бегло се осврнеме кон минатото ќе заклучиме дека јакнењето на начелото на легалитет е резултат на влијанието на различни цивилизациски трендови и вековни борби и настојувања за негово остварување. Во современи услови, начелото на легалитет претставува начело на модерните правни системи и една од темелните идеи на правната и политичката филозофија[1].

Слика 1. Хамурабиев законик – настанат во последните децении од владеењето на Хамураби – околу 1780 година п.н.е. Еден од првите извори на правото, со норми и правила на однесување испишани со клинесто писмо, на камен со висина од 2,62 м.

[1] Enciklopedija politicke culture. Savremena administracija Beograd. 1993, стр. 579.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Правно-позитивистичкото значење на начелото на легалитет – актите и правните дејствија да бидат усогласени со законот.

Терминот легалитет потекнува во латинскиот збор lex – со значење закон. Од тука се изведува едно од основните значења на легалитетот – **правно позитивистичкото значење** на начелото на легалитет. Начелото на легалитет означува таква состојба на општествените односи во која условите, принципите и правилата содржани во уставот, законите и останатите правни акти се почитуваат и применуваат во општествената практика, во животот, во сообразност со целите поради кои се донесени. Суштината на ова значење на начелото на легалитет се состои во неопходноста **актите и правните дејствија да бидат усогласени со законот.** Затоа, правно-позитивистичкото сфаќање на начелото на легалитет секогаш се врзува за еден конкретен правен систем и конкретна хиерархиска конструкција на правните акти. Во правно-позитивистичка смисла начелото на легалитет подразбира[2]:

- **Барање, обврска правните акти со помала правна сила да бидат во согласност со правните акти со поголема правна сила**. Настојувањето на усогласеност, хармоничност, интегрираност и монолитност на правниот систем е условено од воспоставената хиерархија на правните акти. Суштината на хиерархијата на правните акти се состои во постоење на поголема правна сила на едните за сметка на другите правни акти што имплицира дека, во случај на судир на два правни прописи, предност и правна задолжителност ќе му се обезбеди на правниот пропис со поголема правна сила[3]. На овој начин, сите акти претставуваат една логична и непротивречна целина и овозможуваат ускладено дејство на целиот правен поредок.
- **Обврска на органите на управата, судовите и воопшто сите органи со јавни овластувања да работат во согласност со законите и останатите правни акти во воспоставениот систем**. Суштината на оваа обврска се состои во барањето органите на државната власт и органите кои вршат јавни овластувања да бидат подведени на уставот и да дејствуваат во согласност надлежностите утврдени со устав и закон. Сепак, начелото на легалитет не подразбира само целосна подведеност на законот (sub lege) при дејствувањето на сите правни субјекти и нивно функционирање во рамките на утврдените надлежности. Напротив, во оваа смисла, тоа се приближува до *правната содр-*

[2] Подетално во ibid, стр. 580.

[3] Трајковска-Христовска Јелена. Уставно-судска контрола на уставноста. Скопје, 2021, стр. 41.

жина на начелото на уставност. Тоа значи дека во воспоставениот систем: 1) мора да се почитува принципот на приоритет на уставот од страна на сите и секого; 2) законодавецот при донесување на законите мора стриктно да се придржува до постапката утврдена со уставот и 3) содржината на законите и другите прописи мора биде во согласност со уставните одредби.

Едно друго становиште за начелото на легалитет во правно-позитивистичка смисла, неговото исполнување го врзува за барањето за правна сигурност и извесност. Оттука, исполнувањето на начелото на легалитет е директно условено од принципот: *nullum crimen, nulla poenae, sine lege* – почитување на начелото на одреденост на кривичните дела и казните, правото на судење во разумен рок од непристрасен суд, почитување на процесните гаранции во судските постапки кои на странките треба да им обезбедат фер судење, почитување на забраната за ретроактивно дејство на законите, и сл. Збирот на овие права некои го означуваат и како право на правда[4]. Од овој аспект, легалитетот претставува фундаментален принцип врз кој се заснова казненото право.

Начелото на легалитет во правно-позитивистичка смисла претставува универзален принцип, но во исто време, минимален критериум кој правниот систем треба да го исполни. Исполнувањето на ова начело, се чини, е вистинското прашање кое ја „скокотка“ правната и политичката наука и вистински предизвик за секој правен систем. Вообичаени механизми кои се креираат во правните системи, за да се осигури почитувањето на начелото на легалитет, се: двостепеност или повеќестепеност на постапките, управен спор, контрола на уставноста на правните акти од страна на уставниот суд, уставна тужба/жалба.

Начелото на легалитет се објаснува и во **правно-филозофска смисла**. Во оваа смисла, начелото на легалитет се доближува до начелото на легимитет. Така, начелото на легалитет подразбира дека правниот поредок ќе биде втемелен на определени хуманистички вредности и политички принципи кои го приближуваат правото до правдата и праведното[5].

[4] Vojin Dimitrijević, Dragoljub Popović, Tatjana Papić i Vesna Petrović, „Međunarodno pravo ljudskih prava“, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2007, стр. 185

[5] Enciklopedija politicke culture. Savremena administracija, Beograd, 1993, стр. 580.

Слика 2. „Легално е затоа што јас така сакам“ – Луј XIV.

Во правно-филозофска смисла начелото на легалитет секогаш се поврзува со **барањето за уставност и конституционализам**. Сфатено во оваа смисла, начелото на легалитет подразбира владеење на правото, а не владеење на луѓето, ограничување на државната власт со правото и „исполнување на: институционални, политички, социолошки, економски, па и етички претпоставки власта да биде ограничена“.[6] Доследната примена на начелото на легалитет во оваа смисла ја обезбедува правната сигурност на граѓаните, чувството дека живеат во држава во која владее правото, во која се предвидени и се почитуваат правата и слободите на човекот и граѓанинот и во која е оневозможено арбитрарното и самоволно однесување на органите на државната власт.

Начелото на легалитет во правно-филозофска смисла ги исклучува: владеењето на личната власт (култ на личноста), арбитрарната власт, монополот на разни елити, водачи, неформални групи и вонуставни фактори на општествена моќ.[7]

[6] Ibid.
[7] Ibid.

Историјата потврдила дека, сфатено во оваа смисла, начелото на легалитет многу почесто претставувало идеал, отколку реалност. Ова особено затоа што политичката моќ се чини поумешна во изнаоѓање начини и средства на влијание, како и изнаоѓање нови облици да го оствари своето влијание и да ги заобиколи позитивните правни норми.



Слика 3. Начелото на легалитет го оневозможува преобразувањето на правниот систем во мрежа која ги лови единствено „ситните риби“.

Една анегдота правниот систем го претставува како мрежа во која се уловуваат ситните риби, а крупните и моќните успеваат да ја скинат. За до тоа да не дојде и тоа да се оневозможи, начелото на легалитет во себе ги вградува институционалните механизми кои ја ограничуваат власта, самоволното или волунтаристичкото дејствување. Такви се: гаранциите на правата и слободите на човекот и граѓанинот, постоење на повисок закон, принципот на поделба на власта, начелото на кочници и рамнотежа, барање за постоење на независно судство, институтот на контрола на уставноста на правните акти, итн.

Слика 4. Принципи и категории опфатени со начелото на легалитет.

2. НАЧЕЛО НА ЛЕГИТИМИТЕТ

2.1. ПОИМ И СУШТИНА НА ПОЛИТИЧКИОТ ЛЕГИТИМИТЕТ

Начелото на легитимитет претставува предмет на проучување на политичкиот систем како научна дисциплина. Сепак, погрешно би било да се ограничи проучувањето на ова начело единствено од страна на политичкиот систем како наука и политичките науки. Иако легитимитетот има централно место на проучување од страна на политичките науки, начелото е предмет на проучување и од страна на: правните науки, социологијата, филозофијата и политичката антропологија. Оттука, постојат многубројни и различни дефиниции и објаснувања на поимот легитимитет. Независно од ова, кога ќе се спомене терминот легитимитет постои едно општо сфаќање за тоа што се крие зад него. Така, *идејата за легитимите-*

Тој првично се врзува со ***правото да се владее****. Легитимитетот во својата суштина* ***значи признавање на правото да се владее; уверување во достојноста на институциите на власта.***

Во најопшта смисла, под поимот легитимитет се подразбира согласност дадена на системот од страна на граѓаните, односно прифаќање на институциите во системот на организација на власта, од страна на граѓаните. *Легитимитетот значи прифаќање на оние кои ја вршат власта од страна на припадниците на една политичка заедница.*

Прифаќањето или согласноста на носителите на власта од страна на граѓаните е резултат на:

Прифаќањето и согласноста на некои повисоки **вредности** (правда, демократија, еднаквост, слобода, итн.) кои носителите на власта ќе ги негуваат и почитуваат.

Прифаќањето на **процедуралните правила** по кои се врши изборот на носителите на власта и носителите на државните функции (постоење на повеќепартиски избори, остварување на: фер, демократски и слободни избори).

Терминот легитимитет потекнува од латинскиот збор *legitimare,* со значење – *да се прогласи, означи за законито.* Оттука, разбирливо е честото поистоветување на терминот легитимитет со терминот легалитет. Во контекст на тоа мора да се потенцира дека меѓу овие две категории не постои знак за еднаквост, и дека, иако блиски, двата термина не претставуваат синоними. Затоа, неопходно е разликувањето на терминот легитимитет од терминот легалитет.

Имено, *начелото на легалитет* подразбира организирање и функционирање на институциите и носителите на државната власт во согласност со законите на постојниот систем. *Начелото на легитимитет,* пак, претставува позитивно вреднување, уверување во исправноста и прифаќање на институциите и вршителите на власта, затоа што тие се во согласност со политичките идеали и вредности кои уживаат поддршка од мнозинството граѓани.[8]

Секоја власт не го ужива авторитетот на легитимна власт. Таа може да биде подведена на начелото на легалитет, но во исто време, да не биде легитимна, и обратно.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Легитимитет е прифаќање на институциите во системот на организација на власта – согласност на системот од страна на граѓаните.

[8] Марковиђ Ратко. Уставно право и политичке институције. ИП Јустинијан. Београд, 2004, стр. 195.



Слика 5. Примери дека начелата на легалитет и легитимитет секогаш не се преклопуваат.



Слика 6. „Легалитетот и угнетувањето некогаш одат рака под рака“ – Том Хокинс.

Легалитетот сам по себе не го гарантира, ниту осигурува прифаќањето на власта, прифаќањето на обврските од страна на граѓаните или граѓанската послушност. Значи, легалитетот сам по себе не го гарантира легитимитетот. Тоа е така затоа што начелото на легитимитет е пошироко и во себе го опфаќа начелото на легалитет.



Слика 7. Однос на начелата на легалитет и легитимитет.

Принципот на легитимитет го поседува обележјето на морален или рационален принцип. Постигнувањето на поддршката и прифаќањето на носителите на власта од страна на граѓаните не е можно единствено со почитувањето на законите и подведувањето на сите и секого sub lege, туку зависи и од почитувањето на некои повисоки хуманистички принципи и вредности, иманентни за заедницата.

НАЧЕЛО НА ЛЕГАЛИТЕТ	НАЧЕЛО НА ЛЕГИТИМИТЕТ
Се однесува на законот и подразбира подреденост на законот и позитивното право	Се однесува на: етичките вредности, мета-правните правила, категории и принципи.
Начелото на легалитет се врзува со согласноста со законот, усогласеноста со позитивното право.	Начелото на легитимитет, пак, вклучува следење на еден: правилен, вистински, морален и етички пат.
Начелото на легалитет нè ограничува на законот и се однесува на она што можеме, смееме и она што не смееме да го правиме и е забрането.	Легитимитетот се врзува со она што се постигнува со правдата и праведноста, она што е заслужено, или она што е наследено.
Легалитетот се однесува на активноста – дали нешто што се презема, прави, е во согласност со законот, или е негова повреда.	Легитимитетот се однесува на поддршката за определена активност – дали некој има, или нема поддршка да извршува некоја: активност, дејство, надлежност или функција.

Слика 8. Графички приказ на разликите помеѓу начелата на легалитет и легитимитет.

За разлика од начелото на легалитет за чие проучување повеќе се заинтересирани правните науки, начелото на легитимитет има централно место во проучувањето од страна на политичките науки.

2.2. ТЕОРИИ ЗА ЛЕГИТИМИТЕТОТ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ

Прашањето за легитимитетот на државната власт е поврзано со прашањето за оправдување на постоењето на државната власт, односно прашањето од каде потекнува авторитетот на власта. Поаѓајќи од тоа, класичната правна теорија прави класификација на три големи групи становишта за тоа од каде потекнува авторитетот да се врши власта. Тоа се:

- *Теократски теории* – според кои власта потекнува од Бог и вистински владетел е само Бог. Изворот на авторитетот да се врши власта на земјата е божествен, а владетелот на земјата е определен одозгора, од Бог. Затоа, владетелот е одговорен само пред Бог. Луѓето се обврзани да ѝ се покорат на ваквата државна власт бидејќи нејзиниот извор е божествен. Оттука, државната власт на земјата е легитимна сè додека владетелот ги почитува божјите заповеди и правила, кои секогаш се надредени над правото во државата.
- *Автократски теории* – според кои државната власт претставува **самата свој извор** на авторитет и моќ. Државната власт е апсолутна и е ослободена од секој облик на влијание, како одозгора (Бог), така одоздола (граѓаните). Легитимитетот на државната власт произлегува од правото на државата да владее.
- *Демократски теории* – **изворот на легитимитетот на државната власт го лоцираат во граѓаните и нивната волја**. Власта има добиено „полномошно“ од граѓаните да владее. Волјата на граѓаните е пресликана во државната волја. Имено, волјата на мнозинството граѓани со која тие ги избираат своите претставници во претставничкото тело, изразена непосредно на слободни избори, претставува основниот извор на легитимитет на државната власт. Легитимна е онаа државна власт која потекнува од граѓаните.

Суштината на сите три групи теоретски становишта е да се определи која државна власт е легитимна и каде треба да се бара изворот на легитимитетот. Конечно, легитимна власт е онаа власт чијшто

носител „титулар“ *е легитимен*. Доколку државната власт ја врши некој друг, тогаш тој се јавува во улога на узурпатор кој зад себе ја нема поддршката и согласноста да владее. Тој може да ја има материјалната сила и силата на принуда со која владее, *но „голата“ сила не е можно да се одржи на долг рок без поддршката од граѓаните*. Затоа, остварувањето на ваквата државна власт е нелегитимно. Имено, *легитимна власт е онаа власт која има оправдување за своето постоење, власт за чие постоење и остварување се согласни оние над кои таа се остварува*. Во современите политички системи ***легитимна власт е државната власт која претставува израз на: довербата, волјата и согласноста на граѓаните изразена на избори.***[9]

Едно друго становиште упатува на тоа дека, вообичаено: митот, легендите, магијата или авторитетот на Бог се средствата што се користат и на кои владетелот се повикува за да се оправда владеењето во традиционалните општества. Современите системи, пак, го оправдуваат своето постоење и функционирање со тврдењето дека ја претставуваат волјата на граѓаните која се рефлектира во: 1) резултатите од изборите и 2) пишаните устави во кои се систематизирани основните вредности, принципи и правила на кои се подведува општеството.[10]

Легитимитетот на државната власт е директно поврзан со стабилноста на власта. Имено, државната власт го поседува монополот на државна принуда и истиот може да го користи. Сепак, доколку остварувањето на власта и, воопшто, функционирањето на државната власт се реализира единствено со негово користење, разбирливо е дека таа нема да ужива легитимитет и со тоа нема да може да опстане на долг рок. Таквата власт, која своето егзистирање го темели со отсуство на поддршката од страна на граѓаните, ќе се соочи со многу неизвесна судбина. Затоа, *секоја власт тежнее да го ужива легитимитетот* од страна на граѓаните, а нејзината „надмоќ“ да биде заслужена, одобрена и прифатена. Конечно, затоа се вели дека легитимитетот на државната власт е предуслов за нејзината стабилност.

Поаѓајќи од тоа, Макс Вебер разликува три основни форми, идеални типови на легитимна власт. Тоа се: ***традиционална, харизматска и правно-рационална*** легитимна власт. Накусо, граѓаните мо-

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Макс Вебер разликува три основни форми, идеални типови на легитимна власт. Тоа се: *традиционална, харизматска и правно-рационална* легитимна власт.

[9] Ibid, стр. 197.

[10] Reyes E. Giovanni. Theoretical Basis of Crisis of Legitimacy and Imlications for Less Developed Countries. Revista de la Facultad de Ciencias Económicas y Administrativas. Universidad de Nariño Vol. XI. No1, стр. 146.

АВТОРИ

Макс Вебер /Maximilian Karl Emil Weber/ (1864-1920) е германски социолог, историчар, правник и политички економист. Се смета за еден од најзначајните класични мислители во општествените науки и еден од татковците на социологијата, иако себе си никогаш не се доживувал како социолог. Најзначајните дела на Вебер ги проучуваат рационализацијата и бирократизација во време на експанзија на капитализмот. Со својот творечки опус извршил силно влијание на многу подоцнежни мислители меѓу кои Јирген Хабермас.

жат да имаат верба во власта и таа ќе биде легитимна, затоа што ги прифатиле и се прилагодиле на воспоставените правила на однесување (традиционална власт), веруваат во личните особености на нивниот: лидер, водач, владетел (харизматска власт) или ги прифаќаат и се согласни со општите правила утврдени во законите (правно- рационална власт). Заедничко за секој од овие три идеални форми на легитимна власт е неопходност од „соодветна добра волја кај граѓаните“ да се подведуваат на одлуките на оние кои истите ги донесуваат. Секоја од овие три типа легитимна власт, Вебер ги поврзува со авторитетот на нивните носители „титулари“.

- ***Традиционалната власт*** се темели врз уверувањето во светоста на древните традиции и обичаи, како и легитимната положба на оние кои власта ја вршат согласно тие традиции. Традиционалната власт се смета дека е легитимна затоа што „постои отсекогаш“ и историјата ја потврдила. Вебер смета дека традиционалната власт дејствува во согласност со конкретни правила и непроменети обичаи кои се потврдени и чија исправност не се проверува.[11] Традиционалната власт е тесно поврзана со наследниот систем на моќ и привилегии.[12] Оној кој поседува традиционален авторитет „нема причина да ја оправдува својата положба, а неговото почитување и подведувањето на неговата волја се смета за природен ред на нештата.“[13] Традиционалната власт, вообичаено, претставува продолжување на патријархатот и е карактеристична за племенското организирање и геронтократските заедници.

[11] Hejvud Endru. Politika. Clio, стр. 401.
[12] Ibid.
[13] Hague, R and Harrop, M. Comparative Government and politics. Palgrave McMillan. New York. 2010, стр. 12.

Овој систем на вредности проектиран на политичкиот систем (пример: династичкото владеење во Кувајт и Саудиска Арабија) претставува основа за владеење кое субјектите се обврзани да го прифатат безусловно.

- ***Харизматската власт*** се темели врз приврзаноста кон посебна и исклучителна светост, харизма, примерен карактер, хероизам на една личност. Овој облик на власт се заснова врз моќта на личноста, односно личните карактеристики на поединецот. Харизматската власт не мора да зависи од статусот, односно општествената положба или функција на личноста. Таа зависи исклучително од „способноста на водачот, кој во улога на херој или светец, директно и лично влијае врз следбениците“.[14] Се вели дека „харизматската власт има, речиси, мистичен карактер, и настојува на лична предаденост кон харизматскиот водач, емотивна зависност, па дури и обожување“.[15] Вообичаено, харизматските лидери се јавуваат во време на кризи и пресврти, а соодветни примери за тоа се: Исус Христос, Махатма Ганди, Мартин Лутер Кинг, Хитлер, Тито.
  Овој облик на власт е сосема спротивен на традиционалната власт. Имено, доколку традиционалната власт наметнува барање да се почитуваат воспоставените правила, обичаи и традиции, личноста на владетелот во кој е сосредоточено искуството и животната мудрост, харизматската власт сето тоа го отфрла. Харизматскиот лидер секогаш гледа напред во иднината и своите следбеници ги убедува во постоењето на „ветената земја“, „веднаш зад аголот“.[16] Харизматскиот лидер има тенденција да развие „култ на личноста“, често си придава месијански обележја и од своите следбеници и послушници бара целосна потчинетост. Харизматската власт, која се остварува преку авторитетот на харизматскиот лидер, не почива врз формални правила, постапки и процедури и затоа е неограничена. Од друга страна, Вебер истакнува дека харизматската власт е толку врзана и зависна од лидерот кој поседува харизматски авторитет, што системот, речиси, никогаш не го надживува лидерот. Имено, за разлика од традиционалната власт, харизматската власт нема капацитет да се одржи. Таа

[14] Hejvud Endru. Politika. Clio, стр. 403.
[15] Ibid, стр. 404.
[16] Hague, R and Harrop, M. Comparative Government and politics. Palgrave McMillan. New York. 2010, стр. 13.

избледува и постепено се губи со исчезнувањето на лидерот, па најсоодветен пример за ваков облик на власт се режимите на: Наполеон, Мусолини, Хитлер. Од друга страна, таа може да се трансформира во постабилна структура. Овој процес се означува како „рутинизација на харизмата“ (религиозниот лидер основа верска заедница, политичарот формира политичка партија). Вебер истакнува дека „судбината на харизмата е да се повлече со развојот на воспоставената институционална структура“.[17]

Слика 9. Махатма Ганди и Нелсон Мандела за време на отслужувањето на затворската казна во Јоханезбург. Constitution Hill Human Rights Precinct, затвор преобразен во музеј кој сведочи за едни темни денови од историјата на човештвото – декември 2022, Јоханесбург, Јужна Африка.

[17] Weber M. The Theory of Economic and Social Organization. Berkeley, CA University of California Press. 1922, стр. 129. Преземено од Hague, R and Harrop, M. Comparative Government and politics. Palgrave McMillan. New York, 2010, стр. 13.

- Последниот Веберов облик на власт е ***правно-рационалната власт***. Оваа власт почива врз уверувањето во легалноста на општите правила на однесување, како и во правото на оние кои ја вршат власта тоа да го прават.[18] Овој облик на власт Вебер го поврзува со збир на јасни, прецизни и однапред познати правила на однесување. Во правно-рационалниот облик на власт, „послушноста" се однесува на правилата и правото, а не на носителите на власта. Тоа овозможува воспоставување на систем на организација на власт кој е насочен на правото, а не на традицијата или харизмата на носителот на власта. Правно-рационалната власт е специфична за современите демократски држави во кои моќта на носителите на функциите (претседател, премиер) зависи од формални, уставни правила кои ја детерминираат нивната положба и со тоа ја ограничуваат власта. Оттука произлегува и предноста на овој Веберов облик на власт – *значително намалена можност таа да биде злоупотребена*. Сепак, Вебер не ја идеализира оваа форма на власт и потенцира дека и таа има свои недостатоци. Таков недостаток е можноста од целосна деперсонализација и дехуманизација на општеството, како резултат на ширењето на бирократските и технократските облици на организација.[19] Имено, се чини дека правно-рационалната форма на авторитет станува предоминантна во современото општество. Така, постапувањето на јавните службеници исклучително согласно утврдените правила и процедури, без ширина во нивното толкување, строгото придржување на судиите до правната норма, со исклучување на спецификите на случајот на кој работат, се пример за „рационалност развиена до крајни граници". На овој начин на постапување може да му недостасува настојувањето за постигнување на некоја повисока вредност од „правото во книгите", и уште поважно, следењето на еден: правилен, морален и етички пат. Последново се врзува со суштината на легитимитетот и ја претставува срцевината на идејата за живот во заедница.

[18] Марковиђ Ратко. Уставно право и политичке институције. ИП Јустинијан. Београд, 2004, стр. 195.

[19] Повеќе во: Understanding American Government, third edition West publishin Company, 1995. стр. 362.

	ОСНОВА	ПРИМЕРИ
Традиционален авторитет	□ Обичаи; □ Древни традиции; □ Наследен систем на моќ и привилегии; □ Воспоставен начин на однесување и дејствување.	Патријархални заедници, геронтократски заедници, монархии.
Харизматски авторитет	□ Моќта на индивидуата – неговата/нејзината харизма; □ Лична предаденост кон харизматскиот водач, емотивна зависност или негово обожување.	Наполеон, Мусолини, Хитлер, Махатма Ганди, Мартин Лутер Кинг.
Правно-рационален авторитет	□ Правила; □ Постапки и процедури; □ Канцелариски служби.	Бирократија, Технократија.

Слика 10. Три идеални типови на авторитет според Макс Вебер.

Конечно, во современите системи постојат голем број фактори кои го условуваат легитимитетот на државната власт. Сепак, се смета дека државната власт ќе биде легитимна доколку се исполнети три основни услови. Тоа се:

- *Власта мора да се остварува согласно однапред утврдени и прифатени правила;*
- *Овие правила мораат да бидат израз на согласноста на владеаните;*
- *Овие правила мора да тежнеат да остварат повисоки: принципи, категории и вредности (достоинство, еднаквост, слобода, правда, толеранција).*

2.3. КРИЗА НА ЛЕГИТИМИТЕТОТ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Кризата на легитимитетот се однесува на: падот на довербата, поддршката, согласноста којашто треба да ја ужива политичкиот систем.

Прашањето за политичкиот легитимитет не било секогаш актуелно. Периодот по завршувањето на Втората светска војна е период кога правната и економската нестабилност на системите имала централно место на проучување од страна на: правните, политичките и економските науки. Дури, периодот од 70-тите години на минатиот век го актуализира прашањето за проучувањето на легитимитетот и уште повеќе прашањата кои се однесуваат на дефицитот на легитимитетот и кризата на легитимитетот.

Се чини дека овие теми во современи услови се постојано во фокусот на проучување и анализа. Некои истражувања покажуваат дека иако генерално барањата на граѓаните и, воопшто, аспирациите за демократија се високи, вербата, поддршката и согласноста на граѓаните кон институциите на системот е во постојан пад.[20] Оваа „ерозија“ на легитимитетот во институциите на системот и континуираното опаѓање на „нивоата“ на поддршка, во современите демократии се загрижувачки и неминовно го актуализираат прашањето од можната појава на криза на легитимитетот.

Кризата на легитимитетот се однесува на падот на: довербата, поддршката, согласноста која треба да ја ужива политичкиот систем. Терминот првпат бил воведен во 1973 година од германскиот филозоф и социолог Јирген Хабермас. Настанувањето на кризата на легитимитетот, Хабермас ја врзува со губењето на капацитетот и способноста на политичкиот систем да ги извршува функциите и целите за кои е воспоставен.

Во современи услови сите дебати кои се водат околу легитимитетот, речиси секогаш се насочени кон:

- Стабилноста на политичкиот систем;
- Капацитетот, односно способноста на воспоставениот политички систем да ги разрешува проблемите и да одговори на: барањата, желбите и преференциите на граѓаните.

Имено, секој политички систем зависи од неговото признавање и прифаќање од страна на граѓаните. Всушност, граѓаните се оние кои мораат да ги почитуваат и да се „подведат“ на законите и, воопшто, да ги прифатат одлуките кои ги донесуваат институциите во

[20] Severs Eline & Mattealer Alexander. A Crissis of Democratic Legitimacy? It`s about Legitimation, European Policy Biref, EGMONT Royal Institute for International Relations.

системот. Оваа манифестирана „добра волја“ и согласност од страна на граѓаните кон системот, мора да постои во континуитет, со цел да се спроведуваат одлуките кои обврзуваат, кои воспоставениот систем ги креира и донесува.

Во случај кога согласноста и довербата кон системот од страна граѓаните ќе почне да изостанува, а „нивото“ на поддршка да се намалува, воспоставениот политички систем може да почне да се соочува со проблемот на неговата стабилност. Тоа значи дека појавата на дефицитот на легитимитетот во политичкиот систем и неговите институции, ја доведува во прашање неговата стабилност и натамошно: егзистирање, функционирање и развиток. Имено, теоријата истакнува дека функционирањето на системот и неговата ефикасност директно се условени од довербата и поддршката која системот ја добива од граѓаните. Значи, стабилноста на системот и неговиот капацитет да ги разрешува проблемите се правопропорционално поставени со степенот на поддршка, согласност и верба која воспоставениот систем ја добива од страна на граѓаните. Така, кога граѓаните оценуваат дека институциите се рецептивни, респонзивни и позитивно одлучуваат за нивните барања и желби, тие веруваат во системот и ја обезбедуваат неговата поддршка. Во спротивно, доколку системот почне да ја губи способноста да одговори позитивно на барањата и желбите на граѓаните, креирањето на одлуките заостанува или е премногу задоцнето, ќе дојде до постепена појава на дефицит или намалување на поддршката којашто тој ќе ја добива од граѓаните.

Слика 11. Показатели на степенот на поддршка која ја добива политичкиот систем.

Оттука, може да се заклучи дека политичкиот легитимитет е активна и динамична категорија. Така, секојдневните активности кои власта ги презема се постојано под надзор и предмет на оценка, која влијае врз севкупната доверба и поддршка која системот ја добива. Привржаниците на овие становишта истакнуваат дека ова претставува континуиран процес низ кој се редефинира легитимитетот, а со тоа и моралните, етичките вредности кои претставувале основа за определена акција или одлука од страна на власта. Конечно, политичката доверба претставува рефлексија на оценката дали институциите во системот функционираат во согласност со очекувањата на јавноста.[21]



Слика 12. Однос меѓу стабилноста на системот и легитимитетот кој го ужива.

[21] Неомарксистичките теоретичари, од кои најистакнат е Јирген Хабермас, процесот на криза на легитимитетот го објаснуваат низ судирот на капиталистичките економии и притисокот на социјалната политика. Така, Хабермас истакнува дека капиталистичките економии се со тенденција на постојано ширење заради остварување профит. Ширењето на политичките и социјалните права со цел да се обезбеди поддршка на овие системи, од друга страна, воспоставува противтежа. Капиталистичките демократии не се во состојба истовремено трајно да ги задоволуваат барањата за социјална сигурност и остварувањето на социјалните права со барањата наметнати од пазарот и остварувањето профит. Затоа, Хабермас истакнува дека овие системи ќе бидат принудени или да се спротивстават на притисоците за социјална правда и сигурност или да ризикуваат колапс на економијата. Затоа, на овие системи се очекува да им биде сè потешко и на крајот невозможно да го одржат легитимитетот. Подетално во: Hejvud Endru. Politika. Clio, стр. 405-409.

Слика 13. „Насилните протести се показател за падот на поддршката која системот ја добива од граѓаните“.

Примери за појава на криза на легитимитетот забележани во светската историја се: Франција, по Револуцијата од 1789 година, земјите од Африка кои се стекнаа со независност по ослободувањето од колонијалното ропство, земјите од Источна Европа кои се ослободија од сталинистичкиот режим, Либија, по Револуцијата, дел од „Арапската пролет“. Како пример на криза на легитимитетот, некои автори ги посочуваат и Претседателските избори во 2000 година во САД, на кои главни противкандидати беа Ал Гор и Џорџ Буш. На овие избори Џорџ Буш победи со 5 електорски гласови разлика и тоа со помош на контроверзната пресуда на Врховниот суд на САД во предметот: „Буш против Гор“. Оваа пресуда го одлучила победникот на Претседателските избори во САД во 2000 година. Ал Гор барал рачно пребројување на гласовите во четири окрузи на Флорида во кои Демократската партија традиционално има поголема поддршка, но не барал пребројување во оние окрузи каде поддршката е поголема за Републиканците. Врховниот суд на Флорида го прифатил тоа барање, но Врховниот суд на САД пресудил дека предложениот начин на повторно пребројување на гласовите кој го прифатил Врховниот суд на Флорида е во спротивност со уставната одредба за еднаква законска заштита и дека не може да се примени друг начин на пребројување на гласовите. После таа пресуда на Врховниот суд на САД, 25 електорски гласови кои доаѓале од Флорида му се доделени на Џорџ Буш, кој со нив освоил 271 електорски глас, наспроти Ал Гор кој

имал 266 електорски гласови. Од тие причини, овие избори во САД се даваат како пример за криза на легитимитетот.

Да заклучиме, денес во демократските земји, легитимитетот на власта се стекнува на избори кои се слободни, фер и спроведени согласно договорени изборни правила кои овозможуваат фер натпревар на кандидатите. *Но, легитимитетот на власта не е еднаш за секогаш даден.* Секоја власт треба да го одржува својот легитимитет преку почитување на уставот, законите, човековите права, принципите на правда и правичност, но и барањата на граѓаните. Доколку власта не се однесува на тој начин, без оглед што е избрана на слободни, фер и демократски избори, ќе го изгуби легитимитетот и настанува криза на легитимитетот.

3. ПОИМОТ МОЌ И ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ

Поимот моќ, како и поимите: авторитет, власт, легитимитет, претставува клучна политичка категорија. Овие поими се повеќеслојни, меѓу себе поврзани, преплетени и условени. Науката на политичкиот систем во својот предмет на проучување ги вклучува сите овие категории. Тоа затоа што нивното прецизно разграничување, утврдување на начинот на кој дејствуваат е неопходно за да се утврди природата и карактерот на определен политички систем. Издвојувањето како посебни категории и нивното дефинирање претставува вистински предизвик за политичкиот систем како научна дисциплина.

Поимот моќ потекнува од латинските зборови, *potentitia* – со значење: физичка сила, јачина, капацитет, способност и *potestas* – со значење: моќ, власт, овластување, надлежност.

Моќта е основен поим во општествените науки, исто како што енергијата е основен поим во физиката. Постојат различни сфаќања за поимот моќ. Тука ќе се осврнеме на: филозофското, социолошкото и политичкото сфаќање на поимот моќ.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Политичкото сфаќање на поимот моќ – *можност да се наметне нечија волја врз однесувањето на други лица.*

ФИЛОЗОФСКО СФАЌАЊЕ НА ПОИМОТ МОЌ	Филозофското сфаќање на поимот моќ прави разграничување на □ Моќ како чиста моќ – се однесува на моќ за: опстанок, преживување и развиток. Иманентна е за: природата, животните и човекот. Ако не се поседува оваа моќ, тоа значи: застој, неподвижност и уништување. □ Моќ како надмоќ – субјект на моќта е човекот. Сфатена во оваа смисла, моќта е со значење на: владеење, управување, присвојување, угнетување, наредување. Предуслов за моќта како надмоќ е постоење на хиерархија и зависност, надреденост и подреденост. □ Моќ како можност – се врзува со креативните способности на човекот и можноста за создавање. Моќта за креација е ослободителна. Таа ги руши воспоставените хиерархиски односи и воспоставува односи на повисоко ниво и квалитативно усовршени односи.
СОЦИОЛОШКО СФАЌАЊЕ НА ПОИМОТ МОЌ	Социолошкото сфаќање на поимот моќ се врзува за интеракцијата на поединецот и општеството. Во оваа смисла, моќта се поистоветува со способноста за влијание. Во фокусот на ова сфаќање е моќта на поединецот во однос на општествените групи и моќта на општествените групи и општеството во однос на поединецот.
ПОЛИТИЧКО СФАЌАЊЕ НА ПОИМОТ МОЌ	Политичкото сфаќање на поимот моќ на оваа категорија гледа како на можност да се наметне нечија волја врз однесувањето на други лица. Науката на политичкиот систем се занимава со проучувањето на политичкото сфаќање на поимот моќ.

Слика 14. „Различни сфаќања за поимот моќ.“

Низ историјата, во различни епохи и во различни општествено-економски уредувања, моќта имала различни *извори*. Така, во античкиот период и воспоставеното робовладетелско општествено-економско уредување, моќта почива врз „patria potestas“ на семејството и домаќинството. Во периодот на феудализмот, моќта извира од феудите (земјоделските поседи), а воедно е и во функција на овие поседи. Феудалните поседи во овој период претставуваат основа на судската, управната, религиозната и воената власт. Со настанувањето на капитализмот, кога се менуваат односите во општеството, и

особено односот кон политиката, основа и извор на политичката и општествената моќ се парите. Моќта со помош на парите станува флуидна и пренослива. Таа повеќе не е врзана за феудалниот посед, ниту е фиксирана.[22]

Моќта може да се јави во повеќе форми. Доколку како критериум се земе *субјектот кој ја поседува*, моќта може да биде **поединечна** и **општествена**.

- **Поединечната моќ** се врзува за поединец. Тоа е моќта на: владетелот, водачот, сопственикот, војсководачот. Во оваа смисла, моќта се врзува со личноста на поединецот, но е условена и од надворешни фактори (неговата положба во општеството, богатството што го поседува, контактите и познанствата со останатите во заедницата). Поединечната моќ не треба да се занемарува во општеството. Тоа е моќ која може да стане доминантна и да ја исклучи општествената моќ. *Политичките системи кои се класифицираат како автократски системи, имаат тенденција да ја негуваат поединечната моќ.* Поединечната моќ во ваквите системи (деспотии, тирании, диктатури) е втемелена и се одржува со помош на силата, казната, принудата и стравот што го предизвикува кај останатите луѓе во заедницата.
- **Општествената моќ** претставува организирана моќ. Тоа е моќ на определен општествен сталеж, општествен слој или класа, односно организирана група луѓе. Оваа форма на моќ не е врзана за една личност, туку за цела една група луѓе и е условена од нејзината положба во општеството. На пример, таков облик на моќ е моќта на буржоазијата во апсолутните монархии. Обележја на оваа форма на моќ се: хомогена структура, почитување на принципи на хиерархија и доминација внатре во организираната група, строга контрола и нивно почитување со инструментите на убедување и принуда (пример: непочитување на правилата резултира со екскомуникација), латентна способност групата да ја наметне својата волја во определена ситуација или услови. Во современите системи оваа моќ се врзува со моќта на политичките партии, интересовните групи, синдикатите, верските заедници.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Моќта може да биде **поединечна** (се врзува за поединец, моќ на: владетелот, водачот, сопственикот, војсководачот) и **општествена** (организирана моќ, моќ на: определен општествен сталеж, општествен слој или класа, односно организирана група луѓе).

[22] Enciklopedija politicke culture. Savremena administracija, Beograd. 1993, стр. 687.

Во зависност од *областа во која моќта се манифестира*, се разликуваат:

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Според областа во која се манифестира моќта, може да биде: **духовна** (ја опфаќа: моќта на идејата, моќта на образованието, религиската моќ, моќта на културата), **економска** (се однесува на: располагањето со материјалното богатство; сопственоста; и контролата на ресурсите и средствата за производство) и **политичка** моќ.

- **Духовна моќ** – ја опфаќа моќта на идејата, моќта на образованието, религиската моќ, моќта на културата. *„Образованието е моќ“* (Френсис Бекон). Овие творби го овозможуваат напредокот на општеството и се предуслов за неговиот развиток. Со оглед на значењето што го има оваа форма на моќ, некои автори истакнуваат дека е исклучително влијателна врз севкупниот политички систем и обликот на владеење.[23] Сепак, воспоставениот однос е двонасочен бидејќи со овие облици на моќ, исто така, може многу умешно да се манипулира, да се злоупотребат и да бидат под контрола на владејачката политичка гарнитура.
- **Економска моќ** – се однесува на располагањето со материјалното богатство, сопственоста, и контролата на ресурсите и средствата за производство. Некои автори економската моќ во целост ја поистоветуваат со политичката моќ. Така, за нив моќта е „основно платежно средство во политиката“.[24] Имено, ова сфаќање поимот моќ го поистоветува со парите. Доколку парите овозможуваат непречен проток и размена на вредности и услуги, моќта го овозможува извршувањето на колективните одлуки. Од друга страна, дури и кога не се поистоветуваат економската и политичката моќ, несомнена е нивната поврзаност и условеност. Економската моќ ја условува и поддржува политичката, и обратно.
- **Политичка моќ** – првично се припишува на општествените групи, организации и државата. Кога политичката моќ се врзува за поединецот, односно личноста, секогаш се однесува на неговата моќ во рамките на државата и политичкиот систем.

[23] Ibid, 689.
[24] Hague, R and Harrop, M. Comparative Government and politics. Palgrave McMillan. New York. 2010, стр. 10.



Слика 15. „Симболи на моќ во различни култури во светот“.

За политичкиот систем, науката истакнува дека од сите форми и видови моќ, најпривлечна, најпредизвикувачка и највлијателна претставува политичката моќ. Политичката моќ секогаш претставувала предмет на желбите и страста на луѓето, мотивирачка сила, предизвик, цел кон која поединецот е насочен. За некои, политичката моќ претставувала можност за себепотврдување, за некои можност за влијание врз волјата на останатите луѓе, а за некои предизвик и цел на оспорување.

Голем број на теоретичари, филозофи, се занимавале со проучувањето на политичката моќ. Затоа, денес постојат различни теоретски становишта за политичката моќ. Така, политичката моќ претставува способност за придвижување и промена (Аристотел), моќ на државата (Leviatan), односно моќ на најголемиот број луѓе кои со постигната согласност ја формираат државата (Томас Хобс) или

способност за влијание, ограничување и казнување. Да се поседува политичката моќ значи да се биде способен другите да се подведат под контрола или во определена мера да се ограничи нивната слобода (Феликс Опенхајм).

Едно теоретско становиште предвидува дека моќта *претставува основниот политички ресурс* кој им овозможува на владетелите да владеат и да се надредат над своите поданици. Имено, ваквото сфаќање на поимот моќ се врзува со идејата за политиката како дистрибуција на моќта, остварување на моќта, како и последиците од нејзиното практикување. Ако се тргне од овој постулат, политиката се остварува не само во политичкиот систем во потесна смисла, туку и во семејството, универзитетите, синдикатите и, воопшто, секоја политичка арена каде што власта се остварува.[25]

Поинакво теоретско становиште *политичката моќ ја изедначува со политиката.* Ваквото становиште политиката ја соголува на техника за постигнување на политичката моќ. *Политичката моќ претставува средство за освојување и зачувување на власта.* „Моќниот човек мора секогаш да внимава за да ја зачува својата политичка власт. За тоа му се потребни и добри, прифатливи и неприфатливи средства. Од начинот на кој ги користи, зависат облиците на владеење“.[26]

МОЌ	ВЛАСТ
Постои и надвор од државата	Ориентирана е на државата
Карактеристична за општествените односи	Карактеристична за институционализираните односи
Дифузна	Организирана
Цел – влијание на останатите	Цел – распределба на: права, должности, вредности и ресурси
Избегнува одговорност	Подразбира одговорност
Способност да се влијае врз други	Право да се влијае врз други
Секогаш не е видлива	Видлива

Слика 16. Разлики меѓу категориите моќ и власт.

[25] Ibid, стр. 12.
[26] Макијавели Николо. Владетелот. Три. Скопје. 2014, стр. 56.

МОЌ – ВЛАСТ
Надворешен принцип – доминација
Внатрешен принцип – хиерархија
Пирамидална структура
Внатрешно тежнеење – да се шират
Надворешно дејство – да се расипуваат, корумпираат

Слика 17. Сличности меѓу категориите моќ и власт.

4. ПОИМОТ АВТОРИТЕТ И ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Две значења на поимот авторитет: авторитет сфатен како углед (субјективен авторитет) и авторитет сфатен како власт (објективен авторитет).

Политичките мислители и филозофи на различни начини гледале на природата, формите, функцијата и значењето на категоријата авторитет. Авторитетот е една од оние категории за чие објаснување најчесто се користат термините моќ, власт и легитимитет. Оттука, разбирливо е што науката на политичкиот систем се соочува со вистински предизвик во неговото дефинирање и објаснување.

Поимот авторитет потекнува од латинскиот збор *auctoritas* – со значење углед, влијание, власт. Оттука, во обидот да се објасни поимот авторитет се изведуваат две значења: **авторитет сфатен како углед (субјективен авторитет)** и **авторитет сфатен како власт (објективен авторитет)**.

Во првото значење, поимот авторитет се врзува со угледот на некој субјект. На овој начин, со поимот авторитет се означува влијанието на една личност, поединец или група, организација, начело или правило на однесување. Ваквото влијание, односно авторитетот во оваа смисла, зависи од ***угледот*** *што го ужива, почитувањето што го предизвикува, знаењето и мудроста, или моралните или други доблести* што ги поседува поединецот или групата. Значи, **тоа што го определува авторитетот во оваа смисла, се: својствата, обележјата што ги поседува некое лице или определен вид однесување што може да претставува пример и правило што е пожелно и што треба да се почитува.**[27] Примери за ваков субјективен

[27] Enciklopedija politicke culture. Savremena administracija, Beograd. 1993, стр. 77.



Слика 18. Фотографии на Киро Глигоров, Марија Кири, Коко Шанел, Винстон Черчил и Александар Флеминг.

авторитет се: авторитет во науката и технологијата (Ханс Келзен, Марија Кири, Александар Флеминг, Стив Џобс, Хидео Коџима); авторитет во медицината (Вирџинија Апгар, Едгард Џенер – „татко“ на имунологијата); авторитет во уметноста (Моцарт, Коко Шанел, Пикасо, Толкин, Спилберг); авторитет во спортот (Мајкл Џордан, Новак Џоковиќ, Леброн Џејмс, Горан Пандев); авторитет во политиката (Киро Глигоров, Махатма Ганди, Винстон Черчил), итн.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Субјективниот авторитет зависи од: *угледот што го ужива, почитувањето што го предизвикува, знаењето и мудроста, или моралните или други доблести што ги поседува поединецот или групата.*

Друго едно сфаќање го врзува поимот авторитет со категоријата власт. Во оваа смисла, **авторитетот претставува институционализирана можност да се влијае врз однесувањето на останатите, дури и кога е тоа против нивната волја**. Во оваа смисла, *авторитетот* ***не се врзува*** *со обележјата и својствата на оној кој го поседува, ниту, пак, на неговото однесување кое е пример и би требало да се следи, туку авторитетот произлегува од позицијата која некое лице ја зазема во општеството*. Некое лице може да има објективен, но не и субјективен авторитет. На пример, некој министер има влијание и е почитуван заради функцијата што ја извршува, но нема субјективен авторитет, односно не е почитуван заради неговото знаење, мудрост, или морални или други доблести што ги поседува. Најдобро е кога едно лице кое поседува објективен авторитет, во исто време поседува и субјективен авторитет.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Објективниот авторитет *претставува институционализирана можност да се влијае врз однесувањето на останатите, дури и кога е тоа против нивната волја. Овој авторитет произлегува од позицијата којашто некое лице ја зазема во општеството.*

Во теоријата се истакнува дека од ваквото објаснување на категоријата авторитет воопшто не би имало потреба доколку сите општествени односи би можеле да се уредат со етички правила, а содржината на најважните правила во заедницата би се остварувала без принуда, казна и сила.[28] Така, кога во рамките на политичкиот систем опстануваат групи со различни интереси, сфаќања, барања и спротивставени претензии за исти ресурси или вредности, кои, можеби, ги нема во доволен број, постоењето единствено на етичките правила не е доволно. Во таков случај потребно е постоење на ***политички авторитет*** – претставен во политичката власт.

Овој -политичкиот авторитет, има овластување да врши дистрибуција на вредностите (дистрибутивна функција) на оние кои на овие вредности претендираат. Проблемот настанува кога е голем бројот на субјекти кои претендираат на вредностите и ресурсите, а тие се ограничени. Во тој случај, потребен е политички авторитет кој ќе поседува овластувања за дистрибуција и алокација на вредностите. Но, исто така, потребни се и средства кои ќе ги употреби за тоа да го оствари. Такви средства се убедување, ветување, награди, казна,

[28] Ibid.

принуда, застрашување или сила. Во зависност од средствата што политичкиот авторитет ќе ги употреби за да ја оствари дистрибутивната функција, ќе зависи и легитимитетот што системот ќе го ужива. Оттука, легитимитетот го „храни“ политичкиот систем и го овозможува неговото опстојување, функционирање и напредок, но исто така, го „храни“ и политичкиот авторитет. Исто како и политичкиот систем, и политичкиот авторитет не може да се одржува доколку како средства за остварување на својата функција ги користи принудата, заканата, стравот, казната, застрашувањето или употребата на гола сила.

Во науката за политичкиот систем, се истакнува дека кога се споменува политичкиот авторитет мора да постои *строго разграничување* меѓу органите и телата на власта од конкретни властодршци. Во авторитарните системи не постои вакво разграничување и се манипулира дека без вторите системот би западнал во беззаконие, а неговото опстојување би се довело во прашање. Оттука, системите во кои политичкиот авторитет ги поистоветува функциите и овластувањата на властодршците/владетелите со оние на органите на власта, се класифицираат во категоријата недемократски системи, и во еден момент ќе се соочат со проблемот на криза на легитимитетот.

Конечно да заклучиме, авторитетот е поширок концепт од концептот моќ. Доколку на моќта се гледа како на способност, капацитет да се дејствува, авторитетот се вреднува како признаено право тоа да се чини. Авторитетот постои тогаш кога владеаните, управуваните, го признаваат правото на оние кои владеат и управуваат да донесуваат одлуки и истите да бидат почитувани. Имено, авторитетот е право да се владее, управува и да се донесуваат одлуки. Тоа што на авторитетот „му дава право“ е концептот на легитимитет.

Слика 19. Однос: моќ, авторитет, легитимитет.

ПРАШАЊА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

1. Објаснете го правно-позитивистичкото сфаќање за начелото на легалитет!
2. Објаснете го начелото на легалитет во правно-филозофска смисла! Наведете неколку принципи и категории опфатени со начелото на легалитет!
3. Што се подразбира под поимот легитимитет во најопшта смисла?
4. Прифаќањето или согласноста на носителите на власта од страна на граѓаните е резултат на:_____!
5. Зошто се вели дека легалитетот сам по себе не го гарантира легитимитетот? Наведете два примера!
6. Класичната правна теорија прави класификација на три големи групи становишта за тоа од каде потекнува авторитетот да се извршува власта. Тоа се:_____ теории, _____теории и_____ теории. Објаснете ги!
7. Наведете ги трите основни форми, идеални типови на легитимна власт!
8. Објаснете ја традиционалната власт! Традиционалната власт е карактеристична за _____и_____ заедници.
9. Објаснете ја харизматската власт!
10. Наведете примери за харизматски лидери!
11. Зошто се вели дека харизматската власт нема капацитет да се одржи?
12. Објаснете ја разликата меѓу традиционалната и харизматската власт!
13. Што се подразбира под конструкцијата „рутиницазија на харизмата“?
14. Објаснете ја правно-рационалната власт! Според Макс Вебер, во што се состојат недостатоците на оваа форма на власт?
15. Кои теории го објаснуваат процесот на донесување одлуки?
16. Зошто се вели дека дефицитот на легитимитетот во политичкиот систем и неговите институции ја доведува во прашање неговата стабилност и натамошно егзистирање и развиток?
17. Зошто се вели дека политичкиот легитимитет претставува динамична категорија?
18. Дополнете ги реченициte:
    а) Сфаќањето за моќта како надмоќ се врзува за_____ сфаќање за моќта.
    б) Сфаќањето за моќта како интеракција меѓу поединецот и општеството се врзува за _____ сфаќање за моќта.
    в) Сфаќањето за моќта како можност да се наметне нечија волја врз однесувањето на други лица се врзува за _____ сфаќање за моќта.
    г) Политичките системи коишто се класифицираат како автократски системи, имаат тенденција да ја негуваат _____ моќ.
    д) Обележја на _____ моќ се: хомогената структура на организирана група луѓе, почитување на принципите на хиерархија и доминација внатре во организираната група, строга контрола и нивно почитување со инструментите на убедување и принуда.
19. Објаснете ја разликата меѓу поединечната и општествената моќ!
20. Во зависност од областа во којашто се манифестира моќта, се разликуваат: а)_____б)_____в)_____ моќ! Објаснете ги!
21. Објаснете ја разликата меѓу субјективниот и објективниот авторитет.

ГЛАВА 4

ДЕМОКРАТИЈА

ПРАШАЊА ЗА ДЕБАТА

1. Што мислите за ставот: „Не ме интересира кој управува со земјата, сè додека сум безбеден и заработувам за живот.“?
2. Што подразбирате под демократија?
3. Каква е улогата на граѓаните во демократиите?
4. Која е користа на индивидуите од демократијата?
5. Можна ли е „тиранија на мнозинството“?
6. Кои се слабости на демократското одлучување?
7. Има ли слабости или опасности кои демократијата ги носи во себе?

> *„Демократија е како кога два волка и едно јагне гласаат за тоа што ќе јадат за ручек. А, слобода би било кога добро вооруженото јагне би го оспорувало гласањето.“*
>
> Бенџамин Франклин

1. ПОИМОТ ДЕМОКРАТИЈА

Поимот демократија е еден од оние мета-поими кој многу често се употребува во политичката наука и во секојдневниот живот, но со најразлични значења. Разбирањето на поимот демократија било обременето со големи разлики и противречности, што довело да се постави прашањето дали овој поим, кој е толку универзално прифатен и користен, воопшто значи нешто, значејќи толку многу нешта.[2] И покрај тоа што никој на убедлив начин не покажал кој во јавниот говор го внел зборот демократија,[3] односот (отпорот) спрема тиранијата може да се означи како родно место на демократијата.[4]

Зборот демократија е од грчко потекло и буквално значи владеење на народот (demos – народ, kratein – владеење). Во ова наједноставно, најшироко, но и најнеопределено (најнепрецизно) значење, демократијата претставува одреден модус на организација на државата во кој народот учествува во одлучувањето за: заедничките, јавни или државни работи. Непрецизноста на оваа дефиниција на демократијата произлегува од различното сфаќање на термините народ и владеење. При ваквото дефинирање на демократијата, се поставуваат прашањата:

1. Што сè опфаќа поимот „народ“?
2. Каков вид на учество е предвидено за него?

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Демократија – владеење на народот (demos – народ, kratein – владеење).

[1] Vojislav Stanovčić, „Demokratija, konstitucionalizam i vladavina prava“ во Milan Podunavac (ur.), „Država i demokratija“, Beograd, 2010, стр. 116.

[2] Елиот, според Giovani Sartori, „Democratic Theory“, Westport, 1976, стр. 8.

[3] Некои автори сметаат дека Херодот е прв кој го употребил поимот демократија, со тоа што поимот не се појавил во негов текст, туку во превод. Неговите изрази „политика командувана од народот“ или „политика командувана од многумина“ јасно упатувале на демократија. Vučina Vasović, „Savremene demokratije – I“, Beograd, 2006, стр. 46.

[4] Milan Podunavac, „Poredak, konstitucionalizam, demokratija“, Politea, Beograd, 2006, стр. 178.

Слика 1. Античка Грција се смета за родно место на демократијата, но во таа демократија учествувале само слободните полнолетни мажи.

3. Колку тесно, или колку широко треба да се постави досегот на власта? Односно, кое е соодветното поле на демократска активност?[5]

Во текот на историјата овие прашања добиле различни одговори. Во Античка Грција народот како политички субјект не го сочинуваат сите жители на државата, туку само нејзините слободни и полнолетни граѓани, во кои не спаѓаат робовите и жените. Значи, демократијата во тоа време има тесна општествена основа која опфаќа мал дел од општеството, односно статусот на „граѓанин“ во тоа време бил повеќе ексклузивен (исклучувачки), откоку инклузивен. Но, затоа, пак, оние кои уживале граѓански политички права во грчкиот полис, ги остварувале непосредно во народните собранија, каде одлуките се донесувале со мнозинство гласови. Всушност, уште од Античка Грција демократијата се соочува со проблемот на исклучување и вклучување на луѓето во донесувањето на политичките одлуки. Ваквите исклучувања биле составен дел од развојот на демократијата сè до XX век. Имено, дури во XX век во западните општества доаѓа до општо и еднакво избирачко право. Таквиот процес во овие општества се заокружува

[5] Dejvid Held, „Modeli demokracije“, Zagreb, 1990, стр. 18.

преку вклучување на жените и маргинализираните групи во рамки на поимот „народ“ како политички субјект. Така, денес постои консензус дека демократијата подразбира народ како политички субјект во кој спаѓаат сите полнолетни граѓани. Иако во последните неколку години сè повеќе може да се сретнат примери на држави во кои избирачкото право се стекнува со 16 години, сепак сè уште доминира ставот дека во демократијата малолетните граѓани не треба да го сочинуваат поимот „народ“ како политички субјект.



Слика 2. Народот како политички субјект треба да ги вклучува сите полнолетни граѓани.

Дефинирањето на поимот народ нè води кон второто прашање, односно прашањето како народот владее во едно демократско општество. Постојат два начина преку кои народот може да владее. Едниот начин е непосредно, односно состојба во која народот директно ги носи одлуките, додека, пак, вториот начин е претставничкиот, односно состојба во која народот по пат на избори избира сопствени претставници кои во негово име ги носат одлуките. Денес, нема дилема дека претставничката демократија е доминантниот облик, но во сите демократии покрај претставничката демократија граѓаните имаат можност да ги носат одлуките и директно преку различни облици на непосредната демократија.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Непосредна демократија – народот директно ги носи одлуките.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Претставничка демократија – по пат на избори народот избира свои претставници кои во негово име ги носат одлуките.

Слика 3. Непосредната демократија им дава можност на граѓаните да одлучуваат за определени прашања.[6]

Последното прашање се однесува на дилемата до каде треба да биде досегот на владеењето на народот. Практично, зад ова прашање се крие дилемата за кои прашања народот има право да носи одлуки. Дали демократијата подразбира дека народот има право да одлучи: со кого ќе стапите во брак, каков автомобил ќе возите, каков факултет ќе студирате, итн. Иако и во демократско општество досегот на владеењето на народот знае да биде променлива категорија во зависност од идеолошката позадина на политичката партија која е на власт (либералната идеологија говори за минимална држава, додека, пак, социјалдемократијата за држава на благосостојба), сепак треба да се има предвид дека демократијата секогаш подразбира постоење на граница меѓу приватната и јавната сфера и, притоа, се очекува дека народот нема право да носи одлуки за прашања од приватната сфера на граѓаните. Тоа значи дека целта на демократијата е преку процес на политичка партиципација да воспостави рамка на закони во кои поединците ќе можат да ги водат сопствените работи и да ги извршуваат нивните лични и приватни интереси.[7] Токму затоа демократијата, денес, е најпосакуваниот поредок. Демократијата преку разграничување на јавната и приватната сфера овозможува државата да не се меша и да не ги загрозува човековите права и слободи. Преку еднаков пристап до власта и правото на политичкото учество демократијата создава предуслови за одржување на сите други права и слободи.[8]

---

6 Сликата е од @storyset на Freepik

7 Andrew Heywood, „Politics“, Macmillan International, 2019, стр. 92.

8 Andrew Heywood, „Politics“, Macmillan International, 2019, стр. 96.

Меѓутоа, треба да се има предвид дека низ човековата историја поимот демократија најчесто бил негативно перципиран. Грчките филозофи поимот демократија го сфаќале во негативен контекст, како власт на необразованите и сиромашните (масата). Единствено Тукидид, зборот демократија го сфаќа како облик на владеење во кој секој е еднаков според законот, кој е заснован врз принципот дека мнозинството е помудро отколку неколкумина.

Највлијателните политички мислители од тоа време, Платон и Аристотел, се согласни во сфаќањето на демократијата како лош и непожелен облик на владеење. Тие ја критикувале демократијата затоа што дава предност на бројот, т.е. квантитетот, а не на квалитетот. За Платон демократијата настанува кога сиромашните ќе победат, како анархично, шарено државно уредување, кога на сите, без разлика и на еднаквите и на нееднаквите, им се дели некаква еднаквост.[9] Затоа, демократијата е лош облик на владеење и претставува предворје на тиранијата како најлош можен облик на државно уредување. Платон ја критикувал демократијата, бидејќи без многу основи и без никаква мудрост го осудила Сократ на смрт. А, Сократ не е единствениот кој е осуден на смрт од атинската демократија. Аристотел морал да бега во Атина по вторпат да не се огреши во однос на филозофите.[10] И Аристотел не бил демократ во модерна смисла на зборот бидејќи имал слично сфаќање за демократијата како и Платон, со таа разлика што, според него, демократијата може да биде и добар облик на државно уредување, ако во неа владеат законите.

Слика 4. Платон и Аристотел не биле приврзаници на демократијата.[11]

[9] Platon, Država, Beograd, 1969, стр. 280-282.
[10] Vojislav Stanovčić, „Demokratija, konstitucionalizam i vladavina prava“ во Milan Podunavac (ur.), „Država i demokratija“, Beograd, 2010, стр. 113.
[11] Дел од фреската Атинска школа насликана од Рафаел, која се наоѓа во Ватикан

Ваквото сфаќање за демократијата доминирало преку две илјади години. Едмонд Берк во неговиот напад на француската револуција ја опишал „совршената демократија“ како најбесрамно нешто на светот, бидејќи „во неа мнозинството граѓани е способно да врши најсуров притисок врз малцинството“. Дури и основачите на американскиот устав го делеле лошото мислење за демократијата.

Широкото прифаќање на демократијата како соодветен облик на организација на политичкиот живот не е старо ни стотина години. Поимот „демократија“ во неговата модерна смисла почнал да се употребува во XIX век, означувајќи систем на претставничка демократија, во која претставниците се избрани на слободни избори. Всушност, една од дебатите околу демократијата уште од XIX век е дали демократијата подразбира одредена содржина (суштинско сфаќање на демократијата) или таа претставува само одредена процедура, т.е. начинот на кој заинтересираните учесници, граѓани или припадниците на некоја група одлучуваат за заеднички работи (сфаќање на демократијата како процедура).[12] Практично, либералните теоретичари во текот на XVIII и XIX век во демократијата препознале начин преку кој може да се ограничи власта и да се заштитат човековите права и слободи. Така, спојот на демократијата со либерализмот ќе придонесе демократијата да започне да се набљудува позитивно. Токму затоа, модерното сфаќање на демократијата почнува да се поврзува и со либерални вредности, и тоа: гарантирање на основните човекови права, слободни и фер избори, еднаквост пред законот, владеење на правото, со устав ограничено владеење, социјален, економски и политички плурализам, толеранција, соработка и компромис. Без почитување на овие вредности демократијата лесно прераснува во негативен облик на организација на политичкиот живот.

Слика 5. Демократијата е нужно поврзана со одредени вредности.

[12] Vojislav Stanovčić, „Politička teorija - I“, Beograd, 2006, стр. 548.

АВТОРИ

Френсис Фукујама /Francis Fukuyama/ (1952) е американски професор по политички науки. Работел на повеќе универзитети во САД, меѓу кои: Универзитетот Џон Хопкинс, Универзитетот Стенфорд, и др. Негова најпозната книга е: „Крајот на историјата и последниот човек“ (1992) во која го изнесува ставот дека историјата завршила со признавањето на либералната демократија како врвна форма на власт на луѓето.



Во дефинирањето и дискусиите за демократијата во XX век, извор на конфузија претставува тоа што терминот демократија повеќе не се употребува за да се опише систем на владеење, туку да се опишат и други општествени односи. Затоа се вели дека една земја има не само демократски поставени политички институции, туку и демократско општество. Демократијата не е повеќе само облик на владеење, туку таа станала и универзален идентификациски поим за разликување, определување и вреднување на сите модерни политички поредоци и глобално прифатени трансдржавни и трансидеолошки вредности. Денес, поимите демократија или демократски се користат за означување или опишување на: политички облик, програма, цел, идеологија, движење, начин и постапка на одлучување, односи во семејството, месна заедница, партија, држава, итн.

Во XX век, првпат во историјата нема ниту една доктрина која би била антидемократска. Френсис Фукујама прогласил „крај на историјата“, односно дека идеолошката еволуција на човештвото доаѓа до конечната форма на човечко владеење – либералната демократија. Демократијата како да му подарува некоја „аура на легитимност“ на модерниот политички живот: прописите, законите, политичките одлуки како да се оправдани ако се демократски,[13] односно според демократското начело, власта во одредени периоди мора да се стави на испит пред своите граѓани и од нивното одобрување или неодобрување зависи нејзиниот легитимитетот.[14] Демократијата, денес, е универзална формула за легитимација, при што таа е нужен, но не доволен елемент за легитимност на една власт. Значаен елемент се на пример и човековите права и уставното владеење. Демократијата ги победи сите свои противници. Сите кои бараат политичка поддршка, се повикуваат на својата демократска природа. Секој го нарекува демократија она што сака да го поддржи.[15]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Денес, демократијата е универзална формула за легитимација.

[13] Dejvid Held, „Modeli demokracije“, Zagreb. 1990, стр. 17.
[14] Zvonko Posavec, „Kompatibilnost liberalnog i demokratskog načela s parlamentarizmom“, Politička misao, 1994/3, стр. 21.
[15] Vojislav Stanovčić, „Demokratija, konstitucionalizam i vladavina prava“, во Milan Podunavac (ur.), „Država i demokratija“, Beograd. 2010, стр. 110.

Слика 6. Вечниот оган на демократијата – Уставен суд на Јужноафриканска Република.

Но, општата прифатеност на демократскиот идеал сè уште не значи негово еднакво разбирање. За разбирањето на демократијата не е доволно да се има предвид само нејзината нормативна поставеност, туку е потребно да се има предвид и општествениот контекст и институционалната рамка, односно влијанието на: општествените, културните и институционалните фактори при остварувањето на нормативните решенија за организацијата на власт, изборниот систем, партискиот систем, итн.

Сфаќањата во теоријата за демократијата можат, главно, да се групираат во неколку концепти и дефиниции, од кои најистакнати се:

1. **Популистички дефиниции за демократијата** – поаѓаат од веќе споменатото сфаќање за демократијата како владеење на народот. Ова сфаќање се заснова врз сфаќањето за народен суверенитет. Принципот на мнозинство се сфаќа како конститутивен за поимите: праведност, легитимност и демократичност. Во рамките на овие дефиниции, демократијата се гледа како морален кодекс и таа во себе ги носи идеите за: правда, слобода и еднаквост. Поради тоа, демо-



Слика 7. За претседателот на САД, Абрахам Линколн (1809-1865), демократијата е „владеење на народот, од народот, за народот".

кратијата се јавува како рационална идеја со морална супериорност. Според зборовите на Линколн, демократијата е „владеење на народот, од народот, за народот". Оттука, народот е субјект, исходиште и цел на демократијата.

Дефиницијата на Линколн за демократијата како „владеење на народот, од народот, за народот" содржи три елементи на демократијата:

- Владеење „на" народот, во смисла не само дека ги опфаќа сите луѓе, туку и го влече својот легитимитет од нивната согласност (владеење со согласност на народот);
- Владеење „од" народот, во смисла дека тие учествуваат во владејачкиот процес;
- Владеење „за" народот, во смисла дека се обидува да обезбеди општа благосостојба и заштита на правата на сите индивидуи.

2. **Плуралистички дефиниции за демократијата** – ја дефинираат како натпревар меѓу носителите на различни интереси. Плуралистичките општества претпоставуваат постоење на различни интереси, различни општествени групи и организации кои се независни едни од други и од владејачката структура, а со тоа и спротивставување и борба меѓу тие групи. Демократијата се определува преку постоење и можноста за учество на сите интересовни групи во општеството во сферата на политиката. Во осно-

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Плуралистичките дефиниции за демократијата бараат дисперзија на државната власт на повеќе центри на одлучување.

АВТОРИ

Роберт Дал /Robert Dahl/ (1915-2014) бил професор по политички науки на Универзитетот Јеил. Тој е творец на терминот „полиархија“ (владеење на повеќемина) со кои прави разлика меѓу модерните општества и класичната демократија. Негови најпознати дела се: „Вовед во демократската теорија“ (1956), „Кој владее?“ (1982), „Дилеми на плуралистичката демократија“ (1982).

вата на ова сфаќање е и сфаќањето за ограничување на моќта на мнозинството со правото на малцинството, односно барањето за дисперзија на државната власт на повеќе центри на одлучување. Првпат развиен модел на плуралистичкиот пристап во дефинирањето на демократијата се наоѓа кај Џејмс Медисон, кој плурализмот во општеството изразен во различните интереси и групи го смета за позитивен и укажал дека доколку овие групи не поседуваат политички глас, стабилноста и редот не би биле можни. Медисон предложил систем на поделба на власта, бикамерализам и федерализам, кои нудат различни можности за влијание на различните групи и интереси.[16]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Полиархија – владеење на повеќемина (повеќевластие).

Највлијателен застапник на ова сфаќање на демократијата е Роберт Дал, според кој ниту една владејачка или трајна елита не може да доминира со политичкиот процес. За Дал, политичката еднаквост е клуч на демократијата. Дал го создава терминот полиархија, со значење владеење на многумина (повеќевластие), како различен од владеење на сите граѓани. Полиархија е владеење во кое постојат и делуваат повеќе автономни центри на власт кои се комплементарни во смисла на поделба на функциите на власт, но истовремено, се ставени во таква положба меѓусебно да се ограничуваат и контролираат.[17] Клучен елемент на овој систем на плуралистичка демократија е натпреварот меѓу партиите за време на изборите, и способноста различните интересовни групи слободно да ги артикулираат своите гледишта, со што се воспоставува врска и канал за комуникација меѓу власта и владеаните.[18]

16 Andrew Heywood, „Politics“, Macmillan International, 2019, стр. 101.
17 Najdan Pasic, Предговор во: Robert Dal, „Dileme pluralisticke demokratije“, стр. 23.
18 Andrew Heywood, „Politics“, Macmillan International, 2019, стр. 102.

АВТОРИ

Јозеф Шумпетер /Joseph Alois Schumpeter/ (1883-1950) бил австриско-американски економист и политиколог. Тој бил министер за финансии на Австрија во 1919 година. Важи за еден од највлијателните економисти на дваесеттиот век. Работел како професор на Универзитетот во Бон и Универзитетот Харвард.

3. **Институционални дефиниции** – демократијата ја определуваат како склоп на институции и процедури преку кои се донесуваат политички одлуки. Значи, демократијата нема определена содржина, туку таа претставува: форма, метод, регулативен принцип. Демократијата се определува преку правилата на политичка игра, односно, како што пишува Шумпетер, демократски метод е оној уставен начин на доаѓање до политички одлуки, со чија помош поединци донесуваат одлуки по пат на конкурентска борба за добивање гласови од народот. На граѓаните им е дадена можност да избираат меѓу ривалски политички лидери и водства кои се натпреваруваат за нивните гласови. Шумпетер, политичките партии ги сметал за „алтернативни елити“, инструменти со чие посредство избирачите одлучуваат која партија ќе добие власт за одреден период. Меѓу два изборни циклуси, одлуките ги носат избраните политичари. На следните избори, граѓаните одлучуваат дали ќе ги задржат или сменат нивните претставници. Практично, клучно за дефинирањето на демократијата се изборите. Но, дефинирањето на демократијата како отворени, слободни и фер избори е минималистичка дефиниција.[19]
4. **Елитистички дефиниции** – (кои ги сметаат за еден вид на институционални дефиниции) ја нагласуваат разликата меѓу оние кои владеат и нивните следбеници (leaders and followers). Како што пишува еден италијански автор во целината на демократијата мора да се направи дистинкција меѓу три различни елементи:

   а. *Реалноста*, тоа е рапидна циркулација на елити;

   б. *Желбата*, тоа е еднаквоста;

   в. *Илузијата*, тоа е непосредното владеење на масите.[20]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Според институционалните дефиниции демократијата е: форма, метод, регулативен принцип, склоп на институции и процедури низ кои се донесуваат политички одлуки.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Шумпетер политичките партии ги сметал за „алтернативни елити“.

[19] Slaviša Orlović, „Politička sociologija“, Beograd. 2019, стр. 354.

[20] Бурзио. Според Giovani Sartori, „Democratic Theory“, Westport, 1976, стр. 1.

Критериум за припаѓање на елитата секогаш е успехот и тој може да доаѓа од: институционална позиција, потекло, имот, лични својства.[21] Застапниците на елитистичките дефиниции поаѓаат од тоа дека политичките елити на „политичкиот пазар“ се натпреваруваат да дојдат на власт со поддршка на избирачите, при што, избирачите можат да влијаат која елита ќе дојде на власт, но не и дали власта ќе ја врши некоја елита.

Секое сфаќање на демократијата кое пренагласува само одредена страна на демократијата, било да се тоа нејзините вредносни константи или нејзината процедурална страна, доведува до нејзино нецелосно и несоодветно определување. Единствено комплексното согледување на сите елементи и страни на демократијата доведува до правилно осветлување на нејзиниот феномен. Но, тоа не е ни малку лесно ако се има предвид дека во размислувањата за демократијата се измешани: реалноста, желбите и илузиите. Демократијата во својот поим секогаш имплицира нешто утописко и етично. Демократијата е синоним за доброто, убавото и вистинското во општеството.[22] Таа, всушност, постигнува повеќе од сите други политички идеи и поредоци, но никогаш не го достигнува она што од демократијата секогаш се очекува – еднаквост и праведност.[23]

Демократијата одредува како се избира власта, како се организира и врши истата, но и како се контролира и менува од страна на граѓаните. Суштината на демократијата се состои во партиципацијата (учеството), натпреварот и конкуренцијата при изборот на политичките претставници, но и нивната одговорност пред оние кои ги избрале. Значи, демократијата се заснова врз идејата дека луѓето имаат право да одлучат кој ќе управува. Но, демократијата тежнее таа одлука да се донесе врз основа на еднакво учество на граѓаните кои ќе бидат активно и доброволно вклучени во политичкиот живот. Една од основните разлики меѓу демократските и недемократските системи се заснова врз постоењето на политичка конкуренција и фер услови за политички натпревар. Успехот на демократијата се мери со: учеството на јавноста во неа, почитувањето на граѓанските права и реакцијата на системот на барањата на народот.[24]

---

[21] Slaviša Orlović, „Politička sociologija“, Beograd. 2019, стр. 353.
[22] Klaus von Beyme, „Suvremene političke teorije“, Zagreb. 1977, стр. 199.
[23] Jovan Mirić, „Demokracija i etika“, Politička misao, 1994/1, стр. 125.
[24] Rasel Dalton. Slaviša Orlović, Politička sociologija, Beograd. 2019, стр. 344.

Слика 8. Демократијата е комплексен поим кој опфаќа многу елементи.[25]

Сумирано, демократијата подразбира владеење на народот, владеење со согласност на оние со кои се управува, владеење на мнозинството кое ги почитува правата на малцинствата, или владеење на малцинството избрано од мнозинството, гарантирање на основните човекови права, слободни и фер избори, еднаквост пред законот, владеење на правото, со устав ограничено владеење, социјален, економски и политички плурализам, толеранција, соработка и компромис.[26]

Демократијата се карактеризира и со *отвореност*. Демократската држава не е исклучителна, таа е отворена кон сите мислења и благодарение на тоа демократијата овозможува непречена еволуција на општеството. Истовремено, отвореноста на демократијата е нејзина предност, но и нејзино ранливо место. Демократијата е помалку од било кој друг поредок, систем на сигурност. Таа повеќе е систем на отвореност и трајна изложеност на опасности и неизвесности. Недемократските системи се лишени од тие ризици и кај нив, заради нивната затвореност, постои поголема стабилност. Во демократијата важи правилото: „подобро загрозена слобода, отколку мирно (сигурно) ропство".

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Демократијата се карактеризира со *отвореност* кон сите мислења и со тоа овозможува непречена еволуција на општеството.

Но, како и сите човекови творби, и демократијата има свои недостатоци и слабости. Еден од тие недостатоци е проблемот на границите

[25] Сликата е од @macrovector на Freepik
[26] Slaviša Orlović, Politička sociologija, Beograd. 2019, стр. 344-345.

на мнозинската власт – особено дали има извесни граници кои демократското мнозинство не може да ги пречекори и дали постојат права кои мнозинството со надгласување не може да му ги одземе на малцинството. Вториот проблем е опасноста од самоукинување, како резултат на нејзината отвореност. Таков беше примерот со Хитлеровиот националсоцијализам во Германија, кој по доаѓањето на власт по демократски пат ја укина демократијата и воспостави најгруба диктатура.

Сепак, слабостите на демократијата се неспоредливо помали од слабостите на недемократските системи и методи на владеење, што ѝ дава неспоредлива предност пред другите, бидејќи демократијата е систем над кој граѓаните имаат контрола. Како што истакнува Токвил, таа е *нивно* владеење. Демократијата овозможува: политичка партиципација, слободно гласање, периодични избори, односно демократијата има механизми преку кои граѓаните владеат или имаат чувство дека владеат, а оние кои се на власт не можат да употребат ниту едно легитимно средство за да се задржат на власт подолго отколку што им дозволува уставот и расположението на граѓаните. Поддршката на граѓаните ја прави демократијата силна, но воедно и тешка форма на владеење.

2. МОДЕЛИ НА ДЕМОКРАТИЈАТА

Во теоријата не постои консензус околу прашањето дали постојат повеќе модели на демократијата или, всушност, таа е една, а разликите кои се појавуваат немаат статус на посебен модел. Постојат автори чии книги во насловот го содржат поимот „модели на демократија“,[27] но и автори кои во своите дела разработуваат различни модели на демократија, во зависност од различни критериуми.

Најосновната поделба на демократијата е на директна (непосредна) и индиректна (претставничка).

Ендру Хејвуд[28] пишува за четири модели на демократијата:

[27] Дејвид Хелд, „Модели на демократија“ (David Held, „Models of democracy“, Stanford University Press, 1987) и Аренд Лајпхард, „Модели на демократијата“ (Arend Lijphart, „Patterns of democracy – Government Forms and Performance in Thirty-Six Countries“, Yale University Press, 1999).
[28] Andrew Heywood, „Politics“, Macmillan International, 2019, стр. 102, стр. 94-100.

- **Класична демократија** – која се заснова врз античкиот полис во кој постоела непосредна демократија. Она што ја прави посебна атинската демократија е нивото на политичка активност на нејзините граѓани, кои не само што учествувале во одлучувањето на собранието, туку во голема мерка биле подготвени да преземат одговорност за вршење јавни функции и одлучување. Сепак, атинската демократија има многу мала примена во современиот свет, бидејќи се практикувала преку масовни собирања. Нејзини современи примери се општинските собранија во помалите швајцарски кантони, како и употребата на референдумите.
- **Ограничена или „заштитничка" демократија** – модел на демократија кој се јавува со обновување на демократските идеи во XVII и XVIII век, и на кој помалку се гледаше како на механизам преку кој јавноста може да учествува во политичкиот живот, а повеќе како на средство преку кое граѓаните можат да се заштитат од упад на власта. И, од таму е името „заштитничка демократија". Овој модел е карактеристичен за либералните мислители чија грижа била да создадат најголема заштита за индивидуалната слобода. Заштитничката демократија е индиректна и се остварува преку избори. Политичката еднаквост се разбира технички – преку еднакво право на глас. Но, исто така, оваа демократија е компатибилна со *laissez-faire* капитализмот и со верувањето дека индивидуите треба да бидат целосно одговорни за нивните економски и општествени услови.
- **Развојна демократија** – моделот на развојна демократија во фокусот ја има потребата за заштита на развојот на човекот и индивидуата. Тој е развиен од Жан Жак Русо, за кој демократијата е средство преку кое луѓето постигнуваат слобода или автономија, преку почитување на „општата волја", односно „почитување на законот кој си го пропишуваат самите". Оваа идеја го надминува вообичаениот поим на изборна демократија и нуди поддршка на идеите за директна демократија. Во сржта на овој модел лежи „демократија заснована врз базата", односно верување дека политичката власт треба да се врши на најниско можно ниво. Според Русо, системот на радикална развојна демократија бара не само политичка еднаквост, туку и високо ниво на економска еднаквост. И покрај тоа што не е поддржувач на заедничка сопственост, Русо сметал дека „ниту еден граѓанин не треба да биде доволно богат за да може да купи некого, ниту толку сиромашен за да мора да се продава".



Слика 9. Идеите на творецот и водачот на СССР, Владимир Илич Ленин (1870-1924), беа инспирација за градење на формата на владеење во комунистичките држави во XX век.

- **Народна или социјалистичка демократија** – Терминот „народна демократија“ е изведен од комунистички режими кои се јавија по советскиот модел по Втората светска војна. Тие произлегуваат од марксистичката традиција и се дијаметрално спротивни на либерално-демократските системи. Марксистите биле привлечени кон концептот или идеалот на демократијата заради нејзините јасни егалитарни импликации, односно желбата да се постигне социјалната еднаквост. Маркс верувал дека соборувањето на капитализмот ќе биде поттик што ќе овозможи процут на вистинската демократија. Формата на владеење која била развиена во комунистичките држави од XX век, сепак повеќе се заснова врз идеите на В. И. Ленин, отколку на оние на Маркс. Но, ова владеење и покрај тоа што социјалистичките автори сакале да го наречат демократија, по своите карактеристики претставувало антипод на демократијата и, денес, се класифицира меѓу недемократските форми на владеење.

Аренд Лајпхарт[29] разликува два емпириски и нормативни модели на демократијата, и тоа: мнозински (вестминистерски) и консензуален модел. На овие модели подетално ќе се задржиме.

[29] Arend Lajphard, „Modeli demokratije“, Beograd, Podgorica. 2003, стр. 75.

АВТОРИ

Аренд Лајпхарт /Arend Lijphart/ (1936) е роден во Холандија. Работел како професор по политички науки на неколку универзитети, меѓу кои: Универзитетот на Калифорнија (Беркли), Универзитетот Лајден и Универзитетот на Калифорнија (Сан Диего). Негови највлијателни дела се: „Демократијата во плуралните општества“ (1977) и „Модели на демократија“ (1999).

3. МНОЗИНСКА ДЕМОКРАТИЈА И ПРИНЦИПОТ НА МНОЗИНСТВО

Во традиционалните сфаќања, демократијата се определува како *владеење на народот*, но со оглед на тоа што тешко може да се очекува дека народот ќе има исти, односно единствени ставови при одлучувањето, овие традиционални определувања ја сведуваат демократијата на *владеење на мнозинството.*

Како што веќе споменавме, уште од Античка Грција бројот на луѓето (мнозинство, малцинство или поединец) кои управувале со државата се поставувал како критериум за класификација на политичките системи. Уште од тоа време, Аристотел го актуализирал проблемот кој подоцна станал познат како „тиранија на мнозинството“.[30] Аристотел пишувал за постоење на пет облици на демократија, при што во еден од облиците на демократијата, врховната власт ѝ припаѓа на масата, а не на законите. Заради тоа, според него, на таквата демократија со право може да ѝ се приговори дека воопшто не е државно уредување, бидејќи таму каде што не владеат законите, нема државно уредување.[31]

Но, и покрај тоа, мнозинскиот принцип како основа на демократското владеење го обезбедил своето доминантно место не само во политичката мисла, туку во повеќето земји бил издигнат на ниво на правно-политички принцип. Мнозинското начело се прифаќа како критериум за утврдување на општествено-политичката вистина во демократијата. Во отсуство на апсолутни вистини, вредноста на поединечните мислења и аргументи не може да се оцени според нив-

[30] Vojislav Stanovčić, „Većina“, *Enciklopedija političke kulture,* Beograd. 1993, стр. 1242.
[31] Aristotel, „Politika“, Beograd. 1960, стр. 124.

ната внатрешна и објективна вредност, туку по бројната застапеност. И според Аристотел, општествена вистина е „она што најчесто се случува“. На тој начин, бројот станува аргумент сам по себе.[32]

Слика 10. Принципот на мнозинство е доминантен принцип во демократските системи.[33]

За промоција на принципот на мнозинство, своја заслуга имаат определени влијателни политички мислители. Според Џон Лок, кога еден број на луѓе ќе се согласи да создаде една заедница или влада, тие со тоа веднаш се здружуваат и чинат едно политичко тело во кое *мнозинството* има право да делува и да одлучува за останатите. Но, владеењето на мнозинството Лок го ограничува со концептот на природните права кои се неотуѓиви и се сфера која државната власт треба да ја заштитува. За Токвил, во битието на самата демо-

[32] Божидар С. Марковић, „О праведном праву“, Нови Сад, 1993, стр. 138.
[33] Сликата е од iconicbestiary на Freepik

кратија е апсолутното владеење на мнозинството, бидејќи во демократијата не постои ништо што би можело да му се спротивстави на мнозинството. Но, Жан Жал Русо се сомнева во можноста за постоење на совршена демократија во буквална смисла. Според него, спротивно на природата на нештата е многумина да владеат, а со малкумина да се владее. Односно, ако постои нација на богови, таа себе би се управувала демократски. Толку перфектно владеење не е соодветно за човештвото. Со тоа, всушност, се начнува и проблемот на големината (бројноста) на мнозинството кое одлучува, бидејќи често пати во практиката се случува мнозинството кое благодарение на изборните резултати дошло на власт, всушност, по број да претставува малцинство.

Но, тоа не е единствената причина заради која принципот на мнозинство, односно владеењето на мнозинството сè повеќе се наоѓа во центарот на дискусиите. Денес, сè повеќе предмет на расправа станува односот мнозинство-малцинство, чие постоење претставува општествена законитост. Сè почесто на политичката сцена се јавуваат малцинства од различен тип, кои не се подготвени да се помират со фактот дека одредени мнозинства одлучуваат за проблемите кои тие, во најголема мера, исконски ги чувствуваат како свои. Ним, начелото на владеење на мнозинството им се чини недемократско, а „гилотината“ на мнозинскиот принцип како нелегитимно владеење.[34]

Оттука, постојат, главно, две спротивни сфаќања за принципот врз кој треба да се темели демократијата во една конкретна држава. Од една страна се приврзаниците на мнозинскиот принцип на владеење. Според нив, прифаќањето на поинаков принцип врз кој ќе се заснова власта во една држава, би довело до „тиранија на малцинството“. Или, како што вели еден автор, тој што е демократ мора да верува во легитимитетот на мнозинското правило и непослушноста кон одреден закон, всушност, би значела превласт на малцинството. Принципот на мнозинското правило ги знае само ограничувањата што мнозинството си ги поставува. Секоја друга форма на ограничување е недемократска.[35] Оправдувањето на мнозинскиот принцип лежи во фактот што постои плуралност на уверување и погледи. Впрочем, и демократијата, како владеење на мнозинството се јавила токму заради таа плуралност на уверувања

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Владеењето на мнозинството се оправдува со: плуралност на уверувањата и нерешливоста на проблемот за нивната исправност.

[34] Christoph Gusy, „Princip konsenzusa ili demokracija“, Naše teme, Zagreb, 1989/4, стр. 731.
[35] John H. Scaar. Наведено според Наташа Габер, „Мнозинството во политичката реалност“, Скопје. 1996, стр. 64.

и погледи. Плурализмот на погледи и мнозинскиот принцип зависат еден од друг. Фактот што мнозинството од оние кои одлучуваат се за определено решение, не значи дека тоа решение е исправно. Ниту, пак, фактот дека постои малцинство со поинакво мислење не ја докажува неисправноста на одлуката на мнозинството. Токму затоа, владеењето на мнозинството се легитимира од две премиси: плуралноста на уверувањата и нерешливоста на проблемот за нивната исправност.[36] Фактот што никој нема *a priori* право да ја спроведува својата волја, претставува почеток на оправдувањето на мнозинската демократија. На одреден начин, секој може да учествува во одлучувањето, но тоа во себе ја содржи и можноста да биде надгласан.

Спротивно мислење имаат авторите кои укажуваат на проблемот на „тиранија на мнозинството". Приврзаниците на ова гледиште зборуваат, пред сè, за правата на малцинствата кои не претставуваат само остаток од мнозинството, туку претставуваат, повеќе или помалку, стабилна група со специфични обележја. Во таков случај, мнозинството и малцинството се наоѓаат еден покрај друг како персонално одвоени и според определени општи карактеристики идентификувани групи. При постоење на такви услови, решението се бара преку консензус (за што подоцна ќе стане збор). Но, постојат и нехомогени и нестабилни малцинства и мнозинства, кои не се јасно издиференцирани, но кои, исто така, се задолжени да ги извршуваат одлуките на мнозинството и од чија перспектива не постои разлика меѓу демократија и диктатура. Во овие случаи се јавува врзување на принципот на мнозинство со негативното сфаќање на поимот мајоризација.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Мајоризација е надгласување, односно донесување одлука која ги погодува битните интереси на малцинството, со нејзино изгласување од страна на мнозинството.

Мајоризација е надгласување, донесување одлука која ги погодува битните интереси на малцинството, со нејзино изгласување од страна на мнозинството. Значи, станува збор за донесување на определена одлука за некое прашање за кое мнозинството не е подлабоко заинтересирано, или со таа одлука си обезбедува некоја погодност, а малцинството кое е надгласано со таа одлука е погодено во некој суштински интерес. Особен проблем, при ваквото поимно определување, претставува дефинирањето на суштинскиот интерес на малцинството, од една страна, и исклучувањето на интересот на мнозинството во однос на тоа прашање, од друга страна.

[36] Christoph Gusy, „Princip konsenzusa ili demokracija", Naše teme, Zagreb. 1989/4, стр. 732-733.

Слика 11. Почитување на правата на малцинствата е темел на легитимитетот на мнозинскиот принцип.[37]

Ако се има сето тоа предвид, се поставува прашањето: „Како да се разреши Гордиевиот јазол во односите малцинство-мнозинство?“ Она што е предуслов за постоење на демократијата, без оглед од кои позиции таа се дефинира, е можноста за слободно искажување на различни: ставови, мислења и интереси. Значаен предуслов е и правно поставување на односите меѓу мнозинството и малцинството, при што не треба да се запоставаат демократските и историските права на малцинствата, но и да не се потценат и објективно формулираните и еволутивно освоените позиции на мнозинството.[38] Ставот на малцинството се јавува како коректив на одлуките на мнозинството, но со цел за зајакнување на стабилноста на заедницата. Во случаите кога не може да се постигне вистинска согласност, сепак одлуките на мнозинството треба да го почитуваат постоењето на различни вредносни ставови и интереси. На тој начин, темел на легитимитетот на мнозинскиот принцип е почитувањето на правата на малцинствата.

[37] Сликата е од @hobbitart на Freepik
[38] Наташа Габер, „Мнозинството во политичката реалност“, Скопје. 1996, стр. 63.

Врз принципот на мнозинство е заснована Вестминистерската демократија од Обединетото Кралство, која и се нарекува мнозинска демократија. Таа се карактеризира со концентрација на власта во еднопартиски кабинет кој е поддржан од тесно мнозинство во Парламентот. Пратениците во Парламентот се избираат со мнозински изборен модел што доведува до двопартиски систем. Она што е клучно за мнозинските демократии е дека се применуваат во хомогени општества, односно во земји во кои има поширок консензус околу стратешките цели на државата. За хомогеното општество не се опасни несогласувањата меѓу учесниците во политичкиот процес бидејќи кога луѓето во основа се сложни, тогаш лесно можат да си дозволат несогласување.

4. КОНСОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

„Разумен" консензус – во процесот на спогодување може да се земат предвид само разумните мислења, а неразумните мислења („аутсајдерите") се исклучуваат од спогодувањето. Но, според кој критериум ќе се прави разликувањето на разумни и неразумни мислења?

4.1. ПРИНЦИПОТ НА КОНСЕНЗУС И ПОИМОТ НА КОНСОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА

Критичарите на мнозинскиот принцип на одлучување, како негова подемократска алтернатива го истакнуваат принципот на консензус. Теоретски поставен, консензусот значи дека е постигната општа согласност на сите по определено прашање, со што се исклучува опасноста од тиранија на мнозинството. Но, практично погледнато, прашањето на консензус доведува до сознанието дека тешко, па дури и воопшто не може да се постигне вистинска согласност и прифаќање на определена одлука од страна на сите субјекти. Од овие причини, во теоријата се воведува концептот на „разумен" консензус.[39] Овој концепт се темели врз претпоставката дека во процесот на спогодување може да се земат предвид само разумните мислења и со тоа неразумните мислења („аутсајдерите") се исклучуваат од спогодувањето. Но, проблемот при овој концепт е според кој критериум ќе се прави разликувањето на разумни и неразумни мислења.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Погоден простор за остварување на консоцијалната демократија се сегментираните општества.

И покрај тоа, принципот на консензус, како основа на одлучувањето во една заедница, станува многу актуелен во консоцијалните демократии каде е карактеристична соработката и согласувањето меѓу различните елити, а не натпревар и мнозинско решавање. Погоден простор за остварување на консоцијалната демократија се општества во кои постојат различни етнички, религиозни или јазични гру-

39 Christoph Gusy, „Princip konsenzusa ili demokracija", Naše teme, Zagreb, 1989/4, стр. 739.

пи, односно радикално сегментираните општества, во кои не постои единство околу основни прашања, односно постојат големи разлики во ставовите меѓу групите. Консоцијалната демократија не претставува само теоретски модел, туку и емпириски, кој доживеа висок степен на развој, пред сè, во: Австрија, Белгија, Холандија и Швајцарија, а чии елементи можеа, и можат да се најдат и во други држави. Елементи на консоцијална демократија беа внесени и во Република Македонија во 2001 година, со уставните измени усвоени по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор.

Во Швајцарија постојат четири јазични региони - германски, француски, италијански и романски.Во Белгија постои поделба меѓу Фламанци, кои зборуваат фламански, и Валонци, кои зборуваат француски. Во Република Северна Македонија, доколку за „сегменти“ се прифатат „сите етнички заедници, тогаш може да се каже дека сите сегменти се претставени во претставничкиот дом, а извршната власт добива поддршка од некои од нив“.[40]



Слика 12. Јазични региони во Швајцарија.

Извор: Сојузна статистичка канцеларија на Швајцарија (www.bfs.admin.ch)

[40] Зоран Илиевски, „Интегративниот модел на делење на моќта и случајот на Македонија“, Скопје, 2011, стр. 33.

Консоцијалната демократија е модел на демократија со одредена функција, кој самиот себе се надминува во моментот кога ќе ја одигра својата улога, но воедно, е и доказ дека демократијата е можна и во плурални општества во кои постојат длабоки социјални поделби или политички разлики. За тие плурални општества, во кои различни делови на заедницата (групи кои држат до својата: религија, култура, јазик и идеи) географски живеат еден покрај друг, но општествено одвоени, се вели дека се општества во кои постои, таканаречена, сегментарна поделба. Сегментарните поделби можат да бидат: религиозни, идеолошки, лингвистички, регионални, културни, расни или од етничка природа. Тенденција на: политичките партии, масмедиумите, училиштата и добротворните организации е да бидат организирани во согласност со сегментарните поделби. При постоење на консоцијална демократија, центрифугалните тенденции кои постојат, тенденциите кои водат кон разградување и поделба на земјата, се неутрализираат со соработката меѓу водачите на различните сегменти кои постојат. Всушност, консоцијалната демократија може да се дефинира како политички систем во кој политичките одлуки се донесуваат од голема коалиција на политичките лидери (елити) кои ги претставуваат сегментарните делови на општеството. Според Лајпхарт, мнозинскиот модел е исклучителен, компетитивен и спротивставен, а моделот на консензус се карактеризира со ангажираност, преговарање и компромис.[41]

4.2. ЕЛЕМЕНТИ НА КОНСОЦИЈАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА

Консоцијалната демократија ја обележуваат четири карактеристики:

1. На власт е **голема коалиција** на политичките водачи на сите позначајни сегменти на определено плурално општество;
2. **Меѓусебно вето** кое служи како дополнителна заштита на виталните малцински интереси;
3. **Пропорционалност**, како основно мерило при одредување на политичка застапеност при именување на државни службеници и при распределба на јавните фондови;
4. Висок степен на **самостојност на сегментите** при решавање на внатрешните прашања.

    1. Првиот елемент на консоцијалната демократија се состои во постоење на **голема коалиција** во која соработуваат политич-

[41] Arend Lajphart, „Modeli demokratije“, Beograd i Podgorica, 2003, стр. 76.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Охридскиот рамковен договор беше потпишан на 13 август 2001 година, во Охрид, од страна на: претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски, претставници на четирите најголеми политички партии и од претставници на ЕУ и САД, како гаранти на Договорот од страна на меѓународната заедница. Целта на овој Договор беше да се стави крај на вооруженият конфликт од 2001 година во Република Македонија. Рамковниот договор целосно и безусловно ја отфрла употребата на насилството за остварување на политичките цели и го потврдува суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија и нејзиниот унитарен карактер. Договорот содржи обврска за измени на Уставот со кои се проширија правата на заедниците кои не се мнозинство во земјата, и тоа во поглед на прашањата за: употреба на јазикот, симболите, специјално мнозинство за гласање на одредени закони во Собранието (т.н. Бадентерово мнозинство), и сл. Исто така, Договорот го потенцираше значењето на локалната самоуправа и на процесот на децентрализација на земјата.

ките водачи на сите позначајни сегменти (етнички, религиозни, јазични или други групи) на некое плурално општество заради управување со земјата. Консоцијалниот модел бара здружување на водачите кои треба да бидат подготвени за спогодба. Во консоцијалната демократија водачите на сегментите ја избегнуваат, таканаречената, „игра на нулта сума“ – „игра на сè или ништо“, односно политички натпревар во кој едни партии добиваат и стануваат власт, други губат и одат во опозиција. „Играта на нулта сума“ е политички натпревар во кој „учесниците создаваат коалиции доволно широки за да си осигураат победа, а не и пошироко“.[42] Тоа се коалиции на минимално потребно мнозинство, без градење на „поширок фронт“

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

„Игра на нулта сума“ – „игра на сè или ништо“ е политички натпревар во кој едни партии добиваат и стануваат власт, други губат и одат во опозиција, односно учесниците создаваат коалиции доволно широки за да си осигурат победа, а не и пошироко.

Слика 13. „Играта на нулта сума“ е „игра на сè или ништо“.

[42] Wiliam H. River, „The Theory of Political Coalitions“, 1962, стр. 32-33.

Слика 14. „Игра на нулта сума“ („игра на сè или ништо“.)[43] v. Соработка во која сите добиваат по нешто.[44]

за носење одлуки со поширока поддршка. Бидејќи влоговите во плуралните општества често се високи, не е препорачливо политиката да се води како игра на сè или ништо, во која едни партии ќе бидат власт, други опозиција. Затоа е посоодветна голема коалиција, наместо типот на демократија каде што партиите се поделени на партии во влада што ја ужива малата мнозинска поддршка и широка опозиција, каков што е мнозинскиот (вестминистерскиот) модел во кој лидерите се натпреваруваат и работат еден против други. Во политичкиот систем со јасно одделени и потенцијално непријателски расположени делови на населението, изгледа дека, речиси, сите одлуки имаат важни последици, па примената исклучително на мнозинскиот принцип претставува опасност за одржување на системот.[45] Основна карактеристика на големата коалиција е во учеството на водачите од сите значајни сегменти во управувањето со плуралните општества. Владата на голема коалиција е изворно консоцијално средство, но и различни други облици можат да послужат за таа цел. Најдобар пример за изворен облик на големата коалиција е Швајцарија каде извршната власт ја врши Сојузниот извршен совет кој е составен од седум члена и во кој се претставени различните јазични групи во земјата. Постои и мислење според кое големата коалиција не е најважно средство за постигнување на политичка стабилност во плуралните општества, туку тоа е само привидна појава и дека готовноста за компромис е основен фактор, што не мора и нужно да биде изразено во облик на институционализирана соработка во склоп на големата коалиција.[46]

43 Слика од onlyyouqj на Freepik
44 Слика од Freepik
45 Аренд Липхарт, „Демократијата во плуралните општества“, Скопје. 1994, стр. 28.
46 Аренд Липхарт, „Демократијата во плуралните општества“, Скопје. 1994, стр. 30.

Слика 15. Освоени пратенички места на парламентарните избори одржани во Република Македонија во 1994 година.

Слика 16. Состав на Владата на Република Македонија избрана во 1994 година според партиската припадност на нејзините членови.

Во Република Северна Македонија, Владата во која коалицираат партии со доминантно членство на Македонци – СДСМ (Социјалдемократски сојуз на Македонија) или ВМРО-ДПМНЕ (Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија на македонско национално единство) со политички партии со доминантно членство на Албанци – ДУИ (Демократска унија за интеграција), ДПА (Демократска партија на Албанците), ПДП (Партија за демократски просперитет во Македонија) и други, е еден вид голема коалиција, како елемент на консоцијална демократија. По донесувањето на Уставот во 1991 година, до денес, и покрај тоа што тоа не претставува уставна обврска, немало ниту една Влада во која еден од коалиционите партии не била партија во која членуваат Албанците во земјава. Дури и кога СДСМ или ВМРО-ДПМНЕ имале апсолутно мнозинство во Собранието и немале потре-

Слика 17. Освоени пратенички места на парламентарните избори одржани во Република Македонија во 2008 година.



Слика 18. Број на членови на Владата на Република Македонија избрана во 2008 година според нивната партиска припадност.

ба од коалиционен партнер за избор на Влада во Собранието, дури и во такви ситуации, еден од коалиционите партнери во Владата била партија во која доминантно членуваат Албанци. Така, во 1994 година, СДСМ со освоени 87 пратенички места, коалицираше во Владата со ПДП со освоени 10 пратенички места, и покрај тоа што за избор на Влада се потребни 61 глас во Собранието. Исто така, на Парламентарните избори во 2008 година, ВМРО-ДПМНЕ освои 63 места во Собранието, а во Владата коалицираше со ДУИ кои освоија 18 пратенички места.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Правото на вето овозможува целосна заштита на малцинствата од можноста на надгласување во рамките на големата коалиција.

2. Вториот елемент за функционирање на консоцијалната демократија е **правото на вето** на сите политички актери, што, всушност, претставува отстапување од чистиот закон за мнозинството. Правото на вето овозможува целосна заштита на малцинствата од можноста за надгласување во рамките на големата коалиција. Ветото му дава на секој сегмент „моќ да се штити самиот себе и нивните права и безбедност ги става таму каде што единствено можат да бидат заштитени, а тоа е во нивните сопствени раце“.[47] Ветото може да биде неслужбена и непишана спогодба (пример: Холандија и Швајцарија) или формална одредба, по можност внесена во уставот (пример: во Белгија, Уставот го предвидува кога се расправа за прашањата што се однесуваат на јазичните групи). Во Република Северна Македонија, во Уставот е предвидено специјално мнозинство за гласање на одредени закони (колоквијално, ова се нарекува Бадентерово мнозинство, според Роберт Баденер кој учествувал во изготвувањето на Охридскиот рамковен договор и кој се смета за креатор на ваквиот начин на гласање на законите). Според Амандманот X на членот 69 од Уставот, за закони кои директно ги засегаат: културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија. Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците. Исто така, Бадентерово мнозинство се бара и при измена на уставните одредби кои беа изменети со уставните амандмани во 2001 година. Таканаречуваното, Бадентерово мнозинство, се применува и во

[47] John C. Calhoun. Според Аренд Липхарт, „Демократијата во плуралните општества“, Скопје. 1994, стр. 36.

гласањето на советите на општините и градот Скопје кога се одлучува за прописи кои се однесуваат на: културата, употребата на писмата и јазиците на кои зборуваат помалку од 20 % од граѓаните во општината и утврдувањето и употребата на грбот и знамето на општината.

Она што се истакнува како опасност од употребата на правото на вето е можноста од тиранија на малцинството, но фактот што тоа вето го имаат сите малцински групи дава сигурност што одвраќа од негова реална употреба и создава свест за опасноста од целосен застој во договарањето како последица од претераната употреба на ветото.

3. Третиот елемент на консоцијалната демократија е **пропорционалната застапеност на сегментите при именувањето државни чиновници и распределба на јавни фондови**. И принципот на пропорционалност значи отстапување од принципот на мнозинство и е преплетен со начелото на голема коалиција. Пропорционалноста е спротивна на начелото дека сета власт му припаѓа на победникот и се користи при доделување на позначајните места кои се решавачки за одржување на заедницата, како и при распределба на финансиски средства во облик на државни субвенции на одделни сегменти. Пропорционалноста е неутрално и непристрасно мерило за распределба и ја растоварува консоцијалната влада. Значајно е што пропорционалноста се однесува и на процесот на донесување одлуки. Имајќи го предвид пропорционалниот состав на владата, се поставува прашањето како да се постигне пропорционално влијание при донесување на определена одлука која во основа е од дихотомна природа (да се преземе некоја акција – да или не) и да се избегне користење на начелото на мнозинство или вето на малцинството. Оваа дилема се решава на два начина, со поврзување на неколку прашања, при што се прави обид тие да се решат истовремено преку меѓусебни отстапки (на ти – дај ми) или со препуштање на најтешките судбоносни одлуки на главните водачи на сегментите (во блиски и тајни преговори) многу се зголемува веројатноста за донесување пакет-мерки, а употребата на ветото значително се намалува.

Во Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок е принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа.

4. Четвртиот елемент на консоцијалната демократија е **висок степен на самостојност на сегментите при решавањето за внатрешните прашања,** односно малцинството само одлучува за прашања кои се однесуваат на тоа малцинство. Значи, за прашањата од заеднички интерес одлучуваат сите сегменти заедно, а сите други прашања се препуштени на сегментите, што претставува силен поттик за разни организации внатре во сегментите. Автономијата на сегментите го зголемува плурализмот на, и онака, плуралното општество. Практично, ваквиот услов треба да придонесе до поделби во рамки на сегментите и нарушување на единството на сегментот во односите со другите сегменти.



Слика 19. Територијалната поделба на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија.

Овој елемент во Република Северна Македонија е обезбеден преку децентрализацијата и зголемените надлежности на општините, кои во голема мера со територијалната поделба се организирани по етничките линии. Територијалната поделба на единиците на локална самоуправа, која беше извршена во 2004 година, беше изведена во форма на етнички gerrymandering, наместо во форма која ќе обезбеди поголемо територијално „вкрстување на расцепите“.[48]

[48] Зоран Илиевски, „Интегративниот модел на делење на моќта и случајот на Македонија“, Скопје. 2011, стр. 143.

4.3. ПОВОЛНИ ФАКТОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА КОНСОЦИЈАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА

Поволни фактори за воспоставување, остварување и одржување на консоцијалната демократија се:

1. Повеќекратна рамнотежа на моќта;
2. Повеќепартиски систем;
3. Мала територија на земјата;
4. Постоење на традиција во склучување спогодби меѓу сегментите;
5. Постоење на расцепи што се вкрстуваат, итн.

Овие услови не се нужни, ниту доволни, туку само му погодуваат на консоцијалниот модел на демократија.[49]

Слика 20. Идеален приказ на повеќекратна рамнотежа на моќта.[50]

[49] Аренд Липхарт, „Демократијата во плуралните општества“, Скопје. 1994, стр. 59-101.
[50] Слика од @hobbitart на Freepik

Поимот на **повеќекратна рамнотежа на моќта** како поволен фактор за остварување на консоцијалната демократија вклучува два одвоени елементи: прво, рамнотежа, или приближна рамнотежа, меѓу сегментите, и второ, постоење барем на три различни сегменти. Тоа значи дека *сите сегменти се малцинство.* Повеќекратната рамнотежа на моќта меѓу сегментите е поповолен услов за консоцијалната демократија од двојната рамнотежа на моќта (кога постојат два сегмента со приближно иста големина) или хегемонијата на еден од сегментите (кога еден сегмент е мнозинство, а другите се малцинство во земјата). Ова е така бидејќи кога еден од сегментите има надмоќно мнозинство, неговите водачи ќе се обидат да загосподарат со малцинството или кога општеството има сегменти со приближно иста големина, тие ќе се обидуваат да го освојат мнозинството, а не да се спогодуваат и соработуваат. Постоење на премногу сегменти не е поволен фактор, бидејќи ќе бара сложени и билатерални преговори меѓу елитите. Како оптимален број на сегменти за функционирање на консоцијалната демократија се смета дека е најмалку 3, најмногу 5, кои ќе бидат со приближна големина.

Слика 21. Поволен фактор за консоцијална демократија е ниту еден сегмент да не биде мнозинство.[51]

[51] Слика од @macrovector на Freepik

Постоењето на **повеќепартиски систем,** во кој политичките партии настапуваат како политички претставници на сегментите, петставува поволен услов за остварување на консоцијалната демократија, бидејќи се осигурува добар начин за избор на водачи на сегментите што ќе учествуваат во големите коалиции. Хомогените земји со двопартиски систем имаат услови за создавање чист модел: влада – наспроти – опозиција, а умерената повеќепартијност е поволен фактор само под услов сите партии да се малцински партии, а уште поповолно е тие да не се премногу различни по големина.

Малата територија на земјата, исто така, е поволен фактор за консоцијалната демократија, што го покажува и примерот на земјите во кои била воспоставена. Непосредно дејство на малата територија е што го засилува духот за соработка и спогодување. Елитите меѓу себе добро се познаваат и често се состануваат, а посредна последица е олеснето донесување на одлуки, бидејќи полесно е да се управуваат помали, отколку поголеми земји каде бројот и разновидноста на групите и поединците, чиј интерес треба да се земе предвид, се помали. Исто така, малата земја има ограничена моќ на меѓународен план, па затоа се воздржува од активна надворешна политика и има помали шанси за донесување опасни одлуки на ова поле.

Постоење на традиција во склучување спогодби меѓу сегментите е поволен фактор на консоцијалната демократија бидејќи се олеснува функционирањето на политичкиот систем кој е заснован врз договарање и преговарање. Значи, поволно е постоење на традиција на акомодација, односно решавање конфликти со консензус и компромис, кои се втемелени во културата.

Постоење на расцепи што се вкрстуваат е поволен фактор за функционирање на консоцијалната демократија. Тоа значи дека во рамките на секој сегмент има подгрупи формирани врз основа на одредени критериуми. Тие подгрупи чувствуваат блискост со подгрупата од другиот сегмент со која делат исти карактеристики. На пример, ако земјата е поделена на етнички групи – А, Б и В. Доколку самите етнички групи не се хомогени, туку во нив постои расцеп, односно секоја од етничките групи има подгрупи на христијани и муслимани, тогаш очекувано е дека ќе постои одредена „солидарност“ или блискост меѓу христијаните од групите А, Б и В, како и дека муслиманите ќе чувствуваат блискост меѓу себе без оглед на која етничка група припаѓаат. Значи, расцепот по религиска основа се вкрстува во трите групи и доаѓа до еден вид на кохезија или наоѓање заеднички интерес меѓу подгрупите А – христијани,

Б – христијани и В – христијани. Доколку постојат расцепи што се вкрстуваат, сегментите чувствуваат повеќе кохезивни сили меѓу нив, што ја засилува нивната меѓусебна соработка и го олеснува постигнувањето консензус.

Покрај овие фактори, постоењето на надворешна опасност и закана може да ги обедини сегментите и да го зголеми потенцијалот за соработка меѓу нив. Исто така, битно е и постоењето на одреден степен на економско-социјална еднаквост. Ако е различна економската моќ на сегментите, потешко ќе биде нивното учество во поделбата на власта.

4.4. ДИЛЕМИ НА КОНСОЦИЈАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА

Консоцијалната демократија може да постои доколку мнозинството прифаќа дека малцинството мора да има активна улога во политичкиот живот на државата, но и доколку малцинството има желба поделбите да се надминат, а не да се зголемат. Добра институционална рамка за воспоставување на консоцијална демократија се парламентарните системи со пропорционален изборен модел, како и општествата со географски концентрирани сегменти, односно федерални системи. Воспоставувајќи се во сегментарни (поделени) општества, во природата на консоцијалната демократијата не е да ги укинува и ослабува поделбите, туку да го признава постоењето на сегментите и да ги претвори во активни чинители во политичкиот живот.

На консоцијалната демократија ѝ се упатуваат бројни забелешки и критики.

1. На консоцијалната демократија ѝ се забележува дека е **недоволно демократична** и тоа заради неколку причини:
   - Во консоцијалната демократија сегментот ја апсорбира индивидуата и користејќи ги правата на групата се поставува меѓу поединецот и власта и со својата хомогеност врши притисок врз поединците. Значи, се јавува проблем со слободата и еднаквоста на поединците, бидејќи консоцијалната демократија повеќе се интересира за еднаквоста на групите, отколку на поединците.
   - Во консоцијалната демократија постои релативно слаба и мала опозиција или таа воопшто не постои.
   - Во консоцијалната демократија партиските лидери ги заземаат клучните координативни улоги, заради што се смета

дека партитократијата е отелотворена во консоцијалната демократија.

- Во консоцијалната демократија изборите стануваат бесмислени затоа што избирачите немаат избор и не им се јасно презентирани алтернативите.[52]

2. На консоцијалната демократија ѝ се забележува и дека е **недоволно ефикасна во постигнувањето на стабилна и успешна власт** заради тоа што:
   - Владеењето преку голема коалиција значи бавно донесување на одлуки;
   - Ветото може да доведе до целосен застој;
   - При составот на администрацијата не се води сметка за индивидуалните квалитети на личноста, туку за припадност на сегментот.

3. На консоцијалната демократија ѝ се забележува и дека е **елитистички и арбитрарен систем**, **на кој му недостасува транспарентност и одговорност** заради тоа што:
   - Повеќе се потпира врз неформални правила, кои се сметаат за посоодветни затоа се флексибилни и полесно се менуваат со договор на елитите;
   - Кога нема опозиција, нема ни одговорност за политиките;
   - Преговорите се вршат надвор од очите на јавноста, заради што системот не е доволно транспарентен;
   - Договорите меѓу сегментите поттикнуваат меѓусебни отстапки кои често се нерационални;
   - Без јавност и партиципација на поширокиte слоеви во политиката, доаѓа до политичка пасивност, а бидејќи луѓето не можат да влијаат врз политиката се чувствуваат фрустрирано.[53]

Покрај овие забелешки, консоцијативната демократија се смета за опасна затоа што ја слабее кохезијата во државата, односно води кон интерна конфедерализација на системот. Ветото гледано од страна на мнозинството е ултимативно средство за заштита на правата на малцинството, па мнозинството чувствува потреба да се заштити од малцинството. Има поединци кои сметаат дека консоцијалниот модел, а особено големата коалиција, како негов прв услов, мора

[52] Вучина Васовиќ наведува 26 забелешки на консоцијалната демократија. Vučina Vasović, Predgovor во Arend Lajphart, „Modeli demokratije“, Beograd i Podgorica, 2003, стр. 38-46.
[53] Vučina Vasović, Predgovor во Arend Lajphart, „Modeli demokratije“, Beograd i Podgorica. 2003, стр. 38-46.

да пропадне бидејќи во неа се интегрираат сегментите кои немаат ништо заедничко и „тоа е исто како да се мешаат маслото и водата“.[54] Наспроти тоа се тврдењата дека, сепак, може да дојде, и дошло, до поврзување на елитите, а мотивот за тоа може да биде, меѓу другото, и свеста за опасностите што произлегуваат од поделбите и желбата да бидат отстранети. Значи, за да опстане консоцијацијата, водачите мора, барем до некаде, да чувствуваат приврзаност кон зачувување на единството на земјата и кон демократското устројство. Сепак, консоцијалната демократија е решение од „крајна нужда“ во државите кои се соочуваат со сериозна опасност од распад по етничките шевови. Многу поповолно е интегрирањето на човекот како индивидуа во рамките на системот и разбивање на колективистичката свест или, накусо, на демократијата ѝ е потребен расцеп внатре во јазичните или религиозните групи, а не меѓу нив.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Консоцијалниот модел и **интегративниот модел** имаат заеднички карактеристики: делење на моќта и афинитет кон децентрализацијата.

Како алтернатива на консоцијативниот модел, се развил **интегративниот модел**. Двата модела имаат и некои заеднички карактеристики: делењето на моќта и афинитетот кон децентрализацијата.[55] Додека консоцијативната теорија се потпира врз елитна соработка и им гарантира на групите дека ќе ги заштити преку правото на вето, интегративниот метод се потпира врз стимулирање на соработката меѓу групите (етничка соработка), заради што и главниот застапник на теоријата за интегративен модел – Доналд Хоровиц, ја нарекува „метод на стимули“.[56] Соработката меѓу сегментите може да се стимулира преку изборен систем кој ќе охрабри предизборни коалиции на партии кои претставуваат различни етнички групи и кои се засновани врз други, а не етнички интереси. Покрај коалициите кои ги надминуваат етничките интереси, друг механизам за намалување на конфликтите според интегративната теорија е намалување на економско-социјалните разлики меѓу групите, за да се намали и нивното незадоволство и нетрпеливост. Значаен механизам за намалување на конфликтите е и зголемување на поделбата во рамките на сегментите.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Консоцијалната теорија се потпира врз елитна соработка и им гарантира на групите дека ќе ги заштити преку правото на вето.

Функционирањето на поделените општества не е лесно, но е неопходно да се живее со разликите и да се преземаат мерки за надминување на тензиите преку избор на модели на демократија кои ќе овозможат да се остваруваат општите интереси, без да се занемаруваат посебните, специфични интереси на групите.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Интегративниот метод се потпира врз стимулирање на меѓугрупна (етничка) соработка (метод на стимули).

---

54 Mohammad Hatta. Наведено според Аренд Липхарт, „Демократијата во плуралните општества“, Скопје. 1994, стр. 159.

55 Зоран Илиевски, „Интегративниот модел на делење на моќта и случајот на Македонија“, Скопје. 2011, стр. 33.

56 Зоран Илиевски, „Интегративниот модел на делење на моќта и случајот на Македонија“, Скопје. 2011, стр. 33-34.

Слика 22. Шематски приказ на моделите на демократија.

ПРАШАЊА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

1. Кои проблеми можат да се јават при дефинирањето на демократијата како владеење на мнозинството?
2. Што е тоа претставничка, а што непосредна демократија?Наведете неколку принципи и категории опфатени со начелото на легалитет!
3. Како грчките филозофи ја сфаќале демократијата?
4. Која е суштината на популистичките дефиниции за демократијата?
5. Која е суштината на плуралистичките дефиниции за демократијата?
6. Што е тоа полиархија?
7. Која е суштината на институционалните дефиниции за демократијата?
8. Која е суштината на елитистичките дефиниции за демократијата?
9. Зошто отвореноста на демократијата е нејзино ранливо место?
10. Според Хејвуд, какви модели на демократија постојат?
11. Која е суштината на мнозинската демократија?
12. Со што се оправдува владеењето на мнозинството?
13. Што е тоа мајоризација?
14. Што е тоа разумен компромис?
15. Што се смета за погоден простор за воспоставување консоцијална демократија?
16. Кои се елементи на консоцијалната демократија?
17. Што е тоа „игра на нулта сума“?
18. Каква е улогата на правото на вето во консоцијалната демократија?
19. Кои се поволни фактори на консоцијалната демократија?
20. Зошто се вели дека консоцијалната демократија не е доволно демократична?
21. Кои се слабости на консоцијалната демократија?
22. Што е заедничко на консоцијалниот модел и на интегративниот модел на демократија?
23. Кои се разликите меѓу консоцијалниот модел и интегративниот модел на демократија?

ГЛАВА 5

НЕДЕМОКРАТСКИ СИСТЕМИ

ПРАШАЊА ЗА ДЕБАТА

1. Која е основната разлика меѓу демократските и недемократските системи? Наведете примери за демократски и недемократски системи! Што претставуваше основна водилка и критериум за Вашиот пример?

2. Зошто се смета дека демократијата е подобар облик на владеење од недемократските системи? Кои опасности ги носат со себе недемократските системи?

3. Основната поделба на недемократските системи е на тоталитарни и авторитарни режими? Кога може да се тврди дека еден систем е тоталитарен, а кога дека еден систем е авторитарен? Што мислите, кои се основните разлики меѓу тоталитаризмот и авторитаризмот?

4. Постојат ли различни видови на авторитарни режими? Кои авторитарни режими најмногу се присутни во XXI век? Зошто?

5. Истражувањата говорат дека во последните две децении се зголемил бројот на авторитарни режими во светот. Кои се причините за таквата состојба? Дали тоа значи дека авторитаризмот е иднината на светот?

6. Последната деценија беше обележена и со подем на хибридни режими? Што мислите, кои се карактеристиките на хибридните режими? Зошто се прави разлика меѓу нив и класичните авторитарни режими? Дали може да наведете држави кои се дел од хибридните режими?

7. Какво е Вашето мислење, дали авторитарните режими подобро се справија со Ковид-19 пандемијата од демократските системи? Зошто мислите така?

8. Како влијаеше Ковид-19 пандемијата врз демократските, а како врз недемократските системи? Кои системи подобро ја искористија Ковид-19 пандемијата за промовирање на нивните вредности? Како и зошто?

1. ПОИМНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НЕДЕМОКРАТСКИ СИСТЕМИ

„Демократијата е најлош облик на владеење, но подобар од сите други кои досега биле користени“, е познатата реченица на Винстон Черчил при дефинирањето на значењето на демократијата за човештвото. И, навистина, демократијата не е перфектниот облик на владеење, но е далеку подобар од комунизмот, фашизмот, апсолутната монархија, воените режими, теократиите, итн. Меѓутоа, човештвото далеку повеќе искуство имало со недемократски, отколку со демократски системи. Апсолутните монарси преку користење на теократскиот суверенитет со векови биле апсолутни господари, а ограничената власт и заштитата на човековите права и слободи биле непозната категорија. Токму подемот на либералната идеологија и демократија во XVIII и XIX век доведоа до крај на владеењето на апсолутните монарси во најголем дел од светот. Меѓутоа, подемот на демократијата не доведе до крај на недемократските системи. Напротив, XX век е сведок на појава на брутални тоталитарни и авторитарни режими. Победата над фашизмот, а посебно победата над комунизмот, придонесе до еуфорија дека демократијата е победник во битката со недемократските системи и дека е последната станица во развојот на облиците на владеење. Сепак, таквата еуфорија е сосема неоправдана доколку се погледне дека дури и денес само 20 % од светската популација живее во консолидирани демократии.[1]

Слика 1. Само 20 % од светската популација живее во консолидирани демократии.

За останатите 80 % од светското население демократијата претставува само замислен идеал, а авторитарните и хибридни режими претставуваат реалност. Реалност која е исполнета со неограничена

[1] Freedom House, „Freedom in the World 2023: Marking 50 Years in the Struggle for Democracy“ 30 at https://freedomhouse.org/sites/default/files/2023-03/FIW_World_2023_DigtalPDF.pdf

власт, потиснување и забрана на политички плурализам и конкуренција, непостоење на фер услови за политички натпревар и избори, како и ограничување и повредување на човекови права и слободи. Реалноста во недемократските системи е таква бидејќи овие системи најчесто се дефинираат како системи на елитата и привилегираните во кои политичките одлуки се носат од поединец, елита, хунта или, пак, олигархија.[2] Во ваквите системи изборите или не постојат или, пак, претставуваат само фарса при изборот на политичките власти. Затоа, теоретичарите кои ги дефинираат овие системи преку анализа на изборните процеси потенцираат дека недемократските системи, всушност, значат кражба на политичките функции и моќ.[3] Заради тоа, властите во недемократските системи сметаат дека се над законот и дека можат да делуваат надвор од уставните ограничувања.[4]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Недемократските системи се системи на елитата и привилегираните во кои политичките одлуки се носат од поединец, елита, хунта или, пак, олигархија, а не од претставници избрани на фер и демократски избори.

При проучување на недемократските системи треба да се има предвид дека постои голема разноликост меѓу нив. Постојат различни класификации на недемократските системи, но наједноставната класификација на недемократските системи се засноваат врз поделбата на тоталитарни и авторитарни режими.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Недемократските системи се делат на тоталитарни и авторитарни режими.

Разлики меѓу тоталитарни и авторитарни режими

Карактеристики на тоталитарни режими	Карактеристики на авторитарни режими
• Главна цел е целосно да се трансформира општеството и државата; • Идеологијата има важна улога во легитимирање на режимот; • Постоење на цврста и добро организирана политичка партија поврзана со официјалната идеологија на режимот; • Еднопартиски систем; • Тотална контрола на општеството (границата меѓу државата и општеството се укинува); • Мобилизација на народните маси.	• Главна цел е авторитарните власти да останат што е можно подолго на власт; • Идеологијата нема значајна улога; • Политички партии може да не постојат, а доколку постојат немаат моќ и не се цврсто организирани; • Можност за постоење и на повеќе партии (мала доза на плурализам е дозволена); • Режимот нема тотална контрола врз општеството (постои граница меѓу државата и општеството); • Демобилизирање на народните маси.

[2] Natasha M. Ezrow and Erica Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders* (New York: Continuum, 2011), 2.

[3] Ibid.

[4] Heywood, Politics – Fifth Edition, 127.

2. ТОТАЛИТАРНИ РЕЖИМИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Фашистичките и комунистичките режими се тоталитарни режими.

Кога станува збор за тоталитарните режими треба да се има предвид дека ваквите режими се јавуваат во XX век и најчесто се поврзуваат со фашистички, нацистички и комунистички режими. Имено, токму Бенито Мусолини и теоретичари поврзани со италијанскиот фашизам го создале терминот totalitario, во текот на 20-тите години на XX век, со желба да опишат нов тип на држава која треба да ја извлече Италија од повоената криза по Првата светска војна.[5] Желбата за нов тип на држава набрзо се согледува и кај Адолф Хитлер и Националсоцијалистичката партија во Германија, како и кај Комунистичката партија во СССР.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Тоталитарните режими се еднопартиски системи во кои идеологијата и политичката партија играат голема и важна улога, а главна цел на режимот е целосно трансформирање на општеството и државата преку тотална контрола на општеството.

Градењето на нов тип држава требало да доведе до целосна (тотална) трансформација на човековата природа и тековните општества. Токму затоа, тоталитаризмот говори за укинување на демократијата и креирање на држава која ќе влијае во секоја сфера на човековото постоење, почнувајќи од контрола на економијата, образованието, културата, религијата, семејниот и приватниот живот. Тоа значи дека во рамки на тоталитарните режими нема простор за цивилно општество, пазарна економија, а државата добива право да решава и за најличните работи на граѓаните, односно со кого тие се во брак, кои им се пријатели, што ќе студираат, каде ќе работат, како го поминуваат слободното време, итн. Практично, тоталитаризмот не остава простор за било какво организирање надвор од државата бидејќи границата меѓу државата и општеството се укинува. Тоа најубаво се согледува преку цитатот на Бенито Мусолини: „Сè во рамки на државата, ништо надвор од неа, ништо против неа".

Слика 2. Тоталитарните режими имаат тотална контрола над општеството и државата.[6]

[5] Martin Palous,„Totalitarianism and Authoritarianism", In *Encyclopedia of Violence, Peace, & Conflict Vol. 3*, ed. Lester Kurtz (Oxford: Elsevier, 2008), 2131.
[6] Слика од @sergeychuyko на Freepik

Градењето на таквата држава, која целосно ќе го контролира и организира секој сегмент од индивидуалниот и општествениот живот, се заснова врз вредностите на определена идеологија која е тесно поврзана со воспоставувањето на тоталитарниот режим. Тоа значи дека тоталитарните режими цврсто се поврзуваат со определена идеологија и очекуваат дека државата, а со тоа и целото општество, треба да бидат организирани според вредностите на конкретната идеологија.[7] Сосема логично, фашистичките тоталитарни режими се градат врз вредностите на фашистичката идеологија додека, пак, комунистичките тоталитарни режими се градат врз елементите на комунистичката идеологија. Простор за елементи од други идеологии нема бидејќи другите идеологии се идеологии на непријателите и предавниците.

Тоа е причината заради која во тоталитарните режими се забрануваат сите политички партии, освен партијата која се поврзува со официјалната идеологија на тоталитарниот режим. Така, тоталитарните режими креираат еднопартиски систем и не дозволуваат простор за политички плурализам. Во нив изборите или се забранети или, пак, се фарса бидејќи станува збор за еднопартиски избори. Како пример на еднопартиски избори може да се земат комунистичките режими во кои комунистичките партии презентирале кандидат, а задачата на избирачите била само да се појават на избирачкото место и да гласаат за кандидатот предложен од страна на комунистичката партија.[8] Станува збор за избори со еден понуден кандидат, без можност за избор меѓу повеќе кандидати. Определени комунистички режими со цел да покажат поголем степен на отвореност при организирањето на избори дозволувале организирање на избори со повеќе предложени кандидати, но сите кандидати требало да бидат членови на комунистичката партија.[9] Иако ваквите избори овозможувале определен натпреварувачки дух, сепак со оглед на тоа што се работи за еднопартиски избори, станува јасно дека изборите се само фасада.

---

[7] Carl J. Friedrich and Zbigniew Brzezinski, *Totalitarian Dictatorship and Autocracy* (Cambridge: Harvard University Press, 1965), 3.

[8] Rod Hague, Martin Harrop and John McCormick, *Comparative Government and Politics: An Introduction – 10th Edition* (London: Palgrave, 2016), 282.

[9] Hague, Harrop and McCormick, *Comparative Government and Politics*, 282.

АВТОРИ

Хана Аренд /Hannah Arendt/ (1906-1975) е германски политички филозоф и историчар. Родена е во Германија, но заради подемот на нацизмот била принудена со своето семејство да пребега во Америка. Како теоретичар извршила големо влијание во изучувањето на тоталитаризмот и авторитаризмот преку нејзиното дело: „Изворите на тоталитаризмот“ (1951 година).



Слика 3. Во тоталитарните режими изборите се фарса бидејќи постои еднопартиски систем и можност да се гласа само за кандидат од една политичка партија. Пример на гласачко ливче од Нацистичка Германија.

Практично, тоталитарните режими не оставаат можност за политичко организирање надвор од политичката партија која е поврзана со идеологијата на тоталитарниот режим. Тоа е така бидејќи само овие партии поседуваат знаење за идеолошките вредности на тоталитарниот режим. Оттука, ваквите партии имаат голема улога во создавањето и функционирањето на тоталитарниот режим. Партијата во тоталитарните режими е хиерархиски и олигархиски организирана и, притоа, истата е целосно преплетена со државната бирократија.[10] Тоа говори дека во тоталитарните режими постои спој на државата и партијата,[11] односно во ваквите режими покрај

[10] Friedrich and Brzezinski, Totalitarian Dictatorship and Autocracy, 4.

[11] Hannah Arendt, The Origins of Totalitarianism (Florida: A Harvest Book Harcourt Brace and Company, 1973), 419.

укинување на границата меѓу државата и општеството, воедно следува и укинување на границата меѓу државата и партијата.

Цврстата и добро организирана партија во тоталитарните режими е предводена и од силен лидер. Всушност, целиот тоталитарен режим е нераздвоен од својот фирер/дуче.[12]

Примери на лидери од тоталитарни режими:

- Адолф Хитлер
- Бенито Мусолини
- Јосиф Сталин

Слика 4. Бенито Мусолини и Адолф Хитлер се творци на тоталитарните режими.

Преку креирање на култ на личноста, лидерот во ваквите режими се прикажува како херој и Бог кој ја поседува сета политичка мудрост и капацитет да го определи националниот интерес.[13] Едноставно, лидерот се перципира како натчовек и, според тоа, сите припадници на

[12] Sheldon S. Wolin, Democracy Incorporated: Managed Democracy and Specter of Inverted Totalitarianism (New Jersey: Princeton University Press, 2008), 44.
[13] Heywood, Politics – Fifth Edition, 335.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Бруталноста на Штази – Составена од 100.000 редовно вработени службеници и мрежа од околу 200.000 соработници, историјата говори дека оваа тајна полиција водела досиеја за, речиси, половина од возрасната популација на Источна Германија. Агентите на Штази при обезбедувањето на податоци покрај информациите од своите соработници се потпирале и врз прислушување на телефонските линии, запленување на личните писма и пошта, како и озвучување на домовите на лицата кои биле следени од оваа служба. Вообичаено, службата делувала преку тортура, дискрециони притвори, убиства, па дури и преку радиоактивно зрачење провоцирале рак кај политичките затвореници додека се наоѓале во затворите. Познати се и приказните дека агентите на Штази ги премачкувале дисидентите со радиоактивни материи за да можат со помош на Гајгеров бројач да ги лоцираат. Исто така, познати се и приказните дека агенти на Штази одлучувале да стапат во брак со определени дисиденти со цел службата да добива директно информации околу активностите на дисидентот.

општеството треба да веруваат во инстинктите на лидерот и целосно да се потчинат на неговите наредби.[14] Затоа, било каква критика (или опозиција) на лидерот и режимот претставуваат предавство и лудост.[15] Напротив, тоталитарните режими очекуваат целосна лојалност, дисциплина и пожртвуваност кон лидерот и режимот.

Таквата лојалност, дисциплина и пожртвуваност тоталитарните режими ја постигнуваат преку следниве начини:

- Преку целосна контрола на масовните комуникации и нивна злоупотреба за партиска пропаганда и промоција на лидерот. Во ваквите режими сите медиуми се контролирани и се дел од пропагандната машинерија која има за цел политичката партија и режимот да останат на власт.
- Насилство и терор кон неистомислениците и критичарите на лидерот, партијата и режимот. Тоталитарните режими секогаш се поврзуваат со брутални тајни полиции кои поседуваат прекумерна и неограничена моќ преку која ги ограничуваат човековите права и слободи и создаваат клима на страв и заплашување.[16]

Примери на тајни полиции од тоталитарни режими:
- Гестапо (Нацистичка Германија)
- Чека/НКДВ/КГБ (СССР)
- Штази (Германска Демократска Република – Источна Германија)

[14] Baradat and Phillips, *Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition*, 245.
[15] Heywood, Politics – Fifth Edition, 335.
[16] Heywood, Politics – Fifth Edition, 419.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Зборот **холокауст** потекнува од зборовите holos, што значи целосно, и kausis, што значи палење. Овој термин се користи за да се опише системското убивање на повеќе од шест милиони Евреи во текот на Втората светска војна, од страна на нацистичкиот режим во Германија, предводен од Адолф Хитлер. Убиството на Евреите било плански спроведено преку масовни стрелања, но и преку користење на гасни комори во концентрационите логори. Покрај системското убивање на Евреите, овој термин се користи и за системско и планско убивање и на Ромите и Словените од страна на нацистичкиот режим за време на Втората светска војна.

Затоа, тоталитарните режими се опишуваат и како полициски држави во кои секојдневие се притисокот, прислушувањето, следењето, притворите, тортурите, затворите, работничките и концентрационите логори за неистомислениците и критичарите на тоталитарниот режим. Во тоталитарните режими, покрај критичарите и неистомислениците, основа за насилство и тортура е и самото припаѓање на индивидуите кон определен колектив. Таков е примерот со Евреите во нацистичка Германија или, пак, земјопоседниците во СССР. Станува збор за степен и обем на насилство и терор што не може да се забележи кај другите типови на недемократски системи.

Слика 5. Степенот и обемот на насилство и терор на тоталитарните режими не може да се сретне кај другите недемократски системи. Слика од масовна гробница од концентрационен логор во Нацистичка Германија.

3. АВТОРИТАРНИ РЕЖИМИ

Токму степенот и обемот на насилство и терор е една од главните разлики меѓу авторитарните и тоталитарните режими. Теророт и пропагандата може да бидат користени и во авторитарните режими, но не во тој степен како во тоталитарните режими.[17] Исто така, во авторитарните, за разлика од тоталитарните режими или не постојат политички партии, или доколку постојат, тогаш се лабаво организирани и нивната моќ е мала. Дополнително, авторитарните режими се разликуваат од тоталитарните режими и во поглед на улогата на идеологијата и желбата за целосна контрола на општеството. Имено, улогата на идеологијата во авторитарните режими обично е слаба, а дополнително авторитарните режими не го контролираат целото општество, туку дозволуваат мал простор за плурализам.[18] Во рамките на авторитарните режими може да се забележи постоење на цивилно општество, пазарна економија, а понекогаш дури и опозиција организирана во политички партии. Ваквата констатација води кон прашањето зошто тогаш авторитарните режими се сместуваат во недемократски режими заедно со тоталитарните режими. Тоа е така бидејќи и авторитарните режими се слични на тоталитарните режими во поглед на нивното елитистичко владеење, самоволна употреба на политичката моќ, ограничување на човековите права и слободи, како и градење на односи во општеството засновани врз подреденост и хиерархија.[19]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Главна цел на авторитарните режими е да останат на власт што е можно подолго и тоа го прават преку репресија и награда, при што во ваквите режими идеологијата и политичките партии не играат значајна улога, а режимот нема целосна контрола врз општеството туку остава простор за мала доза на плуралност.

Слика 6. Авторитарните режими подразбираат: елитистичко владеење, самоволна употреба на политичката моќ, ограничување на човековите права и слободи и контрола на медиумите.[20]

[17] Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 5.
[18] Ibid.
[19] Michael Curtis, *Totalitarianism* (New Jersey: Transaction, Inc, 1987), 71.
[20] Слика од @jofreepik, @freepik на Freepik

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Авторитаризам е владеење „од горе“, во кое власта се извршува без разлика дали има или нема согласност од народот.

Во рамките на теоријата, најчесто под терминот авторитаризам може да се најде дефиницијата дека станува збор за владеење од горе, во кое власта се извршува без разлика дали има или нема согласност од народот.[21] Всушност, во авторитарните режими власта е во рацете на поединец или група, а граѓаните се исклучени од политиката. Тоа значи дека во авторитарните режими владеењето никогаш не се стекнува преку фер и демократски избори. Напротив, поддршката за таквото владеење се обезбедува преку два инструмента – лојалност или репресија.[22]

Така, во рамките на авторитарните режими се креира режимска елита која е целосно лојална на авторитарниот режим. Всушност, режимот се администрира и функционира преку ваквата режимска елита. Токму членовите на оваа елита: мобилизираат гласачи, местат избори, вршат притисок врз опозициски членови, прислушуваат и шпионираат.[23] Во таа насока, режимската елита има интерес авторитарниот лидер и режим да останат на власт бидејќи преку него добиваат можност да влијаат врз јавните политики, да бидат носители на политички позиции и да се стекнуваат со економски бенефити. Практично, авторитарниот лидер и режим преку патронажна политика, клиентелизам и корупција, а не преку идеологија како во тоталитарните режими, се стекнува со неговите лојални поддржувачи.

Покрај режимска елита, авторитарните режими создаваат и своја бизнис елита. За разлика од тоталитарните режими во кои економијата е контролирана од државата, во авторитарните режими постои пазарна економија, но економските текови се водат од бизнисмени лојални на режимот, кои добиваат можност заради нивната лојалност кон лидерот да управуваат со монополи и лукративни бизниси.[24] Така, авторитарните режими создаваат свои бизнис олигарси кои се лојални и под контрола на авторитарниот лидер. Преку тоа, авторитарниот лидер ги контролира и диригира економските текови во државата.

---

[21] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 121.

[22] Vinconze Bove and Jennifer Brauner, „The Demand for Military Expenditure in Authoritarian Regimes“, *Defence and Peace Economics* Vol 27 No 5 (2016): 613.

[23] Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 57.

[24] Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 257.

Создавањето на бизнис олигархија лојална на авторитарниот лидер овозможува ваквите бизнисмени да навлезат и во медиумскиот сектор и да создадат прорежимски медиуми. Ова говори дека во авторитарните режими медиумскиот сектор не е целосно контролиран од страна на државата, но преку слична тактика, како тактиката на планот на економијата, овие режими успеваат да спречат појава на силни независни и опозициски медиуми. Практично, во авторитарните режими во медиумите се потиснува критиката кон власта и се практикува цензура бидејќи медиумите или се под државна контрола или, пак, се во сопственост на групи блиски до авторитарниот лидер.[25] Тука треба да се потенцира дека посебно медиумите контролирани од државата во авторитарните режими служат како инструмент за пропаганда и градење на култот на личноста на авторитарниот лидер.[26]



Слика 7. Авторитарните режими креираат своја бизнис и медиумска елита преку која ги контролираат економските текови и медиумите.[27]

Покрај определена доза на плуралност во економијата и медиумите, со цел да се покаже определена отвореност и во политиката, авторитарните режими често дозволуваат и спроведување на избори. Меѓутоа, во ваквите режими изборите претставуваат фасада. Определени авторитарни режими дозволуваат гласање кое повеќе наликува на референдум отколку на вистински избори. Како пример може да се земат изборите во Ирак во периодот на Садам Хусеин, кога избирачите на гласачкото ливче преку заокружување на „да“ или „не“ одлучувале дали Садам Хусеин треба да остане на

[25] Hague, Harrop and McCormick, *Comparative Government and Politics*, 60.
[26] Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 223.
[27] Слика од @Pandagolik, @Vectorarte, @andrydj на Freepik

власт и во наредните години. Интересно е што во вака организираните избори секогаш се забележува огромна стапка на излезност и огромна поддршка за властите. Таквата голема излезност е последица на стравот дека неизлегувањето на избори може да биде протолкувано како постапка против авторитарните власти.

Од друга страна, во определени авторитарни режими е дозволено опозициски партии да учествуваат на избори, но преку изборни манипулации, притисоци и поткупи, и пред почетокот на изборите, всушност, е познато дека авторитарниот лидер и неговата партија ќе бидат победници на изборите. Со цел ваквата состојба да биде обезбедена во авторитарните режими, предмет на притисоци и вознемирување покрај опозициските кандидати, воедно се и нивните потенцијални поддржувачи.[28]

Имено, изборите во авторитарните режими се злоупотребуваат за зацврстување на авторитарниот режим преку обесхрабрување и кооптирање на опозицијата, зајакнување на легитимитетот на режимот, стекнување странска поддршка и добивање информации за силата на опозицијата, но и лојалноста на режимската елита.[29]

Затоа, без никаква дилема, изборите во авторитарните режими претставуваат само фарса. Ваквите избори се дозволени бидејќи не претставуваат опасност за опстанокот на авторитарниот режим. Изборите не претставуваат опасност бидејќи авторитарните режими преку најразлични репресивни мерки далеку пред изборите се пресметуваат со индивидуите и силите кои претставуваат реална опасност за опстанокот на режимот. Историјата е полна со примери како авторитарните режими брутално постапуваат кон потенцијалните ривали на авторитарниот лидер првенствено преку дискредитации, принудни оставки од работната позиција, притворања, па сè до егзекуции.[30] Со тоа, авторитарните режими покрај тоа што ги елиминираат опасностите за нивниот опстанок, воедно испраќаат и јасна порака до останатите што им следи доколку одлучат да го критикуваат или преиспитуваат авторитарниот режим.

Точно е дека авторитарните режими остават мал простор за плуралност и не го контролираат целокупното општество во духот на тоталитарните режими. Точно е дека остават и мал простор за развој на цивилно општество, економски текови и опозиција. Сепак,

---

28 Ezrow and Frantz, Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders, 72.

29 Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 69.

30 Kris A. Beck, „On Tyranny: The Political and Economic Characteristics of the Authoritarian Regime“, *New England Journal of Political Science* Vol 5 No 1 (2010): 76.

тоа не треба да залажува. Станува збор за брутални режими кои доколку се почувствуваат загрозени, ги користат сите средства на репресија за да ги потиснат критичарите и неистомислениците.

Слика 8. Авторитарните режими ги користат сите средства на репресија за да ги потиснат критичарите и неистомислениците.

Помалку или повеќе, ваквите карактеристики може да се забележат кај сите авторитарни режими. Меѓутоа, во начинот на настанување, организирање и функционирање постои голема разлика меѓу авторитарните режими. Затоа, кога се говори за авторитарни режими треба да се има предвид дека постојат различни типови на авторитарни режими. Најчесто ваквите авторитарни режими се делат на авторитарни монархии, персонализирани режими и воени режими. Интересно е дека зад ваквите авторитарни режими може да се најде и определена географска логика и поврзаност. Авторитарните монархии обично се среќаваат на Блискиот Исток, персонализираните режими во Африка, додека, пак, воените режими во Јужна Америка и Азија.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Постојат три основни вида на авторитарни режими, и тоа: авторитарни монархии, персонализирани режими и воени режими.

3.1. АВТОРИТАРНИ МОНАРХИИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Авторитарните монархии се апсолутни монархии во кои апсолутните монарси поседуваат неограничена власт.

Авторитарните монархии се дефинираат како режими во кои лице со кралско потекло ја наследува позицијата шеф на државата во согласност со прифатената практика и/или уставот.[31] Практично, станува збор за апсолутна монархија во која апсолутните монарси поседуваат неограничена власт. Таквата неограничена власт произлегува од тоа што владетелот е претставник на Бог. Според тоа, легитимноста на апсолутниот монарх потекнува од религиозни доктрини, при што врвни верски водачи обично даваат одобрение за правото на монархот да владее.[32] Тоа говори дека во ваквите општества покрај традицијата голема улога игра и религијата. Затоа, покрај апсолутни монархии ваквите држави често се опишуваат и како теократии. Покрај повикување на традиција и религија, ваквите режими опстануваат и преку градење на клиентелистички мрежи потребни за обезбедување на поддршка од клучните групи во општеството,[33] но и цврст безбедносен апарат кој поседува капацитет да го контролира општеството.[34] Ваквите режими можат сето ова да си го дозволат бидејќи станува збор за едни од најбогатите држави во светот, кои располагаат со богати природни ресурси (најчесто нафта и плин).

Слика 9. Авторитарните монархии најчесто се сретнуваат во држави кои располагаат со богати природни ресурси.[35]

---

[31] Michael Wahmana, Jan Teorell and Axel Hadeniusc, „Authoritarian regime types revisited: updated data in comparative perspective“, *Contemporary Politics* Vol. 19, No. 1 (2013): 25.

[32] Gaspare M. Genna and Taeko Hiroi, *Exploring Politics [A Concise Introduction]* (Los Angeles: SAGE Publishing, 2022), 130.

[33] Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 249.

[34] Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 252.

[35] Сликата е од @evgeniibashta на Freepik

Исто така, треба да се има предвид дека во ваквите режими посебно место имаат членовите на кралското семејство. Практично, членовите на кралското семејство ја креираат режимската елита и ги заземаат клучните места во политиката, економијата, војската, полицијата, итн. Семејните врски креираат силно поврзана владејачка елита која предводена од монархот ги определува правилата на игра во општеството.[36] Дополнително, кралското семејство има улога и во контролата над наследувањето на тронот.[37] Најчесто тронот го наследува најстариот син на кралот, но се забележуваат и примери кога членовите на кралските семејства избираат член од кралската лоза кој ќе го наследи кралот по неговата смрт. На пример, во Саудиска Арабија, иако кралот го назначува престолонаследникот, сепак таквото назначување обично се случува откако кралот со постарите членови на кралското семејството ќе постигне договор за тоа кој по него треба да ја преземе власта. Тоа говори дека покрај кралот улога во владеењето има и кралското семејство.

Слика 10. Во авторитарните монархии посебно место имаат членовите на кралското семејство. Слика од кралското семејство на Саудиска Арабија (Кралот Ибн Сауд и неговите синови сликани во 1952 година).

36 Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 244.
37 Genna and Hiroi, *Exploring Politics [A Concise Introduction],* 130.

Политички партии и избори во ваквите системи или се забранети или, пак, претставуваат само фасада. Сепак, интересно е да се спомене дека кралот во ваквите режими практикува посебни консултативни средби на кои било кој припадник на државата може да постави прашање и да ги истакне своите проблеми. Ваквите консултативни средби создаваат впечаток дека гласот на народот се слуша.[38] Преку тоа, кралевите во ваквите системи се трудат да покажат определена отвореност и отчетност кон своите граѓани.

Денес, вакви авторитарни монархии може да се забележат во: Саудиска Арабија, Катар, Обединети Арапски Емирати, Кувајт и Оман.

3.2. ПЕРСОНАЛИЗИРАНИ РЕЖИМИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Во персонализираните режими сите политички одлуки се во рацете на авторитарниот лидер, чија власт не зависи ниту од политичката партија, ниту од армијата.

Персонализираните режими претставуваат едни од најбруталните авторитарни режими. Тоа е така бидејќи во ваквите режими целата власт лежи во рацете на еден поединец.[39] Иако ваквиот поединец често е дел од армијата или, пак, е лидер на политичка партија, сепак, ниту армијата, ниту, пак, партијата имаат улога во креирањето на политиките и составот на режимската елита. Напротив, авторитарниот лидер во персонализираните режими намерно ја слабее позицијата на партијата и армијата со цел да спречи било какви обиди за оспорување на неговата позиција.[40] Така, во персонализираните режими сите политички одлуки, како и селекцијата на режимската елита е оставена во рацете на авторитарниот лидер.[41] Станува збор за режими во кои се говори за преголема концентрација на моќ во рацете на еден поединец. Власта на авторитарниот лидер е неограничена. Таквата преголема концентрација на моќ и тотално неограничено владеење предизвикува лидерите во ваквите режими често да прибегнуваат кон голема бруталност и репресија за да останат на власт. Тоа е и причината заради која лидерите од персонализираните режими најчесто се опишуваат како најнемилосрдните лидери во рамките на авторитарните режими.[42] Затоа, лидерот во персонализираните режими е познат и под термините: султан, автократ, тиранин и диктатор.

Во остварувањето на власта на ваквиот авторитарен лидер му помага репресивна елита која е избирана исклучително врз основа на лојалност

---

38 Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 5.

39 Gustav Liden, „Theories of Dictatorships: Sub-Types and Explanations“, *Studies of Transition States and Societies* Vol 6 / Issue 1 (2014): 54.

40 Genna and Hiroi, *Exploring Politics [A Concise Introduction],* 131.

41 Ibid.

42 Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 235.

и пријателство со лидерот.[43] Токму затоа, членовите на режимската елита се директно избрани од страна лидерот и најчесто се негови блиски пријатели или членови на неговото семејство. Меѓутоа, авторитарните лидери во персонализираните режими често ги обзема паранојa за нивната политичка иднина, па знаат да бидат брутални и кон членовите на режимската елита.[44] Затоа, во ваквите режими често индивидуите кои не се целосно лојални на лидерот, преку чистки или егзекуција се отстрануваат од режимската елита. Тоа доведува членовите на режимската елита да се плашат од лидерот и да зборуваат тоа што лидерот сака да слушне, а не тоа што реално го мислат.[45] Така, лидерите во персонализираните режими често завршуваат во заблуди бидејќи се опкружени со соработници кои постојано им ласкаат и им даваат позитивни мислења за нивните идеи.[46] Токму затоа, лидерите на персонализираните режими често носат одлуки кои доведуваат до самоволни и екстравагантни политики.[47] Како пример може да ја истакнеме одлуката на Муамер Гадафи, кој за време на неговиот персонализиран режим во Либија одлучил да ги промени називите на календарските месеци и да воведе нови називи за нив. Таквите екстравагантни политики се можни бидејќи моќта на авторитарниот лидер е неограничена. Состојбата во која целата власт е сконцентрирана во негови раце овозможува авторитарниот лидер да добие што ќе посака. Едноставно му се може.

Слика 11. Слика од Муамер Гадафи. Лидерите на персонализираните режими често носат одлуки кои доведуваат до самоволни и екстравагантни политики.

43 Jeroen Van den Bosch, „Personalism: A type or characteristic of authoritarian regimes?“ *Politologicka Revue* 1 (2015): 14.

44 Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 219

45 Van den Bosch, „Personalism: A type or characteristic of authoritarian regimes?“ 12.

46 Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 159.

47 Van den Bosch, „Personalism: A type or characteristic of authoritarian regimes?“ 13.

Слично како и кај другите авторитарни режими, така и кај персонализираните режими, лидерот се одржува на власт со користење на страв и награди. Меѓутоа, специфично за персонализираните режими е тоа што во ваквите режими не се толерира дури ни најмала критика на лидерот и режимот.[48] Токму во ваквите авторитарни режими може да се забележат најбруталните и најсверските убиства на неистомисленици. Бруталност и репресија која не може да се забележи кај другите авторитарни режими.

Слика 12. Персонализираните режими често прибегнуваат кон голема бруталност и репресија за да останат на власт. Слика од бесење на политички противници во Ирак за време на владеењето на Садам Хусеин.

> „Не можеш да трчаш побрзо од куршумот“
>
> **Иди Амин**

Исто така, специфично за персонализираните режими е и тоа што патронажните мрежи на лидерот во ваквите режими се прилично тесни и ресурсите се дистрибуираат до многу мал број индивидуи кои се клучни за опстанокот на лидерот.[49] Дополнително, одлуката

[48] Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 221.

[49] Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 222.

околу тоа кои индивидуи ќе бидат наградени зависи само од лидерот во персонализираниот режим. Не постои никаква институционална контрола. Таквата слобода во располагањето со ресурсите овозможува лидерите во ваквите режими често преку корупција да го зголемуваат своето богатство.

Бидејќи целиот режим се креира околу авторитарниот лидер, во персонализираните режими посебно место зазема и креирањето на култ на личност за лидерот. Контролата на медиумите и пропагандата имаат задача да придонесат граѓаните во државата слепо да му веруваат на лидерот и да ги следат неговите политики беспоговорно, а дополнително, слики од лидерот и пораки кои го глорификуваат лидерот, се присутни насекаде во општеството.[50]

Вака поставено, персонализираните режими компаративно погледнато успеваат временски најдолго да се одржат на власт во споредба со останатите авторитарни режими. Тука треба да се земе предвид дека најчесто падот на авторитарниот лидер во персонализираните режими доаѓа по пат на насилство (државен удар, револуција, странска воена интервенција), а дополнително, падот или смртта на авторитарниот лидер воедно значи и пад и смрт на целокупниот режим.

Слика 13. Крајот на персонализираниот режим на Садам Хусеин во Ирак се случи преку странска воена интервенција и насилство.

[50] Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 223.

Примери на персонализирани авторитарни режими:

- Ирак, Садам Хусеин;
- Шпанија, Франциско Франко;
- Либија, Муамер Гадафи;
- Уганда, Милтон Оботе

3.3. ВОЕНИ РЕЖИМИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Во воените режими армиската елита преку воен удар ја презема и ја контролира власта.

Воените режими како тип на авторитарни режими настапуваат во состојба кога војската спроведува воен удар, ги симнува од власт цивилните власти и ја презема политичката власт во свои раце. Практично, воените режими се дефинираат како системи во кои високи армиски лица ја контролираат власта, одредуваат кој ќе управува со државата и имаат влијание врз политиката.[51] Станува збор за режими во кои армиската елита ја контролира политичката моќ. Тоа говори дека не е доволно само лидерот на режимот да биде дел од армијата, туку за да се воспостави воен режим потребно е и режимската елита да се поврзува со војската. Притоа, организацијата на воените режими има тенденција да ја одразува организацијата на самата војска, односно имајќи предвид дека армиите се карактеризираат со цврста кохезивна и дисциплинирана организација, сосема за очекување е дека и воените режими ќе имаат јасна и цврста хиерархиска структура.[52] Имајќи предвид дека војската не е симбол за слобода, туку многу повеќе за дисциплина и репресија, тогаш сосема очекувано е и воените режими да бидат прилично репресивни и брутални. Токму затоа по спроведување на воениот удар на воспоставувањето на воениот режим му следува суспендирање на уставот, а институциите преку кои опозицијата може да делува, како парламентот и слободата на медиумите, се потиснуваат или, пак, целосно се укинуваат.[53] Во таа насока, воените режими во својата чиста форма не дозволуваат постоење на политички партии и опозиција.[54] Меѓутоа, треба да се има предвид дека и меѓу воените режими постои голема разноликост.

---

[51] Genna and Hiroi, *Exploring Politics [A Concise Introduction],* 131.

[52] Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 167.

[53] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 127.

[54] Van den Bosch, „Personalism: A type or characteristic of authoritarian regimes?“ 24.

Слика 14. Воените режими секогаш се репресивни и брутални. Слика од Националниот фудбалски стадион во Чиле кој за време на воениот режим на генералот Пиноче бил користен како концентрационен логор за политички неистомисленици.[55]

Првенствено, треба да се има предвид дека во воените режими власта може да биде во рацете на поединец кој е актуелно или поранешно воено лице (најчесто генерал), но исто така, постои и можност власта да е во рацете на хунта, односно група воени лица.[56]

> **Хунта:** Колективна воена власт составена од претставници на сите родови на војската (пешадија, морнарица и авијација) која ја презема власта преку воен удар.

Во случај кога власта е во рацете на воено лице поединец, а не група воени лица, ваквиот поединец останува на власт благодарение на поддршката на војската. Токму тоа ги разликува воените режими од персонализираните режими.

55 Сликата е од @macrovector на Freepik

56 Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 166.

Слика 15. Военото лице поединец во воените режими опстојува на власт благодарение на поддршката од војската.[57]

Исто така, воените режими може да се класифицираат и според нивната улога. Така, во науката се прави разлика меѓу воен режим-арбитер и воен режим-владетел. Во случај кога станува збор за воен режим-арбитер, војската преку воен удар ја презема власта, но главната мотивација за воениот удар е решавање на определени прашања/криза и по решавањето на кризата војската самоволно ја предава власта и се враќа во касарните.[58] Од друга страна, воениот режим-владетел по спроведениот воен удар нема желба да ја предаде власта и да се врати во касарните, туку се труди да го максимизира своето време на власт преку убедувањето дека владеењето на војската е единствената алтернатива на политичкиот неред. [59]

Без разлика дали се анализира воениот режим-арбитер или, пак, воениот режим-владетел, лесно може да се забележи дека и во двата случаја настанувањето и постоењето на воениот режим е поврзан со определена претходна криза и неред. Тоа говори дека воените режими најчесто се случуваат во држави со економски проблеми, слаб легитимитет на цивилните власти, како и судир меѓу воените и цивилните власти околу основните цели и вредности на поредокот.[60] Едноставно, војската ја презема власта бидејќи смета дека цивилните власти се некомпетентни и опасни за стабилноста на државата.[61]

---

57 Сликата е од @freepik на Freepik

58 Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 7.

59 Ibid.

60 Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 128.

61 Ezrow and Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders*, 7.

Меѓутоа, податоците говорат дека од сите авторитарни режими воените режими имаат најкус рок на траење. Тоа е така бидејќи воените режими имаат многу слаб легитимитет и, обично, при спроведувањето на воен удар уште на самиот почеток на граѓаните им најавуваат дека планираат да ја вратат власта назад на цивилните власти штом состојбата ќе биде стабилизирана.[62] Од друга страна, пак, воените режими кои се раководени од страна на поединец (генерал), доколку неговата моќ за време на воениот режим се зголемува, лесно може да бидат укинати и трансформирани во персонализирани режими на генералот. Токму таков беше примерот во Чиле, каде што генералот Пиноче со помош на војската успеа да воспостави воен режим преку воен удар, но и подоцна истиот да го трансформира во класичен персонализиран режим.

Слика 16. Слика од прогласување на воениот режим во Аргентина во 1976 година.

Примери на воени режими:

- Бразил: 1964-1985
- Хондурас: 1972-1981
- Аргентина: 1976-1983
- Турција: 1980-1983
- Грција: 1967-1974
- Нигерија: 1983-1993

62 Van den Bosch, „Personalism: A type or characteristic of authoritarian regimes?“ 24.

4. ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА И ПОДЕМ НА ХИБРИДНИ РЕЖИМИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Хибридните режими не се консолидирани демократии, но не се ниту класични авторитарни режими.

Втората половина на XX век доведе до пад на голем број воени режими во Јужна Америка, Шпанија, Португалија и Грција, како и пад на комунистичките режими во светот. „Арапската пролет“, пак, доведе до пад на авторитарни режими во текот на XXI век. Меѓутоа, посебно падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година беше доживеан како победа на демократијата над недемократските системи. Сигнал за таквата победа беше и тоа што ваквите посткомунистички и поставторитарни држави по падот на нивните недемократски режими започнаа со процес на демократизација, односно транзиција од авторитаризам кон либерална демократија. Граѓаните во посткомунистичките и поставторитарните држави со ентузијазам влегоа во процесот на градење на демократијата во нивните општества, очекувајќи систем заснован врз уставно-ограничена власт, владеење на правото, човекови права и слободи, фер, слободни и плурални избори, цивилно општество и економски прогрес. Меѓутоа, градењето на демократско општество во посткомунистичките и поставторитарните држави се покажа како долг и макотрпен процес. Зборот транзиција, наместо светла иднина, започна да симболизира сивило и неизвесност. Така, наместо консолидирани демократски општества, голем дел од посткомунистичките и пострепресивните општества во потрагата по демократија завршија со корупција, слаби и нефункционални институции, партизација на државните институции, фрагилно цивилно општество, повреди на човековите права и слободи, воени конфликти и лоша економска состојба. Токму затоа, ентузијазмот за демократијата во ваквите општества беше заменет со разочараност и чувство на изгубени години (транзиција).

Таквата разочараност кај граѓаните од посткомунистичките и поставторитарните држави доведе до нов подем на авторитаризам, но овој пат познат под терминот хибридни режими. За ваквите системи, покрај терминот хибридни режими, често може да се сретнат и зборовите илиберални демократии, како и компетитивен авторитаризам. Станува збор за режими кои се наоѓаат во сивата зона меѓу демократските системи и класичните недемократски режими, бидејќи властите се избираат демократски по пат на избори, но нивното владеење се одликува со слаби институционални кочници и рамнотежа, како и со рутинско заплашување на опозициските сили.[63] Ваквите режи-

[63] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 123.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Берлинскиот ѕид претставуваше граничен ѕид изграден во текот на 1961 година од страна на комунистичкиот режим во Источна Германија (Демократска Република Германија). Практично, со Берлинскиот ѕид требаше Источен Берлин (кој бил под контрола на Источна Германија) и физички да биде одделен и поделен од Западен Берлин (контролиран од Западна Германија). Главниот мотив за градење на Берлинскиот ѕид бил намалување на иселувањето од Источен кон Западен Берлин. Заради сето тоа, Берлинскиот ѕид и денес претставува асоцијација за поделба и симбол на Студената војна. Познати се голем број на приказни на Германци кои се обиделе да го поминат Берлинскиот ѕид и со тоа да пребегнат од Источен Берлин во Западна Германија. Бидејќи граничарите на Источна Германија имале наредба Берлинскиот ѕид да го бранат по секоја цена, историјата бележи и голем број на Германци кои биле убиени при обидите да го поминат ѕидот и да пребегаат во Западен Берлин. Берлинскиот ѕид бил во должина од околу 140 километри и истиот бил користен за поделба на Берлин дури 28 години. На 9.11.1989 година, илјадници Германци почнале да го уриваат ѕидот. Ова се случило во период кога во голем дел од комунистичките режими започнаа процеси на либерализација. Токму затоа, рушењето на Берлинскиот ѕид воедно е симбол и за падот на комунизмот во Европа и крај на Студената војна. Исто така, рушењето на Берлинскиот ѕид воедно е и симбол за повторното обединување на Западна и Источна Германија.

ми не можат да се сместат во консолидирани демократии бидејќи не се придржуваат до либералните вредности, како што се заштита на човековите права и слободи, заштита на малцинските права, слободата на медиумите, владеењето на правото и институционални кочници и рамнотежа.[64] Од друга страна, не може да бидат сместени ниту во класични авторитарни режими бидејќи, за разлика од нив, во кои опозициските политички партии се забранети или потиснати, хибридните режими овозможуваат постоење на опозициски политички партии кои на избори се натпреваруваат за освојување на власта.[65]

Тоа значи дека во ваквите системи постои дури и определена доза на неизвесност кој ќе биде победник на изборите. Тоа е така бидејќи опозициските партии можат да отвораат свои штабови, да регрутираат членови и да организираат изборни кампањи за учество на изборни циклуси кои редовно се спроведуваат.[66] Изборите се организирани со учество на повеќе политички партии преку користење на општо, еднакво, тајно и директно избирачко право. Формално, изборите ги исполнуваат сите критериуми да бидат карактеризирани како демократски. Сепак, суштинската анализа открива дека во ва-

64 Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 88.
65 Steven Levitsky and Lucan A. Way, *Competitive Authoritarianism: Hybrid Regimes After the Cold War* (Cambridge: Cambridge University Press, 2010), 7.
66 Ibid.

квите системи изборите се далеку од демократски. Имено, во ваквите системи се зборува за организирање на избори обележани со нефер и нееднаков терен за натпревар. Таквото создавање на нееднаков терен за натпревар меѓу владејачките политички партии и опозициските политички партии може да се согледа преку неколку работи.

- Првенствено, владејачките политички елити се обединети околу еден популистички лидер, додека, пак, опозициските политички партии се разединети;
- Владејачките политички партии ги користат државните институции и буџетските средства за партиски цели;
- Клиентелистичко функционирање на владејачките политички елити преку овозможување за своите партиски членови и приврзаници вработувања во јавната администрација; добивање државни тендери и услуги, како и преку системско намалување на даноците и зголемено буџетското трошење (субвенции, стипендии, итн.) пред избори, со цел да привлечат што е можно повеќе гласачи.[67] Практично, преку ваквите клиентелистички политики владејачките политички елити суптилно ги поткупуваат избирачите.
- Владејачките политички елити во пресметката со своите политички противници користат еден вид „правна репресија". Ваквата „правна репресија" подразбира технички правилно, но сепак, селективно применување на правото и законите.[68] Политичките противници постојано се под притисок на инспекции, ревизии и истраги, кои од една страна формално-правно се оправдани, но од друга страна, се тенденциозни и наменски. Институциите, пак, остануваат слепи и неми за злоупотребите и криминалите на поддржувачите на владејачките политички елити. Тоа говори дека правосудниот систем не е независен и се наоѓа под влијание на владејачките политички елити.
- Контрола на медиумите изразена преку тоа што членовите на владејачките политички елити доминираат во медиумското покривање, при што таквото медиумско покривање постојано ги глорификува успесите на власта.[69] Дозволено е постоење на независни медиуми, но таквите медиуми постојано се под притисок, закани и напади, кои придонесуваат нивната работа или да биде суспендирани или прекината.[70]

---

[67] Michalik, *Multiparty Elections in Authoritarian Regimes: Explaining their Introduction and Effects*, 29.
[68] Levitsky and Lucan A. Way, *Competitive Authoritarianism: Hybrid Regimes After the Cold War, 9.*
[69] Hague, Harrop and McCormick, *Comparative Government and Politics, 283.*
[70] Levitsky and Lucan A. Way, *Competitive Authoritarianism: Hybrid Regimes After the Cold War, 8.*

- Владејачките политички партии покрај контролирање на медиумите, воедно се трудат да ги контролираат и ограничат критиките за нивното владеење. Токму затоа, кон опозициските политичари, судии, новинари и професори кои го критикуваат владеењето се пристапува со закани, вознемирување, а некогаш и насилство.[71]

Во рамките на хибридните режими може да се забележат меки и суптилни форми на притисок, како и поткупи на избирачите преку користење на клиентелистички политики. Преку создавање на нееднаков и нефер терен за натпревар во рамките на хибридните режими се засилува улогата на владејачките политички елити, а се придонесува кон слабеење и фрагментирање на политичката опозиција.[72] Таквата состојба придонесува владејачките политички партии да немаат потреба од големи изборни манипулации за време на изборниот ден. Изборниот ден во ваквите системи обично поминува мирно бидејќи владејачките политички елити, всушност, манипулациите ги прават континуирано и суптилно. Таквите суптилни манипулации се можни бидејќи во хибридните режими постои притисок врз слободните медиуми, а владеењето на правото и независното судство постојано се поткопува.

Тука треба да се потенцира дека мерењето на ваквите суптилни манипулации и форми на притисок е многу тешко. Таквата состојба дополнета со тоа што во хибридните режими, сепак, постои определена неизвесност за исходот на изборите, придонесува опозицијата да учествува на изборите и во работата на политичките институции. Со тоа, опозициските политички партии влегуваат во замката на владејачките политички партии бидејќи преку учество на изборите придонесуваат изборите да го потврдат легитимитетот на владејачките политички елити.[73] Така, легитимитетот на владејачките политички елити се потврдува преку избори иако станува збор за нефер избори во кои постои голем степен на предвидливост за тоа кој ќе биде победник. Затоа, постојат теоретичари кои ваквите системи ги нарекуваат и компетитивен авторитаризам, сметајќи дека ваквите системи нудат одлична можност авторитарните лидери да обезбедат изборен легитимитет без притоа да се изложуваат на голема неизвесност околу исходот на изборите.[74]

---

[71] Ibid.

[72] Michalik, *Multiparty Elections in Authoritarian Regimes: Explaining their Introduction and Effects*, 24.

[73] Harrop and McCormick, *Comparative Government and Politics*, 283.

[74] Michalik, *Multiparty Elections in Authoritarian Regimes: Explaining their Introduction and Effects*, 23.

Подемот на ваквите хибридни режими доаѓа во период кога се говори за криза на демократијата и подем на вредностите на авторитаризмот во светот. Истражувањата говорат дека почнувајќи од 2005 година, дури 17 години по ред во поголем број држави демократските вредности наместо прогрес, доживеале назадување.[75] Авторитарните режими во последните 15 години создадоа поповолна меѓународна средина за себе преку зголемување на нивната политичка и економска моќ.[76]



Слика 17. Од 2005 година, дури 17 години по ред во поголем број држави во светот демократските вредности наместо прогрес, доживеале назадување.[77]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Последните две децении од XXI век беа обележани со подем на авторитарни и хибридни режими.

За разлика од XX век, во XXI век станува евидентно дека авторитарните режими успеваат економски да парираат на демократските системи. Во таа насока оди и податокот дека до 2023 година учеството во глобалниот приход на земјите кои поседуваат авторитарни политички системи, како што се Кина, Русија и Саудиска Арабија, ќе го надмине уделот што го имаат западните либерални демократии.[78] Во ваквите авторитарни режими образованата средна класа, која има корист од подобрените животни стандарди,

[75] Freedom House, „Freedom in the World 2023“, 3.
[76] Freedom House, „Freedom in the World 2022: The Global Expansion of Authoritarian Rule“, 3 at. https://freedomhouse.org/sites/default/files/2022-02/FIW_2022_PDF_Booklet_Digital_Final_Web.pdf
[77] Сликата е од Freedom House 2023.
[78] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 120.

наместо да биде традиционален бастион на демократијата, всушност, станува клучна поддршка на авторитарните режими.[79] Таквиот податок, дополнет со неуспешните транзиции кон демократија по „Арапската пролет“ во Северна Африка и Блискиот Исток, како и растот на хибридните режими во посткомунистичките држави, го дава одговорот зошто досега во XXI век бројот на соборени недемократски системи се намалува, а бројот на авторитарни и хибридни режими во светот се зголемува.

Слика 18. Бројот на авторитарни системи во последните две децении во светот се зголемува.[80]

И, додека недемократските режими доживуваат политички и економски прогрес, во западните консолидирани демократии постои незадоволство од функционирањето на либералната демократија. Голем процент од населението во ваквите држави на политичарите гледа како на отуѓени и далечни претставници кои водат погрешна политика без визија и немаат капацитет да „испорачаат добра“ со кои ќе влијаат врз животите на луѓето и ќе придонесат кон значајни економски и општествени промени.[81] Ставот дека „сите се исти“ и дека мејнстрим политичарите живеат во замислен меур, целосно одвоени од потребите и грижите на обичните граѓани, доведува до намалена политичка партиципација[82] и подем на радикално-десничарски популистички партии во консолидираните демократии.[83] Ова загрижува бидејќи и во

79 Ibid.

80 Сликата е од @Viktor Prazis на Freepik.

81 Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 465.

82 Во 60-тите години на XX век, 15 % од европската популација била дел од определени политички партии додека, пак, денес таквиот број е под 5 % од европската популација. Во поглед на излезноста на избори падот, исто така, е евидентен. На европскиот континент излезноста во последните 50 години се намалила за дури 17 %. Ingrid van Biezen и Thomas Poguntke, „The decline of membership-based politics“, *Sage Journal Party Politics (2014): 2.*

83 Подемот на популистичките партии во Европа е од 2 % од гласовите на парламентарни избори во 1980 година, преку 10 % во 2000 година, до, речиси, 20 % од гласовите на парламентарните избори во 2016 и 2017 година. Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 267.

најдемократските држави во светот, иако не се доминантни политички сили, сепак подем доживуваат политички опции кои промовираат илиберални вредности преку поткопување на поделбата на власта, владеењето на правото и независноста на судството.[84]

Слика 19. Во последните децении се зголемува бројот на граѓани кои сметаат дека политичарите се целосно одвоени од потребите и грижите на обичните граѓани и единствено мислат како да ја освојат и задржат власта.[85]

Кон сето ова треба да се додаде тоа што Ковид-19 пандемијата имаше значително негативен ефект врз демократијата во светот. Всушност, Ковид-19 пандемијата удри врз основните темели на едно демократско општество бидејќи борбата со Ковид-19 вирусот преку прогласување на вонредни состојби придонесе кон ограничување на човековите права и слободи, маргинализација на парламентите и зголемување на моќта на извршните власти (шефовите на држави и влади). Веќе кон крајот на 2020 година, определени истражувања нотираа дека борбата со Ковид-19 предизвикува повреда на човековите права и слободи, ограничување на можноста на парламентите да ја контролираат работата на владата и ограничувања на слободата на медиумите.[86] Дополнително, Ковид-19 пандемијата предизвика големи проблеми и во спроведувањето на изборите. Предизвикот со кој се соочија голем број на држави беше како,

[84] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 251.
[85] Сликата е од @andrydj на Freepik.
[86] V-Dem Institute, „Autocratization Turns Viral: Democracy Report 2021“, 10 at. https://www.v-dem.net/documents/12/dr_2021.pdf

и дали да се одржат избори во состојба кога на сила се здравствени мерки кои го отежнуваат организирањето на изборните кампањи и самите избори. Тоа доведе во голем дел од државите изборите да бидат одложени или, пак, да се одржат во исклучително тешки околности, што предизвика ниска излезност.



Слика 20. Ковид-19 пандемијата имаше значително негативен ефект врз демократијата во светот.[87]

Така, во определени демократски држави, Ковид-19 пандемијата беше искористена за еродирање на демократските институции додека, пак, во недемократските режими беше само изговор за уште поголема контрола на општествата од страна на репресивните политички елити. Дополнително, Ковид-19 вирусот беше искористен од недемократските држави за стекнување симпатии во светот преку промоција на вакциналната дипломатија. Определени автори сметаат дека Кина, Индија и Русија ги искористија вакцините против Ковид-19 за развој на „мека моќ“ и стекнување на симпатии кај граѓаните и властите во земјите во развој.[88] Практично, недемократските режими во рамките на домашната политика го искористија Ковид-19 за дополнително зацврстување на положбата на владејачките елити и потиснување на опозицијата додека, пак,

[87] Сликата е од @New Africa на Freepik.

[88] Joseph Amankwah-Amoah and Robert E. Hinson, „COVID-19 pandemic, vaccine nationalism and counterfeit products: Discourse and emerging research themes“. *Thunderbird International Business Review* (2022): 599.

во меѓународните води преку вакциналната дипломатија ја искористија Ковид-19 пандемијата за ширење на нивното геополитичко влијание во неразвиените земји.

Слика 21. Ковид-19 беше искористен за дополнително зацврстување на положбата на владејачките елити и потиснување на опозицијата.[89]

Сето ова говори дека, денес, борбата со недемократските режими станува далеку покомплексна и потешка. Често, недемократските режими се скриени со демократски флоскули и ветувања за економски просперитет. Евидентно е дека светот се менува и во состојба кога постои промена на глобалната моќ, од Западот, предводен од САД, кон Азија, можноста на САД и Западот да промовираат демократија на друго место, се намалува.[90] Меѓутоа, и неуспехот на процесите на демократизација во посткомунистичките држави, како и државите од Северна Африка и Блискиот Исток зафатени од „Арапската пролет", се користи од протагонистите на недемократски режими. Дополнително, во политичкиот свет очигледно почнува да доминира нов стил на лидер – силен лидер, со цврста рака.[91] Така поставено, се добива впечаток дека недемократските режими се во подобра положба од демократските. И бројките тоа го потврдуваат. Меѓутоа, во ера на политички и економски подем на недемократски режими во светот се поставува прашањето во каков свет сакаме да живееме во наредните 50 години. Дали во свет со

[89] Сликата е од @kusenkova на Freepik.
[90] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 123.
[91] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 333.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Арапската пролет претставува цела низа на антивладини протести, демонстрации и вооружени бунтови со цел менување на авторитарните режими и почеток на процеси на демократизација во дел од арапските земји. Првично, протестите започнале во Тунис, во 2010 година, како одговор на корупцијата и сиромаштијата. Во текот на 2010 и 2011 година протестите од Тунис се проширile и во: Либија, Египет, Јемен, Сирија, Бахреин, Мароко, Алжир, Јордан, Кувајт, итн. Во определени арапски држави, Арапската пролет доведе до пад на авторитарни лидери и почеток на транзиција кон демократија (Бен Али во Тунис, Моамер Гадафи во Либија, Хосни Мубарак во Египет и Али Абдула Салех во Јемен). Иако Арапската пролет доведе до пад на авторитарни лидери и претставуваше импресивен настан во борбата за демократија, сепак во најголем дел наместо до демократија доведе до граѓански војни, подем на радикален ислам и нови авторитарни лидери.

ограничена власт и човекови права и слободи или, пак, неограничена власт и ограничени човекови права и слободи. Искуството говори дека човековите права и слободи не одат рака под рака со недемократски системи. Едноставно, меѓу овие две категории не постои компромис. Затоа, или сте на страна на човековите права и слободи или, пак, на страната на диктаторите.



ПРАШАЊА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

1. Дали може да ги објасните карактеристиките на тоталитарните режими?
2. Кои се основните карактеристики на авторитарните режими?
3. Кои се основните разлики меѓу тоталитарните и авторитарните режими?
4. Какви видови на авторитарни режими постојат?
5. Кои се спецификите на авторитарните монархии?
6. Во кои земји денес постојат авторитарни монархии?
7. Кои се спецификите на персонализираните режими?
8. Во кои земји денес постојат персонализирани режими?
9. Кои се спецификите на воените режими?
10. Каква видови на воени режими познавате?
11. Дали може да наведете примери на воени режими?
12. Кои авторитарни режими успеваат најдолго да се одржат на власт? Зошто?
13. Кој вид на авторитарни режими најмногу се поврзува со самоволни и екстравагантни политики? Зошто?
14. Што подразбирате под поимот транзиција?
15. Зошто хибридните режими не можат да се вбројат ниту во демократии, ниту, пак, во авторитарни режими?
16. Кои други називи се среќаваат за хибридните режими?
17. Кои се спецификите на хибридните режими?
18. Дали може да наведете примери на хибридни режими?
19. Кои се основните причини за подем на авторитарните и хибридните режими во светот?
20. Какво влијание имаше Ковид-19 пандемијата врз демократијата во светот?
21. Какво влијание имаше Ковид-19 пандемијата врз авторитарните и хибридните режими во светот?

ГЛАВА 6

ИДЕОЛОГИЈА

ПРАШАЊА ЗА ДЕБАТА

1. Што претставува поимот идеологија? Дали поимот идеологија го перципирате позитивно или негативно?
2. Кои идеологии ги познавате?
3. Дали сметате дека сите политички идеи се веќе измислени и разработени? Дали човекот има капацитет да создава нови идеологии?
4. Што според Вас е поважно: слобода или еднаквост?
5. Дали приватната сопственост ги прави луѓето алчни и треба да се укине?
6. Дали државата треба да се меша во економските текови?
7. Дали е оправдано воведување на диктатура со цел да се исполнат вредностите на определена идеологија?
8. Што е поважно: слобода или безбедност?
9. Што е поважно: економски раст и благосостојба или заштита на животната средина?
10. Дали општествата треба да бидат организирани според правилата на определена религија?
11. Што ги разликува демократските од недемократските идеологии?
12. Која е основната разлика меѓу левичарските и десничарските идеологии?

1. ПРЕДМЕТНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ ИДЕОЛОГИЈА

Идеологијата има голема улога при поставување на основата за организирана политичка акција и мобилизирање на поширокиte народни маси. Политичката активност без идеолошка рамка би била бесмислена.[1] Токму идеологиите даваат смисла и дух на политиката и придонесуваат истата да не биде сведена на гола борба за моќ. Зад секоја идеологија стојат *збир на различни идеи, вредности, верувања и ставови околу тоа како треба да биде организирано општеството.*

> Поимот **идеологија** најчесто се дефинира како збир на идеи, кои даваат основа за политичка акција, без разлика дали таквата политичка акција е наменета за зачувување, менување или, пак, соборување на постојниот политички поредок.[2]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Идеологија е збир на идеи кои даваат основа за политичка акција, без разлика дали таквата политичка акција е наменета за зачување, менување или, пак, соборување на постојниот политички поредок.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Зад секоја идеологија стојат збир на идеи, вредности, верувања и ставови околу тоа како треба да биде организирано општеството.

Секоја идеологија преку својот збир на идеи, вредности, верувања и ставови се труди да даде одговор на три важни прашања, и тоа:

- Опис на постојниот поредок, обично изразен како поглед на светот;
- Визија како општеството и политичкиот поредок треба да изгледаат;
- Објаснување со кои чекори таквите политички промени ќе се реализираат за да биде постигнат посакуваниот политички поредок.[3]

Вака поставен, денес, поимот идеологија во рамките на политичката наука се набљудува *неутрално.*

Сепак, низ историјата идеологијата секогаш била предмет на контроверзии и различни дефинирања.

Пред Француската буржоаска револуција светот претставувал еднолично место за живот во поглед на политичките идеи. Повеќе од

[1] Ian MacKenzie, „The meaning of ideology", In *Political Ideologies: An Introduction – Fourth Edition*, ed. Vincent Geoghegan and Rick Wilford (New York: Routledge, 2014), 14.
[2] Andrew Heywood, *Politics – Fourth Edition* (London: Palgrave Macmillan, 2013), 28.
[3] Ibid.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Француската буржоаска револуција претставува најголемата револуција во историјата на човештвото. Ја погодила Франција, но и остатокот од светот во наредните децении. Станува збор за револуција која била организирана против апсолутниот монарх Луј 16, со барање за отфрлање на стариот режим, носење на устав и воведување на ограничена власт која ќе ги штити човековите права и слободи. Француската буржоаска револуција е започната во 1789 година, но треба да се има предвид дека пред револуцијата претходи периодот на просветителството кое ги развило идеите за ограничена власт и уставна гаранција на човековите права и слободи. Токму затоа, Француската буржоаска револуција е водена под слоганите: слобода, еднаквост и братство.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Појавата на терминот идеологија се поврзува за Француската буржоаска револуција.

1.000 години светот бил под влијание на политички идеи во корист на моќните црковни лидери, феудалните барони и божествените монарси.[4] Крајот на таквата 1.000-годишна реалност дошла под влијание на Француската буржоаска револуција, која го отворила патот за потрага по нов поредок заснован врз нови политички идеи (слобода, еднаквост и братство).

Слика 1. Нападот на Бастилја на 14.7.1789 година се смета за крај на Стариот режим и почеток на градење на нов свет со идеи за слобода, еднаквост и братство.

Во такви околности, францускиот филозоф Дасти де Траси започнал со развивање на нова наука – наука за идеите. Таквата наука Дасти де Траси ја нарекол идеологија сметајќи дека истата ќе биде кралица на сите науки.[5] Затоа, Дасти де Траси се смета за основач на идеологијата како наука.

---

[4] MacKenzie, „The meaning of ideology“, 4.

[5] Andrew Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition* (Chichester: Wiley-Blackwell, 2010), 2.

АВТОРИ

Дасти де Траси /Antoine Destutt de Tracy/ (1754-1836) е роден во Франција. Филозоф и просветител кој е најпознат по создавањето на науката за политичките идеи – идеологијата. Најпознато негово дело е: „Елементи на идеологијата“. Бил активен учесник во Француската буржоаска револуција.

Позитивно сфаќање за идеологијата: Наука која треба да доведе до рационално проучување на идеите и при таквото проучување да ги разграничи лошите од добрите идеи со цел да придонесе кон подобар политички поредок.[6]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Дасти де Траси се смета за основач на идеологијата како наука. Карл Маркс има посебна улога во вистинското популизирање на поимот идеологија.

Сепак, набргу по неговото појавување, поимот идеологија престанал да се употребува за да се означи посебна научна дисциплина, и сè почесто започнал да се употребува во пејоративна смисла на зборот. Посебно место во таквиот развој имал Наполеон Бонапарта. За него, идеолозите се идеалисти и сонувачи кои се целосно одвоени од реалноста и кои може да ја загрозат неговата амбиција.[7]

Вистинското популаризирање на поимот идеологија било под влијание на Карл Маркс, кој многу повеќе од било кој друг теоретичар го внел поимот идеологија во рамките на општествената и политичката наука.[8] За него, идеологијата претставувала збир на идеи со кои се оневозможувало освестување на работничката класа со цел нејзино експлоатирање, а се овозможувало бранење и опстојување на владејачката класа. Според тоа, за Карл Маркс идеологијата е само алатка во рацете на владејачката класа.

Негативното сфаќање на поимот идеологија може да се забележи и во XX век. Појавата на тоталитарните режими во периодот меѓу двете светски војни придонела на идеологијата да се гледа како на инструмент за општествена контрола, кој треба да обезбеди

6 MacKenzie, „The meaning of ideology“, 5.

7 Наполеон идеолозите ги квалификувал како нереални сонувачи и идеалисти, кои поттикнуваат политички немири. Погледнете повеќе во Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*,

8 Roger Eatwell, „Ideologies: Approaches and Trends“, In *Contemporary Political Ideologies*, ed. Roger Eatwell and Anthony Wright (London: Pinter Publishers, 1993), 3.

послушност и потчинетост.[9] На овој начин дефинирана, идеологијата претставува лага и манипулација за создавање и опстојување на фашистички, нацистички и комунистички режими. Практично, во овие режими идеологијата претставува затворен систем на мислења, кој има монопол над вистината, и станала алатка за репресија и сузбивање на различни ставови, идеи и верувања.[10]

Слика 2. Идеологијата за време на фашистичките и комунистичките режими била користена како алатка за репресија и сузбивање на различни ставови, идеи и верувања.

Крахот на фашистичките и нацистичките идеи придонел за отфрлање на негативните сфаќања на поимот идеологија. Тоа довело до појава на ставови за крајот на идеологиите и за крајот на историјата.

Крај на идеологијата: Теза дека понудата на политички идеологии е истрошена (Даниел Бел).[11]

Крај на историјата: Теза дека либералната демократија останува единствената активна идеологија во светот која нема свои противници и ривали (Франсис Фукујама).[12]

[9] Во оваа група автори Хејвуд ги вбројуваа Карл Попер, Јакоб Талмон и Хана Арент. Повеќе во Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 28.
[10] Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 28.
[11] Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 30.
[12] Strath, „Ideology and Conceptual History“, 34.

Така, Даниел Бел по крајот на Втората светска војна го развил мислењето дека политичкиот ум на човекот ги понудил сите политички идеи и дека нема што повеќе да понуди. Сепак, развојот и опстојувањето на комунистичките режими и по Втората светска војна, како и подемот на новите идеологии во текот на 60-тите години на XX век, придонеле тезата за крај на идеологијата набргу да биде негирана. Меѓутоа, опсесијата со крајот на идеологиите повторно се појавила по падот на Берлинскиот ѕид и комунистичките режими. Овој пат, ваквата теза била презентирана од страна на Френсис Фукујама, во познатата реченица за крајот на историјата. Во основа на ова тврдење стои податокот дека либералната демократија е победник во судирот со комунизмот и дека претставува последната станица во развојот на политичките идеи. Но, и ваквата теза на Фукујама набргу била негирана. Настаните од 11.9.2001 година, борбата против тероризмот, развојот на нови идеологии како одговор на процесот на глобализација, како и повторниот подем на национализмот и расизмот во рамките на западноевропските демократии, говори дека либералните демократии имаат нови предизвици и противници.

Слика 3. Терористичкиот напад на 11.9.2001 година на Кулите близначки на Светскиот трговски центар во Њујорк претставува симбол дека либералната демократија има противници и непријатели.

Значи, идеологијата одбива да го види својот крај. Едноставно, поимот идеологија одбива да изумре во рамките на општествените науки, бидејќи човештвото секогаш ќе има потреба од проучување на политичките идеи кои го обликуваат неговиот свет.

Но, денес, идеологијата не се набљудува како затворен систем на идеи, ставови, вредности и верувања, туку многу повеќе како флуиден збир на политички идеи кои понекогаш може да се сретнат и кај

АВТОРИ



Џон Лок /John Locke/ (1632-1704) е англиски филозоф и физичар. Теоретичар кој се поврзува со просветителството и теоријата за општествен договор. Познат е по неговата теорија за природни права според која луѓето се раѓаат со природни и неотуѓиви човекови права и слободи. Токму затоа, за голем број теоретичари Џон Лок претставува татко на либерализмот. Негови најпознати дела се: „Писмо за толеранцијата“ и „Две расправи за владата“.

повеќе различни идеологии.[13] Таквата флуидност, воедно е одговорот зошто политичките идеологии поседуваат капацитет за прилагодување на нивните идеи, ставови и вредности на новонастаната политичка реалност.[14]

2. ЛИБЕРАЛНА ИДЕОЛОГИЈА

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Либералната идеологија се поврзува со следниве вредности: слобода, индивидуализам, ограничување на власта, верба во разумноста на човекот, толеранција, еднаквост (правна и политичка).

Во рамките на политичката наука не постои друга идеологија којашто извршила толку големо влијание врз организирањето на современите општества во светот, како либералната теорија. Таквата констатација особено се однесува на општествата кои припаѓаат на западната цивилизација. Без никаква дилема, либералната идеологија претставува најмоќната идеолошка сила која ја обликувала западната политичка традиција.[15]

Либералната идеологија ги опфаќа теориите за: природните права (Џон Лок); општествениот договор (Томас Хобс, Џон Лок, Жан Жак Русо); поделбата на власта (Монтескје); владеењето на правото (Алберт В. Дајси), итн. Оттука е разбирливо што оваа идеологија е „толку длабоко вкоренета во културниот, економскиот и политичкиот систем на западните општества што во овие општества е многу тешко да се разграничи каде завршува либералната идеологија, а каде почнува западниот начин на живот“.[16] Токму затоа, либералната

[13] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 42.

[14] Michael Freeden, „The Morphological Analysis“, In *The Oxford Handbook Of Political Ideologies*, ed. Michael Freeden, Lyman T. Sargent and Marc Stears (Oxford: Oxford University Press, 2013), 178.

[15] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 61.

[16] Andrew Shorten, „Liberalism“, In *Political Ideologies: An Introduction – Fourth Edition*, ed. Vincent Geoghegan and Rick Wilford (New York: Routledge, 2014), 20.

идеологија често уште се нарекува и мета-идеологија. Денес, во западниот свет, а и пошироко, речиси сите големи политички групи се повикуваат на либералните идеи во поглед на човековите права, демократијата и економијата.[17] Политичките идеи кои се производ на либералната идеологија се дел и од конзервативната идеологија, и од социјалдемократската идеологија, и од зелената идеологија. Тоа, пак, придонесува да се постави прашањето дали воопшто постои либералната идеологија како посебна идеологија.

Иако определени зачетоци на либералната идеја може да се забележат на почетокот на XVIII век, сепак оваа идеологија посистемски почнува да се развива кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век. Станува збор за идеологија која го напаѓала апсолутизмот и феудалните привилегии, а притоа заговарала идеи на уставно ограничена власт и претставничко владеење.[18] Дополнително, станува збор за идеологија која е тесно поврзана со појавата на капитализмот. Пазарната економија, приватната сопственост и laissez faire принципот се нераскинлив дел од либералната идеологија. Тоа е и причината зошто некои сметаат дека либерализмот е брат близнак на капитализмот,[19] односно либералната идеологија се нарекува и идеологија на буржоазијата, односно идеологија на средната класа.

Слика 4. Принципите на капитализмот и пазарната економија се нераскинливо поврзани со либералната иделогија.[20]

[17] Richard Bellamy, „Liberalism“, In *Contemporary Political Ideologies*, ed. Roger Eatwell and Anthony Wright (London: Pinter Publishers, 1993), 23.
[18] Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 31.
[19] Shorten, „Liberalism“, 21.
[20] Сликата е од @sitthiphong, @freepik на Freepik.

Основна вредност во либералната идеологија е **слободата**.

> „Целата борба на човекот низ историјата, е борба за повеќе слобода“.
> **Имануел Кант**

Либералната идеологија традиционално се труди да обезбеди најширок можен обем на права и слободи за индивидуите во едно општество.[21] Би било идеално доколку таквата слобода би била апсолутна и неограничена. Сепак, приврзаниците на либералната идеологија потенцираат дека таквата состојба во реалноста не е можна. За нив слободата не може да биде апсолутна бидејќи на тој начин се остава можност истата да биде злоупотребена и тоа да биде сторено на штета на слободата на некој друг.[22] Оттука, во срцевината на либералната идеологија е теоријата за општествениот договор и постигнатата согласност да се создаде држава. Имено, стравот дека една индивидуа може да ја загрози слободата на некој друг, ја наметнува потребата од општествениот договор и потребата од држава. Согласно оваа теорија, за возврат државата треба да ја преземе обврската да ги заштитува правата и слободите на човекот.

Слика 5. Човековите права и слободи се централна и најважна точка на либералната идеологија.[23]

[21] Bellamy, „Liberalism“, 24.
[22] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 67
[23] Сликата е од @storyset на Freepik.

Затоа, приврзаниците на либералната идеологија на државата и власта гледаат како на „нужно зло“ – *зло* бидејќи државата, сепак, ја ограничува слободата на индивидуите, но *нужно* бидејќи без нејзиното постоење луѓето би завршиле во постојана војна на секој против секого. Дополнително, либералната мисла смета дека државата треба да *има улога на неутрален арбитер во општеството и да функционира како држава ноќен чувар, која би имала улога само во обезбедување на слободите и безбедноста на една индивидуа од останатите*. Практично, според либералната идеологија *државата треба да биде минимално вклучена во регулирањето на секојдневието на луѓето*.

Во таа насока, либералната идеологија е целосно посветена на воспоставување на механизми со кои државната власт би била ограничена и контролирана. За либералите, слободни луѓе може да постојат само во општество во кое постои ограничена и одговорна власт. Во оваа идеологија доминира становиштето дека интересите на индивидуите не смее да страдаат заради интересите на групите, државата и општеството.

Слика 6. Со цел да се заштитат човековите права и слободи, либералната идеологија е целосно посветена на воспоставување на механизми со кои државната власт би била ограничена и контролирана.[24]

[24] Сликата е од @rawpixel.com на Freepik.

Токму, **индивидуализмот** е еден од основните елементи на либералната идеологија. Според либералната идеологија општествата претставуваат збир на индивидуи. Притоа, секоја индивидуа е подеднакво важна и секоја индивидуа е засебна.[25] Според тоа, либералната идеологија се труди да биде слепа за припадноста на индивидуите кон различни групи. Квалитетот на поединците не се цени врз основа на полот, расата или религијата, туку според нивните таленти и подготвеност за работа, односно според нивниот карактер.[26] За припадниците на либералната идеологија основната цел е да се изгради општество кое на индивидуите ќе им овозможи да се развиваат, да постигнуваат успеси и да го остварат својот сон, во согласност со своите капацитети и преку самостојно одлучување за тоа што е за нив најдобро.[27] Според либерализмот, единствено поединецот може да знае што е најдобро за него, а не општеството или, пак, некој друг.

Слика 7. Либералната идеологија се поврзува со индивидуализмот. Оваа идеологија се труди да биде слепа за припадноста на индивидуите кон различни групи. Секоја индивидуа е подеднакво важна и секоја индивидуа е засебна.[28]

[25] Shorten, „Liberalism“, 25.
[26] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 71.
[27] Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 32.
[28] Сликата е од @the8monkey на Freepik.

> „Нужно сум човек, а случајно сум Французин."
>
> **Монтескје**

Всушност, либералната идеологија ја негува вербата во **разумноста** на човекот, кој како господар на своето тело и дух, може да го земе животот во свои раце и да го обликува согласно своите желби и интереси.[29] За припадниците на либералната идеологија нема никаква потреба општеството или, пак, некој друг да дефинира што е добро, а што лошо за животот на еден поединец. Сè додека со своето однесување не ги повредуваат законите на државата и слободата на останатите, индивидуите се слободни со своето тело и дух да прават што сакаат. Тие им припаѓаат единствено на нив. Бидејќи поединците се разумни и имаат јасен план за својот живот, тие секогаш ќе се трудат да ги минимизираат загубите и да ја максимизираат користа за себе.[30] Токму засновано врз идејата за разумност се развива и теоријата за економски либерализам.

> **Економски либерализам:** Станува збор за познатата либерална економска доктрина laissez-faire, според која економските текови треба да бидат оставени на регулирање на пазарот преку понудата и побарувачката, а не на државата преку интервенции.

Разумноста кај индивидуите придонесува либералната идеологија да ја развие и идејата за **толеранцијата**. Бидејќи индивидуите поседуваат различни ставови, мислења и интереси, во едно општество може да дојде до конфликти. Ако се има предвид дека, според либералната идеологија, индивидуите се разумни суштества, тогаш е сосема очекувано дека таквите конфликти треба да бидат надминати преку дебати и преговори.[31] Дебатите и преговорите се одраз на толеранција, а не на насилство. Затоа, за либералната идеологија толеранцијата на различни ставови, мислења и интереси, всушност, претставува начин да се одржи мирен соживот во отсуство на исти заеднички принципи.[32] Дополнително, либералната идеологија верува дека преку толерирање на различни мислења и дебати во општеството ќе се дојде до најдобрите решенија.

---

[29] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 68.
[30] Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 42.
[31] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 70.
[32] Shorten, „Liberalism", 30.

Слика 8. Толеранцијата на различностите претставува важен елемент на либералната идеологија.[33]

> „Можеби не се согласувам со тоа што го говориш, но до смрт ќе го бранам твоето право тоа да го кажеш."
>
> **Волтер**

Значаен елемент на либералната идеологија е **еднаквоста**. Либералната идеологија говори претежно за формална еднаквост, но не и суштинска еднаквост. Најважните форми на формалната еднаквост се **правната** и **политичката еднаквост**.[34]

Правна еднаквост: Законите важат за сите подеднакво и сите индивидуи се еднакви пред правосудниот систем.

Политичка еднаквост: Можноста за учество во политиката им е овозможена на сите индивидуи, како и податокот дека избирачкото право е замислено како општо и еднакво.

33 Сликата е од @freepik на Freepik.
34 Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 71.

Приврзаниците на либералната идеологија говорат за обезбедување на еднакви можности, но не и обезбедување на еднаков исход на крајот.[35] Во општеството сите индивидуи треба да ги имаат истите можности за успех, но успехот зависи од самите нив. Состојбата на еднаков исход освен што не е природна, бидејќи сите индивидуи се различни, воедно не е и фер, бидејќи ги потиснува квалитетите и трудот на индивидуите. Затоа, инсистирањето на еднаков исход, всушност, значи повредување на слободата во интерес на еднаквоста на индивидуите.

Слика 9. Либералната идеологија смета дека инсистирањето на еднаков исход претставува повреда на слободата во име на еднаквоста.

> „Општествата кои ја стават еднаквоста над слободата на крајот ќе завршат и без двете."
>
> **Милтон Фридман**

Во втората половина на XIX век и првата половина на XX век, под влијание на модерната либерална идеологија биле развиени пофлексибилни ставови во поглед на улогата на државата во приватната сфера на индивидуата. Во овие ставови на, т.н., социјален либерализам доминира мислата дека државата има одговорност да интервенира и да воспостави вистински еднакви можности. На тој начин, во рамките на либералната идеологија се отвора вратата за државна интервенција и редистрибуција со цел да им помогне на најпогодените во општеството.[36] Ваквиот социјален либерализам често се сретнува и под терминот модерен либерализам.

[35] Bellamy, „Liberalism", 25.
[36] Shorten, „Liberalism", 37.

АВТОРИ

Џон Мејнард Кејнс /John Maynard Keynes/ (1883-1946) е англиски економист кој извршил големо влијание врз модерниот либерализам и социјалдемократската идеологија. Станува збор за теоретичар кој ги критикувал laissez-faire принципите и говорел за употреба на фискалните и монетарните мерки за ублажување на негативните ефекти од економската рецесија и депресии. Неговите идеи претставуваат основа на Кејнзијанскиот пристап во регулирање на економските текови. Негово најпознато дело е: „Општа теорија на вработувањето, каматите и парите“ (1936).

Класичен либерализам: Традиција во рамките на либерализмот која се труди да ги максимизира можностите за неограничена активност на индивидуите → Еднаквост на можностите.

Модерен либерализам: Традиција во рамките на либерализмот која овозможува државна интервенција со цел личен развој на најзагрозените индивидуи во општеството → Еднаквост како праведност.

Развојот на социјалниот либерализам, дополнет со атрактивноста на социјалдемократската идеологија во текот на XX век, придонел по Втората светска војна интензивно да се применува **Кејнзијанскиот пристап** во регулирањето на економските текови.

Кејнзијанизам: Државна интервенција во сферата на економијата преку регулирање на вкупната побарувачка, со цел да се обезбеди максимална стапка на вработеност.



Слика 10. Кејнзијанизмот има за цел преку државна интервенција во економските текови да придонесе кон економски раст.[37]

[37] Сликата е од @rawpixel.com на Freepik.

Таквото функционирање на западните општества во текот на првите три децении по Втората светска војна било следено со позитивни економски резултати. Сепак, кон крајот на 70-тите години на XX век, економиите на, речиси, сите западни држави влегле во економска криза. Набргу, вината за слабиот економски раст, големата стапка на инфлација и тешките индустриски односи се припишувала на Кејнзијанизмот и државната интервенција[38] и сè погласни станале критиките за „државата дадилка".

> **Држава дадилка:** Држава која креира култура на зависност на индивидуите од државна интервенција и со тоа го загрозува слободниот пазар.[33]

Како последица на таквата економска криза и критики кон државната интервенција, кон крајот на 70-тите и почетокот на 80-тите години на XX век на политичката сцена се јавува неолиберализмот. Како таков, неолиберализмот повеќе црпи инспирација од класичната либерална мисла, отколку од модерната либерална мисла, бидејќи стои цврсто на ставовите за минимална држава.[40] *Практично, неолиберализмот повторно ги актуализира идеите за слободниот пазар, слободната трговија и критиката на државната интервенција во економските текови.* Така, под влијание на неолиберализмот голем дел од западните држави започнале со приватизација на јавните претпријатија, либерализација на трговијата и индустријата, намалување на даноците, намалено трошење на буџетски средства.[41]

Слика 11. Намалувањето на даноците и критиката на државната интервенција во економските текови се основа на неолиберализмот.[42]

[38] Ben Jackson, „Social Democracy", In *The Oxford Handbook Of Political Ideologies*, ed. Michael Freeden, Lyman T. Sargent and Marc Stears (Oxford: Oxford University Press, 2013), 468.
[39] Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 37.
[40] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 144.
[41] Manfred B. Steger, „Political Ideologies in the Age of Globalization", In *The Oxford Handbook Of Political Ideologies*, ed. Michael Freeden, Lyman T. Sargent and Marc Stears (Oxford: Oxford University Press, 2013), 301.
[42] Сликата е од @dooder на Freepik.

Овие идеи на либералната идеологија, во практичната политика биле имплементирани од конзервативни политички партии, во САД од Републиканската партија во времето на Роналд Реган, а во Обединето Кралство од Конзервативната партија под водство на *„железната дама*“ Маргарет Тачер. Затоа, често неолиберализмот во САД бил нарекуван реганизам, а во Обединетото Кралство бил нарекуван тачеризам.

Денес, голем број теоретичари ги третираат неолиберализмот и глобализацијата како ист феномен, па затоа го користат терминот неолиберална глобализација. Живееме во свет во кој најмногу се говори за слободна трговија, интегрирани слободни пазари, отстранување на национални бариери и промовирање на странски директни инвестиции. Таквата неолиберална глобализација предизвикува силен економски развој, развој на меѓународното право, но и револт кон неа. Во западната цивилизација, критиката на неолиберална глобализација се однесува на тоа дека го загрозува националниот суверенитет на државите и води кон ерозија на националните култури, обичаи, вредности, а надвор од западната цивилизација се смета дека неолиберална глобализација претставува неоколонијализам и процес на наметнување на западни вредности во остатокот од светот.

Интересно е да се забележи дека последните случувања со Ковид-19 кризата целосно ги прекршија правилата на неолиберална глобализација. Како одговор кон Ковид-19 кризата сите држави пристапија кон затворање на сопствените граници и економии, но и низа економски политики поврзани со Кејнзијанската економија, а не со неолиберализмот. Тоа покажува дека во услови на криза ригидното придржување до принципите на неолиберализмот станува неодржливо.

Слика 12. Ковид-19 пандемијата наметна потреба од примена на Кејнзијански економски политики и напуштање на принципите на неолиберализмот.[43]

[43] Сликата е од @Who is Danny на Freepik.

АВТОРИ

Едмунд Берк /Edmund Burke/ (1729-1797) е англиски и ирски филозоф кој е инспирација за припадниците на конзервативната идеологија. Важел за голем поддржувач на Американската револуција, но и голем критичар на Француската буржоаска револуција за која сметал дека ги повредува природните текови на историјата и традиционалните институции, па затоа истата ќе заврши лошо, со терор и тиранија. Важи за голем поддржувач на идејата дека промените и прилагодувањата треба да се прават за да се зачува постојното. Бил пратеник и во рамките на Домот на комуни.

3. КОНЗЕРВАТИВНА ИДЕОЛОГИЈА

За конзервативната идеологија, слично како и за либералната идеологија, почнува поинтензивно да се пишува и говори по Француската буржоаска револуција.[44] Борците за зачувување на стариот режим и противниците на промени предизвикани од Француската буржоаска револуција биле нарекувани конзервативци и на нив се гледало негативно. Сепак, конзервативната идеологија набргу успеала ваквото негативно значење да го отфрли од себе. Таквата промена во рамките на општествените науки дошла под влијание на трансформацијата на самиот *конзервативизам – од идеологија која е противник на промените во општеството, во идеологија која размислува како да се обликуваат промените.*[45] Така, конзервативната идеологија набргу по првичното негативно значење почнува да се менува и да го брани ставот дека не е против промени, туку дека е против радикални промени. За оваа идеологија радикалните промени кои целосно го менуваат нормалниот тек на работите и предизвикуваат повреда на традиционалните институции во општествата се лоши промени бидејќи водат кон тотален хаос и, на крајот, до општествена, политичка и економска состојба далеку полоша отколку пред почетокот на промените. Затоа, според конзервативната идеологија треба да се владее со помош на *еволуциската адаптација*,[46] *а промените да се спроведуваат со цел постојниот поредок да се заштити од дополнителни нарушувања.*[47]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Основна карактеристика на конзервативната идеологија е сфаќањето за несовршеноста на човековата природа. За да се избегне неговата несовршеност, човекот треба да следи насоки и правила коишто произлегуваат од: традицијата, обичаите, религијата и авторитетите.

44 Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 34.
45 Stefan Andreasson, „Conservatism“, In *Political Ideologies: An Introduction – Fourth Edition*, ed. Vincent Geoghegan and Rick Wilford (New York: Routledge, 2014), 48.
46 Robert Eccleshall, „Djelo Konzervativizma“, In *Politicke Ideologije: Novi Prikaz*, ed. Michael Freeden (Zagreb: Algoritam, 2006), 102.
47 Andreasson, „Conservatism“, 49.

> „Пристапи кон промени со цел да го зачуваш постојното“.
>
> **Едмунд Берк**

Основна карактеристика за конзервативната идеологија е сфаќањето за **несовршеноста на човековата природа**.

Слика 13. Конзервативната идеологија цврсто стои на ставот за несовршеноста на човековата природа.[48]

Имено, кај конзервативната идеологија доминира ставот за несовршеноста на човекот, заради што луѓето имаат потреба од јасни вредности, правила и насоки, кои ќе помогнат човечката несовршеност да не излезе на виделина во општеството. Овие вредности, правила и насоки се обезбедуваат преку **традицијата и обичаите**. За конзервативната идеологија, традицијата и обичаите претставуваат мудрост акумулирана низ времето.[49] Таквата акумулирана мудрост се пренесувала од генерација на генерација, и со тоа го издржала тестот на времето. Пренесувајќи се од генерација на генерација, всушност, во традицијата и обичаите се сконцентрирале најдобрите правила и насоки за тоа како луѓето треба да се однесуваат.

48 Сликата е од @storyset на Freepik.
49 Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 121.

Дополнително традицијата, обичаите и навиките им овозможуваат на луѓето предвидливост, безбедност и чувство на припадност. Мнозинството луѓе сакаат низ својот животен пат да се движат по добро познати патеки.[50] Токму тоа им го овозможуваат традицијата, обичаите и навиките – на тој начин луѓето знаат како треба да постапат во определена ситуација без да навлегуваат во анализирање на рационалноста на таквата одлука.[51] Кон сето ова треба да се додаде и податокот дека колективните идентитети често се поврзани со традицијата и обичаите. Според тоа, конзервативната идеологија смета дека традицијата и обичаите генерираат општествена кохезија меѓу луѓето и, воедно, кај нив обезбедуваат колективно чувство за тоа на која група ѝ припаѓаат.[52]

Слика 14. Конзервативната идеологија смета дека луѓето треба да ги почитуваат и да ги следат насоките на традицијата и обичаите.[53]

> „Традицијата е водич, а не затвор".
>
> **Вилијам Мом**

[50] Eccleshall, „Djelo Konzervativizma", 109.
[51] Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 73.
[52] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 122.
[53] Сликата е од @freepik на Freepik.

Еден од елементите на конзервативната идеологија е **религијата.** Имено, според конзервативната идеологија човекот е религиозно битие.[54] Оваа идеологија ја негува премисата дека човекот е опкружен со религии, а секоја религија поседува свои божји заповеди. Божјите заповеди претставуваат, исто така, определен вид на насоки и правила на однесување. Така, преку почитувањето на божјите заповеди, верниците, всушност, примерно се однесуваат во општеството.

Слика 15. Почитување на религијата и нејзините правила претставува важен елемент на конзервативната идеологија.[55]

Почитувањето на религиозните лидери и божјите заповеди, кои се дадени од Бога, воедно се спроведува и заради нивниот **авторитет**. Во таа насока, почитувањето на авторитетите во општеството, исто така, претставува елемент на конзервативната идеологија. Таквите авторитети се природни и луѓето постојано се опкружени со нив. Родителите претставуваат авторитет за своите деца, наставниците претставуваат авторитет за своите ученици, шефовите претставуваат авторитет за своите вработени, итн. Притоа, за конзервативната идеологија е сосема природно авторитетите да даваат наредби, а останатите да ги почитуваат таквите наредби.[56] Според тоа, авторитетите се неминовна и

54 Andreasson, „Conservatism“, 62.
55 Сликата е од @brgfx на Freepik.
56 Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 69.

корисна појава бидејќи обезбедуваат насоки, поддршка и сигурност за луѓето, преточени во јасна слика што постигнале луѓето и што се очекува од нив да постигнат во иднина.[57] Покрај авторитетите во приватната сфера, треба да се има предвид дека и самата држава и власт претставуваат авторитети за луѓето. Токму законите на државата претставуваат насоки и правила како луѓето треба да се однесуваат во рамките на општеството. Со нив државата определува какво однесување е дозволено, а какво не е дозволено.

Слика 16. Конзервативната идеологија говори за почитување на авторитетите во општеството.[58]

Конзервативната идеологија го застапува становиштето дека во општеството треба да постои систем на **хиерархија**. Таквата хиерархијата, како елемент на конзервативната идеологија, е последица на нееднаквоста меѓу луѓето. Во таа насока, *нееднаквоста и хиерархијата се дел од природната состојба и истите треба да бидат прифатени.* Токму затоа, во конзервативната идеологија често може да го сретнеме ставот дека некои луѓе се родени да водат, а други да бидат водени. Со тоа, конзервативната идеологија се врзува за елитизмот заради ставот дека во секое општество извонредното малцинство треба да има поголемо влијание врз политиката од неталентираното мнозинство.[59] Практично, конзервативната идеологија говори за потребата од силно лидерство кое, покрај

57 Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 129.
58 Сликата е од @sensvector на Freepik.
59 Eccleshall, „Djelo Konzervativizma“, 106.

давање насоки би имало и задача да ги инспирира луѓето.[60] Тоа значи дека кај конзервативната идеологија лидерството покрај одраз на привилегии, се врзува и за општествена одговорност. Лидерите и повисоките слоеви имаат одговорност кон пониските слоеви во општествената хиерархија.[61] Станува збор за познатите позиции на патернализмот.

Патернализам: Став дека способните во општеството треба да се грижат за индивидуите кои не може самостојно да се грижат за себе, како, на пример, односот меѓу родителите и децата.

Слика 17. Конзервативната идеологија како пример за патернализам го истакнува односот меѓу родителите и децата. Чувањето и промовирањето на семејните вредности е важен елемент во конзервативната идеологија.[62]

60 Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 130.
61 John Schwarzmantel, *Ideology and Politics* (London: SAGE, 2008), 75.
62 Сликата е од @pch.vector на Freepik.

Во поглед на економијата, ставовите на конзервативната идеологија низ историјата се менувале и прилагодувале на реалноста. Сепак, гарантирањето на **приватната сопственост** секогаш имала големо значење за припадниците на конзервативната идеологија.

> „Приватната сопственост е главниот извор на слободата.“
>
> **Валтер Липман**

Слика 18. Гарантирањето на правото на приватна сопственост претставува значајно прашање за конзервативната идеологија.[63]

Вака поставено, конзервативната идеологија почнувајќи од XVIII век, па сè до денес, успева да остане една од најголемите идеологии на светската политичка сцена. Конзервативната идеологија успеала да се прилагоди на промените од нејзиното настанување, до денес. Од сите идеологии во рамките на политичката наука се чини дека ваквата способност за прилагодување најмногу може да се забележи кај конзервативната идеологија.

63 Сликата е од @freepik на Freepik.

АВТОРИ



Карл Маркс /Karl Marx/ (1818-1883) е роден во Германија. Тој е германски филозоф, историчар, политички економист и најзначаен претставник на социјалистичката и комунистичката идеологија. Негови најпознати дела се: „Манифест на комунистичката партија“ (1848 година) и „Капитал“ (1867). „Манифест на комунистичката партија“ Карл Маркс го пишувал со Фридрих Енгелс и служи како платформа за функционирање на Комунистичката лига. Ова дело е познато по зборовите: „Работници од целиот свет обединете се“. Во делото „Капитал“, пак, Карл Маркс врши анализа на функционирањето на капитализмот, неговата динамика и неговата тенденција кон кризи и самоуништување. Станува збор за една од најдобрите анализи на функционирањето на капитализмот, која е актуелна и денес.

4. СОЦИЈАЛИСТИЧКА ИДЕОЛОГИЈА

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Социјалистичката идеологија е директно поврзана со работничката класа и претставува голем критичар на капитализмот. Еднаквоста претставува централен елемент во рамките на социјалистичката идеологија (еднаков исход, а не еднакви можности).

Во рамките на политичката наука често може да се сретне ставот дека историјата на социјализмот е стара исто колку што е стара и историјата на човештвото.[64] И, навистина, идејата за еднаквост, како централна идеја на социјалистичката идеологија, како и потрагата по похуман свет, секогаш биле атрактивни за филозофите, теоретичарите и практичарите.

> „Исус Христос е првиот социјалист во човековата историја бидејќи е првиот кој започнал да трага по подобар живот за човештвото.“
>
> **Михаил Горбачов**

Корени на социјалистичката идеологија може да се најдат во различните историски епохи, сепак, социјалистичката идеологија е производ најмногу на периодот за време на, и по Француската буржоаска револуција.[65]

Најголемо влијание врз развојот на социјалистичката идеологија имале **Карл Маркс** и **Фридрих Енгелс**. Сепак, социјалистичката идеологија доживеала бурен развој по смртта на Карл Маркс.

---

64 Anthony Wright, „Social Democracy and Democratic Socialism“, In *Contemporary Political Ideologies*, ed. Roger Eatwell and Anthony Wright (London: Pinter Publishers, 1993), 79.
65 Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 84.

Имено, по смртта на Карл Маркс во рамките на социјалистичката идеологија се јавила група теоретичари (марксисти) кои тврделе дека го следат делото на Карл Маркс, но и теоретичари кои започнале да го преиспитуваат неговото дело. Така, во тој период, во рамките на социјалистичката идеологија се јавиле две различни традиции. Едната традиција сметала дека идеите на социјализмот може да се остварат единствено преку револуција, додека, пак, втората традиција сметала дека идеите на социјализмот може да се остварат и преку мирен еволутивен пат. Од првата традиција се развила комунистичката идеологија, додека, пак, од втората традиција се развила социјалдемократската идеологија. Овие две традиции на социјалистичката идеологија навистина се различни. Токму затоа, во рамките на политичките науки се говори дека прецизното дефинирање на социјалистичката идеологија е многу тешка работа. Како да се прикажат елементите кои ги обединуваат различните социјалистички традиции без, притоа, да се занемарат огромните разлики што постојат меѓу нив, претставува клучниот проблем при дефинирањето на социјалистичката идеологија.[66]

Социјалистичката идеологија се јавила како одговор на нехуманоста на нерегулираниот и суров капитализам,[67] кој овозможувал груба експлоатација на работниците.[68] Неплатен труд, нерегулирано работно време, немање право на одмор, присилна работа на жени и деца, живот во мизерни услови, се дел од состојбите во кои се наоѓала работничката класа кон крајот на XVIII и првата половина на XIX век. Како протест кон ваквата состојба се јавила социјалистичката идеологија. Оттука, може да се заклучи дека социјалистичката идеологија е директно поврзана со **работничката класа** и претставува голем критичар на капитализмот. Таквиот економски систем овозможувал концентрирање на богатството и моќта во рацете на мал број луѓе, а притоа, мнозинството (работничката класа) го осудувал на сиромаштија.[69] Претставувајќи голема критика на капитализмот, *социјалистичката идеологија како застапник на работничката класа нуди идеи за создавање похуман и поедначков свет.*

66 Vincent Geoghegan, „Socialism“, In *Political Ideologies: An Introduction – Fourth Edition*, ed. Vincent Geoghegan and Rick Wilford (New York: Routledge, 2014), 72.
67 Leon P. Baradat and John A. Phillips, *Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition* (New York: Routledge, 2017) 159.
68 Ibid.
69 Geoghegan, „Socialism“, 73.

Слика 19. Социјалистичката идеологија претставува идеологија на работничката класа и истата се јавува како одговор на нерегулираниот и суров капитализам.

Од сите тие идеи, **еднаквоста** претставува централен елемент во рамките на социјалистичката идеологија. Припадниците на социјалистичката идеологија, првенствено и најзначајно, треба да бидат егалитаријанци.[70]

> **Егалитаријанизам:** Теорија која ја промовира еднаквоста и смета дека еднаквоста е најважната политичка вредност.

Притоа, социјалистичката идеологија ја подразбира еднаквоста како идеја за *еднаков исход (резултат), а не еднакви можности*. Според социјалистичката идеологија зад идејата за еднаквост на можностите, всушност, се крие легитимирање и оправдување на нееднаквостите кои опстојуваат во капиталистичките општествата.[71] Земајќи предвид дека поединците во едно општество никогаш немаат исти појдовни основи, за социјалистичката идеологија ваквото инсистирање на еднаквост претставува манипулација која доведува до нестабилност, социјални немири и класни конфликти. Затоа, социјалистичката идеологија истакнува дека овозможувањето на општествена еднаквост претставува силна гаранција за општествена стабилност и кохезија.[72] Сиромаштијата, која е производ на слободните пазари, предизвикува сиромашните луѓе никогаш да не бидат вистински слободни.[73]

---

[70] Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 100.
[71] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 168.
[72] Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 39.
[73] Ibid.

Слика 20. Социјалистичката идеологија говори за отстранување на нееднаквоста преку промовирање на концептот за еднаков исход, а не еднакви можности.[74]

Исто така, идејата за **заедништво, солидарност и соработка** во заедницата е едно од основните обележја на социјалистичката идеологија.

Припадниците на социјалистичката идеологија истакнуваат дека либерализмот и капитализмот преку инсистирање на индивидуалноста како вредност, всушност, развиваат изолирани, себични и алчни индивидуи кои покажуваат многу малку грижа за другите во нивната околина.[75] Во центарот на капитализмот и либерализмот е натпреварот, а тој придонесува индивидуите во натпреварот кој ќе биде подобар да станат себични, агресивни и отуѓени едни од други. Токму затоа, капитализмот и либерализмот ги подриваат заедништвото, солидарноста и соработката.[76] Создавањето на еднаквост во такви околности, практично е невозможно. Според тоа, за социјалистичката идеологија покрај тоа што ваквата состојба доведува до непријателство и конфликти, истата, воедно, не претставува природна средина за луѓето. Така, социјалистичката идеологија ја истакнува важноста на заедницата и податокот дека човекот е општествено битие (zoon politikon). Тоа значи дека човекот не може да постои надвор од заедницата и дека е предодреден за соработка, солидарност и споделување.

74 Сликата е од @freepik на Freepik.
75 Geoghegan, „Socialism“, 73-74.
76 Vincent, *Modern Political Ideologies – Thir++d Edition*, 108.

Слика 21. Социјалистичката идеологија смета дека капитализмот и либерализмот ги подриваат заедништвото, солидарноста и соработката.

> „Ниту еден човек не е остров сам за себе.“
>
> **Џон Дон**

Во социјалистичката идеологија, покрај еднаквоста, како елемент е врежано и **братството**. Приврзаниците на социјалистичката идеологија го застапуваат становиштето дека на луѓето треба да се гледа како на „другари“, „браќа“ и „сестри“, кои тесно се поврзани еден со друг.[77] Другари, браќа и сестри кои имаат потреба еден од друг и кои заедно соработуваат и споделуваат при креирањето на похуман, поуспешен и постабилен свет.

---

77 Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 165.

Според социјалистичката идеологија, постоењето на еден похуман свет е невозможно во систем во кој клучна вредност е приватната сопственост. Тоа е така затоа што приватната сопственост ги охрабрува луѓето да бидат материјалисти и да се борат за акумулирање на, што е можно, поголем имот и богатство.[78] Борбата за стекнување што е можно поголемо богатство повторно на виделина ги изнесува најлошите карактеристики на луѓето – алчноста, себичноста, агресивноста и непријателството. Затоа, социјалистичката идеологија говори за **заедничка сопственост** како нејзин елемент.



Слика 22. Социјалистичката идеологија е голем противник на приватната сопственост сметајќи дека правото на приватна сопственост ги прави луѓето материјалисти, алчни и агресивни со желба да стекнат што е можно поголем имот и богатство.[79]

> „Со укинување на приватната сопственост, воедно се укинува и потребата на човекот за агресија."
>
> **Сигмунд Фројд**

Прашањето на приватната сопственост различно се разгледува од различните традиции во рамките на социјалистичката идеологија. Некои говорат за целосно укинување на приватната сопственост и нејзина замена со заедничка сопственост, додека, пак, кај други се забележува мешовит пристап и општество во кое се комбинира

[78] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 175.
[79] Сликата е од @prettyvectors, @sentavio на Freepik.

приватната и заедничката сопственост. Сепак, без разлика на различните пристапи, кај сите традиции на социјалистичката идеологија може да се сретне критиката кон приватната сопственост. Критиката кон приватната сопственост е поврзана и со задоволувањето на потребите на луѓето во едно општество. Така, за социјалистичката идеологија материјалните придобивки треба да бидат распределувани врз основа на потреби, а не врз основа на заслуги.[80] Социјалистичката идеологија овој став го брани со аргументот дека само така може да се дојде до целосно задоволување на основните човекови потреби (глад, жед, здравје, дом, безбедност, сон). Во општествата во кои постои капитализмот, а приватната сопственост е клучна вредност, често задоволувањето на вештачките и измислените потреби го попречуваат задоволувањето на основните потреби на сите луѓе. За социјалистичката идеологија тоа е недозволено бидејќи според оваа идеологија **задоволувањето на основните човекови потреби** *претставува предуслов за достоинствено постоење на човекот и учество во општествениот живот.*[81]

> „Разграничи ги основните потреби и нереалните желби, и труди се да ги контролираш вторите."
>
> **Махатма Ганди**

Создавањето на бескласно општество е еден од елементите на социјалистичката идеологија. Имено, според приврзаниците на социјалистичката идеологија, капиталистичките општества се засновани врз класна поделба на владејачка класа и работничка класа, при што работничката класа е репресирана и експлоатирана од страна на владејачката класа. Во таков случај, антагонизмот во капиталистичките општества е неминовен.[82] Во интерес на работничката класа, социјалистичката идеологија ја застапува идејата за надминување и укинување на капитализмот како класно општество и создавање на социјалистичко **бескласно општество**. Само преку создавање на бескласно општество може да се дојде до вистинска стабилност и мир во рамки на општествата.

---

80 Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 39.
81 Ibid.
82 Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 192.

5. КОМУНИСТИЧКА ИДЕОЛОГИЈА

Токму комунистичката идеологија говори за укинување на капиталистичката економија по пат на револуција и нејзино заменување со социјалистичко бескласно општество засновано врз заедничка сопственост. Тука веднаш треба да се потенцира дека Карл Маркс и Фридрих Енгелс покрај тоа што се највлијателните автори во рамките на социјалистичката идеологија тие, воедно, се и најважните претставници на комунистичката традиција на социјалистичката идеологија. При поставување на темелите на социјалистичката идеологија, Карл Маркс и Фридрих Енгелс потенцираат дека целата историја на човештвото е историја на класна борба.[83]

За Маркс и Енгелс крајот на класната борба ќе дојде со воспоставување на социјалистичко општество, односно бескласно општество засновано врз заедничка сопственост, познато како комунизам.[84] Таквите промени, според Маркс и Енгелс, не може да дојдат по мирен и еволутивен пат бидејќи владејачката класа ќе направи сè што е во нејзина моќ да ги спречи промените.[85] Токму затоа, Маркс и Енгелс сметаат дека промените може да дојдат единствено по пат на револуција предводена од работничката класа.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Комунистичката идеологија смета дека до бескласно општество не може да се дојде на мирен начин и дека бескласното општество ќе биде создадено преку: пролетерска револуција, диктатура на пролетеријатот (укинување на демократијата, воведување на еднопартиски систем и тоталитарна држава) и планска економија (укинување на пазарот и приватната сопственост).

Слика 23. Комунистичкаста идеологија смета дека создавањето на бескласно општество е можно само по пат на револуција.[86]

83 Brown, „Communism“, 480.
84 Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 191.
85 Geoghegan, „Socialism“, 78.
86 Сликата е од @freepik на Freepik.

Маркс и Енгелс се свесни дека битката за укинувањето на капитализмот нема да биде едноставна, но за нив и воспоставувањето на социјалистичкото бескласно општество нема да биде лесен и брз процес. Така, пролетерската револуција требало да биде следена од диктатура на пролетеријатот.

Диктатура на пролетеријатот: Привремена држава на пролетеријатот која ќе спречи контрареволуции и ќе го овозможи преминот од капиталистичко, во комунистичко општество.[70]

Слика 24. Карл Маркс и Фридрих Енгелс говорат за создавање на диктатура на пролетеријатот. Таквата диктатура станува реалност во Советскиот сојуз под влијание најмногу на Владимир Илич Ленин и Јосиф Сталин.

Диктатурата на пролетеријатот треба да биде следена преку укинување на демократијата и создавање на еднопартиски систем. Комунистичката идеологија не остава простор за партиски плурализам бидејќи на тој начин, воедно, се остава простор и непријателите на работничката класа да ја загрозат пролетерската револуција. Затоа, елемент на комунистичката идеологија е постоење на еднопартиски систем во кој егзистира единствено комунистичката партија. Ваквата монополистичка позиција на комунистичката партија, комунистичката идеологија ја дополнува и со организација на партиската работа преку примена на принципите на демократскиот централизам.

87 Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 41.

Демократски централизам: Принцип кој подразбира релативно слободен простор за дискусија, но кога одлуката еднаш ќе биде донесена, тогаш истата станува задолжителна за членовите и треба строго да се почитува.[71]

Следниот важен елемент на комунистичката идеологија е организирање на економскиот систем според правилата на планската економија.[89] Капитализмот и пазарната економија како креатори на нееднаквост, кризи и конфликти, треба да бидат укинати. Наместо нив, државата треба економијата да ја организира, раководи и планира. Со цел да се воспостави планска економија, комунистичката идеологија предлага укинување на приватната сопственост и целосно воведување на заедничка сопственост (државна или општествена сопственост). Таквото укинување на приватната сопственост и креирањето на заедничка сопственост, комунистичката идеологија го предвидува преку национализација, односно преку процес на експропријација на приватната сопственост.[90]

Сево ова ни говори дека комунистичката идеологија предвидува навистина голема моќ на пролетерската држава. Таквата поставеност во пракса довела до репресивна и тоталитарна држава која го контролира секој аспект на општеството (културен, економски, историски, социјален и политички).

> „Капиталистите ќе ни го продадат јажето што ќе го користиме кога ќе ги бесиме."
>
> **Јосиф Сталин**

Поголем простор за имплементирање на елементите на комунистичката идеологија се отворил во периодот по Втората светска војна. Под влијание на СССР, во периодот по Втората светска војна идеите на комунистичката идеологија биле поинтензивно имплементирани во Централна, Источна и Југоисточна Европа. Сепак, имплементирањето на овие идеи не довело до формирање на бескласно општество. Напротив, довело до создавање на централизиран репресивен државен апарат, кој го контролирал секој аспект на општествениот живот и бил раководен од комунистичките

88 Geoghegan, „Socialism", 84.
89 Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 107.
90 Baradat and Phillips, *Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition*, 162.

партии со помош на тајните полиции. Таквата состојба, дополнета со нефункционалноста на планската економија, придонела за голем колапс на комунистичките режими во светот, во 1989 година.

Слика 25. Под влијание на СССР, во периодот по Втората светска војна идеите на комунистичката идеологија биле поинтензивно имплементирани во Централна, Источна и Југоисточна Европа. Сепак, имплементирањето на овие идеи не довело до формирање на бескласно општество.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Социјалдемократската идеологија останува посветена на репрезентативната демократија и говори за реформирање и хуманизирање на капитализмот преку: создавање на мешан модел на економија, користење на Кејнзијански стратегии за државна интервенција, стимулирање на економски раст и одржување на целосно вработување, како и преку редистрибуција на богатството со помош на прогресивното оданочување.

6. СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ИДЕОЛОГИЈА

Социјалдемократската идеологија произлегува од социјалистичката идеологија, а во текот на XX век развила сопствен збир на јасни и кохерентни идеи, ставови, вредности и верувања. Како таква, социјалдемократската идеологија настојува да овозможи баланс меѓу пазарот и државата, како и баланс меѓу индивидуата и заедницата.[91]

Социјалдемократската идеологија целосно останува посветена на репрезентативната демократија,[92] а моќта на државата треба да се искористи за остварување на поголема ефикасност, еднаквост и социјална правда.[93] Во таа насока, социјалдемократската идеологија на државата гледа како на неутрален апарат кој може да биде освоен преку принципите на репрезентативната демократија, со цел да се оствари поголема општествена и економска еднаквост.[94]

---

91 Heywood, Politics – Fourth Edition, 43

92 Jackson, „Social Democracy“, 458.

93 Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 91.

94 Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 104.



Слика 26. Социјалдемократската идеологија не говори за укинување на демократијата туку за користење на нејзините принципи со цел да се оствари поголема општествена и економска еднаквост.[95]

Дополнително, социјалдемократската идеологија говори за реформирање и хуманизирање на капитализмот.[96] При таквото реформирање и хуманизирање на капитализмот, социјалдемократската идеологија не говори за воведување на планска економија и укинување на приватната сопственост. Напротив, социјалдемократската идеологија говори за создавање мешан модел на економија, во кој приватната сопственост доминира, но големите индустриски капацитети кои може да имаат монополска позиција на пазарот се преземаат и контролираат од државата.

Таквиот мешан модел на економијата е дополнет со регулирање на слободниот пазар и во него државата плански интервенира, со цел да ги отстрани неправдите и нееднаквоста. Отстранувањето на таквите неправедности, нееднаквости и кризи, социјалдемократската идеологија го предвидува преку користење на кејнзијански стратегии за државна интервенција и стимулирање на економски раст и одржување на целосно вработување,[97] како и преку редистрибуција на богатството со помош на прогресивното оданочување.[98]

[95] Сликата е од @macrovector на Freepik.
[96] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 200.
[97] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 217.
[98] Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 102.

Прогресивно оданочување: Систем на оданочување според кој оние кои заработуваат повеќе плаќаат повисока стапка на данок.[81]

Слика 27. Социјалдемократската идеологија говори за редистрибуција на богатството преку прогресивно оданочување.[100]

Преку прогресивното оданочување, социјалдемократската идеологија има за цел да ја намали разликата меѓу богатите и сиромашните, но и да обезбеди доволно финансиски средства за носење на социјални мерки од страна на државата. Затоа, токму социјалдемократската идеологија најмногу се поврзува со, таканаречената, држава на благосостојба.

Држава на благосостојба: Држава која примарно треба да обезбеди голем број на социјални услуги за своите граѓани, почнувајќи од социјално осигурување, јавно образование, јавно здравство, па сè до помош за посиромашните индивидуи.[82]

Во рамките на оваа идеологија, државата на благосостојба има посебна улога во отстранување на сиромаштијата и нееднаквоста преку помагање на кревките и загрозените индивидуи во општеството.

---

99 Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 177.
100 Сликата е од @macrovector на Freepik.
101 Baradat and Phillips, Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition, 348.

Слика 28. Социјалдемократската идеологија говори за создавање на држава на благосостојба која ќе има посебна улога во отстранување на сиромаштијата и нееднаквоста преку помагање на кревките и загрозените индивидуи во општеството.[102]

Идеите на социјалдемократијата биле атрактивни во западноевропските држави уште при крајот на XIX век и почетокот на XX век. Интересен е податокот дека социјалдемократската идеологија била користена во најразвиените демократски држави во Западна Европа и во Скандинавските држави. Кризата на државата на благосостојба и подемот на неолиберализмот придонеле кон придвижување на социјалдемократската идеологија кон центарот на идеолошката оска. Тоа придонесува кон разочарување кај поборниците за егалитаризам. Токму затоа, социјалистичката и социјалдемократската идеологија во последните години сè повеќе избива на виделина и преку општествени движења. Протестите „Окупирај го Вол Стрит“, како и другите, „Окупирај“ протести против концентрација на светското богатство, кај мал број луѓе даваат до знаење дека идеите на социјалистичката и социјалдемократската идеологија се тука и чекаат повторно да бидат реоткриени. Реоткриени во потрагата по похуман и поеднаков свет.

[102] Сликата е од @freepik на Freepik

ИСТОРИСКИ НАСТАН

„Окупирај“ беше меѓународно движење кое преку ненасилни протести изразуваше големо незадоволство од општествената и економската нееднаквост во општествата, како и незадоволство од функционирањето на претставничката демократија во светот. Ова движење бараше поголемо користење на непосредната демократија, како и носење на политики кои ќе доведат до поголема општествена и економска еднаквост. Движењето започна на 17.9.2011 година, во Њујорк, со протестите „Окупирај го Wall Street“, првенствено како револт кон банките и берзите, но набргу се прошири и низ други градови во САД, како и низ други држави во светот. Ваквото движење беше активно претежно во државите кои се поврзуваат со западната демократија, но определени автори сметаат дека тоа имаше голема улога и во мотивирањето на протестите од Арапската пролет.

7. АНАРХИСТИЧКА ИДЕОЛОГИЈА

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Укинување на сите форми на власт (држава, религија, семејство) со цел да се стекне апсолутна слобода е централната точка на анархистичката идеологија.

Од сите идеологии во рамките на политичката наука, веројатно анархистичката идеологија е најпогрешно разбрана од поширокатa јавност во модерните општества.[103]

> **Анархизам:** Поимот анархизам потекнува од два грчки збора – „an“ и „arkhe“, и истиот означува отсуство на власт, односно отсуство на владетел.[84]

Во секојдневниот говор зборот анархија најчесто се користи за опишување на состојба поврзана со безвластие, безредие и хаос. Консеквентно на тоа и анархистичката идеологија со нејзиното појавување во XIX век почнала во поширокатa јавност да се перципира како идеологија која говори за безвластие, безредие и хаос. И, навистина, анархистичката идеологија говори за состојба во која не постои политичка власт, но таквата состојба за оваа идеологија не е следена со безредие и хаос. Напротив, *анархистичката идеологија говори за перфектен ред и мир, односно за општество во кое не постои политичка власт, а индивидуите самостојно преку доброволно прифатени договори и соработка ги регулираат општествените односи.* Тоа значи дека анархистичката идеологија, всушност, говори за *општество без хиерархија и доминација.*

[103] Laurence Davis, „Anarchism“, In *Political Ideologies: An Introduction – Fourth Edition*, ed. Vincent Geoghegan and Rick Wilford (New York: Routledge, 2014), 214.
[104] Vincent, Modern Political Ideologies – Third Edition, 111.



Слика 29. Анархистичката идеологија говори за перфектен ред и мир, а не за безвластие, безредие и хаос.[105]

Како таква, анархистичката идеологија е идеологијата во која може да се сретне најчистата експресија на индивидуализмот во политиката,[106] како и идеологија која се труди да ја максимизира **слободата** на човекот.[107] Таквото максимизирање на слободата на човекот според анархистичката идеологија може да дојде само со **укинување на сите форми на власт**, а особено со укинување на државата.[108]

Притоа, кога анархистичката идеологија говори за власт, најчесто се фокусира на политичката власт која е поддржана од машинеријата на модерната држава.[109]

Слика 30. Анархистичката идеологија се труди да ја максимизира слободата на човекот.[110]

[105] Сликата е од @user23205478 на Freepik.
[106] Baradat and Phillips, *Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition*, 146.
[107] Baradat and Phillips, *Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition*, 144.
[108] Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 48.
[109] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 229.
[110] Сликата е од @breizhatao, @freepik на Freepik.

Поглед на анархистичката идеологија врз државата: Од сите работи, кои ја ограничуваат слободата на индивидуата, најмоќна и најприсутна е државата.[89]

Практично, укинувањето на државата претставува главна цел на анархистичката идеологија. Според приврзаниците на анархистичката идеологија моќта на државата е апсолутна и неограничена, односно државата преку правото и законите поседува моќ да го ограничува однесувањето на своите граѓани бидејќи државата поседува монопол врз инструментите за физичка принуда.[112] Тоа значи дека државата поседува институции (полиција, судство, инспекции, затвор) преку кои може да ги принуди индивидуите да ги почитуваат законите и правилата дури и во состојба кога индивидуите сметаат дека законите и правилата не се добри за нив. И, токму врз ваквото тврдење, анархистичката идеологија го креира ставот дека државата својата моќ ја воспоставува и ја одржува врз основа на насилство.[113] Податокот дека првата асоцијација за државата најчесто е полицијата, војската и бирократијата, е најдобар одговор зошто за приврзаниците на анархистичката идеологија државата е симбол на зло, насилство, принуда, репресија, измама, корупција и мизерија.[114] Според тоа, државата мора да биде укината за да се овозможи апсолутна слобода и целосен развој на потенцијалите на индивидуите во општеството.

Слика 31. За анархистичката идеологија државата е симбол на зло: насилство, принуда, репресија, измама, корупција и мизерија. Затоа оваа идеологија има револт кон целиот државен апарат (судии, обвинители, полицајци, итн), а не само кон политичарите.[115]

[111] Jennings, „Anarchism“, 129.
[112] Jennings, „Anarchism“, 129.
[113] Davis, „Anarchism“, 228.
[114] Jennings, „Anarchism“, 129.
[115] Сликата е од @freepik, @macrovector, @vectorjuice на Freepik.

Токму во погледите кон потребата и улогата на државата и политичката власт анархистичката идеологија видливо се разликува од другите идеологии. Во поглед на либералната идеологија може да се забележат следниве разлики:

Разлики во поглед на потребата од држава и политичка власт	
Либерална идеологија	**Анархистичка идеологија**
– Државата е нужно зло; – Луѓето без држава ќе живеат во постојана војна на секој против секого;	– Низ историјата, луѓето најмногу живееле во општества без држави; – Луѓето имаат природна склоност да го организираат својот живот во хармонија и мир со другите луѓе;
– Државата е неутрален арбитер;	– Државата е механизам за воспоставување на насилство, принуда, репресија и хиерархија во животот на човекот;
– Државата се создава преку согласност и креирање на општествен договор;	– Луѓето се раѓаат во веќе создадени држави, кои им се наметнуваат со самото раѓање.
– Уставно-ограничена власт и претставничка демократија.	– Политичката власт, без разлика на сите ограничувања повторно наоѓа начин да стане корумпирана; – Правото на глас, парламентот, политичките партии, слободните медиуми, се само инструмент на државата за пренасочување и канализирање на револтот и протестот кон системот.

Слика 32. Припадниците на анархистичката идеологија се воодушевуваат од настанот „Барутен заговор“ кој требало да биде спроведен на 5.11.1605 година во Англија. Планот на заговорот бил Домот на лордови на денот на отворање на парламентот да биде разнесен со барут за да се направи атентат врз тогашниот крал Џејмс I. Заговорот е откриен, но маската која се поврзува за лицето на еден од учесниците во заговорот (Гај Фокс), како и поемата Remember, Remember the 5th of November претставува инспирација за анархистите и борците против системот.[116]

116 Сликата е од @vladimirpolikarpov на Freepik.

Покрај државата, во рамки на анархистичката идеологија постои и **револт и кон други форми на моќ**. Така, за анархистичката идеологија *религијата* е еден од столбовите на државата бидејќи пропагира идеи на послушност и потчинување на духовни, но и световни лидери.[117] Дополнително, анархистичката идеологија ја напаѓа религијата и заради фактот што секоја религија креира правила на посакувано однесување и преку нивно наметнување ја ограничува слободата на нејзините верници. Затоа, анархистичката идеологија повикува на ослободување на човековиот ум од религиозната доминација.[118]

Покрај критиката кон религијата, анархистичката идеологија упатува критика и кон функционирањето на *семејството*. За голем дел анархисти традиционалното прифаќање на семејството претставува ограничување на слободата на индивидуите. Таквата критика на анархистичката идеологија може да се види во ставовите дека жената е експлоатирана во рамките на семејството,[119] но и преку фактот дека оваа идеологија говори за „слободна љубов", односно за слободно изразување на својата сексуалност различно од традиционалните норми воспоставени од државата и општеството (моногамен хетеросексуален брак).[120]

Во однос на економските прашања, постојат разлики во рамките на анархистичката идеологија. Некои анархисти зборуваат дека укинувањето на државата не треба да биде следено со укинување и на капитализмот и нерегулираниот пазар треба да ги преземе сите функции на укинатата држава.[121] Ова сфаќање се нарекува **анархокапитализам**.



Слика 33. Слика од знамето на анархокапитализмот.

[117] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 233.
[118] Davis, „Anarchism", 224.
[119] Jennings, „Anarchism", 132.
[120] Davis, „Anarchism", 230.
[121] Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 48.

Според позициите на анархокапитализмот пазарот поседува капацитет да ги задоволи сите потреби на луѓето.[122] Така, во општество без држава безбедноста би била обезбедувана од приватни агенции за обезбедување; правните проблеми би се решавале преку приватни судови (арбитражи); приватните болници би се грижеле за здравјето на луѓето; приватни осигурителни куќи би исплаќале пензија, итн. Сите односи би биле презимани исклучително врз доброволна основа според принципите на пазарните сили.[123] Тоа би довело до слободни индивидуи, а приватните агенции водени од правилата на нерегулираниот пазар ќе понудат најквалитетни услуги за сите индивидуи во општеството.

Од друга страна, во рамките на анархизмот има поинакви сфаќања според кои сопственоста е кражба.[124] Меѓу нив се издвојува анархокомунизмот кој зборува за заедничка сопственост, децентрализација и работничко самоуправување.[125] Токму поради ваквите сфаќања се добива впечаток дека анархистичката идеологија е утопија и дека принципите на анархистичката идеологија не можат да бидат реализирани.

Слика 34. Слика од логото на анархокомунизмот.

[122] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 251.
[123] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 252
[124] Baradat and Phillips, *Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition*, 147.
[125] Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 48.

Меѓутоа, голем број теоретичари потенцираат дека, денес, светот во голема мера е обликуван од идеи кои се поврзани со анархистичката идеологија. Ставовите на анархокапитализмот за приватни агенции за обезбедување; приватни образовни институции; приватни здравствени институции; приватни пензиски фондови; институции поврзани со арбитражи, медијации и преговори, кои го заменуваат редовното судство, денес се реалност, а не утопија. Исто така, револтот кон големата економска нееднаквост во светски рамки придонесува и идеите на анархокомунизам да не исчезнуваат од глобалната сцена. И во XXI век самитите на лидерите на најмоќните светски сили се проследени со протести организирани од движења поврзани со анархистичката идеологија. Протестите „Окупирај“ кои беа револт кон банките и концентрацијата на богатството во 1 % од светската популација, зад себе кријат идеи поврзани со анархистичката идеологија. Анархистичката идеологија останува мотивациска енергија за голем број општествени движења.[126] Мотивациска енергија за протести, штрајкови, бојкоти, граѓанска непослушност, па дури и терористички напади, но не и за организирана политичка партија.

Слика 35. Движењето „Окупирај“ во голема мера беше поддржано од анархисти.

[126] Анархизмот е и инспирација во поп-културата на XX век V-Vendeta, Punk супкултурата –„No Future“- Sex Pistols.

8. ФАШИСТИЧКА ИДЕОЛОГИЈА

Фашистичката идеологија претставува идеологија која предизвика најголемо зло во историјата на човештвото. Станува збор за идеологија која имала голема улога во предизвикувањето на Втората светска војна, но и идеологија под чија насока милиони луѓе завршиле во затвори, логори и смрт. Тоа е *идеологија која на рационализам одговара со ирационализам; на демократија со тоталитаризам; на мир со војна; на еднаквост со елитизам, хиерархија и расизам.*

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Фашистичката идеологија на рационализам одговара со ирационализам, на демократија со тоталитаризам, на мир со војна, на еднаквост со елитизам, хиерархија и расизам.

Слика 36. Фашистичката идеологија значи: војна, ирационализам, расизам, ксенофобија, елитизам и тоталитаризам.[127]

Како таква, фашистичката идеологија добила простор за практична примена во периодот меѓу Првата и Втората светска војна, како и за време на Втората светска војна. Тоа наведува определени теоретичари да сметаат дека фашизмот претставува идеологија која има мало, или воопшто нема значење надвор од воениот период.[128] Таквите оптимистички ставови се на позиција дека фашистичката идеологија била одраз на политичко-економски состојби во текот на првата половина на XX век и дека истата е надмината. Сепак, постојат и теоретичари кои сметаат дека колапсот на фашистичките режими во Втората светска војна не е крајот на фашистичката идеологија и дека идеите на фашистичката идеологија и денес се присутни во политичката

[127] Сликата е од @copperpipe на Freepik.
[128] Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 139.

реалност,[129] но вешто се маскирани во различни радикално-десничарски политички партии, неонацистички движења и фундаменталистички групи, кои одбиваат да се декларираат како фашисти.



Слика 37. Знаме на политичката партија Златна зора во Грција. Станува збор за политичка партија која отворено промовираше фашистички и нацистички вредности во грчкото општество посебно за време на финансиската криза во Европа во текот на 2007-2009 година и по неа. Заради нејзините отворени фашистички и нацистички вредности оваа партија беше забранета во Грција.

> „Во иднина, фашистите себеси ќе се нарекуваат антифашисти."
>
> **Винстон Черчил**

Фашистичката идеологија е голем **противник на просветителската идеја дека луѓето се разумни битија**. Фашистичката идеологија цврсто верува дека несвесното, односно волјата, емоциите, инстинктите, интуицијата, еланот, крвта, ја карактеризираат човековата природа.[130] Според тоа, луѓето делуваат според своите инстинкти и интуиција, а не според нивниот разум.[131] За фашистичката идеологија луѓето кои веруваат во разумот се залажуваат себеси и гледаат лажна реалност.[132] Ваквите идеи, ставови и вредности во рамките на

[129] Rick Wilford, „Fascism", In *Political Ideologies: An Introduction – Fourth Edition*, ed. Vincent Geoghegan and Rick Wilford (New York: Routledge, 2014), 122.
[130] Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 149.
[131] Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 147.
[132] Baradat and Phillips, *Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition*, 244.

фашистичката идеологија го даваат одговорот на прашањето зошто фашистичките режими биле поставени репресивно кон интелектуалците во нивните општества. Станува збор за *антиинтелектуална идеологија* во која е видливо презирање на апстрактното размислување, а почитување на активноста (делувањето).

Фашистички слогани против рационализмот:

- 1789 (Француската револуција) е мртва;
- Почувствувај, а не размислувај;
- Делувај, а не зборувај;
- Неделувањето е смрт.

Слика 38. Станува збор за антиинтелектуална идеологија во која е видливо презирање на апстрактното размислување. Затоа оваа идеологија е репресивна кон интелектуалци, а дополнително повикува кон запленување и палење на книги. Слика од палење на книги во Нацистичка Германија.

Лидерството и елитизмот, исто така, се обележје на фашистичката идеологија. Покрај критиката на рационализмот, фашистичката идеологија има силна **критика и кон демократијата, парламентите и постоењето на повеќепартиски систем**. За фашистичката идеологија, либералните парламентарни демократии, заради нивните вредности поврзани со толерантност, еднаквост и слобода, се симбол за неефикасност, пасивност и хаос. Затоа, фашистичката идеологија ја критикува демократијата сметајќи дека истата претставува ***неефикасно владеење на просечноста*** *и, воедно, инсистира дека најдоброто владеење може да се постигне единствено кога политичката моќ е*

оставена ***на елитата***.[133] Според оваа идеологија, само мал број луѓе имаат капацитет преку своите инстинкти да ја согледаат поголемата вистина.[134] Токму така фашистичката идеологија ги креира идеите за **натчовек и суперчовек** и таквите идеи во пракса ги трансформира во теорија за врховен и неограничен политички лидер.[135] Едноставно, сите припадници на општеството треба да веруваат во инстинктите на лидерот и целосно да се потчинат на неговите наредби.[136] Таквата реалност е можна само со укинување на демократијата, изборите, партиите и парламентите и поврзување на целото владеење со харизмата на лидерот (суперчовекот).

Фирер: Назив за врховен и неограничен политички лидер користен во нацистичка Германија за опишување на Адолф Хитлер.

Ел Дуче: Назив за врховен и неограничен политички лидер користен во фашистичка Италија за опишување на Бенито Мусолини.

Слика 39. Фашистичката идеологија ги креира идеите за натчовек и суперчовек и таквите идеи во пракса ги трансформира во теорија за врховен и неограничен политички лидер. Целото владеење се базира врз харизмата на лидерот. Адолф Хитлер (Фирер) и Бенито Мусолини (Ел Дуче).

133 Baradat and Phillips, *Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition*, 256.
134 Baradat and Phillips, *Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition*, 245.
135 Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 317.
136 Baradat and Phillips, *Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition*, 245.

Следно обележје на фашистичката идеологија е воспоставување на **тоталитаризам и негување на национализмот**.

За приврзаниците на фашистичката идеологија **државата е поставена тоталитарно**. Станува збор за држава која го регулира секој аспект од општествениот и приватниот живот на индивидуите. Фашистичката парола *„Сè за државата, ништо против државата и ништо надвор од државата*“, говори дека во фашистичката идеологија државата е сè, а индивидуата е ништо. Животот на индивидуата треба да биде подреден целосно на колективот, односно на нацијата. Ваквиот податок открива дека фашистичката идеологија покрај за тоталитарна држава, настојува на постоење на национална држава. Држава во која нацијата е колективна и неделива целина и во која сите работи се подредени за задоволување на повисоката и колективна цел.[137] Затоа, фашистичката идеологија говори дека силата е во обединувањето и единството на нацијата. Всушност, и самиот термин фашизам потекнува од зборот Fascio.

Fascio: Сноп на прачки завржани една со друга, преку кој се симболизира единство и моќност (обединети еден со друг).

Слика 40. Слика од снопот прачки познат пот терминот Fascio.

[137] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 314.

Поглед на фашистичката идеологија врз улогата на индивидуите во општеството:

- Индивидуите вредат единствено доколку придонесуваат за колективните интереси.[113]
- Индивидуите треба да ги потиснат своите потреби и целосно да се посветат на нивната должност, жртва и потчинување кон потребите на нивната национална држава.[114]
- Индивидуите треба да го посветат својот живот на славата на нивната нација или раса преку недвојбена покорност кон врховниот лидер.[115]

Ставовите за покорност кон врховниот лидер, елитизмот и значењето на нацијата во рамките на фашистичката идеологија се последица на нејзината поврзаност со ставовите на **социјалниот дарвинизам**.

Социјален дарвинизам: Верување дека биолошките закони на природната селекција важат и за општествените односи, па според тоа во општеството опстануваат најсилните додека, пак, слабите се осудени на исчезнување.

Врз основа на ставовите на социјалниот дарвинизам, фашистичката идеологија тврди дека во општествата постојано има борба и натпревар меѓу луѓето[141] и дека низ таквата борба само најсилните можат да опстанат.[142] Социјалниот дарвинизам е важен за фашистичката идеологија на неколку нивоа.

Првенствено, преку него се оправдува дека во општеството најсилните треба да доминираат со слабите, односно дека заради биолошките закони на природната селекција е сосема нормално општествата да се владеани од елити и силни лидери. Со тоа, социјалниот дарвинизам станал одлично оправдување за воведување на диктатури.

Второ, социјалниот дарвинизам ја отвора можноста фашистичката идеологија да го глорифицира значењето на борбите, конфликтите и војната. За фашистичката идеологија борбите, конфликтите и војната се позитивни работи бидејќи единствено преку нив е можен

138 Wilford, „Fascism“, 136.
139 Wilford, „Fascism“, 134.
140 Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 47.
141 Eatwell, „Fascism“, 171.
142 Wilford, „Fascism“, 138.

прогрес на човештвото и просперирање на волјата на најсилните.[143] Практично, тие овозможуваат волјата на најсилните да преовлада, а слабите да бидат елиминирани.

Наведеното го најавува најмрачниот дел на фашистичката идеологија. Имено, фашистичката идеологија ги смета слабите индивидуи за опасност за опстанување на нацијата. Таквата опасност мора да биде отстранета, па токму заради тоа фашистичките режими за луѓето со ментални проблеми или посебни потреби, како и за осудените криминалци и хомосексуалци спроведувале системско стерилизирање, кастрирање или, пак, убивање. Фашистичката идеологија цврсто стои на ставот дека нацијата мора да биде заштитена од слабости.

Слика 41. Слика од 1919 година на која е прикажано дека Евреите претставуваат опасност за германската нација.

Затоа, **расизмот**, исто така, е едно од основните обележја на фашистичката идеологија. Имено, на бруталното функционирање на фашистичките системи во одбраната на нацијата треба да ја додадеме и опсесијата на Адолф Хитлер и нацистичка Германија со заштитата на германската раса. Делејќи ги расите на повисоки и пониски, нацистите сметале дека Германците се дел од ариевската раса и дека таквата раса мора да биде заштитена од своите непријатели.

> **Ариевска раса:** највисока раса, која е предодредена да доминира со другите раси и светот.

„Штитењето“ на ариевската раса се спроведувало преку укинување на бракови меѓу различни раси, инсистирање на повеќе деца од ариевски брак, но и системско уништување на пониските раси. Во таа насока, Хитлер и нацистичка Германија најголема опасност за опстанокот на ариевската раса гледале во Евреите. Така, во „заштита“ на чистата

[143] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 314.

ариевска раса дури 9 милиони луѓе, од кои 2/3 Евреи, биле системски убиени во Хитлеровите концентрациони логори на смртта.

Слика 42. Околу 6 милиони Евреи биле убиени во концентрациони логори за време на Втората светска војна.

Верувањето дека ариевската раса – Германците, се највисоката раса, ја воведува политиката на експанзионизам и војна.[144] Таквата агресивна надворешна политика се засновала врз идејата дека сите други раси мора да прифатат дека се подредени на ариевската раса, а доколку одбијат да се потчинат, тогаш ќе бидат уништени или принудени да се потчинат.[145] Дополнително, експанзионизмот на нацистичка Германија имал за цел да обезбеди нови територии/простор за живот на германската нација во пораст. Експанзионизмот и војната биле составен дел и од фашистичкиот режим во Италија, но не како обезбедување простор за живот, туку како алатка за обезбедување на економски можности.[146]

Слика 43. Пропаганда дека Гдањск (Данциг) е германски град со цел да се мотивира германското население да започне окупирање на Полска.

144 Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 338.
145 Baradat and Phillips, *Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition*, 252.
146 Ibid.

Вака поставена, фашистичката идеологија, посебно преку идејата за доминација на највисоката раса, но и преку глорификувањето на конфликтите и војната, предизвикала големи злосторства во XX век. Голем број теоретичари велат дека фашистичката идеологија не може да се разгледува без анализа на општествените, политичките и економските фактори кои довеле до нејзината појава. Појавата на фашистичката идеологија се поврзува со револтот кон крвопролевањата во Првата светска војна, политичката нестабилност од отфрлањето на монархиите и воведувањето на фрагилни демократски институции по Првата светска војна, но и страв од ширењето на Болшевизмот, како и огромната невработеност, инфлација и рецесија предизвикани од големата економска криза во меѓувоениот период. Веројатно, ваквиот општествен, политички и економски хаос е главната причина зошто голем број европски граѓани во овој период одлучиле *паролата: слобода, еднаквост и братство* да ја заменат со *паролата: ред, авторитет и правда*. Најголем дел од теоретичарите сметаат дека веењето на ваквата парола е ужасна епизода од човековата историја која повеќе нема да се повтори. Но, реалноста говори дека во последната деценија во европските општества ваквата парола повторно станува актуелна преку подемот на радикално-десничарските политички партии и движења.

Слика 44. Слики од расистички настани и пораки во: САД, Австралија и Јужноафриканска Република.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Радикално-десничарската идеологија започнува интензивно да се развива во 80-тите години на XX век и истата се претставува како глас на обичниот народ кој говори против мигрантски процеси, европска интеграција и глобализација.

9. РАДИКАЛНО-ДЕСНИЧАРСКА ИДЕОЛОГИЈА

Почнувајќи од 80-тите години на XX век, а посебно по падот на Берлинскиот ѕид, во државите од Западна Европа започнаа да се јавуваат голем број партии, кои на идеолошката оска се лоцираат крајно десно и се поврзуваат со радикални и екстремистички вредности. Ваквите политички партии се поврзуваат со радикално-десничарската идеологија.

Радикално-десничарската идеологија говори дека е **гласот на обичниот народ**.[147] Прифаќајќи ги вредностите и правилата на демократијата, радикално-десничарската идеологија потенцира дека корумпираните технократски влади ја предизвикуваат кризата на репрезентативната демократија. Според приврзаниците на оваа идеологија, одлуките се носат од страна на корумпирани елити кои се тотално отуѓени од чистиот и обичен народ. Тоа придонесува за состојба во која обичниот народ се чувствува отуѓен од своите институции. Затоа, радикално-десничарската идеологија промовира поголем степен на непосредна демократија преку која треба да се слушне гласот на народот. Така, радикално-десничарската идеологија успева да се одвои од фашистичката идеологија потенцирајќи дека не е против укинување на демократијата туку, напротив, поборник за нејзино подобрување и демократизирање.



Слика 45. Радикално-десничарската идеологија говори дека е глас на обичниот народ.[148]

Во рамките на радикално-десничарската идеологија може да се забележат тезите *дека една држава треба да биде составена ексклузивно од една нација*. Елементите кои не се дел од таа нација

[147] Matthew Goodwin, Vidhya Ramalingam and Rachel Briggs, *The New Radical Right: Violent and Non – Violent Movements in Europe* (London: Institute for Strategic Dialogue, 2012), 14.
[148] Сликата е од @user623091 на Freepik.

(членови или идеи) претставуваат фундаментална опасност за националната држава.[149] Така, радикално-десничарската идеологија се повикува на концептот на национална држава заснована врз теоријата за национален суверенитет. Според нив, нацијата е органско, колективно и неделиво тело составено од припадници кои говорат ист јазик, имаат иста култура, обичаи, крв и историја. За приврзаниците на оваа идеологија, претставниците на малцинските групи не можат да бидат интегрирани во општеството доколку не бидат асимилирани.[150] Заради тоа, радикално-десничарската идеологија жестоко ги критикува и отфрла ставовите на мултикултурализмот.

Дополнително, кај радикално-десничарската идеологија доминира **антиимигрантската политика**.[151] Антиимигрантскиот став се однесува за имигранти, азиланти и бегалци. Слободно може да се каже дека антиимигрантската политика е една од најпрепознатливите карактеристики на радикално-десничарската идеологија. Ставот на оваа идеологија околу имиграцијата е многу јасен. Имиграцијата културно и економски го загрозува домородното население на Европа. Затоа, имигрантите треба да бидат вратени назад во нивните матични држави.

За радикално-десничарската идеологија имигрантите претставуваат	
Културна опасност	Економска опасност
– Големиот број имигранти се опасност за националната кохезија и култура, особено доколку се од исламска вероисповед чии вредности се спротивни на вредностите на демократските општества.	– Имигрантите ги земаат работните места на домородното население и придонесуваат за зголемување на невработеноста. – Имигрантите се дел од сивата економија и не придонесуваат за државниот буџет. – Имигрантите земаат социјална помош и така го оптоваруваат државниот буџет.

[149] Cas Muddle, „The Populist Radical Right: A Pathological Normalcy“, *Willy Brandt Series of Working Papers in International Migration and Ethnic Relations* 3/07 (2008), 5.
[150] Montserrat Guibernau, *Migration and the rise of the radical right* (London: Policy Network, 2010), 9.
[151] Marcel Lubbers, Merove Gijsberts and Peer Scheepers, „Extreme right – wing voting in Western Europe“, *European Journal of Political Research* Vol. 41, No. 3 (2002): 350.

Слика 46. Мигрантската и бегалската криза во Европа придонесе кон подем на радикално-десничарската идеологија.[152]

Радикално-десничарската идеологија е голем **противник и на натамошна европска интеграција**. Според приврзаниците на оваа идеологија, процесот на европска интеграција влијае врз намалување на надлежностите на националните влади во областа на економската и социјалната политика. Таквиот процес мора да прекине бидејќи ќе доведе до губење на суверенитетот на националните држави. Сосема спротивно од моменталната состојба, радикално-десничарската идеологија смета дека Европската Унија треба да биде организирана како сојуз на национални држави, кој ќе има цел да ги брани европските вредности од сè поголемиот број имигранти.[153]

Слика 47. Радикално-десничарската идеологија е позната по нејзиниот евроскептицизам и недоверба во ЕУ.

[152] Сликата е од @Ruslan Batiuk, @joaquincorbalan на Freepik.
[153] Obucina, „Varijacije unutar radikalne desnice“, 200.

Исто така, радикално-десничарската идеологија говори против процесите на глобализацијата. **Антиглобализмот** е едно од обележјата на оваа идеологија. За приврзаниците на оваа идеологија глобализацијата претставува зло, наметнато од надвор.[154] Според нив, глобализацијата е опасност за националниот идентитет и култура.

Радикално-десничарската идеологија станува атрактивна за граѓаните на европските држави во периоди на криза на умерените идеологии, засилена европска интеграција, зголемен број на имигранти и економска криза. Притоа, радикално-десничарската идеологија успева да се оддалечи од фашистичката идеологија за да одбегне нејзино поистоветување со оваа озлогласена идеологија, но во исто време, успева да се поврзе со позициите на национализмот, догматизмот, ригидноста, ексклузивноста, авторитарноста, расизмот и ксенофобијата.

10. ФЕМИНИЗАМ

Улогата и положбата на жената во општеството секогаш биле предмет на интерес на религијата, филозофијата, социологијата, но и на политичката наука. За жал, во најголем дел од човековата историја доминирале идеите дека жената и мажот не се еднакви и дека жената треба да биде подредена на мажот. Тоа довело до угнетување и доминација на мажот над жената. Таквата состојба предизвикала идеи, ставови, верувања кои укажуваат на потребата од подобрување на положбата на жената и нејзина еднаква улога во општеството со мажот. Токму тоа е основата на феминистичката идеологија. Станува збор за идеологија која укажува на потребата од укинување на дискриминацијата и угнетувањето на жените преку промовирање на улогата и еманципираноста на жената во сите сфери на општеството.[155] Во рамките на феминистичката идеологија постојат различни пристапи во поглед на природата, причините и решението за нееднаквоста на жените во општествата.[156] Тоа говори дека феминистичката идеологија не е статична идеологија, туку постојано се менувала, но секогаш нејзина централна тема била подобрување на положбата на жената, односно **идејата за еднаквост меѓу жената и мажот**.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Централна тема на феминистичката идеологија е подобрување на положбата на жената, односно идејата за еднаквост меѓу жената и мажот.

[154] Florian Hartleb, *After Their Establishment: Right – wing Populist Parties in Europe* (Brussels: The Centre for European Studies, 2011), 37.
[155] Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 165.
[156] Valerie Bryson, „Feminism“, In *Contemporary Political Ideologies*, ed. Roger Eatwell and Anthony Wright (London: Pinter Publishers, 1993), 192.

Слика 48. Централна тема на феминистичката идеологија е борбата за еднаквост меѓу жената и мажот.[157]

Идејата за еднаквост во рамките на феминистичката идеологија првенствено започнала како борба за правна и политичка еднаквост меѓу мажот и жената, при што се истакнувало дека жените треба да ги поседуваат истите либерални и демократски права кои ги поседуваат мажите.

> „Умот нема пол.“
>
> **Мери Волстонкрафт**

Меѓутоа, за феминистичката идеологија станало јасно дека тоа не е доволно, а со тоа се актуализирало и прашањето за општествената и економската нееднаквост.[158] Така, феминистичката идеологија почнала да се залага за еднакви можности на планот на образованието, вработувањата, платата, бракот, имотните прашања и политичкото учество.[159] За феминистичката идеологија станува јасно дека често жените се соочуваат со културни и традиционални бариери, кои мора да бидат надминати за да се постигне еднаквоста. Дополнително, еднаквоста за феминистичката идеологија треба да

---

157 Сликата е од @marta1995k на Freepik.
158 Freeden, *Ideologies and Political Theory: A Conceptual Approach*, 510.
159 Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 199.

биде присутна и во личната сфера, во однос на грижата за децата, обврските во домот, поседувањето на сопственото тело, како и истакнувањето на својата сексуалност.[160] Приврзаниците на феминистичката идеологија се свесни дека таквата еднаквост меѓу мажот и жената нема да се воспостави лесно. Токму затоа, таквата борба феминистичката идеологија ја нарекува најдолгата револуција бидејќи преку неа треба да дојде до трансформација на општествените однесувања и поставување на односите меѓу мажот и жената на сосема поинакви односи.[161]

Слика 49. Феминистичката идеологија говори за еднаквост меѓу мажот и жената секој ден во годината и во јавната, но и во приватната сфера.[162]

Таквата трансформација на општественото однесување според феминистичката идеологија треба да започне преку укинување на патријархалното општество. Според феминистичката идеологија, клучот за разбирање на нееднаквоста и угнетувањето на жената лежи во патријархатот,[163] во кој таткото е глава на семејството и ги носи одлуките во него. Преку тоа се отвора простор за доминација на мажот над жената во рамките на семејството. За феминистичката идеологија доминацијата на таткото во рамките на семејството воедно е симбол за доминација на мажите во сите други општествени институции.[164]

---

160 Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 360.
161 Schwarzmantel, *Ideology and Politics*, 116.
162 Сликата е од @freepik на Freepik.
163 Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 187.
164 Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 354.

Патријархатот говори дека мажот и жената се неизбежно различни и дека општествената нееднаквост се заснова врз биолошката разлика.[165] Тоа значи дека жените се природно предодредени да бидат мајки, што води кон заклучок дека се предодредени да се грижат за децата и домот. Мажите, од друга страна, во традиционалното семејство треба да најдат работа за да ги издржуваат жените и децата и, притоа, како носители на храна во домот да уживаат висок статус во семејството и да бидат ослободени од исполнување на домашните работи.[166] Така, домашните работи стануваат женска работа. Меѓутоа, за феминистичката идеологија податокот дека домашните работи се женска работа е општествена креација, а не биолошка. Бидејќи патријархатот се заснова врз владеење на мажите и во семејството и надвор од него,[167] според феминистичката идеологија спасот за жените лежи во победата над патријархатот.[168]

Слика 50. За феминистичката идеологија спасот за жените лежи во борбата за женски права и победата над патријархатот.[169]

[165] Clare Chambers, „Feminism“, In *The Oxford Handbook Of Political Ideologies*, ed. Michael Freeden, Lyman T. Sargent and Marc Stears (Oxford: Oxford University Press, 2013), 728.
[166] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 368.
[167] Ibid.
[168] Baradat and Phillips, *Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition*, 334.
[169] Сликата е од @pikisuperstar на Freepik.

АВТОРИ

Симон де Бовоар /Simone de Beauvoir/ (1908-1986) е француска писателка, новелистка и општествена критичарка. Позната е по нејзината борба за правата на жените. Инспирација за феминистичката идеологија. Нејзино најпознато дело е: „Вториот пол“ (1949 година). Во него, Де Бовоар упатува голема критика на патријахалната култура како главен виновник за потиснувањето на жената во општеството.

> „Никој не се раѓа како жена, туку тоа станува подоцна.“
>
> **Симон де Бовоар**

За припадниците на феминистичката идеологија сликата дека жената треба да остане дома, да ги воспитува децата и да се грижи за домот е резултат на традиционалниот семеен живот.[170] Тоа значи дека општеството, а не биологијата, креира состојба дека жената треба да биде домаќинка, мајка и подредена на мажот. Според феминистичката идеологија таквата состојба е креирана со цел да се заштитат привилегиите на мажот и неговата доминација врз жената.

Кон сето ова, треба да се додаде податокот дека за феминистичката идеологија промените само во јавната сфера, без влијание и врз приватната сфера, нема да предизвикаат вистинско подобрување на положбата на жените. Согласно тоа, феминистичката идеологија повикува на трансформација на менталитетот кој е всаден и поткрепен со вековна традиција и предрасуди.[171] Трансформација која ќе го укине длабоко вкоренетото сексистичко однесување и патријархална нееднаквост во сите сфери на општествениот и политичкиот живот.[172]

[170] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 355.
[171] Schwarzmantel, *Ideology and Politics*, 117.
[172] Ibid.

Слика 51. Феминистичката идеологија повикува на трансформација на менталитетот кој е всаден и поткрепен со вековна традиција и предрасуди.[173]

Нема никаква дилема дека феминистичката идеологија преку ваквите ставови придонела за големо подобрување на положбата и улогата на жените во општествата. Меѓутоа, факт е дека на човештвото му требало премногу време за да прифати евидентна еднаквост меѓу мажот и жената. Поразителен е податокот дека во најголем број држави дури 70 години борба биле потребни за жените да добијат право на глас. Исто така, поразителен е податокот дека и денес, во XXI век, сè уште може да се сретнат: жени кои се целосно доминирани од страна на своите мажи; жени кои се принудувани на брак; жени кои се силувани; жени кои се психички и физички малтретирани; жени кои немаат право на глас, право на образование, право на возачка дозвола, право на работа, итн. Евидентни се податоците дека дури и во најразвиените земји во светот, жените: контролираат драстично помалку имот во споредба со мажите; ретко се наоѓаат на највисоките политички функции; за истата работна позиција помалку се платени за разлика од мажите. Тоа говори дека борбата на феминистичката идеологија е далеку од завршена

[173] Сликата е од @freepik на Freepik.

и дека таквата борба навистина претставува најдолга револуција во историјата на човештвото. Револуција која, конечно, треба да доведе до тоа жените, заедно со мажите, рамноправно да го креираат светот, а не само да бидат дел од машкиот свет.

11. ЗЕЛЕНА ИДЕОЛОГИЈА

Модерниот свет, речиси, секојдневно се соочува со проблемот на: оштетувањето на озонската обвивка; неконтролираното сечење на шумите; напливот на пластика во океаните; топењето на мразот на северниот пол; истребувањето на разни животински видови и зголемувањето на температурата на планетата Земја. Денес, екологијата претставува круцијален дел од глобалната дебата.[174] Таквата реалност сосема логично предизвикала појава и на зелена идеологија, како протест против преголемото загадување на животната средина (природата).

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Зелената идеологија е идеологија која говори за заштита на животната средина, екоцентризам, еколошка етика и систем базиран врз принципите на одржливост, а говори против индустријализацијата, конзумеризмот и материјализмот.

Слика 52. Зелената идеологија претставува протест против преголемото загадување на животната средина (природата).[175]

Меѓутоа, зелената идеологија се јавува уште во XIX век, при појава на процесот на индустријализација. Токму низ процесот на индустријализација започнува системското експлоатирање на природните ресурси на планетата Земја. Затоа, уште во XIX век се јавуваат

[174] Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 198.
[175] Сликата е од @freepik на Freepik.

теоретичари кои пишувале за нарушување на единството меѓу човекот и природата под влијание на индустријализацијата.[176] По 70-тите години на XX век, проблемите со животната средина се многу повидливи за човештвото, а тоа, пак, придонело за посистемско креирање на зелената идеологија како кохерентен збир на идеи, ставови, верувања и вредности.

Во рамките на зелената идеологија постојат различни ставови, но заедничко за нив е дека се **противници на индустријализацијата.** Под поимот индустријализација зелената идеологија подразбира задоволување на човековите потреби преку трајно проширување на процесот на производство и потрошувачка, без оглед на штетата направена врз природата.[177] Задоволувањето на човековите потреби е поврзано со економскиот раст кој, пак, се обезбедува преку експлоатирање на природата, без да се води грижа за судбината на животната средина.

Слика 53. Зелената идеологија е голем противник на процесот на индустријализација.[178]

Затоа, зелената идеологија се залага за градење на систем заснован врз принципите на **одржливост**. Според зелената идеологија, може да се смета за одржлив единствено економскиот систем, кој при задоволувањето на човековите потреби во најмала можна мера

[176] Ibid.
[177] Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 219.
[178] Сликата е од @studioworkstock на Freepik.

ќе го повредува глобалниот екосистем.[179] Практично, зелената идеологија говори за економски развој кој необновливите ресурси внимателно ќе ги користи, а на природата ќе ѝ овозможи доволно простор и време за обновување на обновливите ресурси. Тоа значи дека светот ќе мора да научи да живее со ограничен економски развој. Таквиот ограничен економски раст ќе биде последица на воведување еколошки даноци за загадување на животната средина, но и намалено користење на необновливите ресурси.[180]

> **Зелена идеологија и економски раст:** Економскиот раст треба да биде креиран за да ги задоволи потребите на сегашните генерации без да ја загрози иднината на идните генерации.[148]

Но, таков одржлив систем не може да се изгради во свет во кој доминира бруталниот консумеризам. Зелената идеологија е голем **критичар на материјализмот и консумеризмот**. За неа, модерните маркетинг техники создаваат нови и уште поголеми материјални потреби, кои ги стават потрошувачите во состојба на постојано незадоволство, сакајќи секогаш да задоволат сè повеќе од тие потреби.[182] Така, за да се задоволат сè поголемиот број потреби на луѓето, во состојба на ограничени ресурси, страда природата. Токму затоа, зелената идеологија говори за напуштање на светот на консумеризмот и живеење на едноставен живот.[183] Едноставен живот во кој духовното ќе биде поважно од материјалното. Токму затоа, зелената идеологија често се повикува на мудростите на религиите од источната цивилизација (будизам, хиндуизам).

> „Консумеризмот е ропството на модерното време.“
>
> **Брајан Мекгил**

[179] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 400.
[180] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 401.
[181] Humphrey, „Green Ideology“, 554.
[182] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 404.
[183] Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 216.

Слика 54. Зелената идеологија смета дека индивидуите треба да развијат еколошка етика и да внимаваат на своето однесување, односно да внимаваат каква хартија користат, дали рециклираат, со каков транспорт се возат, итн..[184]

Значи, зелената идеологија повикува на промена на животниот стил на индивидуите. При своето делување, индивидуите треба да развијат **еколошка етика**. Кај зелената идеологија доминира ставот дека индивидуите преку своето лично однесување, почнувајќи од тоа каква хартија користат, дали рециклираат, со каков транспорт се возат, итн., всушност, влијаат врз глобалните текови и ја зголемуваат/или намалуваат еколошката криза за идните генерации.[185] Дополнително, ваквата еколошка етика треба да биде следена и со емпатија кон животните. За зелената идеологија нема дилема дека и животните чувствуваат болка и страдање. Според тоа, припадниците на зелената идеологија говорат за права на животните преку кои луѓето треба да ги заштитат другите живи битија на планетата Земја.

> „Купуваме работи кои не ни требаат, со пари кои ги немаме, за да импресионираме луѓе кои не ги сакаме.“
>
> **Fight Club**

[184] Слика од @freepik, @sukokgelo на Freepik
[185] Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 199.

Зелената идеологија е голем критичар на позициите на антропоцентризмот. Според антропоцентризмот, човекот не е дел од природата, туку претставува надворешна сила која е предодредена да ја освојува природата и со неа да доминира.[186] Сосема спротивно од тоа, зелената идеологија ги зема ставовите на **екоцентризмот**.

> **Антропоцентризам:** Централна позиција во универзумот има човекот и целиот природен свет е создаден за да ги задоволи неговите потреби.[153]
>
> **Екоцентризам**: човекот е дел од природата и тоа дел кој не ужива никаков приоритет во однос на другите форми на живот.[154]

Врз основа на екоцентризмот, зелената идеологија го гради ставот дека човекот е само мал дел од целиот систем на природата, кој не е ниту повеќе, ниту помалку важен од другите делови на природата. Како таков, зелената идеологија повикува на враќање на човекот кон природата (Back to Nature). Враќање кон природата, но и грижа за природата, бидејќи преку грижа за опстанокот на природата, човекот, всушност, се грижи и за опстанокот на човештвото.

Слика 55. Преку грижа за опстанокот на природата, човекот, всушност, се грижи и за опстанокот на човештвото.[189]

[186] Freeden, *Ideologies and Political Theory: A Conceptual Approach*, 540.
[187] Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 50.
[188] Freeden, *Ideologies and Political Theory: A Conceptual Approach*, 533.
[189] Слика од @curatorsmmmvideosbg, @freepik на Freepik

Зелената идеологија е најактуелна во развиените западноевропски општества, односно во општества во кои индивидуите имаат време, образование и финансиска стабилност, па заради тоа имаат можност да се занимаваат со проблемите поврзани со животната средина.[190]

12. ВЕРСКИ ФУНДАМЕНТАЛИЗАМ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Верскиот фундаментализам смета дека општествата треба да бидат организирани според основните правила на религиите.

Религијата и политиката секогаш биле поврзани. Многу често религијата била користена за политички цели, но и политиката за исполнување на религиски цели. Всушност, во минатото власта на апсолутните монарси била оправдувана со помош на теократската теорија за суверенитет, според која монархот како претставник на Бог имал право да владее на земјата. Меѓутоа, Француската буржоаска револуција целосно ја изменила таквата позиција на апсолутните монарси и теократската теорија за суверенитетот и под нејзино влијание доминантна станува теоријата за народниот суверенитет. Француската буржоаска револуција таквата измена ја предизвикала под влијание на просветителската мисла во која ставовите за секуларност заземале важно место.

Според тоа, просветителската мисла имала големо влијание во исклучувањето на религијата од политичкиот живот и нејзино сведување на приватна работа на секоја индивидуа.[191] Меѓутоа, ваквиот развој придонел до појава и на страв дека во модерните општества религијата и нејзините верувања почнуваат да исчезнуваат. Токму како последица на таквиот страв, во XX век дошло до трансформирање на религијата во политика[192] и појава на верскиот фундаментализам.

Иако, денес, верскиот фундаментализам најчесто се поврзува за исламската религија, сепак треба да се има предвид дека истиот може да се сретне кај сите поголеми религии.

---

190 Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 204.
191 Schwarzmantel, *Ideology and Politics*, 121
192 Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 474.



Слика 56. Верскиот фундаментализам може да се сретне кај сите поголеми религии.[193]

Верските фундаменталисти, како доследни почитувачи на религиозните доктрини и следбеници на светите книги од збор до збор, започнале да бидат пејоративно опишувани како индивидуи со затворен ум.[194] Врз основа на тоа, верскиот фундаментализам почнува да добива карактеристики на нефлексибилност, догматизам и авторитаризам.[195] Меѓутоа, во последните неколку децении се чини најпрепознатлива карактеристика на верските фундаменталисти е користењето на насилството. Така, за определени верски фундаменталисти користењето на тероризмот и други насилни дејствија е сосема оправдано.[196]

Тероризам: Користење на насилство за да се постигнат политички цели преку ширење на страв, паника и вознемиреност.

[193] Слика од @brgfx на Freepik
[194] Pratt, „Religious Fundamentalism: A Paradigm for Terrorism“, 3.
[195] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 474.
[196] Hal Marcovitz, *Religious Fundamentalism* (San Diego: ReferencePoint Press, 2010), 6.

Слика 57. За определени верски фундаменталисти користењето на тероризмот и други насилни дејствија е сосема оправдано.[197]

Користењето на насилство како метод за остварување на своите цели кај верските фундаменталисти, може да се забележи кај различни религии. Поставувањето на бомби во клиники за абортус, со цел да се покаже револт кон сè поголемото користење на абортусот, било дел од христијанскиот фундаментализам во САД. Истиот тој христијански фундаментализам, во западните општества е одговорен за голем број масакри во училишта, театри, трговски центри, од страна на индивидуи кои сметаат дека го спасуваат општеството од ерес, неморал и непријатели.

Покрај ваквите терористички напади, често верските фундаменталисти ги користат и атентатите на видни политички личности за промовирање на своите агенди.[198] Затоа, при пишување за верски фундаментализам често се истакнува атентатот над Индира Ганди од фундаменталист поврзан со сикизмот, како и атентатот над израелскиот премиер Јицак Рабин од страна на еврејски фундаменталист. Сепак, се чини дека по 1980 година насилството како метод најмногу системски се користи од страна на исламскиот фундаментализам. Настаните поврзани со нападот на „Кулите близначки“ во Њујорк, нападот на мадридското метро, бриселскиот аеродром, шеталиштето во Ница, улиците на Париз и многу други примери, зборуваат за голем антагонизам меѓу западната цивилизација и исламскиот фундаментализам, кој претставува доминантна варијанта на верскиот фундаментализам.

---

197 Слика од @vecstock, @macrovector на Freepik
198 Marcovitz, *Religious Fundamentalism*, 14.

Исламскиот фундаментализам истакнува голем револт и кон наметнување на западните вредности во општествата на Блискиот Исток и Северна Африка. За исламскиот фундаментализам западните општества се карактеризираат со индивидуализам, секуларизам и релативизам, односно со цивилизација организирана околу алчност и материјализам.[199] Таквите вредности на западните општества се сосема спротивни на исламот и нивното прифаќање претставува опасност за опстанокот на исламот како религија. Затоа, исламските фундаменталисти говорат за отфрлање на западната модернизација и враќање кон старите теократии во кои луѓето и државите биле владеани според Куранот и шеријатот, а не од секуларното законодавство и обичаи.[200]

Слика 58. Прашањето околу улогата и правата на жената е едно од прашањата кои создаваат антагонизам меѓу исламскиот фундаментализам и западните цивилизации.[201]

Затоа, исламскиот фундаментализам се залага за создавање на **исламска држава** која ќе биде организирана според принципите на **шеријатското право**.[202] Во исламската држава, исламот од религија прераснува во начин на живот. Всушност, станува збор за воспоставување на теократија[203] во која не е можен живот надвор од правилата на исламот.

199 Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 481.
200 Baradat and Phillips, *Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition*, 283.
201 Слика од @user17125898 на Freepik
202 Heywood, *Politics – Fourth Edition*, 53.
203 Vincent, *Modern Political Ideologies – Third Edition*, 282.



Слика 59. Исламскиот фундаментализам се залага за создавање на исламска држава која ќе биде организирана според принципите на шеријатското право.[204]

Практична примена на исламскиот фундаментализам се наоѓа во формирањето на Исламска Република Иран во 1979 година, од страна на ајатолахот Рухолах Хомеини. Постојат и други примери на исламски држави, и тоа: Саудиска Арабија, Пакистан, Авганистан.

13. ПОЛИТИЧКИ СПЕКТАР (ИДЕОЛОШКА ОСКА)

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Во зависност на нивната позиционираност на идеолошката оска, идеологиите може да бидат: левичарски, десничарски или центристички.

Во политичката наука најчести се класификациите на леви, наспроти десни политички идеологии. Таквата класификација се врши според положбата на идеологиите на идеолошката оска. Првпат, поделбата на левичарски и десничарски политички идеи може да се забележи за време на Француската буржоаска револуција. Имено, во 1789 година, во рамките на Националното собрание при дискутирањето за првиот Француски устав, дошло до поделено седење во рамките на Парламентот. На левата страна од Парламентот седеле пратениците кои се залагале за воведување на република, еднаквост, општествени промени и ширење на идеите на Буржоаската револуција.[205] На десната страна, пак, седеле пратеници кои заговарале идеи во корист на монархија, аристократијата, црквата и традицијата.[206] Во таа насока, десната страна од Националното собрание поддржувала еден вид на политики, а левата страна од Националното собрание поддржувала сосема друг вид на

---

204 Слика од @Derint на Freepik

205 Rodney P. Carliste, *Encyclopedia of Politics: The Left and The Right – Volume 2: The Right* (Thousand Oaks: SAGE Publication, 2005), 693.

206 Ibid.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Со Иранската револуција во 1979 година беше соборен шахот Мухамед Реза Пахлави и беше создадена Исламска Република Иран под водство на ајатолахот Хомеини. За исламските фундаменталисти, Исламската револуција претставува мотив во борбата со Западот, но и пример за теократска република организирана според правилата на Куранот.

политики. Така, под влијание на ваквата поделба веќе кон средината на XIX век започнало да се говори за десничарски и левичарски идеологии.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Левичарските идеологии заговараат и прифаќаат промени, преиспитуваат постоење на авторитети, а еднаквоста за нив е најважната политичка вредност. Се поврзуваат со редистрибуција, прогресивно оданочување и регулирање на пазарната економија преку државни интервенции.

Слика 60. Првпат поделбата на левичарски и десничарски политички идеи може да се забележи за време на Француската буржоаска револуција при дискусиите за носење на првиот Француски устав во рамките на Националното собрание.

Првпат поделбата на левичарски и десничарски политички идеи може да се забележи за време на Француската буржоаска револуција во рамките на Националното собрание при дискусиите за носењето на првиот Француски устав. Значи, таквата поделба се прави врз основа на кој дел од идеолошката оска се наоѓаат идеологиите. Таквото лоцирање на идеологиите на идеолошката оска се поврзува со политичките вредности на самите идеологии. Левиот дел од идеолошката оска се поврзува со определени политички вредности, додека, пак, десниот дел од идеолошката оска се поврзува со друг вид на политички вредности. Според тоа, на левата страна од идеолошката оска може да се најде социјалдемократската идеологија и комунистичката идеологија. На десната страна од идеолошката оска може да се забележи конзервативната идеологија и фашистичката идеологија. Во центарот на идеолошката оска е сместена либералната идеологија.



КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Десничарските идеологии имаат сомнеж кон промените и обично го бранат статус квото, предвидуваат почитување на авторитет и хиерархија, а кон економските текови пристапуваат со ставови за значење на приватната сопственост, како и верба во пазарното регулирање на економијата.

Ваквата поделба се заснова врз политичките вредности со кои се поврзуваат идеологиите. Разликите во политичките вредности на левичарските и десничарските идеологии се однесуваат во нивните ставови кон промените, авторитетот, еднаквоста, улогата на државата во економијата, и сл.

1. **Промени V.S статус кво:** Левичарските идеологии заговараат и прифаќаат промени, додека, пак, десничарските идеологии имаат сомнеж кон промените и, обично, го бранат статус квото.[207] За левичарските идеологии промените носат прогрес. Од друга страна, десничарските идеологии сметаат дека големите промени водат кон нестабилност и хаос бидејќи ги повредуваат природните текови на работите. Тоа е и одговорот зошто низ историјата левичарските идеологии обично се поврзувале со револуции, додека, пак, десничарските идеологии, со процеси на еволуција.
2. **Авторитет:** Во рамките на десничарските идеологии се видливи ставовите за почитување на авторитет, додека, пак, кај левичарските идеологии може да се забележат барањата за преиспитување на авторитетот.[208] Тоа води кон заклучок дека десничарските идеологии говорат за почитување на семејството, традициите, обичаите, религијата и нацијата, но и живот според правилата наметнати од ваквите општествени институции и авторитети. За разлика од нив, левичарските идеологии сметаат дека ваквите општествени институции и авторитети наметнуваат ирационални норми на однесување кои ги ограничуваат и потчинуваат индивидуите.
3. **Еднаквост V.S хиерархија:** Следното прашање кое ги дели левичарските и десничарските идеологии е прашањето за еднаквост. Не постои левичарска идеологија која нема верба во еднаквоста и десничарска идеологија која не се повикува на општествена хиерархија.[209]

[207] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 46.
[208] Jovo Bakic, „Levica i Desnica: Pokusaj Teorijskog Odredjenja i Iskustvene Primene na Slucaju Srbije (1990-2014)“, *Sociologija* Vol. LVII No. 1 (2015): 58
[209] Bakic, „Levica i Desnica: Pokusaj Teorijskog Odredjenja i Iskustvene Primene na SLucaju Srbije (1990-2014)“, 55.

Така, кај левичарските идеологии може да се сретне верувањето дека еднаквоста е најважната политичка вредност. Токму затоа, левичарските идеологии говорат за постигнување на општествена, правна, политичка, економска и социјална еднаквост. За идеологиите кои припаѓаат на овој дел од идеолошката оска, единствено еднакви индивидуи може да бидат слободни индивидуи. Затоа, во рамките на овие идеологии може да се сретне идејата за еднаквост на исходот (резултатот).

Кај десничарските идеологии, за разлика од левичарските идеологии, се среќава ставот дека нееднаквоста е природна појава. Според ваквите идеологии, хиерархијата се јавува природно во сите сфери на човековото живеење (семејство, пријатели, религија, работа, итн.). Во таа насока, за десничарските идеологии ставовите на левичарските идеологии, всушност, значат наметнување на еднаквост на индивидуи кои природно меѓу себе не се еднакви. Таквата состојба, за десничарските идеологии покрај податокот дека не е фер, истата, воедно, претставува опасност за слободата како вредност. Десничарските идеологии потенцираат дека идејата за еднаквост на исходот може да се реализира само ако се повреди слободата на индивидуите. Затоа, десничарските идеологии говорат за еднакви можности изразени преку правна и политичка еднаквост. За нив, општеството треба да понуди еднакви почетни позиции, а понатаму успехот зависи од самите индивидуи.

4. **Економија и улогата на државата:** Ваквите ставови во поглед на еднаквоста и хиерархијата, воедно го обликуваат и ставот за економските политики на идеолошкиот спектар. Левичарските идеологии се поврзуваат со редистрибуција, прогресивно оданочување, регулирање на пазарната економија преку државни интервенции. Сето тоа треба да доведе до социјална правда и грижа за послабите индивидуи во општеството, односно до креирање на похумано општество.

   Кај десничарските идеологии може да се забележи големо значење на приватната сопственост, како и верба во пазарното регулирање на економијата. Десничарските идеологии предвидуваат минимална улога на државата во економските текови.

Центризам: Покрај левичарски и десничарски идеологии, на идеолошката оска посебно место зазема и центарот. Во него е сместена либералната идеологија, во чии рамки се јавува идејата за минимална држава на класичната либерална традиција (поблиску до десниот дел од идеолошката оска), но и идејата за државна интервенција и еднаквост како праведност на модерната либерална традиција (поблиску до левиот дел од идеолошката оска). Таквата реалност придонесува да се говори за лев, но и за десен либерализам.

Недемократски идеологии: Како што на идеолошката оска се оди од центарот кон половите (крајно лево или крајно десно) така може да

се забележи дека се зголемува радикалноста и екстремноста на ставовите. Во таа насока, кај крајната левица може да се забележи радикално гледање на еднаквоста преку креирање на бескласно општество и укинување на капитализмот и приватната сопственост. Од друга страна, кај крајната десница може да се забележи радикално дефинирање на хиерархијата преку градење ставови за врховен неограничен лидер, како и расистички идеи за природата на различните раси.

Од тоа може да се види дека идеологиите кои се позиционирани на екстремите од идеолошката оска имаат повеќе заедничко едни со други, отколку со другите идеологии кои припаѓаат на нивниот дел од идеолошката оска.[210] Според тоа, и екстремната левица и екстремната десница говорат за укинување на демократијата. Насилството и диктатурата се присутни и кај едниот и кај другиот пол. Едната диктатура е во името на класата (комунистичка идеологија), додека, пак, другата диктатура е во името на нацијата (фашистичка идеологија). Дополнително, ставовите за елитизам може да се најдат и кај комунистичката идеологија и кај фашистичката идеологија. Врз основа на тоа, треба да се има предвид дека и комунистичката држава и фашистичката држава, всушност, се тоталитарни и репресивни држави кои ги контролираат сите аспекти на општествениот, политичкиот и економскиот живот. Токму затоа, постојат теоретичари кои тврдат дека идеолошката оска треба да биде во форма на потковица, а не во форма на права линија.[211]



Демократски идеологии: Центарот (либералната идеологија), заедно со умерените идеологии од левиот дел на оската

[210] Heywood, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, 47.
[211] Ibid.

(социјалдемократската идеологија) и умерените идеологии од десниот дел на оската (конзервативната идеологија) делат и определени заеднички вредности. Имено, кај сите нив може да се забележи консензус во поглед на ставовите околу демократијата и капитализмот, како и за методите на дејствување. Така, кај сите овие идеологии се забележува ставот дека демократијата и капитализмот треба да се прифатат и усовршат, а не да се укинат. Дополнително, ваквите идеологии повикуваат на делување во согласност со демократските принципи и го осудуваат користењето на насилството за политички цели.

Анархизам и други идеологии: Ваквата идеолошка оска се соочува со проблем при идеолошко позиционирање на анархизмот и новите модерни идеологии (зелената идеологија, феминистичката идеологија, верскиот фундаментализам). Имено, во рамките на овие идеологии може да се забележат вредности кои припаѓаат на десниот дел од идеолошката оска, но вредности и на левиот дел од идеолошката оска. Таков е случајот со анархистичката идеологија во која може да се забележат позициите на анархокапитализмиот (десен дел од идеолошката оска), но и позициите на анархокомунизмот (лев дел од идеолошката оска). Сличен проблем може да се забележи и при анализа на новите идеологии. Во рамките на зелената идеологија може да се забележи постоење на екоконзервативизам, екокапитализам, екосоцијализам и екоанархизам. Ваквата состојба може да се забележи и кај феминистичката идеологија (либералниот феминизам, социјалистичкиот феминизам и радикалниот феминизам). Верскиот фундаментализам, најчесто се поврзува со десниот дел од идеолошката оска, но реалноста говори дека оваа идеологија останува без одговор на голем број витални прашања за десничарските идеологии.

Токму таквата реалност придонела во последните години во теоријата да се појават и класификации на идеологиите, преку креирање на идеолошки оски во кои се анализираат поголем број параметри. Сепак, и денес, најчесто може да се забележи користењето на традиционалната праволиниска идеолошка оска, бидејќи таквата идеолошка оска нуди едноставен и јасен преглед на политичките вредности на различните идеологии.

ПРАШАЊА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

1. Што подразбирате под поимот идеологија?
2. На кои три прашања секоја идеологија треба да понуди одговор?
3. Како историски се развива поимот идеологија?
4. Кои се спецификите на позитивното, а кои на негативното сфаќање на поимот идеологија?
5. Кои се основните елементи на либералната идеологија?
6. Кои се основните разлики меѓу класичниот и модерниот либерализам?
7. Што точно подразбирате под поимот неолиберализам?
8. Кои се основните елементи на конзервативната идеологија?
9. Кои се основните елементи на социјалистичката идеологија?
10. Кои се разликите меѓу комунистичката и социјалдемократската идеологија?
11. Кои се основните елементи на анархистичката идеологија?
12. Кои се разликите меѓу либералната и анархистичката идеологија во поглед на потребата од држава и политичка власт?
13. Кои се основните елементи на фашистичката идеологија?
14. Кои се основните елементи на радикално-десничарската идеологија?
15. Кои се основните елементи на феминистичката идеологија?
16. Кои се основните елементи на зелената идеологија?
17. Кои се основните елементи на верскиот фундаментализам?
18. Кои се основните вредности на левичарските идеологии?
19. Кои се основните вредности на десничарските идеологии?
20. Што ги спојува демократските, а што недемократските идеологии?

ГЛАВА 7

НАЦИЈА И НАЦИОНАЛИЗАМ

ПРАШАЊА ЗА ДЕБАТА

1. Што симболизираат државно знаме и грб? Какво значење тие имаат за Вас и какви чувства побудуваат? Колку често и на какви настани се слуша државната химна?
2. Дали сметате дека образовниот систем има свое влијание и придонес при обликувањето и јакнењето на чувството на патриотизам? На кој начин тоа може да се постигне?
3. Според Вас, дали термините *нација и национализам* се синоними? Образложете или објаснете преку примери!
4. Дали сметате дека термините национализам и *патриотизам* имаат исто значење?
5. Доколку се изнесе тврдење дека нацијата претставува културна заедница, кои компоненти би можеле да ги наведете за да се дефинира?
6. *„Нација-држава“* е често употребувана конструкција која имплицитно упатува на тоа дека населението на територијата на една суверена држава ѝ припаѓа на една нација. Кое е Вашето мислење, дали ваквото тврдење е теоретски засновано или, пак, го сметате за рестриктивно? Како ќе се оправда постоењето на Курдите кои немаат своја држава? Можете ли да наведете примери на нации кои имаат голема дијаспора и се раселени надвор од границите на својата држава?
7. Што подразбирате под поимот *национализам*? Дали сметате дека има еден или повеќе видови на национализам?
8. Што помислувате кога ќе се употреби терминот *пацифизам*? Дали истиот можете да го поврзете со национализмот?
9. Дали можете да наведете некои историски примери за *експанзионистички национализам*?
10. Објаснете ги поимите *шовинизам* и *антисемитизам*. Наведете примери!
11. Објаснете ги поимите *колонијализам* и *антиколонијализам*? Наведете примери!

1. ЗА ПОИМОТ НАЦИЈА

Луѓето се мотивирани од различни идеологии и вредносно моќни концепти. Историски, се чини дека нема повлијателен концепт во обликувањето на политичката активност и во нејзиното мобилизирање, од концептот нација.

Дефинирањето на концептот нација претставува вистински предизвик. Дополнителна тешкотија во дефинирањето е неговата честа употреба, од една страна, како и толку широко прифатената идеја за нацијата, од друга страна, што резултира со мешање на оваа категорија со голем број други категории, како држава, етничка група, татковина, раса, итн.

Терминот нација потекнува од латинскиот збор ***nasci***, со значење „да се родиш". Во своето изворно значење нација претставува заедница на луѓе од исто потекло. Сепак, ваквото дефинирање на поимот нација е неприфатливо заради неговата недоволна прецизност, која го оневозможува терминолошкото диференцирање на овој поим од поимите племе или народ.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Терминот нација потекнува од латинскиот збор *nasci* – „да се родиш". Во своето изворно значење нација – заедница на луѓе од исто потекло.

Едно теоретско становиште упатува на тоа дека за определувањето на поимот нација најсоодветна е употребата на историскиот метод, бидејќи се смета дека самата категорија нација е историски производ. Зачетоците на концептот нација треба да се бараат во Западна Европа, во периодот на Реформацијата во XVI и XVII век. Така, нацијата постепено се вообликува во периодот на апсолутните монархии како централизирани држави. Имено, создавањето на централизираната суверена државна власт резултирало со формирање заеднички стопански, политички и културни интереси во границите на една единствена држава и територија. Историски, концептот се обликува во периодот на индустриските и капиталистичките револуции од XVIII и XIX век. Се смета дека капиталистичкиот начин на производство и создавањето на правно слободни поединци кои не се врзани за земјата, биле процеси кои ја разбиле сталешката поделеност и го забрзале процесот на формирање на нацијата.[1] Нацијата настанува тогаш кога народот станува носител на суверенитетот. Примената на историскиот метод упатува на настанокот на нацијата во време кога народот станува носител на суверенитетот, односно кога народот станува политички чинител што најсоодветно се огледа во институциите на народното претставништво и државјанство, како и активното јавно мислење.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Зачетоците на концептот нација треба да се бараат во Западна Европа, во периодот на Реформацијата во XVI и XVII век.

[1] Мала енциклопедија, Просвета. Том 2. Четврто издање. Београд. 1986, стр. 762.

Други теоретски становишта на нацијата гледаат како на вештачка творба или како на современа идеја креирана од владетелите, чија цел е обединување на луѓето. Така, нацијата се дефинира како „замислена политичка заедница, вештачки конструирана и одржувана и заедница која не е длабоко вкоренета во историјата или во некој културен идентитет".[2] Слична е дефиницијата според, која: „нацијата е конструкција која се темели врз митовите за историскиот идентитет, а која, во суштина, се поврзува за капиталистичкиот економски развиток и чија цел е да формира идентитет кој ќе се спротивстави на пролетеријатот".[3]

Хејвуд истакнува дека тешкотијата да се дефинира нацијата како поим произлегува од севкупноста на објективни и субјективни фактори и коктелот од културни, политички и психолошки особини кои ја определуваат.

Од аспект на објективните фактори (јазик, религија, историја, итн.), нацијата се сфаќа како **културна творба** – *група луѓе кои се поврзани со заеднички: јазик, религија, историја и традиција.* Наведеното становиште се смета дека е премногу рестриктивно. Така, јазикот се смета за недоволен критериум да се објасни оваа сложена појава, доколку тоа е единствениот критериум за нејзино определување. Пример за тоа е Швајцарија во која постои една нација, а во употреба се повеќе јазици. Од друга страна, Латинска Америка е пример за постоење на повеќе различни нации, кои употребуваат ист јазик.

Од аспект на субјективните фактори, нацијата се сфаќа како една **психополитичка творба**. Имено, *политички,* нацијата е група луѓе кои се доживуваат како политичка заедница. Хејвуд потенцира дека, и покрај тоа што, вообичаено, тоа се изразува низ желбата за воспоставување и одржување на државата или барања за политичка независност, исто така, може да се манифестира и како облик на граѓанска свест. На некое пониско ниво, ваквите тежнеења можат да бидат манифестирани во настојувањето за определен степен на автономија во рамките на федерацијата. *Психолошки,* нацијата е група луѓе која се одликува со меѓусебна приврзаност, лојалност, во облик на патриотизам.[4]

---

[2] Anderson Benedict. Imagined communities: Reflections on the Origins and Spread of Nationalism.1983. превземено од Harrison Kevin and Boyd Tony. Understanding political ideas and movements. Manchester University press. 2003, стр. 39.

[3] Hobsbawm Eric. Nations and Nationalism. превземено од Harrison Kevin and Boyd Tony. Understanding political ideas and movements. Manchester University press. 2003. стр. 39.

[4] Повеќе во Hejvud Endru. Politika. Clio. 2002, стр. 204-207.

Патриотизам (лат. Patria – татковина) претставува чувство на лојалност, психолошка поврзаност кон одредена нација. Љубов кон определена земја. Доколку национализмот има доктринарен карактер и упатува на нацијата како основно начело на политичка организација, патриотизмот влева емоционален набој и уверување за тоа. Двата термина не се синоними.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Патриотизам (лат. patria – татковина) претставува чувство на лојалност, психолошка поврзаност кон одредена нација. Љубов кон определена земја.

2. НАЦИЈАТА КАКО КУЛТУРНА ЗАЕДНИЦА

Примарниот поим на нацијата се поистоветува со **идејата за нацијата како етнички или културен идентитет.** Наведеното становиште се темели врз постулатот дека нацијата претставува оригинерна творба која се создала во минатото, има историски корени и чии обележја го овозможуваат нејзиното опстојување сè додека опстојува и општеството.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Идејата за нацијата како етнички или културен идентитет се темели врз постулатот дека нацијата е оригинерна творба која се создала во минатото, има историски корени и чии обележја го овозможуваат нејзиното опстојување сè додека опстојува и општеството.

Нацијата како културна заедница може да се дефинира врз основа на три почетни постулати:

- *Природното опкружување* – климата и географијата (релјефот) влијаат врз: начинот на живот, работните навики и креативните предиспозиции на луѓето (географски детерминизам);
- *Јазикот* – како директно отелотворување на традицијата и колективната меморија;
- *Духот на народот* (Volksgeist) – идентитетот на народот изразен во: песните, митовите, легендите.[5]

На овие елементи може да се додаде и чувството за припадност, заради стекнување на сигурност и потребата од идентификација. Имено, поделбата на нациите, во својата суштина ја одразува природната наклонетост на луѓето да се поврзуваат со останатите луѓе чија: култура, потекло и начин на живот им се блиски.[6]

Сепак, сите фактори, како: заедничкиот јазик, единствената територија, етничката поврзаност и духовната поврзаност, се смета

[5] Patten Allen. „The Most Natural State“: Herder and Nationalism. Prinston University 2010, стр. 11-12.
[6] Hejvud Endru. Politika. Clio. 2002, стр. 207.

дека сами по себе не се доволни во објаснувањето на настанокот на нацијата. Несомнено, сите овие фактори се особено значајни во дефинирањето на поимот, но погрешно би било да се даде примат само на еден од нив, како исклучителна одредница. Објаснувањето на факторите кои довеле до формирањето на една нација однапред не значи дека истите биле претпоставка за формирање на друга нација. Затоа, во поблиското определување на поимот нација се смета дека е посоодветен пристапот на анализирање на нејзиниот однос кон: државата, расата, јазикот, религијата, итн.

2.1. НАЦИЈА-ДРЖАВА

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Конструкцијата „нација-држава“ се употребува за да се *укаже дека населението на територијата на една суверена држава ѝ припаѓа на една нација*.

Конструкцијата „нација-држава“ е често употребувана конструкција која *имплицитно упатува на тоа дека населението на територијата на една суверена држава ѝ припаѓа на една нација.* Зачетоците на идејата за постоење на „нација-држава“ треба да се бараат во периодот од 1789 година и Француската буржоаска револуција, кога е артикулирана идејата дека државата треба да ги обединува интересите и правата на граѓаните со единствен национален идентитет. Почнувајќи од првата половина на XX век, создавањето на „нација-држава“ претставува израз на политичкиот идеал и желба за оформување на националниот идентитет во една суверена држава.

Слика 1. Палатата на нациите, Женева, Швајцарија.

> *„Секогаш кога постои развиено чувството за националност постои prima facie претпоставка за обединување на сите припадници на таа нација под иста власт".*
>
> John Stuard Mill (1806-1873)

Повеќе примери отвораат дилеми врзани за одржливоста на концептот „нација-држава" во реалноста:

- Политичката реалност упатува на тоа дека исклучително мал број држави можат да се идентификуваат со концептот „нација-држава". Такви се: Турција, Тајланд, Финска, Норвешка, Јапонија, Исланд. Сепак, доколку за пример се земе Турција, тоа би значело игнорирање на: курдското, ерменското или останатите малцинства. Конечно, постоењето на националните малцинства, дури и во овие земји кои се идентификуваат со споменатиот концепт, всушност, истиот го разнишува и доведува во прашање.

> Се смета дека во современиот свет Исланд најблиску се доближува до чистиот модел за „нација-држава". „Државата има исклучително добро документирано потекло за своето население така што постојните матични книги и изводи на родени претставуваат основа за совршена лабораторија за генетски истражувања".
>
> Rod Hague and Martin Harrop. *Comparative Government and Politics - an Introducion.* 8th edition, стр. 17

- Пример за неодржливоста на концептот „нација-држава" се и случаите кога нациите се раселени во две или повеќе држави, како: Ирците, Курдите, Русите, Кинезите, итн. На пример, податоците посочуваат дека по распаѓањето на Советскиот Сојуз во 1991 година, повеќе од 25 милиони Руси останале да живеат како малцинство надвор од сегашните граници на Русија.
- Интересен е примерот и за нациите кои воопшто немаат држава, како Курдите. Овој пример, исто така, ја доведува во прашање прифатливоста на концептот „нација-држава".

Се чини дека соодветното уредување на правните аспекти на односот „нација-држава“ директно поврзани со државјанството, овозможува добра основа за јакнењето на чувството за припадност кон државата од една страна, но од друга страна истовремено овозможува и негување на чувството за етнички национален идентитет. Најсоодветен пример за успешно применета формула се Соединетите Американски Држави, каде граѓаните кои се мигранти, или поколенија на мигранти, имаат развиено чувство да бидат Американци во правна и „емотивна“ смисла, а сепак, да го задржат чувството за етнички национален идентитет, како: Афроамериканци, Американци со италијанско потекло, Американци со еврејско потекло, Американци со полско потекло, итн.

Оттука, се смета дека државата, сепак, има многу значајна улога во создавањето на националниот идентитет. Оваа улога најчесто се остварува преку: образовниот систем, настојувањето нејзините граѓани да го зборуваат „националниот“ јазик, интегрирање на новите генерации и нивно вметнување во националната историја, регрутирање на граѓаните во вооружените сили како ефикасно средство за јакнење на чувството на национален идентитет. Националните симболи, вообичаено, се симболите на државата, како: химната, знамето и грбот.

Најпосле, иако државата и нацијата претставуваат различни концепти и терминолошки не претставуваат синоними, сепак се чини дека имаат многу значајна улога во меѓусебното обликување на идентитетот.

	Вид	Објаснување	Пример
Нација-држава	Држава	Држава со своја единствена нација.	Исланд
Мултинационална држава	Држава	Држава со повеќе од една нација.	Обединетото Кралство
Нација без држава	Нација	Нација која нема своја држава и која е распространета на територијата на повеќе држави.	Курди
Дијаспора/ иселеници	Нација	Дел од нацијата, раселена надвор од границите на својата држава.	Евреи, Ерменци

Слика 2. Графички приказ на односот нација-држава.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Геноцид претставува најтежок облик на злосторство против човештвото. Тоа е злосторство на намерно, целосно или пак делумно уништување на определени национални, етнички, расни или религиски групи. Историјата потестува на геноцидот од Холокаустот за време на Втората светска војна и геноцидот во Руанда во 1994 година.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Геноцидот во Руанда означува масовни убиства на повеќе од еден милион припадници на малцинскиот народ Тутси и умерените припадници на народот Хуту кои се спротивставувале на овие масовни убиства, за време на граѓанската војна во 1994 година. Во руралните средини припадниците на Тутсите едноставно биле идентификувани бидејќи живееле во исти средини и села како и Хутите и меѓусебно се познавале. Во градовите, нивната идентфкација била овозможена со проверки на личните документи во кои бил егзактно наведен податок за етничката припадност.

2.2. НАЦИЈА-РАСА

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Во периодот на XIX век, на европскиот континент поимите раса и нација биле меѓусебно: преплетени, поврзани, условени и, речиси, целосно поистоветени. Постулатите за меѓусебната поврзаност или условеност на расата со нацијата во целост се неприфатливи.

Во периодот на XIX век, особено на европскиот континент, поимите раса и нација биле меѓусебно преплетени, поврзани и условени. Нивната кумулативна употреба, речиси, сосема ги поистоветува.

Од друга страна, злоупотребата на *Теоријата за еволуцијата* на Чарлс Дарвин (*За потеклото на видовите*) во меѓународната политика, конечно резултирала со обликувањето на расистичката теорија на нацистичка Германија, Втората светска војна и масовните

Слика 3. Седми Април е меѓународен ден за потсетување на геноцидот во Руанда.

убиства на цели етнички групи (Евреи, Роми, Словени), оценети како „инфериорни“ во однос на „супериорната“ раса.

За среќа, политиката, а особено развојот на науката во целост ги дискредитираат становиштата за условеноста на нацијата од расата. Имено, генетиката ја поставува тезата дека сите човечки суштества потекнуваат од еден вид (*Homo Sapiens*), а расата претставува сет од посебни биолошки обележја (боја на кожа, коса, очи) кои немаат апсолутно никаква поврзаност со културните обележја или националниот идентитет.

Точно е тоа дека определени нации можат да имаат извесни заеднички обележја. На пример, повеќето Швеѓани се со светла коса и очи, за разлика од повеќето: Италијанци, Грци или Португалци. Но, од друга страна, американската нација се одликува со толку голем диверзитет што во целост е ослободена од тврдењата за расата како детерминанта на националниот идентитет.

Затоа, постулатите за меѓусебната поврзаност или условеност на расата со нацијата во целост се неприфатливи.

2.3. НАЦИЈА-ЈАЗИК

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Јазикот го изразува културниот идентитет на нацијата, но јазикот не може да се поистовети со нацијата.

Јазикот често се наведува како основна одредница на националниот идентитет. Припадниците на една нација имаат посебно доживување кон сопствениот јазик. Ова особено затоа што јазикот со себе го носи духот на еден народ, културните форми и идеалите кои се врзуваат за националниот идентитет. На пример, се смета дека е незамислив англискиот културен идентитет без влијанието на јазикот во книжевноста, особено во делата на Шекспир или Дикенс; германскиот идентитет без влијанието на јазикот во делата на Гете; или македонскиот идентитет без влијанието на македонскиот јазик во делата на Кочо Рацин или Блаже Конески.

Сепак, независно од тоа колкаво е влијанието на овој објективен фактор во определувањето на нацијата, јазикот сам по себе не е доволен критериум кој ја дефинира нацијата. Несомнено, јазикот го изразува културниот идентитет на нацијата, но јазикот не може да се поистовети со нацијата.

На пример, англискиот јазик го користат огромен број луѓе надвор од границите на Обединетото Кралство кои, само заради тоа, не можат да се поистоветат со тој национален идентитет. Од друга страна, голем број нации во своите земји употребуваат повеќе јазици.

Така, Швајцарците имаат силно развиено чувство за сопствениот национален идентитет, но употребуваат три јазици. Во Белгија се употребуваат, исто така, три јазици иако населението (Фламанците и Валонците) не се идентификуваат со француската или холандската нација. Во Индија се во употреба 13 јазици, а населението, и покрај ваквата јазична поделеност, има силно развиен национален идентитет.

Оттука, јазикот претставува важна детерминанта во обликувањето на нацијата како културна заедница и националниот идентитет, но сам по себе, јазикот не може да се поистовети со нацијата.

2.4. ЗАЕДНИЧКИ ИСТОРИСКИ И КУЛТУРНИ ВРСКИ

Во обидот да се дефинира нацијата како културна заедница, неопходно е да се потенцираат заедничките историски и културни врски кои нејзините членови ги негуваат. Имено, заедничкото историско и културно искуство се оние обележја по кои една нацијата се разликува од останатите.

Некои автори упатуваат на становиштето дека заедничките историски и културни врски се оние објективни фактори кои модерните нации директно ги поврзуваат со етничките заедници. Така, на пример, германскиот историчар Фридрих Мајнеке ја потенцира разликата меѓу „*културни*“ и „*политички* нации“. Културните нации се карактеризираат со висок степен на етничко единство, па националниот и етничкиот идентитет се преклопуваат. Овие нации (Германци, Англичани, Ирци, Руси, Грци) се сметаат за органски бидејќи во нивното обликување влијаеле природни и историски сили, а не политички.[7] Радикална екстензија на споменатите становишта е постулатот според кој поединецот може единствено да биде роден во таа заедница, но не и на истата дополнително да ѝ се приклучи.[8]

Историско искуство што се смета за детерминанта во оформувањето на нациите се војните и воените судири, независно од тоа дали се работи за експанзионистичките војни, ослободителните војни, војните за опстанок на нацијата или војните за одбрана на нацијата. Речиси и да не постои нација која не е обликувана од искуството на некоја војна, независно дали во истата е победник или победена страна. Примери за тоа се: САД – Војната за независност;

[7] Подетално во: Hejvud Endru. Politika. Clio. 2002, стр. 209.
[8] Harrison Kevin and Boyd Toni. Understanding political ideas and movements. Machester University Press. 2003, стр. 46.

Индија – војната за ослободувањето од колонијализмот на Англија; Англија –долгогодишните воени судири со Франција; Македонија – Илинденското востание и Народноослободителната војна. Историското искуство, несомнено, ја обликува нацијата како културна заедница и, истовремено, со себе го носи емотивниот набој со кој го јакне чувството за припадност и идентификација на нејзините членови.

Историското искуство и културните врски претставуваат само сегмент од тоа што е опфатено под терминот „*Volk*“. Сепак, иако овој термин е со значење – луѓе, народ, тој се употребува за да ја означи севкупноста на јазикот, културното наследство, историското искуство и културните врски. Во контекст на споменатото, неминовно е потенцирањето на терминот Volksgeist, со значење национален дух, духот што го негува нацијата преку сопствениот јазик, историјата, културното наследство, фолклорното наследство, културните врски. Во оваа смисла, национализмот претставува облик на културализам кој ја нагласува свеста и почитувањето на националните традиции, како и колективното паметење, наместо отворените барања за држава.[9]

Националното чувство, и потребата од неговото јакнење со цел обликување на нациите, особено било актуелно во XIX век, за да се преобрази во целосно неприфатливи национализми, карактеристични за 20-тите и 30-тите години од минатиот век.

Во современи услови на глобализација, јакнењето на концептот на нацијата како културна заедница и негувањето на автентичниот национален идентитет (volksgeist) како сегмент од глобалната културна сцена, претставува посебна вредност.

Од сето наведено, мора да се потенцира дека определувањето само на еден објективен фактор, како елемент во определувањето на нацијата како културна творба, е недоволно и премногу рестриктивно. Имено, секое од наведените теоретски становишта кое во определувањето на нацијата ѝ дава предност само на една вредност е неприфатливо бидејќи нацијата интегрира и хомогенизира голем број вредности.[10]

---

[9] Hejvud Endru. Politika. Clio. 2002, стр. 207.

[10] Korunic Petar. Porijeklo I integracija nacije kao znanstveni problem. Etnicki razvitak. Filozofski fakultet Zagreb. 1997, стр. 153.

АВТОРИ

Жан Жак Русо /Jean-Jacques Rousseau/ (1712-1778) е политички филозоф, роден во Женева, кој извршил влијание врз развојот на просветителството и Француската револуција. Тој важи за застапник на „радикалната форма“ на демократијата. Негово најпознато дело е: „Општествен договор“ (1762).

3. НАЦИЈАТА КАКО ПОЛИТИЧКА ЗАЕДНИЦА

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Нацијата како политичка заедница и политичка творба *претставува група луѓе кои меѓу себе се поврзани со заедничко државјанство, независно од нивната: етничка, културна или друга припадност.*

Определувањето на поимот нација не е можно без нејзиното објаснување како политичка заедница. Во суштината на сфаќањето на нацијата како политичка заедница и политичка творба е поставена тезата дека **нацијата претставува група луѓе кои меѓу себе се поврзани со заедничко државјанство, независно од нивната етничка, културна или друга припадност**. Политички, нацијата е група луѓе кои себе се доживуваат како политичка заедница. Сфаќањето дека нацијата во основа претставува политичка творба, на преден план ги поставува *граѓанската лојалност* и *политичката припадност*.[11]

Наведеното сфаќање за нацијата како политичка заедница се поврзува со теоретските становишта на Жан Жак Русо и идејата за „општата волја“ од која извираат и се обликуваат националистичките доктрини на Француската буржоаска револуција од 1789 година. Неговото сфаќање дека владеењето треба да се заснова и да се остварува согласно општата волја, целосно спротивно на апсолутистичкото монархиско владеење, за време на револуцијата ќе добие своја рефлексија во сфаќањата за францускиот народ како граѓани кои поседуваат неотуѓиви права и слободи, а не поданици на кралот.[12] Овие негови идеи директно ќе бидат вткаени во Уставот на Франција од 1971 година, со кој се напушта феудалното уредување на државата, а се прокламираат националниот суверенитет и принципот на поделба на власта.

Во оваа група становишта се вбројуваат и оние кои го негираат настанувањето на современите нации од етничките заедници кои им претходеле. За наведените теоретски становишта вербата во

[11] Hejvud Endru. Politika. Clio. 2002, стр. 210.
[12] Ibid.

историскиот континуитет и „културната чистота“ претставува мит. Имено, развиената свест за националната припадност почнува да се јавува дури кон крајот на XIX век и е обликувана со појавата на националните химни, знамиња и развивањето на образовниот систем. Ваквите теоретски становишта дури ја оспоруваат и идејата за мајчиниот јазик како национален јазик, кој се пренесува од колено на колено, и ја вообликува националната култура. Два основни аргументи се наведуваат во однос на кажаното:

1) Поимот „национален јазик“ е апсурден, со оглед на тоа што сè до XIX век луѓето не ја познавале неговата пишана форма и го употребувале регионалниот дијалект кој имал малку заедничко со јазикот на образованата елита;
2) Во реалноста, јазиците живеат и се развиваат онака како што секоја генерација ги обликува и прилагодува на своите потреби и околности.[13]

Во рамките на ова становиште е и сфаќањето[14] дека современите нации претставуваат вештачки творби и „замислени заедници“, кои се создадени преку образовниот систем, мас-медиумите и процесот на политичка партиципација. Нациите повеќе претставуваат ментални претстави, отколку вистински заедници во кои за одржувањето на заедничкиот идентитет е неопходен степен на лични односи.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Поимот *политичка нација* упатува дека за нацијата поголемо значење има државјанството од етничкиот идентитет. Политичката нација содржи голем број етнички групи и се одликува со културна разноликост.

Поимот политичка нација се употребува за да се означи дека за нацијата поголемо значење има државјанството од етничкиот идентитет. *Политичката нација содржи голем број етнички групи и се одликува со културна разноликост. Обединетото Кралство и САД се сметаат за политички нации. Обединетото Кралство се карактеризира како политичка нација, со оглед на тоа што претставува унија на четири „културни“ нации: англиска, шкотска, велшка и северноирска. Во САД, заради изразениот мултиетнички и мултикултурен карактер не е можно да се оформи национален идентитет врз основа на заедничките културни и историски врски.*

Некои автори[15] истакнуваат дека не е тешко да се докаже дека се неодржливи сите тврдења и становишта за нацијата исклучително

[13] За сфаќањата на Eric Hobsbawm повеќе во Hejvud Endru. Politika. Clio. 2002, стр. 211.
[14] Сфаќање на Бенедикт Андерсон.
[15] Петар Корунич. Видете: Korunic Petar. Porijeklo I integracija nacije kao znanstveni problem. Etnicki razvitak. Filozofski fakultet, Zagreb. 1997, стр. 158-162.

како културна творба. Според нив, нацијата се формира со појавата на граѓанското општество, односно со процесите на интеграција и модернизација кои се одвивале, и биле овозможени во граѓанското општество. Нацијата се формира и обликува во долг историски период, заедно со развитокот на самото граѓанско општество и неговите потсистеми. Нацијата настанува и се развива со интеграцијата, меѓусебното поврзување и обединување на сите субзаедници (подзаедници) на еден народ во нова заедница –национална заедница. Овие субзаедници се јавуваат и развиваат пред појавата на нацијата и пред појавата воопшто на граѓанското општество. Такви се:

- Јазичната (суб)заедница
- Книжевната (суб)заедница
- Научната (суб)заедница
- Образовната (суб)заедница
- Културната (суб)заедница
- Економската (суб)заедница
- Политичката (суб)заедница
- Историската (суб)заедница
- Верската (суб)заедница, итн.

Оттука, нацијата и националната заедница, како нов тип интеграциска заедница на граѓанското општество, настанува со меѓусебното поврзување и интеграцијата на сите наведени субзаедници. Секоја од нив претставува и посебен општествен потсистем.

Воедно, формирањето на нацијата се реализира низ сложени и меѓу себе поврзани интеграциски процеси. Прво, се врши подобро организирање и хомогенизација внатре во одделните субзаедници, потоа тие субзаедници меѓусебно се поврзуваат и интегрираат, и на крајот доаѓа до структурирање на демократското граѓанско општество.



Најзначајните интеграциски процеси се остваруваат преку наведените потсистеми:

1) Политички (пот)систем – политичка интеграција (се остварува со помош на: политичките организации, политичките партии, власта, изборниот систем, политичкото и територијално обединување);
2) Економски (под)систем – економска интеграција (се остварува со развојот на: економските односи, слободниот пазар, претприемништвото, конкуренцијата, економска хомогенизација на земјата);
3) Културен (под)систем (се остварува со: развојот на образованието, писменоста, развојот на јазикот, организацијата на културни и научни институции);
4) Општествена интеграција (се остварува со почитувањето и заштитата на човековите права и слободи и остварувањето на: слободата, еднаквоста, правдата и останатите вредности врз кои се темели општеството).[16]

На тој начин, нациите и граѓанското општество претставуваат компатибилни историски творби. Тие зависат една од друга и не можат да се остваруваат и развиваат една без друга.

4. НАЦИОНАЛИЗАМ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Национализмот е доктрина според која нациите имаат право на самоопределување.

Национализмот претставува современа доктрина и една исклучително моќна идеологија и потентна сила. Во нејзината суштина е вткаена идејата дека нациите треба да го поседуваат правото самостојно да ја определуваат својата судбина и самостојно да се управуваат. Имено, национализмот како клучна идеологија на XX век претставува доктрина според која нациите имаат право на самоопределување.

Разгледуван од овој аспект, национализмот претставува една универзална идеја, иако секоја одделна нација е единствена и поседува свои објективни и субјективни фактори кои ја определуваат.

Принципот на самоопределување и правото на нациите самостојно да се управуваат претставува моќна и многу влијателна идеја низ севкупниот период на XX век. Со распадот на Отоманската

[16] Korunic Petar. Porijeklo i integracija nacije kao znanstveni problem. Etnicki razvitak. Filozofski fakultet, Zagreb. 1997, стр. 158-162.

Слика 4. Политичка карта на светот.

империја и Австроунгарското царство, национализмот претставува основа за прекројување на границите на Европа и Блискиот Исток и исцртување на нови географски карти. Во периодот по 1945 година, националното ослободување на колониите на африканскиот и азискиот континент резултира со стекнување на политичка независност од колонијалните сили. Кон крајот на XX век распадот на СССР, СФРЈ, Чехословачка и напуштањето на, дотогаш, воспоставените политички системи, повторно под превезот на национализмот ги ремоделираше постојните географски карти.

Едно теоретско сфаќање на национализмот гледа како на општествено, политичко и културно делување од национално становиште, кое се манифестира во различни облици и со различен интензитет, и тоа како:

- Општествено-политичко и културно движење на граѓанската класа, со единствена цел – будење на националната свест, ослободување, обединување или создавање на национални држави;
- Движење за национална независност и ослободување од колонијалните сили.

За разлика од народните движења кои се карактеризираат со видлив израз и желба за рамноправност, еднаквост и соработка меѓу народите, национализмот може да се преобрази во идеолошки и

политички израз на затворање, самодоволност, развиен култ кон сопствената нација, кој има тенденција да прерасне во шовинистички однос и потценување на правата и вредностите на останатите народи или малцинствата.[17]

За политичкиот карактер на национализмот се води голем спор.[18] Од една страна на национализмот се гледа како на напредна и ослободителна сила која влева надеж за национално единство или независност. Од друга страна, национализмот може да биде ирационална и реакционерна доктрина. Во различни периоди национализмот се покажал и како: прогресивен или реакционерен; демократски или авторитарен; ослободителен или потчинувачки. Се смета дека карактерот на национализмот зависи од *условите во кои настануваат националистичките тежнеења,* како и од *политичките цели за кои се врзува*. Така, кога национализмот е одговор на искуството од владеењето на други држави или колонијалната власт, тогаш, вообичаено, со себе носи ослободителна сила врзана за целите на: слободата, правдата и демократијата. Кога национализмот е последица на општествени и демографски промени, тој има изолиран и затворен карактер и со себе може да ги носи идеите за расизам или ксенофобија.[19] Оттука, национализмот се јавува во различни форми, зависно од идеологијата што ја користи (либерална, конзервативна, фашистичка, социјалистичка). Имено, сите идеологии го употребиле национализмот за исполнување на определени цели.

Во теоријата постои и обид национализмот да се дефинира како идеологија, па така, одредени автори упатуваат на национализмот како на посебен „поглед кон светот“, односно сет од кохерентни вредности и идеи кои му даваат значење на минатото, ја објаснуваат сегашноста и понудуваат извесни насоки за можни дејствувања во иднина. Во однос на сите останати идеологии, национализмот е најмалку теоретски втемелен, но од друга страна, е ирационален и емоционален со тенденција да втурне во длабоки пасии и желби.[20]

Ваквите становишта упатуваат на тоа дека споредено со сите останати форми на општествена или политичка лојалност, национализмот ја поставува лојалноста кон нацијата како примарна и најзначајна. Всушност, тоа значи дека е неприфатливо за поединецот да

[17] Мала енциклопедија Просвета. Општа енциклопедија. Четврто издање. Том 2. Београд. 1986, стр.762.
[18] Hejvud Endru. Politika. Clio. 2002, стр. 214.
[19] Hejvud Endru. Politika. Clio. 2002, стр. 214.
[20] Harrison Kevin and Boyd Toni. Understanding political ideas and movements. Manchester University Press. 2003, стр. 155.

ги постави моралните (етички), верски или други убедувања пред нацијата. Тие треба да се остават на страна во случај да дојде до нивен судир и предност да се даде на лојалноста кон нацијата. Во нивната суштина е сфаќањето дека нацијата претставува единствената соодветна основа за организација на било која политичка активност.

Во обидот одблиску да се долови променливата природа и политичкиот карактер на национализмот, најсоодветно е презентирањето на одделните видови национализам:

- Либерален национализам;
- Конзервативен национализам;
- Експанзионистички национализам;
- Антиколонијален национализам.

4.1. ЛИБЕРАЛЕН НАЦИОНАЛИЗАМ

Либералниот национализам претставувал, и сè уште претставува, многу силен елемент на современите национални движења. Тој се темели врз две основни претпоставки:

1) Идејата дека човештвото е природно поделено на нации кои имаат своја територијална граница;

2) Секоја нација треба да биде суверена, самостојно да ја определува својата судбина и самостојно да се управува преку свои институции во воспоставениот систем.[21]

Оваа форма на национализам се врзува за пацифизмот, интернационализмот и идеалистичките елементи на либерализмот. За либералниот национализам, националните права претставуваат синоним за човековите права. Либералниот национализам ја поддржува тезата дека суверените нации треба да ги почитуваат националните права на останатите нации и да соработуваат во меѓународните институции.

[21] Harrison Kevin and Boyd Toni. Understanding political ideas and movements. Machester University Press. 2003, стр. 157.

Пацифизам – движење, збир на доктрини чија цел е промовирање и обезбедување мир меѓу народите. Тежнеења војната и насилството да се исклучат и оневозможат како средство за разрешување на меѓународни спорови. Пацифизмот се залага за: дијалог, културна размена, дипломатија во односите меѓу народите.

Пацифист – поборник на мирот, миротворец, непомирлив противник на војната, приврзаник на пацифизмот.

Се смета дека либералниот национализам се идентификува со класичниот европски национализам и своите зачетоци ги има во Француската буржоаска револуција, чии вредности, идеи и начела ги прифаќа. Така, либералниот национализам ја врзува идејата за нацијата со народниот суверенитет. Во неговата суштина се наоѓа начелото за национално самоопределување, чија цел е создавање на национална држава со граници што се поклопуваат со границите на нацијата. Конечната цел на либералниот национализам е создавање свет на еднакви суверени национални држави. Од овој аспект, либералниот национализам воедно претставува и средство за обезбедување на мирен и стабилен поредок во светот.[22]

Основниот недостаток на либералниот национализам е потценувањето на можната реакционерна природа на национализмот воопшто и пренагласувањето на позитивните и посакуваните: елементи, вредности и начела што ги опфаќа.

4.2. КОНЗЕРВАТИВЕН НАЦИОНАЛИЗАМ

Во споредба со либералниот национализам, конзервативниот национализам се јавува подоцна. Имено, со завршувањето на револуциите од 1848 година, национализмот во многу европски земји се врзува за конзервативните и реакционерните сили чија основна цел претставува зачувувањето на нацијата и институциите загрозени од тие револуции. Така, национализмот ќе се искористи како средство за потчинување на националниот идентитет на некои граѓани за обезбедување на едно пошироко единство. Се оценува дека особено по формирањето на Третата Француска Република и

[22] Hejvud Endru. Politika. Clio. 2002, стр. 217.

обединувањето на Германија, конзервативниот национализам се вкоренува во Европа. Конзервативниот национализам, сепак, многу повеќе се врзува за националните интереси, отколку за обележјата на стандардниот конзервативизам.

Се смета дека два фактора влијаат врз моделирањето на конзервативниот национализам:

1) Тој е карактеристичен за постојните национални држави, а не за оние кои се во процес на оформување;
2) Вообичаено, неговото појавување претставува последица на некаква внатрешна опасност (пример: класен антагонизам) или надворешна опасност за нацијата (пример: имиграција).

Конзервативниот национализам се поврзува со оригинерниот национален идентитет изразен во религијата, јазикот, традицијата, обичаите, културата и воспоставениот поредок. Идеја водилка на конзервативниот национализам е постоењето на нацијата како органска творба, која настанува низ основните тежнеења на луѓето да се доближат до оние кои имаат исти сфаќања, погледи, начин на живот и изглед. Конзервативниот национализам *не е втемелен врз начелото на самоопределување, туку многу повеќе е поврзан за општественото единство, јавниот ред и националниот патриотизам*. Патриотската верност и националната свест се вкоренети во заедничкото минато, вредностите и установите кои се историски прифатени. Најпосле, иако се смета дека конзервативниот национализам е поврзан со воените походи и експанзионизмот, во суштина тој е ориентиран кон внатре и се ограничува на конзервирање и *зачувување на единството, идентитетот и постојниот поредок*.[23]

Две основни забелешки му се припишуваат на конзервативниот национализам:

- Ја крие опасноста да го опфати расизмот и сфаќањата за правото на владеење со „инфериорните“ луѓе;
- Може да се искористи како облик за манипулација, со оглед на тоа што „кога ќе се најдат во неволја, сите влади играат на „националистичка карта“.[24]

[23] Ibid, 220-222.
[24] Ibid, 222.

4.3. ЕКСПАНЗИОНИСТИЧКИ НАЦИОНАЛИЗАМ

Експанзионистичкиот национализам претставува посебен вид национализам кој е агресивен и милитаристички. Овој вид национализам го обединува патриотското чувство што една нација го развива, од една страна, со верувањето за нејзината супериорност, доминација и потреба за експанзија, од друга страна.

Оттука, за овој национализам не е специфичен постулатот за еднаквоста на нациите и нивното право на самоопределување, туку, напротив, постулатот дека некои нации имаат такви обележја и квалитети кои ги прави супериорни, надредени во однос на останатите. Водени од ваков национализам, државите неретко во надворешната политика ја вметнуваат идејата за прекројување или ремоделирање на границите и проширување на својата територија.

Карта на колониите на африканскиот континент по Конференцијата во Берлин од 1884 година

Извор: The Author(s) 2020 E. Idemudia and K. Boehnke, Psychosocial Experiences of African Migrants in Six European Countries, Social Indicators Research Series 81,
https://doi.org/10.1007/978-3-030-48347-0_7

Слика 5. Распределба на територииите на африканскиот континент на Берлинската конференција од 1884 година.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Берлинската конференција одржана во 1884 година се карактеризира со борба на големите сили, пред сè Франција и Англија за поделба на територииte на Африка. Означена како „трка за Африка“ на конференцијата учествувале четиринаесет држави од кои „главните играчи“ биле: Англија, Франција, Германија и Португалија.

Оваа агресивна страна на национализмот за првпат се јавува кон крајот на XIX век, кога европските сили го започнуваат својот поход кон Африка во име на „националната гордост“, за двете светски војни во XX век да бидат последица на експанзионистичкиот национализам.[25]

Овој облик на национализам може да ги обединува:[26]

1) Хистеричниот национален ентузијазам и фанатичен патриотизам;
2) Идејата дека нацијата е сè, а поединецот ништо;
3) Националното единство не подразбира постоење на слободна и отворена расправа, туку дисциплина и послушност;
4) Перцепцијата за останатите нации е дека тие претставуваат непријатели и опасност;
5) Идејата за обновувањето на нацијата – навраќање и јакнење на идеите и митовите за славното минато на нацијата;
6) Шовинистичките уверувања и доктрини.

[25] Hejvud Endru. Politika. Clio. 2002, стр. 223.

[26] Експанзионистичкиот национализам веројатно најсоодветно се рефлектира во програмата од три фази на Хитлер, за проширување на државата.

А) Вклучување на етничките Германци од: Австрија, Чехословачка и Полска и формирање на „Голема Германија“ и проширување на Рајхот;

Б) Оформување на, т.н., „животен простор“ (Lebensraum) кој ја опфаќа и Русија и во кој владее германската нација;

В) Доминација на ариевската раса.

Шовинизам – реакционерен, екстремен вид на национализам кој ги обединува националистичката исклучивост, ирационалното убедување за поголема вредност и дигнитет на сопствената нација во однос на останатите, неконтролирана омраза кон останатите нации и култури – агресивно верување во националната супериорност. Терминот потекнува од името на францускиот војник *Николас Шовен*, кој служел во La grande armée на Наполеон, приврзаник на неговата експанзионистичка политика. Терминот шовинизам се употребува и за да се означи супериорност во однос на спротивниот пол – (машки/женски шовинизам). **Антисемитизмот** претставува посебна форма на расен шовинизам и означува нетрпеливост, омраза и предрасуди кон Евреите.

4.4. АНТИКОЛОНИЈАЛЕН НАЦИОНАЛИЗАМ

По завршувањето на Втората светска војна голем број земји стекнаа независност.

Поттикнати од различни облици на национализам, во земјите од Азија и Африка се вообличува идејата за ослободување од власта на колонијалните сили. „Иронијата на овој вид национализам се состои во тоа што доктрините и начелата кои првично се развиваат во процесот на 'изградба на нацијата' во Европа, се свртеа против самите европски сили".[27] Се смета дека тежнеењата за национално ослободување во овие земји силно влијаело врз развивањето на чувството за национална припадност.

Во развојот на уставноста по Втората светска војна се издвојува посебен правец кој го опфаќа донесувањето на устави со кои се зајакнува националниот суверенитет во некои земји. Имено, овој правец во развојот на уставноста претставува последица на победата извојувана од националноослободителните сили во поранешните зависни држави и ослободувањето од туторството на империјалистичките сили. Најголемиот број нови држави се создаваат со распадот на колонијалното царство на Франција, Британија и останатите колонијални сили, па тука се вбројуваат: Шри Ланка, Лаос,

[27] Ibid, стр. 227.

Индонезија, Пакистан, Индија, Конго, Сенегал, Мали, Мадагаскар, Чад, Камерун, Сомалија, итн.[28]

Антиколонијализам – претставува политичка борба на колонизираните народи против идеологијата и праксата на колонијализамот.

Колонијализам претставува теорија и пракса за воспоставување контрола над странски, туѓи територии и нивно преобразување во „колонии". Тоа е посебен облик на империјализам за кој е вообичаено населување и економска доминација од страна на големите колонијални сили.

Слика 6. Холандските освојувања на африканскиот континент во периодот на XVII век.

[28] Дескоска Рената, Ристовска Марика, Трајковска-Христовска Јелена. Уставно право. „Просветно дело". Скопје. 2021, стр. 126.

ПРАШАЊА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

1. Објаснете го сфаќањето за нацијата како културна заедница!
2. Нацијата како културна заедница може да се дефинира преку три основни постулати, и тоа: а)_____ б) _____ в) _____!
3. Објаснете ја категоријата „нација-држава“!
4. Кога се јавуваат зачетоците на идејата „нација-држава“?
5. Наведете два примера кои можат да се идентификуваат со концептот „нација-држава“!
6. Наведете примери за нации раселени во две или повеќе држави!
7. Наведете пример за нација која нема своја држава!
8. Зошто концептот „нација-раса“ е неодржлив и неприфатлив? Можете ли да наведете историски пример за злоупотреба на теоријата за еволуцијата (Теорија за потеклото на видовите) на Чарлс Дарвин?
9. Дали може јазикот, како објективен фактор во определувањето на нацијата, да е доволен критериум истата да ја дефинира? Образложете го својот одговор!
10. Објаснете го сфаќањето за нацијата како политичка заедница. Објаснете го поимот политичка нација! Наведете примери!
11. Нацијата настанува и се развива со: интеграцијата, меѓусебното поврзување и обединување на сите субзаедници (подзаедници) на еден народ во нова заедница – национална заедница. Наведете неколку примери за вакви субзаедници!
12. Формирањето на нацијата се реализира преку сложени и меѓу себе поврзани интеграциски процеси. Објаснете ги одделните фази на овој сложен процес! Преку кои потсистеми се остваруваат овие интеграциски процеси?
13. Како се објаснува настанувањето и порастот на национализмот?
14. Зошто се вели дека национализмот во различни периоди се покажал и како: прогресивен или реакционерен; демократски или авторитарен; ослободителен или потчинувачки?
15. Наведете ги основните видови национализам: а)_____ б)_____ в)_____ г)_____.
16. Која форма на национализам се врзува за: пацифизмот, интернационализмот и идеалистичките елементи на либерализмот?
17. Објаснете го либералниот национализам!
18. Објаснете го конзервативниот национализам!
19. Објаснете го експанзионистичкиот национализам!
20. Објаснете го антиколонијалниот национализам!
21. Наведете кои сè концепти и идеи можат да бидат обединети во експанзионистичкиот национализам! Кои се неговите основни обележја?
22. Наведете неколку држави кои претставувале колонијални сили!
23. Наведете неколку нови држави кои се создаваат со распадот на колонијалното царство на: Франција, Британија и останатите колонијални сили!
24. Наведете две историски личности кои претставуваат симбол на борбата против колонијализмот!

ГЛАВА 8

ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И ПРАВНА ДРЖАВА

ПРАШАЊА ЗА ДЕБАТА

1. На што помислувате кога ќе се споменат начелата: владеење на правото и правна држава?

2. Истражете кога и каде се јавуваат принципите на владеење на правото и правната држава!

3. Дали сметате дека нови правни акти (устав, закони, итн.) можат да придонесат за јакнење на принципот на владеење на правото?

4. Дали сметате дека исполнување на принципот на владеење на правото се врзува исклучиво за нормативната активност на државните органи или се врзува и за доследното спроведување на правните акти во пракса? Доколку треба да дадете примат на било кој од овие два аспекта, кој би бил Вашиот избор?

5. Размислете и изнесете свој став за дефиницијата: *„Принципот на владеење на правото е принцип на владеење во кој сите лица, институции и правни субјекти, јавни и приватни, вклучително и самата држава, се подведени на законите кои се јавно објавени и подеднакво спроведувани, а кои се во согласност со меѓународните норми и стандарди за човековите права. Овој принцип, исто така, бара мерки кои ќе го обезбедат почитувањето на принципите на супрематија на правото, еднаквост пред законот, одговорност пред законот, правичност во примената на законите, поделба на власта, правна сигурност, забрана за самоволие и процедурална и правна транспарентност“*. Дали оваа дефиниција соодветно ја отсликува слоевитоста на принципот на владеење на правото?

6. Дали можете да наведете неколку: концепти, категории и начела кои се опфатени со принципот на владеење на правото и без кои ова начело не може да се замисли?

7. Дали сметате дека начелата на владеење на правото и правна држава се идентични?

Начелата на владеење на правото и правната држава претставуваат темелни уставни начела на современите држави. Овие начела се основни правни, политички и морални принципи врз кои е втемелен и обликуван уставниот и политичкиот систем во една современа демократија.[1] Оттука е разбирливо што во современите устави, воведувањето на овие концепти е експлицитно и е преточено во уставна норма.

Во правната литература постојат различни становишта за тоа дали станува збор за идентични концепти или не. Дополнителна тешкотија претставува обидот за нивно дефинирање, особено затоа што и самите претставуваат синтеза на многу различни концепти и принципи. Од аспект на времето, местото и околностите на воведувањето на овие принципи, владеењето на правото (***The Rule of Law***) и правната држава (***Rechtsstaat***), несомнено се разликуваат. Така, неспорно е дека овие концепти се јавуваат во различни држави (Англија и Германија), во различни периоди и во различни историски и општествени околности. Сепак, од аспект на нивното значење и правно-политичките ефекти кои овие принципи ги предизвикуваат, не може да се направи нивно строго разграничување.

„Владеењето на правото е сивата зона меѓу две крајности, т.е. барањето за индивидуалната слобода, од една страна и државната принуда, од друга. Тежнеењето кон првата води кон анархија; тежнеењето кон втората води кон тоталитарна репресивна држава. Во реалноста, секоја држава функционира некаде меѓу овие две крајности. Демократиите треба да предвидат извесни ограничувања на индивидуалната слобода за да ја оневозможат анархијата; автократските режими треба да обезбедат мала индивидуална слобода и право за да спречат очајнички бунт“.
R.N Prasher

[1] **Општите правни начела** претставуваат изведени категории. Тоа се апстрактни норми, кои се изведени од низа помали апстрактни норми, кои се применуваат за цел еден збир на правни случаи. *Правното начело овозможува по еден поглед и појасен пат да се сфати смислата на цела низа норми, па со тоа овозможува нивно подлабоко и поточно толкување.* Сепак, бидејќи начелото на владеење на правото опфаќа правни, но и политички и морални концепти, тоа е многу пошироко поставено.

1. ЗНАЧЕЊЕ НА ПРИНЦИПОТ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Принципот на владеење на правото секогаш опфаќа два основни аспекти: првиот – *суштината на односот меѓу граѓанинот и власта*, и вториот –*процесите и механизмите преку кои овој однос се остварува.* Или, наједноставно кажано: *„владеењето на правото се однесува на тоа што може власта да стори и на кој начин власта тоа може да го стори“.*

„Суштината на принципот на владеење на правото во која било земја е независното судство, односно судии кои нема да бидат поттикнати 'под палецот' на другите гранки на власта и ќе бидат подготвени да го применат законот непристрасно“.
Ruth Bader Ginsburg, судија на Врховниот суд на САД

„Уставот е вредност која треба да се негува, владеењето на правото е вредност која треба да се негува, демократијата е вредност која треба да се негува, но тие можат да се изгубат доколку сите чекаат наоколу некој друг да го стори тоа за нив“.

„Почитувањето на принципот на владеење на правото не претставува опција. Тоа е задолжително“.

„Принципот на владеење на правото е принцип на владеење во кој сите: лица, институции и правни субјекти, јавни и приватни, вклучително и самата држава, се подведени на законите кои се јавно објавени и подеднакво спроведувани, а кои се во согласност со меѓународните норми и стандарди за човековите права. Овој принцип, исто така, бара мерки кои ќе го обезбедат почитувањето на принципите на супремација на правото, еднаквост пред законот, одговорност пред законот, правичност во примената на законите, поделба на власта, правна сигурност, забрана за самоволие и процедурална и правна транспарентност“.
U.N. Secretary-General, *The Rule of Law and Transitional Justice in Conflict and Post-Conflict Societies*, 6, U.N. Doc. S/2004/616 (Aug. 23, 2004).

Инспирација за обликувањето на принципот на владеење на правото, првично претставувала потребата за обезбедување и заштита на човековите права и слободи и ограничување на државната власт, односно оневозможувањето на арбитрерност, злоупотреба и узурпација на власта.[2] Оттука, овој концепт вообичаено се врзува за улогата на правото во обезбедување на соодветна рамнотежа помеѓу

[2] Драган Стојановиќ. „Уставно право“. Книга II. Sven Ниш. 2007, стр. 348.

АВТОРИ

Алберт В. Дајси /Albert V. Dicey/ (1835-1922) е англиски правник и професор по уставно право. Ќе остане забележан како автор на публикацијата „Вовед во изучувањето на уставното право“ како и по популаризацијата на концептот – владеење на правото (The Rule of Law).



човековите права и овластувањата на државата. Имено, принципот на владеење на правото секогаш опфаќа два основни аспекти: првиот, кој се однесува на ***суштината на односот помеѓу граѓанинот и власта,*** и вториот, кој се однесува на ***процесите и механизмите преку кои овој однос се остварува***. Или наједноставно кажано: *„Владеењето на правото се однесува на тоа, што власта може да стори, и на кој начин власта тоа може да го стори“.*[3]

Не постои една, единствена и јасна дефиниција која во целост ќе го објасни и дефинира овој принцип. Слично како многу други принципи и концепти (демократија, конституционализам) овој „камелеон“ концепт има толку многу значења и опфаќа толку многу категории, што ја крие опасноста да значи „сè“ и да не значи ништо, во исто време.[4] За жал „концептот на владеење на правото се соочува со опасноста да го загуби своето значење, благодарение на неговата идеолошка злоупотреба и претерана употреба“[5]. Денес, се чини дека постои премолчена согласност дека е исклучително тешко да се дефинира овој концепт, на начин кој би ги опфатил сите негови значења. Воедно, исто така постојат различни становишта помеѓу авторите, кои се однесуваат на тоа дали овој концепт е вредносно ориентиран.

Суштината на принципот владеење на правото, историски првично се извлекува од становиштето на Аристотел за потребата од „владеење на законите, а не владеење на луѓето“. Сепак, се смета дека основите на современиот концепт на владеење на правото треба да се бараат во теоретските становишта на Алберт Дајси **(Albert Dicey)**, чие сфаќање за владеење на правото се темели меѓу другото на следниве основни постулати:

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Основите на современиот концепт на владеење на правото треба да се бараат во теоретските становишта на Алберт Дајси **(Albert Dicey**). Тоа се темели врз следниве основни постулати: *непостоење на арбитрарна власт, еднаквост пред законот, постоење на устав кој го создаваат судиите.*

[3] Loveland Ian. „Constitutional Law, Administrative Law and Human Rights“. Oxford university press. London. 2006, стр. 56.

[4] Тренеска Дескоска Рената. „Конституционализамот и човековите права“, Скопје. 2006, стр. 37-42.

[5] Robert. A. Stein „What Exactly is the Rule of Law?“ The rule of law in the 21st century: a worldwide perspective 11, 2019, стр. 186.

- **Непостоење на арбитрерна власт** – Ниту еден човек не е над законот и никој не смее да биде казнет освен за кршење на законот, што го утврдува редовен суд. Во таа смисла, владеењето на правото е антипод на секој систем на власт заснован врз широки, арбитрерни или дискрециони овластувања на носителите на власта. Постоењето на можноста за дискрециono постапување, за Дајси ја отвора можноста за арбитрерност на власта, што доведува до несигурност за слободата на луѓето.
- **Еднаквост пред законот** – Секој човек е подведен под законите кои ги применуваат редовните судови. Оттука, сите носители на функции во државата, почнувајќи од премиерот, подлежат на истата одговорност за кршење на законите, како и сите останати граѓани.[6]

За некои теоретичари владеењето на правото претставува исклучиво правен принцип. Па така, според **формалните сфаќањата на владеењето на правото**, додека барањето за демократија е обликувано најчесто како политички принцип, начелото на владеење на правото и правната држава претставуваат **неполитички формални принципи**.[7] Вакво становиште за принципот на владеење на правото, како правен принцип и инструмент на правото, има Јозеф Раз (Jozef Raz). Тој смета дека остварувањето на принципот на владеење на правото е можен доколку се исполнети неколку услови:

- Законите треба да бидат **општи, разбирливи, јасни и прецизни;**
- **Законите не треба да бидат предмет на чести менувања и дополнувања.** Тоа ја нарушува стабилноста на правниот систем и принципот на правна сигурност;
- Правниот систем мора да содржи **норми кои ќе ја гарантираат независноста на судството;**
- Судовите треба да бидат **лесно достапни;**
- Институциите со овластувања да го спречуваат кршењето на законите **не смеат дискрециono да избираат кој закон ќе го применуваат и кога;**
- Судовите треба да имаат можност да вршат **оценка и контрола на уставноста и законитоста** на актите и работата на државните органи;
- Примената на законот треба да биде во насока на **достигнување на правдата** како посебна вредност.

[6] Третиот основен постулат на владеењето на правото според Дајси е **постоење на устав кој го создаваат судиите** - Општите принципи на британскиот устав (*Judge made constitution*), особено оние кои се однесуваат на слободите на индивидуите, се резултат на судските одлуки во согласност со, т.н., common law. Овој постулат се врзува со карактеристичната британска уставна традиција и неминовно претпоставува независно и ефикасно судство, кое треба да ја обезбеди заштитата на човековите права и слободи. Повеќе видете во: Дескоска Тренеска Рената. „Владеење на правото или владеење на човекот“, Политичка мисла, „Владеење на правото“, Скопје. 2011, стр. 4.

[7] Maunz Theodor, Zippelius Reinhold, „Deutsches Staatsrecht“, Munchen. 1994, стр. 87. Преземено од: Драган Стојановић. „Уставно право“. Књига II. Sven. Ниш. 2007, стр. 348.

Така, за овој автор, исполнувањето на овие барања претставува идеал кон кој системот треба да се стреми и критериум по кој тој може да се оценува. Сепак, исполнувањето на наведените постулати само по себе не значи дека системот е „морално добар и посакуван". Затоа, неговата доктрина е морално неутрална. Или, како што самиот ќе каже:

> *„Принципот на владеење на правото е како нож. Обележје на еден нож е остринатa на неговото сечило. Сепак, овој негов квалитет, не зборува ништо за тој нож, бидејќи истиот може да се искористи за убиство или при неопходна операција. Истото е и со принципот на владеење на правото. Затоа, за да не се злоупотреби, треба да се разгледува од една повисока перспектива."*

Други теоретски становишта кои претставуваат **суштински сфаќања на принципот на владеење на правото** ја надминуваат тезата за принципот на владеење на правото разгледуван исклучиво како правен принцип. Тие ја врзуваат природата на овој принцип со потребата да се исполнат некои повисоки вредности на системот. Сведувањето на принципот на владеење на правото на алатка или инструмент на правото, го сметаат за премногу рестриктивно објаснување на неговата природа. Така, се потенцира дека суштинската улога на правото е **да ја почитува човековата личност** и тоа, само по себе треба да биде основна вредност врз која севкупниот политички систем ќе се темели[8]. За да се постигне тоа, потребно е:

1) **Почитување на човековите права и слободи;**
2) Постоење на **претставничка влада;**
3) **Забрана за повратно (ретроактивно) дејство на законите** (особено оние од казненото право);
4) Право да се **поведе постапка против државата;**
5) Правото на **правично судење;**
6) **Независно судство;**
7) Соодветна **контрола на делегираното законодавство.**

Конечно, од сето споменато може да се заклучи дека за принципот на владеење на правото постојат мноштво дефиниции, кои може да се класифицираат како[9]:

---

8 Caroll Alex, „Constitutional and administrative law". Pearson Longman. London. 2007, стр. 47.

9 Дескоска Тренеска Рената. „Владеење на правото или владеење на човекот", Политичка мисла, „Владеење на правото", Скопје. 2011, стр. 2-3.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Основни принципи преку кои се дефинира владеењето на правото се: гарантирање на основните човекови права, принципот на поделба на власт, независност на судската власт, барање правото да ја достигне правдата и правичноста, супрематија на правото, хиерархија на правните акти, правна сигурност и предвидливост на постапувањето на државните органи, еднаква примена на законите.

Дефиниции за принципот на владеење на правото во смисла на вредностите на кои треба да им служи (правда, човеково достоинство, слобода, еднаквост)

Дефиниции за принципот на владеење на правото во смисла на принципите кои треба да се заштитуваат

Дефиниции за принципот на владеење на правото во смисла на институциите кои се должни да го заштитуваат (судови, омбудсман, парламент, итн.)

Дефиниции за принципот на владеење на правото во смисла на постапките кои овие институции ги користат за таа цел (habeas corpus, учество на порота при судењето)

Сепак, без оглед на пристапот, мора да се истакне дека во сите овие дефиниции, принципот на владеење на правото во себе вклучува: *внатрешна моралност на правото, супрематија на правото, еднаквост пред законот, заштита и гарантирање на човековите права и слободи*, а го исклучува арбитрарното владеење.

Во теоријата постојат обиди за дефинирање на владеењето на правото преку набројување на принципите, категориите и вредностите кои ги опфаќа. Притоа, некои од нив се сметаат за основни и се присутни во, речиси, сите современи сфаќања на владеењето на правото. Тие основни принципи преку кои се дефинира владеењето на правото, се:

1. **Гарантирање на основните човекови права** – Гарантирањето и заштитата на човековите права и слободи претставува основниот елемент на принципот на владеење на правото. Имено, гарантирањето на човековите права и слободи и нивната заштита, претставуваат идеал и цел на секоја држава која тежнее да го почитува и остварува принципот на владеење на правото. Односот помеѓу принципот на владеење на правото и принципот на заштита и гарантирање на правата и слободите во едно општество, е двонасочен и меѓусебно условен. Исклучувањето на едниот, неминовно го исклучува и постоењето на вториот принцип. Нема владеење на правото без заштита на човековите права и обратно, човековите права се загрозени во системи во кои не постои владеење на правото. Вистински тест дали воспоставениот систем го почитува начелото на владеење на правото претставува гаранцијата и заштитата на основните човекови права. Од друга страна, степенот на заштита и гаранција на човековите права и слободи претставува почетен критериум за оценката за исполнувањето на принципот на владеење на правото.

2. **Принципот на поделба на државната власт** – Државната власт треба да биде поделена на функционални подрачја, кои со пишани правни норми се признаени како самостојни надлежности на посебни државни органи[10]. Со тоа, поделбата на државната власт се перципира како поделба на надлежностите. Овој принцип претпоставува дека законодавната власт ќе ги донесува законите како општи правни акти; извршната власт истите ќе ги извршува во конкретни правни ситуации; додека судската власт ќе одлучува во случај на спорови кои настануваат при примената на правото во конкретни случаи.
3. **Независност на судската власт** – Судската власт како една од трите гранки на државната власт мора своите надлежности да ги остварува независно од останатите гранки на власта, а своите одлуки судиите треба да ги донесуваат единствено во согласност со закон и врз основа на фактите кои се презентирани во секој конкретен случај. Оттука, се смета дека независноста на судската власт ги опфаќа подеднакво институционалната независност – независноста од извршната и законодавната власт, како и независноста на судиите во одлучувањето. Речиси и да не постои автор кој во обидот да го објасни принципот на владеење на правото, нема да го потенцира значењето од потребата за независност на судската власт, вметнувајќи го ова барање во самата срцевина на владеењето на правото.



[10] Драган Стојановић. „Уставно право“. Књига II. Sven. Ниш. 2007, стр. 350.

4. **Правото мора да настојува да ја достигне правдата и правичноста** – Овој принцип се врзува за самата суштина на принципот на владеење на правото, а не за неговите процедурални гаранции. Тоа значи дека правото мора да биде правично и да ги заштитува основните човекови права и слободи на сите во државата. Само на овој начин, преку идејата дека законите се праведни и настојуваат да ја достигнат правдата како вредност, може да се очекува нивното морално прифаќање и практично почитување од сите, и секого. Тоа, пак, само по себе е предуслов за остварувањето на принципот на владеење на правото. Овој принцип ја чини суштинската разлика меѓу „*Rule of law*“ и „*Rule by law*“.[11]
5. **Супрематија на правото** – Претставува обврска сите правни субјекти да бидат подведени на правото, независно од нивната положба во политичкиот и правниот систем. Во едно попрецизно толкување, овој принцип се идентификува со **принципот на супрематија на уставот**. Имено, според принципот на владеење на правото, уставот како *lex superior*, правно ги обврзува сите гранки на државната власт. Во контекст на споменатата поврзаност, односно подреденост на државните органи на уставот, мора да се потенцира како особено значајна поврзаноста на државните власти со човековите права и слободи. Тоа значи дека со ваквата подреденост на државните власти на уставот, истите се обврзани да не го применуваат правото, т.е. законот, секогаш кога со него се повредуваат човековите права и слободи, а за што ќе оценат дека е во спротивност со највисокиот правен акт во државата. Истовремено, ваквиот принцип предвидува обврска и за законодавната власт да ги донесува законите во согласност со уставот, односно да не „озаконува“ правила кои ќе ги повредуваат основните човекови права и слободи. Овој принцип последователно наведува на следниот.
6. **Хиерархија на правните акти** – Секој правен поредок содржи голем број правни акти. Овие акти се донесуваат од страна на различни органи, се јавуваат во различна форма и имаат своја содржина. Сите овие прописи се дел од еден систем и претставуваат севкупност на правно задолжителни правила на однесување. Основната карактеристика на правниот систем и conditio sine qua non за неговото функционирање е неговата монолитност и усогласеност

[11] На пример, правниот систем на нацистичка Германија неминовно опфаќал некои елементи на принципот на владеење на правото. Сепак, сè додека законите не се праведни и зад нив не стои стремежот за достигнување на правдата и правичноста, не може да се зборува за концептот на „суштествена правда (substantive justice)“ како елемент на владеењето на правото. Роберт Стајн се залага за прифаќање на основните извори на меѓународното право за човековите права, како појдовна основа за постигнувањето на, т.н., суштествена правда. Повеќе во: Robert. A. Stein „What Exactly is the Rule of Law?“ Huston Law Review. 185/2019, стр. 195.

на правните акти кои го сочинуваат. Така, секој правен акт, разгледуван сам за себе, мора да претставува автентичен дел на таа целина. Уставотворната власт го донесува уставот, законодавната – законите, а извршната власт ги донесува подзаконските правни акти. Процесот на создавање на законот, ниту го започнува, ниту го завршува процесот на создавање на правото. Тој се развива нагоре (кон уставот) и надолу (кон подзаконските акти). Во ваквата степенување и хиерархија, понискиот акт секогаш е примена на повисокиот, а повисокиот, секогаш е акт на создавање и основа. Овој процес претставува постојана *конкретизација на правото*.

7. **Правна сигурност и предвидливост на постапувањето на државните органи** – Трите основни елементи на овој принцип се: 1) прецизното регулирање на надлежностите на државните органи; 2) јавното објавување на правните акти; 3) забраната за ретроактивно дејство на законите. Секој од нив, несомнено, придонесува да се јакне правната сигурност во системот, како и да се гарантираат стабилни правни ситуации кои ќе ја јакнат довербата на граѓаните кон институциите и активностите кои државата ги презема. Овој принцип, исто така, е поврзан со извесноста на постапувањето на државните органи, како одговор на определено (не)постапување или поведение.
8. **Постапките пред судовите и останатите државни органи мора да бидат прецизно утврдени и регулирани, а воедно, и достапни** – Целта е да се овозможи примена на законите подеднакво за сите и заштитата на гарантираните права и слободи. Достапноста до правдата е суштински елемент на принципот на владеење на правото. Тоа значи дека на човекот и граѓанинот мора да му се обезбедат правни лекови и, уште позначајно, пристап до судовите и државните органи каде овие правни лекови ќе ги применат.

> *„Негирањето на пристапот до правдата е неправда“*

9. **Еднаква примена на законите** – Законите мора да се применуваат еднакво за сите лица во исти или слични околности. Овој принцип своите корени ги има во категоријата *isonomia,* кој во Античка Грција подразбирал еднаква подреденост на сите под законот, независно од нивната положба во општеството. Во својата суштина, оваа категорија е доживувана како исклучителна вредност на едно општество, бидејќи побарува исполнување на услови со кои сите луѓе ќе се третираат подеднакво.

Листата на принципите на владеењето на правото, покрај основните принципи кои, несомнено, ја сочинуваат неговата срцевина, опфаќа и некои дополнителни принципи. Единствено на ваков начин, пополнувањето на сложувалката наречена „владеење на правото", може да обезбеди јасна претстава за него, но и за предизвикот истиот во реалноста да биде исполнет. Тие дополнителни принципи се:

1. **Законите треба да бидат разбирливи** – Јазикот е основно средство со кое се креираат правните норми. Затоа е нужно јазикот којшто ќе се употреби за да се создаде правната норма, да биде што е можно појасен и попрецизен.

> ***„Законодавецот треба да размислува како филозоф, но да зборува како селанец."***
>
> (Der Gesetzgeber soll denken wie ein Philosof, aber reden wie ein Bauer)-Judolf Von Jhering (1818-1892)

2. **Разрешување на споровите без големи трошоци и одложувања** – Ова е еден од дополнителните принципи кои се опфатени со принципот на владеење на правото. Барањето за постапување согласно овој принцип, во својата суштина се врзува со максимата, „Одложената правда е неправда", која иако за првпат употребена уште многу одамна[12], се чини дека никогаш не загуби од своето значење. Овој принцип често се подведува под *принципот на економичност и ефикасност на постапките,* односно барање за постапување на државните органи ефикасно и брзо, без непотребни одложувања, со што е можно помалку трошоци и губење на време, како за странките, така и за останатите лица во постапките.

> ***„Одложената правда е неправда"***
>
> ***(Justice delayed is justice denied)***
> ***William E. Gladstone***

3. **Учество во процесот на одлучување** – Овој елемент доведува до зголемена транспарентност и одговорност во работата на носителите на власта, како на централно, така и на локално ниво, но исто така, овозможува барањата на граѓаните да бидат земени предвид при креирање на јавните политики и донесувањето на

[12] Во 1800 година од англискиот премиер William E Gladstone (Вилијам Гледстоун).

одлуките. Учеството, односно партиципацијата на граѓаните, подразбира преземање на различни активности и употреба на најразлични механизми и инструменти, со кои граѓаните се вклучуваат во процесот на донесување на одлуки од јавно значење и на тој начин непосредно влијаат врз квалитетот на својот живот во рамките на некоја потесна или поширока општествена заедница.

2. ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО КАКО МЕТА-ПРАВНА ДОКТРИНА

Сфаќањето за владеење на правото како идеал и мета-правна доктрина е теоретско становиште на Фридрих Хаек, а во својата суштина се темели врз становиштето на Алберт Дајси. Ова сфаќање отстапува од класичното позитивистичко гледиште за владеењето на правото, како идеја за законитост и ограничување на државната власт со позитивното право. Имено, овој концепт на владеење на правото не ги исклучува овие постулати, но смета дека тие сами по себе истиот не можат да го обезбедат. Во таа смисла, концептот на владеење на правото се доближува до конституционализмот, и како услов наметнува ограничување на сите гранки на власта, вклучително и на законодавната власт.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Концептот на владеење на правото како мета-правна доктрина се доближува до конституционализмот и како услов наметнува ограничување на сите гранки на власта, вклучително и на законодавната власт.

А) Ова становиште за владеење на правото, првично ја наметнува потребата за ограничување на законодавната власт. Законодавната власт, секако е ограничена со уставот. Уставните одредби можат значително да ја отежнат повредата на принципот на владеење на правото. Уставните норми можат „да спречат намерни повреди преку редовната работа на законодавното тело“, но можноста законодавецот да укине некој закон или повторно донесе или менува определен закон со кој владеењето на правото ќе биде повредено, секогаш останува. Затоа, суштината на принципот на владеење на правото претставува еден политички идеал и мета-правно правило **за тоа каков треба да биде законот**.[13] Законот не смее да биде производ на слободна интервенција на законодавецот.

Ваквото становиште дополнително го отежнува утврдувањето на критериумите врз чија основа може да се оценува, дали се исполнува и почитува владеењето на правото, или не. За ова да го олесни, Хаек посочил неколку критериуми. Имено, најважните

[13] Ф. А. Хајек, „Право, законодавство и слобода“, „Службени лист на СРЈ“, Београд, ЦИД, Подгорица, 2002, стр. 181.

АВТОРИ

Фридрих Хаек /Friedrich August von Hayek/ (1899-1992) е австирско-британски економист и политички филозоф кој има свој придонес во проучувањето на; економијата, политичката филозофија, психологијата и други општествени науки. Во 1974 година, заедно со Карл Гунар Мурдал, добитник е на Нобеловата награда за економија.

обележја кои еден закон треба да ги поседува се неговата: **општост, одреденост, еднаквост, барањето да биде обзнанет и праведност**.

Б) Вториот елемент на оваа доктрина за владеење на правото е поделбата на државната власт.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

За Фридрих Хаек, *владеењето на правото како идеал, треба да претставува нешто кон што самиот систем, но и граѓаните ќе тежнеат.*

> *„Владеењето на правото наложува извршната власт секогаш да биде врзана со однапред познати правила за тоа кога, како и во која мерка ќе ја користи принудата, а единствен начин преку кој тоа може да се обезбеди е проверка на тоа постапување од страна на независен суд“.*

В) Последен елемент на доктрината за владеење на правото како идеал, претставуваат процесните гаранции за заштитата на човековите права и слободи. Многубројните процесни гаранции (судење со присуство на порота, habeas corpus, итн.) се основни темели за правата и слободите на човекот.

Сфатено како идеал, владеењето на правото треба да претставува нешто кон што самиот систем, но и граѓаните ќе тежнеат. Хаек смета дека, дали, и во која мерка правниот поредок ќе се доближува до овој идеал, зависи од тоа дали тој е вграден во вредносниот систем на заедницата и дали е дел од нејзината морална традиција. *„Единствено општества кои постигнале доволно висок степен на развиток на правната и политичката свест, можат со право да очекуваат остварување на идеалот за владеење на правото“*.[14]

[14] Ibid, стр. 181, преземено од: Радомир Зекавица, „Идеја владавине права од античких корена до савремене правне теорије и пракс“, Београд. 2018, стр. 85.

> *„Доколку владеењето на правото е постојан елемент на јавното мислење, и законодавството и правосудството ќе настојуваат да му се доближат. Од друга страна, доколку се покаже како непрактичен па дури и непожелен, а луѓето не настојуваат на негово остварување, тогаш општеството ќе се врати во состојба на произволна тиранија."*
>
> Fridrih Haek

Слика 1. Приказ на елементите на владеењето на правото.

3. ПРАВНА ДРЖАВА

Концептот на правна држава се врзува за германско-правната теорија од XIX век. Овој концепт, развиен од неговиот родоначалник Роберт Фон Мол (Robert Von Mohl), во суштина претставува реакција на постоењето на полициска држава во која управниот апарат не бил подведен на правото и, најчесто, се постапувало арбитрерно

АВТОРИ



Роберт Фон Мол /Robert Von Mohl/ (1799-1875) германски правник и професор на политички науки. Прв кој го воведува терминот Rechtstaadt како одговор на постоењето на полициската држава и потребата за ограничување на државниот апарат. Негови најзначајни дела се: „Уставно право, меѓународно право и политика“, „Енциклопедија на политичките науки и политичката економија“ и др.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Родоначалник на концептот на правна држава, кој се врзува за германско-правната теорија од XIX век, е Роберт Фон Мол (Robert Von Mohl).

во согласност со сопственото сфаќање за, т.н., државен интерес. Тој се залагал за антиаристократска правна држава.

Во современата теорија се потенцира исклучителната преплетеност и тесна поврзаност на концептот на правна држава и владеењето на правото. Впрочем, разлика, речиси, и да не постои тогаш кога обата концепта се разгледуваат како идеја за ограничување на власта. Ова, особено затоа што нивната појдовна основа, но истовремено и цел, е *барањето државната власт да биде ограничена со закон.*

Оттука, *„идејата за правна држава наложува правно ограничување и врзување на државниот управен апарат со правото, особено со оној негов дел кој ги применува средствата за принуда, со цел да се обезбеди законитост во нивната работа“.*[15]

Суштината на концептот на правна држава се сведува *на пишаната правна норма и подведувањето на сите гранки на државата под законот.* Правната држава може да претставува гарант за правата и слободите на човекот, само доколку сите нејзини власти му се подведени и го почитуваат законот. Разгледуван од овој аспект, концептот на правна држава е исклучително формално-правен поим кој не навлегува во мета-правното прашање за квалитетот и содржината на законот. „Концептот за правната држава, за разлика од владеењето на правото, не се интересира за содржината на законот со кој треба да се ограничи власта, тој не издвојува никакви мета-правни, ниту етички начела, туку само се врзува за формата преку која државата ја изразува својата волја“.[16]

Основните постулати, кои се опфатени со концептот на правната држава, се:

---

[15] Драган Стојановиќ. „Уставно право“. Книга II. Sven. Ниш. 2007, стр. 350.

[16] Paul. Craig, Formal and substantive conceptions of the rule of law, *Public Law*, 1997, стр. 467.

- **Разликување и одвојување на функциите на државната власт (начело на поделба на власта);**
- **Супрематија на уставот и приоритет на формалното право**
- **Законитост во извршување на функциите на сите државни органи;**
- **Правна сигурност;**
- **Забрана за ретроактивно дејство на законите;**
- **Контрола на уставноста на законите и законитоста на останатите правни акти.**

Сепак, мора да се потенцира дека покрај споменатите принципи, современиот концепт на правна држава не може да се замисли без:

- **Гаранција и заштита на човековите права и слободи;**
- **Судска заштита на индивидуалните и колективните права;**
- **Независност на судската функција;**
- **Правична држава.**

Предноста на формалниот пристап во објаснувањето на правната држава е неговата вредносна неутралност. Затоа, тој е поволен за имплементација во општества во кои постојат остри политички поделби врзани за супстанцијалното сфаќање за владеењето на правото (прашањата за социјална држава, религиозните слободи, организирањето на економијата, итн.).[17] Имено, колку е овој принцип поформален, толку повеќе може да се очекува дека ќе биде политички неутрален, а со тоа и полесно прифатлив. Од друга страна, не смее да се изостави да се спомене дека сведувањето на концептот на правна држава, единствено на севкупност на основни правни начела, може да биде премногу рестриктивно. Тоа може да го преобрази концептот правна држава во „празна лушпа“ која ја крие опасноста да се исполни со различна содржина. Затоа, „крајната цел на концептот на правна држава треба да биде: **„заштитата на правата и слободите на човекот и опстанок на индивидуата како слободно битие внатре во политичката заедница. На овој начин, правната држава треба да овозможи услови и можности на граѓаните за: слободен, креативен и одговорен развој на сите нивни потенцијали“**.[18] Разгледуван од овој аспект, обединувајќи го тежнеењето кон постигнување на повисоки етички правила и вредности, концептот на правна држава се доближува до концептот на владеењето на правото.

[17] Robert. S. Summers, The principles of the rule of law, *Notre Dame Law Review*, Vol. 74, Issue 5, 1999, стр. 1710.

[18] Радомир Зекавица, „Идеја владавине права од античких корена до савремене правне теорије и праксе“, Београд. 2018, стр. 104.

ПРАШАЊА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

1. Принципот на владеење на правото секогаш опфаќа два основни аспекти. Тоа се: _____.
2. Основите на современиот концепт на владеење на правото треба да се бараат во теоретските становишта на _____.
3. Врз кои постулати се темели теоретското становиште на Алберт Дајси?
4. Наведете најмалку три постулати врз кои се темели теоретското становиште на Јозеф Раз, заради кои истото се класифицира во формалните сфаќања за владеење на правото.
5. Суштинските сфаќања за принципот на владеење на правото во фокусот го имаат_____.
6. Кое становиште за владеење на правото првично ја наметнува потребата за ограничување на законодавната власт? Објаснете го.
7. Според Фридрих Хаек, најважните обележја на еден закон се: _____.
8. Објаснете кога и како се јавува концептот на правна држава!
9. Објаснете ја накусо суштината на концептот правна држава!
10. Наведете најмалку три принципи кои го доближуваат концептот правна држава до начелото на владеење на правото!

ГЛАВА 9

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВЛАСТА

ПРАШАЊА ЗА ДЕБАТА

1. Организациона независност меѓу законодавната и извршната власт постои кога органите на извршната и законодавната власт не се избираат еден од друг. Знаете ли некој пример на организациона независност меѓу законодавната и извршната власт?

2. Организациона независност меѓу законодавната и извршната власт постои кога органите на извршната и законодавната власт не се избираат еден од друг. Знаете ли некој пример на организациона независност меѓу законодавната и извршната власт?

3. Знаете ли некој пример на меѓусебно влијание на претседателот на државата и собранието?

4. Знаете ли некој пример на меѓусебно влијание на владата и собранието?

5. Дали мислите дека доколку собранието ѝ изгласа недоверба на владата, таа треба да има право да побара и да добие распуштање на собранието?

6. Како би ги дизајнирале односите меѓу законодавната и извршната власт за да се постигне ефикасно и одговорно извршување на власта?

7. Дали мислите дека треба да постои функцијата шеф на држава во современите монархии?

8. Дали мислите дека е подобро шефот на државата да се избира во собрание или на непосредни избори?

1. ЗНАЧЕЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ВЛАСТА ЗА ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ

Кога се зборува за организација на власта, најчесто се подразбираат односите кои постојат меѓу органите на: законодавната, извршната и судската власт. Односите меѓу законодавната и извршната власт се суштински за секој политички систем. Тие односи, од кои зависи типот на организација на власта, се детерминирани од уставната поставеност на институциите, но и од политички и други надворешни фактори.

Уставот на секоја земја го утврдува: односот на органите на законодавната и извршната власт, нивните овластувања, должности и можности за меѓусебно влијание. Тој однос во уставите најчесто е хоризонтално поставен, како однос на меѓу себе еднакви гранки на власт, меѓу кои постои поделба на власта. Ретко односите меѓу законодавната и извршната власт се засноваат врз начелото на единство на власта. Но, и системите кои се засновани врз начелото на поделба на власта, меѓу себе се разликуваат, според тоа дали постои строга или флексибилна поделба на власта, односно според степенот на имплементирање на организациската и функционалната независност.

Строга поделба на власта има кај **претседателскиот систем,** во кој постои:

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Поделбата на власта може да е строга и флексибилна.

- **Организациска независност** меѓу органите на власта, односно тие не произлегуваат едни од други, односно не се избираат едни од други (на пример: ниту конгресот го избира претседателот, ниту претседателот може да го распушти конгресот).
- **Функционална независност** меѓу државните органи, односно секој од овие органи во вршењето на своите надлежности е самостоен и кога ниту еден друг орган нема право да се меша во нивното вршење, кога ниту еден орган нема право да ги укинува актите кои тој ги донел и нема право да му дава задолжителни упатства за работа.

Флексибилна поделба на власта постои во **парламентарниот и во мешовитиот** (полупретседателски) систем кои се засновани врз начелото на поделба на власта, но каде постојат **одредени елементи** на:

- Организациона зависност меѓу државните органи (како, на пример: парламентот ја избира владата, во парламентарните системи, кои не се монархии, парламентот го избира и шефот на државата);

- Функционална зависност меѓу државните органи (како, на пример: право на законодавна иницијатива на владата, право на парламентот да поставува пратенички прашања, и сл.).

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Начелото на единство на власт ретко се применува.

Наспроти системите засновани врз поделба на власта, врз **начелото на единство на власта** е заснован собранискиот систем.



Слика 1. Системи засновани врз начелото на поделба на власта.



Слика 2. Систем заснован врз начелото на единство на власта.

Сепак, мора да се води сметка дека уставната поставеност на односите на законодавната и извршната власт е значајна, но недоволна за објаснување на организацијата на власта. Често пати во една земја, во различни временски периоди, односите на органите на власт биле различни, и покрај тоа што однесувањето на носителите на власта биле во рамките на уставните надлежности. На пример, во САД во одредени периоди на развој на претседателскиот систем се зборува за конгресно владеење со слаб претседател, во други периоди за владеење со силен претседател. Всушност, согледувањето на односите меѓу законодавната, извршната и судската власт дава увид не само во структурата, односно организацијата на власта, туку во природата на политичкиот систем.[1]

Свое влијание врз типот на организација на власта имаат и одредени политички фактори, констелацијата на политичките сили, и сл. На пример, не е еднаква положбата на претседателот на Франција во периоди кога и тој и Владата потекнуваат од иста политичка партија, и во периоди на кохабитација, кога тој е од една политичка партија, а Владата поддржува друга политичка партија, т.е., коалиција на партии. Врз односите меѓу законодавната и извршната власт влијаат и други надворешни фактори. Денес, развојот на индустриското општество, организираното претставување на различни интереси (преку различни интересовни групи, синдикати, професионални здруженија, и сл.) доведоа до јакнење на извршната власт, бидејќи кон неа се насочени различните барања и само таа има инструменти за да одговори на тие барања.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Кохабитација постои кога претседателот е од една политичка коалиција, а владата од друга политичка коалиција.

Таквата зависност на функционирањето на системите на организација на власта од различните надворешни фактори, создава тешкотија во градењето теоретски модели на овие системи. Така, големото шаренило на парламентарни системи, кои се разликуваат меѓусебно во степенот на соработката, односно поделбата на власта, го доведува во прашање секој обид за дефинирање на моделот на овој систем и извлекување на неговите суштински карактеристики. На пример, не е еднаков парламентарниот систем на Англија и на Индија. Уште повеќе, не е еднаков ни парламентарниот систем во Англија во различни епохи.

Но, и покрај разликите, во обидот за класифицирање на системите на организација на власта, одредени автори се обиделе да направат и поконкретни критериуми за нивно разликување. Има автори кои сметаат дека е подобро да се класифицираат системите врз основа на нивната структурираност, односно поставеност на органите (диспозитивни

[1] Barrie Axford, Gary K. Browning, Richard Huggins, Ben Rosamond, John Turner, „Uvod u politologiju“, Zagreb. 2002, стр. 275.

карактеристики), отколку врз основа на нивните односи. Па така, за класифицирање на системите се поставуваат три прашања:

1. Дали постои и шеф на држава, и Влада, односно премиер, или постои само една од овие две институции;
2. Дали носителите на функции во овие институции се избираат од страна на граѓаните;
3. Дали носителите на функции во овие институции се избираат за фиксен мандат, или не.[2]



Слика 3. Класификација на системите на организација на власт од аспект на одговорноста на извршната власт.[3]

[2] Justin Orlando Frosini, „Forms of state and forms of government“, во: Guseppe Franco Ferrari (ed.), „Introduction to Italian Public Law“, Milano. 2022, стр. 48.

[3] За слична класификација на системите на организација на власт видете повеќе на: Jose Antonio Cheibub, „Presidentialism, Parliamentarism, and Democracy“, Cambridge University Press, 2007, стр. 35.

Во продолжение, подетално ќе се фокусираме на функционирањето на типовите на организација на власта во конкретни земји. Парламентарниот систем го согледуваме на неговата родна почва – Обединетото Кралство, претседателскиот систем во Соединетите Американски Држави (САД), мешовитиот (полупретседателскиот) систем во Франција и системот на демократско единство на власта (собраниски систем) во Швајцарија.

2. ПАРЛАМЕНТАРЕН СИСТЕМ

2.1. ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА ТЕРМИНОТ ПАРЛАМЕНТАРИЗАМ

Парламентаризмот во поширока смисла се сфаќа како синоним на парламентарната демократија, односно како политички систем во чие средиште стои парламентот како помалку, или повеќе институционален собир на претставниците на општеството или одредени општествени слоеви, во кои се водат отворени расправи за политички прашања и се одлучува, односно се влијае врз донесувањето на клучните одлуки од јавен интерес.[4] Ваквото сфаќање на парламентаризмот акцентот го става на парламентот како централна институција во која се водела борбата за демократијата. Појавата и јакнењето на парламентот како „политички лидер на народот“ (народот стекнува голема привилегија да ги избере оние на кои со доверба ќе им пренесе дел од својата моќ) претставува победа на демократскиот принцип на владеење на народот кој го разорува темелот на легитимност на средновековната држава. На тој начин, јакнењето на парламентот претставувало важен чекор во развојот на демократијата, бидејќи се ширела и јакнела можноста за влијание на граѓаните во креирањето и остварувањето на државната политика. Значи, во оваа поширока смисла, парламентаризмот претставува: ограничено, со претставничкиот систем воспоставено, одговорно и поделено вршење на политичката власт од страна на заемно контролирани носители на власта.[5]

---

[4] Vučina Vasović, „Parlamentarizam“, *Enciklopedija političke kulture,* Beograd. 1993, стр. 794.

[5] Lidija Basta – Posavec, „Parlamentarizam kao načelo konstitucionalizacije politike“, Arhiv za pravne i društvene nauke, 1992-3/4, стр. 433.



Слика 4. Приказ на парламентарен систем применет во република.

Во потесна смисла, парламентаризмот означува еден конкретен модел на организација на централната власт наречен парламентарен систем или систем на парламентарна влада. Постојат повеќе дефиниции за поимот парламентарен систем, а и самиот систем се јавува во различни модалитети. Затоа, одредени автори тврдат дека не постои парламентарен систем, туку постојат парламентарни влади, односно дека парламентарниот систем се менува во зависност од земјата и епохата и заради тоа се издвојува при обидот за негово дефинирање. Оттука, тешко е да се даде негова концизна и прецизна дефиниција. Најчесто се истакнува дека парламентарниот систем е облик на организација на државната власт во која постои флексибилна поделба на власта, во која властите меѓусебно соработуваат и зависат едни од други. Инсистирањето на ова обележје (степенот на функционална самостојност на органите за законодавната и извршната власт) при дефинирањето на парламентарниот

систем е резултат на фактот дека тоа е основа за разликување од претседателскиот систем, во кој постои поголема функционална независност на двете гранки на власт. Исто така, во парламентарните системи, гранките на власт се принудени да соработуваат меѓу себе. И во тој поглед постои разлика од претседателските системи. Додека парламентарните системи ја зајакнуваат соработката, претседателскиот систем ја охрабрува независноста.[6] Постојат и дефиниции кои под парламентарен систем подразбираат систем на флексибилна поделба на власта во кој постои политичка одговорност на владата пред парламентот. Од гледиште на одговорноста, суштината на парламентарниот систем се изразува со формулата:[7]



Слика 5. Суштината на парламентарниот систем од аспект на одговорноста.

Значи, парламентарниот систем се определува како систем во кој законодавната власт има право да ја контролира работата на делотворниот дел на извршната власт – владата.

Парламентарниот систем е создаден во Англија (mater parlamentorum). Освен во Англија, односно Обединетото Кралство, доследност во примената на парламентарниот систем се забележува и во Јапонија и Италија. Парламентарниот систем низ историјата, а и денес, се јавува во повеќе облици во: Белгија, Холандија, Канада, Индија, Германија, и др., како резултат на различните околности во кои се развивал. И во Обединетото Кралство, парламентарниот систем се менувал и еволуирал, од моментот на настанување, до денес.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Англија е родно место на парламентарниот систем.

2.2. ОБЕЛЕЖЈА НА ПАРЛАМЕНТАРНИОТ СИСТЕМ

Парламентарниот систем се карактеризира со повеќе обележја, кои се земаат како елементи за негово дефинирање. За парламентарниот систем е карактеристично постоењето на **флексибилна поделба на власта** во која законодавната и извршната власт се рамноправни меѓу себе, имаат свој делокруг на работа, но меѓу нив постои

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Парламентарниот систем е заснован на флексибилна поделба на власта.

[6] José Antonio Cheibub and Fernando Limongi, „Legislative-executive relations“, во: Tom Ginsburg and Rosalind Dixon (eds.), „Comparative Constitutional Law“, Edward Elgar, Cheltenham, UK, Northampton, MA, USA. 2014, стр. 215.

[7] Miodrag Jovičić, „Odgovornost nosilaca javnih funkcija“, Beograd. 1968, стр. 167.

соработка и механизми со кои тие влијаат една врз друга. Значи, во парламентарниот систем:

- Секоја од властите има сопствени овластувања – законодавната власт му припаѓа на парламентот, а извршната на владата;
- Секоја од овие две власти може да влијае врз опстојувањето на другата власт, односно парламентот може да ѝ изгласа недоверба на владата, а владата може да му предложи на шефот на државата распуштање на парламентот;
- Овие две власти меѓу себе соработуваат преку првото на владата на: законодавна иницијатива, нејзино учество во утврдување на дневниот ред на седници на парламентот и во парламентарните работи. Но, и „возвратно“, со контролата на парламентот на работата на владата преку: пратенички прашања, интерпелација, формирање анкетни комисии за испитување на одговорноста на министрите, и сл.

Значи, овластувањата на двете гранки на власт (да се „мешаат“ во вршењето на надлежноста на другата власт и да влијаат на нејзиното опстојување) воедно се и средства за одржување на рамнотежата меѓу двете власти. Нивната соработка и заемна зависност доведува до ограничување на власта, така што никој нема монопол над неа.

Ако, пак, се тргне од диспозитивните критериуми:[8]

1. Во парламентарниот систем постои и шеф на држава и премиер, односно влада.
2. Во парламентарните монархии, шефот на државата доаѓа по наследен пат, додека во парламентарните републики се избира од парламентот. Премиерот не се избира од граѓаните и покрај тоа што многумина велат дека, de facto, премиерот се избира на избори од граѓаните, бидејќи граѓаните имаат во вид кој сакаат да биде премиер кога гласаат на избори. Сепак, тоа зависи од изборните правила и политичкиот систем во одредена земја.
3. Во парламентарните монархии, мандатот на шефот на државата е доживотен, а во парламентарните републики, претседателот на републиката има фиксен мандат (на пример: 5 години во Германија). Премиерот, пак, нема фиксен мандат и ако има цврсто мнозинство во парламентот ќе остане на чело на владата за време на целиот мандат на парламентот. Но, исто така, можно е да се смени премиерот без да се распушти парламентот. Тоа се

[8] Justin Orlando Frosini, „Forms of state and forms of government“, во: Guseppe Franco Ferrari (ed.), „Introduction to Italian Public Law“, Milano. 2022, стр. 49-51.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Брегзит е повлекување на Обединетото Кралство од Европската Унија, на 31 јануари 2020 година. Обединетото Кралство беше член на Европската Економска Заедница од 1973 година. Во јуни 2016 година беше одржан референдум за членство на Обединетото Кралство во ЕУ, на кој 51,89 % од гласовите биле за излегување од ЕУ, а 48,11 % биле за останување во ЕУ. Излезноста на референдумот била 72,21 %. По референдумот, премиерот Дејвид Камерун, кој водел кампања за останување во ЕУ, поднел оставка. Новата премиерка, Тереза Меј, во март 2017 година формално го почна процесот на излегување на Обединетото Кралство од ЕУ.

случи, на пример, во 2016 година по референдумот за Брегзит, кога Конзервативната партија го замени Дејвид Камерун со Тереза Меј, во 2019 година кога Борис Џонсон ја замени Тереза Меј, во 2022 година кога Лиз Трус го замени Борис Џонсон и истата година кога по само 50 дена од премиерувањето, Лиз Трус беше заменета со Риши Сунак. Можност за предвремен престанок на мандатот на премиерот има и во Германија, каде постои „конструктивно гласање на недоверба“, при што за да се пристапи кон гласање недоверба на владата, мнозинство во Бундестагот треба да предложи нов премиер. Тој механизам беше применет во 1982 година кога Хелмулт Кол, премиер од Христијанско-демократската партија, беше заменет со Хелмут Шмит од Социјалдемократската партија, по промени во коалицијата. Слична одредба има и во Уставот на Шпанија и истата беше искористена во 2018 година кога Педро Санчез го замени на премиерската функција Мариано Рајоу.[9]

Шефот на државата во парламентарниот систем има периферна улога во политичкото управување. Делотворниот дел од извршната власт е кабинетот (владата), кој произлегува од парламентарното мнозинство. Во британскиот систем постои разликување на Владата како пошироко тело и Кабинетот како потесно тело. Владата во свои рамки ги опфаќа: членовите на Кабинетот, министрите кои не се членови на Кабинетот, одредени носители на највисоки функции, државни потсекретари, парламентарни секретари, и сл. Бројот на членови на Владата достигнува и до 120 – 130 членови, а таа како тело не се состанува никогаш. Во Кабинетот влегуваат оние министри кои ќе ги покани премиерот. Бројот на членови на Кабинетот се движи околу 20 – 30. Членовите на Кабинетот мора да бидат и пратеници.

[9] Justin Orlando Frosini, „Forms of state and forms of government“, во: Guseppe Franco Ferrari (ed.), „Introduction to Italian Public Law“, Milano. 2022, стр. 51.



Слика 6. Сликовит приказ на изборот на Парламент и Кабинет во парламентарен систем.

2.3. УЛОГАТА НА КАБИНЕТОТ ВО ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Во парламентарниот систем, Кабинетот (Владата) е единствен ефективен носител на извршната власт.

Во британскиот политички систем, законодавната и извршната власт меѓусебно се поврзани преку Кабинетот, кој е делотворниот, ефективен носител на извршната власт. Кабинетот е срцевината на британскиот уставен систем, кој го обезбедува единството на британскиот систем на власт.[10] Тој е „спојница која ги поврзува законодавната и извршната власт“, „лост околу кој се врти целокупниот политички механизам“.[11] Членовите на Кабинетот не само што треба да бидат членови на Парламентот, туку треба и да ја уживаат довербата од House of Commons (Домот на комуните – Домот на обичните – Долниот дом). Кабинетот се избира во Парламентот и политички одговара пред него.

Особен придонес на политичкиот систем на Обединетото Кралство во политичките науки не е само **претставничката** Влада, туку и **одговорната** Влада. Суштината на одговорната Влада на Обединетото Кралство е можноста House of Commons да му изгласа недоверба на Кабинетот. Ова може да создаде претстава за целосна подреденост на Кабинетот под Парламентот, но во реалноста „министрите, во

[10] I. Jennings, „Cabinet Government“, 1959, стр. 1. Наведено според: Sathearn Gordon, „Our Parliament“, London. 1964, стр. 28 и Г. Бугарски – Златиќ, „Енглеска кабинетска влада“, Нови Сад. 1939, стр. 16.

[11] Ф. О. Ог, „Политичко уређење савремене Енглеске“ – прва књига, Београд. 1937, стр. 239 и Г. Бугарски – Златиќ, „Енглеска кабинетска влада“, Нови Сад. 1939, стр. 16.

основа, се господари на домовите, а според формата се нивни слуги“.[12] За да опстане, Кабинетот мора да ужива поддршка од мнозинството во House of Commons. Во Обединетото Кралство, со оглед на нивниот мнозински изборен модел, мнозинствата во Парламентот се стабилни. Така, во текот на XX век само во 3 случаи на Кабинетот му била изгласана недоверба. Всушност, англиските кабинети не паѓаат толку во Парламентот, колку на избори.[13] Но, и покрај тоа, барањето Владата да ја задржи довербата во House of Commons, сè уште е основен принцип на англискиот политички систем.

Изразувањето на довербата на Владата од Парламентот се врши со поддршка на владините предлози во Парламентот. Но, одамна е усвоено правилото дека секое негативно изразување на мнозинството на House of Commons против некој владин предлог не значи изразување на недоверба. Во ретки случаи Владата (која располага со мало мнозинство или во владејачката партија дојде до расцеп) ќе претрпи пораз при гласање во House of Commons. Таа е обврзана да поднесе оставка само ако: 1) се гласало за конкретен, формално поднесен предлог од опозицијата на Владата да ѝ биде изгласана недоверба, или 2) ако Владата формално го постави прашањето на доверба или, пак, јасно соопштила дека ќе се повлече, ако некој нејзин предлог изнесен на гласање не добие поддршка од House of Commons.[14]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Солидарна одговорност на владата значи дека сите министри се еднакво и заемно одговорни за сите владини одлуки.

Она што е карактеристика на британскиот парламентарен систем и што е „длабоко вкоренето во кабинетскиот колегијален етос“[15] е начелото на **солидарна одговорност**, што значи дека сите министри се еднакво и заемно одговорни за сите владини одлуки и Парламентот не може да бара смена на еден министер. Во евентуален таков случај, недовербата искажана кон тој министер претставува недоверба кон целиот Кабинет, според принципот: „one out, all out“ (еден надвор, сите надвор). Постоењето солидарна одговорност, претставува предност на Кабинетот.[16] Имено, таа во минатото била добра одбрана од кралот кој се двоуми да отпушти некој министер кој не му се допаѓа, а денес таа е добра одбрана од Парламентот кој тешко се одлучува за гласање на недоверба на целиот Кабинет, со оглед на последиците што можат да произлезат од тоа, а кои се однесу-

[12] Chateubriand „De la Monarchie selon la Charte“, Paris. 1840, tome II, стр. 226. Наведено според: Š. Kurtović, „Vrhovna izvršna vlast u Francuskoj Trećoj Republici 1871-1887 – I Institucije“, Zagreb. 1980, стр. 11.

[13] Двапати во 1924 и еднаш во 1979. A. H. Birch, „The British System of Government“, New York, 1967, стр. 205.

[14] M. Jovičić, „Veliki ustavni sistemi“, Beograd. 1984, стр. 47-48.

[15] S. James, „British Cabinet Government“, London, New Yrok. 1994, стр. 8.

[16] Sathearn Gordon, „Our Parliament“, London. 1964, стр. 19.

ваат на неговиот опстанок.[17] Критичарите сметаат дека солидарната одговорност, всушност, е метод за одржување на партиската дисциплина и метод за водење на партијата.[18]

Имено, кога на Кабинетот ќе му биде изгласана недоверба од House of Commons, премиерот има две можности – или да поднесе оставка, или да побара од монархот да го распушти House of Commons и да распише нови избори.

Распуштањето на House of Commons е средство со кое се зајакнува положбата на Кабинетот, односно на премиерот, во односите со Парламентот. Можноста за распуштање на House of Commons игра улога на „пендрек" за зауздување на опозицијата во Парламентот.[19] Распуштањето на Парламентот, никако не е повреда на правата на граѓаните, туку, напротив, тоа е давање на власта повторно во рацете на граѓаните, во случај на судир меѓу Владата и Парламентот преку избори да одлучат за тоа кој ќе ја води земјата во следниот период. Денес, сè повеќе се истакнува дека на избори граѓаните, всушност, гласаат за премиер кој ќе формира Влада и дека Парламентот ја игра улогата на електорите во САД кои само ја пренесуваат волјата на избирачите преку „ратификација" на изборот на премиерот.[20] Така, логична последица е Владата што ја изгубила еднаш добиената доверба од House of Commons, да има можност да „вложи жалба" против „првостепената одлука" на Парламентот и да побара граѓаните да го решат спорот со донесување „конечна одлука" на изборите.[21] Ако по изборите друг кандидат за премиер ужива мнозинска поддршка во Парламентот, Владата е должна да се повлече и нема можност да го распушти новоизбраниот состав на House of Commons.

Но, правото да побара распуштање на House of Commons, премиерите го користеле и во случаи кога ја уживале довербата во Парламентот. Тоа е случај кога во одредени моменти се проценува дека рејтингот на владејачката партија е висок и се очекува победа на изборите, па Владата предвреме го распушта House of Commons и со тоа си обезбедува нов петгодишен мандат. Како показател за тоа често се користат и резултатите од локалните избори.[22] При

[17] P.G. Cocker, „Contemporary British Politics and Government", London. 1993, стр. 100.
[18] Barrie Axford, Gary K. Browning, Richard Huggins, Ben Rosamond, John Turner, „Uvod u politologiju", Zagreb. 2002, стр. 277.
[19] I. Jennings. Според: D. Kavanagh, „British Politics – Continuities and Change", Oxford. 1985, стр. 211.
[20] Y. Bailey, „British Parliamentary Democracy", Boston. 1971, стр. 48.
[21] M. Jovičić, „Veliki ustavni sistemi", Beograd. 1984, стр. 48.
[22] Оваа можност ја искористи Маргарет Тачер во 1983 година заради обновување на мандатот на Конзервативната партија за уште пет години. Во 1987 година охрабрена од локалните избори, Маргарет Тачер повторно побара распуштање на Парламентот и распишување избори.

преземање на овој чекор од премиерот, многу е битна правилната процена на моментот, бидејќи распуштањето на Парламентот е „оружје со два краја и во случај на пораз никој нема да изгуби повеќе од премиерот“.[23] Тоа доведе да се направат уставни измени во Обединетото Кралство, токму околу можноста премиерот да одлучува за распуштање на Парламентот.

Во 2011 година, во Обединетото Кралство се донесе Закон за фиксен мандат на Парламентот. Овој закон беше во сила до 2022 година. До донесување на овој закон, изборите се одржуваа на пет години, а можеа да се одржат порано ако премиерот побара од монархот да го искористи кралскиот прерогатив и да го распушти Парламентот. Законот за фиксен мандат на Парламентот ја укина оваа вековна можност на премиерот. За да се одржат предвремени избори, согласно законот, требаше да биде исполнет еден од двата услова:

- Да се изгласа недоверба на Владата, а во рок од 14 дена не се даде поддршка на нова Влада;
- Со 2/3 мнозинство да се изгласа одлука за предвремени избори. Ваква одлука беше донесена во 2017 година кога Тереза Меј доби поддршка од 2/3 во Парламентот за одржување предвремени избори.

Постоеја неколку причини за донесување на Законот за фиксен мандат на Парламентот:

- Според претходниот систем, премиерот одлучуваше за времето на предвремени избори според тоа како најмногу одговара на неговата партија.
- Според претходниот систем, полесно беше да се надминат политичките конфликти и нестабилноста со распуштање на Парламентот, наместо со барање заеднички решенија.

Откако опозицијата го блокираше Борис Џонсон во три наврати да одржи предвремени избори, во 2019 година (со обично мнозинство) беше донесен Закон за предвремени избори во 2019, со кој се заобиколи Законот за фиксен мандат на Парламентот. Со овој закон беа закажани предвремени парламентарни избори, без да се добие 2/3 мнозинство во Собранието. Во Обединетото Кралство, согласно начелото на парламентарна супрематија, се смета дека сите закони

[23] Од 1945 од 12 распуштања на Парламентот, актуелниот премиер 5 пати ги изгубил изборите. Во 1997 година, по распуштањето на Парламентот, премиерот Џон Мејџор ги изгуби изборите и со тоа прекина 18-годишното владеење на Конзервативната партија. За нов премиер беше именуван Тони Блер – лидерот на Лабуристичката партија.

имаат еднаква сила и не се сметаше дека со овој закон се повреди Законот за фиксен мандат на Парламентот.

Во 2022 година, Законот за фиксен мандат на Парламентот беше заменет со Закон за распуштање и свикување на Парламентот. Со новиот закон е вратено претходното уставно решение, според кое кралот има прерогатив да го распушта и свикува Парламентот на барање на премиерот. Всушност, со овој закон премиерот си го поврати овластувањето да одлучува за одржување на предвремени парламентарни избори.

Од овој развој на политичката сцена и на уставниот систем во Обединетото Кралство, може да се види дека овие две прашања – политичката одговорност на Владата и можноста за распуштање на Парламентот, се најважни одлики во односите меѓу законодавната и извршната власт. Во функционирањето на парламентарниот систем во Англија може да се согледа надмоќта на Кабинетот кој ја има можноста не само да ја врши извршната власт, туку и да доминира над законодавната власт. Кабинетот успеа да ја оствари тенденцијата да стане господар, а не слуга на Парламентот. За одредени автори тоа е нормална работа, бидејќи парламентите не се тела кои можат позначително да влијаат врз власта.[24] Други автори жалат дека парламентите „зборуваат малку“ и им дозволуваат многу слобода на кабинетите.[25] Денес, сè повеќе се зборува за Парламентот како „приврзок“ на Кабинетот, како тело кое одобрува механички, без размислување,[26] како и за „диктатура на Кабинетот“[27] и неговото владеење го споредуваат со американскиот политички систем.[28]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Премиерот има централна улога во Кабинетот.

Централна улога во Кабинетот има премиерот. Тој е primus inter pares (прв меѓу еднаквите), со акцент на зборот „прв“, затоа што, како што велел поранешниот премиер Винстон Черчил: „Не може да има споредба меѓу позициите на бројот еден со броевите два, три или четири“.[29] Така, во односите со членовите на Кабинетот, „премиерот

---

[24] Philip Norton, „The Commons in Perspective“, Oxford. 1981. Наведено според: B. Smerdel, „Evolucija predsjedničke vlade u Sjedinjenim Američkim Državama: kongresni veto“, Zagreb. 1984, стр. 5.

[25] S. Finer во R.C. Macridis and R.E. Ward (eds.), „Modern Political Systems – Europe“, New Jersey. 1963, стр. 117.

[26] Sathearn Gordon, „Our Parliament“, London. 1964, стр. 155.

[27] M. Duverger, „Institutiones politiques et droit constitutionnel“, Paris. 1960, стр. 240.

[28] Г. Бугарски – Златић, „Енглеска кабинетска влада“, Нови Сад. 1939, стр. 248.

[29] R. Rose, „Politics in England“ во G.A. Allmond and G.B. Powel, „Comparative politics today“, Glenview, Illinois, Boston, London. 1988, стр. 156.

не е нивен колега, тој им е шеф".[30] Извор на неговата моќ е и тоа што премиерот е лидер на мнозинската партија во House of Commons.[31] Согледувајќи ги овластувањата на премиерот, не само во однос на неговите министри, туку и во однос на House of Commons (ако се има предвид дека премиерот ја донесува одлуката за негово распуштање), одредени автори зборуваат за премиерот како за „средновековен монарх"[32], односно за постоење ера на премиерско владеење[33], во која центарот на власта е во рацете на премиерот кој: именува и разрешува министри, претседава со Кабинетот, го утврдува дневниот ред, ги сумира неговите одлуки, итн. Поради тоа што и извршната и законодавната власт во Обединетото Кралство се наоѓаат во рацете на една политичка партија, некои автори сметаат дека позицијата на британскиот премиер е посилна од позицијата на американскиот претседател, односно тој е помалку ограничен во Парламентот, отколку претседателот на САД во Конгресот. Дополнително, мандатот на премиерот на Обединетото Кралство не е ограничен – тој ќе биде премиер додека е лидер на мнозинската партија во House of Commons.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Мандатот на премиерот не е временски ограничен.

2.4. УЛОГАТА НА ШЕФОТ НА ДРЖАВАТА ВО ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО

Континуираното „обезвластување" на монархот во Обединетото Кралство и неговото сведување на симболичен шеф на државата, беше резултат на потребата оваа политичка институција да се адаптира на потребите на модерната демократија. „Англичаните му ја одзеле власта на кралот, но не го соборile; тие задржале еден божемен крал за никој да не стане вистински крал".[34]

Денес, на монархот му е наметната обврската да биде надвор од политичките пресметки и од вистинското водење на политиката. Од него се очекува да ја игра својата улога на власта „без било кога да покаже и најмал знак на поголема наклонетост кон една

[30] A. King, „Cabinet co-ordination or prime ministerial dominance? A conflict of three principles of Cabinet government", во Ian Budge and David McKay, „The Developing British Political System: The 1990s", London. 1993, стр. 59.

[31] Според уставната конвенција, премиерот треба да е не само лидер на мнозинството во Домот на комуните, туку и негов член. Историјата познава пример кога еден кандидат за премиер се откажал од титулата лорд за да стане член на Домот на комуните, наместо да е член на Домот на лордовите.

[32] B. Jones and D. Kavanagh, „British Politics Today", Manchester and New York. 1992, стр. 147.

[33] Colin Turpin, „British Government and the Constitution – Text, Cases and Materials", London. 1990, стр. 177.

[34] S. Jovanović, „Političke i pravne rasprave I-III", tom II, Beograd. стр. 646.

партија или политика, отколку кон друга“. Ваквата деликатна позиција на монархот може да биде обезбедена само со почитување на уставните конвенции со кои се регулирани неговите прерогативи.[35] Тие прерогативи кои се остаток од неговите некогашни дискрециони овластувања, се: овластување на монархот да именува премиер, овластување да го свикува и распушта Парламентот и овластување да дава согласност на законите усвоени во Парламентот. Притоа, ова се само формални овластувања на монархот, чиешто вршење е сведено на ритуал.

Слика 7. Чарлс III е крунисан за крал на Обединетото Кралство на 6 мај 2023 година.[36]

Право (должност) на монархот да именува премиер – Во секој политички систем постои процедура за формирање на влада, во кој некој орган е овластен да го преземе првиот чекор. Оваа функција во Обединетото Кралство ја врши монархот, во чија надлежност е ставен формалниот избор на премиерот. Без огледа дали тоа се сфаќа како право или како должност на монархот, сепак при вршење на оваа функција во практиката тој нема вистинска можност за избор. Тој мора да го именува за премиер водачот на партијата која има мнозинство во House of Commons, односно оној кој ќе може да формира Кабинет кој ќе има доверба од мнозинството во House of Commons. Значи, лидерот на партијата која има доверба во

35 A.H. Birch, „The British System of Government“, New York. 1967, стр. 65.
36 United Kingdom Open Government Licence v3.0.

House of Commons има „неоспорно побарување да биде именуван за премиер“.[37]

Овластувањето на монархот да го свикува и распушта Парламентот, исто така, има симболичен и формален карактер. Монархот го распушта Парламентот на барање на премиерот, односно не може да го распушти Парламентот без барање на премиерот.

Право на монархот на законодавна санкција, односно кралска согласност на закон (royal assent) е остаток од некогашното право на монархот да носи закони или да ги укинува или менува постојните закони. Одбивањето на монархот да даде кралска согласност на некој закон би значело ставање вето на тој закон. Таква постапка на монархот денес се смета за „државен удар“, со оглед на тоа што последното вето е ставено во 1707 година од страна на кралицата Ана.[38] Така што, ставањето на кралскиот печат на законите е чиста формалност, без право на кралот да може да одбие да даде согласност.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Во „Говорот од Тронот“ се содржани приоритетите на Владата.

Значи, улогата на монархот во Обединетото Кралство е периферна. Тој нема право ниту да дава изјави во јавноста за законодавството. Кога зборува за политички прашања, монархот зборува како „спикер на неговите министри“.[39] Таканаречениот „Говор од Тронот“, којшто монархот го чита на почетокот на годишното заседание на Парламентот, не е негов говор, туку тој ја содржи програмата на Кабинетот која ќе биде предложена во законодавното тело. По читањето на тој говор, за него се дискутира во двата дома на Парламентот.

Бидејќи монархот нема овластувања, тој и нема одговорност. Одговорноста на извршната власт во Обединетото Кралство целосно ја преземаат министрите. Сепак, со оглед на тоа што монархот игра една симболична улога за нацијата, неговото значење треба да се бара токму во фактот што тој е синоним за континуитетот и стабилноста на заедницата и потребата од лојалност кон неа.

---

37 Colin Turpin, „British Government and the Constitution – Text, Cases and Materials“, London. 1990, стр. 16.

38 R. Marković, „Izvršna vlast“, Beograd. 1980, стр. 140.

39 Војводата од Виндзор, поранешниот Крал Едвард VII го започна радио обраќањето по неговото абдицирање со зборовите: „По долго време, конечно можам да кажам неколку зборови кои се лично мои. Никогаш не сакав ништо да кријам, но до сега уставно не беше можно јас да зборувам.“ Видете: Y. Bailey, „British Parliamentary Democracy“, Boston. 1971, стр. 16.

3. ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ СИСТЕМ

3.1. ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИОТ СИСТЕМ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Претседателскиот систем е заснован на строга поделба на власта.

Претседателскиот систем е облик на организација на власта кој е заснован врз начелото на строга поделба на власта, но и овде постојат отстапувања од неговото целосно применување. Меѓу органите на власт во претседателскиот систем, уставно и стварно, постои организациона и функционална независност. Организациона независност постои кога органите не произлегуваат еден од друг, односно не се избирани еден од друг и политички не одговараат еден пред друг. Функционална независност постои кога секој од овие органи во вршењето на своите надлежности е самостоен и кога ниту еден друг орган нема право да се меша во нивното вршење, да укинува акти или да дава задолжителни упатства.

Слика 8. Приказ на начинот на избор на законодавната и извршната власт во претседателскиот систем.

Во претседателскиот систем, покрај строгата поделба на власта, постои и принципот на кочници и рамнотежа (check and balances).

Суштината на претседателскиот систем лежи во положбата на извршната власт, бидејќи тоа е систем во кој целата извршна власт е сконцентрирана во еден орган (моноцефална извршна власт) кој е инокосно организиран.[40] Значи, суштината на претседателскиот систем лежи во положбата и организацијата на извршната власт, која е: фиксна (политички неодговорна); непарламентарна (не се избира во парламентот) и моноцефална (сконцентрирана во еден орган). Значи, во претседателскиот систем целата извршна власт е сконцентрирана во шефот на државата кој се избира од нацијата, а не од парламентот, заради што парламентот нема право да гласа за недоверба на претседателот.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Извршната власт во претседателски систем е: моноцефална, инокосна, фиксна и непарламентарна.

Начинот на избор на претседателот доведува до постоење на стабилни политички институции, од една страна, но и до неможност за решавање на евентуални судири меѓу државните власти кои се избираат од граѓаните.

Суштината на овој систем изразена преку одговорноста на извршната власт, се искажува со следната формула:[41]



Слика 9. Приказ на претседателски систем од аспект на одговорноста.

Називот на овој систем потекнува од обликот на организацијата на извршната власт – монистичка и инокосна – која ја врши претседателот. Значи, функцијата шеф на држава и шеф на влада се комбинирани во една личност – претседател.

Прототип на претседателскиот систем има во САД. Некои земји во Централна и Јужна Америка, Африка и Азија се обидоа да го копираат, но заради различниот политички и општествен контекст, направија адаптации давајќи му овластувања на претседателот да го распушта парламентот (овластување што го нема претседателот на САД). Тоа доведе до нестабилна власт и до авторитарен президенцијализам.[42]

---

[40] Ратко Марковић, „Ширење претседничког система у свету“, „Два века савремене уставности“, Београд. 1990, стр. 379-380.

[41] Miodrag Jovičić, „Odgovornost nosilaca javnih funkcija“, Beograd. 1968, стр. 166.

[42] Justin Orlando Frosini, „Forms of state and forms of government“, во: Guseppe Franco Ferrari (ed.), „Introduction to Italian Public Law“, Milano. 2022, стр. 51.

3.2. ОБЕЛЕЖЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИОТ СИСТЕМ

Споредено со парламентарниот систем, диспозитивните карактеристики на претседателскиот систем се дијаметрално спротивни:

1. Шефот на државата и шефот на Владата се комбинирани во една институција – претседателот. Значи, во претседателскиот систем не постои функцијата премиер. Конгресот не може да гласа за недоверба на претседателот.
2. Претседателот е избран од граѓаните. Одредени автори прават разлика меѓу два термина: „popularly elected" (избран од граѓаните) и „directly elected" (избран на непосредни избори), при што за претседателот на САД, кој формално се избира од електори, велат дека е избран од граѓаните, на посредни избори.[43]
3. Претседателот има фиксен мандат од 4 години и може да биде реизбран уште еднаш. Конгресот може да почне постапка за импичмент (кривична одговорност), но не и да гласа за недоверба на претседателот (политичка одговорност).

Стравот на уставотворците на САД бил дека ќе го заменат наследниот крал во Англија со нов крал во облик на претседател. Од тие причини создале систем на кочници и рамнотежа меѓу гранките на власт. Целта на овој систем е да ги спречи апсолутистичките стремежи во вршењето на одделни функции на државната власт, при што едната власт ја „сопира" другата власт без да се загрозува самостојноста на нејзините носители. Таа меѓусебна зависност на носителите на државната власт бара меѓусебна координација. Системот на кочници и рамнотежа не е спротивен на теоријата на поделба на власта туку, напротив, тие се комплементарни. Џејмс Медисон (еден од творците на Уставот во САД) сметал дека степенот на поделба на власта, кој начелото на поделба на власт го бара, во практика никогаш нема да биде постигнат онака како што треба, доколку овие гранки на власт не се поврзат и преплетат меѓу себе, на начин кој ќе ѝ овозможи на секоја одделна власт уставен надзор над другите.[44]

---

[43] Аренд Лајпхарт. Видете: Justin Orlando Frosini, „Forms of state and forms of government" во: Guseppe Franco Ferrari (ed.), „Introduction to Italian Public Law", Milano. 2022, стр. 51.

[44] L. Fisher, „Constitutional Conflicts between Congress and the President", New Jersey. 1985, стр. 14.

Почетната точка во постоењето на поделбата меѓу законодавната и извршната власт и нивната начелна еднаквост и рамноправност произлегува од еднаквиот избор од кој го црпат својот легитимитет – граѓаните. Значи, во овој систем претседателот се избира од граѓаните (посредно преку електори, но со ефекти како од непосредни избори), а не од законодавното тело. Од начинот на неговиот избор, произлегува и непостоењето политичка одговорност на претседателот пред Конгресот. Единствено тој кривично одговара пред Конгресот по специјално обвинение – impeachment. Во вршењето на работите од својот делокруг, извршната власт „ја кочи" законодавната власт, но и обратно. Во одредени области, и двете власти имаат овластувања, што доведува до допирни точки, со цел да се одржи рамнотежата меѓу нив.

Значи, рамнотежата меѓу законодавната и извршната власт се одржува преку системот на ***„кочници и рамнотежа" (checks and balances)***, при што законодавната власт ја „кочи" извршната власт, и обратно. **Кочници на законодавната спрема извршната власт се:**

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Системот на „кочници и рамнотежа" овозможува одржување на рамнотежа меѓу законодавната и извршната власт.

- **Постапката за кривична одговорност на претседателот (импичмент).** Како што веќе беше споменато, претседателот на САД политички не одговара пред друг орган и тој може само кривично да одговара за: предавство, примање мито или други тешки злосторства и престапи. Постапката за импичмент почнува во Претставничкиот дом на Конгресот, со обично мнозинство, а на претседателот му суди Сенатот. Во постапка за импичмент со Сенатот претседава претседателот на Врховниот суд, бидејќи се смета дека станува збор за правна постапка за утврдување кривична одговорност. Во таа постапка, доколку 2/3 од присутните сенатори одлучат дека претседателот е виновен, тој ќе биде разрешен од функцијата. Граѓаните на САД, функционирањето на овој механизам во пракса го видоа неколку пати. Во 1868 година му се судело на претседателот Ендру Џонсон, но за негова осуда недостасувал само еден глас. Ендру Џонсон бил обвинет по 11 основи, но главен повод за импичмент било кршењето на Законот за траење на служба, според кој претседателот не смеел да разрешува одредени носители на функции без согласност на Сенатот.

Слика 10. Постапката за импичмент на претседателот Бил Клинтон пред Сенатот со кој претседаваше претседателот на Врховниот суд.

Во 1998 година, Претставничкиот дом одлучил да покрене постапка за импичмент на претседателот Бил Клинтон заради лажење под заклетва кога бил испрашуван за скандалот со Моника Левински. Клинтон бил обвинет по две основи – кривоклетство (лажење под заклетва) и попречување на правдата. Ниту еден од двете основи за обвинение не добил 2/3 мнозинство во Сенатот и Клинтон останал да ја врши функцијата претседател на САД.

Против претседателот Доналд Трамп двапати била започната постапка за импичмент и тоа во 2019 и во 2021 година. Откако се појавиле информации дека претседателот Доналд Трамп вршел притисок на странска земја да се вмеша во негова корист на изборите кои требало да се одржат во 2020 година, Претставничкиот дом на Конгресот во 2019 година започнал постапка за импичмент по две основи: а) злоупотреба на овластувања преку притисок врз Украина да спроведе истрага над неговиот политички противник пред изборите во 2020 година и б) опструкција на Конгресот преку наредбата на службеници да одбијат да сведочат пред Претставничкиот дом. Гласањето во Сенатот во првата постапка за импичмент на Трамп беше неуспешно.

Втората постапка за импичмент против Доналд Трамп беше покренатa во 2021 година, по нападот на Претставничкиот дом, со цел да се оспорат резултатите од претседателските избори во 2020 година

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Вотергејтската афера е политички скандал во САД, од 1972 до 1974 година, кој резултираше со оставка на претседателот на САД – Ричард Никсон. Скандалот почнува со откривање на уреди за прислушување во изборниот штаб на Демократската партија, сместен во комплексот на згради во Вашингтон, наречен Вотергејт. По тој повод се уапсени пет лица. Првичните истраги спроведени од надлежни органи, како и истражувања на новинари, воделе до Никсон, односно откриле дека овој упад е направен од лица од администрацијата на Никсон, а дека тој одобрил нивните активности да бидат прикриени. Под закана за импичмент, Никсон си поднел оставка.

на кои Трамп изгуби од Џо Бајден. Претставничкиот дом, на 13 јануари 2021 година, поведе постапка против Трамп за „поттикнување на востание“. И покрај тоа што мандатот на Трамп заврши на 20 јануари, судењето во Сенатот започна на 9 февруари 2021 година, но не беше постигнато 2/3 мнозинство на гласови.

Слика 11. Гласањето во Претставничкиот дом при првата постапка за импичмент на претседателот Доналд Трамп.

Претседателот Ричард Никсон, под закана за поведување постапка по импичмент, во 1974 година сам поднел оставка. По неговата оставка, потпретседателот Џералд Форд ја вршел претседателската функција и донел одлука за помилување на Никсон.

- **Сенатот дава мислења и согласност при именувањата на одредени функционери од страна на претседателот** (амбасадори, други дипломатски претставници и конзули, судии на Врховен суд, и др.). Постапката за именување службеници за кои

е потребна согласност од Сенатот се одвива во три фази: претседателот ги номинира (ги одредува) лицата кои смета дека треба да бидат именувани на определена должност; Сенатот дава согласност за тие лица; претседателот формално ги именува.

- **Ратификација во Сенатот на меѓународните договори склучени од страна на претседателот** – Претседателот на САД е овластен во водењето на надворешната политика да склучува меѓународни договори, кои потоа треба да бидат потврдени со 2/3 мнозинство од присутните сенатори. Сенатот може да го отфрли склучениот договор, да стави амандмани и резерви на договорот. Со таа надлежност на Сенатот, сериозно е ограничена надлежноста на претседателот на САД во водењето на меѓународната политика, кој мора да води сметка за расположението во Сенатот. Еден од најпознатите договори кои Сенатот одбил да го ратификува е Версајскиот мировен договор од 1919 година. Исто така, во 2012 година Сенатот одбил да ја ратификува Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, донесена од ООН. За да ги избегнат проблемите со ратификацијата на склучените договори, претседателите сè почесто прибегнуваат кон склучување на, т.н., извршни спогодби (executive agreement), за кои не е потребна согласност од Сенатот.



Слика 12. Версајскиот мировен договор од 1919 година не бил ратификуван во Сенатот.

Наспроти механизмите во рацете на Конгресот, и претседателот располага со механизми за влијание врз законодавната власт. **Кочници на извршната власт спрема законодавната власт се:**

- **Правото на суспензивно вето,** кое е во рацете на претседателот. Секој законски предлог кој ќе биде усвоен од Конгресот, пред да стане закон му се испраќа на претседателот на потпис. Штом претседателот го потпише законскиот предлог, тој станува закон. Но, доколку претседателот не се согласува со законскиот предлог, може да одлучи да го врати на повторно разгледување во оној дом од кој законскиот предлог потекнува. Со тоа, претседателот ставил суспензивно вето. Ветото е суспензивно, а не апсолутно, бидејќи може да биде отфрлено доколку законскиот предлог се усвои со двотретинско мнозинство во двата дома на Конгресот. Значи, претседателот со ветото бара законскиот предлог повторно да се разгледува во Конгресот и да се усвои со поширок консензус од 2/3 мнозинство во двата дома. Претседателот на САД може да не преземе никаква активност, ниту да го потпише, ниту да стави вето, односно да го врати законскиот предлог во Конгресот. Во тој случај, законскиот предлог станува закон по истекот на 10 дена, не сметајќи ги неделите. Но, доколку во периодот на десетте дена на ваква неактивност на претседателот Конгресот се распушти, тогаш се смета дека е ставено вето. Значи, ако претседателот не го потпишал законскиот предлог, а доколку во меѓувреме Конгресот се распушти, таквото одбивање има карактер на апсолутно вето. На некои автори овој случај им наликувал како претседателот молчејќи да го ставил законскиот предлог во џеб и овој вид вето го нарекле „џебно вето“ (pocket veto). Ветото на претседателот е значаен механизам што го има во законодавната сфера, но тој нема само улога да сопре еден предлог на закон (негативен ефект), туку ветото има и позитивен ефект, бидејќи преку него, преку образложението на ветото, претседателот изразува не само што не сака, туку и што сака, односно укажува на правецот во кој сака да се извршат промените на предложениот закон.
- **Пораките на претседателот за состојбата на Унијата,** исто така, се користат како механизам за влијание на претседателот врз Конгресот. Претседателот на САД нема изречно законско овластување на законодавна иницијатива, но неговите пораки до Конгресот се сметаат како „’тројански коњ’ за законодавна иницијатива“.[45] Преку овие пораки кои претседателот

45 Ratko Marković, „Izvršna vlast“, Beograd. 1980, стр. 202.

ги упатува до Конгресот, тој одвреме-навреме го известува Конгресот за состојбата на Унијата и му изнесува на разгледување мерки кои смета дека се потребни и целисходни. Оваа надлежност на претседателот му дава можност да учествува во креирањето на законодавството, бидејќи преку пораките кои ги упатува, тој ја презентира својата програма пред Конгресот и пред јавноста.

Слика 13. Членовите на Конгресот од Републиканската партија со аплауз го поздравија говорот на претседателот Доналд Трамп во 2020 за состојбата на Унијата.

Слика 14. Спикерката на Претставничкиот дом Ненси Пелоси од Демократската партија го искина говорот на претседателот Доналд Трамп по неговото обраќање за состојбата на Унијата во 2020.

- **Свикување специјални сесии на Конгресот** – претставува овластување кое некогаш било значајно, но денес, кога Конгресот заседава преку целата година, ова овластување на претседателот да свикува специјални сесии го изгуби своето значење. Сепак, претседателот на САД формално може да свикува специјални сесии на двата дома или на кој било од нив или, во случај на несогласување меѓу нив во поглед на времето на одржување, може да го одложи нивното заседание за време кое го смета за погодно. Но, претседателот не може да го утврди дневниот ред на специјалните сесии.

Американскиот политички систем се карактеризира со бескрајната борба за супрематија меѓу претседателот и Конгресот. Оттаму, сосема е разбирлив копнежот на претседателот Теодор Рузвелт: „Ох, кога би можел барем десет минути да бидам истовремено и претседател и Конгрес." Подоцна, Франклин Рузвелт ќе ја изрази својата претпоставка дека Теодор Рузвелт не е единствениот претседател кој ја имал таа идеја.[46]

Во обидот на претседателот за супрематија над Конгресот му стои на располагање неговото овластување да испраќа пораки до Конгресот и правото на вето на законите донесени од Конгресот.

Но, како средство за обезбедување на позицијата на Конгресот во неговите односи со претседателот, значајна е неговата „моќ над ќесето".[47] Уставно и теоретски, Конгресот ја има „моќта над ќесето" преку овластувањето да располага со парите од Државната благајна, но со законските одредби од 1921 година согласно кои одговорноста за: формулирање, планирање и програмирање на буџетот е ставена во рацете на извршната власт, теоријата и практиката се разминале.[48]

Водечката улога на извршната власт во областа на буџетот и финансиите растела и произлегувала од фактот што таа има монопол над информациите и располага со огромен стручен апарат (администрација) задолжен за подготовка на буџетот. Но, дури и кога Конгресот би донел буџет различен од желбата на претседателот, нему му останува уште едно средство, а тоа е суспензивното вето.

И покрај тенденцијата за јакнење на улогата на претседателот, сепак тој своите функции ги врши во рамките на еден сложен уставен и политички систем. Во тие рамки, Конгресот се јавува како

46 R. Pious, „The American Presidency", New York. 1979, стр. 176.
47 A. Hamilton, Dž. Medison, Dž. Džej, „Federalistički spisi", Beograd. 1981, стр. 365.
48 L.H. Tribe, „American Constitutional Law", New York, 1988, стр. 257.

независен центар на власт, па улогата на овие две институции во различни периоди се менувала во зависност од историските околности и луѓето кои ги вршеле функциите.

Постои и една интересна тенденција во односите меѓу Конгресот и претседателот, која покажува дека влијанието на претседателот во Конгресот опаѓа во текот на неговиот мандат. Или, со други зборови, „секој претседател сака брак со Конгресот, но по 'меденият месец' им надвладува чувството за развод." Можеби затоа, за секој претседател е многу полесно кога „Конгресот не е во градот".[49]

Претседателите кои немаат поддршка од законодавното тело ќе се обидат да го заобиколат со носење уредби и со тоа го поткопуваат демократскиот легитимитет. Со користење на овластувањето да носат уредби, претседателите стануваат посилни, но претседателскиот систем станува послаб и покршлив, охрабрувајќи го судирот, наместо меѓусебното прилагодување.[50]

3.3. УЛОГАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ВО СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ

Претседателот на САД како носител на извршната власт е најоригинален орган во Уставот на САД.[51] Алексис де Токвил ја оценил како тешка задачата на американските законодавци да креираат извршна власт зависна од мнозинството граѓани, а сепак доволно силна да дејствува без ограничувања во својата сопствена сфера.[52]

Претседателот на САД е стожер на извршната власт и номинален носител на сите извршни функции на власт. Но, фактот што во САД постои моноцефална извршна власт не треба да наведе на заклучокот дека претседателот сам ги врши сите работи кои се во надлежност на извршната власт. Претседателот не е осамена личност, туку тој политички е опкружен организационо и персонално со низа институции и поединци, кои заедно претставуваат нова институција во политичкиот

49 R. Pious, „The American Presidency", New York. 1979, стр. 176.

50 José Antonio Cheibub and Fernando Limongi, „Legislative-executive relations", во: Tom Ginsburg and Rosalind Dixon (eds.), „Comparative Constitutional Law", Edward Elgar, Cheltenham, UK, Northampton, MA, USA. 2014, стр. 215.

51 Претседателот на САД се смета и за „најдраматична институција" во споредба со другите институции на власта во САД. Ernest S. Griffith, „The American System of Government", New York. 1959, стр. 52.

52 Alexis de Tocqueville, „Democracy in America", vol. I, New York. 1945, стр. 125.

АВТОРИ

Алексис де Токвил /Alexis-Charles-Henri Clérel de Tocqueville/ *(1805-1859)* е француски политички теоретичар и историчар, кој бил судија, адвокат, а одреден период и министер за надворешни работи на Франција. По посетата на САД каде го проучувал нивниот политички и општествен поредок, ја напишал неговата најпозната книга „За демократијата во Америка“, која е објавена во два тома во 1835 и 1840 година. Оваа книга станала една од највлијателните книги во XIX век.

систем на САД, која се нарекува модерно Претседателство.[53] Во нејзини рамки, најстара институција претставува Кабинетот.

Кабинетот е неформално тело, составено од лица (старешини) кои се на чело на управните ресори (департмани). Претседателот ги именува членовите на Кабинетот, по претходна согласност од Сенатот, но тие се одговорни само пред претседателот. Кабинетот е советодавно тело на претседателот и место за дебата по важни прашања од доменот на извршната власт, но во практиката различно е користен. Еден од членовите на Кабинетот на претседателот Рузвелт сликовито го искажа мислењето, кое го делеа и другите членови на Кабинетот, дека за

Слика 15. Кабинетот на претседателот Џо Бајден е составен од 15 старешини на департмани и 9 лица без ресор.[54]

[53] В. Špadijer, „Savremeno predsedništvo u političkom sistemu SAD“, Beograd. 1980, стр. 1.
[54] Официјална фотографија на Белата куќа од 20 јули 2021 сликана од Adam Schultz

интересите на департманите ќе биде најдобро, ако никој од другите старешини не се меша во неговата работа, со зборовите: „Нема никој крај масата кој би можел да ми биде од помош, освен претседателот, и кога ми треба да се консултирам со него јас не го правам тоа на седниците на Кабинетот“.[55] Но, не само членовите на Кабинетот, туку и претседателите не чувствувале потреба од состаноци на Кабинетот. Претседателот Џон Кенеди сметал дека седниците на Кабинетот е „губење време“ и „просто се бесполезни“. Во минатото имало периоди кога Кабинетот се состанувал: еднаш неделно, еднаш на две недели, еднаш месечно, но и периоди кога престанал да се состанува.[56]

Многу поблиско советодавно тело до претседателот е, таканаречениот, „Мал (кујнски) кабинет“ (Kitchen Cabinet), кој се состои од личните (дури и анонимни, скриени од јавноста) соработници и помошници на претседателот. Овој тип Кабинет е многу повлијателен од официјалниот Кабинет. Името „Кујнски кабинет“ потекнува од времето на претседателот Ендру Џексон, кога мала група новинари и политичари кои му помогнале да ја освои претседателската функција избрале да влегуваат во Белата куќа на состаноци со претседателот низ кујнската врата. Но, факт е дека ниту „официјалниот“, ниту „Кујнскиот кабинет“ немаат можност да му „конкурираат“ на претседателот во вршењето на извршната власт и да го нарушат концептот на моноцефална извршна власт.

4. МЕШОВИТ СИСТЕМ

4.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕШОВИТИОТ СИСТЕМ

Мешовитиот (полупретседателски) систем како систем во кој се комбинирани елементи од претседателскиот и парламентарниот систем е „главен извозен производ“ на Франција. Обидувајќи се „да ги следат Французите“, многу земји: почнувајќи од Португалија, преку Шри Ланка, Аргентина, до Русија, Полска, Украина и други источноевропски земји, придонеле за збогатување на варијантите на мешовитиот систем. Тоа довело до различни сфаќања за мешовитиот систем. Првото е дека мешовити се сите системи создадени во „меѓупросторот“, меѓу парламентарниот и претседателскиот систем, користејќи елементи од едниот и од другиот. Второто сфаќање

55 R. Pious, „The American Presidency“, New York. 1979, стр. 240.

56 Во 1977 година Кабинетот се состануваше еднаш неделно, во 1978 еднаш на две недели, во 1979 еднаш месечно, а во 1980 престана да се состанува. L. LeLoup, „Politics in America“, New York. 1989, стр. 327.

се обидува да изнајде одредени типични карактеристики на мешовитите системи. Во карактеристики можат да се вбројат следните:

- Флексибилна поделба на власта (соработка на властите);
- Бицефална (двоглава) извршна власт која ефективно ја вршат шефот на државата и владата;
- Доминантна улога на претседателот во системот на организација на власта, кој се избира од страна на граѓаните;
- Солидарна политичка одговорност на владата пред парламентот;
- Овластување на шефот на државата да го распушти парламентот.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Во мешовитите системи бицефалната извршна власт ефективно ја вршат и шефот на државата и владата.

Мешовитите облици се нарекуваат и полупретседателски системи, а некои ги нарекуваат и „парламентарен облик на власт кој се доближува до претседателскиот облик“,[57] бидејќи ги имаат основните карактеристики за парламентарниот облик (односите парламент – влада), а на претседателот на Републиката му даваат овластувања да дава политички насоки, покрај парламентот и владата. Во овој систем постои двојство меѓу парламентарниот дел (парламент – влада) и претседателскиот дел, но тоа не значи дека секогаш предност има претседателот.



Слика 16. Приказ на полупретседателскиот систем во Франција.

57 Đuzepe de Vergotini, „Uporedno ustavno pravo“, Beograd. 2011, стр. 544.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Постојат три подвидови мешовити системи.

Во рамките на полупретседателскиот облик може да се издвојат најмалку три подвидови, во зависност од распределбата на моќта, при што системот може да биде поблиску до карактеристиките на парламентарниот систем или до претседателскиот систем:

- Облици во кои доминира премиерот, со оглед на тоа што е шеф на парламентарното мнозинство, па шефот на државата има маргинална улога (Австрија, Исланд, Ирска, Северна Македонија);
- Облици во кои постои рамнотежа меѓу премиерот и шефот на државата (Финска и Португалија);
- Облици во кои доминира претседателот на Републиката (Франција), освен во периоди на кохабитација кога претседателот потекнува или е поддржан од политички партии кои не се дел од парламентарното мнозинство.[58]

За претходник на современата доктрина за полупретседателски систем може да се смета Бенжамин Констант кој ја обликувал институцијата на двојна одговорност на владата и дуалната извршна власт (со државен поглавар кој има решавачка улога и влада).[59]

Првпат полупретседателски систем е воспоставен со Вајмарскиот устав на Германија од 1919 година, кој се смета за еден од причините за подемот на нацизмот. Исто така, ваков систем воспоставил и уставот на: Финска (1919), Австрија (1929), Ирска (1937) и Исланд (1944).

Но, терминот полупретседателски систем првпат е употребен во Франција, во 1958 година. Формулата за стабилност и ефикасност на системот била најдена во рамките на извршната власт. Така, Французите, кои традиционално приоѓале со недоверба кон носителите на извршната власт, овој пат пристапиле кон нејзино јакнење со цел да воспостават стабилно владеење. Уставот од 1958 година, со кој се воспостави Петтата Француска Република, ја фаворизира извршната власт на повеќе начини, со зајакнување на улогата на шефот на државата, но и со зајакнување на Владата во однос на законодавната власт. Одредбите за претседателот на Републиката во Уставот се пишувани по мерка на Шарл де Гол, кого Французите го гледале како спасител во времето кога Франција се соочувала со војната во Алжир, француската колонија, како и со нестабилноста на владите кои имале краток „рок на траење“ заради тоа што го губеле мнозинството во Парламентот на Четвртата Француска Република. Сомневањата дека со заминувањето на Шарл де Гол од претседателската функција, кој

58 Đuzepe de Vergotini, „Uporedno ustavno pravo“, Beograd. 2011, стр. 544.

59 B. Tomljanović, „Državni poglavar kao demokratski arbitar – od ideje do polupredsjedničkog sustava V. Republike“, Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu. br. 1/1996, стр. 86.

својата моќ освен од уставните овластувања ја црпел и од својата историска улога, ќе се врати слабата извршна власт, се покажале како неосновани. Де Гол, на „своите наследници" им го оставил „неговиот" Устав, кој им дал доволна рамка да ги покажат своите амбиции во водењето на извршната власт. Така, постојат мислења дека претседателот Франсоа Митеран, кој од својата околина бил нарекуван Le Dieu (Бог), со својата моќ го надминал Шарл де Гол.[60]

Во периодите на кохабитација, кога претседателот е од една партија, а Владата од друга партија, односно коалиција, системот на организација на власта во Франција не функционирала лесно, но сепак го положила и најтешкиот испит. Тоа било големо охрабрување и за другите земји кои се обиделе да го копираат или барем, да се инспирираат од овој тип на организација на власта. Од друга страна, Франција, за да го надмине ризикот од кохабитација, во 2000 година го сменила Уставот и предвидела еднакво траење на мандатот на Парламентот и на претседателот, со цел во исто време да се одржуваат парламентарни и претседателски избори.[61] Претходно, мандатот на претседателот на Републиката траел подолго од мандатот на Парламентот и тоа отворало можност за промена на изборното расположение од една, до друга изборна година.

Слика 17. Во 2000 година во Франција се одржа референдум за измена на Уставот со која се скрати мандатот на претседателот од 7 на 5 години.

[60] I. Pajden, „Uredbe iz nužde hrvatskog predsjednika: mjerodavnost francuskoga javnog prava", Politička misao, br. 1/1996, стр. 153.
[61] Genna, Gaspare, M. and Taeko Hiroi, „Exploring Politics", SAGE Publications, Inc. (US). 2022, стр. 169.

Диспозитивни карактеристики на полупретседателскиот систем се:[62]

1. Во него постои шеф на држава и премиер (тоа е различно од претседателски и собранискиот систем).
2. Претседателот се избира од граѓаните на непосредни избори, а премиерот се именува од страна на претседателот, при што тој мора да води сметка премиерот да ја ужива поддршката на парламентот.
3. Претседателот се избира за фиксен термин (во Франција за 5 години, со можност за еден реизбор). Претседателот може да го распушти Националното собрание.

4.2. ПОЛОЖБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ФРАНЦИЈА

Претседателот на Франција е гарант на: националната независност, интегритетот на територијата, почитувањето на спогодбите на заедницата и меѓународните договори. Тој треба да обезбеди почитување на Уставот и редовно функционирање на јавните власти и континуитетот на државата. Има улога на арбитер при проблем во креирањето и спроведувањето на политиката од другите политички институции.

Претседателот на државата има овластувања кои се изворно претседателски и ги врши самостојно, но има и овластувања за чија валидност му е потребен потпис од премиерот или од надлежен министер (премапотпис).

Претседателот го именува премиерот. Ова овластување го врши самостојно, но „рацете не му се целосно одврзани“, туку треба да води сметка за парламентарното мнозинство бидејќи Владата е одговорна пред Парламентот. Во периодите кога шефот на државата и мнозинството во Парламентот се од иста политичка партија, претседателот има, речиси, апсолутна слобода во изборот на премиерот. Од друга страна, претседателот не може по своја волја да го разреши премиерот. Тој го разрешува само кога премиерот ќе му поднесе оставка. Но, имајќи предвид дека претседателот претседава со седниците на Министерскиот совет и ги потпишува неговите акти, тој може да одбие да ги потпише тие акти („штрајк на перото“) и со тоа

[62] Justin Orlando Frosini, „Forms of state and forms of government“, во: Guseppe Franco Ferrari (ed.), “Introduction to Italian Public Law“, Milano. 2022, стр. 54-55.

да ја парализира работата на Владата и да го натера премиерот да поднесе оставка.[63]

Претседателот ги именува и разрешува членовите на Владата. Ова овластување претседателот го врши по предлог на премиерот и актот за именување на министрите го потпишува и премиерот. Изборот на членовите на Владата не зависи само од предлогот на премиерот и претседателот активно учествува во составувањето на Владата, или барем интервенира при изборот на оние министерски ресори чија активност директно го засега.[64] Претседателот може да одбие да именува одредено лице за министер, но не може да именува лице кое не е предложено од премиерот.

Претседателот го распушта Националното Собрание, по консултација со премиерот и претседателите на парламентарните домови. За разлика од парламентарните системи, за вршење на оваа надлежност на претседателот на Франција не му е потребен премапотпис од премиерот. Единствено ограничување е што не може да го распушти Собранието двапати во една година и за време на вонредна или воена состојба. Ова овластување е најмалку ограничено (најнерестриктивно) овластување на претседателот, во споредба со решенијата од претходните устави од историјата на Франција, во кои се барала согласност од Сенатот, и сл.

Претседателот испраќа пораки до Парламентот. По неговите пораки нема расправа во Парламентот. Доколку Парламентот не заседава, посебно се состанува по тој повод.

Претседателот на Франција распишува референдум и ги прогласува законите, при што има право да бара од парламентот да одлучува за законот. Главните овластувања на претседателот се во одбраната и во меѓународните односи, како и за време на вонредни околности. Можноста за целосно користење на претседателските овластувања не зависи само од нивната уставна поставеност, туку и од: конкретните политички околности, мнозинството во парламентот и личноста на претседателот.

63 Постои тврдење дека Шарл де Гол, за да не се користи со овој начин на менување на премиерот, при неговото именување земал однапред потпишана оставка, без внесен датум, што тој го допишувал во даден момент. M. Jovičić, „Veliki ustavni sistemi“, Beograd. 1984, стр. 150.

64 F. Dreyfus and F. D'Arcy, „Les institutions politiques et administratives de la France“, Paris. 1993, стр. 104.

4.3. ПОЛОЖБАТА НА ВЛАДАТА ВО ФРАНЦИЈА

Владата е орган на извршната власт во Франција кој ја утврдува и води политиката на земјата. Членовите на Владата не може да бидат во исто време и пратеници. Владата држи два вида седници, и тоа на Министерскиот совет, со кои претседава претседателот на Републиката и на Советот на кабинетот, со кои претседава премиерот. Министерскиот совет одлучува за начелни и важни прашања од водењето на политиката. На седниците на Министерскиот совет, претседателот на Републиката има можност да се обрати до Владата и да ја трасира насоката на владините активности по одредени прашања, а во случај на кохабитација, да го искаже своето несогласување со одредени владини проекти.[65]

Слика 18. Претседателот на Франција, Еманuел Макрон, претседава со состанокот на Министерскиот совет одржан на 4 јули 2022 во Елисејската палата.

Постоењето на Министерскиот совет, како и уставната положба на претседателот и Владата, покажува дека меѓу нив е неопходна соработка со цел да функционира извршната власт. Од моментот на создавање на Петтата Француска Република, па до 1986 година, претседателот на Републиката и мнозинството во Парламентот биле од иста политичка партија, па несомнено, претседателот на Републиката бил доминантен во однос на Владата, а премиерот се сметал за прв соработник на претседателот на Републиката.[66] Тој за својата работа бил одговорен не само пред Парламентот, туку и пред

[65] F. Dreyfus and F. D'Arcy, „Les institutions politiques et administratives de la France", Paris. 1993, стр. 123.
[66] H. Таÿé, „Le régime présidential et la France", Paris. 1967, стр. 259.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Петта Француска Република е постојното републиканско уредување во Франција, кое започнува во 1958 година со донесувањето на Уставот, кој е креиран по насоките на Шарл де Гол. Овој Устав требаше да ги реши проблемите на Четвртата Француска Република – парламентарната нестабилност во ситуација кога Алжир, кој бил француска колонија, се бори за независност. Генералот Де Гол, кој бил повикан да ја извлече Франција од криза, сметал дека на Франција ѝ треба силен претседател, кој ќе има реални надлежности кога Владата ќе биде во оставка, заради партиски фрагментираниот Парламент. Затоа е воведен полупретседателскиот систем.

претседателот, па при евентуални несогласувања меѓу премиерот и претседателот, се повлекувал премиерот.[67] Оттаму, во овој период сè повеќе се зборува за Владата како личен кабинет на претседателот, односно „оние коишто замислуваа конфликти меѓу двете глави на извршната власт, можат да бидат разуверени – тука нема повеќе од една глава“.[68]

Но, во 1986 година првпат е воспоставена кохабитација, односно „првпат е прекинат тројниот консензус, неопходен за супрематија на претседателот на Републиката во организацијата на власта и е заменет со своевидно состанарство (кохабитација) или коегзистенција“[69] на претседател од една партија и Влада која произлегува од друго мнозинство. Тогаш се актуализирале стравувањата дека поделената егзекутива е потенцијална слабост на системот и се поставило прашањето кој, всушност, управува со извршната власт. Во таа ситуација, претседателот се наметнал како главен во надворешните односи и одбраната.

Во однос на Парламентот, Владата е политички одговорна и тоа пред еден од неговите домови – Националното Собрание. И во Франција се применува принципот на солидарна политичка одговорност. Доколку Националното Собрание го усвои предлогот за изгласување недоверба, Владата мора да му поднесе оставка на претседателот на Републиката. Всушност, Владата е единствен орган на извршната власт кој е политички одговорен.

---

[67] Таков епилог доживеало несогласувањето меѓу претседателот Жискар д'Естен и премерот Жак Ширак во 1976 година. Ширак својата оставка ја образложил со фактот дека „не располага со доволно средства и можности за вршење на функцијата премиер.“ F. Dreyfus and F. D'Arcy, „Les institutions politiques et administratives de la France“, Paris. 1993, стр. 124.

[68] R.C. Macridis and R.E. Ward (eds.), „Modern Political Systems – Europe“, New Jersey. 1963, стр. 214.

[69] С. Сокол, „Парламентарни систем“ во: М. Јовичиќ (ур.), „Два века савремене уставности“, Београд. 1990, стр. 423.

5. СОБРАНИСКИ СИСТЕМ

5.1. ОБЕЛЕЖЈА НА СОБРАНИСКИОТ СИСТЕМ

Разликите коишто постојат меѓу системите засновани врз начелото на единство на власта, го доведува во прашање постоењето на единствен модел на собраниски систем со минимални заеднички карактеристики.



Слика 19. Приказ на собранискиот систем во Швајцарија.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Собранискиот систем е заснован врз начелото на единство на власта.

Основно обележје на собранискиот систем е неговата заснованост врз **начелото на демократско единство на власта**, што значи дека претставничкото тело е основен носител на власта во државата. Ниту еден друг орган: нема право да ги укинува или поништува законите и другите највисоки акти, нема право на вето, ниту да донесува акти кои би биле по својата правна сила изедначени со актите на собранието.

Егзекутивата е колегијален орган. Неа ја именува и разрешува собранието. Најчесто се зборува за извршни органи на собранието, а не за извршна власт.

Собранието врши надзор над работата на извршните органи, им дава препораки за работа, ги укинува нивите неуставни и незаконски акти. Собранискиот систем е систем за кој е карактеристична доминацијата на собранието над другите органи, но кој во практиката не може да одолее на тенденцијата за извесно издвојување и осамостојување на извршните органи.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Во Швајцарија извршната власт е моноцефална и колегијална.

Швајцарија, како современа демократска земја, чија организација на власт е заснована врз начелото на единство на власта, во одредени аспекти отстапува од овие теоретски обележја. Извршната власт во Швајцарија е моноцефална и неа ја врши колегијален орган – Сојузниот совет. Оваа „интересна, и по својот вид единствена установа“[70] се состои од седум члена кои Сојузното собрание ги именува за период од четири години. Но, можноста за реизбор на членовите на ова тело е неограничена, па вообичаено, во него се избираат истите лица сè додека можат, односно сакаат да ја вршат таа функција. Постои инкопатибилност меѓу мандатот во Сојузниот совет и било каква друга функција или професија, што значи дека членот на Сојузниот совет не може да биде член ниту на Сојузното собрание. Оваа инкопатибилност, според некои автори, противречи на еден од основните принципи на собранискиот систем. Од еден кантон може да се избере само еден член во Сојузниот совет. При составувањето на Сојузниот совет се води сметка сразмерно да бидат претставени: политичките партии застапени во Долниот дом на Сојузното собрание, јазичните области, вероисповедта и кантоните според нивното значење. Со тоа, во Сојузниот совет се претставени сите битни сегменти кои постојат во плуралното швајцарско општество.[71] На тој начин, Сојузниот совет во Швајцарија претставува голема коалиција како изворно консоцијациско средство.[72] При изборот на членовите на Сојузниот совет поголемо внимание се посветува на неговата стручност, отколку на политичките убедувања, односно ретко се случува партиите да предлагаат одредени кандидати за членови во Сојузниот совет заради заслугите во партијата, а ако тоа се случи, има изгледи Сојузното собрание да не го одобри таквиот избор.[73]

---

[70] Џ. Брајс, „Савремене демократије“ – I књига, Београд. 1931, стр. 553.

[71] Во 1959 година е дојдено до „магичната формула“ за пропорционална застапеност на четирите главни политички партии: 2 претставници од Социјалдемократската партија (СП), 2 од Слободните демократи (ФДП), 2 од Демохристијанската народна партија (ЦВД) и 1 член од Народната партија (СВП). Оваа „магична формула“ се смени во 2003 година, кога СВП доби повеќе гласа од ФДП и СП и стана најголемата партија во земјата и доби второ место во Сојузниот совет, на местото на ЦД. На почетокот на 2021 година, ЦВП се спои со Конзервативната демократска партија (БДП) и си го поврати местото во Сојузниот совет. Justin Orlando Frosini, „Forms of state and forms of government“, во: Guseppe Franco Ferrari (ed.), „Introduction to Italian Public Law“, Milano. 2022, стр. 54.

[72] А. Липхарт, „Демократијата во плуралните општества“, Скопје. 1994.

[73] D. Prodanović, „Centralni izvršni organi u skupštinskom sistemu Švajcarske Konfederacije i evropskih socijalističkih zemalja“, Beograd. 1982, стр. 76.

Слика 20. Првиот состав на Сојузниот совет на Швајцарија избран во 1848 година.

Членовите на Сојузниот совет се наоѓаат на чело на седумте управни ресори, а еден од нив за периодот од една година ја врши функцијата претседател на Швајцарија. Тој претседава со Сојузниот совет, но во ниту еден случај не е шеф на овој совет, туку е primus inter pares (прв меѓу еднаквите), но со нагласок на „еднаквите“, односно неговиот статус е еднаков со статусот на другите членови на Сојузниот совет. Ја претставува Швајцарија во земјата и во странство. Го именува Сојузното собрание и тој по истекот на една година не може да биде избран за претседател или потпретседател на Сојузниот совет

за следната година. Сојузното собрание именува и потпретседател на Сојузниот совет за период од една година, со тоа што ист член не може да ја врши функцијата потпретседател во текот на две години едноподруго.

Сојузниот совет: има право на законодавна иницијатива, се грижи за извршување на законите, одлуките и пресудите на Сојузниот суд, се грижи за меѓународните односи и безбедноста, управува со финансиите, и сл.

Значи, извршната власт во Швајцарија е *unicum* во споредбеното право и системот ги има следните диспозитивни карактеристики:[74]

1. Нема посебен шеф на држава и премиер, туку во еден орган ги комбинира позициите шеф на држава и Влада – како и САД, само со таа разлика што овде тој орган – Сојузниот совет е колегијален орган, за разлика од САД каде е индивидуален орган.
2. Сојузниот совет е избран од Парламентот, а не од граѓаните.
3. Нема гласање на недоверба на Сојузниот совет. Фиксниот термин од 4 години е сличен на претседателскиот систем, а различен од парламентарниот.

5.2. ОДНОСИ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ ВО ШВАЈЦАРИЈА

Односите меѓу законодавната и извршната власт во Швајцарија се поставени врз принципите на организациона и функционална зависност.

Организациона зависност значи дека извршната власт произлегува од законодавната власт, односно Сојузното собрание го именува Сојузниот совет. Гласањето за членовите на Сојузниот совет се врши тајно во двата дома на Собранието и тоа одделно за секој кандидат. За избор е потребно апсолутно мнозинство. Значи, составот на Сојузниот совет не се гласа „во пакет“, како што е тоа случај со гласањето за составување на влада во другите земји во кои таа се избира во парламентот.

Но, она што е специфично и, воедно, е отстапување од зависноста на Сојузниот совет од Собранието, е тоа што Собранието **не може да го разреши** Сојузниот совет, односно не може да биде поставено

74 Justin Orlando Frosini, „Forms of state and forms of government“, во: Guseppe Franco Ferrari (ed.), „Introduction to Italian Public Law“, Milano. 2022, стр. 51.

прашање за гласање недоверба. Откако ќе бидат избрани за период од четири години, членовите на Собранието не можат да бидат сменети од таа функција. Практично, тоа значи дека Собранието не е политички одговорен. Собранието не може да го принуди Собранието да поднесе оставка, ниту, пак, тој самиот може да го постави прашањето за негова доверба. При евентуални несогласувања, Собранието може да не го изгласа буџетот и со тоа да го натера Собранието да ја приспособи политиката.

Функционалната зависност на извршната власт значи дека законодавната власт може да се меша во нејзината надлежност. Во Швајцарија, Собранието врши врховен надзор над управата и во негова надлежност се жалбите против одлуките на Собранието кои се однесуваат на управните спорови. Но, основа на прашањето за функционална зависност на Собранието од Собранието е дали Собранието може да му дава задолжителни насоки во работењето на Собранието. Собранието располага со право „да го повика Собранието да испита дали некоја мерка треба да биде донесена", што има облик на совет којшто Собранието не мора да го прифати, но исто така, Собранието има право и да му дава задолжителни насоки на Собранието кога тие со мнозинство гласови во ист текст се прифатени во двата дома. Во текот на XIX век, Собранието често ја користело оваа можност, што повеќе не е случај.[75]

Исто така, Собранието дава отчет за својата работа пред Собранието на секое редовно заседание. Својот надзор над Собранието, Собранието го врши и преку пратенички прашања и интерпелација, од кои не произлегува никаква одлука, ниту било какво гласање за недоверба.

Собранието има право на **законодавна иницијатива** и да дава мислење за предлозите на домовите или кантоните. Собранието има доминантна улога во иницирањето на законодавниот процес, така што ова овластување му служи како „првокласно средство за моќ".[76] Во поретки случаи, кога друг субјект е предлагач на закон, игра улога на „филтер" низ кој минува законскиот предлог. Овие овластувања го претвораат Собранието во орган кој непосредно учествува во законодавниот процес, а со тоа и во креирање на политиката, што доведува до јакнење на неговата улога.

---

75 O. Mandić i S. Sokol, „Država", Zagreb. 1977, стр. 177-178.

76 D. Prodanović, „Centralni izvršni organi u skupštinskom sistemu Švajcarske Konfederacije i evropskih socijalističkih zemalja", Beograd. 1982, стр. 76.

Од сето ова може да се согледа дека во Швајцарија има отстапувања од некои од принципите на собранискиот систем. Тоа отстапување се согледува, пред сè, во неможноста извршната власт да биде разрешена пред истекот на мандатот. Исто така, ако правно Сојузниот совет е слуга на законодавното тело, во практиката има исто толку власт колку и англискиот Кабинет, „така што може да се каже дека колку што командува, толку и слуша“.[77] Сојузниот совет дејствува не само како највисок извршен орган, туку и како креатор на политики, а Сојузното собрание во пракса, пред сè, е контролен орган. Нормативната надлежност на Сојузниот совет е зголемена со добивањето овластувања од Сојузното собрание да донесува уредби со законска сила.

Ваквото јакнење на извршната власт во Швајцарија му ја дава нотата на „директоријална девијација“[78] на овој систем на организација на власта. Заради карактеристиките на извршната власт и на политичкиот систем во целина, може да се заклучи дека Швајцарија е држава со „неспорна оригиналност“[79] во организирањето на власта, а особено во поставеноста на извршната власт.

[77] Ц. Брајс, „Савремене демократије“ – I књига, Београд. 1931, стр. 558.
[78] A. Bačić, „Principi podele i jedinstva vlasti s posebnim osvrtom na jugoslovensku teoriju i praksu“, doktorska radnja, Beograd. 1988, стр. 144.
[79] Р. Марковић, „Уставно право и политичке институције“, Београд. 1995, стр. 246.

ПРАШАЊА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

1. Кои се карактеристиките на строгата поделба на власта?
2. Кој систем се заснова врз строга поделба на власта?
3. Кои се карактеристиките на флексибилна поделба на власта?
4. Што е тоа кохабитација?
5. Кои се карактеристиките на парламентарниот систем?
6. Во кои земји постои парламентарен систем?
7. Каква е улогата на шефот на државата во парламентарниот систем?
8. Што е тоа солидарна одговорност?
9. Која е разликата меѓу Кабинетот и Владата во Обединетото Кралство?
10. Каква е улогата на премиерот во владата?
11. Што е тоа моноцефална извршна власт?
12. Кои се карактеристиките на извршната власт во претседателскиот систем?
13. Кои се карактеристиките на претседателскиот систем?
14. Во што се состои системот на „кочници и рамнотежа“ во претседателскиот систем?
15. Кои се карактеристиките на мешовитите системи?
16. Какви подвидови мешовити системи постојат?
17. Во кои земји постои мешовит систем?
18. Која е суштината на начелото на единство на власта?
19. Каква е егзекутивата во Швајцарија?
20. Кои се карактеристиките на собранискиот систем?

ГЛАВА 10

ИЗБОРИ И ИЗБОРНИ СИСТЕМИ

ПРАШАЊА ЗА ДЕБАТА

1. Зошто постојат изборите? Која е нивната функција?
2. Зошто изборите често се опишуваат како празник на демократијата? Дали може да постои демократија без избори?
3. Дали е важно како се спроведуваат изборите? Зошто е важно изборите да бидат општи, еднакви, тајни и директни?
4. Дали граѓаните кои не завршиле факултет не треба да имаат право на глас?
5. Дали граѓаните кои плаќаат повеќе данок треба да имаат право на повеќе гласови?
6. Што се подразбира под поимот изборен систем? Какво е неговото влијание врз политичкиот систем?
7. Постои ли разлика меѓу поимот изборен систем и изборен модел?
8. Какви изборни модели познавате? Постои ли перфектен изборен модел?
9. Кои политички институции и органи во нашата држава се избираат преку правилата на мнозинскиот изборен модел, а кои преку правилата на пропорционалниот изборен модел?
10. Што подразбирате под поимот изборен праг? Како големината на изборниот праг влијае врз функционирањето на изборниот систем?
11. Што подразбирате под поимот изборна единица? Како големината на изборната единица влијае врз функционирањето на изборниот систем?
12. Дали сите претставници треба да се избираат од една изборна единица или, пак, е подобро доколку постојат повеќе изборни единици?
13. Доколку треба да изберете што е поважно – стабилни политички институции или фер шанса за сите политички партии?
14. Доколку треба да изберете што е поважно – квалитетни и отчетни претставници или репрезентативен (пропорционален) парламент?

1. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ ИЗБОРИ

„Доколку изборите може нешто да изменат, тогаш би биле забранети“, е реченицата што најчесто се користи од теоретичарите кои немаат позитивно мислење за изборите како механизам за определување кој во една држава треба да ја поседува власта. Меѓутоа, тука се поставува прашањето ако не по пат на избори, тогаш кој е подобриот начин за определување кој во една држава треба да ја поседува власта. Низ историјата има многу примери како власта се стекнувала благодарение на среќа (лотарија), семејство (наследен пат), религија (теократии), војска (воени режими), харизма, итн. Сепак, сите овие начини се далеку полоши механизми за стекнување на власта, отколку изборите. Токму преку изборите граѓаните избираат овластени претставници, кои во определен период треба да ги носат одлуките наместо нив.[1] Според тоа, во демократските општества политичките претставници стекнуваат формален демократски и процедурален легитимитет на избори.[2] Затоа, изборите се длабоко поврзани со теоријата на народен суверенитет согласно која суверенитетот извира од граѓаните и единствено тие преку избори можат да одлучат кој ќе владее во државата наместо нив. Всушност, изборите се нужност на современата демократија бидејќи претставуваат мост меѓу оние кои владеат и оние кои се владеани. Изборите даваат одговор кој е победник, а кој губитник во борбата за власт. Изборите на оние кои владеат им дава право да владеат, а на владеаните им овозможува да влијаат врз оние кои владеат. Токму затоа, во демократските општества изборите се сметаат за круна на демократијата.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Изборите се механизам преку кој граѓаните избираат овластени претставници, кои во определен период треба да ги носат одлуките наместо нив.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Изборите се длабоко поврзани со теоријата на народен суверенитет.



Слика 1. Во демократските општества изборите се сметаат за круна на демократијата.[3]

[1] Vladimir Goati, *Političke Partije i Izbori u Demokratskom Poretku* (Beograd: CeSID, 2001), 46.
[2] Matić i Podunavac, *Politički sistem,* 327.
[3] Слика од @rawpixel.coml, @andriikoval на Freepik

Избори се спроведувале и во периодот на Антиката, Римската империја и Средниот век, но тие биле следени со голем број манипулации и злоупотреби. Најчесто, таквите избори биле спроведувани со користење на ограничено (наместо општо), нееднакво, посредно и јавно избирачко право. Тоа покажува дека при користење на изборите постои можност истите да бидат и недемократски инструментализирани.[4] И, навистина, историјата е преполна со примери во кои недемократски лидери ги злоупотребувале изборите како политичка алатка за оправдување на нивното недемократско владеење.[5] Меѓутоа, во вакви состојби изборите ја губат нивната цел и функција. Затоа, секогаш треба да се има предвид дека квалитетот на изборниот процес е многу побитен отколку формалното спроведување на изборите.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Изборите во едно демократско општество треба да бидат слободни, фер и периодично организирани, со гарантирање на општо, еднакво и тајно избирачко право.

Денес, постои консензус дека изборите во едно демократско општество треба да бидат слободни, фер и периодично организирани, со гарантирање на општо, еднакво и тајно избирачко право.[6] Изборите може да се квалификуваат како демократски само ако на изборите за едно претставничко место се натпреваруваат два или повеќе од два кандидата.[7] Во науката постои консензус дека изборите во кои избирачите немаат можност да избираат меѓу различни кандидати, не може да се сметаат за демократски избори. Меѓутоа, до постигнување на ваквиот консензус не одело лесно дури и во демократските општества, а во голем дел од државите во светот изборите сè уште се далеку од демократските стандарди.

1.1. ИЗБИРАЧКО ПРАВО

Избирачкото право е едно од основните и најстарите политички права на граѓаните кое се развивало заедно со демократскиот развој на општествата.[8] Токму преку избирачкото право се добива информација кои права и обврски граѓаните ги имаат за учество во изборниот процес. Заради тоа, поставеноста на избирачкото право во голема мера го определува квалитетот на изборите. Така, изборите

[4] Matić i Podunavac, *Politički sistem,* 330.
[5] Rod Hague, Martin Harrop and John McCormick, *Comparative Government and Politics: An Introduction – 10th Edition* (London: Palgrave, 2016), 282.
[6] Andrew Reynolds, Ben Reilly and Andrew Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook* (Stockholm: Trydells Tryckeri AB, 2008), 14.
[7] Pesić, *Politički sistem*, 218.
[8] Pesić, *Politički sistem*, 214.

се онолку демократски колку што го гарантираат општото и еднаквото избирачко право, како и тајното и непосредното гласање.[9]

Под **општо избирачко право** се подразбира дека сите граѓани на една држава го поседуваат избирачкото право под исти услови. За жал, низ историјата често може да се види дека на определени граѓани им било ограничувано избирачкото право, врз основа на имотната состојба, верата, нацијата, полот, расата, образованието, местото на живеење, итн.[10] Идејата дека определени групи на граѓани не треба да имаат право на глас долго време доминирала и во западните општества. Се чини дека од сите ограничувања, најдолго опстоиле ограничувањата за жените. До надминување на ваквата состојба дошло дури во првата половина на XX век кога и жените добиле избирачко право.

Слика 2. Од сите ограничувања на избирачкото право, најдолго опстоиле ограничувањата за жените.

Општото избирачко право има две димензии. За да постои општо избирачко право граѓаните треба да уживаат и активно, но и пасивно избирачко право. Тоа значи дека општото избирачко право подразбира дека секој граѓанин може да гласа на избори (активно избирачко право), но и дека може да биде гласан на избори (пасивно избирачко право).

Покрај борбата за општото избирачко право, во човековата историја долго траела и борбата за **еднакво избирачко право**. Дури и во развиените западни демократии често се проблематизирало начелото еден човек – еден глас.[11] Така, во текот на XIX и првата половина

[9] Анета Јовевска, *Изборните концепти во теоријата на демократијата* (Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 1999), 13.
[10] Pesić, *Politički sistem*, 215.
[11] Goati, *Političke Partije i Izbori*, 49.

на XX век може да се забележат идеи дека избирачите треба да се разликуваат по бројот на гласови или дека на определена категорија на гласачи гласовите треба да им вредат повеќе заради поседување на повисоко образование, плаќање повеќе данок, поседување повеќе имот, припадност кон повисоки општествени слоеви, итн.[12] Иако ваквите идеи биле навистина силни во XIX век, сепак во текот на XX век истите биле отфрлени на крилјата на аргументот дека правната и политичката еднаквост се клучни вредности на едно демократско општество.

Третата карактеристика на избирачкото право во демократските општества е неговата **тајност**. И борбата избирачкото право да биде тајно не била лесна. Во текот на XIX век најчесто може да се забележи јавното гласање. Тоа значело дека граѓаните требало да отидат пред изборните органи и јавно да соопштат за кого ќе гласаат. Преку ваквото јавно гласање, всушност, економските и политичките моќници користејќи закани и корупција (поткуп) успевале да ја насочат избирачката волја во посакувана насока.[13] Таквата состојба придонела за развој на тајното избирачко право бидејќи токму тајноста придонесува избирачите да бидат заштитени од притисоци и поткуп. Доколку никој не знае како сте гласале, се елиминира стравот дека може да трпите притисоци и последици заради гласањето. Затоа, единствено тајното избирачко право може да обезбеди слободно изразување на избирачката волја на избори.[14]



Слика 3. Тајното избирачко право ги штити избирачите од притисоци и преку тоа обезбедува слободно и реално изразување на избирачката волја на избори.[15]

[12] Marijana Pajvančić, *Rečnik osnovnih pojmova i termina o izborima* (Beograd: CeSID, 2001), 40.
[13] Goati, *Političke Partije i Izbori*, 50.
[14] Pajvančić, *Rečnik osnovnih pojmova i termina o izborima*, 59.
[15] Слика од @storyset на Freepik

Последната карактеристика на избирачкото право во рамките на демократските општества е дека ваквото право треба да се остварува **директно**, односно дека избирачите треба да гласаат директно за своите претставници. Спротивно на ваквото гласање е посредното гласање, во кое изборот на претставниците е оставен на потесни или пошироки изборни колегиуми (изборници, електори) кои, пак, се директно избрани од граѓаните.[16] Практично, граѓаните гласаат за изборници (електори), а избраните изборници понатаму гласаат за претставниците.

Кон ваквите карактеристики на избирачкото право треба да се додаде дека изборите треба да бидат периодично организирани. Во демократските општества, легитимитетот на политичката власт треба периодично (од време, на време) да биде потврдуван по пат на избори. Дополнително, на изборите треба да учествуваат минимум две политички опции, кои слободно и фер ќе се натпреваруваат за освојување на власта. Само така изборите ќе придонесат кон целосно и темелно признавање на легитимитетот на избраните,[17] но и кон исполнување на други функции во рамките на едно демократско општество.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Изборите исполнуваат голем број на функции во едно демократско општество: легитимациска, мобилизациска, партиципативна и психолошка функција, а придонесуваат и за политичка едукација на граѓаните, регрутирање на политичари, контрола и влијание врз политичката власт, решавање на политички конфликти и решавање на суштински прашања во рамките на едно општество.

1.2. ФУНКЦИИ НА ИЗБОРИТЕ

Во воведниот дел посветен на теоретското дефинирање на поимот избори, можеше да се забележи дека основната и првата функција на изборите е да обезбедат **легитимитет** на политичката власт и избраната власт да биде прифатена од страна на граѓаните.[18] Со тоа, практично, на граѓаните им се овозможува политичките институции да се формираат под нивно директно влијание. Станува збор за најважната функција на изборите бидејќи преку изборите се овозможува граѓаните да бидат претставени во рамките на политичките институции. Меѓутоа, тука не завршуваат функциите на изборите. Изборите во рамки на едно демократско општество исполнуваат и други функции.

[16] Pajvančić, *Rečnik osnovnih pojmova i termina o izborima*, 40.
[17] Matić i Podunavac, *Politički sistem,* 330.
[18] Pesić, *Politički sistem*, 213

Слика 4. Изборите обезбедуваат легитимитет на политичката власт.[19]

Второ, често во теоријата може да се најде ставот дека изборите поседуваат голема **мобилизациска и партиципативна функција**. Спроведувањето на избори на граѓаните им овозможува да учествуваат во политичкото одлучување.[20] Преку тоа, изборите, воедно, и ги мобилизираат граѓаните да излезат од летаргија и активно да се вклучат во функционирањето на политичкиот систем.[21]

Третата функција на изборите се поврзува со нивната способност да придонесат кон **политичка едукација на граѓаните**. Изборните кампањи на избирачите им даваат податоци за политичките партии, кандидатите, политиките, резултатите на моменталната власт, политичкиот систем, итн.[22] Сето тоа им овозможува на граѓаните детално да се запознаат со функционирањето на политичкиот систем, но и со главните политички актери и нивните политики.

Кога кон сето ова ќе се додаде фактот дека на секои избори политичките партии треба да понудат свои кандидати за претставници, произлегува четвртата функција на изборите која е поврзана со **регрутирањето на политичари**. Во демократските држави изборите се главниот извор на политичка регрутација имајќи го предвид процесот преку кој политичките партии предлагаат кандидати.[23]

Спроведувањето на избори во демократските општества подразбира и нивно периодично одржување, како и можност власта да биде сменета доколку не ја ужива довербата на граѓаните. Преку тоа може да се забележи петтата функција на изборите – **контрола и влијание**

[19] Слика од @pch.vector на Freepik
[20] Ibid.
[21] Veselin Pavičević, *Izborni Sistemi* (Podgorica: Ekonomski Fakultet-Podgorica, 2012), 19.
[22] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 404.
[23] Ibid.

врз политичката власт. Изборите спречуваат спроведување на непопуларни политики од страна на политичката власт.[24] Тоа е така бидејќи влијанието на избирачите не завршува со чинот на гласање на изборите, туку таквото влијание е постојано присутно со оглед на тоа што избраните политичари мора да водат грижа за интересите на граѓаните доколку сакаат повторно да бидат избрани и на следните избори.[25] Доколку избраните политичари не водат грижа за интересите на граѓаните и водат непопуларни политики, тогаш за очекување е дека на следните избори ќе ја изгубат довербата на граѓаните и ќе бидат сменети. Можноста избирачите преку избори да ја сменат власта, на граѓаните, воедно, им овозможува да ја контролираат власта, но и да проследуваат барања и очекувања до неа.[26]

Од можноста за периодично и мирно избирање и менување на власта по пат на избори, произлегува и шестата функција на изборите, односно **придонесот кон решавање на политички конфликти**.[27] Тука се поставува прашањето како во едно општество би се определило кој треба да ја поседува политичката власт доколку не постојат изборите? Веројатно таквата одлука би била донесена со користење насилство. Изборите овозможуваат одговорот на прашањето кој ќе ја поседува политичката власт, да биде добиен преку броење на гласови, наместо преку броење на глави.[28] Дополнително, изборите овозможуваат и мирна смена на власта преку броење гласови, наместо преку броење трупови. Доколку не постојат изборите, тогаш до промена на власта би дошло вонинституционално, преку улицата и насилни методи.

Слика 5. Изборите овозможуваат освојувањето на власта наместо со помош на оружје да се одвива со помош на гласачки ливчиња. Слика од граѓанската војна во Шпанија (1936-1939).

[24] Ibid.
[25] Goati, *Političke Partije i Izbori*, 53.
[26] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 404.
[27] Pesić, *Politički sistem*, 213.
[28] Pavičević, *Izborni Sistemi*, 19.

Седмата функција на изборите се поврзува со тоа што граѓаните преку можноста да ги избираат своите претставници, всушност, се чувствуваат битни во процесот на конституирање на власта, заради што кај нив се јавува задоволство и гордост дека се дел од определена политичка заедница.[29] Станува збор за **психолошка функција,** во која граѓаните имаат чувство дека целиот систем зависи од нив и од нивниот глас.

Кон ова треба да се додаде и фактот дека со изборите често се **решаваат суштински прашања во рамките на едно општество**.[30] Имено, пред секои избори политичките партии излегуваат со свои изборни програми во кои се истакнуваат нивните позиции и ставови за сите суштински прашања во рамките на општеството. Така, преку изборите граѓаните, всушност, даваат одговор како суштинските прашања треба да бидат решени, кој треба да ги решава и во која насока општеството треба да се движи.



Слика 6. Изборите даваат одговор во која насока општеството треба да се движи.[31]

Меѓутоа, за да можат изборите да ги дадат ефектите од ваквите функции потребно е креирање на цел збир на правила кои ќе придонесат изборите да се спроведат демократски. Таквиот збир на правила е дефиниран во рамките на изборниот систем.

[29] Goati, *Političke Partije i Izbori*, 53.
[30] Pesić, *Politički sistem*, 213.
[31] Слика од @Fox Dsign на Freepik

2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ ИЗБОРЕН СИСТЕМ

Големиот број на функции кои изборите ги имаат во едно демократско општество е главната причината за големата заинтересираност на целокупното општество околу начинот на спроведување на изборите. За секој изборен процес е потребно да постојат голем број на норми, правила и постапки, според кои изборите ќе бидат спроведени во практиката. Таквиот збир на норми, правила и постапки во науката е познат како **изборен систем**.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Изборен систем: збир на норми, правила и постапки според кои изборите ќе бидат спроведени во практиката.

Во теоријата се прави разлика меѓу изборен систем во потесна и изборен систем во поширока смисла на зборот.[32] Изборниот систем во потесна смисла на зборот се дефинира како систем со чијашто помош се обезбедува трансфер или пренос на резултатите од гласањето на изборите во пратенички мандати. Кога се говори за изборен систем во потесна смисла на зборот, всушност, се говори за изборни модели. За разлика од дефинирањето на изборниот систем во потесна смисла на зборот, дефинирањето на изборниот систем во поширока смисла на зборот го дефинира изборниот систем како збир на правила и постапки кои се однесуваат на целината на изборниот процес, почнувајќи од самиот почеток, па сè до неговиот крај.[33] Така, при дефинирањето на изборниот систем во поширока смисла на зборот се опфаќаат и прашањата за определување на изборните граници, регистрирањето на избирачите, изгледот на избирачкото ливче, броењето на гласовите и други важни прашања поврзани со изборниот процес.[34] Токму затоа, за голем број на теоретичари изборниот систем претставува централен нерв на демократскиот поредок,[35] кој има огромно влијание врз функционирањето на целокупниот политички систем.[36]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Изборен систем во потесна смисла на зборот: се дефинира како систем со чијашто помош се обезбедува трансфер или пренос на резултатите од гласањето на изборите во пратенички мандати.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Изборен систем во поширока смисла на зборот: изборен систем како збир на правила и постапки кои се однесуваат на целината на изборниот процес почнувајќи од самиот почеток, па сè до неговиот крај.

[32] Дитер Нолен и Мирјана Касаповиќ, *Изборни системи во Источна Европа* (Скопје: Фондација „Фридрих Еберт“, 1997), 7.
[33] Саво Климовски и Тања Каракамишева, *Политички партии и интересовни групи* (Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, 2006), 240-241.
[34] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 5.
[35] Goati, *Političke Partije i Izbori*, 54.
[36] Giovanni Sartori, *Comparative Constitutional Engineering: An Inquiry into Structures, Incentives and Outcomes* (London: Macmillan Press, 1994), 14.

Слика 7. Изборниот систем во поширока смисла на зборот се дефинира како збир на правила и постапки кои се однесуваат на целината на изборниот процес.[37]

При креирањето на изборниот систем посебно се води грижа за нормите кои го регулираат процесот на кандидирање. Во рамките на науката се потенцира дека од посебна важност е правното регулирање на основните процеси за кандидирање да обезбеди законски и демократски тек на истакнување и утврдување на кандидатите за избори.[38] Право да предложат кандидати за избори обично имаат политичките партии, но таквото право го уживаат и независните граѓани.[39] Кога станува збор за независните граѓани треба да се има предвид дека обично ваквите кандидати треба да соберат определен процент на граѓански потписи за да може формално да се кандидираат и учествуваат во изборната трка. Од друга страна, политичките партии не треба да собираат вакви потписи, туку правото да предлагаат кандидати најчесто го стекнуваат со самиот факт дека се формално регистрирана политичка партија. Затоа, кога станува збор за политички партии, тогаш вниманието е повеќе свртено кон прашањето како политичките партии одлучуваат кои ќе бидат нивните кандидати. Тука треба да се има предвид дека иако

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Кандидатите на избори најчесто се предложени од страна на политичките партии. Покрај политичките партии, групи на независни граѓани, со собирање на определен процент на потписи, може да кандидираат кандидати на избори.

37 Слика од @macrovector_official на Freepik
38 Matić i Podunavac, *Politički sistem,* 337.
39 Pajvančić, *Rčcnik osnovnih pojmova i termina o izborima*, 35.

определени политички партии одлучуваат своите кандидати да ги избираат преку партиски собири, конференции, внатрепартиски избори или други процедури, сепак одлуката за партиските кандидати најчесто е резервирана за партискиот врв.[40]

Значајно прашање во рамките на изборните системи секогаш е и начинот на гласање. Во рамките на науката и праксата најчесто се среќаваат два основни начини на гласање. Едниот се нарекува **категоријален**, додека, пак, вториот начин се нарекува **ординален**. Кога се зборува за категоријалното гласање, станува збор, всушност, за едноставниот начин на гласање според кој избирачот од понудените опции треба јасно да избере само еден кандидат или една партиска листа.[41] Избирачот има право само на еден глас и со таквиот глас јасно дава до знаење кој од понудените опции е неговиот избор (кандидат или партиска листа).

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Во рамките на науката и праксата најчесто се среќаваат два основни начини на гласање – категоријален и ординален.

За разлика од категоријалниот начин на гласање, ординалниот начин на гласање на избирачите им овозможува да извршат многу покомплексен избор, односно да имаат поголема слобода и можност да искажат поголема или помала наклонетост кон определени кандидати и листи. Така, во рамките на ординалниот начин на гласање може да се забележи: истакнување на преференции за определен кандидат/кандидати во рамките на една партиската листа (преференцијално гласање); истакнување на преференции за определени кандидати од различни партиски листи (панаширање); бришење на кандидати од избирачкото ливче (негативно гласање); гласање повеќе пати за еден ист кандидат (кумулативно гласање); подредување на кандидатите со: 1, 2, 3, итн. (рангирано гласање); гласање помалку пати од бројот на изборни мандати кои се избираат (ограничено гласање); но и гласање преку внесување на името и презимето на кандидатите во рамки на празно избирачко ливче.[42] Тоа што е евидентно во случајот на ординалниот начин на гласање е дека избирачот располага со повеќе од еден глас.[43]

Покрај кандидирањето и начинот на гласање, изборните системи регулираат и прашања поврзани со: изборната кампања; улогата на медиумите во изборната кампања; финансирањето на политичките партии и изборната кампања; заштитата на избирачкото право,

[40] Pesić, *Politički sistem*, 218.
[41] Venice Commission, "Report on Electoral Systems Overview of Available Solutions and Selection Criteria," 11 https://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=CDL-AD(2004)003-e
[42] Venice Commission, "Report on Electoral Systems Overview," 12-13.
[43] Pavičević, *Izborni Sistemi*, 114.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Изборните модели најчесто се делат на: мнозински, пропорционални и мешовити.

итн.[44] Сепак, се чини дека при креирањето на изборните системи посебно внимание привлекува која техника ќе се користи за претворање на гласовите во претставнички мандати, односно кој изборен модел ќе се користи. Најчесто, во теоријата и праксата кога се пишува за изборни модели се прави разлика меѓу мнозински и пропорционални изборни модели, но во последните неколку децении сè повеќе може да се сретнат и мешовитите изборни модели.

3. МНОЗИНСКИ ИЗБОРНИ МОДЕЛИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Мнозинскиот изборен модел посуштински започнал да се користи во Англија и истиот подразбира гласање за кандидат во едномандатни изборни единици.

Иако примената на мнозинските изборни модели може да се забележи и во Средниот век, сепак овој изборен модел започнал посуштински да се користи за избор на пратеници во Англија. Тоа е причината зошто првата асоцијација за мнозинските изборни модели најчесто се државите од англосаксонскиот свет.

Кога се разгледува прашањето за мнозинските изборни модели треба да се има предвид дека станува збор за изборни модели во кои избирачите гласаат **за кандидат**, а не за партиски листи. Таквото гласање избирачите го вршат најчесто со заокружување на редниот број или ставање определен знак пред името и презимето на еден од кандидатите.

Слика 8. Мнозинските изборни модели подразбираат гласање за кандидат (индивидуа), а не за партиски листи.[45]

[44] Matić i Podunavac, *Politički sistem, 338-339.*

[45] Слика од @pch.vector на Freepik

Тоа значи дека мнозинските изборни модели најчесто се поврзуваат со **едномандатни изборни единици**, односно со изборни единици во кои се избира по еден кандидат. Според тоа, користењето на мнозинските изборни модели налага креирање на онолку изборни единици колку што се избираат кандидати. Така, доколку се врши избор на 120 претставници според овој изборен модел, тоа ќе значи дека територијата на државата ќе треба да биде поделена на 120 изборни единици и од секоја изборна единица да се избира по 1 претставник. Притоа, треба да се има предвид дека постојат различни начини за определување на победникот во рамките на изборната единица. Најчесто, во рамките на мнозинските изборни модели може да се забележи:

- Мнозински изборен модел со еден круг/плурален модел во кој се избира еден кандидат (First Past the Post);
- Мнозински изборен модел со два круга.
- Мнозински изборен модел со алтернативен глас

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Во рамките на теоријата и праксата најчесто се зборува за три вида на мнозински изборни модели, и тоа: со еден круг, со два круга и со алтернативен глас.

Во современата литература првиот модел сè повеќе се издвојува како посебен изборен модел, а не вид на мнозински изборен модел.[46] Овој модел се нарекува плурален модел (First Past the Post) бидејќи кај него не се бара мнозинство за избор на кандидат, туку победува оној кој има најголем број гласови. Но, има и автори кои го третираат како подвид на мнозински модел, без да го означуваат како мнозински, туку го нарекуваат плурален модел.[47] Вториот модел, всушност, се смета за мнозински изборен модел и се нарекува мнозински изборен модел во два круга. Во последните неколку децении започнува да се забележува и примената на мнозинскиот изборен модел со алтернативен глас.

3.1. МНОЗИНСКИ ИЗБОРЕН МОДЕЛ СО ЕДЕН КРУГ/ ПЛУРАЛЕН МОДЕЛ (FIRST PAST THE POST)

Токму оваа варијанта на мнозинскиот изборен модел за првпат посуштински почнала да се применува во Обединетото Кралство, заради што овој изборен модел може најчесто да се сретне во таа земја и во земјите кои биле нејзини колонии.

[46] David M. Farrel, Electoral Systems: A comparative Introduction (New York: Palgrave, 2001), 12.
[47] https://publications.gc.ca/Collection-R/LoPBdP/BP/bp334-e.htm#3.%20Singletxt

Слика 9. Во Обединетото Кралство се користи мнозински изборен модел со еден круг.[48]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Мнозински изборен модел со еден круг предвидува избирачите да гласаат за еден кандидат, а кандидатот со најголем број на гласови се смета за избран.

Станува збор за изборен модел во кој избирачите гласаат за еден кандидат, а кандидатот со најголем број на гласови се смета за избран.[49] Тоа значи дека овој изборен модел не се врзува со никакви услови за освојување на определен број на гласови за да се победи, ниту, пак, бара определен процент на излезност за да се смета дека кандидатот е избран. Мнозинскиот изборен модел во еден круг е наједноставниот изборен модел, според кој победникот може да биде избран и со само еден глас доколку другите кандидати не добиле ниту еден глас. Примената на овој модел може да се види преку следниов пример:

Мнозински изборен модел со еден круг	
Изборна единица: Изборна единица 4 – Општина Карпош	
Запишани избирачи во избирачкиот список: 100 избирачи	
Кандидати:	Освоени гласови:
Мартин Мартиновски	10 гласови
Ивана Ивановска	7 гласови
Јован Јовановски	5 гласови

48 Слика од @syda_productions на Freepik

49 Jean-Francois Lasier,"And the Loser Is ... Plurality Vote," in *Electoral Systems: Paradoxes, Assumption and Procedures*, ed. Dan S. Felsenthal and Moshe Machover (London: Springer, 2012), 349.

Според правилата на овој мнозинскиот изборен модел веднаш може да се заклучи дека победник е кандидатот Мартин Мартиновски бидејќи тој поседува најголем број гласови. Во рамките на овој изборен модел нема потреба од организирање на втор изборен круг бидејќи победникот се добива уште при првото гласање. Тоа говори дека мнозинскиот изборен модел со релативно мнозинство е **ефикасен**, **економичен** и **разбирлив** за обичните граѓани. Ефикасен, бидејќи победникот лесно и брзо се одлучува, економичен, бидејќи нема потреба од организирање на втор круг и разбирлив за граѓаните, бидејќи процесот на гласање и одлучување на победник е навистина едноставен. Сепак, од горенаведениот пример може да се забележат и слабостите на овој мнозински изборен модел.

Во горенаведениот пример, победник во изборната единица е кандидатот Мартин Мартиновски, кој од вкупно 100 запишани избирачи во изборната единица успеал да освои само 10 гласови. Практично, Мартин Мартиновски ќе биде претставник на целата изборна единица иако зад него застанале само 10 % од вкупниот број на запишани избирачи во изборната единица. Тоа говори дека легитимитетот на кандидатот Мартин Мартиновски е навистина низок. Дополнително, ако се спојат гласовите на Ивана Ивановска и Јован Јовановски ќе се забележи дека во изборната единица повеќе гласачи гласале „против“ Мартин Мартиновски (12 гласачи), отколку „за“ Мартин Мартиновски (10 гласачи). Таквата реалност, исто така, го доведува во прашање **легитимитетот** на избраниот кандидат Мартин Мартиновски. Токму врз основа на ваквите критики на мнозинскиот изборен модел во еден круг (First Past the Post), бил создаден мнозинскиот изборен модел со два круга.

3.2. МНОЗИНСКИ ИЗБОРЕН МОДЕЛ СО ДВА КРУГА (TWO-ROUND SYSTEM)

Мнозинскиот изборен модел со два круга својот развој го забележува во XX век како обид да се зачуваат предностите на мнозинските изборни модели, но и да се елиминираат слабостите на мнозинскиот изборен модел со еден круг. Станува збор за изборен модел кој предвидува организирање втор круг на гласање доколку ниту еден кандидат во првиот круг не го освои потребниот процент на гласови, кој обично се поврзува за освојување на мнозинство (50 % + 1) гласови.[50]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Мнозинскиот изборен модел со два круга предвидува организирање втор круг на гласање доколку ниту еден кандидат во првиот круг не го освои потребниот процент на гласови, кој обично се поврзува за освојување на мнозинство (50 % + 1) гласови.

[50] Richard W. Soudriette and Andrew Ellis, „A Global Snapshot“, in *Electoral System and Democracy*, ed. Larry Diamond and Marc F. Plattner (Baltimore: The Johns Hopkins University Press, 2006), 17.

Слика 10. Мнозински изборен модел со два круга се користи за претседателски и парламентарни избори во Франција. Токму затоа оваа држава се користи како пример при објаснување на мнозинскиот изборен модел со два круга.[51]

Идејата зад ваквото решение е дека кандидатот кој е победник на изборите треба да ја ужива довербата на мнозинството во изборната единица. Доколку има таков кандидат во првиот круг, тогаш изборите во конкретната изборна единица се завршени. Доколку нема таков кандидат, тогаш се организира втор круг на гласање. Ваквото потребно мнозинство најчесто се бара од избирачите кои гласале на изборите, но во теоријата и праксата постојат и други решенија.[52] Така, може да се забележат решенија кога за победа во првиот круг на гласање е потребно кандидатите да освојат апсолутно мнозинство од вкупниот број на избирачи запишани во избирачкиот список. Овој услов е прилично строг, па во ваквите системи ретко се случува победникот да биде утврден во првиот круг. Примената на мнозинскиот изборен модел со апсолутно мнозинство може да се согледа од следниот пример:

[51] Слика од @pablographix на Freepik

[52] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 52.

Мнозински изборен модел со мнозинство од вкупниот број избирачи запишани во избирачкиот список	
Изборна единица 4 – Општина Карпош	
Запишани избирачи во избирачкиот список: 100 избирачи	
Кандидати:	Освоени гласови:
Мартин Мартиновски	15 гласови
Ивана Ивановска	7 гласови
Јован Јовановски	5 гласови

Според ваквите правила, за определен кандидат да победи во првиот круг на гласање ќе треба да освои 50 % + 1 глас од вкупниот број на запишани избирачи во изборната единица. Вкупниот број на избирачи запишани во избирачкиот список во нашиот пример е 100 избирачи. Тоа значи дека определен кандидат би требало во првиот круг на гласање да освои минимум 51 глас за да биде избран. Во конкретниов пример, најголем број гласови во првиот круг освоил кандидатот Мартин Мартиновски (вкупно 15 гласови). Сепак, таквиот број на гласови е далеку од потребните 51 глас. Тоа значи дека нема да има победник во првиот круг на гласање и дека ќе треба да се организира втор изборен круг. Практично, може да се забележи дека посебно при мала излезност на избори, победа во првиот круг на гласање, според вакви изборни правила, е навистина тешко остварлива. Тоа е и причината зошто во праксата почесто се користи второто решение, односно решението кое бара за еден кандидат да биде избран во прв круг, тој да освои мнозинство од вкупниот број на избирачи кои гласале. Од следниот пример може да се види ваквата варијанта на мнозинскиот изборен модел:

Мнозински изборен модел со мнозинство од вкупниот број на избирачи кои гласале	
Изборна единица 4 – Општина Карпош	
Запишани избирачи во избирачкиот список: 100 избирачи	
Кандидати:	Освоени гласови:
Мартин Мартиновски	15 гласови
Ивана Ивановска	7 гласови
Јован Јовановски	5 гласови

Во овој изборен модел не е важен бројот на избирачи запишани во избирачкиот список, туку бројот на избирачи кои гласале, кој изнесува 27. Според тоа, мнозинство (50 % + 1) од 27 гласа (бројот на избирачи кои гласале во првиот круг) изнесува минимум 14 гласови. Тоа говори дека според овие изборни правила, кандидатот Мартин Мартиновски, со освоени 15 гласови, ќе биде избран во првиот круг и нема да има потреба од организирање на втор круг. Ваквото решение се оправдува со аргументот дека мнозинството од избирачите кои гласале во првиот круг на гласање одлучиле да го поддржат Мартин Мартиновски. Преку овие два примера лесно може да се забележи дека изборните правила кои бараат апсолутно мнозинство од вкупниот број избирачи запишани во избирачкиот список (51 глас за победа) се многу построги од изборните правила кои бараат мнозинство од избирачите кои гласале (14 гласа за победа). Додека во вториот пример изборните правила го олеснуваат просторот за победа и во првиот круг на гласање, во првиот пример победата во прв круг на гласање изгледа, речиси, невозможна, па заради тоа и секогаш се наметнува потреба за организирање на втор круг на гласање.

Вака поставено, организирањето на вториот круг на гласање отвора неколку прашање кои треба да се имаат предвид.

Прво, таквиот втор круг на гласање најчесто се организира неколку денови или недели по спроведувањето на првиот круг.

Второ, доколку ниту еден кандидат не го постигне потребното мнозинство во првиот круг (без разлика за која варијанта станува збор) и има потреба од организирање на втор круг на гласање, тогаш се наметнува и прашањето кои кандидати ќе продолжат во вториот круг на гласање, за што постојат две опции:

- Во вториот круг на гласање продолжуваат двајцата кандидати кои во првиот круг на гласање имале најголем број на гласови.[53] Практично, според оваа опција, во вториот круг доаѓа до борба на првиот и вториот кандидат по број на гласови од првиот круг на гласање, додека, пак, останатите кандидати се елиминирани.
- Втората опција, пак, се поврзува со освојување на минимален процент на гласови во првиот круг за влез во вториот круг.[54]

[53] Dan S. Felsenthal, „Review of Paradoxes Afflicting Procedures for Electing a Single Candidate“, in *Electoral Systems: Paradoxes, Assumption and Procedures*, ed. Dan S. Felsenthal and Moshe Machover (London: Springer, 2012), 25.

[54] David M. Farrel, *Electoral Systems: A comparative Introduction* (New York: Palgrave, 2001), 52.

Така, во Петтата Француска Република доколку ниту еден кандидат не го освои потребното мнозинство за победа во првиот круг на гласање, во вториот круг на гласање влегуваат сите кандидати кои освоиле минимум 12,5 % од бројот на запишани избирачи во изборната единица. Тоа значи дека според втората опција во вториот круг на гласање може да има двајца кандидати, но и повеќе од двајца кандидати (тројца, четворица, итн.).

Третото важно прашање се однесува на утврдувањето на победникот во вториот круг на гласање, при што се применуваат два метода преку кои се утврдува кој кандидат е победник.

- Во определени земји се очекува некој од кандидатите да освои мнозинство од избирачите кои гласале.[55]
- Од друга страна, во определени држави се забележува дека победник во вториот круг на гласање е кандидатот кој освоил најголем број на гласови во овој круг, без разлика дали таквиот број на гласови претставува или не претставува мнозинство од избирачите кои гласале.[56]

Четврто, кога во вториот круг на гласање продолжуваат двајцата кандидати со најголем број на гласови од првиот круг на гласање, посебно значајна улога во вториот круг играат гласовите на кандидатите кои учествувале во првиот круг, но не успеале да влезат во вториот круг. Значењето на тие гласови може да се види од следниот пример:

Прв круг на гласање	
Изборна единица 4 – Општина Карпош	
Запишани избирачи во избирачкиот список: 100 избирачи	
Кандидати:	Освоени гласови:
Мартин Мартиновски	10 гласови
Ивана Ивановска	7 гласови
Јован Јовановски	5 гласови

55 Felsenthal, „Review of Paradoxes“, 25.
56 Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 52.

Без разлика која варијанта на мнозинство е потребна за избор, јасно е дека во овој пример нема победник во првиот круг на гласање. Доколку во вториот круг на гласање влегуваат двајцата кандидати со најголем број на гласови, тогаш тоа ќе бидат кандидатите Мартин Мартиновски (10 гласови) и Ивана Ивановска (7 гласови). Кандидатот Јован Јовановски со освоени 5 гласови ќе биде елиминиран од учеството во вториот круг на гласање. Меѓутоа, токму неговите гласови може да бидат клучни за победа на еден од кандидатите во вториот круг на гласање. Доколку неговите гласачи ја поддржат кандидатката Ивана Ивановска, тогаш изборните резултати ќе бидат вакви:

Втор круг на гласање	
Изборна единица 4 – Општина Карпош	
Запишани избирачи во избирачкиот список: 100 избирачи	
Кандидати:	Освоени гласови:
Мартин Мартиновски	10 гласови
Ивана Ивановска	12 гласови

Од овој пример може да се види дека мнозинскиот изборен модел во два круга може да доведе во вториот круг на гласање да победи кандидатот кој во првиот круг имал помалку гласови од неговиот противкандидат. Ова ја открива разликата со мнозинскиот изборен модел со еден круг. Доколку во овој пример се применеше мнозинскиот изборен модел со еден круг, тогаш победник ќе беше Мартин Мартиновски, со 10 гласови, бидејќи сите други кандидати ќе имаа помалку гласови од него (Ивана Ивановска – 7 гласови, Јован Јовановски – 5 гласови). Сепак, примената на мнозинскиот изборен модел со два круга, во ситуација во која нема победник во првиот круг на гласање, ќе наметне потреба од организирање на втор круг на гласање во кој победник може да биде и Ивана Ивановска. Тоа беше случај во горенаведениот пример кога Ивана Ивановска освои 12 гласови, наспроти 10 гласови на Мартин Мартиновски. Иако повторно бројот на гласови на избраниот кандидат е прилично низок (освоени 12 гласови од вкупно 100 запишани избирачи), сепак теоретичарите кои ги промовираат мнозинските изборни модели го бранат мнозинскиот изборен модел со два круга велејќи дека ваквиот изборен модел доведува до тоа избраниот кандидат да е поддржан од мнозинството на избирачи кои гласале. Така, мнозинскиот изборен модел со два круга, всушност, ги елиминира критиките упатени кон мнозинскиот изборен модел со еден круг, а притоа, ги задржува неговите предности.



Слика 11. Мнозинскиот изборен модел со два круга доведува до тоа избраниот кандидат да е поддржан од мнозинството на избирачи кои гласале.[57]

Меѓутоа, ваквото надминување на слабостите на мнозинскиот изборен модел со еден круг не е евтино, со оглед на тоа што мнозинскиот изборен модел со два круга ги дуплира изборните трошоци бидејќи најчесто подразбира организирање и на втор изборен круг на гласање. Дополнително, организирањето на вториот круг на гласање може да претставува дополнителен товар и за политичарите, но и за граѓаните.[58] Токму во периодот меѓу првиот и вториот круг, кандидатите кои продолжуваат во вториот круг на гласање треба да ангажираат дополнителни сили за придобивање на гласовите на неутралните гласачи, но и на гласовите на избирачите кои во првиот круг гласале за кандидати кои не успеале да влезат во вториот круг на гласање. Така, и кандидатите кои не влегле во вториот круг на гласање стануваат интересни за исходот на овој круг бидејќи преку насочување на нивните гласачи, всушност, може да го одлучат победникот на овој круг на гласање. И тука се поставува прашањето, која би била причината и мотивацијата ваквите кандидати да ги насочат, односно да не ги насочат своите гласачи да гласаат за определен кандидат во вториот круг на гласање. Посебно во општествата со пониска демократска култура веројатно „партиските причини“ ќе бидат клучни за насочување на гласачите. Сето ова говори дека и избирачите во периодот меѓу двата изборни кругови се под голем притисок и убедувања зошто во вториот круг на гласање треба да гласаат за определен кандидат.

Од ова може да се види дека мнозинскиот изборен модел во два круга има свои предности, но и свои слабости.

57 Слика од @pikisuperstar на Freepik
58 Farrel, *Electoral Systems: A comparative Introduction*, 64.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Мнозинскиот изборен модел со алтернативен глас е организиран во еден изборен круг во кој се гласа за кандидат во едномандатни изборни единици, но избирачите при гласањето треба со рангирање да ги подредат кандидатите на избирачкото ливче.

3.3. МНОЗИНСКИ ИЗБОРЕН МОДЕЛ СО АЛТЕРНАТИВЕН ГЛАС (ALTERNATIVE VOTE)

Со цел да се зачуваат општите предности на мнозинските изборни модели, а да се избегнат слабостите кои се поврзуваат со организирање и на втор изборен круг, теоретичарите кои ги поддржуваат мнозинските изборни модели го создале мнозинскиот изборен модел со алтернативен глас. Станува збор за изборен модел организиран во **еден изборен круг** во кој се гласа за **кандидат** во **едномандатни изборни единици**, но избирачите при гласањето треба со **рангирање да ги подредат кандидатите на избирачкото ливче**. Така, наместо со заокружување на бројот пред името и презимето на нивниот кандидат, во моделот со алтернативен глас избирачите треба да ги подредат кандидатите преку впишување на: број 1 пред името и презимето на нивниот омилен кандидат; број 2 пред името и презимето на нивниот втор избор; број 3 пред името и презимето на нивниот трет избор, итн.

Слика 12. Различни типови на гласачки ливчиња може да се сретнат при користење на мнозинскиот изборен модел со алтернативен глас, но кај сите нив избирачите треба со рангирање да ги подредат кандидатите на избирачкото ливче.

Често ваквиот изборен модел се нарекува систем на преференцијално гласање бидејќи избирачите преку впишување на 1, 2, 3, итн., пред името и презимето на кандидатите, всушност, имаат можност да истакнат кој кандидат од избирачкото ливче е нивна прва, втора, трета преференција, итн.

Првично, улога во определувањето на победникот во изборната единица имаат првите преференции. По завршувањето на гласањето

се гледа дали некој кандидат добил мнозинство од првите преференции. Доколку определен кандидат успеал да освои **мнозинство од првите преференции** на избирачите кои гласале тогаш, таквиот кандидат **се смета за избран**.

Доколку нема таков кандидат, тогаш кандидатот со **најмал број на први преференции се елиминира и неговите гласови се прераспределуваат кај останатите кандидати според неговите втори преференции**. Значи, кога ќе се елиминира кандидатот кој најмал број избирачи го определиле како нивна прва преференција, од гласачките ливчиња на кои тој бил прва преференција, се гледа кој од кандидатите бил означен како втора преференција и кај тие кандидати се додаваат гласовите. На пример, ако на едно гласачко ливче кандидатот А е означен како прва преференција, кандидатот Б како втора, а кандидатот В како трета преференција, а кандидатот А отпаѓа како кандидат со најмалку гласови на кои тој е обележан како прва преференција, тогаш гласот од гласачкото ливче од примерот оди кај кандидатот Б кој е втора преференција на избирачот кој гласал. Кога гласовите на елиминираниот кандидат според неговите втори преференции ќе се распределат кај останатите кандидати, повторно се гледа дали со распределените гласови од елиминираниот кандидат има кандидат кој освоил мнозинство гласови од избирачите кои гласале. Доколку нема таков, се прави ново подредување на кандидатите според бројот на гласови и се пристапува кон елиминирање на новиот кандидат со најмалку гласови. И гласовите на вториот елиминиран кандидат се распределуваат кај останатите кандидати според неговите останати преференции. По распределувањето на гласовите од вториот елиминиран кандидат, повторно се гледа дали има кандидат кој освоил мнозинство гласови. Доколку нема, постапката со елиминирање на кандидатот со најмал број на гласови и прераспределување на неговите гласови се повторува сè додека не се добие кандидат со мнозинство гласови.

Функционирањето на овој изборен модел може да се објасни преку следниве примери:

Мнозински изборен модел со алтернативен глас				
Изборна единица: Изборна единица 4 – Општина Карпош				
Броење на првите преференции				
Кандидати:	Мартин Мартиновски	Ивана Ивановска	Јован Јовановски	Нина Ниновска
Број на гласови:	45 гласови	35 гласови	25 гласови	15 гласови

Од овој пример може да се забележи дека има вкупно 120 гласови. Според тоа, победник во оваа изборна единица ќе биде кандидатот кој ќе освои мнозинство од гласовите на избирачите кои гласале, односно во број тоа би било најмалку 61 глас во нашиот пример (половина + 1 од 120 = 61). Во нашиот пример ниту еден кандидат не успеал да обезбеди најмалку 61 глас од првите преференции. Од избирачите: 45 одлучиле како прва преференција да го одберат Мартин Мартиновски, 35 одлучиле како прва преференција да ја одберат Ивана Ивановска, 25 одлучиле нивен прв избор да биде Јован Јовановски, а 15 тоа го сториле за Нина Ниновска. Бидејќи нема победник, се пристапува кон елиминирање на кандидатот со најмал број на први преференции и прераспределба на неговите гласови кон останатите кандидати според неговите втори преференции. Во нашиот случај, тоа е кандидатката Нина Ниновска, со освоени 15 гласови. Анализата на нејзините гласови покажува дека од нејзините 15 гласови, 10 треба да се прераспределат кај Ивана Ивановска, а 5 кај Јован Јовановски. Таквата прераспределба е последица на податокот дека 10 гласачи кои Нина Ниновска ја обележале со број 1, одлучиле нивен втор избор да биде Ивана Ивановска, додека, пак, за останатите 5 избирачи, втор избор по Нина Ниновска бил Јован Јовановски. По прераспределбата на гласовите, повторно се прави подредување и се гледа дали сега има кандидат со мнозинство гласови, кој во нашиот пример изнесува најмалку 61 глас.

Мнозински изборен модел со алтернативен глас				
Изборна единица: Изборна единица 4 – Општина Карпош				
Состојба по прераспределба на гласовите на Нина Ниновска				
Кандидати:	Мартин Мартиновски	Ивана Ивановска	Јован Јовановски	Нина Ниновска
Број на гласови според први преференции:	45 гласови	35 гласови	25 гласови	15 гласови
Прераспределени гласови од Нина Ниновска:	0 гласови	10 гласови	5 гласови	Елиминирана
Вкупно:	45	45	30	

Лесно може да се забележи дека и по прераспределбата на гласовите од Нина Ниновска повторно нема кандидат кој има мнозинство гласови. Тоа значи дека повторно треба да се пристапи кон елиминирање на кандидатот со најмал број на гласови и прераспределување

на неговите гласови според неговите втори или трети преференции. Во нашиот пример, таков кандидат сега е Јован Јовановски, со вкупно 30 гласови. Анализата на гласовите на Јован Јовановски покажува дека од неговите 30 гласови, 20 гласови треба да се прераспределат кај Ивана Ивановска, а 10 гласови кај Мартин Мартиновски. Таквата прераспределба е резултат на податокот дека 20 гласачи кои Јован Јовановски го обележале со број 1, или број 2, одлучиле нивен втор или трет избор да биде Ивана Ивановска, додека, пак, за 10 избирачи Мартин Мартиновски бил втор или трет избор, по Јован Јовановски. По прераспределбата на гласовите, повторно се прави подредување и се гледа дали сега има кандидат со освоено мнозинство гласови.

Мнозински изборен модел со алтернативен глас				
Изборна единица: Изборна единица 4 – Општина Карпош				
Состојба по прераспределба на гласовите на Јован Јовановски				
Кандидати:	Мартин Мартиновски	Ивана Ивановска	Јован Јовановски	Нина Ниновска
Број на гласови по прераспределбата на гласовите од Нина Ниновска:	45 гласови	45 гласови	30 гласови	Елиминирана
Прераспределени гласови од Јован Јовановски:	10 гласови	20 гласови	Елиминиран	Елиминирана
Вкупно:	55 гласови	65 гласови		

Броењето на гласовите по прераспределувањето на гласовите од Јован Јовановски покажува дека, конечно, има кандидат кој има освоено мнозинство гласови од избирачите кои гласале. Тоа е кандидатката Ивана Ивановска, која по прераспределување на гласовите од Нина Ниновска и Јован Јовановски успеа да освои мнозинство гласови од избирачите кои гласале (65 од 120 гласови).

Преку тоа, во нашиот пример се доби кандидат кој е поддржан од мнозинството избирачи кои гласале (елиминирање на слабоста на мнозинскиот изборен модел со еден круг), а таквата поддршка е обезбедена преку спроведување на еден изборен круг (елиминирање на слабостите на мнозинскиот изборен модел со два круга). Практично, во овој изборен модел голема улога во определувањето на победникот играат и вторите, третите, четвртите преференции,

АВТОРИ

Морис Диверже /Maurice Duverger/ (1917-2014) е роден во Франција. Станува збор за француски социолог и политиколог. Бил еден од основачите на Факултетот за политички науки во Бордо, Франција. Подоцна станал професор и на Универзитетот во Париз, Сорбона, каде што е прогласен и за професор-емиритус. Во текот на својата кариера го анализирал компаративно функционирањето на политичките системи и еволуцијата на политичките институции. Најпознат е по креирањето на Законот на Диверже. Автор е на голем број книги во областа на политичките науки и правото. Посебно треба да се истакне книгата „Политички партии – нивната организација и активности во модерните општества“ (1951). Бил и пратеник во рамките на Европскиот парламент (1989-1994).

итн. Тоа значи дека и кандидатите кои имаат мала можност да победат, може да бидат важни во одлучувањето на победникот.[59] Тоа придонесува кон развој на поумерени политичари бидејќи кандидатите и политичките партии треба да се трудат да ги привлечат и избирачите на останатите кандидати, а не само своите поддржувачи.

Сепак, треба да се има предвид дека мнозинскиот изборен модел со алтернативен глас не е едноставен за разбирање и спроведување бидејќи избирачите треба да ги подредуваат кандидатите. Покрај овие предности и слабости, и овој модел, како и останатите мнозински изборни модели, има определени општи предности и слабости кои се поврзуваат со мнозинските изборни модели.

3.4. ПРЕДНОСТИ НА МНОЗИНСКИТЕ ИЗБОРНИ МОДЕЛИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Законот на Диверже: мнозинските изборни модели придонесуваат за креирање на двопартиски системи, додека, пак, пропорционалните изборни модели придонесуваат за креирање на повеќепартиски системи.

Мнозинските изборни модели најчесто се поврзуваат со мнозинскиот модел на демократија и со познатиот принцип дека победникот го зема целиот плен (winner-take-all). Во таа насока, Морис Диверже го создал познатиот „закон на Диверже“, според кој мнозинските изборни модели го намалуваат бројот на политички партии во политичкиот систем.[60] Со тоа, мнозинските изборни модели ги наградуваат големите политички партии и влијаат врз воспоставувањето на **двопартиски системи** во кои малите политички партии многу тешко може да обезбедат место во парламентите. Теоретичарите, кои ги поддржуваат мнозинските изборни модели, сметаат дека

[59] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 49.

[60] Matthew Soberg Shugart, „Comparative Electoral Systems Research: The Maturation of a Field and New Challenges Ahead“, In *The Politics of Electoral Systems*, ed. Michael Gallagher and Paul Mitchell (New York: Oxford University Press, 2005), 30.

ова позитивно влијае врз развојот на политичкиот систем заради неколку причини.

Првенствено, мнозинските изборни модели придонесуваат кон **стабилни политички институции**. Овозможувајќи доминантна улога на две големи политички партии, мнозинските изборни модели, всушност, овозможуваат политичката партија која победила на изборите самостојно да формира влада бидејќи победата на избори најчесто е преточена и во парламентарно мнозинство во рамките на парламентот. Тоа значи дека мнозинските изборни модели придонесуваат до брзо формирање на стабилни влади бидејќи хомогените влади не зависат од партиски преговори и уцени од страна на помалите коалициони политички партии.[61] Дополнително, владата која е поддржана од хомогено парламентарно мнозинство, воедно е и владата која секогаш го поседува потребното парламентарно мнозинство да ги преточи нејзините политики во законски решенија. Тоа, пак, води кон **функционален парламент**.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Мнозинските изборни модели се едноставни и разбирливи за граѓаните и придонесуваат за: стабилни политички институции, квалитетни претставници, отчетни претставници, можност за успех на независни кандидати, како и за елиминирање на радикалните и екстремистичките политички партии во парламентот.

Слика 13. Мнозинските изборни модели придонесуваат кон стабилни и функционални политички институции бидејќи се поврзуваат со двопартиски системи. Домот на комуни во Обединетото Кралство избиран преку мнозински изборен модел се зема за пример за функционален парламент.

Второ, станува збор за изборни модели кои се **многу едноставни и граѓаните лесно може да го разберат нивното функционирање**.[62] Процесот на гласање е едноставен (најчесто со заокружување на

[61] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 36.
[62] Farrel, *Electoral Systems: A Comparative Introduction*, 20.

посакуваниот кандидат), а и процесот на броење гласови и одлучување кој кандидат е победник, едноставен е за објаснување. Таквата природа на овие изборни модели ги прави разбирливи и блиски до граѓаните. Од ова отстапува единствено мнозинскиот модел со алтернативен глас.

Трето, мнозинските изборни модели овозможуваат избор на **квалитетни претставници**. Тоа е така бидејќи мнозинските изборни модели најчесто се спроведуваат во едномандатни изборни единици во кои се гласа за кандидат, а не за политичка партија.[63] Дополнително, мнозинските изборни модели се спроведуваат во територијално мали изборни единици, а малите изборни единици овозможуваат воспоставување на непосреден и близок контакт меѓу кандидатите и избирачите. Овозможувајќи понепосреден и поголем контакт, комбинацијата на едномандатни и мали изборни единици отвора простор избирачите добро да го запознаат кандидатот и да одлучат дали кандидатот заслужува или не заслужува да го добие нивниот глас. Според тоа, квалитетот на кандидатот, а не припадноста и лојалноста кон определена политичка партија, игра огромна улога за изборот на кандидатот.

Четврто, ваквата природа на изборните единици (едномандатни и територијални мали изборни единици) придонесува и кон **голема отчетност на претставниците**. Мнозинските изборни модели придонесуваат избраните кандидати да се однесуваат како претставници на изборната единица од која се избрани. Секоја изборна единица има свој претставник. На тој начин, целата одговорност за состојбите во изборната единица се концентрира во една личност. Така, избраните кандидати се свесни дека при повторно кандидирање нивниот успех во најголема мера ќе зависи од дотогашното искуство на избирачите со нив.[64] Тоа ги мотивира да се посветени и отчетни кон избирачите од нивната изборна единица.

---

[63] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 37.

[64] Hans-Dieter Klingemann, „The Impact of Political Institutions: A Contribution of the Comparative Study of Electoral Systems (CSES) to Micro-Macro Theories of Political Attitude Formation and Voting Behavior“, in *The Comparative Study of Electoral Systems*, ed. Hans-Dieter Klingemann and Ian McAllister (Oxford: Oxford University Press, 2009), 11.

Слика 14. Мнозинските изборни модели се поврзуваат со квалитетни и отчетни кандидати.[65]

Петто, мнозинските изборни модели придонесуваат кон **поголем број на независни кандидати**, односно кандидати кои не се поврзани со политичка партија. Тоа што се гласа во едномандатни изборни единици, во кои избирачите избираат меѓу кандидати, а не меѓу политички партии, придонесува и независните кандидати да имаат шанса да обезбедат место во претставничките тела.[66]

Шесто, мнозинските изборни модели го **елиминираат влезот на радикалните и екстремистичките политички партии во парламентот**.[67] Преку елиминирање на малите политички партии, мнозинските изборни модели, воедно, ги елиминираат и радикалните и екстремистичките политички партии. Недозволувајќи им да влезат во парламентот, мнозинските изборни модели им ограничуваат на радикалните и екстремистичките политички лидери да ги искористат политичките институции за ширење на нивните популистички и опасни ставови. Одредени теоретичари тврдат дека Адолф Хитлер и Национал-социјалистичката партија не би дошле на власт доколку во Вајмарска Германија се применувал мнозински изборен модел.[68]

---

[65] Слика од @photoroyalty на Freepik

[66] Soren Holmberg, „Candidate Recognition in Different Electoral Systems“, in *The Comparative Study of Electoral Systems*, ed. Hans-Dieter Klingemann and Ian McAllister (Oxford: Oxford University Press, 2009), 160.

[67] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 36.

[68] Shugart, „Comparative Electoral Systems Research: The Maturation of a Field and New Challenges Ahead“, 26.

Во таа насока, може да се заклучи дека мнозинските изборни модели се преферираат заради обезбедување на стабилни политички институции, елиминирање на радикални политики и обезбедување на отчетни, одговорни и посветени претставници.

3.5. СЛАБОСТИ НА МНОЗИНСКИТЕ ИЗБОРНИ МОДЕЛИ

Често, во политичката наука може да се сретне ставот дека предностите на еден изборен модел, воедно, се и негова слабост.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Слабостите на мнозинскиот изборен модел се поврзуваат со: клиентелизам, застапување на парцијалните (локалните) интереси на своите избирачи, голем број на пропаднати/изгубени гласови, опасност од gerrymandering (џеримандеринг), создавање на регионални феуди, креирање на нереална слика за расположението на граѓаните, создавање на нерепрезентативни парламенти, како и необезбедување на фер шанса за сите политички партии.

Прво, критичарите на мнозинските изборни модели ги критикуваат ваквите модели сметајќи дека придонесуваат кон создавање на **премногу стабилни влади**. Таквите премногу стабилни влади многу лесно може да станат неодговорни влади имајќи предвид дека во ваквите системи законодавната власт често е подредена на извршната власт. Тоа е така бидејќи сите пратеници кои го креираат парламентарното мнозинство, воедно, припаѓаат на партијата која е на власт.[69] Затоа, при примена на мнозинските изборни модели се губи чувството дека законодавната власт ја контролира работата на извршната власт, а дополнително, многу ретко доаѓа до изгласување на недоверба на владите бидејќи, за да биде изгласана таква недоверба, потребно е за неа да гласаат и пратеници кои потекнуваат од партијата која е на власт.

Второ, обично мнозинските изборни модели придонесуваат кон подем на **клиентелизам, патронажна политика, нудење услуги, поткупи и други коруптивни дејства**. Тоа што овие изборни модели се применуваат во едномандатни изборни единици, кога и еден глас може да биде клучен за победа и можноста за непосреден контакт меѓу избирачите и кандидатите, придонесуваат кандидатите при нивната изборна кампања да се впуштат во вакви дејства со цел да придобијат повеќе гласови.[70]

[69] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 410.

[70] Pippa Norris, „Electoral Systems and Electoral Integrity“, in *The Oxford Handbook of Electoral Systems*, ed. Erik S. Herron, Robert J. Pekkanen and Matthew S. Shugart (Oxford: Oxford University Press, 2018), 500.

Слика 15. Мнозинските изборни модели овозможуваат повеќе простор за: клиентелизам, патронажна политика, поткупи и коруптивни дејности при избори.[71]

Трето, претставувајќи ги интересите на своите изборни единици, избраните кандидати повеќе се свртени кон **парцијалните интереси на своите избирачи, отколку кон општите интереси**.[72] Така, претставниците може да станат промотори на локални интереси дури и во состојба кога таквите локални интереси одат во спротивност со државните интереси.

Четврто, како голема слабост на мнозинските изборни модели обично се истакнува тоа што во овие изборни модели има **голем број на пропаднати/изгубени гласови**.[73] Бидејќи се избира само еден кандидат, сите гласови кои не биле дадени за избраниот кандидат во изборната единица пропаѓаат, односно не се претставени во парламентот. Кога на крајот ваквите изгубени гласови ќе се соберат од сите изборни единици, се добива навистина голем број на пропаднати и изгубени гласови.

Петто, мнозинските изборни модели ја зголемуваат можноста за **манипулација при исцртувањето на границите на изборните единици**. Ваквите манипулации се познати под терминот **gerrymandering (џеримандеринг)** и под нив се подразбира цртање на вештачки изборни граници заради политички цели. Практично,

[71] Слика од @MolasIslamic на Freepik
[72] Светомир Шкариќ и Гордана Силјановска, *Уставно право* (Скопје**:** Култура, 2009), 475.
[73] Reeve and Alan Ware, *Electoral Systems: A Comparative and Theoretical Introduction*, 147.

изборните граници се исцртуваат со цел да се создадат голем број на изборни единици во кои партијата која е на власт ќе победи со мала разлика, а ќе ги изгуби изборите во мал број изборни единици со голема разлика.[74] Терминот gerrymandering произлегува од името на гувернерот на Масачусетс, кој исцртал изборна единица во Бостон во која биле сконцентрирани гласачите на неговата партија, со цел да го максимизира резултатот на неговата партија, а да го минимизира резултатот на противниците. Таа изборна единица наликувала на гуштер од митските приказни (salamander), па од таму постапката на прекројување на изборните единици во вештачки граници, мотивирана од тесно партиски интереси, се нарекува со терминот gerrymandering. Тоа е кованица од името на гувернерот на Масачусетс – Gerry и mandering, што доаѓа од зборот salamander, како што наликувала изборната единица која ја исцртал гувернерот Gerry.

Слика 16. Можноста за манипулации при исцртувањето на границите на изборните единици (Gerrymandering) се припишува како слабост на мнозинските изборни модели. Слики од изборна единица во Масачусетс, САД.

Шесто, мнозинските изборни модели може да доведат до создавање на **регионални феуди**, односно состојба во која сите претставници од определен регион ќе бидат избрани од една политичка партија.[75]

[74] Michael Gallagher and Paul Mitchell, „Glossary“, In *The Politics of Electoral* Systems, ed. Michael Gallagher and Paul Mitchell (New York: Oxford University Press, 2005), 633.
[75] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 43.

Доколку определена политичка партија доминира во определен регион, тогаш постои голема можност во тој регион таа политичка партија да ги освои сите пратенички мандати. Гласовите дадени за другите кандидати, во тој регион, бидејќи не биле доволни за да се победи во некоја од изборните единици, едноставно ќе пропаднат и нивните гласови нема да бидат претставени.

Тоа креира **нереална слика за расположението на граѓаните и создава нерепрезентативни парламенти** што, заедно со **отсуството на фер шанса** за сите политички актери, се истакнуваат како најголеми слабости на мнозинските изборни модели. Тоа е така бидејќи мнозинските изборни модели ги наградуваат големите политички партии, а ги елиминираат малите политички партии. Дополнително, треба да се има предвид дека мнозинските изборни модели ги **елиминираат и не се фер кон: кандидатките – жени, младите кандидати и кандидатите кои припаѓаат на малцинските групи**.

Слика 17. Мнозинските изборни модели не се фер и ги елиминираат кандидатките жени.[76]

[76] Слика од @kraphix на Freepik

Оваа слабост на мнозинските изборни модели може да се согледа на примери од парламентарните избори во Обединетото Кралство. Имено, на изборите во 1983 година во Обединетото Кралство, Конзервативната партија со освоени 42,4 % од гласовите успеала да добие 61 % од пратеничките мандати. Евидентно е дека мнозинскиот изборен модел ја наградил Конзервативната партија и создал нереална слика во рамките на Парламентот.

Резултати од парламентарни избори				
Обединето Кралство Парламентарни избори 1983 година	Партија:	Конзервативна партија	Лабуристичка партија	Либерална партија
	Освоени гласови:	42,4 %	27,6 %	25,4 %
	Освоени мандати (од вкупно 650 мандати):	397 мандати (61 %)	209 мандати (32 %)	23 мандати (3,5 %)

Таквото наградување на големите политички партии, мнозинските изборни модели го прават преку оштетување на малите политички партии. Тоа најубаво се забележува по резултатите на Либералната партија во Обединетото Кралство, која била третопласираната партија по бројот на гласови на овие избори. Иако оваа партија успеала да освои дури 25,4 % од гласовите на британските избирачи, сепак добила само 3,5 % од пратеничките мандати во Домот на комуни. Ваквата состојба е резултат на тоа што Либералната партија во голем број на изборни единици имала гласови, но во само 3,5 % од изборните единици успеала да има доволно гласови за да победи. Тоа значи дека во сите други изборни единици гласовите ѝ пропаднале. Преку тоа се гледа дека мнозинскиот изборен модел ја исклучил Либералната партија и создал нерепрезентативен парламент кој не ги претставува интересите на гласачите кои гласале за оваа партија. Освен што ваквата состојба не е фер, се поставува и прашањето колку таквата состојба е демократска.

Од ваквите бројки, лесно може да се забележи како, и колку мнозинскиот изборен модел не бил фер кон третата, односно малата партија во британската политика (Либералната партија). Дополнително, од примерите на Обединетото Кралство лесно може да се заклучи дека мнозинските изборни модели не ја даваат вистинската слика за расположението на граѓаните. Всушност, мнозинските изборни модели може да доведат до толку нереална слика за расположението на граѓаните во една држава што може да се случи определена

партија вкупно да освои најмногу гласови на изборите, а тоа да не се трансформира во најмногу освоени мандати. Односно, победник на изборите по број на мандати да биде партија која не освоила најмногу гласови на граѓаните во државата. Таквата состојба може да се согледа во 1951 година во Обединетото Кралство. На овие избори Конзервативната партија со освоени 48 % од гласовите, добила 51,4 % од пратеничките мандати, додека, пак, Лабуристичката партија, со освоени 48,8 % од гласовите, добила 47,2 % од пратеничките мандати. Тоа значи дека победник на изборите во 1951 година во Обединетото Кралство била партијата која добила помалку гласови од британските граѓани.

Резултати од парламентарни избори				
Обединето Кралство Парламентарни избори 1951 година	Партија:	Конзервативна партија	Лабуристичка партија	Либерална партија
	Освоени гласови:	48 %	48, 8%	2,6 %
	Освоени мандати (од вкупно 625 мандати)	321 мандат (51,4 %)	295 мандати (47,2 %)	6 мандати (0,96%)

Ваква состојба во Обединетото Кралство немало само еднаш. Иако ваквата состојба, а и останатите слабости на мнозинскиот изборен модел низ годините предизвикувале големи критики, сепак, британските граѓани останале лојални на овој изборен модел. Се чини дека слабостите на мнозинскиот изборен модел во Обединетото Кралство се толерираат во име на стабилноста на политичките институции и изборот на квалитетни и отчетни кандидати.

Таквата констатација може да важи за Обединетото Кралство, но не и за други општества. Во најголем број општества, репрезентативноста, како и нудењето фер шанса на сите политички актери, е нужна за развој на демократијата. Заклучокот посебно е релевантен во сегментираните општества. Во општествата во кои постојат длабоки општествени поделби, вклучувањето на сите важни групи во парламентот е клучен чекор кон демократска консолидација.[77] Имајќи предвид дека мнозинските изборни модели ги елиминираат малите политички партии тоа, воедно, значи дека овие изборни модели поседуваат капацитет да ги елиминираат и политичките

[77] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 57.

партии на **малцинските заедници**. Чувството дека изборниот систем не е фер и дека политичките правила не дозволуваат сите политички актери да имаат еднаква шанса за победа на избори, може да доведе политичките актери да започнат со вонинституционално делување преку користење на недемократски, па дури и насилни методи.[78]

Токму заради сето ова, кон крајот на XIX век почнало да се трага по нови изборни модели – пропорционалните изборни модели.

4. ПРОПОРЦИОНАЛНИ ИЗБОРНИ МОДЕЛИ

Првичен притисок за имплементирање на пропорционални изборни модели може да се забележи во Белгија и во Швајцарија во текот на втората половина на XIX век.[79] Ова е сосема очекувано имајќи предвид дека и во двата случаја станува збор за длабоко сегментирани држави. Сепак, ваквиот притисок првенствено дал ефект во Белгија. Имено, за првпат пропорционалниот изборен модел бил искористен на Парламентарните избори во Белгија, во 1899 година.[80]

Слика 18. Пропорционалниот изборен модел за првпат бил искористен во Белгија.[81]

78 Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 6.
79 Farrel, *Electoral Systems: A comparative Introduction*, 70.
80 Giovanni Sartori, „The Influence of Electoral Systems: Faulty Laws of Faulty Method?“ in *Electoral Laws and Their Political Consequences*, ed. Bernard Grofman and Arend Lijphard (New York: Algora Publishing, 2003), 57-58.
81 Слика од @kutsallenger на Freepik

Оттогаш, па сè до денес, најголем дел од државите при спроведување на изборни реформи одлучувале да имплементираат решенија кои треба да доведат до поголема пропорционалност.[82] Токму во тоа е и целта на пропорционалните изборни модели. Пропорционалните изборни модели се трудат што е можно посоодветно да го трансформираат бројот на освоени гласови во пратенички мандати. Тоа значи дека ако една политичка партија на изборите освоила 35 % од вкупниот број на гласови, тогаш пропорционалниот изборен модел ќе се труди околу 35 % од пратеничките мандати да припаднат на таа политичка партија. Преку тоа, пропорционалните изборни модели се трудат да ја прикажат реалната слика, да дадат фер шанса на сите политички актери и да го намалат бројот на изгубени гласови. За да го постигнат тоа, пропорционалните изборни модели предвидуваат спроведување на изборите според следниве правила.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Пропорционалните изборни модели се трудат што е можно посоодветно и попропропорционално да го трансформираат бројот на освоени гласови во пратенички мандати.

Првенствено, пропорционалните изборни модели се спроведуваат во **повеќемандатни изборни единици**.[83] Тоа значи дека од секоја изборна единица се избираат два или повеќе од два кандидати. Според тоа, бројот на изборни единици е помал, но територијално изборните единици се поголеми во споредба со изборните единици во мнозинските изборни модели. Тука треба да споменеме дека при користење на пропорционални изборни модели постои можност и сите претставници да се избираат од една изборна единица. Тогаш, целата територија на државата е една изборна единица.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Пропорционалните изборни модели се спроведуваат во повеќемандатни изборни единици, при што граѓаните гласаат за партиски листи, а не за индивидуални кандидати.

Второ, при користење на пропорционалните изборни модели, избирачите **гласаат за партиски листи, а не за индивидуални кандидати**. Така, овие изборни модели предвидуваат секоја политичка партија да состави листа на кандидати, а избирачите да гласаат за една партиска листа од понудените.[84] Притоа, листата треба да се состои од онолку кандидати колку што се избираат претставници во конкретната избирачка единица. Постојат различни видови на партиски листи. Доколку редоследот на партиската листа не може да се менува, тогаш станува збор за **затворени партиски листи**. Во пропорционалните изборни модели со затворени партиски листи, составот, но и редоследот на кандидатите на партиската листа е определен од страна на политичката партија, а избирачот може само

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Затворени партиски листи: редоследот на партиската листа не може да се менува од страна на избирачот.

[82] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 23.
[83] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 61.
[84] Michael Gallagher and Paul Mitchell, „Appendix A“, in *The Politics of Electoral* Systems, ed. Michael Gallagher and Paul Mitchell (New York: Oxford University Press, 2005), 584.

да гласа за партиска листа од една политичка партија/коалиција.[85] Практично, избирачот нема можност да менува во редоследот на партиската листа и затоа се соочува со состојбата „земи или остави“. За разлика од затворените партиски листи, состојбата е сосема спротивна при користењето на **отворените партиски листи**. При користење на отворени партиски листи избирачите имаат можност не само да гласаат за листата на политичката партија што ја поддржуваат, туку и за кандидат/кандидати во рамките на партиската листа.[86] Тоа значи дека отворените партиски листи овозможуваат избирачите да влијаат врз редоследот во партиската листа на политичката партија која ја поддржуваат. Тука треба да се потенцира дека во определени држави може да се забележи користење и на **слободни партиски листи**. Ваквите слободни партиски листи овозможуваат избирачите да гласаат за кандидати од една партиска листа, но и за кандидати од различни партиски листи.[87]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Отворени партиски листи: избирачите гласаат за листата на политичката партија којашто ја поддржуваат, но имаат и можност да гласаат и за кандидат/кандидати во рамките на партиската листа. Тоа значи дека избирачите имаат можност да го менуваат редоследот на партиската листа.

Трето, со цел поголемо пропорционално трансформирање на освоените гласови во мандати, пропорционалните изборни модели користат специфични **формули, изборни квоти или методи**. Преку ваквите формули, квоти и методи, се определува која партија колку мандати ќе добие во претставничките тела. Тоа значи дека пресметувањето на мандатите во пропорционалните изборни модели не е едноставно како кај мнозинските изборни модели.

Слика 19. Пропорционалните изборни модели преку користење на специфични формули, изборни квоти или методи определуваат која партија колку мандати ќе добие во претставничките тела.[88]

[85] Farrel, *Electoral Systems: A comparative Introduction*, 83.
[86] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 84.
[87] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 177.
[88] Слика од @user20966292 на Freepik

АВТОРИ

Виктор Донт /Victor D'Hondt/ (1841-1901) е роден во Белгија. Работел како адвокат и математичар, а подоцна бил и професор по право на Универзитетот во Гент. Најпознат е по креирањето на Донтовиот метод со чија помош се врши трансформирање на гласовите во пратенички мандати преку користење на пропорционален изборен модел. Виктор Донт бил еден од најголемите борци за воведување на пропорционалниот изборен модел во Белгија, односно државата во која за првпат почнало користењето на овој изборен модел. Денес, Донтовиот метод се користи во голем број држави, а неговата примена е посебно забележлива во европските држави.

4.1. ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ГЛАСОВИТЕ ВО МАНДАТИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Пропорционалните изборни модели го прават распределувањето на мандати или преку користење на методот со највисок просек или преку користење на методот на најголем остаток.

Во неколку наврати веќе беше споменато дека главната цел на пропорционалните изборни модели е да доведат до реална слика за расположението на граѓаните преку пропорционално трансформирање на гласовите во претставнички мандати. Со цел тоа да го постигнат, пропорционалните изборни модели користат различни формули, квоти и методи. Таквото распределување на мандати може да се направи преку користење на методот со највисок просек или преку користење на методот на најголем остаток.[89]

4.1.1. *ПРОПОРЦИОНАЛЕН ИЗБОРЕН МОДЕЛ СО НАЈВИСОК ПРОСЕК*

Доколку се направи анализа на функционирањето на пропорционалните изборни модели во светот, тогаш може да се дојде до заклучок дека во најголем број случаи распределбата на мандатите се врши преку користење на моделите со највисок просек. Станува збор за модели кои не се врзуваат за изборни квоти, туку за изборни делители.[90] Ваквите модели наметнуваат потреба бројот на гласови на секоја политичка партија сукцесивно да се дели со серија на делители и, притоа, добиените количници определуваат која политичка партија колку пратенички мандати ќе добие. Најчесто користениот метод за распределба на мандати според ваквите изборни правила е именуван според белгискиот математичар Виктор Донт.[91] Станува збор за познатиот **Донтов метод** кој се користи во голем број држави, меѓу кои и во нашата држава, за распределување на мандатите на парламентарните и локалните избори. Овој метод функционира така што на самиот почеток бројот на гласови на секоја политичка

[89] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 60.
[90] Farrel, *Electoral Systems: A comparative Introduction*, 73-74.
[91] Reeve and Ware, *Electoral Systems: A Comparative and Theoretical Introduction*, 152.

партија поединечно се дели со: 1, 2, 3, 4, 5, итн. Таквото поединечно делење на бројот на гласови на секоја политичка партија доведува до голем број на количници. Следен чекор е лоцирање на најголемите количници. Се бараат онолку најголеми количници колку што треба да се распределат мандати. Доколку треба да се распределат 5 мандати, тогаш се трага по петте најголеми количници, кои се резултат од поединечното делење на гласовите на политичките партии. Примената на Донтовиот метод може да се види преку следниов пример:

Распределба на мандати според Донтов метод				
Распределба на 5 мандати	Конзервативна партија	Лабуристичка партија	Либерална партија	Радикална партија
Освоени гласови	60.000 гласови	38.000 гласови	21.000 гласови	10.000 гласови
Количник добиен при делење со 1	60.000 (1)	38.000 (2)	21.000 (4)	10.000
Количник добиен при делење со 2	30.000 (3)	19.000	10.500	5.000
Количник добиен при делење со 3	20.000 (5)	12.666	7.000	3.333
Количник добиен при делење со 4	15.000	9.500	5.250	2.500
Количник добиен при делење со 5	12.000	7.600	4.200	2.000

Во овој пример е потребно да се распределат 5 претставнички мандати. Конзервативната партија на изборите добила 60.000 гласови, Лабуристичката партија 38.000 гласови, Либералната партија 21.000 гласови, а Радикалната партија само 10.000 гласови. По пребројувањето на добиените гласови, следен чекор според Донтовиот метод би бил бројот на гласови на секоја политичка партија сукцесивно да се дели со броевите: 1, 2, 3, 4 и 5. Тоа би значело дека ќе треба 60.000 (бројот на освоени гласови на Конзервативната партија) да се дели со 1, со 2, со 3, со 4 и со 5. Истото се прави и со гласовите на Лабуристичката партија (38.000 гласови). Се дели 38.000 со 1, со 2, со 3, со 4 и со 5. Постапката се повторува и за гласовите на Либералната партија (21.000 гласови). Се дели 21.000 со 1, со 2, со 3, со 4 и со 5. Делењето се завршува со гласовите на Радикалната партија (10.000 гласови). Се дели 10.000 со 1, со 2, со 3, со 4 и со 5. Ваквото делење ќе предизвика голем број на количници. Добиените количници се

подредуваат по големина и се бара онолку најголеми количници, колку што се избираат мандати во изборната единица. Во овој случај, бидејќи се избираат 5 мандати, ќе треба да се најдат 5-те најголеми количници. Тоа се следните количници: 60.000 (Конзервативна партија); 38.000 (Лабуристичка партија); 30.000 (Конзервативна партија); 21.000 (Либерална партија) и 20.000 (Конзервативна партија). Според тоа, се гледа дека меѓу количниците добиени со делење на гласовите на Конзервативната партија има три од петте најголеми количници, меѓу количниците добиени со делење на гласовите на Лабуристичката партија има еден од петте најголеми количници, кај Либералната партија еден, а Радикалната партија нема ниту еден количник меѓу петте најголеми количници. Токму затоа: Конзервативната партија ќе добие три мандати; Лабуристичката партија ќе добие еден мандат; Либералната партија ќе добие еден мандат; а Радикалната партија нема да добие мандат.

Покрај Донтовиот метод често за распределба на мандатите во ваквите изборни модели се користи и методот на математичарот Сант Лагу (Sainte-Laguë). Постапката е иста како кај Донтовиот метод, но при користење на Sainte-Laguë методот правилата наметнуваат делење на партиските гласови со непарни броеви. Тоа значи дека при користење на Sainte-Laguë методот, наместо да се дели со 1, 2, 3, 4, 5, итн. (како кај Донтовиот метод), всушност, ќе треба партиските гласови да се делат со 1, 3, 5, 7, 9, итн. Од следниот пример може да се види како би се распределиле мандатите доколку за истите изборни резултати наместо Донтовиот метод се користи Sainte-Laguë методот.

Распределба на мандати според Sainte-Laguë методот				
Распределба на 5 мандати	Конзервативна партија	Лабуристичка партија	Либерална партија	Радикална партија
Освоени гласови	60.000 гласови	38.000 гласови	21.000 гласови	10.000 гласови
Количник добиен при делење со 1	60.000 (1)	38.000 (2)	21.000 (3)	10.000
Количник добиен при делење со 3	20.000 (4)	12.666 (5)	7.000	5.000
Количник добиен при делење со 5	12.000	7.600	4.200	3.333
Количник добиен при делење со 7	8.571	5.428	3.000	2.500

Користењето на Sainte-Laguë методот доведе до сосема различни количници во споредба со користењето на Донтовиот метод. Во таа насока, при потрага по петте најголеми количници, кои се добиваат со делењето според правилата на Sainte-Laguë метод (делење со: 1, 3, 5, 7, 9, итн.) може да се забележи дека два од петте најголеми количници се добиени при делењето на гласовите на Конзервативната партија (60.000 и 20.000), два при делење на гласовите на Лабуристичката партија (38.000 и 12.666) и еден при делење на гласовите на Либералната партија (21.000). Радикалната партија повторно нема количник меѓу петте најголеми количници. Според тоа, Sainte-Laguë методот ќе придонесе Конзервативната партија да добие два мандата, Лабуристичката партија два мандата, Либералната партија еден мандат, а Радикалната партија повторно ќе остане без мандат.

Значи, при користење на идентични гласови, Sainte-Laguë методот даде различна распределба на мандатите од Донтовиот метод. Тоа кажува дека користењето на различен метод за распределување на мандати може да доведе до различни резултати дури и кога бројот на освоени гласови и мандати кои треба да бидат распределени, останува ист.

Споредба на распределба на мандати според Донтовиот и Sainte-Laguë методот

Распределба на 5 мандати	Конзервативна партија	Лабуристичка партија	Либерална партија	Радикална партија
Освоени гласови	60.000 гласови	38.000 гласови	21.000 гласови	10.000 гласови
Според Донтов метод	3	1	1	0
Според Sainte-Laguë	2	2	1	0

4.1.2. *ПРОПОРЦИОНАЛЕН ИЗБОРЕН МОДЕЛ СО НАЈГОЛЕМ ОСТАТОК*

Пропорционалниот изборен модел со најголем остаток функционира врз сосема различни основи од моделот на највисок просек. Моделот на највисок просек ги распределува мандатите преку сукцесивно делење на гласовите на секоја политичка партија поединечно. Во моделот со најголем остаток тоа не е случај. Имено, ваквиот модел се поврзува со изборни квоти. Ваквите изборни квоти најчесто се добиваат со делење на вкупниот број на гласови, со вкупниот број на мандати кои треба да се распределат во конкретната изборна единица. Иако постојат голем број на изборни квоти, сепак во практиката најчесто може да се забележат Харе квотата,

АВТОРИ

Сер Томас Харе /Sir Thomas Hare/ (1806 -1891) е роден во Англија. Работел како адвокат, но бил пратеник и во Домот на комуни. Познат е по креирањето на Харе-квотата за трансформирање на гласовите во пратенички мандати, но исто така, познат е и по креирањето на „Системот на поединечен преносliв глас“. Бил голем поборник за изборни реформи, а денес неговата формула се користи во голем број држави во Африка, Азија и Јужна Америка.

Дроповата квота и Империјали квотата. Вредноста на ваквите квоти се добива преку користење на различни формули.

Харе квотата е наједноставната квота, па затоа оваа квота често се среќава и под терминот „природна“ квота.[92] Со цел да се добие вредноста на оваа квота, потребно е вкупниот број на гласови да се подели со вкупниот број на мандати, кои се распределуваат во изборната единица. Тоа значи дека доколку вкупниот број на гласови е 130.000, а во изборната единица треба да се распределат 5 мандати, тогаш Харе квотата ќе изнесува 26.000 бидејќи 130.000 делено со 5 е 26.000. Или, доколку Харе квотата треба да се прикаже со математичка формула, тогаш истата би била:

$$\text{Харе квота} = \frac{\text{Вкупен број на гласови}}{\text{Вкупен број на мандати}}$$

Дроповата квота во последните децении сè повеќе почнува да се користи и истата се пресметува според следнава формула:

$$\text{Дропова квота} = \frac{\text{Вкупен број на гласови}}{(\text{Вкупен број на мандати}+1)} + 1$$

Во овој случај, Дроповата квота ќе изнесува 21.667 бидејќи кон количникот (21.666) добиен од делењето на 130.000 (вкупен број на гласови) со 6 (5 мандати + 1) треба да се додаде плус еден.

На крајот треба да се има предвид и **Империјали квотата** бидејќи и оваа квота често се користи за распределување на претставнички мандати. Ваквата квота се добива со користење на следнава формула:

$$\text{Империјали квота} = \frac{\text{Вкупен број на гласови}}{\text{Вкупен број на мандати}+2}$$

[92] Ibid.

При анализа на последната квота може да се забележи дека Империјали квотата изнесува 18.571, бидејќи според оваа формула, 130.000 (вкупен број на гласови) треба да се подели со 7 (5 мандати + 2).

Без разлика на изборната квота, кај сите нив постапката за распределба на мандатите е идентична. На самиот почеток се пресметува износот на изборната квота според соодветната формула. Понатаму, се гледа колку пати таквата изборна квота се содржи во бројот на освоени гласови на секоја од политичките партии. Ако се состои двапати, тогаш политичката партија добива два мандата. Ако се содржи само еднаш, тогаш политичката партија добива само еден мандат. Ако не се содржи ниту еднаш, тогаш политичката партија нема да добие мандат. Првично вака се одвива распределувањето на претставничките мандати. Доколку сите мандати се поделени, тогаш нема потреба од вклучување на најголемиот остаток. Но, доколку се случи при првичното распределување да не бидат распредели сите мандати, тогаш се пристапува кон дополнително распределување во кое се анализираат остатоците во бројот на гласови на политичките партии. Имено, при првичното распределување на мандатите според тоа колку пати изборната квота се состои во бројот на гласови на определена партија, воедно може да се јави и определен остаток на гласови кој не е искористен. Таквите остатоци од бројот на гласови на политичките партии се подредуваат по големина и партиите кои имаат најголем остаток ги добиваат мандатите кои не биле распределени при првичното распределување. Примената на моделите со најголем остаток може да се види од следниот пример на распределба на 5 мандати, со користење на Харе квотата:

Распределба на мандати според Харе квотата				
Политичка партија	Освоени гласови	Мандати (почетно распределување)	Остаток:	Финални мандати:
Конзервативна партија	60.000	2	26.000 x 2 = 52.000 Остаток: 8.000	2
Лабуристичка партија	34.000	1	26.000 x 1 = 26.000 Остаток: 8.000	1
Либерална партија	26.000	1	26.000 x 1 = 26.000 Остаток: 0	1
Радикална партија	10.000	0	Остаток: 10.000	1

На самиот почеток е потребно да биде собран вкупниот број на гласови. Тоа во овој случај изнесува 130.000 гласови (60.000 + 34.000 + 26.000 + 10.000). За да се добие Харе квотата, потребно е ваквиот вкупен број на гласови да се подели со вкупниот број на мандати. Тоа во овој случај е пет мандати. Така, преку делење на 130.000 со 5, се доаѓа до одговорот дека Харе квотата во овој случај изнесува 26.000. Следен чекор е да се види колку пати 26.000 се состои во бројот на гласови на политичките партии. Во случајот на Конзервативната партија (60.000 гласови), Харе квотата е содржана двапати. Затоа, Конзервативната партија во првичното распределување добива 2 мандата. Притоа, кај Конзервативната партија се забележува дека 8.000 гласови остануваат неискористени бидејќи 2 мандата по 26.000 гласови (Харе квота) изнесува 52.000. Во случајот на Лабуристичката партија (34.000 гласови) се согледува дека Харе квотата (26.000 гласови) е содржана само еднаш. Според тоа, во првичното распределување, Лабуристичката партија добива еден мандат, но се забележува и остаток од 8.000 гласови. Во случајот на Либералната партија (26.000 гласови) се забележува дека Харе квотата (26.000) е содржана еднаш. Затоа, Либералната партија добива еден мандат, но исто така, се забележува дека при првичното распределување сите гласови на Либералната партија се искористени и дека кај оваа политичка партија не се јавува остаток на гласови. На крајот, кај Радикалната партија (10.000 гласови) се забележува дека Харе квотата (26.000 гласови) не се содржи ниту еднаш. Според тоа, Радикалната партија во првичното распределување не добива ниту еден мандат, но кај неа се забележува остаток од дури 10.000 гласови.

Првичното распределување на мандати открива дека: Конзервативната партија добила 2 мандата; Лабуристичката партија 1 мандат и Либералната партија 1 мандат. Тоа значи дека се распределиле 4 мандати и дека после првичното распределување 1 мандат останал нераспределен. Во вакви состојби, се активира најголемиот остаток. Остатоците се подредуваат по нивната големина и последниот мандат се дава на партијата со најголем остаток. Во овој случај, тоа е Радикалната партија бидејќи нејзиниот остаток (10.000 гласови) е поголем од остатокот на другите политички партии (Конзервативната партија има 8.000 остаток, Лабуристичката партија има 8.000 остаток и Либералната партија има нула остаток). Според тоа, финалното распределување на мандатите според Харе квотата ќе биде со следниов распоред: Конзервативната партија 2 мандата, Лабуристичката партија 1 мандат, Либералната партија 1 мандат и Радикалната партија 1 мандат.

Распределбата на мандатите може да биде со различен исход доколку се применува друга изборна квота. Така, доколку при исти изборни резултати се одлучи наместо користење на Харе квотата да се користи Империјали квотата, ќе се добие следнава состојба:

Распределба на мандати според Империјали квотата			
Политичка партија	Освоени гласови	Мандати (почетно распределување) Остаток	Финални мандати
Конзервативна партија	60.000	3	3
Лабуристичка партија	34.000	1	1
Либерална партија	26.000	1	1
Радикална партија	10.000	0	0

Ваквите резултати се добиваат бидејќи изборната квота сега според Империјали квотата ќе изнесува 18.571 глас. Таквата квота се добива бидејќи според Империјали квотата вкупниот број на гласови (130.000 гласови) треба да се подели со вкупниот број на мандати + 2 (5 мандати + 2 = 7). Според тоа, 130.000 делено со 7, изнесува 18.571 глас. Следниот чекор е да се види колку пати Империјали квотата (18.571 глас) се состои во бројот на гласови на политичките партии. Таквиот преглед открива дека Империјали квотата (18.571 глас) уште при првичното распределување на мандатите е содржана трипати во бројот на гласови на Конзервативната партија (60.000 гласови). Според тоа, Империјали квотата носи 3 мандати за Конзервативната партија. Во поглед на Лабуристичката партија може да се забележи дека Империјали квотата (18.571 глас) е содржана еднаш во бројот на гласови на оваа партија (34.000 гласови). Така, Лабуристичката партија добива 1 мандат. Еден мандат добива и Либералната партија бидејќи Империјали квотата (18.571 гласови) и во нејзиниот број на гласови (26.000 гласови) е содржана еднаш. Без мандат ќе остане Радикалната партија бидејќи Империјали квотата (18.571 глас) не е содржана ниту еднаш во нејзиниот број на гласови (10.000 гласови). Според тоа, Империјали квотата ќе доведе до распределување на петте мандати, според следниов распоред: Конзервативната партија ќе има 3 мандати; Лабуристичката партија ќе има 1 мандат; Либералната партија ќе има 1 мандат; а Радикалната партија ќе остане без мандат. Лесно може да се забележи дека Империјали квотата уште при првичното распределување, ги распредели сите пет мандати. Затоа, во овој случај воопшто

нема потреба да се анализираат остатоците, односно гласовите кои при првичното распределување останале неискористени.

Овие примери откриваат дека користењето на различни квоти може да доведе до различни резултати и кога сите други параметри остануваат исти. Во наведениот случај, користењето на Харе квотата доведе до еден резултат, а користењето на Империјали квотата, до друг резултат.

Споредба на распределба на мандати според Харе и Империјали квотата

Распределба на 5 мандати	Конзервативна партија	Лабуристичка партија	Либерална партија	Радикална партија
Освоени гласови	60.000 гласови	34.000 гласови	26.000 гласови	10.000 гласови
Харе квота	2	1	1	1
Империјали квота	3	1	1	0

Сето ова говори дека изборот на изборната квота или методот, игра голема улога во функционирањето на пропорционалните изборни модели и определувањето на изборните резултати. Користењето на Донтовиот метод или Империјали квотата, може да доведат до помала пропорционалност на пропорционалните изборни модели, а преку тоа и кон елиминирање на малите политички партии. Од друга страна, Харе квотата ја максимизира пропорционалноста на пропорционалните изборни модели и со тоа ја отвора вратата за успех и на малите политички партии. Кон ова треба да се додаде и тоа дека типот на листи, големината на изборни единици, како и (не)постоењето на изборен праг, влијае врз ефектите од пропорционалните изборни модели. Сепак, постојат определени работи кои се припишуваат како општи предности и слабости на пропорционалните изборни модели.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Пропорционалните изборни модели придонесуваат за: многу поверна слика за расположението на граѓаните во државата, поинклузивно, порепрезентативно и подемократско претставничко тело, намалување на бројот на изгубени гласови, помала можност за gerrymandering (џеримандеринг), како и водење на кампања и во изборни единици каде политичките партии немаат голем број на поддржувачи.

4.2. ПРЕДНОСТИ НА ПРОПОРЦИОНАЛНИТЕ ИЗБОРНИ МОДЕЛИ

Речиси секогаш при набројувањето на предностите на пропорционалните изборни модели се поаѓа од тоа дека овие модели ја елиминираат најголемата слабост на мнозинските изборни модели – создавањето нереална слика за расположението на граѓаните и ненудењето фер шанса за сите политички актери. Пропорционалните

изборни модели таквата нефер и недемократска состојба ја отстрануваат преку создавање на **многу поверна слика за расположението на граѓаните во државата кон политичките субјекти кои учествуваат во изборната трка**.[93] Преку тоа, овие модели даваат можност секоја политичка опција да биде претставена во институциите реално, колку што вреди на теренот. Со тоа, пропорционалните изборни модели ја отвораат вратата за успех и на малите политички партии. Токму затоа, пропорционалните изборни модели се поврзуваат со **повеќепартиските системи**.

Второ, пропорционалните изборни модели придонесуваат кон креирање на **поинклузивно, порепрезентативно и подемократско претставничко тело**, во кое соодветно ќе бидат претставени интересите на различни групи на граѓани. Тоа е така бидејќи пропорционалните изборни модели преку своето функционирање го олеснуваат влезот на малцинските политички партии во претставничките тела.[94] Дополнително, пропорционалните изборни модели, речиси, секогаш овозможуваат избор на повеќе жени во претставничките тела, отколку мнозинските изборни модели.[95]



Слика 20. Пропорционалните изборни модели создаваат поинклузивно, порепрезентативно и подемократско претставничко тело.[96]

---

[93] Саво Климовски, Рената Дескоска и Тања Каракамишева, *Политички систем* (Скопје, „Просветно дело“, 2009), 385.
[94] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 58.
[95] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 61.
[96] Слика од @macrovector на Freepik

Трето, пропорционалните изборни модели, исто така, придонесуваат кон **намалување на бројот на изгубени гласови**.[97] Тоа што пропорционалните изборни модели се спроведуваат во повеќемандатни изборни единици и, притоа, не се водат според формулата winner-take-all, туку се обидуваат пленот да го поделат пропорционално со сите политички актери, говори дека бројот на гласови кои се губат не е голем како кај мнозинските изборни модели.

Четврто, чувството дека изборниот систем е фер и дека избирачот нема да го изгуби гласот доколку гласа и за кандидати од помали политички партии, придонесува кон **поголема излезност на изборите**.[98]

Петто, пропорционалните изборни модели остваат **помал простор за манипулации при исцртување на границите на изборните единици**.[99] Мотивацијата за gerrymandering во пропорционалните изборни модели е помала бидејќи станува збор за повеќемандатни изборни единици во кои не се применува принципот winner-take-all, туку пленот се дели пропорционално. Дополнително, во пропорционалните изборни модели бројот на изборни единици е далеку помал во споредба со мнозинскиот изборен модел и истите територијално се далеку поголеми. Таквата состојба овозможува изборните единици многу полесно да бидат креирани според природни граници.

Шесто, пропорционалните изборни модели придонесуваат политичките партии да **водат кампања и во изборни единици каде немаат голем број на поддржувачи**.[100] Тоа е така бидејќи и да ги изгубат изборите во определена изборна единица, тоа не значи дека политичките партии во таквата изборна единица не можат да освојат мандати. Тоа ги мотивира политичките партии да бидат активни во сите изборни единици и да мислат на интересите на сите изборни единици, а не само на изборните единици во кои нивните кандидати имаат можност да победат.

---

97 Susan A. Banducci and Jeffrey A. Karp, „Electoral Systems, Efficacy and Voter Turnout“, in *The Comparative Study of Electoral Systems*, ed. Hans-Dieter Klingemann and Ian McAllister (Oxford: Oxford University Press, 2009), 112.

98 Daniel M. Smith, „Electoral Systems and Voter Turnout“, in *The Oxford Handbook of Electoral Systems*, ed. Erik S. Herron, Robert J. Pekkanen and Matthew S. Shugart (Oxford: Oxford University Press, 2018), 194

99 Norris, „Electoral Systems and Electoral Integrity“, 501.

100 Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 58.

Седмо, често пропорционалните изборни модели се критикувани дека придонесуваат кон нестабилност преку создавање на нестабилни влади. Сосема спротивно од ова, постојат теоретичари кои сметаат дека пропорционалните изборни модели придонесуваат **кон поголема стабилност и континуитет на политиките во политичкиот систем**.[101] За нив, поголемата стабилност е резултат на тоа што моделот првенствено нуди фер шанса за сите и дозволува интересите на различните групи да се претставени во институциите. Дополнително, пропорционалните изборни модели ја намалуваат поларизираноста во општеството бидејќи борбата за власт повеќе не е меѓу две политички партии (ние V.S тие), туку меѓу поголем број на политички партии. Тука треба да се спомене и дека пропорционалните изборни модели доведуваат до поголем континуитет на државните политики бидејќи промената на власта не мора да значи и укинување на политиките на претходната власт.[102] Повеќепартискиот систем ја отвора можноста определени политички партии, кои биле дел од претходна власт, преку коалицирање со други политички партии, да останат дел и од новата власт.

Слика 21. Големата коалиција во Швајцарија служи како пример за стабилност и континуитет на политиките во Швајцарија. Слика од Сојузниот совет на Швајцарија.

[101] Arend Lijphart, „Constitutional Choices for New Democracies“, in *Electoral System and Democracy*, ed. Larry Diamond and Marc F. Plattner (Baltimore: The Johns Hopkins University Press, 2006), 83.
[102] Ibid.

Ваквите предности на пропорционалните изборни модели често можат да бидат причина државите при реформа на изборните системи да пристапат кон напуштање на мнозинските изборни модели и воведување на пропорционалните изборни модели. Сепак, треба да се има предвид дека и пропорционалните изборни модели имаат слабости.

4.3. СЛАБОСТИ НА ПРОПОРЦИОНАЛНИТЕ ИЗБОРНИ МОДЕЛИ

Фрагментирањето на партискиот систем и создавањето на нестабилни политички институции е првата критика што може да се сретне за пропорционалните изборни модели. Реалното пресликување на гласовите во мандати, како и нудењето на фер шанса на сите политички партии, ја отвора можноста за егзистирање и функционирање на повеќе политички партии во политичкиот систем. Влезот на повеќе политички партии во парламентот, воедно ќе значи дека ниту една политичка партија самостојно нема да може да го контролира парламентарното мнозинство и дека до него треба да се дојде преку коалицирање на повеќе политички партии.[103] Тоа значи дека пропорционалните изборни модели, најчесто, предизвикуваат **коалициони влади**. Во таква состојба, токму малите политички партии добиваат голема моќ, бидејќи се политичкиот играч кој игра улога при креирање, но и при пад на коалиционите влади.[104] Таквата реалност може да доведе до состојба во која малите политички партии при коалиционите преговори ги држат во заложништво големите политички партии.[105] Всушност, сето ова покажува дека пропорционалните изборни модели може да доведат до тешко формирање, но и тешко опстојување на стабилна влада.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Како слабости на пропорционалните изборни модели се истакнуваат: фрагментирањето на партискиот систем, создавањето на нестабилни политички институции, обезбедувањето на поголема можност за успех на радикалните и екстремистичките политички партии, намалување на одговорноста и отчетноста на претставниците, како и изборен систем којшто е покомплициран за објаснување на граѓаните.

[103] Matt Golder and Benjamin Ferland, „Electoral Systems and Citizen-Elite Ideological Congruence“, in *The Oxford Handbook of Electoral Systems*, ed. Erik S. Herron, Robert J. Pekkanen and Matthew S. Shugart (Oxford: Oxford University Press, 2018), 225.

[104] Hans-Dieter Klingemann and Bernhard Weßels, „How Voters Cope with the Complexity of Their Political Environment: Differentiation of Political Supply, Effectiveness of Electoral Institutions and the Calculus of Voting“, in *The Comparative Study of Electoral Systems*, ed. Hans-Dieter Klingemann and Ian McAllister (Oxford: Oxford University Press, 2009), 245.

[105] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 59.

Слика 22. Пропорционалните изборни модели може да доведат до тешко формирање и тешко опстојување на стабилна влада.[106]

Воедно, ваквото формирање на влада е сигнал дека и парламентарното мнозинство во рамките на парламентот е шаренолико. Во тоа може да се лоцира и втората слабост на пропорционалните изборни модели. Често, пропорционалните изборни модели може да доведат до формирање на парламентарно мнозинство од политички партии кои имаат целосно различни погледи како треба државата да се развива. Таквата состојба придонесува за **нефункционални парламенти и неможност за спроведување на кохерентни политики**[107] бидејќи коалиционите партнери ќе имаат проблем да се договорат околу потребните политики. Затоа, во науката може да се сретне ставот дека пропорционалните изборни модели придонесуваат кон бавно и постепено носење на одлуките, што практично, ја ограничува можноста на политичките власти брзо и кохерентно да одговорат на кризите во општеството.[108]

Ова води кон третата слабост на пропорционалните изборни модели, односно заклучокот дека пропорционалните изборни модели **даваат поголема можност за успех на радикалните и екстремистичките политички партии**. Освен што подемот на ваквите политички партии може да биде заради слаби и нефункционални политички институции, треба да се има предвид дека и самиот пропорционален изборен модел го олеснува влезот на радикалните и екстремистичките политички партии во парламентот.[109] Тоа се

[106] Слика од @Al Sran AI на Freepik
[107] Ibid.
[108] Norris, *Electoral Engineering: Voting Rules and Political Behavior*, 76.
[109] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 59.

должи на фактот што пропорционалните изборни модели нудат фер шанса на сите политички партии, а со тоа и на радикалните и екстремистичките политички партии. Постојат теоретичари кои сметаат дека користењето на пропорционалниот изборен модел во Вајмарска Германија, меѓу другото, го овозможило подемот на Адолф Хитлер во германската политика.[110]

Слика 23. Пропорционалниот изборен модел придонел во подемот на Адолф Хитлер во германската политика. Слика од обраќање на Адолф Хитлер по неговиот избор за Канцелар во 1933 година.

Четврто, пропорционалните изборни модели придонесуваат **кон намалување на одговорноста и отчетноста на политичките власти и претставници кон граѓаните**. Првенствено, пропорционалните изборни модели придонесуваат кон слаба врска меѓу избирачите и избраните.[111] Ваквите изборни модели функционираат со користење на територијално големи изборни единици (понекогаш и целата држава е една изборна единица) и тоа придонесува избирачите многу потешко да ги запознаат предложените кандидати, а со тоа предложените кандидати да бидат далечни за своите избирачи. Дополнително, примената на повеќемандатни изборни единици

[110] Shugart, „Comparative Electoral Systems Research: The Maturation of a Field and New Challenges Ahead“, 26.
[111] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 71.

оневозможува концентрирање на одговорноста во еден претставник и идентификација на гласачите со својот претставник. Сето тоа придонесува избраните кандидати да немаат близок однос со своите избирачи и да бидат помалку отчетни кон избирачите од нивната изборна единица.

Отчетноста во ваквите системи се губи и заради тоа што владите се коалиционо составени од повеќе политички партии. Имено, коалиционите влади, кои се последица на пропорционалните изборни модели, оневозможуваат избирачите да лоцираат кого треба да наградат, а кого да казнат за работата на владата.[112] Едноставно, коалиционите влади овозможуваат политичките партии вината за слабото функционирање на владата да ја префрлаат од една, на друга политичка партија.

Петто, функционирањето на пропорционалните изборни модели е далеку **покомплицирано за објаснување, за разлика од мнозинските изборни модели**. И, додека процесот на гласање може да биде и едноставен (кога станува збор за затворени листи), сепак процесот на броење гласови и трансформирање на гласовите во мандати секогаш е доста комплексен процес.[113] За граѓаните може да биде навистина комплицирано да разберат како функционира Донтовиот метод, Харе квотата, Империјали квотата, Дроповата квота, итн.

Слика 24. Пропорционалните изборни модели се покомплицирани за објаснување. Граѓаните може да имаат проблем да разберат како функционираат овие системи.[114]

[112] Norris, *Electoral Engineering: Voting Rules and Political Behavior*, 70.
[113] Gallagher and Mitchell, „Appendix A“, 594.
[114] Слика од @freepik на Freepik

Ваквите слабости на пропорционалните изборни модели често може да се најдат во рамките на теоријата. Сепак, преку воведување на изборен праг и игра со големината на изборните единици, може да се придонесе кон ублажување на одредени слабости, односно кон помало фрагментирање на партискиот систем и елиминирање на радикалните и екстремистичките партии од парламентот. Дополнително, отворените партиски листи, исто така, може да придонесат за воспоставување близок контакт меѓу избирачите и кандидатите, како и отчетност на избраните кандидати кон своите избирачи.

4.4. ИЗБОРЕН МОДЕЛ НА ПОЕДИНЕЧЕН ПРЕНОСЛИВ ГЛАС (SINGLE TRANSFERABLE VOTE – STV)

Критиките упатени кон пропорционалните изборни модели во поглед на квалитетот на избраните претставници, како и нивната близина со избирачите, придонеле кон развој на изборниот модел со поединечен преносли в глас. Станува збор за изборен модел кој се вбројува во рамките на пропорционалните изборни модели бидејќи функционира во рамки на повеќемандатни изборни единици, а пресметката на мандати повторно се врши со помош на изборни формули и квоти. Обично, функционирањето на изборниот модел на поединечен преносли в глас се поврзува со Дроповата квота која се пресметува преку следнава формула:

$$\text{Дропова квота} = \frac{\text{Вкупен број на гласови}}{(\text{Вкупен број на мандати}+1)} + 1$$

Таквото пресметување со помош на Дроповата квота, најчесто се спроведува во изборни единици во кои се избираат од 3 до 8 претставници.[115] До тука и не се забележува некоја поголема разлика од останатите пропорционални изборни модели. Сепак, начинот на гласање, како и определувањето кои кандидати се избрани, отскокнуваат од пропорционалните изборни модели и потсетуваат на мнозинскиот изборен модел со алтернативен глас.

Така, на самиот почеток треба да се има предвид дека политичките партии нудат листа на кандидати според бројот на претставници што се избираат од изборната единица. Притоа, избирачите не гласаат за партиска листа, туку при гласањето избирачите треба да ги подредат кандидатите преку впишување на: број 1 пред името и

[115] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 236.

презимето на нивниот омилен кандидат; број 2 пред името и презимето на нивниот втор избор; број 3 пред името и презимето на нивниот трет избор, итн. При таквото рангирање, избирачите може да се задржат на кандидати од една политичка партија, но имаат можност да направат рангирање и на кандидати од различни политички партии. Со тоа се отвора можност избирачите да изразат преференции и да придонесат кон избор на кандидати од различни политички партии.

Кога ќе заврши гласањето, првенствено се пресметува изборната квота бидејќи токму **таа квота на гласови е потребна за определен кандидат да биде избран**. Доколку изборната квота изнесува 90 гласови, тогаш избран кандидат ќе биде оној кандидат кој освоил минимум 90 гласови.

Првично, улога во определување на кандидатите имаат **првите преференции на кандидатите**. Доколку постои определен кандидат со поголем или еднаков број на први преференции, како вредноста на изборната квота, тогаш таквиот кандидат се смета за избран.[116] По првичниот избор на кандидатот изборот на наредните кандидати оди со следен редослед.

Доколку избраниот кандидат има поголем број на први преференции од износот на потребната изборна квота, тогаш се пристапува кон прераспределување на неговите гласови кон останатите кандидати, според неговите втори преференции. Притоа, таквото прераспределување на гласовите се врши на сите гласови на избраниот кандидат, но тежината на гласовите се определува според вишокот, односно според бројот на гласови над утврдената изборна квота. Така, доколку потребната изборна квота за да се биде избран е 90 гласови, а избраниот кандидат освоил 100 гласови, тогаш сите 100 гласови на избраниот кандидат ќе се прераспределат кон другите кандидати, според неговите втори преференции, но вредноста на секој глас од тие 100 гласови ќе биде 1/10 бидејќи вишокот гласови над изборната квота на избраниот кандидат е 10 гласови. Во ваквиот пример тоа би значело дека 10 втори преференции ќе креираат плус еден глас на контото на кандидатот кој бил одбран како втора опција кај претходно избраниот кандидат.

По прераспределувањето на гласовите, повторно се гледа дали има нов кандидат кој успеал да го освои потребниот број на гласови предвиден од изборната квота. Доколку има таков кандидат,

[116] Reynolds, Reilly and Ellis, Electoral System Design: The New International IDEA Handbook, 76.

кандидатот се смета за избран, а постапката за прераспределување на неговите гласови кон останатите кандидати според изразените преференции се повторува во согласност со вишокот на гласови над изборната квота.

Меѓутоа, доколку нема таков кандидат, тогаш кандидатот со најмал број на гласови се елиминира и неговите гласови се прераспределуваат кај останатите кандидати, според неговите втори преференции. Таквата постапка се повторува сè додека определен кандидат не го постигне потребниот број на гласови предвиден со изборната квота. Во моментот кога определен кандидат ќе ја постигне потребната изборна квота и со тоа ќе биде избран, моделот повторно предвидува прераспределување на неговите гласови кон останатите кандидати во согласност со изразените преференции. Така, моделот со поединечен преносliв глас функционира на следниот начин:

- Преку прераспределба на гласовите на избраниот кандидат, доколку кај избраниот кандидат се јавува вишок на гласови над изборната квота;
- Доколку нема избран кандидат, преку прераспределба на гласовите на кандидатот кој има најмал број на гласови.

Таквото прераспределување се врши сè додека не се распределат сите потребни мандати.

Вака поставено, станува збор за навистина софистициран начин на гласање кој доведува избирачите да имаат можност во повеќемандатна изборна единица да изразуваат поголема или помала преференција кон кандидати од иста или дури и различна политичка партија. Станува збор за изборен модел кој обезбедува соодветна, но не и преголема пропорционалност (бидејќи се спроведува во мали изборни единици),[117] а воедно, придонесува и за близок однос на избраните кандидати со својата изборна единица.[118] Со тоа, овој изборен модел придонесува за воспоставување на репрезентативни политички институции, но и за воспоставување на стабилни политички институции со квалитетни и отчетни претставници.

[117] Ibid.
[118] Hix et. Al., Choosing an Electoral System, 23.



Слика 25. Изборниот модел на поединечен преносliв глас е софистициран начин на гласање кој доведува избирачите да имаат можност во повеќемандатна изборна единица да изразуваат поголема или помала преференција кон кандидати од иста или дури и различна политичка партија.[119]

Од друга страна, изборниот модел со поединечен преносliв глас секогаш се критикува заради неговата комплицираност. Процесот на гласање со подредување е комплициран за избирачите, но и самото пресметување на гласовите е комплицирано. Изборните органи, посебно во државите кои немаат големо искуство со демократијата и изборите, може да имаат сериозен проблем во пресметувањето на мандати заради комплицираниот процес на прераспределување на гласовите.

Дополнително, можноста избирачите да ги подредуваат кандидатите и од иста политичка партија е знак дека борбата за глас повеќе не е единствено меѓу кандидатите од различни политички партии, туку и меѓу кандидатите од исти политички партии. Таквата состојба, од една страна може да доведе до посакувана внатрепартиска демократија, но од друга страна и до фрагментирање на политичките партии и силни внатрепартиски судири.

[119] Слика од @executioner-4 на Freepik

5. ИЗБОРНИ ЕДИНИЦИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Изборна единица претставува географски дефинирана територија во рамките на којашто избирачите избираат претставници.

Под поимот изборна единица се подразбира географски дефинирана територија во рамките на која избирачите избираат претставници. Тоа значи дека поимот изборна единица се определува преку следниве елементи:

- Број на претставници кои се избираат во изборната единица;
- Големината на избирачкото тело опфатено со изборната единица;
- Територијална определеност на изборната единица.[120]

На прв поглед изгледа дека прашањето за изборните единици претежно е техничко прашање, но треба да се има предвид дека создавањето на изборните единици може да има големо влијае врз исходот на изборите. Манипулирањето со границите на изборните единици (gerrymandering), како и можноста за нарушување на еднаквото избирачко право преку креирање на изборни единици со голема разлика во бројот на избирачи, од една до друга изборна единица, може да доведе до различни ефекти на изборите кои произлегуваат од изборните единици.

Дополнително, обликувањето на изборните единици зависи и од примената на конкретни изборни модели. Така, мнозинските изборни модели се поврзуваат со едномандатни изборни единици, додека, пак, пропорционалните изборни модели се поврзуваат со повеќемандатни изборни единици.

Сепак, треба да се има предвид дека кај повеќемандатните изборни единици може да постои голема разлика. Така, при користење на повеќемандатни изборни единици може да се забележат различни решенија за бројот на претставници кои се избираат (2, 20, 35, како и примери кога сите претставници се избираат од една изборна единица). Според тоа, повеќемандатните изборни единици можат да бидат со поголем број на мандати и поголема територијална големина, но и со помал број на мандати и помала територијална големина. Сето ова предизвикува различната примена на повеќемандатните изборни единици на крајот да доведе и до различни ефекти на пропорционалните изборни модели.

[120] Pajvancic, *Recnik osnovnih pojmova i termina o izborima*, 25.



Слика 26. Територијата на нашата држава за парламентарни избори е поделена на шест изборни единици.

Во таа насока, треба да се земе предвид дека колку е поголема изборната единица по број на мандати и избирачи, толку и трансформацијата на гласовите во мандати е **попропорционална**.[121] Според тоа, најдобар начин да се максимизира пропорционалноста е доколку целата територија на државата е една изборна единица.[122] Тоа би значело дека сите претставници се избираат од една изборна единица. Преку максимизирање на пропорционалноста, всушност, се максимизира и фер шансата за изборен успех на сите политички актери. Така, ваквото решение најмногу оди во корист на малите политички партии бидејќи им овозможува најлесно да стигнат до освојување на мандати во претставничките тела. Од друга страна, креирањето на поголем број изборни единици со помала големина, може да го зголеми степенот на непропорционалност на резултатите кои ги нудат пропорционалните изборни модели. Практично, поголем број на изборни единици со мала големина, како решение повеќе ќе одговара на поголемите политички партии.

[121] Farrel, *Electoral Systems: A comparative Introduction*, 80.
[122] Ibid.



Слика 27. Сооднос на големината на изборната единица и пропорционалноста на резултатите.

Во поглед на пропорционалноста на резултатите, нема никаква дилема дека едномандатните изборни единици кои се поврзуваат со мнозинските изборни модели доведуваат до најголема диспропорционалност.

6. ИЗБОРЕН ПРАГ

Со цел политичкиот систем да биде заштитен од преголема фрагментација на партискиот систем, речиси сите пропорционални изборни модели користат некаков вид на изборен праг.[123] Таквиот изборен праг претставува алатка со која се отежнува влезот на малите политички партии во претставничките тела. Во рамки на науката, под изборен праг се подразбира **потребниот број на гласови за да може политичката партија да биде вклучена во распределување на претставничките мандати**.[124] Треба да се има предвид дека ваквото дефинирање на изборниот праг се поврзува со постоење на **формален изборен праг**. Таквиот формален изборен праг може да биде предвиден во рамките на уставните норми или, пак, во законските решенија со кои се регулира функционирањето на изборниот систем.[125] Притоа, лесно може да се забележи дека големината на формално определениот изборен праг може да биде различна,[126] но најчесто е применуван изборен праг во висина од 5 %.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Изборен праг е потребниот број на гласови за да може политичката партија да биде вклучена во распределување на претставничките мандати.

[123] Michael Gallagher and Paul Mitchell, „Introduction to Electoral Systems“, in *The Politics of Electoral* Systems, ed. Michael Gallagher and Paul Mitchell (New York: Oxford University Press, 2005), 13.
[124] Anders Johnson and Diana Maddock, „Alternative Electoral Systems“, in *Democracy, Parliament and Electoral Systems*, ed. Mary Anne -Traversy (London: Pluto Press, 2002), 78.
[125] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 83.
[126] Најнискиот формален изборен праг може да се забележи во Холандија (0,67 %), додека, пак, највисокиот изборен праг може да се забележи во Турција и Сејшели (10 %).

Без разлика на висината на формалниот изборен праг, политичките партии, кои нема да го преминат предвидениот изборен праг, нема да добијат мандати во претставничките тела. Така, преку предвидување на изборен праг, всушност, пропорционалните изборни модели придонесуваат кон елиминирање на малите политички партии и стабилизирање на партискиот систем. Всушност, воведувањето на изборен праг, како и неговата висина, може да имаат големо влијание врз ефектите на пропорционалните изборни модели.

Слика 28. Воведувањето на изборен праг, како и неговата висина, може да имаат големо влијание врз ефектите на пропорционалните изборни модели.[127]

Покрај формалниот изборен праг, во рамките на теоријата и праксата може да се сретне и **ефективниот (природниот) изборен праг**. Ефективниот изборен праг се определува преку големината на изборната единица, но своја улога може да има и формулата за определување на изборната квота.[128] Според тоа, преку делење на државата на поголем број изборни единици, кои носат помал број на мандати, во политичкиот систем може да се предизвикаат ефекти

[127] Слика од @rawpixel.com на Freepik

[128] Michael Gallagher and Paul Mitchell, „Dimensions of Variation in Electoral Systems“, in *The Oxford Handbook of Electoral Systems*, ed. Erik S. Herron, Robert J. Pekkanen and Matthew S. Shugart (Oxford: Oxford University Press, 2018), 33.

на изборен праг иако таков изборен праг формално не е определен. Бидејќи ваквиот ефективен праг никаде формално не е предвиден, често во науката истиот се опишува и како скриен изборен праг.

Треба да се има предвид дека изборните прагови најчесто се среќаваат при користење на пропорционалните изборни модели. Сепак, формален или ефективен изборен праг може да се забележи и во мешовитите изборни модели.

7. МЕШОВИТИ ИЗБОРНИ МОДЕЛИ

Почнувајќи од 90-тите години на XX век, па сè до денес, во рамките на изборните системи може да се забележи сè поголема примена на изборни модели кои во науката се познати под терминот мешовити изборни модели.[129] Ваквите изборни модели функционираат со користење на елементи од мнозинските изборни модели, но и од пропорционалните изборни модели. Практично, станува збор за изборни модели кои се трудат да го искористат најдоброто и од мнозинските изборни модели и од пропорционалните изборни модели.[130] Тоа е можно бидејќи избирачите добиваат право на два гласа,[131] односно со едниот глас избирачите гласаат за нивниот посакуван кандидат во едномандатни изборни единици, додека, пак, со другиот глас избирачите гласаат во повеќемандатни изборни единици за партиска листа на кандидати составена од страна на политичките партии. Така, дел од мандатите се распределуваат според правилата на мнозинските изборни модели додека, пак, друг дел од мандатите според правилата на пропорционалните изборни модели.

При анализа на ефектите на мешовитите изборни модели треба да се има предвид дека овие изборни модели овозможуваат избирачите да ги поделат гласовите и со првиот глас да гласаат за кандидат од голема политичка партија, а со вториот глас да гласаат за кандидат од помала политичка партија. На тој начин, избирачите се трудат да придонесат кон успех и на големите, но и на малите политички партии. Дополнително, мешовитите изборни модели успеваат да ја задржат пропорционалноста, а во исто време да обезбедат и претставници кои се поврзани со својата изборна единици. Вака поставено, мешовитите изборни модели треба да придонесат

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Мешовити изборни модели претставуваат комбинација од мнозински и пропорционални изборни модели во кои избирачите добиваат право на два гласа, односно со едниот глас гласаат за нивниот посакуван кандидат во едномандатни изборни единици (според правилата на мнозинскиот изборен модел), додека, пак, со другиот глас гласаат во повеќемандатни изборни единици за партиска листа на кандидати составена од страна на политичките партии (според правилата на пропорционалниот изборен модел).

[129] Farrel, *Electoral Systems: A comparative Introduction*, 97.
[130] Hix et. Al., *Choosing an Electoral System*, 83.
[131] Hix et. Al., *Choosing an Electoral System*, 87.

за користење на предностите и на мнозинските и на пропорционалните изборни модели. Но, одредени теоретичари сметаат дека при примената на ваквите изборни модели покрај предностите, можат да дојдат до израз, односно да произлезат, и слабостите на двата модела. Покрај тоа, мешовитите изборни модели се критикуваат бидејќи може да ја нарушат кохезијата на партиските претставници во претставничките тела. Тоа е така бидејќи овие изборни модели придонесуваат за создавање на две групи или типови на претставници, односно претставници поврзани со интересите на изборните единици (првиот глас) и претставници кои се повеќе поврзани со интересите на политичките партии (вториот глас).

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Како мешовити изборни модели може да се сретнат паралелниот изборен модел и моделот со персонализирана пропорционалност.

При анализа на мешовитите изборни модели треба да се има предвид дека постојат различни мешовити модели во зависност од тоа дали при пресметување на резултатите постои поврзаност на првиот и вториот глас. Според тоа, кај мешовитите модели може да се забележи:

- Модел со персонализирана пропорционалност (Mixed Member Proportional – MMP);
- Паралелен систем.

7.1. МОДЕЛ СО ПЕРСОНАЛИЗИРАНА ПРОПОРЦИОНАЛНОСТ (MIXED MEMBER PROPORTIONAL – MMP)

Ваквите изборни модели најмногу се поврзуваат со Германија, бидејќи токму во оваа држава за првпат се забележува нивната примена. Станува збор за изборен модел кој преку првиот глас овозможува гласање за личност, додека, пак, преку вториот глас, односно преку гласањето за партиската листа составена од повеќе кандидати, овозможува компензирање на непропорционалноста на резултатите која може да произлезе од гласањето со првиот глас.[132]

[132] Andrew Reynolds I Ben Reilly, *International IDEA Priručnik: Oblikovanje Izbornog Sistema* (Sarajevo: Rabic, 1999), 74.

Слика 29. Примената на Моделот со персонализирана пропорционалност (Mixed Member Proportional – MMP) за првпат се сретнува во Германија. Слика од гласачко ливче во Германија.[133]

Всушност, избирачите преку вториот глас покрај тоа што гласаат за партиска листа на кандидати тие, воедно, преку овој глас го определуваат и бројот на мандати кои треба да ги добие секоја политичка партија во претставничкото тело. Така, доколку определена политичката партија добила 30 % од гласовите изразени преку вториот глас тоа, воедно, ќе значи дека и во рамки на претставничкото тело таа политичка партија треба да добие вкупно 30 % од мандатите. Меѓутоа, тие 30 % од мандатите во претставничкото тело првенствено ќе се пополнат од партиските кандидати кои биле избрани со првиот глас преку правилата на мнозинскиот изборен модел. Доколку останат мандати кои не се пополнети со партиски кандидати, избрани преку првиот глас, тогаш остатокот од мандатите кои ги добила политичката партија ќе се пополнат со кандидати од партиската листа за која се гласало со вториот глас.

[133] Слика од @flatart на Freepik

Ова значи дека кандидатите избрани преку првиот глас, секако, стануваат дел од претставничкото тело, додека, пак, кандидатите избрани преку вториот глас, стануваат дел од претставничкото тело само доколку бројот на партиски кандидати избрани со првиот глас е помал од вкупниот број на мандати кои вториот глас ги предвидел за политичката партија. На пример, доколку за определена партија вториот глас определил вкупно 10 пратеници, а според првиот глас победиле 6 нејзини претставници, тогаш сите овие 6 претставници ќе станат дел од претставничкото тело, а останатите 4 пратеници ќе се пополнат од кандидати предложени преку партиската листа, избирани со вториот глас.

Ваквото функционирање на овој изборен модел може да се објасни преку следниов пример. Граѓаните на една држава според правилата на моделот со персонализирана пропорционалност (Mixed Member Proporstional – MMP) треба да изберат 10 пратеници. Притоа, со првиот глас граѓаните треба да изберат 5 пратеници преку мнозински изборен модел, додека, пак, со вториот глас гласаат според правилата на пропорционалниот изборен модел за партиска листа составена од 5 кандидати. За сите 10 пратенички места се натпреваруваат две политички партии – Конзервативната партија и Лабуристичката партија. Резултатите од двата гласа се следни:

Мешовит изборен модел – Модел со персонализирана пропорционалност						
Резултати од првиот глас (Мнозински изборен модел)						Резултати од вториот глас (Пропорционален изборен модел)
Партија	Изборна единица 1 (1 мандат)	Изборна единица 2 (1 мандат)	Изборна единица 3 (1 мандат)	Изборна единица 4 (1 мандат)	Изборна единица 5 (1 мандат)	Изборна единица 6 (5 мандати)
Лабуристичка партија	1.500	1.500	1.500	1.500	1.500	6.000 гласови
Конзервативна партија	1.000	1.000	1.000	1.000	1.000	4.000 гласови

Првично се анализираат резултатите од вториот глас бидејќи тие гласови го определуваат бројот на мандати. Од примерот може да се забележи дека од 10.000 гласови, партиската листа на Лабуристичката партија освоила 6.000 гласови (60 % од гласовите), а партиската листа на Конзервативната партија освоила 4.000

гласови (40 % од гласовите). Според тоа, вториот глас предвидува Лабуристичката партија да добие вкупно 6 од 10 мандати во парламентот (60 % од мандатите), а Конзервативната партија вкупно 4 од 10 мандати во парламентот (40 % од мандатите).

Мешовит изборен модел – Модел со персонализирана пропорционалност		
Резултати од вториот глас (пропорционален изборен модел)		
Партија	Гласови од втор глас	Освоени мандати
Лабуристичка партија	6.000 гласови	6 мандати
Конзервативна партија	4.000 гласови	4 мандати

Меѓутоа, резултатите од првиот глас играат улога кои кандидати на политичките партии ќе ги пополнат пратеничките места.

Мешовит изборен модел – Модел со персонализирана пропорционалност						
Резултати од првиот глас (Мнозински изборен модел)						
Партија	Изборна единица 1	Изборна единица 2	Изборна единица 3	Изборна единица 4	Изборна единица 5	Мандати:
Лабуристичка партија	1.500	1.500	1.500	1.500	1.500	5
Конзервативна партија	1.000	1.000	1.000	1.000	1.000	0

Така, од резултатите од првиот глас може да се забележи дека сите 5 кандидати од Лабуристичката партија успеале да победат во своите изборни единици. Претходно, може да се согледа дека гласањето со вториот глас за Лабуристичката партија предвидело вкупно 6 мандати во претставничкото тело. Според тоа, сите 5 кандидати на Лабуристичката партија избрани преку првиот глас ќе влезат во претставничкото тело, а шестиот пратеник на оваа партија ќе биде кандидат на Лабуристичката партија од нивната партиска листа, за која избирачите гласале со вториот глас.

За разлика од Лабуристичката партија, резултатите од вториот глас за Конзервативната партија предвиделе 4 мандати во претставничкото тело. Бидејќи ниту еден кандидат на Конзервативната партија

не успеал да победи според правилата на првиот глас, сите 4 мандати во претставничкото тело на оваа политичка партија ќе бидат пополнети со кандидати од нивната партиска листа за која избирачите гласале со вториот глас.

Модел со персонализирана пропорционалност – Распределба на мандатите				
Партија	Вкупен број на мандати предвидени според вториот глас	Пополнети мандати од првиот глас	Пополнети мандати од вториот глас	Вкупно мандати
Лабуристичка партија	6	5	1	5 + 1 = 6
Конзервативна партија	4	0	4	0 + 4 = 4

Треба да се има предвид дека некогаш се случува бројот на кандидати од определена политичка партија избрани преку првиот глас да биде поголем од вкупниот број на мандати кои политичката партија ги добила преку распределбата извршена со помош на вториот глас. На пример, 6 кандидати на определена политичка партија обезбедиле избор преку првиот глас, иако според пресметките на вториот глас нивната политичка партија треба да добие вкупно 4 мандати во претставничкото тело. Без разлика на таквиот исход, сите 6 кандидати на таа политичка партија избрани преку првиот глас, ќе станат дел од претставничкото тело. Со тоа, ваквата политичка партија ќе добие повеќе мандати од тоа што вториот глас предвидел. Токму затоа, често во државите кои го користат овој изборен модел бројот на претставници во претставничкото тело варира од едни, до други избори.

7.2. ПАРАЛЕЛЕН ИЗБОРЕН МОДЕЛ

Ваквиот исход не може да се забележи во паралелните изборни модели. Тоа е така бидејќи во овој изборен модел првиот и вториот глас не се поврзани и распределбата на мандати оди целосно независно. Всушност, тука вториот глас на избирачите нема задача да ја компензира непропорционалноста предизвикана од првиот глас на избирачите. Едноставно, мандатите избрани преку мнозински

изборен модел се спојуваат со мандатите избрани преку пропорционален изборен модел и со тоа се добива вкупната бројка на претставници. Ваквиот изборен модел се користел во нашата држава на Парламентарните избори во 1998 година, кога од вкупно 120 пратеници, 85 пратеници биле избирани според правилата на мнозинскиот изборен модел, додека, пак, останатите 35 биле избирани според правилата на пропорционалниот изборен модел.

Ваквото функционирање на овој изборен модел може да се објасни преку следниов пример. Граѓаните на една држава според правилата на паралелниот изборен модел треба да изберат 10 пратеници. Притоа, со првиот глас граѓаните треба да изберат 5 пратеници преку мнозински изборен модел, додека, пак, со вториот глас треба да гласаат според правилата на пропорционалниот изборен модел за партиска листа составена од 5 кандидати. За сите 10 пратенички места се натпреваруваат две политички партии – Конзервативната партија и Лабуристичката партија. Резултатите од гласањето со првиот глас се следни:

Паралелен изборен модел – Резултати од првиот глас						
Партија	Изборна единица 1	Изборна единица 2	Изборна единица 3	Изборна единица 4	Изборна единица 5	Распределба на мандати според првиот глас
Лабуристичка партија	1.500	1.500	1.500	1.500	1.500	5
Конзервативна партија	1.000	1.000	1.000	1.000	1.000	0

Резултатите од гласањето со вториот глас се следни:

Паралелен изборен модел – Резултати од вториот глас		
Партија	Гласови од втор глас	Освоени мандати
Лабуристичка партија	6.000 гласови	3 мандати
Конзервативна партија	4.000 гласови	2 мандата

Бидејќи меѓу првиот и вториот глас не постои никаква поврзаност, туку мандатите добиени преку распределбата од првиот глас се

спојуваат со мандатите добиени со распределбата од вториот глас, конечната распределба на 10 пратенички мандати е следна:

Паралелен изборен модел – Резултати од првиот и вториот глас заедно – 10 мандати			
Партија	Мандати од првиот глас	Мандати од вториот глас	Вкупно мандати
Лабуристичка партија	5 мандати	3 мандати	5 + 3 = 8
Конзервативна партија	0 мандати	2 мандата	0 + 2 = 2

Тоа што може да се забележи е дека при идентичен број на гласови и идентичен број на мандати, паралелниот изборен модел произведе сосема различна распределба на мандати, во споредба со моделот со персонализирана пропорционалност.

Модел со персонализирана пропорционалност V.S Паралелен изборен модел			
	Лабуристичка партија	Конзервативна партија	Вкупно мандати:
Модел со персонализана пропорционалност	6 мандати	4 мандати	10 мандати
Паралелен систем	8 мандати	2 мандата	10 мандати

Ваквиот пример говори дека моделот со персонализирана пропорционалност нуди далеку попропорционални резултати од паралелниот изборен модел. Државите кои го применуваат паралелниот изборен модел, а сакаат да придонесат кон поголема пропорционалност, обично предвидуваат поголем број на мандати да се избираат според правилата на пропорционалниот изборен модел. Токму затоа, Грузија при примена на овој модел предвидува 120, од 150 пратеници (80 % од пратениците) да се избираат со вториот глас, односно според правилата на пропорционалниот изборен модел, а само 30 од 120 пратеници (20 % од пратениците) да се избираат со првиот глас, односно според правилата на мнозинскиот изборен модел.

Трендовите во последните две децении говорат дека при реформа на изборните системи најголем дел од државите се одлучувале да пристапат кон воведување на мешовитите изборни модели.[134] Очигледно, можноста во еден изборен модел да се комбинираат предностите на мнозинските и на пропорционалните изборни модели придонесува мешовитите изборни модели да стануваат сè поатрактивни во светот на изборите.

[134] Reynolds, Reilly and Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, 23.

ПРАШАЊА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

1. Што се подразбира под поимот избори?
2. Што се подразбира под поимот избирачко право?
3. Што се подразбира под поимот општо избирачко право, а што под еднакво избирачко право?
4. Зошто е важно избирачкото право да биде тајно?
5. Објаснете кои функции ги имаат изборите во едно демократско општество.
6. Објаснете што се подразбира под поимот изборен систем.
7. Какви начини на гласање познавате?
8. Какви изборни модели познавате?
9. Објаснете ги основните карактеристики на мнозинските изборни модели.
10. Објаснете го мнозинскиот изборен модел со еден круг/плурален модел во кој се избира еден кандидат (First Past the Post).
11. Објаснете го мнозинскиот изборен модел со два круга (Two-Round System).
12. Објаснете го мнозинскиот изборен модел со алтернативен глас (Alternative Vote).
13. Објаснете ги предностите на мнозинските изборни модели.
14. Објаснете ги слабостите на мнозинските изборни модели.
15. Објаснете ги основните карактеристики на пропорционалните изборни модели.
16. Објаснете што се подразбира под затворени, а што под отворени партиски листи.
17. Објаснете го пропорционалниот изборен модел со највисок просек.
18. Објаснете го пропорционалниот изборен модел со најголем остаток.
19. Објаснете ги предностите на пропорционалните изборни модели.
20. Објаснете ги слабостите на пропорционалните изборни модели.
21. Објаснете го изборниот модел на поединечен преносliв глас (Single Transferable Vote – STV).
22. Објаснете ги основните карактеристики на мешовитите изборни модели.
23. Објаснете го паралелниот изборен модел.
24. Објаснете го моделот со персонализирана пропорционалност (Mixed Member Proportional – MMP).
25. Објаснете што се подразбира под поимот изборен праг.
26. Објаснете што се подразбира под поимот изборна единица.
27. Објаснете како големината на изборниот праг и изборната единица може да влијаат врз ефектите на изборниот модел.

ГЛАВА 11

ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ПАРТИСКИ СИСТЕМИ

ПРАШАЊА ЗА ДЕБАТА

1. Што претставуваат политичките партии?
2. Зошто постојат политичките партии? Дали може да функционира демократијата без нив?
3. Зошто политичките партии често се перципираат во негативна конотација?
4. Дали политичките партии придонесуваат за решавање или, пак, за создавање на проблеми?
5. Која е главната причина за подемот на сеопфатните политички партии?
6. Дали денес може да се говори за работнички партии?
7. Дали е прифатливо политичка партија да ја преземе власта насилно по пат на револуции или државни удари?
8. Кои се главните причини за криза на политичките партии? Како треба да се надмине таквата состојба?
9. Зошто во периоди кога се говори за криза на политичките партии се случува подем на популистичките политички партии?
10. Зошто кризата и падот на политичките партии треба да ги загрижува демократските општества?
11. Дали бројот на политички партии е важен за функционирањето на политичкиот систем?
12. Дали постои разлика меѓу еднопартиски системи и повеќепартиски системи со доминантна партија?
13. Кој е подобар: двопартискиот или повеќепартискиот систем?
14. Дали државите со поголем број на политички партии имаат и поразвиена демократија?
15. Проучете го партискиот систем на Обединетото Кралство. Кои се неговите обележја? Презентирајте ги заклучоците.

1. ПОИМОТ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Подемот на репрезентативната демократија и проширувањето на избирачкото право, неминовно доведоа до потреба и од политички партии. Можноста пошироките народни маси да влијаат врз изборот на политичката власт ја отвори потребата од формирање на поцврсти политички организации. Едноставно, групите кои ја имале власта или, пак, сакале да ја преземат власта, морале да започнат да се организираат во поцврсти политички организации, со цел да победат на избори. Таквите поцврсти политички организации започнале да се нарекуваат политички партии. Според тоа, политичките партии претставуваат креација на модерните општества која го овозможила практичното функционирање на репрезентативната демократија.[1] Нивното вистинско појавување се поврзува за XIX век. Токму во овој век, во САД и во Европа може да се забележи формирањето на првите политички партии. Оттогаш, па до денес, политичките партии стануваа секојдневие без кое тешко може да се замисли функционирањето на политиката во едно општество. Тоа е така бидејќи политичките партии исполнуваат голем број на функции во демократски, но и во авторитарни општества.[2] Нивното присуство во демократски, но и во авторитарни општества, говори дека навистина се ретки општествата во кои никогаш не постоеле политички партии. Таквата состојба може да се забележи единствено во традиционалните династии на Блискиот Исток (Саудиска Арабија, Кувајт, Катар, итн.) или, пак, во определени воени режими во Азија и Африка. Во овие држави за да се зачува владеењето на кралевите или, пак, на воените генерали, било, или се уште е забрането постоењето на политички партии. Во остатокот од светот, политичките партии се во центарот на политичкото организирање. Такво место политичките партии имаат особено во демократските општества бидејќи токму во нив се опишуваат како главни протагонисти на демократскиот поредок, движечка сила на модерната политика[3] и клучна врска меѓу граѓаните и државата.[4]

Определени зачетоци на политичките партии може да се најдат уште во Стариот Рим. Имено, во Сенатот на Стариот Рим често доаѓало до различни групирања и организирања при носењето на одлуки. Меѓутоа, во тој период поимот политички партии не постоел,

[1] Jean Blondel, *Comparative Government An Introduction – Second Edition* (Cambridge: University Press, 1995), 129.
[2] Gabriel A. Almond and George Bingham Powell, „Political Parties and Interest Aggregation", In *Comparative Politics Today A World View*, ed. Gabriel A. Almond and George Bingham (Boston: SCOTT, FORESMAN AND COMPANY, 1988), 83.
[3] Vladimir Goati, *Političke Partije i Izbori u Demokratskom Poretku* (Beograd: CeSID, 2001), 13.
[4] Almond and Bingham Powell, „Political Parties and Interest Aggregation", 83.

АВТОРИ



Марко Тулиј Цицерон или Кикерон /Marcus Tullius Cicero/ (106 п.н.е. – 43 п.н.е.) е римски оратор, државник и филозоф. Важи за еден од најголемите говорници на сите времиња. Познат е по голем број говори, но најчесто се истакнуваат неговите говори против Катилина.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Определени зачетоци на политичките партии може да се најдат уште во Стариот Рим, каде за означување на групите кои денес се нарекуваат политички партии се користеле термините factio и sekta, кои имале негативна конотација и означувале интриги, поделби, кавги, безмилосност, штетно однесување и сомнителни работи.

туку ваквите групирања најчесто биле нарекувани factio и sekta. Латинскиот термин sekta во тој период се користел за означување на „поделби“ додека, пак, под терминот factio во тој период се подразбирало „да се делува“ и истиот бил користен за да се објасни политичка група која штетно делува.[5] Така, во Стариот Рим со терминот factio (група) биле нарекувани аристократите кои го контролирале римскиот Сенат.[6] Терминот factio го користел и познатиот оратор Цицерон при именување на грчките олигарси.[7] Со овој термин се означувале и луѓето околу Цезар кои набрзо станале доминантна група во римскиот Сенат и го отвориле патот кон уништување на Републиката и прогласување на Цезар за император.[8] Во Средниот век, пак, овие термини се користеле за да се опишат борбите меѓу различни групи на благородници за влијание врз кралот.[9]

Слика 1. Определени зачетоци на политичките партии може да се најдат уште во Стариот Рим. Групирањата во Римскиот сенат биле условувани со термините factio и sekta.

[5] Giovanni Sartori, *Parties and Party Systems: A Framework for Analysis* (Colchester: ECPR Press, 2005), 4.
[6] Vladimir Goati, *Političke partije i partijski sistemi* (Podgorica: Centar za monitoring - CEMI, 2007), 25.
[7] Ibid.
[8] Sartori, *Parties and Party Systems: A Framework for Analysis*, 3.
[9] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 245.

Лесно може да се забележи дека овие термини секогаш се користеле во негативна конотација. Интриги, поделби, кавги, безмилосност, штетно однесување и извршување на сомнителни работи, секогаш стоеле во позадина на термините factio и sekta. Затоа, подемот на репрезентативната демократија покрај потребата од поцврсто политичко организирање, воедно довел и до потребата од напуштање на овие термини и создавање на нов термин, кој ќе се ослободи од негативниот призвук и ќе биде одраз на новата ера. Токму така, во текот на XIX век започнува да се користи терминот партија, кој потекнува од латинскиот збор pars (дел) и partire (делење), со значење дел од определена целина.[10] Дел од определена целина, но дел кој не го загрозува единственото на целината.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Политичките партии претставуваат креација на модерните општества која го овозможила практичното функционирање на репрезентативната демократија.

Ваквото етимолошко дефинирање на поимот политичка партија сосема очекувано треба да биде следено и со научно дефинирање на поимот политичка партија. Треба да се има предвид дека постојат голем број дефиниции за политичките партии, но во науката, најчесто, е прифатена дефиницијата која ги истакнува следниве четири елементи:[11]

- Поседување организациска структура;
- Желба за освојување и задржување на власта;
- Борба за остварување на интересите на поширокиte општествени групи;
- Идеологија.

Првенствено, треба да се има предвид дека политичките партии претставуваат релативно трајна доброволна политичка организација. Тоа открива неколку работи:

- Политичките партии претставуваат трајни организации кои имаат подолг животен век од еден нивен лидер, а не ad hoc здружувања на граѓани;[12]
- Во нив се членува врз доброволна основа.[13] Самите индивидуи одлучуваат дали сакаат, или не сакаат да бидат дел од определена политичка партија.

Од горенаведеното може да се извлече заклучок дека секоја политичка партија мора да поседува **формална организациска структура**. Таквата формална организациска структура на партијата, вообичаено, е предвидена во партиски документи (статути,

[10] Goati, *Političke partije i izbori u demokratskom poretku*, 13.
[11] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 245.
[12] Goati, *Političke partije i partijski sistemi*, 28.
[13] Goati, *Političke partije i izbori u demokratskom poretku*, 17.

правилници) и го утврдува односот (права, должности, надлежности) меѓу повисоките и пониските партиски органи. Тоа значи дека секоја политичка партија мора да има статут, партиски симболи, партиско раководство, партиски органи, партиски организации, партиско членство, итн. Практично, не постои политичка партија која нема свои формални белези. Точно е дека кај различни политички партии може да се забележат различни начини на партиско организирање, но кај сите нив е видлива организациска структура. Дополнително, политичките партии имаат свој интерен партиски живот. Во партиите се одвиваат голем број активности поврзани со привлекување и мобилизирање на членови, формулирање партиски цели, решавање внатрепартиски конфликти, носење правила за организирање на работата на партиските органи, избор на кандидати и партиски чиновници.[14] Сето тоа говори дека политичките партии не само што треба да поседуваат организациска структура, туку дека треба да бидат и добро организирани доколку сакаат да победат на избори и да ја преземат власта во свои раце.

Второ, политичките партии се формираат за да ја освојат власта или, пак, доколку е освоена, истата да ја задржат. Токму **желбата за власт** е основната разлика меѓу политичките партии и останатите политички организации.[15] Политичките партии се формираат за да учествуваат на избори, да победат на избори, да ја преземат власта во државата и преку тоа директно да ги креираат и донесат политиките за кои се залагаат.

Слика 2. Политичките партии се формираат за да ја освојат власта или, пак, доколку е освоена, истата да ја задржат.[16]

[14] Goati, *Političke partije i izbori u demokratskom poretku*, 17.
[15] Goati, *Političke partije i partijski sistemi*, 29.
[16] Слика од @macrovector_official на Freepik

Тука треба да споменеме дека освојувањето на власта политичките партии може да го направат преку самостојно учество на избори или преку предизборно или постизборно коалицирање. Можноста за освојување на власта преку коалицирање е посебно важно за помалите и малцинските политички партии бидејќи овие политички партии немаат капацитет самостојно да ја освојат власта.[17] Сепак, нивните гласови често може да бидат клучни која голема политичка партија ќе ја освои власта. Имајќи го тоа предвид, малите политички партии при креирањето на коалициите јасно даваат до знаење кои се нивните услови за креирање на коалицијата. Преку тоа, и малите политички партии може да имаат голема улога во креирањето и носењето на јавните политики.

> **Коалиција:** Сојуз на политички партии кои се соочуваат со иста опасност или сметаат дека своите цели не можат да ги остварат самостојно.

Трето, со цел да ја освојат власта, политичките партии **се трудат да обезбедат што е можна поширока поддршка од страна на граѓаните.** Токму затоа, политичките партии при своето делување се обраќаат до различни општествени групи и за различен спектар на прашања.[18] Тоа значи дека политичките партии при своето делување се трудат да ги придобијат и студентите, и пензионерите, и помладите, и повозрасните, и работниците, и работодавачите, итн. Практично, политичките партии, за разлика од интересовните групи, не застапуваат еден специфичен интерес, туку се трудат во своето делување да опфатат интереси на различни општествени групи. Тоа е така бидејќи главната цел на политичките партии, за разлика од другите политички организации, е освојување на власта, а при остварување на таквата цел, важен е секој глас. Тука треба да споменеме дека може да се случи отскокнување од ваквиот елемент кога станува збор за малите политички партии или, пак, за малцинските политички партии, бидејќи ваквите политички партии често се врзуваат за заштита и промоција на специфични интереси на определена група.[19]

Четврто, секоја политичка партија се поврзува со определена **идеологија**. Секоја идеологија нуди различни идеи, вредности, верувања и ставови околу тоа како треба да биде организирано општеството. Всушност, преку поврзување со определена идеологија,

[17] Goati, *Političke partije i izbori u demokratskom poretku*, 18-19.
[18] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 245.
[19] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 245.

политичките партии се поврзуваат со определени вредности, верувања, идеи и ставови. Така, доколку определена политичка партија се поврзе со либералната идеологија, тогаш може да се очекува ваквата политичка партија да промовира либерални политики. Доколку се поврзе со конзервативната идеологија, може да се очекува да промовира конзервативни политики. Значи, идеологиите придонесуваат политичките партии да создадат свој идентитет и вредности по кои ќе бидат препознаени во општеството, но и причина заради која индивидуите би се приклучиле, или би гласале за таа политичка партија.

Слика 3. Секоја политичка партија се поврзува со определена идеологија. Преку поврзување со: определена идеологија, политичките партии се поврзуваат со определени вредности, верувања, идеи и ставови. Преку тоа, политичките партии создаваат свој идентитет и вредности.[20]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Политичките партии претставуваат релативно трајна доброволна организација која се поврзува со определена идеологија и се труди да добие што е можно поширока поддршка од граѓаните со цел да ја освои или, пак, да ја задржи власта во една држава.

Од сето горенаведено, може да се заклучи дека **политичките партии претставуваат релативно трајна доброволна организација, која се поврзува со определена идеологија и се труди да добие што е можно поширока поддршка од граѓаните, со цел да ја освои или, пак, да ја задржи власта во една држава.**

При терминолошката разработка на поимот политичка партија можеше да се забележи дека напуштањето на термините factio и sekta и воведувањето на терминот партија, имаше задача да придонесе за прифаќање на ставот дека политичките партии не мора да влијаат негативно врз општото добро. Сепак, уште при вистинското појавување на политичките партии во XIX век, па и денес, често се случува политичките партии да бидат перципирани како

[20] Слика од @federcap, @binkontan на Freepik

политички организации кои влијаат негативно во едно општество. Таквата **критика на политичките партии** се заснова врз неколку аргументи.

Првично, политичките партии како наследници на групите познати под термините factio и sekta се критикуваат дека како и нивните претходници, така и тие **придонесуваат кон поделби во едно општество**. Имено, политичките партии преку привлекување на членови создаваат политички групи, кои меѓу себе се натпреваруваат за освојување на власта. Таквата поставеност неминовно доведува до поделба во која слабостите и неуспесите на другите политички партии се преувеличуваат додека, пак, слабостите и неуспесите на сопствената политичка партија се негираат.[21] Преку тоа, политичките партии придонесуваат за поларизација, во која различните групи се гледаат како непријатели, а не како соградани.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Критики за политичките партии: придонесуваат за поделби во едно општество; интересите на политичката партија (групата) се поважни од државните и општествените интереси; партискиот интерес се сведува на интерес на мала група луѓе; политичките партии се партиски машинерии составени од партиски војници кои беспоговорно ги спроведуваат одлуките на партиските лидери.



Слика 4. Политичките партии често се критикуваат дека придонесуваат кон поделби во едно општество.[22]

[21] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 255.
[22] Слика од @upklyak, @nazart на Freepik

АВТОРИ

Роберт Михелс /Robert Michels/ (1876-1936) е роден во Германија, а потекло има од Италија. Социолог, познат по неговите дела во областа на политичкото однесување на елитите. Негово најпознато дело е: „Политички партии – социолошка студија за олигархиските тенденции во модерните демократии". Во ова дело, објавено во 1911 година, Михелс го креира познатиот железен закон на олигархијата и потенцира дека оној кој вели организација, всушност, вели олигархија.

Второ, бидејќи политичките партии го делат општеството во групи, лесно може да дојде до состојба во која **интересите на политичката партија (групата) ќе бидат поважни од државните и општествените интереси**. Таквите критики се потпираат врз ставот дека политичките партии не владеат во интерес на народот, туку за задоволување на сопствените интереси.[23] Токму затоа и модерните општества не се отпорни на појавата наречена **партитократија**, односно состојба во која државата и нејзините институции се злоупотребуваат за партиски интереси. Стравот дека политичките партии го стават нивниот интерес пред државниот, придонел најголем дел од креаторите на Американскиот устав да имаат недоверба кон политичките партии. Тоа е и една од причините зошто политичките партии во САД, дури и денес, претежно се децентрализирани без цврста хиерархија. Исто така, познат е и ставот на Жан Жак Русо дека политичките партии претставуваат пречка за воспоставување на општата волја.[24]

Трето, покрај пречка за воспоставување на општата волја, постојат теоретичари кои **го проблематизираат постоењето воопшто и на општа партиска волја**. Ваквите критики најчесто својата мотивација ја наоѓаат во Железниот закон на олигархијата, креиран од страна на Роберт Михелс.[25] При набљудувањето на внатрепартискиот живот на политичките партии, Михелс дошол до заклучок дека порано или подоцна, во рамките на политичката партија се издвојува група која се наметнува како управувачка сила и креатор на партиската волја.[26] Тоа значи дека партиските лидери и раководство се задолжени за управување со политичката партија и креирање на

[23] Blondel, *Comparative Government An Introduction – Second Edition*, 130.
[24] Zoran Pesic, *Politicki sistem* (Nis: Visoka Skola Strukovnih studija za kriminalistiku I bezbednost, 2011), 93.
[25] Robert Michels, *Political Parties: A Sociological Study of the Oligarchical Tendencies of Modern Democracy* (New Brunswick: Transaction Publishing, 1999)
[26] Pesić, *Politički sistem,* 101.

одлуки и политики кои ја формулираат партиската волја. Всушност, **партискиот интерес се сведува на интерес на мала група луѓе**, кои доколку политичката партија ја освои власта тогаш ќе имаат можност нивниот интерес да го наметнат и во државата.

Четврто, таквото елитистичко, а според Михелс олигархиско, партиско владеење, придонесува партиските членови да се покоруваат и да ги почитуваат партиските одлуки бидејќи се свесни дека лојалните и дисциплинираните членови ќе бидат наградени, а членовите кои критикуваат и не се согласуваат со партиското раководство, ќе бидат казнети.[27] Токму така доаѓа до формирање **на голема партиска дисциплина** во која партиските членови треба да ги потиснат своите ставови во интерес на колективните партиски ставови. Практично, во центарот на ваквата критика се наоѓа ставот дека **политичките партии се партиски машинерии составени од партиски војници, кои беспоговорно ги спроведуваат одлуките на партиските лидери.**

Слика 5. За членовите на политичките партии често се сретнува критиката дека се партиски војници кои беспоговорно и слепо ги почитуваат и спроведуваат одлуките на партиските лидери.[28]

[27] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 255
[28] Слика од @YuriArcursPeopleimages на Freepik

Ваквите критики на политичките партии може да се забележат и во рамките на демократските општества. Тоа е и причината зошто во рамките на теоријата може да се сретнат и ставови за формирање на демократски општества без политички партии. Сепак, политичките партии и покрај таквите критики и идеи се покажаа како елемент кој не може да се заобиколи во политичкото претставување, политичкиот систем и пракса.[29] Таквото тврдење има посебно место во демократските општества. Причината е што во демократските системи политичките партии исполнуваат голем број на функции. Токму заради тие функции се истакнуваат и позитивните страни на политичките партии.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Политичките партии придонесуваат за решавање на политички конфликти; артикулирање и претставување на интересите на граѓаните; формулирање и креирање на општествените цели и политики; олеснување и функционирање на изборите во едно демократско општество; форуми за дебата на партиските членови за политики и одлуки; политичка социјализација и политичка едукација; мотивирање на граѓаните активно да учествуваат во партиските активности, но и општо во политичките процеси во државата и имаат улога во организирањето и менаџирањето на власта.

2. ФУНКЦИИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Критиките и негативниот став кон политичките партии постојано е присутен кон овие политички организации од нивното појавување, па сè до денес. Сепак, треба да се има предвид дека ваквата антипартиска струја во рамките на теоријата претставува периферна мисла.[30] Без никаква дилема, за најголем број теоретичари политичките партии претставуваат conditio sine qua non за демократијата.[31] Политичките партии претставуваат крвоток за демократските општества. Без нив, демократијата не би можела да функционира – политичките партии во едно демократско општество исполнуваат голем број на функции.

Првенствено, една од главните критики кон политичките партии е дека тие придонесуваат кон поделби и поларизирање во општествата. Сосема спротивно од овој став, често во науката се истакнува дека **политичките партии придонесуваат кон решавање на политички конфликти**.[32] Имено, конфликти меѓу различни општествени групи во едно општество секогаш се среќаваат без разлика дали во тоа општество постојат, или не постојат политички партии. Постоењето на политички партии овозможува таквите конфликти да се легитимизираат и да се решаваат преку јавна дебата. Практично, конфликтите се адресираат, но и решаваат преку политичките партии.[33] Дополнително, во современите општества

[29] Pesić, *Politički sistem,* 93.
[30] Goati, *Političke partije i partijski sistemi*, 13.
[31] Ibid.
[32] Blondel, *Comparative Government An Introduction – Second Edition*, 133.
[33] Blondel, *Comparative Government An Introduction – Second Edition*, 132.

најчесто доминираат повеќепартиските системи во кои ниту една политичка партија не може самостојно да владее, туку до власт се доаѓа по пат на партиски владини коалиции. Таквите владини коалиции се формираат и одржуваат преку меѓупартиски дијалог и дебата.[34] Според тоа, политичките партии во рамки на едно демократско општество многу повеќе се фактор на соработка и институционално решавање на политички конфликти, отколку фактор на поделба и поларизација.

Второ, загрозувањето на општиот интерес заради исполнување на партиските интереси, исто така, претставува една од основните критики на политичките партии. Како одговор на ваквите критики за политичките партии се нуди аргументот дека **политичките партии ги артикулираат и претставуваат интересите на граѓаните**. Всушност, политичките партии претставуваат организации кои, за да ја добијат поддршката на граѓаните, првенствено ги слушаат нивните желби и барања, а понатаму таквите желби и барања ги пренесуваат до државните институциите.[35] На тој начин, политичките партии стануваат претставници и пренесувачи на волјата и интересите на граѓаните до државата.[36] Токму затоа, политичките партии се опишуваат како клучна алка меѓу граѓаните и државата.

Слика 6. Политичките партии ги слушаат и ги претставуваат интересите на граѓаните.[37]

[34] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 255.
[35] Richard D. Bingham, *State and Local Government in an Urban Society* (New York: Random House, 1986), 86.
[36] Pesić, *Politički sistem*, 90.
[37] Слика од @vectorjuice на Freepik

Трето, ваквата агрегација и артикулација на желби и барања на граѓаните ги води политичките партии во согласност со нивната партиска идеологија да **формулираат и креираат општествени цели и политики**.[38] Политичките партии ваквите општествени цели и политики најчесто ги нудат во партиски програми, со цел да привлечат поширока народна поддршка,[39] односно поголем број на членови, поддржувачи и гласачи. Со тоа, практично политичките партии нудат решенија на општествените проблеми и визија во која насока државата треба да се движи. Таквите решенија и визија на политичките партии најчесто се разликуваат бидејќи секоја политичка партија при нивното креирање поаѓа од сопствената партиска идеологија. Така, избирачите добиваат можност преку избор на политички партии да направат избор меѓу различни политики и цели.

Слика 7. Политичките партии нудат решенија на општествените проблеми и визија во која насока државата треба да се движи. Промотивни материјали на политички партии во Обединетото Кралство и Австралија.

Четврто, преку нудење на партиски програми и кандидати на избори, **политичките партии го олеснуваат изборот и функционирањето на изборите во едно демократско општество**. Првенствено, избирачите дури и да не го познаваат кандидатот,

[38] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 253.
[39] Ibid.

преку негово поврзување со определена политичка партија добиваат податоци за каков кандидат станува збор.[40] Дополнително, способноста на политичките партии да ги мобилизираат своите членови и поддржувачи зад нивните кандидати ги демотивира, а со тоа и го намалува бројот на независни и несериозни кандидати во изборната трка.[41] Така, политичките партии го олеснуваат процесот на гласање за избирачите бидејќи придонесуваат на изборите да се рационализира изборната понуда на сериозни кандидати и партии.

Слика 8. Политичките партии го олеснуваат функционирањето на изборите бидејќи ги претставуваат нивните кандидати и ја рационализираат политичката понуда.[42]

Петто, политичките партии често се критикуваат дека се централизирани и затворени политички организации, кои се раководени олигархиски. Сликата дека политичките партии се ригидни и монолитни организации, во кои слободната дебата се жртвува во интерес на партиското единство, е точна за авторитарни општества, но не и за демократски општества.[43] Во демократските општества во рамките на политичките партии секогаш може да се забележи помал или поголем степен на организациска децентрализираност. Така, во рамките на политичките партии секогаш се забележуваат посебни партиски организации и унии на: жени, млади, работници, студенти, пензионери, итн.[44] Дополнително, во определени политички партии може да се забележи постоење на различни фракции,

[40] Kenneth Janda, Jeffrey M. Berry и Jerry Goldman, *The Challenge of Democracy: Government in America – Fourth Edition* (Boston: Houghton Mifflin Company, 1995), 256.
[41] Janda, Berry и Goldman, *The Challenge of Democracy: Government in America – Fourth Edition*, 254-255.
[42] Слика од @macrovector на Freepik
[43] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 255.
[44] Blondel, *Comparative Government An Introduction – Second Edition*, 141.

кои отворено имаат спротивни ставови од ставовите на партиското раководство. Понекогаш, ваквите фракции се опишуваат и како партија во партија.[45] Според тоа, во демократските општества политичките партии се опишуваат како **форуми за дебата каде што партиските членови дебатираат за политики и одлуки**. Со тоа, во рамките на политичките партии се развива внатрепартиска демократија која понатаму придонесува кон општа демократизација на општествата.

> **Фракција:** Дел или група на членови во рамките на политичката партија.

Шесто, тоа што партиските членови, во рамките на политичките партии дебатираат за политики и одлуки, говори дека политичките партии се силен агенс на **политичка социјализација и придонесуваат кон политичка едукација**. Таквата политичка социјализација се однесува на партиските членови. Токму преку интерни дебати и дискусии за определени прашања, но и преку организирање на различни собири, семинари, обуки и работилници, политичките партии инвестираат во политичкото образование на своите партиски членови.[46] Покрај тоа, политичките партии имаат улога и во политичка едукација на пошироката јавност. Преку најразлични партиски активности и изборни кампањи, политичките партии ги презентираат нивните партиски кандидати, но и нивните вредности и ставови пред пошироката јавност.[47]

Слика 9. Политичките партии преку организирање на различни: собири, семинари, обуки и работилници, инвестираат во политичкото образование на своите партиски членови.[48]

---

45 Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 246.
46 Pesić, *Politički sistem*, 92.
47 Bingham, *State and Local Government in an Urban Society*, 86.
48 Слика од @master1305, @rawpixel.com на Freepik

Седмо, најразличните партиски активности, како и активностите кои се поврзуваат со изборните кампањи, придонесуваат за мобилизирање на граѓаните. Преку организирање на митинзи, дебати и партиски настани, политичките партии се трудат да ги активираат и да ги убедат нивните поддржувачи да излезат на гласање на денот на избори.[49] Политичките партии, преку своите активности се трудат да **ги мотивираат граѓаните активно да учествуваат во партиските активности, но и општо, во политичките процеси во државата**.

Слика 10. Политичките партии придонесуваат кон политичка партиципација на граѓаните.[50]

Осмо, во рамките на демократските општества кандидатите кои учествуваат на избори најчесто се членови на определени политички партии. Таквите кандидати не се создаваат преку ноќ. Напротив, таквите кандидати обично со години посетуваат партиски семинари, обуки и работилници, на кои стекнуваат политички вештини и знаење. Тоа значи дека политичките партии инвестираат во политичкото образование, но и во изборната кампања на своите кандидати, со надеж дека таквите кандидати ќе им донесат победа на изборите.[51] На тој начин, политичките партии имаат **голема улога во регрутирањето, но и креирањето на политичката елита во рамките на една држава**.

Деветто, таквите партиски кандидати освен што учествуваат на избори, исто така, ги пополнуваат и политичките функции. Тоа кажува дека политичките партии играат голема **улога во организирањето**

[49] Ibid.
[50] Слика од @pikisuperstar на Freepik
[51] Bingham, *State and Local Government in an Urban Society*, 87.

и менаџирањето на власта.[52] Партиските кандидати, кои освоиле пратенички мандат на избори, стануваат дел од парламентите, додека, пак, партијата или партиите, кои го контролираат парламентарното мнозинство, ја креираат владата. Токму лидерите на партиското раководство и нивните најблиски партиски соработници стануваат шефови на држави, премиери, министри, итн. Значи, политичките партии имаат улога во координирање на владините политики и активности[53], имајќи предвид дека политичките партии често се посредник меѓу владата и парламентот, но и меѓу политичките партии, кои ја креираат владината коалиција.

Сето ова говори зошто **без политичките партии демократијата не би можела да функционира**. Во рамките на демократските општества, помалку или повеќе, сите политички партии ги исполнуваат горенаведените функции. Сепак, треба да се има предвид дека начинот на исполнување на функциите се разликува од една до друга политичка партија бидејќи политичките партии меѓу себе се разликуваат. Тоа говори дека во теоријата се разликуваат различни типови на политички партии.

3. ТИПОВИ НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Во рамки на науката може да се воочат различни класификации на политичките партии. Ваквите класификации помагаат полесно да се изучат различните видови на политички партии, но и да се добие појасна слика околу развојот и иднината на политичките партии.

3.1. КАДРОВСКИ, МАСОВНИ И СЕОПФАТНИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Кадровските политички партии се креирани од страна на мала група на луѓе, немаат партиско членство и членски книшки, а односите меѓу различни делови на партијата се лабаво организирани.

Првична поделба која се среќава за политичките партии во рамките на науката е поделбата на политичките партии на кадровски и масовни политички партии.

Имено, првите политички партии кои настанале во текот на XIX век во Европа и САД биле **кадровските** политички партии. Станува збор за политички партии кои биле креирани од страна на мала група на луѓе, кои биле дел од определена парламентарна фракција.

[52] Ibid.

[53] Janda, Berry и Goldman, *The Challenge of Democracy: Government in America – Fourth Edition*, 256.

Практично, кадровските политички партии настанале како потреба членовите на определена парламентарна фракција посилно да се организираат, со цел во парламентот да ги предложат и донесат законите кои се во нивен интерес. Треба да се има предвид дека кадровските политички партии не гледале потреба од создавање масовна партиска организација бидејќи нивното настанување се врзува за период во кој избирачкото право било ограничено и мал број на луѓе имале право да гласаат на избори. Така, кадровските политички партии немале партиско членство, немале членски карти, а односите меѓу различни делови на партијата биле лабаво организирани.[54] За кадровските политички партии не бил важен бројот на членови, туку квалитетот на членовите. Затоа, кадровските партии се поврзувале секогаш со познати и влијателни членови. Дел од кадровските политички партии обично биле членови на аристократски семејства, интелектуалци и бизнисмени. Во таа насока, кадровските политички партии се поврзуваат со аристократијата и буржоазијата.

Конзервативните и либералните политички партии формирани во XIX век во Европа и САД, секогаш служат како добар пример за објаснување на кадровските политички партии. Меѓутоа, со кадровските политички партии се поврзуваат и комунистичките и фашистичките политички партии. Тоа е така бидејќи во овие политички партии се забележуваат обучени и професионални партиски членови од кои се очекувало да практикуваат голема доза на политичка лојалност и доктринарна дисциплина.[55] Таквите партиски членови се познати под терминот кадри кои, всушност, претставуваат политички активна и дисциплинирана елита која е способна да понуди идеолошко водство на пошироките маси.[56] Практично, комунистичките и фашистичките политички партии иако располагаат со широко членство, сепак целосно се раководени од страна на политичкото раководство и „кадровиците“.

54 Goati, *Političke Partije i Izbori u Demokratskom Poretku*, 22.
55 Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 246
56 Ibid.

Слика 11. Комунистичката партија на Кина денес често се опишува како кадровска партија раководена од „кадровиците“. Слика од XVIII Конгрес на Комунистичката партија на Кина.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Масовни политички партии се политички партии кои се составени од голем број на партиски членови, со сложена и разгранета организациска структура.

Од друга страна, социјалистичките и социјалдемократските партии се поврзуваат со **масовните** политички партии. Станува збор за политички партии кои се формираат во втората половина на XIX век, односно во период кога во рамките на САД и Европа доаѓа до значително проширување на избирачкото право. Токму заради таквото проширување на избирачкото право се јавила потребата политичките партии да го прошират своето партиско членство и да креираат широка изборна база.[57] Тоа довело масовните политички партии да располагаат со голем број на партиски членови и сложена и разгранета организациска структура.[58] Мал број на партиски членови и лабава партиска организација во ерата на проширување на избирачкото право повеќе не била опција бидејќи таквото функционирање на политичките партии не можело да донесе победа на избори. Затоа, во текот на XX век, голем број на теоретичари сметале дека кадровските политички партии неминовно ќе треба да се трансформираат во масовни политички партии и дека масовните политички партии ќе ги надвладеат кадровските политички партии.[59]

[57] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 247
[58] Goati, *Političke partije i izbori u demokratskom poretku*, 23.
[59] Goati, *Političke partije i partijski sistemi*, 246.

Меѓутоа, втората половина на XX век довела до трансформација на масовните политички партии и појава на нов тип политички партии. Станува збор за познатите **сеопфатни политички партии** (catch-all political parties). Големите економски, социјални и технолошки промени во втората половина на XX век придонеле политичките партии да почнат да ја потиснуваат својата идеолошка позадина со цел да допрат до што е можно поширок број на гласачи. Таквото намалување на значењето на идеологијата кај сеопфатните политички партии воедно е следено и со:

- Зголемено влијание на партиското раководство;
- Намалување на улогата на партиското членство;
- Обраќање до сите општествени слоеви, а не до определена општествена класа;
- Отвореност и соработка со различни интересовни групи.[60]

Ваквите карактеристики на сеопфатните политички партии говорат дека овој тип на политички партии повеќе потсетува на кадровските политички партии, отколку на масовните политички партии. И, навистина, состојбата во САД и европските општества говори дека бројот на партиски членови во овие општества се намалува, моќта на политичките раководства се зголемува, а идеолошките разлики меѓу политичките партии стануваат незначителни.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Сеопфатни политички партии се политички партии кои ја потиснуваат својата идеолошка позадина со цел да допрат до што е можно поширок број на гласачи.

Слика 12. Сеопфатните политички партии не се придржуваат цврсто до својата идеологија и често користат елементи и од други идеологии со цел да допрат до што е можно поширок број на гласачи.[61]

[60] Goati, *Političke partije i partijski sistemi*, 249.
[61] Слика од @ilixe48 на Freepik

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Буржоаски политички партии се: конзервативните, републиканските, либералните, демократските, христијанско-демократските, народните и радикалните партии.

3.2. БУРЖОАСКИ И РАБОТНИЧКИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Во модерните општества се намалува значењето на поделбата на политичките партии според социјалните и економските интереси на политичките партии. Имено, во текот на XIX и првата половина на XX век, актуелна била и поделбата на политичките партии на буржоаски и работнички политички партии. Во рамките на **буржоаските** политички партии се сместувале конзервативните, републиканските, либералните, демократските, христијанско-демократските, народните и радикалните партии, додека, пак, во **работничките** политички партии се сместувале социјалдемократските, социјалистичките, комунистичките и партиите на новата левица.[62] Сепак, ерата на сеопфатни политички партии придонела за релативизирање на ваквата поделба на политичките партии имајќи предвид дека идеолошките разлики меѓу партиите се намалуваат.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Работнички политички партии се: социјалдемократските, социјалистичките, комунистичките и партиите на новата левица.

3.3. ЛЕВИЧАРСКИ, ДЕСНИЧАРСКИ И ЦЕНТРИСТИЧКИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Според местото на идеолошката оска, политичките партии се делат на: левичарски, десничарски и центристички политички партии.

Поделбата на буржоаски и работнички политички партии е во тесна поврзаност со уште една поделба на политичките партии. Станува збор за поделбата на политичките партии **според нивното место на идеолошката оска**. Според оваа поделба, во зависност на нивната идеологија, политичките партии може да се поделат на: левица, десница и центар. Најголем дел од буржоаските политички партии, кои се поврзуваат со конзервативната идеологија, припаѓаат на **десната** страна од идеолошката оска.[63] Работничките партии, кои ги штитат правата на работниците, но и општо партиите кои заговараат промени преку социјални реформи или економски трансформации, се среќаваат на **левиот** дел од идеолошката оска.[64] Во центарот може да се забележат либералните политички партии. Како што на идеолошката оска се оди од центарот кон половите (крајно лево или крајно десно), така може да се забележи дека се зголемува радикалноста и екстремноста на ставовите. На левиот пол се наоѓаат комунистичките политички партии, додека, пак, на десниот пол може да се сретнат фашистичките политички партии. И во двата случаи станува збор за екстремни и радикални политички партии, чија екстремност се граничи со забранети, односно насилни идеи за промена и влијание врз власта.[65]

---

62 Pesić, *Politički sistem*, 102.
63 Ibid.
64 Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 248.
65 Pesić, *Politički sistem*, 102.

3.4. УСТАВНИ И РЕВОЛУЦИОНЕРНИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Користењето на насилство и антисистемска реторика е основа и за следната поделба на политичките партии. Имено, во текот на XX век посебно беше актуелна поделбата на уставни и револуционерни политички партии. **Уставните политички партии** го прифаќаат постоењето на други политички партии и делуваат во рамки на правилата определени од системот и демократијата.[66] Тоа значи дека уставните политички партии ги почитуваат вредностите на либералната демократија и, воедно, прифаќаат дека власта се освојува по пат на плурални избори. Така, уставните политички партии го отфрлаат насилството и се поврзуваат со владеењето на правото, поделбата на власта, човековите права, партискиот плурализам, изборите, итн.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Уставните политички партии: го прифаќаат постоењето на други политички партии и делуваат во рамки на правилата определени од системот и демократијата.

Слика 13. Уставните политички партии делуваат во рамки на правилата определени од системот и демократијата.[67]

Револуционерните политички партии, од друга страна, пак, се антисистемски политички партии, кои се трудат да ја преземат власта за да ја укинат демократијата и да наметнат еднопартиско општество. Притоа, освојувањето на власта и укинувањето на демократијата може да дојде по пат на револуции, државни удари, или, пак, квазилегализам, како во случајот на нацистите и фашистите во Германија и Италија.[68] Патот до преземањето на власта може

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Револуционерните политички партии: антисистемски политички партии, кои сакаат да ја укинат демократијата и да воведат еднопартиски системи.

[66] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 248.
[67] Слика од @olivier-le-moal на Freepik
[68] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 248.

да биде различен, но практикувањето на власта кај револуционерните политички партии е сличен. Кај сите нив се забележува укинување на останатите политички партии и создавање на еднопартиски режим во кој не постои разлика меѓу државата и партијата. Практично, револуционерните политички партии во име на определена кауза ја укинуваат демократијата и создаваат авторитарни и тоталитарни системи.

3.5. ТРАДИЦИОНАЛНИ/УМЕРЕНИ (МЕЈНСТРИМ) И ПОПУЛИСТИЧКИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Традиционалните (мејнстрим) политички партии: го прифаќаат уставниот статус кво и имаат тенденција да делуваат во рамки на веќе утврдените правила на политичка игра.

По лошото искуство со револуционерните политички партии во текот на XX век, денес во демократските општества, со цел да се заштити демократијата, обично ваквите политички партии се забрануваат. Сепак, крајот на XX век и почетокот на XXI век доведе до нов тип на политички партии – популистички партии. Затоа, денес, во науката, но и во праксата, се говори за постоење на мејнстрим политички партии и популистички политички партии. Често, за **мејнстрим политичките партии** може да се сретнат и термините традиционални и умерени политички партии. Ваквите политички партии го прифаќаат уставниот статус кво и имаат тенденција да делуваат во рамки на веќе утврдените правила на политичка игра.[69] Таквата тенденција, освен на утврдените правила на политичка игра, воедно се однесуваат и на општоприфатените политички вредности. Така, овие политички партии го прифаќаат: начинот на функционирање на репрезентативната демократија; владеењето на правото; заштитата на човековите права; неолибералната економија; процесот на глобализација; европска интеграција, итн. Всушност, мејнстрим политичките партии се политички партии кои не ја преиспитуваат либералната демократијата, ниту вредностите коишто се поврзуваат со неа. Затоа, во рамките на мејнстрим политичките партии не може да се забележат големи идеолошки разлики. Станува збор за политички партии кои настанале во текот на XIX и во текот на XX век и се трансформирале во сеопфатни политички партии.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Популистичките политички партии: критика на традиционалните политички партии дека ваквите партии се неефикасни, корумпирани, неодговорни, кусогледи, доминирани од елити и неспособни за носење на политики во интерес на народот.

Тоа што меѓу мејнстрим политичките партии не постои некоја поголема разлика во нивното делување, иако имаат различни идеологии, довело до појава на **популистичките политички партии**. Практично, популистичките политички партии се протестни партии кон политиките на мејнстрим политичките партии. Имено, популистичките политички партии ги критикуваат

[69] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 249.

традиционалните политички партии сметајќи дека се неефикасни, корумпирани, неодговорни, кусогледи, доминирани од елити и неспособни за носење на политики во интерес на народот.[70] Популистичките партии претежно се поврзуваат со радикално-десничарска идеологија, но во определени држави може да се забележи нивна поврзаност и со радикално-левичарска идеологија. Ваквите популистички партии немаат намера да ја укинат демократијата и одлучуваат да функционираат според нејзините правила, но кај нив се јавува ставот за преиспитување на општоприфатените политички вредности на традиционалните политички партии. Така, популистичките политички партии го критикуваат: функционирањето на репрезентативната демократија, процесите на глобализација, имиграција, европска интеграција и неолиберални политики. За популистичките политички партии ваквото функционирање оди во корист на политичките и економските елити, но не и во корист на народот. Овие политички партии во рамките на своите општества креираат поделби на корумпирани елити и чист/обичен народ и, притоа, се прикажуваат како претставници и глас на обичниот народ. Иако ваквите политички партии потенцираат дека не се антисистемски партии кои сакаат да ја укинат демократијата, сепак во државите каде што се на власт може да се забележат политики со кои се засилува моќта на извршната власт преку: поткопување на поделбата на власт, владеењето на правото и независноста на судството.[71]

3.6. ПРЕТСТАВНИЧКИ И ИНТЕГРАТИВНИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Последната поделба на политичките партии која треба да се земе предвид се однесува на претставнички и интегративни политички партии. **Претставничките политички партии** имаат за цел да ги претстават интересите, желбите и барањата на што е можно пообјективен и посоодветен начин.[72] Според тоа, ваквите политички партии не се поврзуваат цврсто со определена идеологија, туку своите политики и активности ги насочуваат според барањата на граѓаните. Со тоа, всушност, претставничките политички партии се поврзуваат со сеопфатните (catch-all) политички партии.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Претставничките политички партии: ги претставуваат интересите, желбите и барањата на граѓаните на што е можно поверен и поадекватен начин.

[70] Takis S. Pappas, Populism and Liberal Democracy (Oxford, Oxford University Press, 2019), 2.
[71] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 251.
[72] Pesić, *Politički sistem*, 103.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Интегративните политички партии: се трудат да ги обединат граѓаните и нивните приврзаници околу определени политички вредности.

Од друга страна, **интегративните политички партии** освен што ги претставуваат интересите на граѓаните, исто така, при своето делување се трудат да ги обединат граѓаните и нивните приврзаници околу определени политички вредности.[73] Имено, интегративните политички партии имаат за цел да мобилизираат, образуваат и да ги инспирираат избирачите, а не само да одговорат на нивните желби и барања. Како примери на интегративни политички партии обично се земаат Републиканската партија за време на Роналд Реган и Конзервативната партија за време на Маргарет Тачер. Овие две политички партии, покрај адресирање на потребите на граѓаните, играа голема улога во наметнување на нивните неолиберални визии за организација на американското и британското општество.

Слика 14. Слика од Роналд Реган и Маргарет Тачер. Нивните политички партии под нивно раководство наметнаа неолиберални визии за организација на американското и британското општество.

Треба да се истакне дека различните класификации на политичките партии се одраз на различни временски периоди и општествени случувања. Политичките партии низ својот развој постојано се менувале и прилагодувале на новите состојби, но секогаш продолжувале да ги исполнуваат нивните функции.

[73] Ibid.

4. ПАРТИСКИ СИСТЕМИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ
Системот на односи меѓу политичките партии се нарекува партиски систем.

При исполнувањето на функциите, политичките партии неминовно воспоставуваат односи меѓу нив. **Таквиот систем на односи меѓу политичките партии се нарекува партиски систем**. Всушност, политичките партии во еден политички систем не можат да бидат анализирани изолирано една од друга. Карактерот и моќта на една политичка партија не може да се определи без да биде земен предвид карактерот и моќта на другите политички партии во системот.[74] Тоа значи дека политичките партии при своето делување влијаат едни на други и постојано се во определен комплексен меѓусебен однос. Бројот на политички партии, нивната големина, меѓупартиската соработка, коалицирањето, но и натпреварот и конфликтите меѓу политичките партии, го дефинираат партискиот систем. Според тоа, партискиот систем дефиниран како релативно стабилна мрежа на односи меѓу политичките партии, која е структурирана според нивниот број, големината и идеолошката ориентација, е клучен во определувањето како политичкиот систем ќе функционира во пракса.[75] Токму затоа, често се истакнува дека партискиот систем, заедно со изборниот систем, се главните потсистеми на секој политички систем.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ
Партиските системи според бројот на политички партии во политичкиот систем се делат на: еднопартиски, двопартиски и повеќепартиски системи.

Најчесто, поделбата на политичките системи се прави **според бројот на политички партии во политичкиот систем**. Така, ваквата поделба обично говори за:

- Еднопартиски системи;
- Двопартиски системи;
- Повеќепартиски системи;

Треба да се нагласи дека бројот на политичките партии е важен, но за суштинска анализа покрај бројот на политички партии, исто така, важни се и други фактори. Така, за определени автори важна е релативната големина на политичките партии, односно дали таквите политички партии претставуваат фактор на влијание во политичкиот систем. Во таа насока, **партиските системи според релативната големина на политичките партии** често се делат на:[76]

---

74 Blondel, *Comparative Government An Introduction – Second Edition*, 153.
75 Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 258.
76 Jean Blondel, *Comparing Political Systems* (Wiltshire, Trowbridge: Weidenfeld and Nicolson, 1973), 98.

- Двопартиски систем;
- Две и пол партиски систем;
- Повеќепартиски систем со доминантна партија;
- Повеќепартиски систем без доминантна партија.

Други теоретичари одлучуваат при анализата на партиските системи да посветат внимание на **степенот на внатрепартиското единство на политичките партии**. Според овој критериум, партиските системи може да се поделат на:[77]

- Двопартиски системи со висок степен на внатрешна хомогеност (пример Обединетото Кралство);
- Двопартиски систем со слаба внатрешна хомогеност (САД);
- Повеќепартиски системи со релативно висок степен на внатрешна хомогеност (Шведска, Норвешка и Холандија);
- Повеќепартиски системи со низок степен на внатрешна хомогеност (Франција и Италија).

Од сите горенаведени поделби, може да се забележи дека сите поделби произлегуваат од првичната поделба на партиските системи на: еднопартиски, двопартиски и повеќепартиски системи.

4.1. ЕДНОПАРТИСКИ СИСТЕМИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Еднопартиски системи се системи во кои постои една политичка партија, додека останатите партии или се правно забранети или, пак, системски се потиснуваат со цел да згаснат или да се приклучат кон владејачката политичка партија. Се поврзуваат со авторитарни и тоталитарни системи, но не и со демократски системи.

Еднопартиските системи претставуваат партиски системи кои најчесто се поврзуваат со авторитарни и тоталитарни системи, а не со демократски системи. Имено, во ваквите системи постои една политичка партија, додека останатите или се правно забранети или, пак, постои висок степен на репресија кон опозициските политички партии, што на крајот доведува или тие да згаснат, или да се приклучат кон владејачката политичка партија.

Најчесто, еднопартиските системи се поврзуваат со комунистичките режими. Токму во овие режими беше дозволено постоењето само на комунистичките партии додека, пак, другите политички партии беа забранети. Тоа значи дека политичкото организирање надвор од комунистичката партија не беше можно, а организирањето на избори ја губеше својата смисла, бидејќи немаше можност за вистински избор. Така, во еднопартиските системи политичката партија на власт не може да биде променета од власт. Бидејќи политичката партија не може да биде променета

[77] Robert Dahl, „Party Systems and Patterns of Oppositions“, In *The West European Party System*, ed. Peter Mair (Oxford: Oxford University Press, 1990), 7.

од власт, во ваквите партиски системи секогаш се воспоставува посебен однос меѓу државните институции и политичката партија.[78] Практично, границата меѓу државата и политичката партија станува формална и со тоа државата, но и целото општествено живеење, почнува да биде управувано и контролирано од политичката партија. Оправдувањето на еднопартискиот систем во ваквите општества се бранеше со аргументот дека само комунистичката партија поседува знаење да го создаде бескласното општество и дека постоењето на други политички партии може да го загрозат таквиот проект.

Слика 15. Еднопартиските системи се поврзуваат со комунистичките режими. Слика од знамето на Советскиот Сојуз.

Покрај во комунистичките режими, еднопартиските системи често може да се забележат и во Африка и Азија. Имено, во овие држави, по успешно завршените антиколонијални борби, дојде до формирање на владејачки политички партии кои беа претставени како нужност во процесот на создавање на нацијата и нејзиниот економски развој.[79] Меѓутоа, зад ваквата идеја, всушност, се криеше желбата на националните лидери да дадат легитимитет и цврстина на нивниот режим.[80] Станува збор за слабо организирани политички партии преку кои треба да се оправда владеењето на еден човек. Тука треба да се додаде дека иако во ваквите држави често постоењето на други партии не е правно забрането, сепак преку потиснување на опозицијата се влијае опозициските политички партии да се приклучат кон владејачката политичка партија или да престанат со своето постоење.

78 Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 259.
79 Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 260.
80 Blondel, *Comparative Government An Introduction – Second Edition*, 157.

4.2. ДВОПАРТИСКИ СИСТЕМИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Демократските системи се поврзуваат со двопартиски и повеќепартиски системи.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Двопартиски систем: партиски систем во кој постојат две големи политички партии кои поседуваат капацитет да победат на избори и самостојно да ја преземат власта.

Двопартиските системи се среќаваат во рамките на демократските политички системи бидејќи подразбираат плурален натпреварувачки политички систем, во кој две политички партии по пат на избори се борат за освојување на власта. Станува збор за партиски систем во кој постојат две големи политички партии кои поседуваат капацитет да победат на избори и самостојно да ја преземат власта.[81] Двете политички партии располагаат со слична политичка моќ, па тоа доведува овие две политички партии често да се менуваат на власт. Притоа, партијата која победила на избори самостојно ја креира владата и парламентарното мнозинство додека, пак, политичката партија која ги изгубила изборите останува во опозиција и се подготвува за победа на наредните избори. Владата во ваквите партиски системи е хомогена, односно е составена од една политичка партија, додека, пак, опозицијата е составена од другата голема политичка партија, како и мал број на мали политички партии. Ваквиот став открива дека и во двопартиските системи може да се сретнат повеќе од две политички партии, но реално само две политички партии поседуваат релативна моќ да ја освојат власта и да влијаат врз општествено-политичките односи. Улогата на останатите политички партии е незначителна, па затоа овие партии воопшто не се земаат предвид.[82]

Политичките системи на Обединетото Кралство и САД, обично се земаат како примери на двопартиски систем, иако меѓу двопартиските системи на овие две држави може да се забележат и определени разлики. Во таа насока, двопартискиот систем во Обединетото Кралство се сместува во двопартиски систем со висок степен на внатрешна хомогеност на политичките партии, додека, пак, политичкиот систем на САД во двопартиски систем со слаба внатрешна хомогеност на политичките партии. Ваквата поделба ја анализа внатрешната поставеност на двете големи политички партии во системот. Во Обединетото Кралство двете политички партии се обележани со голема партиска дисциплина и поврзаност со нивната партиска идеологија, додека, пак, во САД се забележува голема децентрализираност на двете политички партии и хетерогеност во нивната идеолошка позадина. Таквата слаба внатрешна хомогеност на политичките партии во САД доведува понекогаш индивидуи или фракции од една партија да бидат поблиску до ставовите од другата политичка партија.

---

[81] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 260.
[82] Blondel, *Comparative Government An Introduction – Second Edition*, 170.



Слика 16. Во САД борбата за власт се одвива меѓу Републиканската партија и Демократската партија. Слонот е симбол на Републиканската партија, додека, пак, магарето е симбол на Демократската партија.[83]

При анализата на двопартиските системи, воедно треба да се земат предвид и две и пол партиските системи. И во ваквите системи се забележуваат две големи политички партии, но ниту една од двете големи политички партии не може да освои доволен број на гласови и мандати за да може самостојно да владее. Во ваквите системи, покрај две доминантни политички партии, постои и една мала, односно трета политичка партија која профитира од неможноста двете големи политички партии самостојно да ја освојат и практикуваат власта.[84] Всушност, малата, односно третата политичка партија, има навистина голема политичка моќ и често долго е на власт бидејќи преку нејзиното приклонување кон една од големите политички партии, всушност, определува која голема политичка партија ќе ја креира владата. Во текот на втората половина на XX век, како пример за две и пол партиски систем се зема Германија. Во оваа држава, Либералната партија (третата партија во системот) преку коалицирање со една од големите политички партии (Конзервативната партија ЦДУ или Социјалдемократската партија) определувала кои партии ќе ја формираат владата. Така, во Германија во текот на втората половина на XX век големите политички партии од едни до други избори се менувале на власт додека, пак, третата (малата) политичка партија била дел од сите владини коалиции.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Две и пол партиски систем: систем со две доминантни и една помала политичка партија. Преку приклонување кон една од големите политички партии малата политичка партија определува кој ќе биде на власт.

[83] Слика од @freepik на Freepik
[84] Pesić, *Politički sistem*, 105.

Слика 17. Германија до почетокот на XXI век често се опишуваше како држава со две и пол партиски систем.

4.3. ПОВЕЌЕПАРТИСКИ СИСТЕМИ

Политичките системи во кои може да се забележат повеќе од две политички партии, се сместуваат во рамките на повеќепартиските системи. Ваквите политички системи најчесто се поврзуваат за демократските општества бидејќи во општеството и на изборите учествуваат поголем број на политички партии. Сепак, треба да се нагласи дека во рамки на повеќепартиските системи постои голема разноликост. Првенствено, повеќепартиските системи може да бидат со доминантна политичка партија, но и без доминантна партија. Во повеќепартиските системи без доминатна партија постојат различни потподелби. Во таа насока, при анализа на ефектите од повеќепартиските системи секогаш треба да се земат предвид ваквите специфики на повеќепартиските системи.

4.3.1. *ПОВЕЌЕПАРТИСКИ СИСТЕМИ СО ДОМИНАНТНА ПАРТИЈА*

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Повеќепартиски систем со доминантна партија: постојат повеќе политички партии, но една иста политичка партија подолг временски период победува на фер и регуларни избори и успева самостојно да владее.

Во рамки на теоријата може да се најдат ставовите дека политичките системи во кои се среќава доминантна партија, потсетуваат на еднопартиските системи бидејќи и во двата случаи една партија е подолго време на власт. Сепак, меѓу еднопартиските системи и повеќепартискиот систем со доминанта партија, постои голема разлика. Разликата се состои во тоа што еднопартиските системи се поврзуваат со авторитарни и тоталитарни режими, додека, пак, повеќепартискиот систем со доминантна партија се поврзува со демократски општества, од причина што во овој систем постојат повеќе политички партии кои се натпреваруваат на фер и регуларни избори. Практично, повеќепартискиот систем со доминантна партија е резултат на демократски општества во кои постои една голема политичка партија и поголем број на мали и меѓусебно спротивставени политички партии.[85] Преку ваков систем, големата политичка партија постојано победува на фер и регуларни избори

[85] Pesić, *Politički sistem*, 106.

и успева да владее самостојно.[86] Така, всушност, доминантната партија во демократски услови успева со години, па дури и децении, да се задржи на власт. Како пример за повеќепартиски систем со доминантна партија обично се истакнува Шведска, во која Социјалдемократската партија во период од 74 години, дури 65 година била на власт. Покрај Шведска, повеќепартиски систем со доминантна партија во определени временски периоди можеше да се забележи во Италија, Јапонија и Индија.

Слика 18. Лого на Социјалдемократската партија на Шведска во период од 1967 до 1987 година.

За одбележување е тоа што иако ваквите партиски системи се поврзуваат со демократски држави, сепак, предолгото контролирање на власта од страна на една политичка партија најчесто има лоши ефекти врз квалитетот на демократијата во една држава. Намалувањето на границата меѓу државата и партијата, слабата опозиција, како и зголемената можност за корупција и арогантност во рамки на доминантната партија, се истакнуваат како опасност во ваквите системи.[87] Токму затоа, повеќепартиските системи со доминантна партија во рамките на теоријата не се посакувани и се сметаат за опасни за демократијата.

4.3.2. *ПОВЕЌЕПАРТИСКИ СИСТЕМИ БЕЗ ДОМИНАНТНА ПАРТИЈА*

Од друга страна, постоењето на повеќепартиски системи без доминантна партија говори дека во тој политички систем постојат три или повеќе од три политички партии, при што ниту една партија нема капацитет самостојно да ја преземе власта. Тоа значи дека во ваквите системи секогаш на власт се доаѓа преку коалиција на повеќе политички партии. Сепак, постојат различни типови на

[86] Alan Ware, *Political parties and Party Systems* (Oxford: Oxford University Press, 1996), 159.
[87] Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 264.

повеќепартиски системи без доминантна партија и според тоа, ефектите од ваквите партиски системи може да бидат различни. Таквата разлика кај повеќепартиските системи без доминантна партија се прават според бројот на партии во системот, но и според идеолошката дистанца меѓу политичките партии.

Во таа насока, постојат автори кои повеќепартиските системи без доминантна партија ги делат на:

- Умерен повеќепартизам;
- Поларизиран повеќепартизам;
- Сегментиран повеќепартизам.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Умерен повеќепартиски систем: партиски систем со 3 до 5 политички партии.

Умереният повеќепартиски систем подразбира постоење на партиски систем со 3 до 5 политички партии.[88] Според тоа, во ваквиот повеќепартиски систем нема преголем број на политички партии, а дополнително идеолошките разлики меѓу политичките партии не се големи. Така, во ваквите партиски системи се среќаваат политички партии и од десната и од левата страна на идеолошката оска, но во нивното делување ваквите партии тежнеат кон идеолошко приближување кон вредностите на центарот. Станува збор за повеќепартиски систем кој придонесува кон стабилноста на политичкиот систем бидејќи партиската фрагментација и идеолошката дистанца меѓу политичките партии се мали.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Сегментиран повеќепартиски систем: систем со повеќе од 5 политички партии кои меѓу себе немаат големи идеолошки разлики.

Сегментираниот повеќепартиски систем подразбира партиски систем во кој делуваат повеќе од 5 политички партии, но меѓу политичките партии не постојат големи идеолошки разлики.[89] Тоа значи дека сегментираниот повеќепартиски систем се одликува со висок степен на фрагментација на партискиот систем, но не и со голема идеолошка дистанца меѓу политичките партии. Според тоа, политичките партии во ваквите партиски системи функционираат преку компромиси и соработка, бидејќи постојат голем број партии, но сепак, идеолошките разлики не се големи.[90] Податокот дека идеолошките разлики не се големи доведува до умерени политики, но податокот дека постојат поголем број партии може да доведе до нестабилност. Затоа, сегментираниот повеќепартиски систем често се поврзува со нестабилни влади и нефункционални парламенти.

Поларизираниот повеќепартиски систем, за разлика од умереният и сегментираниот повеќепартиски систем, е обележан со голем број

88 Ware, *Political parties and Party Systems*, 170.
89 Ware, *Political parties and Party Systems*, 171.
90 Pesić, *Politički sistem*, 106.

политички партии (над пет политички партии), но и со видливи идеолошки разлики меѓу политичките партии. Во ваквиот партиски систем доаѓа до поларизирање на политичките партии околу двете најголеми политички партии кои се наоѓаат на еден од половите на идеолошката оска.[91] Политичките партии од центарот на идеолошката оска се мали и слаби, додека, пак, политичките партии од десниот и левиот дел од идеолошката оска повеќе тежнеат кон вредностите од краевите на идеолошката оска, отколку кон центарот на идеолошката оска.[92] Таквата реалност доведува до поларизираност и големи поделби во рамки на општеството.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Поларизиран повеќепартиски систем: систем со повеќе од 5 политички партии кои меѓу себе имаат видливи идеолошки разлики.

При разгледувањето на повеќепартиските системи постојат теоретичари кои го анализираат и степенот на внатрешна хомогеност на политичките партии. Така, во определени држави повеќепартискиот систем е обележан со висок степен на внатрешна хомогеност на политичките партии, додека, пак, кај други држави повеќепартискиот систем е обележан со низок степен на внатрешна хомогеност на политичките партии. Сосема е очекувано дека повеќепартиските системи со низок степен на внатрешна хомогеност на политичките партии придонесуваат кон поголем степен на партиска фрагментираност. Тоа е така бидејќи понекогаш партиските фракции во ваквите партиски системи наликуваат на различни политички партии, а не дел од една иста политичка партија.[93]

5. КРИЗА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Почнувајќи од 80-тите години на XX век, во рамките на теоријата сè повеќе се пишува за криза на репрезентативната демократија. Бидејќи политичките партии се главен актер во функционирањето на репрезентативната демократија, сосема очекувано се наметна и прашањето за кризата на политичките партии. Затоа, голем број теоретичари започнаа во овој период да потенцираат дека политичките партии се соочуваат со голем број предизвици и дека таквите предизвици влијаат врз нивната способност да ги застапуваат интересите на граѓаните и да бидат активни посредници меѓу граѓаните и државата.[94] Така, во рамките на правната и политичката наука,

[91] Ibid.
[92] Ware, *Political parties and Party Systems*, 170.
[93] Arend Lijphart, Patterns of Democracy: Government Forms and Performance in Thirty - Six Countries (New Haven: Yale University Press, 1999), 72.
[94] Peter Mair, „Party Politics in Contemporary Europe: A Challenge to Party“, *West European Politics No. 7* (1984): 171.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Криза на политичките партии: намалување на партиските членови во рамките на политичките партии и опаѓање на излезноста на изборите.

може да се најдат ставовите дека крајот на XX век и почетокот на XXI век беа обележени со пад на политичките партии. Таквиот пад на политичките партии се опишува преку намалувањето на партиски членови во рамките на политичките партии, како и по падот на излезноста на избори.[95]

Тоа говори дека се зголемува бројот на граѓани кои немаат доверба во политичките партии и изборите. Практично, сè помалку граѓани сметаат дека можат да ги заштитат и остварат своите интереси преку политичките партии и изборите. Тоа е така бидејќи се зголемува бројот на граѓани кои на политичките партии гледаат како олигархиски и бирократизирани политички машини, во кои партиските членови или не се активни или спроведуваат рутински задачи.[96]

Слика 19. Бројот на граѓани кои немаат доверба во политичките партии и изборите во последните децении се зголемува.[97]

Меѓутоа, треба да се знае дека недовербата и кризата на политичките партии најмногу се однесува на традиционалните политички партии. Токму овие политички партии во последната деценија ги имаат најлошите изборни резултати во нивната историја. За

[95] Во 60-тите години на XX век, 15 % од европската популација била дел од определени политички партии додека, пак, денес, таквиот број е под 5 % од европската популација. Во поглед на излезноста на избори, падот, исто така, е евидентен. Во последните 50 години излезноста на парламентарните избори на светско ниво се намалила за 7 %. Таквиот пад е уште позагрижувачки за европскиот континент. На европскиот континент излезноста во последните 50 години се намалила за дури 17 %. Ingrid van Biezen и Thomas Poguntke, „The decline of membership-based politics“, *Sage Journal Party Politics* (2014): 2.

[96] Heywood, Politics – Fifth Edition, 267.

[97] Слика од @ntl-studio на Freepik

разлика од нив, популистичките политички партии, посебно во Европа, успеваат да привлечат партиски членови и голем број на гласови на избори. Подемот на овие политички партии во Европа е евидентен.[98] Падот на традиционалните политички партии и подемот на популистичките политички партии говори дека постмодерните општества бараат нов тип на политички партии, кои ќе одговорат на предизвиците на новото време.[99] Засега, популистичките политички партии успеваат да се прилагодат на новите предизвици, додека, пак, умерените политички партии во таквото прилагодување имаат проблеми.

Падот на влијанието на политичките партии секако има големо влијание врз демократската одговорност, институционализацијата на политичкиот натпревар, но и на квалитетот на демократијата.[100] Тоа особено се забележува преку падот на умерените политички партии, кои промовираат вредности на либералната демократија. Падот на умерените политички партии, кои промовираат вредности на либералната демократија, воедно е пад и на либералната демократија. Од друга страна, ваквиот пад е успешно искористен од популистичките партии, кои својот подем го засноваат врз вредности кои се контрадикторни со вредностите на либералната демократија. Тоа веќе можеше да се забележи при опишувањето на карактеристиките на популистичките политички партии, како и при анализа на радикално-десничарската идеологија.

98 Подемот на популистичките партии во Европа е од 2 % од гласовите на парламентарни избори во 1980 година, преку 10 % во 2000, до речиси 20 % од гласовите на парламентарните избори во 2016 и 2017. Heywood, *Politics – Fifth Edition*, 267.

99 Slaviša Kovacević, „Kriza funkcija političkih partija“, *Zbornik Radova Pravnog Fakulteta u Nisu No. 69* (2015): 175.

100 Patrick Liddiard, Are Political Parties in Trouble? (Washington: Wilson Center's History and Public Policy Program, 2018), 2.

ПРАШАЊА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

1. Кои се основните елементи на дефиницијата на поимот политичка партија?
2. Кога настанува модерното дефинирање на поимот политичка партија? Дали терминот политичка партија може да се сретне и во Антиката и во Средниот век?
3. Кои се основните критики на политичките партии?
4. Кои се основните функции на политичките партии?
5. Кои се спецификите на кадровските политички партии?
6. Кои се спецификите на масовните политички партии?
7. Кои се спецификите на сеопфатните политички партии?
8. Во што е суштината на класификацијата на политичките партии на буржоаски и работнички?
9. Во што е суштината на класификацијата на политичките партии на: левичарски, десничарски и центристички?
10. Која е основната разлика меѓу уставните и револуционерните политички партии?
11. Кои се спецификите на традиционалните (мејнстрим) политички партии?
12. Кои се спецификите на популистичките политички партии?
13. Која е основната разлика меѓу претставничките и интегративните политички партии?
14. Што се подразбира под поимот партиски систем?
15. Која е основната класификација на партиските системи?
16. Кои се карактеристиките на еднопартиските системи? Кои системи се поврзуваат со еднопартиски системи?
17. Кои се карактеристиките на двопартиските системи?
18. Кога определен систем може да се класифицира како две и пол партиски систем?
19. Какви видови на повеќепартиски системи постојат?
20. Што се подразбира под повеќепартиски систем со доминантна партија? Дали вакви партиски системи се среќаваат и во демократски општества? Дали може да посочите примери?
21. Што се подразбира под умерен повеќепартизам?
22. Што се подразбира под поларизиран повеќепартизам?
23. Што се подразбира под сегментиран повеќепартизам?
24. Зошто денес се говори за криза на политичките партии? Преку кои појави може да се забележи таквата криза?
25. Како влијае кризата и падот на политичките партии врз квалитетот на демократијата во демократските општества?

ГЛАВА 12

ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО И ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ

ПРАШАЊА ЗА ДЕБАТА

1. На што помислувате кога ќе се спомене терминот цивилно општество?
2. Дали можете да наведете пример на некоја граѓанска организација која со своето дејствување промовирала или унапредила некое јавно (општо) добро?
3. Истражете ги веб страниците на најмалку три: невладини организации, спортски клубови, религиски (верски) заедници, фондации, музички, балетски, или уметнички здруженија. Утврдете во што се состои нивната активност, начинот на кој дејствуваат, нивните цели, начинот на зачленувањето. Презентирајте ги заклучоците!
4. Дали сметате дека групите за притисок се добри и пожелни за демократијата или истата ја „поткопуваат“?
5. Истражете најмалку две општествени движења и презентирајте ги: условите во кои тие настануваат, причините за нивното настанување, развојните фази, облиците на активизам и целите што ги поставиле и исполниле!
6. Колкаво е влијанието на општествените движења врз процесот на креирање и спроведување јавни политики? Наведете пример!
7. Што мислите, зошто некогаш е многу тешко да се разграничат интересовните групи од политичките партии?

1. ПОИМ ЗА ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО

Поимот цивилно општество претставува повеќеслоен, еластичен, „недофатлив“ поим, поим – „камелеон“. Неговото определување наметнува потреба од анализирање на различни аспекти кои се однесуваат на него. Иако овој концепт го опкружува двосмисленост и не постои една универзална дефиниција, од суштинско значење е тој да се разгледа темелно, зошто тоа во голема мерка дефинира што може да се очекува од него.[1]

Термини кои се употребуваат за да се означи цивилното општество се: *koinonia politika*, *société civile*, *civil society*, *bürgerliche Gesellschaft, civilis communitas*. Други термини и конструкции кои често се употребуваат, а кои посредно се однесуваат на цивилното општество, се конструкциите: невладин сектор, непрофитен сектор, независен сектор, посреднички сектор, итн.

Цивилното општество претставува дел од општеството. Тоа претставува севкупност на институции, организации и активности кои се наоѓаат во просторот меѓу семејството, стопанството и државата.[2] Имено, цивилното општество претставува општествена структура меѓу приватната сфера на граѓаните и државата. Цивилното општество се состои од организации во кои граѓаните доброволно се здружуваат и поврзуваат со цел остварување на определени заеднички интереси, барања, желби, права. Оттука, цивилното општество претставува севкупност и мрежа на: клубови, заедници, невладини организации, асоцијации (професионални или аматерски) кои го негуваат чувството на солидарност и партиципативност во меѓусебните односи[3]. Значи, цивилното општество ги вклучува: различните доброволни и непрофитни организации, општествени и политички движења и други видови на партиципација на граѓаните, како и вредностите и културните обрасци кои се поврзани со нив. Имено, секоја група за која може да се каже дека застапува определени колективни интереси или, пак, презентира определена инволвираност и активност чија цел е остварување некакви интереси, права, барања, претставува дел од цивилното општество.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Цивилното општество е *севкупност на: институции, организации и активности што се наоѓаат во просторот меѓу: семејството, стопанството и државата.*

[1] Lussi Lane. Debating civil society: Contested Conceptualizations and development Trajectories. International Journal of Non - Profit Law. Vol.16. No 1. September, 2014/59, стр. 2.

[2] Slaviša Orlović. Politička sociologija. Univerzitet u Beogradu. Fakultet političkih nauka. 2019, str. 40.

[3] Климовски Саво, Каракамишева Тања, Дескоска Рената. Политички систем. „Просветно дело“ АД, Скопје, 2009, стр. 225.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Цивилното општество има за цел *подобрување и унапредување на јавната расправа и стимулирање на учеството на граѓаните во политичките процеси.*

Колку е широка и разнолика оваа мрежа најсоодветен впечаток ќе се добие доколку се потенцира дека истата ја сочинуваат: невладини организации, спортски клубови, деловни или волонтерски асоцијации, религиски (верски) заедници, фондации, музички, балетски, уметнички здруженија или колонии, синдикални организации, стопански комори, итн.

Од цивилното општество се исклучуваат групите чија активност или цел претставува дестабилизирање на воспоставениот уставен поредок. Така, противуставните и паравоените групи не се вбројуваат во интересовни групи (пример: ИРА, ЕТА, итн.). Цивилното општество, исто така, не треба да се поистовети со, т.н., политичко општество во кое основите актери се политичките партии чија цел и активност е насочена кон преземање на власта на легитимни избори или нејзино зачувување. Треба да се истакне дека актерите на цивилното општество соработуваат со политичките партии, но тие не треба да бидат преземени и „апсорбирани“ од нив.

> „Цивилното општество ја претставува сферата на организиран општествен живот кој е: доброволен, отворен, самосоздавачки, самоодржлив, автономен од државата, кој се темели врз правниот поредок и збирот од колективни правила и норми“.
>
> Лари Дајмонд

> „Политичките здруженија ја ограничуваат централната државна власт. Тие се витална заштита од тиранијата на мнозинството. Нивното ширење не се поврзува со фракционерството и политичката нестабилност, туку со зајакнувањето на демократијата во една држава. Неполитичките здруженија, трговски, индустриски, религиозни, морални, општи или специјализирани, претставуваат клучна компонента на социјалната структура на една демократија, особено заради начинот на кој го споделуваат знаењето за тоа како се основаат и одржуваат формите на здружување“.
>
> Alexis de Tocqueville (Democracy in America)

Всушност, цивилното општество е простор за доброволно остварување на правото на здружување и мрежа на релации кои се формираат со напуштање на приватната сфера.

Цивилното општество се дефинира и како: „систем на потреби во кој поединците ги усогласуваат своите индивидуални интереси, барања и очекувања со општествените, чие конечно остварување зависи од волјата на државата".[4] Едно поумерено теоретско становиште на цивилното општество гледа како на сфера за општествено и економско договарање за која е посоодветно да се потенцира дека се темели врз определени правни правила, отколку целосно зависна од државата[5].

За да се означи цивилното општество често се употребува терминот „трет сектор". *Тоа е сфера која е издвоена од државата и пазарната економијата.* Цивилното општество е издвоено од државата. Тоа не е дел од организацијата на власта на национално или локално ниво. Од друга страна, цивилното општество е непрофитно ориентирано и се темели врз идејата за промоција на некои други вредности, а не стекнување материјални добра или заработка. „Тоа е арена која го окупира просторот во кој останатите сфери на општеството: семејството, државата и пазарот се преклопуваат и граѓаните доброволно се здружуваат со цел исполнување на некои свои интереси, барања и права".[6]

Во мноштвото дефиниции за цивилното општество, особено е интересна класификацијата за трите доминантни теоретски становишта кои ги опфаќаат следните дефиниции: [7]

4 Georg W.F. Hegel. Становиштата на Хегел се темелат врз тезата дека државата е прва и првостепена. Задача на државата како највисока форма на заеднички живот на луѓето, е да ги коригира недостатоците на цивилното општество, па оттука цивилното општество не може да постои и функционира без систем и водилки поставени од државата. За Хегел цивилното општество *bürgerliche Gesellschaft* и државата „*Staat*"се антоними. Подетално во Lussi Lane. Debating civil society: Contested Conceptualizations and development Trajectories. International Journal of Non - Profit Law. Vol. 16. No 1. September 2014/59, стр. 5.

5 Emanuelle Kant. Ibid.

6 Edwards. Michael. Civil Society, London. 2004, стр. 20-71.

7 Ibid.

Цивилното општество **претставува дел од општеството**, социјална сфера издвоена од државата и економијата. Цивилното општество претставува трет, непрофитен сектор кој ја опфаќа мрежата на сите асоцијации, меѓу семејството и државата, во кој членството и активноста се волонтерски.

Цивилното општество претставува арена чие дејствување е насочено кон **унапредување и обезбедување посакувано (добро) општество.** Оваа арена се темели врз идејата дека субјектите кои ја сочинуваат треба да дејствуваат во насока на промовирање и унапредување на определени универзални вредности (мир, правда, еднаквост, човекови права, солидарност, толеранција).

Цивилното општество претставува дел од јавната сфера, издвоена од пазарната економија и државните институции, чија цел е **подобрување и унапредување на јавната расправа и стимулирање на учеството на граѓаните во политичките процеси.** Основната водилка на дејствувањето е настојувањето за слободна дебата и расправа, изнесување рационални аргументи во насока на разрешување на конфликтните интереси и барања.

Слика 1. Три доминантни становишта на Мајкл Едвардс (Michael Edwards) кои ги опфаќаат дефинициите за цивилното општество.

2. ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО И ИНТЕРЕСОВНИТЕ ГРУПИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Интересовните групи и политичките партии се основна врска и мост што ги поврзува државата и граѓаните.

Потребата и способноста на граѓаните да се здружуваат е основно обележје на цивилното општество. Имено, граѓаните слободно се здружуваат, пристапуваат или истапуваат од определени организации, согласно своите афинитети, преференции, желби, потреби и интереси. Токвил вели: „Оваа навика на луѓето да се здружуваат е суштината на желбата, потребата за (по)добро општество“.[8]

[8] Alexis de Tocqueville. Democracy in America (bilingual edition). vol2. p. 302.

Дваесеттиот век се одликува со промена на обрасците на политичко дејствување. Периодот од педесеттите и шеесеттите години од минатиот век се одликува со зајакната активност и учество на интересовните групи во политиката. Во овој период особено ќе остане забележана активноста на интересовните групи во промовирање и заштита на определени права, како: правата на децата, заштитата на животната средина, правата на жените, еднаквост меѓу половите, заштитата на правата на потрошувачите, пациентите, итн.

Интерес претставува субјективен однос изразен во тежнеењето да се постигнат или избегнат определени состојби, да се обезбедат или зачуваат определени вредности или добра. Интересите на поединците, групите или државата претставуваат основната мотивациска сила која влијае врз однесувањето на овие субјекти. Во политичките односи предмет на демагошко манипулирање може да претставува употребата на конструкциите: *„јавен интерес“, „државен интерес“, „национален интерес“.*

Во политичките науки не постои единствен став околу термините кои се користат за да се означат интересовните групи. Многу често за нивно означување се користи терминот *„група за притисок*“, како во Обединетото Кралство. Во САД во употреба е терминот *„интересовна група*“, за да се означи организирана група или *„лоби-групи*“ кои првично настојуваат да развијат активност во кулоарите на Конгресот на САД, со цел да ги придобијат неговите членови за покренување или решавање на определени прашања. Други термини кои се во употреба се:

„Противпожарни групи“ (Fire brigade groups), се формираат за да застапуваат конкретни барања или за решавање на одредено прашање и престануваат да постојат откако прашањето ќе биде решено или проблемот надминат.

Епизодни – повремени групи *(episodic groups)*, доброволни здруженија кои воопшто не се занимаваат со јавни прашања и не се инволвираат во политичките процеси. Сепак, може да се мобилизираат за активност многу брзу, доколку постои потреба да ги заштитат своите интереси.

Интересовните групи имаат, речиси, исто потекло како и политичките партии – тие се „деца“ на новото време на претставнички влади и настануваат заради сè посложените поделби во индустриското општество што се развивало.[9] Сепак, често се потенцира дека зачетоците на интересовните групи можат да се бараат и пред наведениот период и како примери се посочуваат – „Друштвото за аболиција“, основано во Велика Британија во 1787 година или „Лигата против законот за пченка“, основана во 1839 година.[10]

Интересовните групи и политичките партии претставуваат основна врска и мост кој ги поврзува државата и граѓаните. Нивната основна задача и цел е да ги артикулираат и канализираат интересите на граѓаните и во вид на барања да ги достават до политичкиот систем во потесна смисла. За разлика од политичките партии, чија примарна цел претставува обезбедување на поддршката на избирачите на избори, освојување или задржување на власта, интересовните групи може да имаат конкретни политички цели, но тие ја исклучуваат борбата за освојување на власта. Интересовните групи, според тоа, се помали групи на граѓани кои имаат заеднички интерес и чиј фокус, дејствување и активност се насочени кон решавање на некое конкретно прашање од јавен интерес. Имено, нивното дејствување е насочено кон влијанието врз јавите политики кои се однесуваат и регулираат прашања кои се во сферата на заедничкиот интерес на интересовната група.

Значи, интенцијата на овие групи е да влијаат врз јавните политики, но тоа влијание се обидуваат да го остварат без намера да владеат и да ја освојат власта. Имено, нивната примарна цел претставува влијание врз јавните политики или притисок врз државните институции во насока на исполнување на интересите на групата граѓани којашто ја претставуваат. Сепак, иако немаат политички амбиции, некои автори наведуваат дека во определени случаи, интересовните групи стануваат отворени конкуренти на изборите, особено во периоди на општествена криза, кога опаѓа легитимитетот на политичките партии.[11]

Конечно, Ендру Хејвуд (Andrew Heywood) **интересовните групи ќе ги дефинира како форма на организирано здружување чија цел е да се влијае врз политиката или врз постапувањето на власта.** Се разликуваат од политичките партии бидејќи настојуваат

[9] Endru Hejvud. Politika. Clio. 2004, стр. 503.
[10] Ibid.
[11] Подетално во Ванковска, Билјана. Политички систем. Скопје. Бомат, стр. 37-39.

да влијаат од надвор, а не да ја освојат или извршуваат власта. Интересовните групи се сосредоточени на помал број на прашања, односно се заинтересирани за посебна цел или интересите на определена група и ретко имаат широки програми или идеолошки обележја. Се разликуваат од општествените движења по формалната организација, иако не сите интересовни групи имаат членови во формална смисла.[12]

Во современи услови, речиси, и да не постои општествен проблем кој се завршува без учество на интересовните групи. Имено, и на власта, и на интересовните групи, им е потребно ова заемно партнерство. Интересовните групи се наметуваат како партнер на владините институции, а притоа граѓаните се потпираат врз „сопствените сили". Во исто време, интересовните групи ја поттикнуваат информираноста на граѓаните, нивното образование во определена сфера, а со тоа создаат услови за поголема партиципација и учество во животот на заедницата. Хабермас овие форми на дејствување ги сместува во „процепот меѓу светот на животот и светот на поредокот".[13]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Лобирањето е посебен вид на застапништво чија цел е да се влијае врз одлуките што ги донесуваат државните органи или органите на локалната власт, од страна на поединци (лобисти) или лоби групи.

Некои интересовни групи имаат поцврста организациска структура и дејствуваат во насока да влијаат врз работата на државните органи (групи за притисок). Механизми кои групите за притисок најчесто ги користат за остварување на овие цели се: убедување, претставки, петиции, анализа, пропаганда, итн.

Еден од термините кои често се употребуваат за да се означат интересовните групи е терминот ***лоби-група***.

Појавата на терминот „**лобирање**" се врзува со лобито на хотелот „Вилард" во Вашингтон, често посетуван од претседателот У. С. Грант (Ulysses S. Grant на функција од 1869 до 1877 година). „Политичките застапници" – лобисти, го посетувале лобито на овој хотел за да пристапат до претседателот, на чии средби се обидувале да влијаат врз неговите политички одлуки.

Најопштата дефиниција го објаснува лобирањето како посебен вид на застапништво чијашто цел е да се влијае врз одлуките кои ги

[12] Hejvud. Endru, Politika. Clio. 2004, стр. 507.
[13] Slaviša Orlović. Politička sociologija. Univerzitet u Beogradu. Fakultet političkih nauka. 2019, str. 50.

донесуваат државните органи или органите на локалната власт, од страна на поединци (лобисти) или лоби-групи. Историски, нивниот основен фокус бил да се изврши влијание врз законодавството и затоа најголемата активност била насочена на законодавното тело, како место каде се креираат, моделираат и донесуваат законите.

Во современи услови, лобирањето има големо влијание врз демократските принципи на: еднаквост, одговорност, транспарентност и учество на јавноста, но исто така, може да послужи за посебни интереси со негативно влијание врз јавните политики. Кога се остварува правилно, лобирањето може да ја зајакне одговорноста на владата и учество на граѓаните во креирањето на политиката, но ако станува претерано елитна професија, исклучително служејќи на добро финансирани посебни интереси, тоа може да стане прилично штетно за перцепцијата на јавноста за политичкиот легитимитет. Затоа, прописите за лобирање се сензитивна тема кон која треба да се пристапи со јасна визија и подготвеност да се стави во постојана работа и ажурирање.[14]

Друг обид за дефинирање на лобирањето е дека тоа е специјализирано, професионално претставување на интересите со помош на различни методи и алатки, но ја исклучува коруптивната размена на услуги.[15]

Постојат три основни разлики меѓу корупцијата и лобирањето:

- Корупцијата е нелегална и нелегитимна, додека лобирањето е легално и легитимно, иако не секогаш и пожелно.
- Коруптивните практики се од корист на едно лице или мала група на луѓе, додека лобирањето се прави од име, или во корист на поголема група луѓе кои имаат заеднички интерес или цел.
- На крајот, додека лобирањето најчесто се извршува со обезбедување и пренесување на експертски и стручни информации до креаторите на политики, корупцијата се заснова врз подмитување (давање пари) и/или давање на услуги за лицата кои се инволвирани во креирањето на политиките.[16]

Со оглед на многу тесната линија меѓу лобирањето и коруптивните практики, потребата да се дефинира односот и „привилегираниот пристап“

[14] Пирјевец Грегор, Експертски извештај – Закон за лобирање, 2016, стр. 3.
[15] Проценка на влијанието на регулативата во сенка – Извештај на ПВР на Законот за лобирање, Институт за демократија – Социетас Цивилис, Скопје, 2019, стр. 4.
[16] Ibid.

со оние кои ги креираат јавните политики и ги донесуваат одлуките, како и неопходноста ова влијание да не остане скриено и неформално, од исклучително значење е нормативното регулирање на оваа материја.

3. ВИДОВИ ИНТЕРЕСОВНИ ГРУПИ

Ендру Хејвуд (Andrew Heywood) ги класифицира интересовните групи на:

- Обичајни (предодредени);
- Институционални;
- Асоцијативни.

Обичајни (предодредени)	Институционални	Асоцијативни
▪ Вкоренети во општествената структура. ▪ Се засноваат врз заедничкото потекло, традиционалните вредности и го негуваат чувството на лојалност кон групата. ▪ Членството се стекнува со раѓање, а не со регрутирање или врз доброволна основа. ▪ Значајна улога имаат во земјите во развој.	▪ Претставуваат дел од државната (владина) структура и дејствуваат во нејзини рамки. ▪ Немаат сопствена автономија и не се независни. ▪ Бирократијата и војската се најсоодветен пример за институционални групи. ▪ Специфични се за авторитарните режими во кои може да претставуваат основен облик на артикулација на интересите. ▪ Можат да опстојуваат и во демократските режими во кои бирократските елити во рамките на: министерствата, агенциите и управата го обликуваат политичкиот процес. ▪ Се здружуваат со конвенционалните интересовни групи и често формираат сојузи, како „воено-индустрискиот комплекс“.	▪ Се здружуваат за да ги промовираат и остваруваат заедничките, но ограничените цели. ▪ Членството е доброволно и е во насока на остварување на заедничките: цели, интереси, ставови и аспирации. ▪ Се јавуваат во различни форми и големини и формираат комплексна мрежа на асоцијативни здруженија. ▪ Имаат различни пристапи во дејствувањето (помагање владини политики, протести, петиции, претставки, анализи).

Слика 2. Класификација на интересовните групи на Ендру Хејвуд (Andrew Heywood).

Во зависност од статусот што го има групата во однос на владата, како и механизмите на дејствување, асоцијативните интересовни групи се делат на:

А)

Внатрешни (инсајдерски)	Надворешни (аутсајдерски)
▪ Уживаат регулиран, привилегиран и, обично, институционализиран пристап до владата, преку рутински консултации или претставување во владините тела. ▪ Владите може да ги консултираат овие групи бидејќи имаат специјализирано знаење за определени прашања и располагаат со релевантни податоци потребни за формулирање на јавните политики. ▪ Владата негува блиски релации со ваквите групи кои се вклучени при процесот на носење одлуки или регулатива, па многу често се јавуваат како промотори на владините политики и практики. ▪ Ова им обезбедува на членовите на ваквите групи полесен пристап до ресурсите на државата и власта и реализирање на сопствените партикуларни интереси.	▪ Немаат пристап до владите и не се консултирани за прашањата кои се во доменот на нивниот интерес, или, пак, се консултирани од време, на време по одредени прашања на пониско ниво. ▪ Слабоста на аутсајдерскиот статус на ваквите групи ги принудува да „станат јавни“, со надеж дека индиректно ќе влијаат врз политичките процеси. ▪ Нивните цели на дејствување често не се во согласност со приоритетите на владите. ▪ Членството и симпатизерите се привлечени кон овие групи заради идеолошката чистота и независност. ▪ Имаат неформален пристап до владата и не ретко пристапуваат кон радикални протести.

Слика 3. Класификација на асоцијативните интересовни групи на Ендру Хејвуд (Andrew Heywood)

Б)

Групи на посебни интереси (протективни / функционални групи)	Промотивни групи
▪ Постојат за да ги унапредат или заштитат (често материјалните) интереси на членовите. Така, синдикатите ги застапуваат интересите на работниците, стопанските комори на работодавачите, постојат здруженија на потрошувачите, етничките и малцински групи, религиозните заедници, и сл. ▪ Нивната посебност претставува последица на фактот дека претставуваат посебен дел на општеството (работниците, потрошувачите, итн.). ▪ Во потесна смисла на зборот, под функционални групи се сметаат оние кои се вклучени во производството, распределбата и размената на добра и услуги.	▪ Се формираат за да ги унапредат заедничките вредности, идеали и принципи. ▪ Такви се различните групи кои се занимаваат со прашањето „за“ или „против“ абортусот, пацифистички здруженија, антиглобализациски и антивоени здруженија, здруженија за заштита на животните или животната средина, и сл. ▪ Овие групи промовираат општи интереси и вредности и во пракса најчесто се поистоветуваат со општествените движења.

Слика 4. Класификација на асоцијативните интересовни групи на Ендру Хејвуд (Andrew Heywood)

Габриел Олмонд (Gabriel Almond) ги класифицира интересовните групи на:

- **Аномични групи** – се јавуваат како резултат на некоја кризна ситуација или исклучителен настан. Здружувањето на граѓаните е со цел спротивставување на определена јавна политика. Се манифестираат преку: побуни, демонстрации, па дури и вооружени насилни реакции. Немаат ниту формална структура, ниту лидери.
- **Институционални групи** – овде спаѓаат организации кои извршуваат други општествени или политички функции, но како организирани категории можат да артикулираат сопствени интереси. Во нив се вбројуваат: војската, црквата, бирократијата, и сл.
- **Неасоцијативни групи** – овие групи не само што немаат формална организација, туку дури ни свест за припадност на определена група со посебни интереси. Сепак, во општеството се третираат како формална група. Тие се здружуваат и ги артикулираат своите интереси неформално и нередовно (стихијно). Тука може да се вбројат: семејни, статусни или етнички групи.
- **Асоцијативни групи** – тоа се интересовни групи во вистинска смисла на зборот. Тие се организирани заради некаква конкретна активност врз доброволна основа.[17]

4. ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДВИЖЕЊА ВО ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ

Општествените движења претставуваат посебен вид на колективно однесување во кои мотивот за дејствување потекнува од ставовите и тежнеењата на нивните членови.

Колективно дејствување претставува неинституционализиран облик на мобилизација за акција, спонтано и неструктуирано однесување на голем број луѓе, кои можат самостојно да воспостават сосема неконвенционални норми на однесување. Видови колективно дејствување претставуваат: нереди, мафија, масовна хистерија, озборување, граѓанска непослушност, мода, итн.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Општествените движења претставуваат посебен вид колективно дејствување насочено кон определена општествена промена.

[17] Подетално во: Ванковска, Билјана. Политички систем. Скопје. Бомат, 2007. стр. 38 и 39.

Општествените движења се однесуваат на големи неформални групи на индивидуалци или организации чиј фокус на интерес претставуваат специфични политички или општествени прашања.[18] *Нивното дејствување секогаш е во насока на промовирање, тежнеење или противење на некоја општествена промена.* **Именно, општествените движења претставуваат посебен вид колективно дејствување насочено кон определена општествена промена.**

> „Јас се борев против доминацијата на белите луѓе и се борев против доминацијата на црните луѓе. Го негував идеалот за демократско и слободно општество, во кое сите луѓе живеат заедно во хармонија и со еднакви можности. Тоа е идеал за кој се надевам дека ќе живеам и ќе го постигнам. Но, ако има потреба, тоа е идеал за кој сум подготвен да умрам". (Нелсон Мандела)
>
> Nelson Mandela, Resistance Against Apartheid

Слика 5. Примери на различни општествени движења во светот.

[18] Подетално во: Стојановски, Страшко, Граѓанско општество, Универзитет „Гоце Делчев", Штип. 2018, стр. 51-53.

За општествените движења е карактеристична:

1) Многу слаба организациска структура. „Да се биде член на општествено движење значи определена посветеност и политички активизам, но не и формално членство“.[19]
2) Јавност на дејствувањето.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

За општествените движења е карактеристична: а) многу слаба организациска структура; б) јавност на дејствувањето.

Имено, општествено движење претставува колективно дејствување, со сопствен степен на организација и постојаност, надвор од институционалните начини на политичка активност утврдени во определено општество, со цел застапување или противење на определени промени во потесната или поширокатa заедница на која движењето ѝ припаѓа.[20] Општественото движење е современ феномен кој се разликува од останатите видови на колективно дејствување. Ајерман и Џејмисон, во обидот да ги дефинираат општествените движења, ја потенцираат нивната нетрајна природа и ги дефинираат како привремени движења, креации во јавната сфера кои на општеството му вдахнуваат нови идеи, идентитет или идеали.[21]

> Поимот **општествено движење** го воведува *Lorenz Von Stein* (1815-1890) кон средината на XIX век, имајќи го во вид зголеменото значење на работничкото движење во општеството. Се смета дека овој германски социолог и економист ја артикулира визијата за либералната држава како активен партнер во оформувањето на цивилното општество.

Настанувањето на масовните општествени движења во развиените западни демократии се врзува за периодот на 60-тите и 70-тите години на минатиот век, иако нивните зачетоци треба да се бараат многу поодамна. Такви се: движењата за заштита на граѓанските права; општествените движења за родова еднаквост; еколошките движења; општествените движења за правото на абортус (правото на избор); општествените движења против правото на абортус; антивоените движења; студентските движења; општествените движења за заштита на животните; движењата за заштита на правата на ЛГБТ заедницата, итн.

---

[19] Hejvud, Endru, Politika. Clio. 2004, стр. 531.

[20] *Hrvatska enciklopedija, mrežno izdanje*. Leksikografski zavod „Miroslav Krleža“, 2021. Pristupljeno 1. 7. 2021. <http://www.enciklopedija.hr/Natuknica.aspx?ID=16323.

[21] Eyerman, R and Jameson, R „Social movements: A Cognitive Approach“, Polity Press, Cambridge 1991, стр. 4

Слика 6. Мартин Лутер Кинг е симбол на движењето за граѓански права во САД.[22]

Мартин Лутер Кинг (Dr. Martin Luther King, Jr.), афроамерикански баптистички свештеник, е симбол за д**вижењето за граѓански права** во САД. Во педесеттите и раните шеесетти години тој води ненасилно движење за заштита на граѓанските права и се залага за: протести, маршеви и граѓанска непослушност, наместо насилен активизам. Со говорот: „Имам сон" (I have a dream) во 1963 година, во Вашингтон, Кинг ја започнува националната кампања за граѓански права. Добитник е на Нобеловата награда за мир, на 35-годишна возраст.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Тежнеењето за општествена промена и масовноста се основните критериуми по кои општествените движења се *разликуваат од интересовните групи.*

Општествените движења можат да ги опфатат интересовните групи или политичките партии, но тие не можат да се поистоветат со нив. *За разлика од политичките партии,* немаат цврста организација и нивното дејствување не е резултат на одлуките или тежнеењата на партиските водачи. Напротив, активноста на општественото движење е резултат на мотивите, ставовите и идеите на членството и симпатизерите кои дејствуваат во широка и слабо организирана рамка.[23] Од друга страна, тежнеењето за општествена промена и масовноста се основните критериуми по кои општествените движења *се разликуваат од интересовните групи.* Се вели

[22] Слика од @abstractartfactor на Freepik

[23] Мала енциклопедија, Просвета. Том III. Београд. 1986, стр. 1.

дека општествените движења се основниот симптом и показател за незадоволството од општествениот поредок. Општествените движења, следствено, се организирани во неформални општествени ентитети кои се вклучени во вонинституционален судир и се ориентирани кон јасно утврдени цели. Целите можат да бидат насочени или кон специфични и тесно дефинирани политики, или во насока на остварување на поширока културна промена во општеството.[24]

Постојат четири развојни фази на едно општествено движење:



Слика 7. Развојни фази на едно општествено движење.

Настанувањето на новите генерации на општествени движења, кои применуваат нови методи на дејствување, во голема мерка го менува сфаќањето за природата и значењето на општествените движења. Ендру Хејвуд (Andrew Heywood) истакнува неколку основни разлики меѓу традиционалните и општествените движења од новата генерација:

- За разлика од традиционалните општествени движења кои, всушност, претставувале движења на потчинетите и дискриминираните, современите општествени движења ги привлекуваат: младите, добро образуваните и релативно богатите граѓани.
- Новата генерација движења имаат постматеријалистичко насочување и се заинтересирани за прашања кои се однесуваат на квалитетот на живот.
- Традиционалните општествени движења имаат малку допирни точки и ретко дејствуваат заеднички, додека новата генерација движења, вообичаено, припаѓаат на иста, но не секогаш јасно дефинирана идеологија. Затоа постои преклопување на членството и меѓусебна симпатија на припадниците на различи движења.
- Новата генерација општествени движења имаат организациона структура која ја нагласува децентрализацијата и партиципативното донесување на одлуки. Тие развиваат нов облик

[24] Стојановски, Страшко, Граѓанско општество, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип. 2018, стр. 51.

на активизам, а политиката пто ја водат често се означува како „**нова политика**“ која ги отфрла: востановените партии, интересовните групи и процеси на претставување. Воведуваат иновативни и театрални видови протести и граѓанска непослушност.

Слика 8. Граѓанска непослушност е отворен и јавен чин чија цел е, со повреда на законот, да се укаже на проблемите во општеството.[25]

Граѓанска непослушност претставува манифестиран облик на одбивање на граѓаните да се подведат под барањата на власта или на законите, на ненасилен начин и со колективно и масовно учество. Таа се дефинира и како кршење на законите, што се оправдува со повисоки морални, верски или политички принципи. Граѓанската непослушност претставува облик на отворен и јавен чин чија цел е, со повреда на законот, да се укаже на постојните проблем во општеството. Нејзината морална сила е во подготвеноста да се прифатат последиците од кршењето на законот. Тоа е показател за силата на уверувањето и приврзаноста кон тоа уверување. *Историски примери за граѓанска непослушност се: движењето Satjagraha (инсистирање на вистината) на Ганди во Индија; протестите на Нелсон Мандела против апартхејдот во Јужна Африка; движењето за граѓански права на Мартин Лутер Кинг; протестите против режимот на Милошевиќ во Србија; студентскиот пленум – Македонска студентска иницијатива за правата на студентите со активности до 2014 година, итн.*

[25] Слика од @Drazen Zigic на Freepik

Слика 9. Борбата на Нелсон Мандела против апартхејдот во Јужноафриканска Република вклучуваше и акти на граѓанска непослушност.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Граѓанска непослушност е манифестиран облик на одбивање на граѓаните да се подведат под барањата на власта или на законите, на ненасилен начин и со колективно и масовно учество. Нејзината морална сила е во подготвеноста да се прифатат последиците од кршењето на законот.

„Нова политика“ – Секоја нова политичка теорија или процес во кој поединци или групи учествуваат директно, со нивна поддршка за различни прашања, наместо како членови на политичка партија или преку традиционалната политичка машинерија.

Нејзини карактеристики се: директното учество во политичкиот процес, а не вклучување во политиката со партиска лојалност или припадност.

5. ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО И НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Невладините организации се дел од цивилното општество.

Невладините организации, несомнено, претставуваат дел од цивилното општество. Често, првата асоцијација за цивилното општество претставуваат невладините организации. Нивната активност е показател дека натамошниот општествен развиток неминовно ќе биде одбележан со значителна партиципација на овој сектор и негово вклучување во креирањето на јавните политики. Западните развиени демократии се најсоодветен пример дека решенијата за проблемите за кои се чинело нерешливи во државните институции, најчесто потекнувале од невладиниот сектор. Во земјите од Централна и Источна Европа граѓанскиот сектор започнува да се развива во раните 90-ти години. За него се смета дека има реализирано исклучителна активност во насока: да ја разбуди граѓанската партиципативност, да ги промовира основните вредности врз кои системите во овие земји треба да се темелат (солидарност, толеранција, правда, еднаквост, слобода, итн.), како и да дејствува во насока на развој на демократските капацитети и институции.

Постојат голем број дефиниции кои настојуваат да објаснат што се крие зад овој термин. Обидот да се дефинираат невладините организации, се чини дополнително е обременет и заради терминолошката неконзистентност. Така, термини кои често се употребуваат се: непрофитен сектор, доброволен сектор, сектор ослободен од данаци, итн. Од друга страна обемот на нивната активност и работа, карактерот, правната нормираност, како и голем број други фактори, исто така, дополнително го отежнуваат нивното дефинирање.

Различни автори упатуваат на различни дефиниции. Сепак, суштината на невладините организации може да биде опишана на следниот начин:

- Определен степен на **организираност и институционализираност**. Тоа опфаќа: определен степен на внатрешна организациска структура; релативна постојаност на целите; структурата и активностите и значајни организациски граници, т.е. одредена препознатлива разлика меѓу членовите и оние кои не се тоа. Од нив се исклучени ad hoc и привремените собири на луѓе, без вистинска структура или организациски идентитет. Во спротивно, концептот на непрофитниот сектор станува премногу аморфен и исклучително тежок за разбирање и испитување.

- **Институционално се издвоени од организацијата на државната власт и од државните институции.** Непрофитните организации не се дел од апаратот на власта. Тие се „невладини“ во смисла на тоа дека треба да бидат структурно одделени од власта на централно и локално ниво. Тоа, сепак, не значи дека тие, можеби, нема да добијат значителна владина поддршка или дури и дека владините службеници не можат да бидат дел од нивните тела. Тоа што е важно од гледна точка на овој критериум е дека нивната организација упатува на институционален идентитет одделен од оној на државата, дека не е инструмент на ниту една единица на власта, без разлика дали е национална или локална и дека затоа не спроведува владин авторитет.
- **Самостојно управување и контрола на сопствените активности.** Некои организации кои се невладини, сепак, можат да бидат толку строго контролирани или од владини агенции или од приватни бизниси што тие, всушност, функционираат како делови од овие институции, иако се структурно одделени. За да се отстранат ваквите ситуации, се додава натамошниот критериум дека непрофитните организации мора да бидат самоуправувани. Со цел да го исполнат овој критериум, организациите мора да бидат во состојба самостојно да ги контролираат сопствените активности. Тоа подразбира дека тие мора да имаат сопствени процедури за внатрешно управување и да уживаат значителен степен на автономија.
- **Неопходно е да бидат непрофитни.** Невладините организации можат да акумулираат профит во дадена година, но профитот *мора да се искористи за основната мисија на организацијата*, а не да се дистрибуира до: сопствениците, членовите, основачите или управниот одбор на организациите. Значи, основното прашање е како организацијата ќе управува и ќе го искористи остварениот профит? Доколку средствата се *реинвестираат* или на друг начин се употребат за основната цел на организацијата, таа ќе се квалификува како непрофитна. Во оваа смисла, непрофитни организации се приватни организации кои не постојат првенствено за да создадат профит, било директно или индиректно, и кои не се водени, пред сè, од комерцијални цели и размислувања. Ова ги разликува непрофитните организации од другата компонента на приватниот сектор – приватните бизниси.
- **Доброволно учество во невладините организации.** За да бидат дел од непрофитниот сектор, организациите мора да го отелотворат концептот на доброволно здружување.

Наведеното обележје опфаќа две различни, но поврзани компоненти: *Прво*, организацијата мора да вклучи волонтери во своето работење и управување и да ги опфати доброволните прилози во своите активности. *Второ*, исто така, „доброволно“ го носи значењето на „незадолжително“. Слично на тоа, „доброволно“ имплицира дека придонесите во време (волонтирање) или пари (донации), како и придонесите во натура, не може да бидат утврдени со акти, ниту на било кој друг начин наметнати.[26]

Мноштвото дефиниции за невладините организации можат да се класифицираат во неколку групи:[27]

- **Правни дефиниции,** кои се сметаат за најпрецизни. Ги опфаќаат дефинициите кои се употребуваат во нормативната рамка која ја регулира оваа материја. Законите кои ја уредуваат оваа материја детално ги регулираат прашањата кои се однесуваат на: начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на: организациите, здруженијата, фондациите, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени, итн. Имено, во правна смисла, овие организации најчесто имаат статус на здруженија, фондации, установи и друштва. Во нашата држава оваа материја ја уредува *Законот за здруженија и фондации*. Одредбите од овој закон не се однесуваат на: политичките партии, црквите, верските заедници и религиозните групи, синдикатите, комората и други видови на здружување уредени со посебни закони. Овој закон предвидува дека **„Организација“** е секое здружение, фондација, сојуз, како и секој организационен облик на странска организација, како и друга форма на здружување, регистрирани согласно со одредбите на овој закон“.[28]
- **Економските дефиниции** во определувањето на невладините, непрофитни организации фокусот го стават на начинот на кој се употребуваат средствата од остварениот профит. Овие дефиниции ги потенцираат: 1) непрофитниот карактер на организациите; 2) не се фокусирани на создавање на вишок добивка и 3) заработените средства не се делат меѓу членовите како дивиденда, туку се употребуваат за остварување на целите и активностите на организацијата.

[26] Lester M. Salamon, Helmut K. Anheier, Papers of the The Johns Hopkins Comparative Nonprofit Sector Project. The Johns Hopkins University Institute for Policy Studies, 1996, стр. 2-3.
[27] Ibid.
[28] Закон за здруженија и фондации „Сл. весник“, бр. 52/2010, чл. 3.

- **Функционални дефиниции** кои во определувањето на организациите приматот го поставуваат на нивната мисија, функција, задачи и активности кои се резултат на основните цели и програми што ги застапуваат.

Невладините организации можат да се класифицираат според различни критериуми.

1) Во *зависност од вредностите кои се вложуваат во невладината организација*, тие се делат на **здруженија** и **фондации**. Во **здруженијата** се вбројуваат оние организации во кои луѓето го вложуваат својот труд и слободно време со цел исполнување на некои заеднички цели и интереси. Во **фондациите** се вбројуваат оние организации во кои луѓето ги вложуваат своите финансиски или материјални средства за остварување на одредени интереси или цели. Фондациите можат да обезбедат фондови, финансиска поддршка на други организации и лица во сферата на образованието, културата, итн. Здружувањето во фондациите и здруженијата се остварува врз принципите на доброволност, независност и непрофитабилност.
2) Во *зависност од територијата на која дејствуваат*, невладините организации се делат на: **национални**, **странски** и **меѓународни**. **Националните** дејствуваат во земјата во која се регистрирани, **странските организации** дејствуваат надвор од земјата во која се регистрирани, додека **меѓународните** дејствуваат како членови од различни земји во една меѓународна мрежа на невладини организации (пример: Меѓународната федерација на Црвениот крст, Greenpeace, Amnesty International).
3) Во зависност од *активностите и услугите* кои невладините организации ги спроведуваат и обезбедуваат, се разликуваат **добротворни организации** (вообичаено за помош во дистрибуција на: вода, храна, медицинска опрема, облека за определени категории – сиромашни, маргинализирани групи, бегалци, настрадани од елементарни непогоди), **организации кои обезбедуваат услуги** (здравствени, културни или образовни), **партиципативно ориентирани организации** (обезбедување проекти наменети во форма на помош на оние на кои им е потребна).
4) Во зависност од тоа *кој ги користи услугите од активноста* на невладината организација, постојат невладини организации кои **се од интерес за нивните членови** или **невладини организации за општ – јавен интерес**. Во првиот случај, тоа се организации кои се формираат врз основа на слични интереси, барања, преференции, мислења на своите членови. Во вториот случај, нивна основна цел е општата корист, односно јавното добро.[29]

[29] Подетално во: Стојановски, Страшко, Граѓанско општество, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип. 2018, стр. 70-73.

6. АСОЦИЈАЦИИТЕ НА РАБОТНИЦИ И РАБОТОДАВАЧИ ВО ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Синдикатите се организации на работниците кои се основани со цел да преговараат со работодавачите и да се изборат за подобар статус и заштита на правата на вработените. *Асоцијациите на работодавачите* се организации кои ги застапуваат и поддржуваат: правата, интересите и барањата на работодавачите. Членството во синдикатите и здруженијата на работодавачите е *доброволно*.

Синдикатите (грч. sýndicos) претставуваат организации на работниците кои се основани со цел да преговараат со работодавачите и да се изборат за подобар статус и заштита на правата на вработените, односно да го унапредат нивниот животен стандард.

Синдикатот претставува доброволна, самостојна, општествено-економска организација на работниците, која ги претставува и се бори за остварување на нивните интереси поврзани со работното место и со нивната материјална и социјална положба.[30]

Настанувањето и развитокот на синдикатите претставува неизоставен дел на работничкото движење. Настанувањето на синдикатите во различни земји, неминовно било детерминирано од нивниот различен степен на економски развиток, но се врзува за периодот од крајот на XVIII век. Првите синдикални организации се јавуваат во Велика Британија во овој период, за во периодот на XIX век да прераснат во најмасовни организации на светското работничко движење, кои влијаат врз, речиси, сите општествено-економски и политички настани во земјите во кои се основаат. Здружувањето на работниците во синдикати претставува резултат на: капиталистичкиот развој, развојот на производните сили, техниката и технологијата, зголемената експлоатација на трудот, здржувањето на работодавачите, потребата за организирана солидарност на работниците во борбата за извојување на елементарни права и подобрување на нивната материјална и социјална положба. На почетокот, нивната активност била насочена кон обезбедување помош и братска солидарност во случај на повреди, болест и смрт. Подоцна прераснале во вистинска преговарачка сила, која по пат на колективно преговарање со работодавачите ги утврдува условите на: вработување, работа, платите, работното време, должината на дневниот, неделниот и годишниот одмор, итн.

[30] Климовски Саво, Каракамишева Тања, Дескоска Рената. Политички систем. „Просвтно дело“ АД, Скопје. 2009, стр. 239.

Слика 10. Синдикатите се неизоставен дел на работничкото движење.[31]

Основни карактеристики на синдикатите се:

1. Синдикатите се **доброволни организации**;
2. Тие се **самостојни и независни** во однос на работодавачите и државата;
3. Основните **цели** на синдикатите се: застапување, претставување и остварување на интересите на работниците, во врска со работното место, нивната материјална и социјална положба. Во современи услови, синдикатите ги промовираат и застапуваат принципите на социјална правда, заедништво, солидарност и меѓународните трудови стандарди.

Двата основни столбови на синдикатите се силата на членството и организациската компетентност. Овие два основни столба се во меѓусебна поврзаност и условеност. Имено, некомпетентни синдикати тешко дека ќе бидат во можност и ќе успеат да ги исполнат посакуваните цели. Од тие причини, ваквите синдикати ќе се соочат со проблемот на губење на членството, а без него и ресурсите (човечки и финансиски) потребни да се изградат како независни синдикати. Од друга страна, синдикатите без бројно членство тешко ќе се наметнат како сериозен партнер во договарањето за постигнување на предвидените барања и тешко ќе бидат успешни во тоа. Од нивното настанување, до денес, под влијание на различните

[31] Слика од @djvstock на Freepik

општествено-економски, правни и политички фактори на општеството во кое дејствуваат, синдикатите развиваат различни начини на активност и дејствување. Такви се:

- **Колективно договарање** – процес на преговори кои опфаќаат облик на дискусија, формална или неформална, со цел да се постигне договор. За да биде успешно колективното договарање, потребно е преговорите во насока на подетално дефинирање на односот работник – работодавач, да се водат *bona fidei*.
- **Обезбедување определени поволни услови за своето членство** – правна помош, едукација, застапување во спорови со работодавачот, заштита при работа, програми и обуки за преквалификација, доквалификација, специјализација, итн.
- **Организирање акции** – штрајк, протест со цел исполнување на определени цели.
- **Политичка активност** – изготвување и промовирање законски решенија, спроведување анкети, лобирање за определени нормативни решенија, итн.

Слика 11. Штрајкот е еден од најчините на дејствување на синдикатите.[32]

[32] Слика од @фрееpик на Freepik

Синдикатите можат да се класифицираат според различни критериуми.

А) Во зависност од принципот на организирање постојат:

Струкови синдикати	Индустриски синдикати	Општи синдикати
Организации на работниците од определена струка или занимање независно од местото на заснованиот работен однос.	Организации на работниците од една индустриска гранка, независно од струката, занимањето и квалификациите.	Организации кои што ги опфаќаат сите работници независно од струката, занимањето или индустриската гранка.

Б) Во зависност од тоа дали се независни и самостојни во однос на државата и работодавачите, синдикатите се класифицираат на:

Независни синдикати	Зависни „жолти“ синдикати

В) Во зависност од тоа дали се достапни и отворени за сите, или, пак, при зачленувањето се бараат определени услови, постојат:

Отворени синдикати	Затворени синдикати

Покрај синдикатите, во политичкиот систем можат да се основаат и да дејствуваат: асоцијации, здруженија, сојузи на работодавачи. Тоа се организации кои ги застапуваат и поддржуваат: правата, интересите и барањата на работодавачите. Членството во здружението на работодавачите, исто така, е **доброволно**.

ПРАШАЊА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

1. Објаснете што се подразбира под поимот цивилно општество!
2. Наведете што претставува основна цел на цивилното општество според теоретското становиште на Мајкл Едвардс!
3. Дали цивилното општество претставува дел од државата? Да/Не
4. Дали цивилното општество претставува дел од пазарната економија и стопанството? Да/Не
5. Наведете кои термини се употребуваат за означување на интересовните групи!
6. Објаснете што се подразбира под поимот интересовни групи!
7. Објаснете ја разликата меѓу интересовните групи и политичките партии!
8. Како Хејвуд ги класифицира интересовните групи? Објаснете ја оваа класификација!
9. Објаснете ја разликата меѓу внатрешните (инсајдерски) и надворешните (аутсајдерски) интересовни групи!
10. Класификацијата на интересовните групи на внатрешни и надворешни е направена според_____.
11. Габриел Олмонд ги класифицира интересовните групи на: а)_____ б)_____ в)_____ г)_____.
12. Според класификацијата направена од Габриел Олмонд: војската, црквата, бирократијата се класифицираат како _____ интересовни групи.
13. Што се подразбира под поимот општествено движење?
14. Кои се двете основни карактеристики на општественото движење?
15. Наведете примери за неколку општествени движења!
16. Во што се состои разликата меѓу општествените движења и политичките партии?
17. Во што се состои разликата меѓу општествените движења и интересовните групи?
18. Наведете ги основните развојни фази на едно општествено движење!
19. Наведете ги разликите меѓу традиционалните и општествените движења од новата генерација!
20. Објаснете што се подразбира под концептот граѓанска непослушност!
21. Наведете ги основните елементи на дефинициите за невладините организации!
22. Што се подразбира кога ќе се каже дека невладините организации треба да бидат непрофитни?
23. На кој начин невладините организации го отелотворуваат концептот на доброволно учество?
24. На што се фокусираат економските дефиниции при определувањето на невладините организации?
25. На што се фокусираат функционалните дефиниции при определувањето на невладините организации?
26. Како се класифицираат невладините организации доколку како критериум се земат вредностите што се вложуваат во нив (труд или материјални средства)?
27. Објаснете ја класификацијата на невладините организации водејќи се од територијата на која дејствуваат?
28. Наведете пример за меѓународна невладина организација!
29. Во зависност од активностите и услугите што невладините организации ги спроведуваат и обезбедуваат, се разликуваат: а) _____ б) _____ в)_____. Објаснете ги!
30. Објаснете што претставуваат синдикатите!
31. Наведете ги основните карактеристики на синдикатите!
32. Како се класифицираат синдикатите во зависност од принципот на организирање?
33. Во зависност од тоа дали се независни и самостојни во однос на државата и работодавачите, синдикатите се класифицираат на: а)_____ б) _____.
34. Во зависност од тоа дали се достапни и отворени за сите, или, пак, при зачленувањето се бараат определени услови, постојат: а) _____ б)_____ синдикати.
35. Наведете три начини на активност и дејствување на синдикатите.
Објаснете ги начините на активност и дејствување на синдикатите!

ГЛАВА 13

ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА

ПРАШАЊА ЗА ДЕБАТА

1. Кој влијае врз градењето на вредностите што ги носите во Вас?
2. Кои вредности за Вас се најзначајни?
3. Дали ерозијата на традиционалните вредности е пожелна или не?
4. Дали културата влијае врз функционирањето на политичките институции?

1. ПОИМ ЗА ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА

Поимот култура во политичката теорија е преземен од антропологијата и социологијата. До негова почеста употреба доаѓа во XX век, а за негова популаризација особено придонел Габриел Олмонд. Но, интересот за овој феномен започнува многу порано. Всушност, политичките мислители низ вековите го признавале значењето на: ставовите, вредностите и верувањата. Некои пишувале за обичаите и традициите, други за националниот дух, но сите се согласувале околу клучната улога на вредностите и верувањата во промовирањето на стабилноста и опстанокот на системот.[1]

Воведувањето на терминот политичка култура во политичките науки било проследено со тешкотии од: поимна, терминолошка, методолошка и содржинска природа.[2] Проблемите на определувањето на поимот политичка култура поаѓаат од проблемите на дефинирањето на поимот „култура“, на кои се надоврзува и проблемот на определување на вистинскиот однос култура – политичка култура. Значи, при определувањето на поимот политичка култура се поставуваат следните прашања: што е тоа култура, а што политичка култура; дали може да се проучува политичката култура независно од културата воопшто; дали е можен развој на политичката култура без развој на културата воопшто, и обратно; односно дали политичката култура е само дел од културата воопшто, или претставува нов квалитет.

Културата ги изразува потрајните духовни придобивки и својства на луѓето и човечките заедници на патот на нивниот историски развој, завладување со природата и негување на сопствената природа во духовна смисла. Покрај општите, културата содржи и специфични вредности карактеристични за една епоха или за одредена општествена група и заедница. Културата е една од најдрагоцените придобивки на човекот. За разлика од културата, цивилизацијата се однесува на човековите придобивки и знаења во областа на материјалната репродукција и секојдневниот живот. Нејзините придобивки се: заменливи, уништливи и привремени, за разлика од културните вредности кои се потрајни и од нив пресудно зависи динамиката на цивилизацискиот развој.[3]

---

[1] Andrew Heywood, „Politics“, Macmillan International, 2019, стр. 195.
[2] Kožul Franjo, „Politička kultura samoupravljanja“, Sarajevo. 1975, стр. 131.
[3] Milan Matić i Milan Podunavac, „Politički sistem – teorije i principi“, Beograd. 1994, стр. 347.

Слика 1. Културата опфаќа ориентации кон светот околу нас.[4]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Политичката култура опфаќа потрајни и подлабоки политички ориентации на човекот во однос на политиката и политичките прашања.

Ако културата воопшто ги опфаќа потрајните и подлабоки ориентации на луѓето спрема појавите во светот кои ги опкружуваат, тогаш политичката култура опфаќа потрајни и подлабоки човекови политички ориентации, односно ставови спрема политиката и политичките прашања. Политичката култура на една земја значи како нејзините граѓани гледаат на политиката, односно тоа се: доминантните уверувања и верувања, норми и вредности.[5] Значи, она што е заедничко и на културата воопшто и на политичката култура, е фактот дека тие, всушност, претставуваат ориентации, а разликата е во тоа што е предмет на тие ориентации. Политичката култура е **мрежа на ориентации спрема политичките објекти,** односно доминантните знаења, верувања и вредности на некоја група или општество. Ориентациите во себе вклучуваат три елементи:

[4] Сликата е од @David Costa Fernandez на Freepik

[5] Slaviša Orlović, Politička sociologija, Beograd. 2019, стр. 177.

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Илинденското востание е значаен настан од македонската историја кој го означи создавањето на првата република на Балканот. Востанието започнало на 2 август 1903 година со организиран напад на градот Крушево и на силите на Османлиското царство. Во ослободените места била воспоставена народна власт. Никола Карев бил избран за претседател на Крушевската Република. И покрај тоа што, востанието било набрзо задушено, тоа е дел од колективната меморија на македонскиот народ и има значајно влијание врз градењето на македонската нација и нејзината политичка култура.

- *Верувања (когнитивни елементи, сознание)* – знаења за предметот (политичкиот објект) на ориентацијата, односно што луѓето мислат дека е фактичка ситуација;
- *Вреднување* – судови и мислења за политичкиот објект – односно што мислат луѓето дека е морално добро или лошо;
- *Норми* – насоки за однесување кои општеството ги санкционира, било формално или неформално.

Политичката култура ја сочинува субјективната и психолошка димензија на политичкиот систем и, во основа, е резултат на: политичката историја, политичката традиција, постојните политички институции, како и преживеаните искуства на припадниците на соодветното општество. Таа е она што е запишано во колективната меморија на еден народ, односно политичка заедница, и остава длабока трага во животот на политичките институции и во развојот на демократијата.[6] Таа е дело на јавните настани и „приватното“ искуство.

Слика 2. Референдумот одржан на 08.09.1991 година, на кој граѓаните позитивно се изјаснија на прашањето „Дали сте за самостојна Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија?“ е дел од колективната меморија на граѓаните. На фотографијата е државниот врв при прогласување на резултатите од успешниот референдум.

6 Slaviša Orlović, Politička sociologija, Beograd. 2019, стр. 178.

АВТОРИ

Габриел Олмонд /Gabriel Abraham Almond/ (1911-2002) е американски професор по политички науки кој предавал на: Универзитетот Јеил, Универзитетот Принстон, Универзитетот Стенфорд, и др. Тој е познат по неговата пионерска работа во компаративната политика и политичката култура. Негово најпознато дело, во коавторство со Сидни Верба, е: „Граѓанска култура“ (1963).

Политичката култура се сфаќа како фактор на најширока политичка поддршка, но и како противтежа на политичката власт, односно како одбранбен механизам кој општеството автономно го чува и задржува во однос на политичката власт. Таа најсилно се манифестира во: различните кризни ситуации, во внатрешните и надворешни опасности за општеството. Тогаш, од политичката култура се активираат митовите (прастари обрасци на политичка идентификација), со цел да дадат дополнителна психолошка сила на политичката мобилизација.[7] Митовите за потеклото, за основањето на државата, играат голема улога и не случајно државите се „држат“ до митовите за своето далечно и славно минато. Политичките културни ознаки (симболи) се средства кои една заедница ги поседува независно од постојните институции и идеологии и тие се користат како резерва тогаш кога официјалните институции ќе затаат и нема да дејствуваат, заради што настануваат штети и опасности за општеството и неговиот развиток. Човекот ја задржува политичката култура како зона на релативна „сигурност“.

За подобро согледување на политичката култура, значајно е прашањето за тоа каков е нејзиниот однос кон општата култура. Ако тргнеме од премисата дека политичката култура преставува „поткултура“ во однос на културата воопшто, сепак треба да се има предвид фактот дека со разложување на културата како универзална конструкција и со издвојувањето на политичката култура како посебен дел, се добива нов квалитет на култура.[8] И, Габриел Олмонд, кој во најголема мера ја формулирал и дефинирал политичката култура, смета дека таа не е иста со општата култура, и покрај тоа што е поврзана со неа. Таа е издвоен дел од општата култура и има извесна автономија.[9] Дека тоа е така, покажува и фактот што политичката култура и општата култура не само што секогаш не се истоветни,

[7] Видете поопширно во: Milan Matić, „Mit i politika“, Beograd. 1984.
[8] Kožul Franjo, „Politička kultura samoupravljanja“, Sarajevo. 1975, стр. 131-132.
[9] H.V. Wiseman, „Political Systems“, London. 1067, стр. 23.

туку меѓу нив може да постојат и спротивности. Така релативно егалитарни култури во себе можат да кријат хиерархиска политичка култура како потсистем.[10]

2. ТЕОРИИ ЗА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА

И покрај тоа што терминот политичка култура влегува во употреба во теоријата во педесеттите години од XX век, интересот за она што, всушност, претставува политичка култура, постоел многу порано. Уште од старогрчката политичка филозофија, до денес, политичката мисла утврдила дека е нужно да се истражи и она што го крие „подводниот гребен на политиката", кој, главно, е невидлив при површинска опсервација.

Веќе одамна се воочени одредени специфични склоности на поедини народи во однос на политиката, коишто римските автори ги нарекле mores – обичаи, обичајност. Непочитувањето на тие обичаи и традиции во тоа време било причина за политички кризи. Таков пример се наоѓа во списите на Плутарх. Имено, враќајќи се од еден победоносен воен поход против Атина, спартанскиот крал Агис II го пренебрегнал еден од најсилните политички обичаи на Спарта – обичајот на заеднички ручек. Тој ги испратил гласниците по своите најблиски војсководачи, со покана да му се придружат во неговата куќа, но овие го одбиле и следниот ден го симнале од власт.[11]

Значењето на политичката култура го согледал и Едмунд Берк, кој пишува дека „во државата често постојат недоволно видливи и латентни фактори чие влијание на прв поглед изгледа многу мало, но од кои може во голема мера да зависи напредокот и просперитетот на државата". И покрај тоа што на Берк му се забележува дека го пренагласил влијанието на „политичката меморија на општеството", сепак негова заслуга е што во поизострен облик од другите воочил дека спознанието на политичката суперструктура е само дел од сложеното битие на политиката и дека е нужно да се открие „темната страна на политиката".[12] Со оглед на тоа што „темната страна на политиката" во значителна мера ги условува и обликува политичките процеси, Жан Жак Русо им дава совет на уставотворците и носителите на политичката власт: „Да се создаде владеење за народот секако е корисна работа, но знам за една уште покорисна – да

[10] Klaus von Beume, „Suvremene političke teorije", Zagreb. 1974, стр. 182.

[11] Milan Podunavac, „Politička kultura i politički odnosi", Beograd. 1982, стр. 7.

[12] Milan Matić i Milan Podunavac, „Politički sistem – teorije i principi", Beograd. 1994, стр. 349 и Milan Podunavac, „Politička kultura i politički odnosi", Beograd. 1982, стр. 5.

АВТОРИ

Николо Макијавели /Niccolò di Bernardo dei Machiavelli/ (1469-1527) е италијански: дипломат, филозоф, историчар и автор кој живеел во времето на Ренесансата. Негово најпознато дело е „Владетелот“ (1532) во кој на владетелите им дава совети какви треба да бидат.

се создаде народ за владеење.“ Ставајќи го во центарот на размислувањата за основите на политичкото владеење проблемот „со помош на кои средства е можно да се допре до срцата на граѓаните и да се направи да ја сакаат татковината и нејзините закони“, Русо „граѓанскиот тренинг“ го прогласил за составен елемент на политичките техники на владеење.[13] Емануел Кант, исто така, смета дека „секоја политичка заедница треба темелно и долго да работи на внатрешното образование на своите членови, бидејќи културата, во однос на првите начела на воспитување на човекот и граѓанинот, сè уште не е започната, а камоли завршена“.[14]

Мотивите на граѓанскиот тренинг и политичката социјализација често се присутни во политичките расправи на нововековните политички мислители, кои јасно согледуваат дека хомогенизацијата на политичката култура е битна претпоставка на основниот консензус на општеството околу основните вредности и својства на политиката која треба да ги носи и развива. Советот на Николо Макијавели упатен до владетелите е да водат сметка за: политичките обичаи, традиции и религијата на народот. Шарл Монтескје и Алексис де Токвил, во проучувањето на „националните карактери“ на Англичаните и Французите, го нагласувале значењето на различноста на „карактерите“ и често неочекуваните ефекти од внатрешните непишани обичаи и закони меѓу поедини народи, кои ја сочинуваат нивната „политичка метафизика“.

Со развојот на идеите за она што претставува политичката култура, постепено психолошките истражувања на националните карактери и наследните одлики се заменуваат со проучување на општествените процеси, пред сè, политичката социјализација.

[13] Milan Podunavac, „Politička kultura i politički odnosi“, Beograd. 1982, стр. 10.
[14] Milan Podunavac, „Politička kultura i politički odnosi“, Beograd. 1982, стр. 10.

Во средината на XX век, политичката култура се смета за темел на политичките институции и со нејзина помош се објаснувало зошто одредени институционални решенија кои функционирале во една држава, не функционирале во друга. На пример, со различната политичката култура се објаснува зошто претседателскиот систем кој се применува во САД не е успешен во земјите во Јужна Америка и се извитоперува во президенцијализам.

Воведувањето на поимот политичка култура во политичките науки претставува обид преку нов пристап во истражувањето на политиката да се надмине институционално-легалистичкиот пристап. Поимот политичка култура претставува збогатување на теоретските учења за облиците на владеење. Концептот на политичка култура е развиен во рамките на функционалистичката концепција за политиката, а негов родоначалник е Габриел Олмонд. Заедно со Сидни Верба, свесен за двосмисленоста на поимот, тој придонесува за негово популаризирање. Верба смета дека истражувањето на: клучните политички вредности, симболи, стандарди и одлики на однесување, претставува темелна одредница на современата политичка теорија и посебен – последен стадиум во нејзиниот развој. Според Олмонд и Верба, политичката култура е психолошко ориентирање спрема општествените објекти, односно политичката култура е мрежа на ориентации на припадниците на општеството спрема клучните политички објекти.

Според Бил и Улам, политичката култура претставува: „варијабла, детерминанта, фактор“ на политичкиот систем и посебен аспект на општата култура која се однесува на тоа *како* да се управува со политичкиот систем и *што* тој треба да прави. Значи, политичката култура претставува специфичен потсистем кој ги опфаќа нормите и начелата за начинот на насочување и управување со општеството со помош на политичкиот систем. Главни **компоненти** на политичката култура се:

- **Политичките вредности –** Вредносната компонента на политичката култура ги изразува нормативните ставови. Кои политички добра се предмет на заштита во одреден политички систем, кои политички цели ќе бидат во средиштето на напорите на општеството, најдиректно зависи од рангирањето на политичките вредности. Ова рангирање е клучен елемент на секоја политичка култура. Во секој политички систем има рангирање на вредности и согласноста за основните вредности претставува моќно средство за унификација на политичката заедница.[15] На пример, во поранешната СФРЈ вредност претставуваше идејата за братство и единство.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Елементи на политичката култура се: политичките вредности, емоционалните ставови и симболи и политичките уверувања.

[15] Milan Podunavac, „Politička kultura i politički odnosi“, Beograd. 1982, стр. 35.

Слика 3. Знамето и химната се симболи кои ја зајакнуваат емоционалната поврзаност за политичкиот систем.

- **Емоционалните ставови и симболи** – тоа е компонента на политичката култура која опфаќа екстерни симболи (знаме, химна, национални споменици, големи историски личности, и сл.) и различни облици на колективна акција, кои ја зајакнуваат политичката солидарност и емоционална поврзаност за политичкиот систем.
- **Систем на политички уверувања** – претставува тврдење за постојното. Тие се однесуваат, пред сè, на актуелното политичко однесување, погодни се за промена и се под поголемо влијание на организираните политички сили од другите делови на политичката култура.

Елементите на политичката култура може да се најдат во конфликт. На пример, граѓаните може да фаворизираат определена *вредност*, но да се *уверени* дека таа не е можна или пожелна во дадениот момент. Пожелно е колку може поточно да се забележуваат овие внатрешни противречности во политичката култура, за да може побезбедно да се просудува за перспективите на политичкиот развој на една заедница.

Роберт Дал внесува нови димензии во анализата на политичката култура. Според него, политичката култура е мрежа на политички ориентации составена од:

- **Ориентации кон политичкиот систем** – можат да бидат: позитивни, апатични (неутрални) и негативни;
- **Ориентации кон другите луѓе** – можат да бидат политичка доверба или недоверба;
- **Ориентации кон колективната акција** – во колективната акција може да е нагласен елемент на кооперативност и елемент на некооперативност (антагонизам);
- **Ориентации кон решавање на проблеми** – можат да бидат прагматични или рационалистички. Прагматичниот стил на решавање на проблемите ја акцептира реалноста и ја преферира целисходноста, а рационалистичкиот стил се издигнува на повисок степен на апстракција и е во состојба да ѝ се спротивстави на реалноста. Додека емпириските пристап поаѓа од ставот: доколку одредена програма не се потврдува во практиката, тогаш нешто не е во ред со теоријата; рационалистот ќе рече дека: она што не е вистинито во теоријата, не е вистинито ни во практиката – погрешна е практиката, а не теоријата.[16]

Во теоријата постојат и други гледишта за политичката кутура. Но, за да дојде до нејзино научно осветлување, потребно е да се настојува реално да се оцени нејзиното значење. Секое нејзино потценување доведува до површинска анализа која останува на структурално и институционално ниво. Секое преценување доведува до создавање на „културалистички илузии."

3. ТИПОЛОГИИ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА

Во политичката теорија постојат повеќе типологии на политичката култура.

1. Првата класификација на Габриел Олмонд разликува четири политички култури:
   - Прединдустриска;
   - Тоталитарна;
   - Англо-американска;
   - Континентално-европска.

[16] Robert Dahl, „Political Opposition in Western Democracies", New Haven. 1966, стр. 355. Според Milan Podunavac, „Politička kultura i politički odnosi", Beograd. 1982, стр. 5.

Кај Олмонд се забележува склоноста поимот политичка култура да се поврзува со поимот политички систем. Според него, поимот политичка култура е поширок од поимот политички систем и тој повеќе политички системи подвел под одреден тип на политичка култура. Но, основна слабост на оваа класификација е тоа што нема еден јасен, основен критериум врз чија основа е извршена, односно поединечните типови се конституирани спрема сосема различни карактеристики.

2. Најпозната класификација е онаа на Габриел Олмонд и Сидни Верна, до која дошле со расчленување на поимот политичка култура. Ако политичката култура е мрежа на ориентации, објекти на политичките ориентации се:
   - Политичкиот систем;
   - Влезните елементи на политичкиот систем – input;
   - Излезните елементи на политичкиот систем – output;
   - Самите актери на политичкиот систем.

   Олмонд опишува три типа на политичка култура, и тоа: парохијална, поданичка и партиципативна.

Слика 4. Во африканските племенски заедници доминира парохијалната политичка култура.

Парохијална политичка култура, кога не постојат специјализирани политички улоги, освен дифузни социо-религиозни улоги. Индивидуите имаат ниско ниво за знаења за политичкиот

систем, тие се „магловито свесни“ за политичкиот систем и повеќе се афективно, отколку спознајно ориентирани спрема него, односно приврзаноста и лојалноста спрема политичкиот систем повеќе е заснована врз афективни ставови. Таа приврзаност кон политичкиот систем се изразува преку голема лојалност кон водачот. Незнаењето за политичките објекти во парохијалната политичка култура води и до отсуство на вклученост во политичка активност. Пример за постоење на парохијална политичка култура се африканските племенски заедници, Отоманската империја, и др.

Поданичка политичка култура постои таму каде што субјектот има јасно изразени ориентации кон политичкиот систем и спрема административната страна на политиката (output), но нема јасни ориентации спрема оние фактори со кои се врши влијание врз политичкиот систем (input), ниту кон својата улога во системот. Значи, поединецот е свесен за поедини политички функции на државата, но не поседува јасно и диференцирано знаење на кој начин да ги оствари сопствените барања и интереси. Во оваа политичка култура постои поданички однос кон власта, кон која граѓанинот е афективно ориентиран – „може со неа да се гордее“ или „може да не му се допаѓа“. Односот кон системот, главно, е пасивен.[17] На тој начин, поединците повеќе се поданици, отколку што се активни субјекти во политиката, односно отсуствува нивно учество во политичката активност, често заради чувството на немоќ.[18]

Партиципативна политичка култура е најразвиен облик на политичка култура кога постои развиена мрежа на политички ориентации кон сите објекти на ориентации. Индивидуите се ориентирани кон политичкиот систем како целина, кон input и output и кон својата „активистичка“ улога во политиката.[19] Во процесот на input во системот се вклучени политичките партии, интересовните групи и средствата за масовни комуникации. Граѓаните, главно, се проактивно ориентирани, било да ја прифаќаат или отфрлаат политиката.

[17] Slaviša Orlović, Politička sociologija, Beograd, 2019, стр. 178.
[18] Barrie Axford, Gary K. Browning, Richard Huggins, Ben Rosamond, John Turner, „Uvod u politologiju“, Zagreb. 2002, стр. 75.
[19] H.V. Wiseman, „Political Systems“, London. 1967, стр. 34-35.

Шематскиот приказ на типовите на политичка култура изгледа вака:

Тип на политичка култура	Систем	Input	Output	Кон себе
Парохијална	0	0	0	0
Поданичка	1	0	1	0
Партиципативна	1	1	1	1

1 - постои ориентација

0 - не постои ориентација

Слика 5. Различните типови политичка култура меѓу себе не се заменуваат, туку се мешаат.[20]

Ова е поделба на три идеални типови на политичка култура, кои треба да послужат како основа за натамошни истражувања. Правејќи ја оваа типологија, Олмонд и Верба истакнуваат дека таа не претставува приказ на историски или еволутивен развиток од една политичка култура кон друга, односно дека тие не се заменуваат една со друга, по некое историско следување. Напротив, тие меѓу себе се комбинираат и мешаат, па во практиката не можат да се најдат чисти типови на политичка култура. Така, постојат:

[20] Сликата е од @slonme на Freepik

АВТОРИ

Сидни Верба /Sidney Verba/ (1932-2019) е американски професор во областа на политичките науки, кој предавал на: Стенфорд Универзитетот, Универзитетот во Чикаго, Универзитетот Харвард, и др. Се занимавал со американската и компаративната политика. Негово најпознато дело, во коавторство со Габриел Олмонд, е: „Граѓанска култура“ (1963).

парохијално-поданички политички култури, поданичко-партиципативни култури, парохијално-партиципативни култури. Посебно внимание Олмон и Верба ѝ посветуваат на, т.н., граѓанска култура. Таа е мешовита политичка култура. Во неа многу поединци се политички активни, но иста така, има и многу кои се поданички пасивни. Но, она што е уште поважно, дури и меѓу оние кои играат политичка улога на граѓани, поданичките и парохијалните улоги не се отстранети. Партиципативната улога е надградена над поданичките и парохијалните улоги. Тоа значи дека активниот граѓанин ги задржува своите традиционални, неполитички врски, исто како и својата сè уште пасивна политичка улога на поданик. Политичката активност е само еден дел од интересите на граѓаните и тоа обично *не многу важен дел.*[21] Партиципативната политичка култура носи со себе опасност на некој вид на „демократска преоптовареност“, која настанува доколку премногу граѓани со своето масовно учество се обидуваат да внесат промени. Тоа претставува извор на нестабилност кој може сериозно да го загрози нормативниот идеал на демократска стабилност.[22] Граѓанинот во граѓанската култура има резервно влијание. Тој не е постојано вклучен во политиката, но делува кога ќе се укаже потреба за тоа. Граѓанинот не е постојано активен граѓанин: тој е *потенцијално активен граѓанин.*[23] Со тоа, во рамките на теоријата за политичката култура, од истражувањата за изборите е преземена тезата на Берелсон за „спасоносна апатија“ на граѓаните. Во граѓанската култура, граѓаните имаат високо ниво на познавања за политичкиот процес и чувствуваат моќ како политички актери, но го признаваат легитимитетот на елитите во нивно

[21] Gabriel A. Almond i Sidney Verba, „Građanska kultura i demokratska stabilnost“ во хрестоматија Veljko Mratović, „Problemi suvremene države“, Zagreb. 1971, стр. 182.

[22] Barrie Axford, Gary K. Browning, Richard Huggins, Ben Rosamond, John Turner, „Uvod u politologiju“, Zagreb. 2002, стр. 75.

[23] Gabriel A. Almond i Sidney Verba, „Građanska kultura i demokratska stabilnost“ во хрестоматија Veljko Mratović, „Problemi suvremene države“, Zagreb. 1971, стр. 189.

име да носат одлуки. Во исто време, елитите се чувствителни на преференциите на граѓаните.[24] Со тоа, во системот се воспоставува рамнотежа и демократска стабилност.

3. Алтернативна класификација на политичката култура, на класификацијата на Габриел Олмонд и Сидни Верба, е таа која ја дели политичката култура на: моралистичка политичка култура, индивидуалистичка и традиционалистичка.[25]

Моралистичката политичка култура постои таму каде што луѓето веруваат дека општеството е поважно од поединците и дека владата, генерално, е добра и може да се користи како средство за подобро општество и промовирање на општата благосостојба. Тие очекуваат политичките функционери да бидат искрени во односот со другите, да ги стават интересите на луѓето на кои им служат над нивните и да се заложат за подобрување на областа што ја претставуваат. Политичкиот процес се гледа во позитивно светло, а не како процес извалкан од корупција. Всушност, граѓаните веруваат дека политичарите треба да бидат мотивирани од желбата да создадат корист за заедницата, а не од потребата финансиски да профитираат.

Во моралистичката политичка култура заедницата е поважна од индивидуите, така што индивидуалните права и можности можат често да се жртвуваат за доброто на целината. Државите со моралистичка политичка култура имаат тенденција да поддржат проширена улога на владата и веруваат дека владата треба да ја промовира општата благосостојба преку доделување средства за програми коишто ќе бидат од корист за сиромашните.

Исто така, државите кои се идентификуваат со оваа култура го ценат граѓанскиот ангажман и посакуваат граѓанско учество во сите форми на политички работи, воедно има и поголема веројатност и граѓаните да одвојат време и/или ресурси за политички ангажман.[26]

Таму каде што постои **индивидуалистичка политичка култура**, владата се смета за механизам за решавање на прашања кои се важни за поединечните граѓани и за остварување индивидуални

---

[24] Barrie Axford, Gary K. Browning, Richard Huggins, Ben Rosamond, John Turner, „Uvod u politologiju“, Zagreb. 2002, стр. 75.

[25] Класификацијата е направена од Daniel Elazar. Видете Cobb, Wendy N. W. Political Science Today. Available from: VitalSource Bookshelf, (2nd Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023 и Kris Seago, „State Political Culture,“ Texas Higher Education Coordinating Board, https://oertx.highered.texas.gov/courseware/lesson/1052/overview.

[26] Kris Seago, „State Political Culture“, Texas Higher Education Coordinating Board, https://oertx.highered.texas.gov/courseware/lesson/1052/overview.

цели. Владите се поставени за да им служат на индивидуалните потреби, а поединците се стават над заедницата.[27]

Луѓето во оваа култура комуницираат со владата на ист начин како што би комуницирале на пазар. Тие очекуваат владата да обезбеди стоки и услуги кои ги сметаат за суштински, а јавните службеници и бирократите кои ги обезбедуваат очекуваат да бидат компензирани за нивните напори. Фокусот е на задоволување на индивидуалните потреби и приватни цели, наместо на служење на најдобрите интереси на сите во заедницата. Новите политики ќе бидат донесени доколку политичарите можат да ги искористат за да добијат поддршка од гласачите или други заинтересирани страни или ако има голема побарувачка за овие услуги од страна на поединци.

Ако целта на политиката и владата е да ги унапредат индивидуалните интереси, тогаш поединците се мотивирани да се занимаваат со политика само ако имаат личен интерес. Како резултат на овие лични мотивации, граѓаните во држави со индивидуалистичка политичка култура ќе имаат тенденција да бидат потолерантни кон корупцијата меѓу нивните политички лидери и со помала веројатност да ја гледаат политиката како благородна професија со која треба да се занимаваат сите граѓани. Во оваа политичка култура гласачите не ги интересира најдобриот кандидат и најдобрата понуда, туку се лојални на кандидатите со кои имаат иста партиска припадност.[28]

Во **традиционалистичка политичка култура**, политиката го следи природниот општествен поредок, каде што постои хиерархија меѓу семејствата и групите, а елитите ја водат владата. Традиционалистичката политичка култура ја смета владата за неопходна за одржување на постојниот општествен поредок. Додека моралистичките култури очекуваат и поттикнуваат политичко учество на сите граѓани, традиционалистичките култури имаат поголема веројатност да го гледаат тоа како привилегија резервирана само за оние кои исполнуваат одредени квалификации, како резултат на што, учеството на гласачите, генерално, е помало во традиционалистичката култура.[29]

---

[27] Cobb, Wendy N. W. Political Science Today. Available from: VitalSource Bookshelf, (2nd Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.

[28] Kris Seago, „State Political Culture“, Texas Higher Education Coordinating Board, https://oertx.highered.texas.gov/courseware/lesson/1052/overview.

[29] Kris Seago, „State Political Culture“, Texas Higher Education Coordinating Board, https://oertx.highered.texas.gov/courseware/lesson/1052/overview.

4. ФОРМАТИВНИ ФАКТОРИ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

За настанување на политичката култура се пресудни два фактора: политичката традиција и политичката социјализација.

Политичката култура е резултат на политичкиот развој на едно општество. Таа е синтеза на сè што се знае во едно општество и се пренесува од генерација на генерација како искуство од претходни ситуации. Политичката култура мора да се: негува, развива и унапредува, но тоа оди тешко и бавно. За настанување на политичката култура пресудни се два фактора: **политичка традиција и политичка социјализација.**

Под **политичка традиција** се подразбираат не само големите политички и колективни настани и процеси во минатото, не само големите достигнувања и искуства од политичка природа, кои трајно се паметат во „колективната меморија на народот“, туку и оние пошироки настани кои посредно или непосредно имаат големо знаење за заедничката егзистенција и самосвест, за идентитетот на поедини народи, како што се: големите преселби, верски и културни расколи, и сл. Некои култури, повеќе или помалку, спонтано и автоматски ја преземаа традицијата, која бавно се менува и им се наметнува на припадниците како нужност. Примитивните политички култури се одликуваат со силни и живи врски со традицијата. Држењето на народите за тие културни корени некогаш е знак на долготрајна загрозеност на некоја заедница и потреба таа да ги мобилизира сите свои внатрешни сили „особено културните“, како би го сочувале својот идентитет и своите важни вредности. Заради тоа, традицијата, како и политичката култура, тешко може да се програмираат и наметнуваат однадвор, бидејќи повеќе ѝ припаѓаат на етиката и историјата, отколку на политиката. За типот на политичка традиција битни се видовите на конфликти кои настануваат во едно општество и општите прилики и општите обележја на нивниот историски развој. Во некои заедници традицијата ја сочинуваат внатрешните (општествени) судири, додека во други преовладуваат проблемите во односите со други заедници (надворешни судири). Во земјите кои поминале низ длабоки и, често, тешки и крвави револуции, преовладува изразена слободарска традиција во форма на позитивна слобода и подготвеност за политичко учество и тенденции кон популистичка демократија. Во земјите кои минале низ еволутивни промени, во прв план стои негативната слобода и независност на индивидуите и групите и тенденциите кон либералната демократија.[30]

[30] Milan Matić i Milan Podunavac, „Politički sistem – teorije i principi“, Beograd. 1994, стр. 354 - 355.

ИСТОРИСКИ НАСТАН



Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија - Првото заседание на АСНОМ е одржано на 2 август 1944 година во манастирот Св. Прохор Пчински. АСНОМ настана како резултат на оружената борба во Македонија против фашизмот. На ова заседание се создадоа услови за остварување на државотворните пориви на македонскиот народ, преку конституирање на демократска Македонија во рамките на југословенската федерација. На ова заседание се донесени повеќе решенија, меѓу кои се решението за конституирање на АСНОМ во врховно законодавно и извршно тело на Македонија и воведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава, решение за донесување декларација за основните права на граѓаните во Демократска Македонија итн, АСНОМ има државотворно и национално-културно значење и како таков се смета дека е темелен дел од колективната меморија на македонскиот народ.

Под **политичка социјализација** се подразбира целината на сите процеси, по пат на кои нормите, односно вредностите на политичка култура во одреден политички систем се: стекнуваат, одржуваат и менуваат. Бидејќи луѓето не се раѓаат со нив, една генерација ја пренесува политичката култура на следната преку процесот наречен политичка социјализација. Значи, политичка социјализација е процес на проучување и учење на нормите и вредностите на општеството. Втората страна на политичката социјализација ја чини оспособувањето на индивидуите да делуваат како политички актери во рамките на одреден политички систем и да носат соодветни политички функции. Накратко, политичка социјализација е процесот преку кој луѓето учат за политиката и ги усвојуваат политичките вредности. Проблемот со политичката социјализација и граѓански тренинг бил предмет на интерес во политичката мисла. Прашањето како да се стане добар граѓанин на одредена политичка заедница е старо колку и самата заедница.

Конфучионизмот претставува прв поголем систем на политичко образование и врзивно ткиво кое ја одржувало кинеската политичка заедница со векови. Русо, граѓанскиот тренинг го прогласил за составен елемент на политичките техники на владеење. Впрочем, и бројни примери од историјата покажуваат дека сите политички организации на општеството како своја битна компонента ги содржат облиците на политичка социјализација и граѓански тренинг. Низ процесот на политичка социјализација, припадниците на политичката заедница ги усвојуваат основните норми на политичка култура. Поддржувањето на: клучните политички вредности, уверувања и симболи придонесува кон политичка кохезија и консензус, ја зајакнува политичката моќ и ги утврдува основните формули на легитимација на политичкиот предок.[31]

[31] Milan Podunavac, „Politička kultura i politički odnosi“, Beograd. 1982, стр. 35.

Процесот на политичка социјализација може да се операционализира во три фази: а) основна социјализација; б) политичка социјализација; в) политичка регрутација. Припадникот на општеството може да се смета за „политизиран“, доколку ги минал сите фази на политичка социјализација и ги прифатил, па врз основа на тоа е изградено определено политичко искуство.[32]

Постојат и концепции на политичката социјализација кои ја утврдуваат на „макро“ и „микро“ ниво: а) на ниво на политичката заедница; б) на индивидуално ниво. На првото ниво таа се изразува како култура на трансмисија, додека на второто ниво се определува како процес на учење, преку кој индивидуата го формира политичкиот поглед на светот и својот политички идентитет. Процесот на културна трансмисија се јавува меѓу три меѓусебно поврзани процеси: а) одржување на политичката култура; б) трансформирање на политичката култура; в) креирање на нова политичка култура.[33]

Политичката култура се пренесува и стекнува низ комплексен процес во кој е вклучено воспитувањето во многу општествени институции – во семејството, група истомисленици, училиштето, на работното место, во самиот политички систем. Типовите на искуства во рамките на овие институции варираат. Поединците ги учат политичките ориентации со намерно учење, но и по пат на јавни политички искуства, чија намера не била да бидат лекција од политиката.[34] Значи, политичката социјализација не мора да се врши експлицитно, таа може да биде спонтана и несвесна, но и: политички насочена, програмирана и рационализирана, односно може да делува на директен или индиректен начин. Директен пренос на вредности и норми се случува кога сите вклучени се свесни дека „лекцијата“ е во тек, односно знаат дека се одржува политичка лекција како, на пример, кога студентите учат за демократија, или за правилата за слободни и фер избори. Индиректен пренос на вредности и норми се случува кога едно лице е учесник во социјализација и свесно или несвесно учи лекција од тоа искуство. Во такви случаи, луѓето гледаат политички постапки околу себе и веруваат дека таквите постапки се ценети и нормални.[35] Покрај поделбата на **латентен (индиректен) и директен пренос на вредности** на политичка култура, постои и поделба на **примарни и секундарни агенси.**

---

[32] Повеќе за овие фази видете во Љубомир Јанкуловски, „Социјализмот и политичката култура“, Скопје, стр. 14-16.

[33] Previtt Dawson „Political Socialization“, Boston. 1972.

[34] Gabriel A. Almond i Sidney Verba, „Građanska kultura i demokratska stabilnost“ во хрестоматија Veljko Mratović, „Problemi suvremene države“, Zagreb. 1971, стр. 207.

[35] Genna, Gaspare, M. and Taeko Hiroi, Exploring Politics, SAGE Publications, Inc. (US), 2022, стр. 67.

Слика 6. Блиските лица се примарен агенс на социјализација.[36]

Примарни агенси, под чие влијание се стекнува, развива и менува политичката култура, се: семејството, блиски групи на лица (врсници, припадници на иста професија, доброволни спортски и други облици на лични и емоционални односи), чие влијание е имплицитно и се исцрпува во формирањето на основните облици на политичка идентификација и лојалност. Обележје на внатрешните односи во овие агенси е висок степен на персонализираност и неструктурираност и нивното влијание е тешко плански да се насочува, дирижира и манипулира. Политичката социјализација во семејството е сложена затоа што се одвива и преку директен и индиректен пренос на вредности. На пример, ако децата ги гледаат родителите како редовно одат на гласање, учат дека гласањето е значајно. Ако децата ги гледаат родителите како одат на мирни протести, тие ја учат вредноста на изразување незадоволство и како можат да предизвикаат промена во политиката. Ако, пак, родителите: не гласаат, не разговараат за политика, не учествуваат на протести, децата се учат на аполитичност, односно незаинтересираност за политика.[37]

[36] Сликата е од @rawpixel.com на Freepik

[37] Genna, Gaspare, M. and Taeko Hiroi, Exploring Politics, SAGE Publications, Inc. (US), 2022, стр. 67.

Слика 7. Училиштето е секундарен агенс на политичка социјализација.[38]

Секундарни агенси на политичка социјализација се: училиштата, масовните медиуми, институциите, политичкото искуство, политичките организации, и сл. Нивното влијание е експлицитно и односите во нив се: објективизирани, структурирани и определени со кодификувани правила и норми, а поголеми се и можностите за свесно и планско насочување, диригирање и манипулирање. Училиштето претставува еден од основните агенси во процесот на политичка социјализација и неговото влијание може да се анализира преку разни форми на пренесување на директна „политичка меморија“, како и преку облиците на посредна, имплицитна социјализација.

Слика 8. Медиумите се секундарен агенс на политичка социјализација.[39]

[38] Сликата е од @freeograph на Freepik
[39] Сликата е од @standret на Freepik

Државата и политичките партии, исто така, претставуваат едни од најзначајните фактори на политичката социјализација. Медиумите се значајни за формирање на вредностите на луѓето, при што значаен фактор е типот на медиумите, бидејќи настаните се прикажуваат на различни начини. Порано медиуми беа само: телевизијата, радиото и печатените медиуми (весници и списанија). И тие беа ограничени – еден до два канала на телевизија и на радио, неколку печатени весници и списанија.

Денес, растот на социјалните медиуми го зголеми обемот на информации и дезинформации, што секако, влијае врз политичката социјализација. Позитивно е тоа што луѓето, денес, имаат повеќе пристап до локални, национални и светски настани, од било кога до сега. Ако порано во традиционалните медиуми се читале и гледале туѓи толкувања на настаните, денес луѓето сами гледаат како се одвиваат настаните, бидејќи често објавуваат свои видеа од одредени настани и тие видеа се вирални за неколку минути. Негативното влијание на социјалните мрежи врз социјализацијата се должи на нивото на достапни дезинформации, кои наведуваат на неточни заклучоци и ја намалуваат довербата на луѓето во информациите. Всушност, големата циркулација на дезинформациите ќе има негативно влијание врз знаењето и социјализацијата.[40]

Слика 9. Дезинформациите имаат негативно влијание врз политичката социјализација.[41]

Значајно е и прашањето дали клучните агенси на политичка социјализација делуваат во иста насока – **кумулативна политичка социјализација** или делувањето на агенсите на политичка социјализација е насочено кон стекнување различни, па и противречни норми на политичка култура – **некумулативна политичка социјализација**. Резултат на кумулативната политичка социјализација е формирање на хомогена и интегративна политичка култура, а некумулативната политичка социјализација создава фрагментарна политичка култура.

[40] Genna, Gaspare, M. and Taeko Hiroi, Exploring Politics, SAGE Publications, Inc. (US), 2022, стр. 68-69.
[41] Сликата е од @doomu, @black.salmon на Freepik

5. ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА И ДЕМОКРАТИЈАТА

Функционирањето на политичките институции потврдува дека тие остануваат празни и безживотни доколку не се следени од одреден тип на политичка култура, кој им дава значење и смисла на политичките процеси. Се потврдува дека: функционирањето, ефикасноста, отвореноста и демократичноста на политичкиот систем, зависи од политичката култура на дадено општество.[42] Политичката култура е рамка во која демократијата може да се развива побрзо или побавно, поддржувана од посебен „политички менталитет“ на луѓето кои живеат на одредена територија.[43]

При разгледувањето на односот меѓу политичката култура и демократијата се поставуваат прашањата: На кој начин политичката култура делува врз демократската држава, односно како влијае врз создавањето и одржувањето на демократијата? Дали постои демократска политичка култура – образец на политички ставови, кој ја поддржува демократската стабилност и кој на некој начин одговара на демократскиот политички систем?

Постои **рационално-активистичко гледиште** според кое успешната демократија бара од граѓаните да бидат вклучени и активни во политиката, да бидат информирани за политиката и да вршат некое влијание врз неа. Пасивниот граѓанин, оној кој не гласа, е слабо информиран и апатичен, што е индикација за слаба демократија.[44] Така, демократската политичка култура има три обележја: активност, вклученост и рационалност.

Истражувањата, кои во основа ја чинат **модернизираната варијанта на елитистичката теорија,** според Олмонд и Верба го стават под сомнение рационално-активистичкиот модел, бидејќи е јасно дека граѓаните во демократските системи ретко живеат по примерот на овој модел. Тие: не се добро информирани, не се доволно вклучени, не се посебно активни, а процесот преку кој доаѓаат до заклучоци на изборите е сè друго освен процес на рационална калкулација. Вистина е дека граѓанинот кој е: информиран, ангажиран, рационален и активен, почесто се среќава во успешните демократски системи, отколку во неуспешните. Карактеристиките на

42 Milan Podunavac, „Politička kultura i politički odnosi“, Beograd. 1982, стр. 197.
43 Slaviša Orlović, Politička sociologija, Beograd. 2019, стр. 178.
44 Gabriel A. Almond i Sidney Verba, „Građanska kultura i demokratska stabilnost“ во хрестоматија Veljko Mratović, „Problemi suvremene države“, Zagreb. 1971, стр. 180-181.

моделот на рационален активист во демократските земји се компоненти на политичката култура, но тие се само *дел* од таа култура.[45]

Исто така, може да се постави и прашањето колку политичките институции влијаат врз политичката култура? Демократијата која исполнува очекувања и институции кои се ефикасни, може да влијаат врз градењето на граѓанската култура. Одредени институции со тек на времето водат кон преобликување на политичката култура.

Лајпхарт смета дека консоцијалната демократија тешко може да се вкорени и да напредува, доколку не добие поддршка од консензуалната политичка култура, односно поволен фактор за постоење на консоцијална демократија е постоење на традиција во која предност се дава на: помирувањето, заемното прилагодување и компромисите. Но, како што на почетокот консензуалната култура може да помогне во усвојувањето на консензуални институции, исто така, тие институции можат да имаат потенцијал една на, почеток спротивставена култура, да ја направат помалку таква, а повеќе консензуална. [46]

Неинституционализирана, односно неконсолидирана демократија се карактеризира со состојба во која постои клиентелизам и корупција, а тоа води кон поданичко однесување и отсуство на активност на луѓето. Развојот на политичката демократија му дава проширени можности на поединецот да учествува во политичкиот процес, бидејќи тој е изложен на висок степен на политички комуникации и можности да биде член на некоја организација и да се ангажира во политиката. Тоа значи дека е овозможена, но не и дека постои активна партиципација. Демократијата ги подготвува поединците за активно учество во политиката и создава политичка средина во која е можна таа политичка партиципација. Од друга страна, пак, и политичката култура влијае врз карактерот на политичкиот систем. Имено, шансите за успех на демократскиот систем се мали доколку политичката култура не е во можност да му пружи поддршка. Тоа укажува на постоењето на двонасочен однос и меѓусебна зависност на политичката култура и демократијата.

[45] Gabriel A. Almond i Sidney Verba, „Građanska kultura i demokratska stabilnost“ во хрестоматија Veljko Mratović, „Problemi suvremene države“, Zagreb. 1971, стр. 181.
[46] Slaviša Orlović, Politička sociologija, Beograd. 2019, стр. 182-183.

ПРАШАЊА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

1. Што е тоа политичка култура?
2. Што опфаќаат во себе ориентациите кон политичките прашања?
3. Каков е односот на општата култура спрема политичката култура?
4. Кои се главните компоненти на политичката култура?
5. Според Роберт Дал, што опфаќа политичката култура ?
6. Што е парохијална политичка култура?
7. Што е поданичка политичка култура?
8. Што е партиципативна политичка култура?
9. Што е моралистичка политичка култура?
10. Што е индивидуалистичка политичка култура?
11. Што е традиционалистичка политичка култура?
12. Што е тоа политичка традиција?
13. Што е тоа политичка социјализација?

ГЛАВА 14

ЈАВНО МИСЛЕЊЕ

ПРАШАЊА ЗА ДЕБАТА

1. Какво е влијанието на социјалните мрежи врз политичките дебати?
2. Што се тоа „лажни вести“? Како да провериме дали нешто е лажна вест?
3. Сте наседнале ли на лажна вест?
4. Кога ќе видите некој текст на портал, дали го читате само насловот или и содржината?
5. Кој влијае врз формирањето на Вашето мислење?
6. Дали некогаш сте анкетирале?
7. Дали мислите дека анкетите се веродостоен начин за осознавање на јавното мислење?
8. Што е тоа пропаганда? Дали мислите дека секоја власт користи пропаганда?
9. Дали сметате дека медиумите коишто ги следите се убедливи или не?
10. Колку за демократијата е значајна слободата на медиумите?

1. ПОИМ ЗА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

Отсекогаш, политичарите посветувале многу од своето време, обидувајќи се да го „наслушнат“ она што се нарекува Vox populi (гласот на народот). Позната е приказната од „Илјада и една ноќ“ за калифот Харун ал Рашид. Облечен како питач се движел низ својот калифат Багдад, наслушнувајќи што се зборува низ улиците, за да го осознае вистинското мислење на луѓето со кои тој владеел и поавтентично да ги согледа состојбите. Тоа е романтична верзија на тоа што е денес практика во сите држави. Денес, политичарите уште повеќе се обидуваат да го следат диктатот на јавното мислење, но истовремено, тие се обидуваат и да го обликуваат и да манипулираат со него. Јавното мислење е двонасочна улица – политичарите се трудат да го водат, но и да го следат.[1] Власта која ќе си дозволи да го игнорира јавното мислење, без да го почитува, или барем да се обиде да го смени, ризикува да ја изгуби поддршката од граѓаните. Значи, улогата на јавното мислење во водењето на политиката е несомнена, односно постои консензус околу неговото значење во политиката. Но, од друга страна, и покрај неговото големо значење, во теоријата не постои консензус околу дефинирањето на јавното мислење. Тоа се смета за сложен општествен феномен кој се дефинира тргнувајќи од различни почетни позиции, односно поимно се определува на различни начини со нагласување на негови различни елементи или аспекти.

Најосновните дефиниции го определуваат јавното мислење како актуелен став или позиција на јавноста за определено прашање. Наједноставна дефиниција е дека јавното мислење се состои од „оние мислења што ги имаат поединците за кои владите сметаат дека е разумно да ги послушаат“.[2] Тоа е колективен одговор на одредено прашање, односно став на припадниците на одредена општествена заедница што преовладува за одредени општествени појави кои имаат значење за животот во едно општество. Јавното мислење е широка, заедничка психолошко-идеолошка реакција на голем број членови во општеството, со која одобруваат или осудуваат, поддржуваат или се противат на: постапките, мерките и одлуките кои се носат во општеството. Во таа смисла, јавното мислење може да се сфати како постојан општествен процес на интегрирање на поединечни мислења и расположенија во колективни ставови и

[1] Kernell, Samuel, et al. The Logic of American Politics. Available from: VitalSource Bookshelf, (11th Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.

[2] V. O. Key Jr. Видете: Kernell, Samuel, et al. The Logic of American Politics. Available from: VitalSource Bookshelf, (11th Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.

реакции.[3] Значи, јавното мислење е облик на колективни ставови, односно ставови кои ги делат и застапуваат многу луѓе. Во јавното мислење е присутен „колективниот дух“, односно „надиндивидуалниот елемент“. Притоа, јавното мислење може да се формира за најразлични прашања – политика, образование, спорт, култура...

Слика 1. Јавното мислење е колективен одговор на одредено прашање.[4]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Јавното мислење ги претставува доминантните уверувања во едно општество.

При определувањето на јавното мислење како збир на индивидуални мислења, некои автори укажуваат дека треба да се води сметка за тоа дека сите мислења заслужуваат еднаков третман, без оглед дали тоа се мислења на луѓе кои имаат знаење за прашањето, или не. Јавното мислење е агрегат на преференциите на луѓето од сите сегменти на општеството.[5] Одредени автори, при дефинирањето на јавното мислење нагласуваат дека јавното мислење е мислење на најголемиот број луѓе за одредено прашање, дека тоа е **мислење на мнозинството**, односно ги опфаќа и претставува доминантните уверувања во едно општество. Други сметаат дека јавното мислење е збир на сите: мислења, ставови, вредности на јавноста,[6] а трети дека тоа е мислење на значителен дел од населението. Јавното мислење го креираат луѓето кои се заинтересирани за одредено прашање на општеството. Јавното мислење е „гласот на заинтересираните

[3] Politička enciklopedija, Beograd. 1975, стр. 384.
[4] Сликата е од @freepik на Freepik
[5] https://open.lib.umn.edu/americangovernment/chapter/7-1-what-is-public-opinion/
[6] Dragomir Pantić i Zoran M. Pavlović, „Javno mnenje – koncept i komparativna istraživanja“, Friedrich Ebert Stiftung, Beograd. 2007, стр. 16.

набљудувачи на настаните“, односно тоа е „нивното мислење како треба другите да се однесуваат“.[7]

Други автори го нагласуваат процесот на формирање на јавното мислење и сметаат дека јавното мислење се состои од заеднички ставови на луѓето настанати под влијание на некој објективен настан, доволно значаен за директно да влијае врз голем број луѓе.[8] Социјално-психолошките дефиниции се однесуваат на тоа дека јавното мислење претставува изразување на ставови, формирани преку заедничко искуство и интеракција на заинтересираните поединци, за некое спорно општествено прашање, со можност создаденото мнозинство да влијае врз решавањето на тоа прашање.[9]

Во дефинициите за јавното мислење најчесто се нагласуваат следните елементи:

1. Ширината на согласноста на субјектите на јавното мислење (мнозинство од луѓето);
2. Процесот за формирање на јавното мислење (под влијание на одредени настани, низ процес на комуникација);
3. Предметот на јавното мислење (спорни прашања);
4. Интензитетот на јавното мислење;
5. Трајноста на јавното мислење;
6. Влијанието на јавното мислење врз процесот на одлучување;
7. Заинтересираноста на граѓаните за предметот на јавното мислење;
8. Улогата на јавното мислење во демократијата;
9. Односот на јавното мислење со медиумите, итн.

Јавното мислење ги опфаќа **ставовите**, односно мислењата како треба да се реши или уреди одредено прашање и **констатациите,** односно индикативните мислења, односно мислењата за реалноста, ако тие не претставуваат несомнено знаење (на пример: законите на физиката не спаѓаат во јавно мислење).[10] На пример, денес е апсурдно да се дебатира дали Земјата е топка или не, иако во минатото за тоа постоела дебата. Значи, јавното мислење е облик на колективно расудување за актуелни општествени состојби кои добиваат

[7] Липман. Видете: Dragomir Pantić i Zoran M. Pavlović, „Javno mnenje – koncept i komparativna istraživanja“, Friedrich Ebert Stiftung, Beograd. 2007, стр. 13.
[8] Катц. Видете: Dragomir Pantić i Zoran M. Pavlović, „Javno mnenje – koncept i komparativna istraživanja“, Friedrich Ebert Stiftung, Beograd. 2007, стр. 15.
[9] Dragomir Pantić i Zoran M. Pavlović, „Javno mnenje – koncept i komparativna istraživanja“, Friedrich Ebert Stiftung, Beograd. 2007, стр. 9.
[10] Radomir Lukić, „Politička teorija države“, Beograd. 1979, стр. 49.

вид на проблем важен за животот и практиката на општествената заедница,[11] односно јавното мислења и расположенија за одредени општествени прашања од која било област на општествениот живот, раширени во одреден момент на општеството.

Повеќето автори кои го проучуваат јавното мислење веруваат дека изразените мислења ги одразуваат основните ставови на луѓето. Ставот е организиран и конзистентен начин на: размислување, чувствување и реагирање во однос на било кој настан во нечие опкружување.[12] Така, ставот ги комбинира: чувствата, верувањата и предиспозициите (склоност) да се реагира на одреден начин. На пример, ставот на едно лице во САД кон Републиканската партија може да вклучува: чувства („Им верувам на Републиканците“), верувања („Републиканската партија е против високите даноци“) и склоност да одговори „Републиканец“ на прашањето на анкетар за тоа која партија подобро се справува со економијата. Кога се поканети да кажат мислења или да гласаат, луѓето реагираат на начини кои ги изразуваат основните ставови предизвикани од изборот со кој се соочуваат.[13] Но, поединците многу се разликуваат меѓу себе во однос на тоа како ги градат ставовите и колку се силни нивните ставови.

Ретки се луѓето кои имаат: информирани, организирани, конзистентни ставови кои им овозможуваат да ги разберат или оценат политичките настани околу нив. Повеќето луѓе имаат полабаво структурирани ставови, кои не се конзистентни еден со друг. Некои луѓе имаат повеќе привремени ставови кои се отворени за модификации со нови идеи и информации, а други се интензивно партизирани. Овие разлики меѓу луѓето во однос на стабилноста на нивните ставови и начинот на кој ги формираат мислењата, им овозможува на креаторите на јавното мислење да работат на различни начини, со различните групи.[14]

За едно мислење да се смета за јавно мислење треба да бидат исполнети неколку услови:[15]

1) Треба да постои прашање за кое се создава јавно мислење;
2) Треба да има значаен број луѓе кои изразуваат мислење за тоа прашање;

---

[11] Toma Đorđević, Političko javno mnenje, Novi Sad. 1975, стр. 60.

[12] Kernell, Samuel, et al. The Logic of American Politics. Available from: VitalSource Bookshelf, (11th Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.

[13] Kernell, Samuel, et al. The Logic of American Politics. Available from: VitalSource Bookshelf, (11th Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.

Kernell, Samuel, et al. The Logic of American Politics. Available from: VitalSource Bookshelf, (11th Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.

[15] https://www.britannica.com/topic/public-opinion/Mass-media-and-social-media

3) Барем некои од мислењата треба да изразуваат одреден вид на консензус;
4) Консензусот треба директно или индиректно да врши влијание.

Јавното мислење е **променлива** категорија и ги опфаќа: верувањата, убедувањата, прифатените вредности, вкоренети предрасуди, желбите и идеите на мнозинството граѓани во одреден временски момент. Всушност, јавното мислење е оној дел на идејниот живот на општеството кој е најдинамичен и најмногу подложен на промени под влијание на некои минливи и случајни фактори.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ
Јавното мислење не мора да е изразено.

Јавното мислење **не мора да е изразено**. Тоа е она што незабележано завладува со повеќето глави, дури и тогаш кога луѓето не се осмелуваат да го изговорат. Во одредени ситуации кога постои страв да се изрази одреден став, мислењето, сепак, се пренесува преку „шепотот на чаршијата“ или „се најавува со зуење“, кое со текот на времето станува посилно, слично на зуењето на рој пчели.[16] Но, дури и кога не е јавно изразено, кога е скриено, јавното мислење е средство кое ги обединува граѓаните во единствен политички субјект и со тоа ги прави политички субјекти. Но, јавното мислење **не е единствено**, иако настојува да стане такво.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ
Јавното мислење е променливо.

Слика 2. Јавното мислење не е единствено.[17]

[16] Dragomir Pantić i Zoran M. Pavlović, „Javno mnenje – koncept i komparativna istraživanja“, Friedrich Ebert Stiftung, Beograd. 2007, стр. 13.
[17] Сликата е од @fuser9227810 на Freepik

Кога се испитува јавното мислење, се согледува што еден репрезентативен примерок на некоја група кажува за одредено прашање кое е значајно за заедницата. Притоа, искажувањето на мислење е искажување на позиција – која може да поддржува или не поддржува, да е неутрална или неопределена. Искажувањето мислење не е искажување на факти, туку мислењето е израз на чувствата на луѓето за одредено прашање. При испитување на јавно мислење нема точно или погрешно мислење, туку само мислење коешто се зема предвид.

Јавното мислење има одредени **карактеристики:**

1. Насока (за или против, позитивна или негативна);
2. Различен степен на интензитет;
3. Различен степен на стабилност (некои ставови се стабилни подолго време, а други се менуваат за кратко време);
4. Начин на изразување (јавни демонстрации, критика во медиуми, и сл.);
5. Различна ширина на општествената основа (став и мислење на огромното мнозинство или само на значителен број членови на општеството).

Јавното мислење врши **две функции:**

- **Експликативна** – јавното мислење се јавува како облик на изразување ставови за општествено-релевантни состојби;
- **Стимулативна** – јавното мислење го стимулира или предодредува типот на однесување на припадниците на политичката јавност и носителите на јавни функции.

Јавното мислење се изразува на избори, но и преку форми на активизам, во: парламентот, образовните установи, медиумите. Кога јавноста е преокупирана со некоја тема, се отвора дебата во која нееднакво учествуваат членовите на колективот (избирачи, припадници на потесни, специфични групи). По дебатата следи оформување на ставови, при што се очекува мнозинскиот став да влијае врз носењето одлуки. Во пракса, јавното мислење се зема предвид при одлучувањето од страна на политичарите. Не е случајно што современата политика вложува огромни средства за испитување на јавното мислење, но и за влијание врз јавното мислење.

2. ОДНОС НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ СО ИДЕОЛОГИЈАТА, ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА И ПАРТИСКАТА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

Јавното мислење има многу сличности, но и многу разлики со идеологијата и со политичката култура. Трите категории **се дел од општествената свест**, при што политичката култура и идеологијата се централен и многу постојан дел на општествената свест. Трите категории се **изградени од ставови**, но политичката култура и идеологијата се засноваат доминантно врз поопшти и покомплетни ставови, додека јавното мислење претежно се заснова врз нецелосни ставови. Трите категории се **плод на општествена интеракција** и имаат **исти носители** (општествени групи, поединци). Трите категории имаат **потенцијал за мобилизација** и **имаат заеднички општествени функции** – придонесуваат за кохезија, поттикнуваат комуникација, поттикнуваат на одредено однесување, но и го предвидуваат човековото однесување.[18]

Јавното мислење се гради врз основа на одредена ***идеологија***, но не е идентично со неа. Односот меѓу јавното мислење и идеологијата се состои во следново:

1. Идеологијата е систематизиран и целосен поглед на светот, а јавното мислење се состои од мислења за одредени конкретни прашања што ја интересираат јавноста. Теоретски, идеологиите промовираат конзистентност меѓу политичките ставови, поврзувајќи ги со нешто поголемо, поопшт принцип или збир на принципи.[19]
2. Јавното мислење е составен дел на идеологијата, т.е. влијае врз создавањето на идеологијата.
3. Идеологијата може да биде предмет на јавното мислење, т.е. јавното мислење може да има одредено мислење за една идеологија.

4. Идеологијата влијае врз создавањето на јавното мислење, но има и многу случаи кога тоа влијание не постои, или е многу слабо, бидејќи е во прашање јавно мислење за нешто што нема

[18] За сличностите меѓу политичката култура и јавното мислење видете во: Dragomir Pantić i Zoran M. Pavlović, „Javno mnenje – koncept i komparativna istraživanja“, Friedrich Ebert Stiftung, Beograd. 2007, стр. 66-69.

[19] Kernell, Samuel, et al. The Logic of American Politics. Available from: VitalSource Bookshelf, (11th Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.

врска со идеологијата, или таа врска е многу слаба.[20] Колку што владејачката идеологија е посилна и подлабоко вкоренета, толку е поголемо и понепосредно нејзиното учество во формирањето на јавното мислење. Истражувања во психологијата покажуваат дека на луѓето им е непријатно да имаат неконзистентни ставови и имаат тенденција да го менуваат едниот или другиот став за да ја намалат недоследноста кога ќе станат свесни за тоа.[21] Тоа значи дека оние кои се сметаат за приврзаници на една идеологија, ќе се обидат да ги надминат ставовите кои се неконзистентни со ставовите на таа идеологија. Но, исто така, често луѓето сепак остануваат несвесни за недоследностите меѓу нивните ставови.

Јавното мислење и политичката култура се разликуваат по следните елементи:[22]

1. Политичката култура е: поширока, посеопфатна, посложена и послоевита од јавното мислење. Јавното мислење може да биде само дел од политичката култура доколку неговите ставови се интензивни, релативно трајни и се повторуваат и со тоа, со тек на времето, да се вградат во политичката култура.
2. Јавното мислење е: понепосредно, поконкретно, поспецифично, поповршно. Тоа, често пати, е ограничено на одредени настани и личности, а понекогаш и на тривијални и споредни прашања.
3. Политичката култура е созреан феномен со долго траење и бавен циклус на менување, додека јавното мислење е променливо и нестабилно.
4. Политичката култура се протега од минатото кон сегашноста, додека јавното мислење е актуелен феномен.
5. Јавното мислење се манифестира како „pro et contra“ феномен, а политичката култура опфаќа готови обрасци на однесување.
6. Јавното мислење го хранат контроверзни предлози, додека политичката култура се заснова врз согласност за одредено однесување.

За повеќето луѓе, политичкиот став кој најконзистентно ги обликува нивните мислења и ги организира нивните политички ставови е нивната наклонетост кон политичките партии.[23] Голем број

[20] Radomir Lukić, „Politička teorija države“, Beograd. 1979, стр. 50.
[21] Kernell, Samuel, et al. The Logic of American Politics. Available from: VitalSource Bookshelf, (11th Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.
[22] Dragomir Pantić i Zoran M. Pavlović, „Javno mnenje – koncept i komparativna istraživanja“, Friedrich Ebert Stiftung, Beograd. 2007, стр. 69-71.
[23] Kernell, Samuel, et al. The Logic of American Politics. Available from: VitalSource Bookshelf, (11th Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.

луѓе се подготвени да се идентификуваат со одредени политички партии. Во САД, на пример, голем број луѓе се идентификуваат како републиканци или демократи и, согласно тоа, одговараат на политичките прашања. Партиската идентификација е предмет на различни истражувања кои на неа гледаат како на психолошки феномен – идентитет. Така, во САД истражувањата покажуваат дека луѓето биле подготвени да се етикетираат себеси како демократи или републиканци, да се идентификуваат со партијата на еднаков начин како што би можеле да се идентификуваат со регион во земјата или со етничка или религиозна група, на пример: „Јас сум Њујорчанец, ирски католик и демократ".[24] Значи, партиската определба е елемент на личниот идентитет на поединецот и се смета дека игра значајна улога во воспоставувањето трајна ориентација кон политичкиот свет. „Граѓаните може да отстапат од овој идентитет ако имаат доволно силни реакции на одредени кандидати, прашања или настани што се спротивни на нивната партиска идентификација. Но, штом овие краткорочни причини повеќе не се присутни, влијанието на партиската идентификација повторно ќе се наметне и тие ќе се вратат на нивните партиски ориентации. За повеќето граѓани, само прилично моќни и невообичаени искуства би инспирирале трајни промени на партиската верност".[25] Како пример за ова се изборите во 2016 и 2020 година кога, и покрај тоа што многумина не го прифаќаа Доналд Трамп како кандидат на партијата, тие не се откажаа од својата партиска идентификација и не станаа демократи. Луѓето имаат одредена партиска идентификација бидејќи, од искуството од минатото, сметаат дека носителите на власт од нивната партија поверојатно ќе ги дадат резултатите што ги претпочитаат за политички прашања. Според ова, луѓето се поистоветуваат со партијата која најблиску го испорачува видот на светот во кој сакаат да живеат.[26] Без оглед дали партиската идентификација е психолошка или прагматична, таа влијае врз перцепциите и толкувањата на политичките настани, особено што политичките партии се и креатори на јавно мислење, а луѓето имаат тенденција повеќе да им веруваат на изворите и информациите што ги потврдуваат, отколку што ги оспоруваат нивните верувања.

[24] Kernell, Samuel, et al. The Logic of American Politics. Available from: VitalSource Bookshelf, (11th Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.
[25] Kernell, Samuel, et al. The Logic of American Politics. Available from: VitalSource Bookshelf, (11th Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.
[26] Kernell, Samuel, et al. The Logic of American Politics. Available from: VitalSource Bookshelf, (11th Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.

3. НАЧИНИ НА ФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

Јавното мислење се формира во општествениот и политичкиот простор наречен јавност. **Јавноста** е дифузен или слабо структуриран колективитет, составен од голем број луѓе со заеднички цели и интереси. Наедноставно, јавност се луѓе кои делат нешто заедничко. Сите луѓе немаат еднаков однос кон прашањата кои се предмет на јавното мислење. Некои се заинтересирани за тие прашања, некои се дури активисти по однос на одредено прашање, а некои не се заинтересирани за нив и нивните интереси не се претставени. Пример на јавност се: читатели на некој весник, студенти, членови на некој клуб, итн. Тоа што ја држи јавноста поврзана е интелектот и тоа е еден од елементите што ја разликува од масата (толпата). Тоа што ја поврзува **масата (толпата)** е емоцијата. Масата (толпата) се собира на едно место, а јавноста е дисперзирана.[27] Масата (толпата) е латентна општествена сила, а јавноста е помобилен фактор на општествените настани. Јавноста може да опстане како структура само ако постојат, таканаречени, центри на создавање, како што се: редакциите на средствата за масовни комуникации, театарските куќи, спортските клубови, итн. Врската меѓу поединецот и јавноста има психолошко потекло и се конституира со активноста на некој од тие центри, кои со своето дејствување ја воспоставуваат врската меѓу луѓето блиски по: афинитет, вкус или интерес.[28]

Слика 3. Емоцијата ја поврзува масата (толпата).[29]

[27] John A. Perry, Erna K. Perry, „The Social Web“, New York. 1956, стр. 279.
[28] Toma Đorđević, Političko javno mnenje, Novi Sad. 1975, стр. 88.
[29] Сликата е од @iconade3 на Freepik

Јавноста е историска категорија. Јавноста како простор во кој се формира јавното мислење се создава во оној период кога наспроти апсолутниот владетел се развила: самостојна, независна група на луѓе – слободни луѓе, наместо поданици. Раѓањето на јавноста е најава на граѓанското општество кое ја заменува феудалната заедница и воведува демократија, како облик на политичко владеење. Така, заговорничките клубови против апсолутистичките владетели, кои биле тајни и стихијни, ѝ отстапиле место на јавноста, која почнува да се самоорганизира и да ги штити своите стекнати слободи.

Политичката јавност како посебен облик на групирање, кој се структурира со издвојување на активни поединци во сферата на политичката практика, израснала од литературната јавност. Првите собиралишта на слободните луѓе, собрани во јавност, биле кафеаните и салоните на аристократијата. Фасцинантната сила на зборот и неговата критичка острина најпрво биле насочени кон литературните и уметничките дела. Оваа рудиментирана јавност била затворена во елитните клубови, недостапна за поширокатa публика. Значи, на почетокот јавноста била сведена на тесен круг луѓе. Аристократијата во тоа време не била свесна дека со тоа „негува змија во пазувите“, бидејќи нејзините салони станале духовни жаришта на либералната јавност.[30] Од тие аристократски литературни клубови, во кои прво се разговарало за уметноста, се создаваат клубови на елитата во кои се отвораат и други теми, како што се – државното уредување, потребите на државата, и сл. Со проширувањето на правото на учество во политичкиот живот (активното и пасивното избирачко право), се проширува и опсегот на политичката јавност. Всушност, опсегот на политичката јавност се совпаѓа со опсегот на правото на учество во политичкиот живот, без оглед на тоа дали јавноста секогаш функционира во целиот политички простор или нејзиното учество е само латентно.[31] На тој начин се создава политичката јавност како специфичен облик на општествено групирање на луѓето во сферата на политичкиот живот или практиката, меѓусебно поврзани со психолошки врски и релативно траен активен однос кон релевантните проблеми на заедницата во која живеат. Во тој простор на јавност, се создава јавното мислење.

[30] Ljubomir Tadić, „Pojam građanske javnosti u teoriji Jirgena Habermasa“, предговор кон Jirgen Habermas, „Javno mnenje“, Beograd. 1969, стр. 7.

[31] Srbobran Branković, „Determinante političkog javnog mnenja u Srbiji“, во: „Rađanje javnog mnenja i političkih stranaka“, Beograd. 1992, стр. 192.

Постојат два начина (процеси) на создавање на јавното мислење – **спонтан (примарен) и институционален (секундарен)**. Овие два начина се неразделно поврзани и меѓусебно условени.

Спонтаниот (примарен) тек на настанување на јавното мислење има своја подлога во комуницирањето во примарните човечки групи. Спонтаните текови на севкупниот процес на формирање на јавното мислење се засновани врз посебен модел на размена на пораки и мислења, карактеристични за, т.н., мали групи и интерперсонални (лични) односи меѓу нивните припадници. Значи, личното комуницирање е карактеристично за мали групи во кои комуникациските врски се воспоставени по пат на непосреден дијалог и во кој субјектите се соочуваат директно. Во тие околности е важна улогата на „водачот на мислењето“, т.е. некој кој во средината е познат како носител на проверени информации. Формирањето на јавното мислење преку примарните облици на комуникација било доминантно во ерата на либерализмот, во времето кога спонтаните струи на мислење се зајакнати со дејството на печатот, кој во тоа време бил единствено средство за масовна комуникација. Сепак, јасно е дека спонтано зачнатите текови на формирање на јавното мислење ретко се јавуваат само како такви, бидејќи нив ги следат и обликуваат институции и центри на политичко влијание. Но, исто така, не е оправдано целосното негирање на секоја вредност на спонтаното формирање на јавното мислење.

Слика 4. При спонтаното формирање на јавното мислење посебна улога има „водачот на мислењето“).[32]

[32] Сликата е од @yusuf_s на Freepik

Институционалниот (секундарен) начин на формирање на јавното мислење се врши преку средствата за масовно комуницирање. Преку нив се остварува влијанието што институциите на политичкиот систем настојуваат да го внесат и со тоа да обезбедат поддршка од политичката јавност. Така, на средствата за масовни комуникации им е призната улогата на семоќни и незаменливи фактори во формирањето на јавното мислење, заради што се јавуваат голем број конкуренти кои се борат да дојдат до влијание над средствата за масовни комуникации и преку нив на однесувањето на граѓаните и власта.

Слика 5. Средствата за масовно комуницирање се незаменливи во формирањето на јавното мислење.[33]

Разликите меѓу јавното мислење обликувано под доминантно влијание на спонтани и институционални тековi, се:

1. Спонтано зачнатите мислења потекнуваат и се кристализираат од мноштво различни извори и струи, често противречни и различно мотивирани. Мислењата формирани по институционален пат единствено се мотивирани и организационо поддржувани, а бидејќи се креираат со намера, претходно се психолошки обработени.

33 Сликата е од @sebdeck на Freepik

2. Мислењата формирани во примарна комуникација на припадниците на политичката јавност, главно, се формираат под влијание на нивните базични ставови, па затоа во судир со мислењата на другите упорно и емоционално се бранат. Овие мислења се некохерентни бидејќи се темелат врз неусогласени ставови на припадниците на политичката јавност. Мислењата кои произлегуваат од институционални извори повеќе се засновани врз рационална анализа на дадениот политички момент, па затоа се: покохерентни, поартикулирани, артикулирани од аспект на однапред планирани акции на водечките политички сили во општеството, но помалку се бранети со страсти.[34]

Значи, јавното мислење се формира и изразува преку постојан и институционализиран комуникациски процес во кој поединци и групи тежнеат да постигнат консензус за контроверзни јавни прашања со намера да влијаат врз акциите на меродавните институции.[35] Ставовите настануваат преку заедничко искуство и интеракција. Интеракцијата не мора да е директна, туку симболичка, како што е, на пример, јавното мислење во ЕУ кое опфаќа ставови на луѓето во повеќе земји. Јавното мислење многу почесто се создава низ дебата меѓу групите, отколку од индивидуални мислења. Политичките партии, интересовните групи, синдикатите, невладините организации, се форми преку кои се артикулираат ставовите во јавната дебата. Тие, како организирани групи, имаат ресурси и можност нивното мислење да се слушне. За разлика од нив, индивидуите имаат проблем да ги афирмираат своите ставови и истите да бидат земени предвид. Сепак, со новите социјални платформи, како фејсбук, и други, полесно е да се објават ставовите. Политичарите, аналитичарите, активистите, новинарите имаат улога на лидери на јавното мислење кои го: обликуваат, создаваат и толкуваат јавното мислење.[36]

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Јавното мислење може да биде манипулирано со цензура и пропаганда.

Во рамките на институционализираното формирање на јавното мислење честа појава е **манипулацијата со јавното мислење**. Јавното мислење може да биде манипулирано со ***цензура*** (рестрикција на информации) и ***пропаганда*** (дејствување на поединец или група, со цел во нивната свест да се транспонира однапред смислено влијание со посредство на информативни содржини, со кои се интерпретирани настани од општествениот живот на луѓето). Практично, јавното

34 Toma Đorđević, Političko javno mnenje, Novi Sad. 1975, стр. 204-217.

35 Splichal. Видете: Dragomir Pantić i Zoran M. Pavlović, „Javno mnenje – koncept i komparativna istraživanja“, Friedrich Ebert Stiftung, Beograd. 2007, стр. 17.

36 https://open.lib.umn.edu/americangovernment/chapter/7-1-what-is-public-opinion/

АВТОРИ

Џовани Сартори /Giovanni Sartori/ (1924-2017) е италијански професор по политички науки кој предавал на: Универзитетот во Фиренца, Универзитетот Станфорд, и др. Во фокус на неговото проучување се: демократијата, политичките партии и компаративната политика. Негови познати дела се: „Партии и партиски системи: Рамка за анализа“ (1976) и „Демократска теорија“ (1962).

мислење кое се создава со: манипулација, изнудување, „перење на мозок“, се нарекува диригирано јавно мислење. Тоа е девијација од стандардниот концепт на јавно мислење, израз на злоупотреба и отсуство слобода.[37]

Манипулацијата не е нов пронајдок на политиката. Уште Наполеон Бонапарта воспоставил биро за печат, кое го нарекол Биро за јавно мислење. Функцијата на ова биро била да создава трендови.[38] Во времето на Хитлер, Пол Џозеф Гебелс бил главен пропагандист на Нацистичката партија, а потоа и министер за пропаганда. Сартори смета дека јавното мислење никогаш не е извор на идеи, туку тоа повеќе е под влијание, отколку што влијае.

Слика 6. Цензура е рестрикција на информации.[39]

[37] Dragomir Pantić i Zoran M. Pavlović, „Javno mnenje – koncept i komparativna istraživanja“, Friedrich Ebert Stiftung, Beograd. 2007, стр. 25.
[38] Vans Pakard, „Industrija svesti“, Beograd. 1967, стр. 160.
[39] Сликата е од @maxx-studio на Freepik

ИСТОРИСКИ НАСТАН



Гебелсова пропаганда – Паул Јозеф Гебелс (Paul Joseph Goebbels; 1897-1945) бил министер за народна просвета и пропаганда во периодот од 1933 до 1946 година. Тој бил еден од најблиските соработници и најпосветените следбеници на Адолф Хитлер. Гебелс бил познат по неговото жестоко говорништво и антисемитизам. Откако нацистите дошле на власт во 1933 година, Гебелс бил назначен за министер за пропаганда, при што еден од неговите први чекори била наредбата да се запалат сите книги напишани од Евреи или антинацистички автори, и ја зголемил својата контрола над секој извор на информации во Германија. Гебелсовата пропаганда била сеопфатна и имала за цел „перење на мозокот“ на луѓето за да се потчинат на нацистите и да го идеализираат Хитлер. Пропагандата промовирала постојано присуство на Хитлер и неговата партија во животите на Германците: секаде се појавувал симболот на свастиката (кукест крст) и сликата на Хитлер. Печатот бил целосно цензуриран и можело да се печатат само написи кои го воздигнуваат нацистичкиот режим. Радиоприемниците („Народни приемници“) биле продавани евтино за да можат, речиси, сите Германци да ги имаат. Целата радиопрограма била контролирана од министерството на Гебелс. Исто така, звучници на кои се емитувала радиопрограма биле ставани на јавни места за сите да можат да ги чујат пораките на нацистите. Во насока на поддршка на режимот биле организирани и масовни собири на кои преку: музика, говори и демонстрирање на германската сила се изразувала поддршката на нацизмот.

Во услови на манипулација со јавното мислење, луѓето често се наоѓаат во ситуација кога е тешко да го разликуваат вистинското јавно мислење од приватното мислење, кое се изразува благодарение на тоа што се располага со потребни средства. „Ковањето“ лажно јавно мислење сигурно не е ништо помалку распространето од „ковањето“ лажни пари.[40] Создавањето позитивен дух во јавноста и здобивањето на нејзината доверба е монументална задача на политичарите, меѓутоа изгледа дека „индустријата“ која е скапо платена, често успева во тоа.

4. ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО ТОТАЛИТАРНИ И ДЕМОКРАТСКИ СИСТЕМИ

Тоталитарните системи познаваат само диригирано јавно мислење. Во тоталитарните системи духовната независност на луѓето е задушена од барањето за слепа послушност на официјалните вистини кои не оставаат простор за сопствени размислувања. Тоталитаризмот ја отфрла дискусијата како обележје на либерализмот и ги популаризира

[40] Politička enciklopedija, Beograd. 1975, стр. 385.

и спроведува апсолутните одлуки на власта. Тоталитарните системи централно управуваат со јавното мислење, бидејќи партијата одредува што, и како да се размислува. Зад таквото мислење стои авторитетот на водачот кој се потпира врз овации и акламација. Бучната пропаганда и, т.н., „плебисцитарна потврда“ на одлуките на водачот, служат како замена за јавноста и претставуваат легитимација на узурпаторската власт.[41] Наспроти таа власт, поединецот ја чувствува својата: безначајност, слабост и немоќ, а народот е претворен во маса која ја врзува емоцијата на идеопоклонство кон водачот.

Слика 7. Тоталитарните системи се потпираат на цензура и насилство.[42]

Во вакви услови, наместо јавност постои политичка пропаганда и цензура, а наместо јавно мислење – постои „официјално мислење и официјални вистини“. Тие „вистини“ со својот притисок навлегуваат во разумот на поединецот и завладуваат со него од внатре. Значи, „јавното мислење“ во тоталитаризмот е впечатлива сила која дејствува непосредно врз разумот на поединецот, нудејќи му готови: политички, општествени, верски и морални погледи, ослободувајќи го поединецот од задачата и можноста самостојно да го создава својот поглед. Покрај пропагандата, тоталитарните системи се потпираат и врз цензурата. Во тоталитарните системи, постоењето на цензура се објаснува со: „државни причини“, т.е. безбедносни причини, заштита од контрареволуција, заштита на јавниот поредок, јавниот морал, и сл. Но, тоталитарните системи не го создаваат официјалното мислење само со пропаганда и цензура, туку и со средства на: голо насилство, сила и тортура.

[41] Ljubomir Tadić, „Javno mnenje“, Encikopedija političke kulture, Beograd. 1993, стр. 463.
[42] Сликата е од @mr.hiran, @BillionPhotos на Freepik

Демократските системи, исто така, не се целосно имуни на обидите за манипулација на јавното мислење. Пристапот на политичките сили до медиумите, ставањето теми на агенда на јавната дебата и понекогаш доминантно присуство на одредени ставови по тие прашања, се можност за влијание врз јавното мислење. Но, демократијата се карактеризира со отвореност, а тоа значи и можност за циркулирање и искажување на различни идеи и спротивставени гледишта за прашањата за кои се води дебата, па оттаму, манипулацијата со јавното мислење во демократијата треба да биде оневозможена. Сепак, политичарите ниту во демократските системи не се откажуваат од обидот да влијаат врз јавното мислење.

Во демократијата, односот на јавното мислење и носителите на власта е двонасочен: јавното мислење ја обликува политиката, но и политичарите го обликуваат јавното мислење. Јавното мислење се испитува и политичарите често пати цитираат истражувања за да ги оправдаат своите одлуки. Партиите ги користат истражувањата на јавното мислење за да се позиционираат стратешки во изборните кампањи и да ги промовираат нивните идеи. Јавното мислење ја вреднува и ја контролира власта. Демократско одлучување не е можно без слободно формирано и информирано јавно мислење, кое може слободно да ја критикува власта. Но, сепак, ова е идеално-типска конструкција, бидејќи во реалноста јавното мислење се јавува со сите свои вредности и недостатоци.[43]

Слика 8. Слободата на говор е клучен предуслов за слободно јавно мислење.[44]

[43] Vladimir Milić, „Socijalni lik političkog javnog mnenja“, во: „Rađanje javnog mnenja i političkih stranaka“, Beograd. 1992, стр. 100.

[44] Сликата е од @kuprevich на Freepik

Претпоставка на демократско општество е постоење на: активно, слободно, творечко јавно мислење. Јавното мислење станува незаменлив инструмент на непосредна демократска контрола од јавноста врз власта. Сепак, јавното мислење не ја диригира секојдневната активност на носителите на јавната власт, но исто така, не им дава ни бланко овластување да владеат како што сакаат.

КЛУЧНИ ПОЕНТИ

Слободното јавно мислење е клучно за градењето на демократијата.

Опциите на власта се обликувани од различни модели на јавното мислење. Овие модели имаат два основни елементи: процентот на население кое има свое мислење и насоката и интензитетот на мислењето.

1. **Моделот што дава овластување** се карактеризира со тоа што најголем број луѓе немаат мислење за определено прашање, а оние кои се за, и оние кои се против одредена одлука, се изедначени. Соочувајќи се со ваква конфигурација на мислења, политичарите можат да дејствуваат слободно без страв од некоја силна јавна реакција. На пример, повеќето луѓе немаат мислење за одредени финансиски реформи, а кај оние кои имаат мислење. тоа не е изразено интензивно.



Слика 9. Модел што дава овластување.

2. **Моделот на консензус** се карактеризира со тоа што повеќето луѓе имаат мислење и постои некој договор (консензус) со кој е ограничено делувањето на политичарите.



Слика 10. Модел на консензус.

3. **Моделот на поделеност** се карактеризира со длабок конфликт во јавноста, при што значителен број на луѓе на двете страни интензивно го изразуваат мислењето. Овој модел им задава најмногу проблеми на политичарите. Ако борбата е многу остра и интензивна, може да создаде пречки во вршењето на власта. На пример, јавното мислење за прашањето за постоење на ропството пред Граѓанската војна во САД беше, речиси, поделено.



Слика 11. Модел на поделеност.

Но, вистинската конфигурација на теренот, ретко одговара на чистите модели и идеалните пропорции на расположението на граѓаните. Често пати може да постои и јаз меѓу она што луѓето го

ИСТОРИСКИ НАСТАН

Протести против правилата за облекување во Иран – На 16 септември 2022 година од страна на Иранската полиција за морал била уапсена 22 годишната Махса Емини (Mahsa Amini), поради тоа што не се придржувала на кодексот за облекување на Исламската Република (не ја покрила соодветно косата на главата со марама и носела тесни фармерки). Емини била однесена во „центар за реедукација", а по три дена умрела во болница. Властите соопштиле дека умрела од „ненадеен срцев удар", но нејзиното семејство верувало дека таа е убиена. По тој повод започнале масовни протести на кои жените ги палеа своите марами и ја сечеа својата коса искажувајќи револт заради наметнатите правила за облекување. Во тие протести била убиена и Хадис Најафи (Hadis Najafi) која стана симбол на протестите. Покрај неа, медиумите известија и за смртта на други девојки, за кои власта негираше дека загинале во протестите.

поддржуваат како начело и она што го поддржуваат во практиката. Најдобар пример за тоа се одредени испитувања на јавното мислење во САД, според кои 95 % од испитаниците го поддржале начелото на слобода на говор, но дури 50 % од нив сметале дека на комунистите не треба да им се дозволи да држат јавен говор.[45]

Јавното мислење станува посилно и помоќно во одредени општествени кризи и кога изборите се блиску. Но, политичката јавност за секоја влада секогаш е присутен партнер во политиката. Така, јавното мислење прилега на „дух во античкиот дворец: никој не го видел, но сите се исплашени од него".[46] Секако, ова важи за демократските системи. Во тоталитарните системи, власта го „дирижира" јавното мислење, а доколку дојде до изразување на мислење кое не е во согласност со официјалните политики, се обидува да го потисне. Таков пример можеме да видиме во случувањата во Иран, каде во 2022 година се случија масовни протести против обврската на жените да носат хиџаб (марама) на јавни места. Иран вовел задолжителни правила за облекување на жените по Иранската Револуција во 1979 година. Од 1983 година неносењето хиџаб на јавни места претставувало кривично дело. Во периодот од 2010 до 2020, правилата за носење марама не се применувале многу стриктно. Според едно истражување на јавното мислење направено во 2020 година 72% од населението во Иран се спротивставува на законската обврска за носење хиџаб во јавност, додека само 15% експлицитно ја бранат оваа законска обврска. Од друга

[45] Lance T. Le Loup, „Politics in America", New York, 1989, стр. 146-149.
[46] Sigmund Graff. https://excerpty.com/quote/public-opinion-is-like-a-ghost-sigmund-graff/

страна, 57% од испитаниците не веруваат воопшто во праксата за носење хиџаб.[47]



Слика 12. Приказ од истражување на јавното мислење за носење хиџаб во Иран[48]

Поради избегнувањето на младите девојки да ги почитуваат правилата за облекување на јавно места, власта почнала јавни кампањи за почитување на правилата за облекување и ги зајакнува активностите на т.н. полиција за морал која води сметка дали на јавни места се носи марамата правилно (дали со неа косата е целосно покриена). Во септември 2022 година по смртта во притвор на една девојка која била притворена заради непочитување на правилата за облекување на жените, почнуваат масовни протести низ земјата. Во декември 2022 година е спроведено истражување на јавното мислење на Иранците за протестите во кое учествувале 157000 жители на Иран и 42000 иселени Иранци. При тоа 80% од испитаниците кои живеат во Иран ги поддржувале протестите, а околу 15% биле против протестите. Исто така 22% од испитаниците кои живеат во Иран,

47 „Iranians' Attitudes Toward Religion: A 2020 Survey Report", The Group for Analyzing and Measuring Attitudes in IRAN (GAMAAN), August 2020, The Netherlands https://web.archive.org/web/20220911213115/https://gamaan.org/wp-content/uploads/2020/09/GAMAAN-Iran-Religion-Survey-2020-English.pdf

48 „Iranians' Attitudes Toward Religion: A 2020 Survey Report", The Group for Analyzing and Measuring Attitudes in IRAN (GAMAAN), August 2020, The Netherlands https://web.archive.org/web/20220911213115/https://gamaan.org/wp-content/uploads/2020/09/GAMAAN-Iran-Religion-Survey-2020-English.pdf

рекле дека учествувале во уличните протести, а 53% дека можеби ќе учествуваат во протестите.[49] Но, и покрај масовноста на протестите, власта во Иран опстојува на казнувањето за непочитување на правилата за облекување. Дополнително, на улиците се инсталирани камери со цел да ги идентификуваат жените кои не ја почитуваат обврската.

49 https://gamaan.org/2023/02/04/protests_survey/

ПРАШАЊА ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

1. Што е тоа јавно мислење?
2. Како јавното мислење ги обликува границите за активност на политичарите?
3. Како се мери јавното мислење?
4. Како се создава јавното мислење?
5. Кои се изворите на јавното мислење?
6. Кои се карактеристиките на јавното мислење?
7. Кои се функциите на јавното мислење?
8. Во што се состои односот меѓу јавното мислење и идеологијата?
9. Во што се состои разликата меѓу јавното мислење и политичката култура?

СЕЛЕКТИРАНА БИБЛИОГРАФИЈА

1. Allmond, A. Gabriel and G.B. Powel, *Comparative politics today*, Glenview, Illinois, Boston, London, 1988.
2. Almond A. Gabriel and George Bingham Powell (ed.) *Comparative Politics Today A World View*, Boston: SCOTT, FORESMAN AND COMPANY, 1988.
3. Almond, A. Gabriel, Powel. G. Bingham, *Comparative politics today, a world view*, Scot, Foresman and company, Glenview,1989.
4. Amankwah-Amoah Joseph and Robert E. Hinson, *COVID-19 pandemic, vaccine nationalism and counterfeit products: Discourse and emerging research themes*, Thunderbird International Business Review, 2022.
5. American Government and Politics in the Information Age." What Is Public Opinion?." at https://open.lib.umn.edu/americangovernment/chapter/7-1-what-is-public-opinion/
6. Anne-Traversy (ed.), *Democracy, Parliament and Electoral Systems*, London: Pluto Press, 2002.
7. Arendt Hannah, *The Origins of Totalitarianism,* Florida: A Harvest Book Harcourt Brace and Company, 1973.
8. Aristotel, *Politika*, Beograd, 1960
9. Axford, Barrie, Gary K. Browning, Richard Huggins, Ben Rosamond, John Turner, *Uvod u politologiju*, Zagreb, 2002.
10. Bačić, A., *Principi podele i jedinstva vlasti s posebnim osvrtom na jugoslovensku teoriju i praksu, doktorska radnja*, Beograd, 1988.
11. Bailey, Y., *British Parliamentary Democracy*, Boston, 1971.
12. Bakic Jovo, *Levica i Desnica: Pokusaj Teorijskog Odredjenja i Iskustvene Primene na Slucaju Srbije (1990-2014*), Sociologija Vol. LVII No. 1, 2015.
13. Baradat P. Leon and John A. Phillips, *Political Ideologies: Their Origins and Impact – Twelfth Edition,* New York: Routledge, 2017.
14. Barnett Hilaire, *Constitutional and Administrative Law*, sixth edition, Routledge-Cavendish, 2006.
15. Basta - Posavec, Lidija, *Parlamentarizam kao načelo konstitucionalizacije politike*, Arhiv za pravne i društvene nauke, 1992-3/4.
16. Beck A. Kris, *On Tyranny: The Political and Economic Characteristics of the Authoritarian Regime*, New England Journal of Political Science Vol 5 No 1, 2010.
17. Bernaciak Magdalena, Gumbrell-McCormick Rebecca, Nyman Richard, *Sindikati u Evropi -Inovativni odgovori u teshka vremena*. Friedrich Ebert Stiftung. 2014.
18. Beume, Klaus von , *Suvremene političke teorije*, Zagreb, 1974.
19. Biezen van Ingrid and Thomas Poguntke," *The decline of membership-based politics*," Sage Journal Party Politics, 2014.
20. Bingham D. Richard, *State and Local Government in an Urban Society,* New York: Random House, 1986.
21. Birch, A.H. *The British System of Government*, New York, 1967.

22. Blondel Jean, *Comparative Government An Introduction – Second Edition*, Cambridge: University Press, 1995.
23. Blondel Jean, Comparing Political Systems, Wiltshire, Trowbridge: Weidenfeld and Nicolson, 1973.
24. Bosch Van den Jeroen, *Personalism: A type or characteristic of authoritarian regimes*?,Politologicka Revue 1, 2015.
25. Bove Vinconze and Jennifer Brauner, *The Demand for Military Expenditure in Authoritarian Regimes*, *Defence and Peace Economics* Vol 27 No 5, 2016.
26. Britannica. "Mass media and social media." at https://www.britannica.com/topic/public-opinion/Mass-media-and-social-media
27. Budge, Ian and David McKay, The Developing British Political System: The 1990s, London, 1993.
28. Butler David and Stokes Donald, *Political change in Britain* , Mc Millan and co, London, 1969.
29. Carliste P. Rodney, *Encyclopedia of Politics: The Left and The Right – Volume 2: The* Right, Thousand Oaks: SAGE Publication, 2005.
30. Caroll Alex, *Constitutional and administrative law*. Pearson Longman. London 2007.
31. Chavez Rebecca Bill, *The Rule of Law and Courts in Democratizing regimes*, form Whittington Keith E, Kelemen R.Daniel, Caldeira A Gregory, *The Oxford Handbook of Law and Politics*, Oxford University Press, 2008.
32. Cheibub Jose Antonio. „Presidentialism, Parliamentarism, and Democracy". Cambridge University Press, 2007.
33. Clark, Willian Roberts, Matt Golder and Sona Nadenichek, Principles of Comparative Politics, SAGE, Washington D.C., 2009.
34. Cobb, Wendy N. W. *Political Science Today*. Available from: VitalSource Bookshelf, (2nd Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.
35. Cocker, P.G., *Contemporary British Politics and Government*, London, 1993.
36. Colomer M. Josep (ed.), *Handbook of Electoral System Choice*, New York: Palgrave Macmillan, 2004.
37. Curtis Michael, *Totalitarianism*, New Jersey: Transaction, Inc, 1987.
38. Dahl, Robert A. *Modern Political Analysis*, New Jersey, 1970.
39. Dal, Robert, *Dileme pluralisticke demokratije*, BIGZ, 1994.
40. Dawson, Previtt, *Political Socialization*, Boston, 1972.
41. Diamond Larry and Marc F. Plattner (ed.), *Electoral System and Democracy*, Baltimore: The Johns Hopkins University Press, 2006.
42. Đorđević, Toma, *Političko javno mnenje*, Novi Sad, 1975.
43. Dreyfus F. and F. D'Arcy, *Les institutions politiques et administratives de la France*, Paris, 1993.
44. Duverger, M. *Institutiones politiques et droit constitutionnel*", Paris, 1960.
45. Easton, D. , *A Framework for Political Analysis*, New York, 1965.
46. Easton, D. , *A System Analysis of Political System*, New York, 1965.

47. Eatwell Roger and Anthony Wright (ed.), *Contemporary Political Ideologies*, London: Pinter Publishers, 1993.
48. Edwards. Michael. *Civil Society*, London, 2004.
49. *Enciklopedija političke kulture*, Beograd, 1993.
50. Eyerman, R and Jameson, R. *Social movements: A Cognitive Approach*, Polity Press, Cambridge 1991.
51. Ezrow M. Natasha and Erica Frantz, *Dictators and Dictatorships Understanding Authoritarian Regimes and Their Leaders,* New York: Continuum, 2011.
52. Farrel M. David, *Electoral Systems: A comparative* Introduction, New York: Palgrave, 2001.
53. Felsenthal S. Dan and Moshe Machover (ed.), *Electoral Systems: Paradoxes, Assumption and Procedures*, London: Springer, 2012.
54. Ferrari, Guseppe Franco (ed.*), Introduction to Italian Public Law*, Milano, 2022.
55. Fisher, L., *Constitutional Conflicts between Congress and the President*, New Jersey, 1985
56. Franjo, Kožul , Politička kultura samoupravljanja, Sarajevo, 1975.
57. Freeden Michael (ed.), *Politicke Ideologije: Novi Prikaz*, Zagreb: Algoritam, 2006.
58. Freeden Michael, Lyman T. Sargent and Marc Stears (ed.), *The Oxford Handbook of Political ideologies*, Oxford: Oxford University Press, 2013.
59. Freedom House," Freedom in the World 2022: The Global Expansion of Authoritarian Rule," at https://freedomhouse.org/sites/default/files/2022-02/FIW_2022_PDF_Booklet_Digital_Final_Web.pdf
60. Freedom House," Freedom in the World 2023: Marking 50 Years in the Struggle for Democracy" at https://freedomhouse.org/sites/default/files/2023-03/FIW_World_2023_DigtalPDF.pdf
61. Friedrich J. Carl and Zbigniew Brzezinski, *Totalitarian Dictatorship and Autocracy*, Cambridge: Harvard University Press, 1965.
62. Gallagher Michael and Paul Mitchell (ed.), *The Politics of Electoral Systems*, New York: Oxford University Press, 2005.
63. Genna M. Gaspare and Taeko Hiroi, *Exploring Politics [A Concise Introduction],* Los Angeles: SAGE Publishing, 2022.
64. Genna, Gaspare, M. and Taeko Hiroi, " *Exploring Politics",* SAGE Publications, Inc. (US), 2022.
65. Geoghegan Vincent and Rick Wilford (ed.), *Political Ideologies: An Introduction – Fourth Edition*, New York: Routledge, 2014.
66. Ginsburg, Tom and Rosalind Dixon (eds.), *Comparative Constitutional Law*, Edward Elgar, Cheltenham, UK, Northampton, MA, USA, 2014.
67. Goati Vladimir, *Političke Partije i Izbori u Demokratskom* Poretku, Beograd: CeSID, 2001

68. Goati Vladimir, *Političke partije i partijski sistemi,* Podgorica: Centar za monitoring-CEMI, 2007.
69. Goodin R and Klingenmann, H.D, *Political science: The Discipline во A New Handbook of Political Science*, Oxford University Press, 1996.
70. Goodwin Matthew, Vidhya Ramalingam and Rachel Briggs, *The New Radical Right: Violent and Non – Violent Movements in Europe*, London: Institute for Strategic Dialogue, 2012.
71. Gordon, Sathearn, Our Parliament, London, 1964.
72. Graff, Sigmund https://excerpty.com/quote/public-opinion-is-like-a-ghost-sigmund-graff/
73. Griffith, Ernest S. ,*The American System of Government*, New York, 1959.
74. Grofman Bernard and Arend Lijphard (ed.) *Electoral Laws and Their Political Consequences*, New York: Algora Publishing, 2003.
75. Guibernau Montserrat, *Migration and the rise of the radical right*, London: Policy Network, 2010.
76. Gusy, Christoph, *Princip konsenzusa ili demokracija*, Naše teme, Zagreb, 1989/4
77. Habermas, Jirgen „*Javno mnenje*", Beograd, 1969.
78. Hague Rod, Martin Harrop, John McCormick, *Comparative Government and Politics: An Introduction – 10th Edition,* London: Palgrave, 2016
79. Hamilton, A., Dž. Medison, Dž. Džej, Federalistički spisi, Beograd, 1981.
80. Harrison Kevin and Boyd Toni, *Understanding political ideas and movements*, Machester University Press, 2003.
81. Hartleb Florian, *After Their Establishment: Right – wing Populist Parties in Europe*, Brussels: The Centre for European Studies, 2011.
82. Haue, Rod and Harrop, Martin. *Comparative Government and politics*, Pagrave McMillan, New York, 2010.
83. Held, David, *Models of democracy*, Stanford University Press, 1987.
84. Held, Dejvid, *Modeli demokracije*, Zagreb, 1990.
85. Herron S. Erik, Robert J. Pekkanen and Matthew S. Shugart, *The Oxford Handbook of Electoral Systems*, Oxford: Oxford University Press, 2018.
86. Heywood Andrew, *Political Ideologies: An Introduction – Sixth Edition*, London: Palgrave and Macmillan, 2017
87. Heywood Andrew, *Politics – Fourth Edition,* London: Palgrave Macmillan, 2013.
88. Heywood, Andrew, *Politics*, Macmillan, 2019.
89. Hix Simon et. Al., *Choosing an Electoral System*, London: British Academy - Policy Centre, 2010.
90. *Hrvatska enciklopedija*, mrežno izdanje. Leksikografski zavod Miroslav Krleža, 2021. http://www.enciklopedija.hr/Natuknica.aspx?ID=16323
91. James, S., *British Cabinet Government*, London, New York, 1994

92. Janda Kenneth, Jeffrey M. Berry and Jerry Goldman, *The Challenge of Democracy: Government in America – Fourth Edition,* Boston: Houghton Mifflin Company, 1995.

93. Janda, K. Berry, Jeffrey M. and Goldman, J, *The Challenge of democracy-Government in America*, Boston, 1995.

94. Jennifer Gandhi, Ruben Ruiz Rufino., *Routledge Handbook of Comparative Political institutions*, Published online, 2015.

95. John Schwarzmantel, *Ideology and Politics,* London: SAGE, 2008.

96. Jones, B. and D. Kavanagh, *British Politics Today*, Manchester and New York, 1992

97. Jordan Soren, *Politics: Basic concepts In Global Encyclopedia of Public Administration, Public Policy, and Governance*, ed. Springer,2016.

98. Jovanović, S., *Političke i pravne rasprave* I-III, tom II, Beograd.

99. Jovičić, M. *Veliki ustavni sistemi*, Beograd, 1984

100. Jovičić, Miodrag, *Odgovornost nosilaca javnih funkcija*, Beograd, 1968

101. Kavanagh, D. , British *Politics – Continuities and Change*, Oxford, 1985

102. Kenneth and Newton,Jan W. Van Deth, *Foundations of comparative politics*, Cambridge University Press, 2010.

103. Kernell, Samuel, et al. The Logic of American Politics. Available from: VitalSource Bookshelf, (11th Edition). SAGE Publications, Inc. (US), 2023.

104. Klingemann Hans-Dieter and Ian McAllister (ed.), *The Comparative Study of Electoral Systems*, Oxford: Oxford University Press, 2009.

105. Kolaković, J., *Historija novovjekovnih političkih teorija, I* knjiga, Zagreb, 1981.

106. Korunic Petar, *Porijeklo I integracija nacije kao znanstveni problem, Etnicki razvitak*, Filozofski fakultet Zagreb, 1997.

107. Kostadinov. Biljana, *Suvremeni francuski parlamentarizam1958-2002*, Zagreb, 2004.

108. Kovacević Slaviša,"*Kriza funkcija političkih partija," Zbornik Radova Pravnog Fakulteta u Nisu* No. 69*,* 2015.

109. Kurtović, Š. *Vrhovna izvršna vlast u Francuskoj Trećoj Republici 1871-1887* – I- Institucije, Zagreb, 1980.

110. Kurtz Lester (ed.) *Encyclopedia of Violence, Peace, & Conflict Vol. 3*, Oxford: Elsevier, 2008.

111. Kutlesic, Vladan, *Model racionalizovanog parlamentarizma*, ARHIV za pravne i drustvene nauke, Savez udruženja pravnika Jugoslavije, Beograd, 1992.

112. Lajphard, Arend*, Modeli demokratije*, Beograd, Podgorica, 2003.

113. Leftwich Adrian, *Developmantal states, Effective states, and Poverty reducution.* Geneva, 2008.

114. Leloup, Lance T. *Politics in America-The ability to govern*, St. Paul, 1989.

115. Lester M. Salamon, Helmut K. Anheier, *Papers of the The Johns Hopkins Comparative Nonprofit Sector Project*. The Johns Hopkins University Institute for Policy Studies, 1996.

116. Levitsky Steven and Lucan A. Way, *Competitive Authoritarianism: Hybrid Regimes After the Cold War,* Cambridge: Cambridge University Press, 2010.

117. Liddiard Patrick, *Are Political Parties in Trouble?*, Washington: Wilson Center's History and Public Policy Program, 2018.

118. Liden Gustav," *Theories of Dictatorships: Sub-Types and Explanations*," Studies of Transition States and Societies Vol 6 / Issue 1, 2014.

119. Lijphart, Arend, *Patterns of democracy – Government Forms and Performance in Thirty-Six Countries,* Yale University Press, 1999.

120. Loveland Ian. *Constitutional Law, Administrative Law and Human Rights*. Oxford university press. London 2006.

121. Lubbers Marcel, Merove Gijsberts and Peer Scheepers, "Extreme right – wing voting in Western Europe," *European Journal of Political Research* Vol. 41, No.3, 2002.

122. Lukić, Radomir, *Politička teorija države*, Beograd, 1979.

123. Lussi Lane. *Debating civil society: Contested Conceptualizations and development Trajectories. International Journal of Non- Profit Law*. Vol.16. No 1. September 2014/59.

124. Mackinder, *Democratic Ideals and Reality*, Washington DC, 1942.

125. Macridis, R.C. and R.E. Ward (eds.*), Modern Political Systems - Europe*, New Jersey, 1963.

126. Madshadt.M.Thomas and Schotten.M.Peter. *Understanding Politics- ideas, Institutions and Issues*, St Martins Press, New York, 1998.

127. Mair Peter (ed.), *The West European Party System*, Oxford: Oxford University Press, 1990.

128. Mair Peter, "*Party Politics in Contemporary Europe: A Challenge to Party," West European Politics No. 7*, 1984.

129. Mandić, O. i S. Sokol, *Država*, Zagreb, 1977.

130. Marcovitz Hal, *Religious* Fundamentalism, San Diego: ReferencePoint Press, 2010.

131. Marković, Ratko, *Izvršna vlast,* Beograd, 1980.

132. Matic Milan I Milan Podunavac, *Politicki sistem – teorije I* principi, Beograd: Fakultet Politickih nauka, 2007

133. Matić, Milan i Milan Podunavac, *Politički sistem – teorije i princip*i, Beograd, 1994.

134. Matić, Milan, *Mit i politika*, Beograd, 1984.

135. Maunz Theodor, Zippelius Reinhold, *Deutsches Staatsrech*t, Munchen.1994.

136. Meny.Yves and Knapp.Andrew, *Goverement and politics in Western Europe-Britain,France,Italy,Germany*, Oxford university press, Oxford,1998.

137. Metthew Vincent Flinders, *In Defense of Politics*, 2010.

138. Michael T. Molan (ed.), *Constitutional and Administrative Law Textbook*, HTL Publications, 1992

139. Michalik Susanne, *Multiparty Elections in Authoritarian Regimes: Explaining their Introduction and Effects*, Wiesbaden: Springer VS, 2015.

140. Michels Robert, *Political Parties : A Sociological Study of the Oligarchical Tendencies of Modern Democracy,* New Brunswick: Transaction Publishing, 1999.

141. Mirić, Jovan , *Demokracija i etika*, Politička misao, 1994/1.

142. Montesqueieu, Ch. "De l'esprit des lois", Paris, 1827.

143. Mratović, Veljko , *Problemi suvremene države*, Zagreb, 1971.

144. Muddle Cas "The Populist Radical Right: A Pathological Normalcy," *Willy Brandt Series of Working Papers in International Migration and Ethnic Relations* 3/07, 2008.

145. Munroe, Trevor. *An introduction to politics-Lectures for first year students, Third edition*, Canoe Press, 2002.

146. Murphy, Bruce A. *Portraits of American politics*, Boston, 1991.

147. Norris Pippa, *Electoral Engineering: Voting Rules and Political Behavior*, Cambridge: Cambridge University Press, 2004.

148. Obućina Vedran," *Varijacije unutar radikalne desnice: komparativna analiza programa radikalno desnih stranaka u Zapadnoj i Istočnoj Europi*," Sociologija i prostor : časopis za istraživanje prostornoga i sociokulturnog razvoja Vol. 47 No. 2, 2009.

149. O'Neal, Brian, Electoral Systems, https://publications.gc.ca/Collection-R/LoPBdP/BP/bp334-e.htm#3.%20Singletxt

150. Orlović, Slaviša, *Politička sociologija*, Beograd, 2019.

151. Pajden, I. *Uredbe iz nužde hrvatskog predsjednika: mjerodavnost francuskoga javnog prava*, Politička misao, br. 1/1996.

152. Pajvančić, Marijana, *Rečnik osnovnih pojmova i termina o* izborima, Beograd: CeSID, 2001.

153. Pakard, Vans, *Industrija svesti*, Beograd, 1967.

154. Pantić, Dragomir i Zoran M. Pavlović, *Javno mnenje – koncept i komparativna istraživanja*, Friedrich Ebert Stiftung, Beograd, 2007.

155. Pappas S. Takis, *Populism and Liberal Democracy,* Oxford: Oxford University Press, 2019.

156. Patten Allen, *The Most Natural State: Herder and Nationalism*, Princeton University, 2010.

157. Paul Craig. *Formal and Substantive Concetions of the Rule of Law: An analytical Framework, from „The Rule of Law and separation of Powers*", Routledge, 2005.

158. Pavičević, Veselin, *Izborni* Sistemi, Podgorica: Ekonomski Fakultet-Podgorica, 2012.

159. Perry, John A., Erna K. Perry, *The Social Web,* New York, 1956.

160. Pesic, Zoran, *Politicki* system, Nis: Visoka skola strukovnih studija za kriminalistiku bezbednost, 2011

161. Petkovic Krešimir, *Kako shvatiti inkrementalizam? Politika teorije Charlesa Lindbloma, Anali Hrvatsog politikoloshkog drushtva*, 2007.

162. Pious, R. ,*The American Presidency*, New York, 1979.

163. Platon, *Država*, Beograd, 1969.

164. Podunavac, Milan (ur.), *Država i demokratija*, Beograd, 2010.

165. Podunavac, Milan, *Poredak, konstitucionalizam, demokratija*, Politea, Beograd, 2006.

166. Podunavac,Milan, *Politička kultura i politički odnosi*, Beograd, 1982.

167. *Politička enciklopedija*, Beograd, 1975.

168. Posavec, Zvonko, *Kompatibilnost liberalnog i demokratskog načela s parlamentarizmom*, Politička misao, 1994/3.

169. Pratt Douglas, "*Religious Fundamentalism: A Paradigm for Terrorism*," *Australian Religion Studies Review*, 2006.

170. Prodanović, D. *Centralni izvršni organi u skupštinskom sistemu Švajcarske Konfederacije i evropskih socijalističkih zemalja*, Beograd, 1982.

171. *Rađanje javnog mnjenja i političkih stranaka*, Beograd, 1992.

172. Reeve Andrew and Alan Ware, *Electoral Systems: A Comparative and Theoretical Introduction,* London: Routledge, 1992.

173. Reynolds Andrew I Ben Reilly, *International IDEA Priručnik: Oblikovanje Izbornog Sistema*, Sarajevo: Rabic, 1999.

174. Reynolds Andrew, Ben Reilly and Andrew Ellis, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, Stockholm: Trydells Tryckeri AB, 2008

175. River, Wiliam H., *The Theory of Political Coalitions*, 1962.

176. Robert A. Dahl, *Modern Political Analysis*, New Jersey, 1970.

177. Robert. A. Stein „ *What Exactly is the Rule of Law?" The Rule of Law in the 21st Century: A Worldwide Perspective 11*, 2019.

178. Sartori Giovanni, *Comparative Constitutional Engineering: An Inquiry into Structures, Incentives and* Outcomes, London: Macmillan Press, 1994.

179. Sartori Giovanni, *Parties and Party Systems: A Framework for Analysis,* Colchester: ECPR Press, 2005.

180. Sartori, Giovani, *Democratic Theory*, Westport, 1976.

181. Seago, Kris, *State Political Culture*, Texas Higher Education Coordinating Board, https://oertx.highered.texas.gov/courseware/lesson/1052/overview.

182. Severs Eline & Mattealer Alexander*, A Crissis of Democratic Legitimacy? It`s about Legitimation!, European Policy* Biref, EGMONT Royal Institute for International Relations.

183. Shugart. S. Matthew and Carey M. John*, Presidents and assemblies-constitutional design and electoral dynamics*, Cambridge University Press, Cambridge, 1992.

184. Smerdel, B. *Evolucija predsjedničke vlade u Sjedinjenim Američkih Državama: kongresni veto*, Zagreb, 1984.

185. Špadijer, B. *Savremeno predsedništvo u političkom sistemu SAD*, Beograd, 1980.

186. Stanovčić, Vojislav, *Politička teorija - I*, Beograd, 2006.

187. Tadić, Ljubomir , *Javno mnenje, Encikopedija političke kulture*, Beograd, 1993M.

188. Taÿé, H., *Le régime présidential et la France*, Paris, 1967.

189. Tocqueville, Alexis de , *Democracy in America, vol. I,* New York, 1945.

190. Tomljanović, B. *Državni poglavar kao demokratski arbitar - od ideje do polupredsjedničkog sustava V. Republike,* Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu, br. 1/1996

191. Tribe, L.H., *American Constitutional Law*, New York, 1988.

192. Turpin, Colin, *British Government and the Constitution – Text, Cases and Materials*, London, 1990.

193. Vasović, *Vučina Savremene demokratije,* I, Beograd, 2006.

194. V-Dem Institute,"*Autocratization Turns Viral: Democracy Report 2021*," at https://www.v-dem.net/documents/12/dr_2021.pdf

195. Venice Commission, "Report on Electoral Systems Overview of Available Solutions and Selection Criteria," at https://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=CDL-AD(2004)003-e

196. Vergotini, Đuzepe , *Uporedno ustavno pravo*, Beograd, 2011.

197. Vincent Andrew, *Modern Political Ideologies – Third Edition,* Chichester: Wiley-Blackwell, 2010.

198. Vojin Dimitrijević, Dragoljub Popović, Tatjana Papić i Vesna Petrović, *Međunarodno pravo ljudskih prava,* Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2007.

199. Wahmana Michael, Jan Teorell and Axel Hadeniusc," *Authoritarian regime types revisited: updated data in comparative perspective," Contemporary Politics* Vol. 19, No. 1, 2013.

200. Ware Alan, *Political parties and Party Systems*, Oxford: Oxford University Press, 1996.

201. Welch, S. Gruhl, J. Steinman, M. Comer, J. AMBROSIUS, Margery and Rogdon, Susan.M *, Understanding American Government*, St. Paul, 1995.

202. Whittington Keith E, Kelemen R. Daniel, Caldeira A Gregory*, The Oxford Handbook of Law and Politics*, Oxford University Press, 2008.

203. Wiseman, H.V., *Political Systems*, London, 1967.

204. Wolin S. Sheldon, *Democracy Incorporated: Managed Democracy and Specter of Inverted Totalitarianism*, New Jersey: Princeton University Press, 2008.

205. Zuttoun Philippe, *The Political Process of Policymaking, A pragmatic approach to public policy*, Palgrave McMillan, 2014.

206. Брајс, Џ., *Савремене демократије* – I књига, Београд, 1931.

207. Бугарски-Златић, Г., *Енѓлеска кабинетска влада*, Нови Сад, 1939.
208. Ванковска, Билјана. *Политички систем.* Скопје: Бомат 2007.
209. Габер, Наташа, *Мнозинството во политичката реалност*, Скопје, 1996.
210. Гајбрајт, Џон, *, Анатомија на моќта*, , Скопје, 1995.
211. Ѓорѓевиќ, Јован, *Политички систем*, Скопје, 1981.
212. Дескоска Тренеска Рената, *Конституционализам,* Скопје, 2015.
213. Дескоска Тренеска Рената, *Конституционализамот и човековите права,* Скопје, 2006.
214. Дескоска Тренеска Рената, Ристовска Марика, Трајковска-Христовска Јелена. *Уставно право*, Просветно дело. Скопје.2021.
215. Дескоска Тренеска Рената., *Владеење на правото или владеење на човекот*, Политичка мисла „Владеење на правото“, Скопје, 2011.
216. Драган Стојановић.,*Уставно право.* Књига II. Sven Ниш.2007.
217. Илиевски, Зоран, Интегративниот модел на делење на моќта и случајот на Македонија, Скопје, 2011.
218. Јовевска, Анета, *Изборните концепти во теориите на демократијата,* Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 1999.
219. Јовичић.Миодраг, *Савремени федерализам*, Службени гласник. Београд.2006.
220. Јовичић.Миодраг, *Устав и уставност*, Службени гласник. Београд.2006.
221. Јовичић.Миодраг, *Уставни и политички системи*, Службени гласник. Београд.2006.
222. Јовичић, М. (ур.), *Два века савремене уставности*, Београд, 1990.
223. Климовски Саво и Тања Каракамишева, *Политички партии и интересовни* групи, Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, 2006.
224. Климовски Саво, Каракамишева Тања, Дескоска Рената. *Политички систем.* Просветно дело Ад. Скопје. 2009.
225. *Колективно договарање- Упатство за равивање политики.* International Labour Ofiice.2016.
226. Липхарт, Аренд. *Демократијата во плуралните општества*, Скопје, 1994.
227. Лукић Р., *Историја политичких и правних теорија*, I књига, Београд, 1982.
228. Макјавели Николо, *Владетелот*, Три, Скопје, 2014.
229. Марковић Ратко, *Уставно право и политичке институције*, ИП Јустинијан Београд, 2004.
230. Марковић, Божидар С., *О праведном праву*, Нови Сад, 1993.
231. Марковић, Р. “*Уставно право и политичке институције*“, Београд, 1995.
232. Марковић, Ратко. „*Ширење председничког система у свету*“, „Два века савремене уставности“, Београд, 1990.

233. Нолен Дитер и Мирјана Касаповиќ, *Изборни системи во Источна Европа*, Скопје: Фондација „Фридрих Еберт“, 1997.

234. Ог, Ф.О., “*Политичко уређење савремене Енглеске*“ – прва књига, Београд, 1937

235. Пирјевец Грегор, *Експертски извештај-Закон за лобирање*. 2016.

236. Проценка на влијанието на регулативата во сенка-Извештај на ПВР на Законот за лобирање, Институт за демократија-Социетас Цивилис Скопје, 2019.

237. Стојановски. Страшко, *Граѓанско општество*, Универзитет Гоце Делчев Штип, 2018.

238. Трајковска-Христовска Јелена, *Уставно судска контрола на уставноста*, Скопје 2021.

239. Ф. А. Хајек, *Право, законодавство и слобода*, Службени лист СРЈ, Београд, ЦИД, Подгорица, 2002.

240. Франк Ханкте. *Синдикатите во XXI век Прирачник за дискусија за синдикатите*, Friedrich Ebert Stiftung. 2010.

241. Шкариќ Светомир и Гордана Силјановска Давкова. *Уставно право*, Скопје: Култура, 2009.

ЗА АВТОРИТЕ

Д-р Рената Тренеска Дескоска е редовен професор по уставно право и политички систем на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Докторираше на Правниот факултет во Љубљана, Словенија, во 2002 година на тема „Конституционализмот, уставите и човековите права, со посебен осврт на Република Словенија и Република Македонија“.

Во периодот 2014-2017 беше пратеничка и потпретседателка на Собранието на Република Македонија, шеф на делегацијата во Парламентарното Собрание на ОБСЕ и член на Парламентарното Собрание на Советот на Европа. Во периодот 2017-2018 беше министерка за образование, а од 2018-2020 министерка за правда во Владата на Република Северна Македонија. Од 2020 година е член на Венецијанската комисија, а во 2012 година беше избрана за член на Советодавниот експертски панел на ОДИХР за слобода на религија и уверување.

Проф. д-р Рената Тренеска Дескоска е автор на повеќе од 20 учебници, монографии и делови од книги, како и на повеќе од сто научни труда. Раководител е на трет циклус докторски студии на студиската програма Уставно право при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Во 1999 година беше еден од основачите на правното клиничко образование на Правниот факултет во Скопје и секретар на Центарот за правна клиничка едукација. Беше раководител и член на повеќе од 30 научноистражувачки проекти и работеше како консултант на повеќе меѓународни организации за прашања поврзани со човековите права, изборите, парламентарната демократија, организацијата на власт, антикорупција и сл.

E-mail: renata@pf.ukim.edu.mk

Д-р Јелена Трајковска-Христовска е вонреден професор на научната област Уставно право и политички систем на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Дипломирала на правните студии на Правниот факултет, прва во својата класа со просечна оценка 9,78 и е добитник на златна плакета „ Јустинијан I“. Постипломските студии по уставно право ги завршила со просечна оценка 10,00 и магистрирала на тема од областа на парламентарното право под наслов „Законодавна постапка-компаративен приказ на основните модели“. Во мај 2009 година го пријавува докторскиот труд „Уставно судска контрола на уставноста и законитоста“ и истиот го одбранила во 2013 година, со што се стекнува со научен степен доктор на правни науки од областа на уставното право.

Проф.д-р Јелена Трајковска-Христовска е автор на повеќе учебници, монографии и повеќе од педесет релевантни научни трудови од кои некои индексирани во различни бази на списанија со трудови достапни на интернет, како што се: Web of Science, Ebsco, Emerald и HeinOnline. Раководител е на студиите од втор циклус (постдипломските студии) по уставно право.

Проф.д-р Јелена Трајковска-Христовска беше член на повеќе научноистражувачки проекти, а работела и како консултат за повеќе меѓународни организации и проекти за прашања од областа на уставното право, изборите, уставното судство, човековите права и антикорупцијата.

E-mail: j.trajkovskahristovska@pf.ukim.edu.mk

Д-р Марко Кртолица е доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Катедрата за уставно право и политички систем. Ги предава предметите: Политички систем, Современи политички системи, Политички партии и интересовни групи и Локална самоуправа. Докторирал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во 2019 година на тема „Транзиционата правда и нејзината примена во соочувањето со комунистичкото минато во Европа“.

Доц. д-р Марко Кртолица е автор на два учебника и голем број на научни трудови објавени во меѓународни научни списанија. Во својата научна и академска кариера како говорник учествувал на голем број меѓународни и домашни конференции. Посебно може да се истакнат учествата на меѓународни конференции во Германија, Италија, Белгија, Полска, Австрија, Хрватска и Србија. Исто така, бил учесник во домашни и меѓународни проекти, како и предавач на голем број летни школи, обуки и работилници.

Негови полиња на интерес се: политички систем, транзициона правда, локална самоуправа, демократска транзиција и консолидација, организација на власт, компаративна политика, избори, изборни системи, политички партии и популизам.

E-mail: m.krtolica@pf.ukim.edu.mk

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

321(075.8)

ТРЕНЕСКА Дескоска, Рената
Политички систем / Рената Тренеска Дескоска, Јелена Трајковска-Христовска, Марко Кртолица. - Скопје : Фондација „Фридрих Еберт“, 2023. - 560 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 546-556

ISBN 978-608-270-009-0

1. Трајковска-Христовска, Јелена [автор] 2. Кртолица, Марко [автор]

а) Политички систем -- Високошколски учебници

COBISS.MK-ID 61653509

Низ овој обемен и добро систематизиран труд, кој е одлично теоретски и методолошки втемелен, испреплетени се искуството и зрелата мисла од една страна и новата идеја и потребата за нови научни сознанија од друга страна. Овој сплет на искуство, научни сознанија и идеи, како и бројните примери од секојдневниот живот и историјата, слики, поучни мисли и цитати, конзистентни податоци презентирани во графикони и табели, го чинат ракописот исклучително квалитетен труд, логичен и прегледен, конзистентен, еднообразен, интересен и читлив. Од особено значење е да се потенцира дека со овој ракопис авторите промовираат една нова, храбра и современа насока и рамка на презентирање на содржината на политичкиот систем, со стил кој е лесен, разбирлив, читлив и едноставен.

Проф. д-р Марика Ристовска

Овој труд претставува македонски национален фундамент на политички науки. Политичките науки во земјите со пократка традиција во политичките науки како нашите, често се потпираат на претежно англосаксонски извори и многу ретко се движиме понапред од нивното преведување на нашите национални јазици. Во таа смисла, особено значајно за македонската политичка наука е тоа што македонски автори ја напишаа македонската перспектива на политичкиот систем. На овој начин, книгата е и академски отпечаток на одреден момент во времето. Авторите се свесни дека предизвиците пред кои се наоѓа Северна Македонија се добра причина за македонската јавност да ја зголеми политичката писменост, што ќе придонесе за зајакнување на демократските вредности, стабилноста на сопствениот политички систем и неговата издржливост. Во тоа ќе помогне овој труд. Разумно е да се верува дека оваа публикација ќе биде прв чекор при проучување на предметите на политичките студии во Македонија, бидејќи умешно поставува поопшта рамка во која ги вклопува толкувањата на авторите и локалното разбирање на концептите. Оваа монографија е добредојден производ на еден историски моментум и свесност, подготвеност и храброст на авторите да создадат национална основа за разбирање на политичките системи од македонска перспектива.

Проф. д-р Урош Пинтериќ